УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

# ГОДИШНИК

# НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

# СКОПЈЕ

СКОПЈЕ 2010

UNIVERSITY “ST.KLIMENT OHRIDSKI” – BITOLA

# YEARBOOK

# FACULTY OF SECURITY - SKOPJE

SKOPJE 2010

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА
Издавач: ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ
За издавачот:
Проф. д-р Јанко Јакимов

Уредувачки одбор:

Проф. д-р Цане Мојаноски
Доц. д-р Искра Аќимовска Малетиќ
Доц. д-р Светлана Николовска
Доц. д-р Марјан Арсовски

Главен и одговорен уредник:
Проф. д-р Цане Мојаноски

Секретар:
Асс. м-р Татјана Гергинова

Лектура и коректура:
м-р Елизабета Ралповска
Зоре Јосифоска

Превод на англиски јазик:
м-р Весна Трајковска

Компјуерска обработка:
Проф. д-р Цане Мојаноски
Корица: Кире Лазаревски

Печати:
„Ван Гог“ - Скопје

Адреса на редакцијата
Факултет за безбедност - Скопје
1000 Скопје
Пош. фах 103
тел:+++(02)2546211
godisnik@fb.uklo.edu.mk
www.fb.uklo.edu.mk

UNIVERSITY “ST.KLIMENT OHRIDSKI” – BITOLA
Publisher Faculty of security - Skopje – SKOPJE

For the Publisher:
Janko Jakimov, PhD

Editorial Board:

prof.Cane Mojanoski PhD
Iskra Acimovska Maletic, PhD
Svetlana Nikolovska, PhD
Marjan Arsovski, PhD

Editor in Chief:
prof. Cane Mojanoski, PhD

Secretary:
Tatjana Gerginova, MA

Proofreading:
Elizabeta Ralpovska, MA
Zore Josifoska

Translation:
Vesna Trajkovska,MA

Design and Computer Processing:
prof. Cane Mojanosk, PhD
Kire Lazarevski

Print:
Van Gog - Skopje

Address of the Publisher
Faculty of security– Skopje
1000 Skopje
P.O. Box 103
tel :+++(02)2546211
godisnik@fb.uklo.edu.mk
www.fb.uklo.edu.mk

# СОДРЖИНА


**БЕЗБЕДНОСНИ И МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ НАУКИ**

*д-р Владимир Ортаковски*

**ВИДОВИ ДИПЛОМАТИЈА ........ 1**

*д-р Цане Мојаноски*

**ЗА ПОИМОТ НАУКА ЗА БЕЗБЕДНОСТА (АСФАЛИАЛОГИЈА) ........ 12**

*д-р Јордан Спасески*

**ЧОВЕКОТ И БЕЗБЕДНОСТА ........ 23**

*д-р Снежана Никодиновска –Стефановска*

**ВИСОКИОТ ПРЕТСТАВНИК НА УНИЈАТА ЗА ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА ........ 33**

*д-р Миодраг Лабовиќ*

**УСТАВНИ ИЗМЕНИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКО-БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 42**

*д-р Марјан Арсовски*

**ЗАЕДНИЧКАТА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........ 50**

*м-р Татјана Гергинова*

**БЕЗБЕДНОСНА СТРАТЕГИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 60**

*м-р Саше Герасимоски*

**ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ВО ПРИВАТНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН СЕКТОР .. 70**

*м-р Зорица Трајкова*

**УПОТРЕБА НА АВТЕНТИЧНИ КУЛТУРОЛОШКИ ИЗВОРИ ПРИ КРЕИРАЊЕТО НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА ........ 78**

*м-р Марија Миленковска*

**МЕЃУНАРОДНО – ПРАВНА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЖИВОТ ПРИ СПРЕЧУВАЊЕ НЕМИР ИЛИ БУНТ ОД СТРАНА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ ........ 85**

*м-р Никола Дујовски*

**ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ НИЗ ПЕРСПЕКТИВАТА**

**НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ ........ 93**

*м-р Раде Рајковчевски*

**ВЛИЈАНИЕТО НА „МОЌТА НА ДРЖАВАТА” ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЦЕЛИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА....................103**

*Гоце Аризанкоски*

**ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА**

**(ОБИД ЗА ВТЕМЕЛУВАЊЕ НА НОВА НАУЧНА ДИСЦИПЛИНА ВО СИСТЕМОТ НА НАУКИ)....................112**

*Надица Мирческа*

**САЈБЕР ТЕРОРИЗАМ-СОВРЕМЕН ОБЛИК НА ТЕРОРИЗМОТ**

***КОЛКУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Е РАНЛИВА ОД САЈБЕР ТЕРОРИЗАМ?*** **....................122**

*Ице Илијевски*

**ЗЕМАЊЕ ЗАЛОЖНИЦИ И ПРЕГОВАРАЊЕ ВО ЗАЛОЖНИЧКА СИТУАЦИЈА ....................131**

*Нацев Александар*

**„НЕПОСРЕДЕН КОНТАКТ СО АГЕНТОТ” ....................140**

*Викторија Тодоровска*

**ПРИМЕНАТА НА ЛИКЕРТОВАТА СКАЛА ВО ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ПСИХО-СОЦИЈАЛНИТЕ И ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ВРЗ ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ УЧЕСНИЦИ ВО КОНФЛИКТОТ ОД 2001 ГОДИНА....................148**

*Кире Бабаноски*

**БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – НАСОКИ, ЦЕЛИ И СТРЕМЕЖИ....................155**

## КРИВИЧНО-ПРАВНИ, КРИМИНОЛОШКИ И КРИМИНАЛИСТИЧКИ НАУКИ - КРИМИНАЛИСТИЧКИ И ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ

*д-р Гордан Калајџиев*

**КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО ГЕРМАНИЈА ....................167**

*д-р Гоце Цуклески*

**ПЛАНИРАЊЕ И ПРОВЕРУВАЊЕ НА КРИМИНАЛИСТИЧКИТЕ ВЕРЗИИ КАЈ ЕКОНОМСКИТЕ ДЕЛИКТИ....................177**

*д-р Борис Мургоски*

**ЕТИОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕТО НА СООБРАЌАЈНИТЕ НЕСРЕЌИ....................187**

*д-р Звонимир Џорџевиќ*

**„ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА- ДЕФИНИРАЊЕ, ПОЈАВНИ ОБЛИЦИ И СОСТОЈБИТЕ СО КОРУПЦИЈА ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ СЕКТОРИ, ВКЛУЧИТЕЛНО ВО ПОЛИЦИЈАТА, СО ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА” ........................................................................ 196**

*д-р Марјан Котески*

**КРИМИНОЛОШКО-КРИМИНАЛИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА РАЗБОЈНИШТВОТО ........................................................................ 206**

*д-р Злате Димовски*

**„НАЧИНИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И РАЗМЕНА НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ”................................. 216**

*д-р Фросина Ташевска-Ременски*

**СУДИР НА ИНТЕРЕСИ И КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА**

***(Случајот со Република Македонија)* ........................................................ 225**

*д-р Искра Аќимовска – Малетиќ*

**ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА ПРЕКУ НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ (СЛУЧАЈ МАКЕДОНИЈА) ............................................................ 234**

*д-р Светлана Николоска*

**ФИНАНСИСКИТЕ ИСТРАГИ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА СПРЕЧУВАЊЕТО НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 244**

*д-р Методија Дојчиновски*

**КРИМИНАЛИСТИЧКИ АСПЕКТИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОТРАЖНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ВОЕНАТА ПОЛИЦИЈА ................................. 254**

*д-р Драгана Батиќ*

**ФАКТОРИ НА РИЗИК И ФАКТОРИ НА ЗАШТИТА НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО (ИНДИВИДУАЛНИ И СЕМЕЈНИ ФАКТОРИ) ........................................................................ 263**

*м-р Весна Стојковска*

**PEACEMAKING (МИРОТВОРНА) КРИМИНОЛОГИЈА: МОЖНОСТ ИЛИ УТОПИЈА ........................................................................ 273**

*м-р Мирчева Стојанка*

*д-р Чачева Виолета*

*Александар Иванов*

**ПОЛОЖБАТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА ВО МАКЕДОНСКИОТ КАЗНЕНОПРАВЕН СИСТЕМ ................................................ 282**

*м-р Весна Трајковска*

**ТЕРМИНИ ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЛИЦА И НИВНИТЕ МАКЕДОНСКИ ПРЕВОДНИ ЕКВИВАЛЕНТИ ............................ 292**

*м-р Катерина Крстевска*

**УЛОГАТА НА БРАНИТЕЛОТ ВО ПРЕДИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА...........298**

*м-р Јонче Ивановски*

**ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ МОРФОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И БИОМОТОРНИ СПОСОБНОСТИ ВРЗ ЕФИКАСНАТА ПРИМЕНА НА ОГНОСТРЕЛНОТО ОРУЖЈЕ КАЈ СТУДЕНТИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ.........................................................................................309**

*м-р Младен Трајков*

**НАРУШУВАЊАТА НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР ПОВРЗАНИ СО СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ..........................................................................317**

*м-р Гоце Тодоров*

**ФЕНОМЕНОЛОШКО-ЕТИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИЗМАМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ...........................................................................326**

*м-р Ивица Симоновски ..................................................................................336*

**СИСТЕМОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА...........................................................................336**

*Наташа Јованова*

**СТАВОВИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ ЗА КАЗНУВАЊЕТО .......................................345**

*Душко Иванов*

**ИЗБОРНОТО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КАЗНЕНОПРАВНАТА ЗАШТИТА......................................................355**

*Ангелина Станојоска*

**КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА КРИВИЧНО – ПРАВНИТЕ РЕШЕНИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ ВО ПОРАНЕШНИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ РЕПУБЛИКИ...........................................365**

*Снежана Талевска*

**ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ЕУ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ – КРИТИЧКИ ОСВРТ НА ОСТА 2009...........................................377**

*Мите Ќесакоски*

**ДОГОВОРИ ЗА РАЗМЕНА НА РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО ..........................................................................................387**

*Пепи Андонов*

**МЕРКИ И ДЕЈСТВА КОИ ГИ ПРЕЗЕМААТ БАНКИТЕ КАКО СУБЈЕКТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ...............................398**

# БЕЗБЕДНОСНИ И МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ НАУКИ

**д-р Владимир Ортаковски**

Редовен професор на Факултетот за безбедност- Скопје
e-mail: ortak@sonet.com.mk

# ВИДОВИ ДИПЛОМАТИЈА

Р е з и м е

*Трудот ги прикажува и коментира современите видови дипломатија. Со анализа на релацијата меѓу тајната и јавната дипломатија се заклучува дека сериозните преговори по дефиниција се тајни и тие би биле невозможни ако бидат достапни на јавноста.*

*Во „шатл-дипломатијата" се комбинираат тајните преговори со јавното движење на дипломатите. Третата страна како посредник презема последователни патувања (shuttling) од една до друга локација на страните во конфликтот. Кога тие се во непријателски однос, само голема сила како иницијатор и посредник може да ги натера на сериозни преговори.*

*Превентивната дипломатија е акција која спречува настанување на спор меѓу страните, а ако веќе има спор, да се спречи негова ескалација, како и да се спречи ширење на судирот, ако веќе избил. Мировната мисија на ОН УНПРОФОР/УНПРЕДЕП во Република Македонија во периодот 1993-1999 година е пример за превентивна дипломатија за чие еметраење беше избегнато прелевањето на конфликтот од другите делови на поранешна Југославија во нашата земја.*

*Подемот на САД како голема сила беше следен и од порастот на нејзиното влијание во развојот на дипломатските методи. Од надворешната политика на САД во почетокот на дваесеттиот век произлегоа дипломатијата на „големиот стап", „каналската дипломатија" и „доларската дипломатија" како впечатливи појавни облици на новата дипломатија.*

## 1. Вовед: дефинирање на дипломатијата

Термините „дипломатија", „дипломат" и „дипломатски" се дел од нашиот секојдневен јазик. Многу често тие се употребуваат за да опишат одредени активности (дипломатијата во средниот век; дипломатијата како спротивност на насилство или дури на оружена конфронтација) или институции (македонската дипломатија, дипломатијата на некоја земја, како служба за односи со странство). Овие изрази се однесуваат на лица со одредени квалитети (тој се однесува како вистински дипломат, таа е дипломатот во семејството) или кои работат во дипломатско својство (американски дипломати, дипломати кои работат во некоја амбасада). Перцепцијата на дипломатијата и дипломатите во народот не секогаш е поволна, што влијае на значењето што му се дава на дипломатот и дипломатското. Додека за едни „дипломатски" има целосно позитивно значење, за други тоа е поврзано со лажење, преправање, дури и со измама.

Со зборот „дипломатија" се означуваат неколку различни работи. Некогаш тој се употребува како **синоним за „надворешна политика"**, како кога ќе кажеме дека „грчката дипломатија го забави процесот на признавање на Република Македонија". Негово второ значење е „**преговори**", кога се истакнува дека „проблемот може да биде решен со дипломатија". Следното и поконкретно значење е дека е тоа **процес и машинерија со кои се водат преговори**. Четврто значење на зборот „дипломатија" е дека се работи **за гранка на надворешната служба**, како кога ќе кажеме дека некој „работи во дипломатијата". Петтото значење е дека се работи за **вештина во водењето на меѓународните преговори**.

Ние зборот „дипломатија" ќе го употребуваме во смисла на дефиницијата дека: „**Дипломатијата е управување со меѓународните односи преку преговарање; тие односи се регулираат и управуваат со амбасадори и пратеници; под дипломатија ја подразбираме работата и вештината на дипломатите**".[1] На тој начин се разграничува нејзиното значење како од надворешната политика, така и од меѓународното право.

**Дипломатијата во поширока смисла** може да се дефинира како водење на меѓународните односи меѓу државите и другите меѓународни актери со мирољубиви средства. Во **потесна смисла,** дипломатијата означува водење на меѓународните односи од официјални претставници на државите, на меѓународните организации и на другите меѓународни актери. **Уште потесна е дефиницијата** на дипломатијата како водење на односи меѓу суверени држави од членовите на нивните служби во странство.

## 2. Видови дипломатија

### 2.1. Тајна и јавна дипломатија

**Тајната дипломатија** беше сериозно напаѓана кон крајот на Првата светска војна, во 1917 и 1918 година, од советскиот водач Владимир Илич Ленин и од американскиот претседател Вудро Вилсон (Woodrow Wilson). **Под тајна дипломатија се подразбираат преговори во врска со кои во тајност се чуваат која било од следните компоненти: 1. содржината на преговорите; 2. фактот дека тие се водат; 3. содржината на спогодбата до која довеле успешните преговори; 4. фактот дека има спогодба како резултат на успешните преговори**.

„Тајната дипломатија" претежно беше критикувана во смисла на точките 2 и 3. Имено, веднаш по Октомвриската револуција во 1917 година, советскиот водач Ленин се спротивстави на учеството на неговата земја во Првата светска војна, на која гледаше како на борба за територии меѓу империјалистичките сили во која работничката класа не добива ништо. Следствено на тоа, со еден од првите декрети на советските власти беа објавени тајните договори што Царска Русија ги склучила во врска со Првата светска војна.

Американскиот претседател Вилсон, исто така, беше против тајните спогодби во својата агенда за нов меѓународен поредок, на крајот на Првата светска војна. На 8 јануари 1918 година, во првата од своите познати 14 точки што ги презентираше пред американскиот Конгрес, тој ја истакна својата заложба за отворена дипломатија, за „јавни договори до кои јавно ќе се дојде".[2]

Иако потекнува од академските кругови, поради што дипломатијата како преговарање веројатно не му била блиска, Вилсон сепак не бил толку наивен да верува дека сите преговори можат јавно да се водат (ниту тоа го правеше на Мировната конференција во Париз следната година). Тој и експлицитно објаснил, во писмото до својот државен секретар Роберт Лансинг (Robert Lansing), дека кога ја прокламирал

---

[1] Наведено според: Harold Nicolson, Diplomacy, Oxford University Press, London 1950, p. 15.

[2] Американскиот претседател Вудро Вилсон (Woodrow Wilson , 1856-1924) во своите 14 точки пред американскиот Конгрес се заложи за праведен крај на Првата светска војна, во која САД сè до 2 април 1917 година имаа неутрална позиција, а по нивното влегување одиграа решавачка улога за нејзиниот исход. На 3 март 1918 година, Советскиот Сојуз и Германија во Брест-Литовск потпишаа договор за окончување на нивната војна. Повикувајќи се на Вилсоновите 14 точки, Германија на 6 октомври бараше мир, а на 11 ноември 1918 година го потпиша примирјето за крај на војната.

„отворената дипломатија не мислел да нема приватни дискусии за деликатни работи, туку дека не треба да се влезе во ниедна тајна спогодба...”.[3]

Имено, кога тајната дипломатија се дефинира во смисла на првата компонента, мора да се има предвид дека сериозните преговори по дефиниција се тајни. Францускиот дипломат Жил Камбон (Jules Cambon) нагласува дека „какви било преговори ќе станат невозможни оној ден кога ќе се укине тајноста”. Веројатно дека е невозможно некој да се откаже од предностите на тајната дипломатија во ситуација кога единствена надеж за успешно решавање на спорот е преговорите да не ѝ бидат достапни на јавноста. На пример, тајноста на израелско-палестинските преговори, кои доведоа до спогодбата во Осло во 1993 година, во почетокот беше неопходна и заради тоа што во Израел беше во сила закон за забрана на контакти со ПЛО.[4]

Битно е да се прави разлика меѓу тајните преговори, кои се легитимна и дури пожелна практика во меѓународното преговарање, и договорите кои како исход на преговарањето треба да бидат јавни. Харолд Николсон во оваа смисла, истакнувајќи ја разликата меѓу политиката и преговарањето, ја преформулира првата точка на Вудро Вилсон: „Договорите треба да бидат јавни, но тоа не значи дека до нив треба јавно да се дојде”.[5]

Дури и кога дипломатијата се води отворено, определен степен на доверливост е неопходен и пожелен. Преговорите што се водат отворено за јавноста имаат големи шанси за неуспех бидејќи учесниците настојуваат да му покажат на јавното мислење на својата страна дека нема да направат никакви отстапки. Тоа е една од причините што на средбите на шефовите на држави или влади им претходат доверливи преговори, а резултатите потоа јавно се усвојуваат.

## 2.2. Дипломатија со учество на трета страна

Логични се чести дипломатски контакти меѓу претставниците на државите или други ентитети кои меѓусебно директно комуницираат. Но има ситуации кога, најчесто заради екстремно спротивставените ставови на оние кои треба да преговараат, не се можни директни преговори, или тие можат да се одвиваат само во присуство на трета страна. Таквата интервенција на третата страна има форма на **добри услуги** или **посредување**. Во случајот на добрите услуги, третата страна дејствува наизменично посетувајќи ги страните што преговараат, но не дава свои предлози. Во посредувањето, третата страна може да игра и поактивна улога. Таа дискутира за предлозите за кои е поканета да ги пренесува на двете страни, а може да поднесува свои предлози кои страните во спорот можат, а и не мораат да ги прифатат.

Примерот без преседан во меѓународното право, за спорот околу името што Република Македонија го има со Грција, гледан низ призмата на дипломатијата ги има **преговорите меѓу двете страни со учество на претставникот на ООН**: Сајрус Венс (Cyrus Vance), потоа Метју Нимиц (Matthew Nimetz). Учеството на претставникот на ОН со резолуцијата 817 (1993 год.) е предвидено како давање „**добри услуги**” за разрешување на разликата околу името на нашата држава, во интерес на „мирољубиви

---

[3] Објавено во: *Congressional Record*, June 12, 1918.

[4] Кон крајот на 80-тите во Израел беше уапсен еден мировен активист заради контакти со ПЛО, а премиерот Јицак Шамир (Yitzak Shamir) го смени министерот Езер Вајцман (Ezer Weizmann) поради средба со член на ПЛО во еден хотел во Женева, иако таа наводно била случајна.

[5] Тој наведува дека американскиот претседател Вилсон ја „превидел огромната разлика меѓу јавните договори (open covenants) и јавното доаѓање до нив (openly arrived at).“ Види во: Nicolson Harold, Diplomacy, Institute for the Study of Diplomacy, School of Foreign Service, Georgetown University, Washington DC, 1963, p. 43.

и добрососедски односи во регионот”. Во членот 5 од Привремената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција во 1995 година[6] се наведува дека „преговорите за разликите околу името ќе продолжат под покровителство на ООН”. Во текот на траењето на овој долгогодишен спор, **покровителството на ООН се претвори од давање добри услуги во директно посредување**, со поднесување на конкретни предлози од страна на Метју Нимиц за името на нашата држава.

Наведената **Привремена спогодба со Република Грција во 1995 година е потпишана со посредување, во последната фаза, на Ричард Холбрук (Richard Hoolbruck) и Кристофер Хил (Christopher Hill)** во име на САД. Подготвувајќи ја Дејтонската спогодба, тие имаа бројни летови во Сараево, Белград и Загреб, но и во други дестинации на Балканот, вклучително и во Скопје и Атина. На 1 септември во Скопје, претседателот Киро Глигоров му соопштил на Хил дека е подготвен да го направи својот чекор кон спогодбата прифаќајќи да го промени знамето на државата. На 4 септември во Атина, Холбрук и Хил разговараа со грчкиот премиер Андреас Папандреу (Andreas Papandreou) и тогашниот министер за надворешни работи Каролос Папуљас (Karolas Papoulias). И покрај изразената недоверба на Папуљас кон раководството во Скопје („Никогаш не може да им се верува на тие луѓе”), Холбрук му ја потенцирал на Папандреу историската шанса за спогодба кога Македонија е подготвена да го промени знамето, а Грција да ја симне економската блокада кон Македонија[7] која им пречи и на двете земји, додека прашањето за името би останало отворено. Ако Папуљас не им верува на лидерите во Скопје, премиерот Папандреу треба да верува на зборот на САД, а Холбрук е подготвен уште истиот ден да му се јави по телефон од кабинетот на Глигоров во Скопје за да ја потврди неговата подготвеност за компромис. До крајот на денот тоа и се случи, така што на 4 септември 1995 година беше објавено истовремено во Скопје, Атина и Вашингтон постигнувањето на привремената спогодба. Со неа, покрај наведениот компромис, првата страна ја призна втората страна за независна суверена држава под привременото име и двете страни се обврзаа да отворат дипломатски претставништва во Скопје и Атина (член 1). Грција се согласи да не го попречува членството на Македонија во меѓународните организации каде што таа е членка, доколку апликацијата е под привременото име (член 11 т. 1).[8]

Холбрук го потенцира значењето на тајмингот во дипломатијата – поставувајќи го прашањето што доколку Глигоров и Папандреу не го склучеа компромисот во почетокот на септември 1995 година. На 3 октомври 1995 година беше извршен атентат врз Киро Глигоров, од што тој се опоравуваше повеќе месеци. Папандреу беше хоспитализиран во ноември 1995 година, го напушти премиерското место во јануари, а почина на 22 јуни 1996 година.[9] Ако не беше погоден моментот, возот ќе заминеше и овие двајца актери дефинитивно ќе ја пропуштеа можноста да влезат во историјата.

**Ако третата страна е голема сила, таа може и активно да интервенира и да влијае на ситуацијата на теренот**, комбинирајќи ја дипломатијата со методи кои

---

[6] Привремената спогодба (Interim Accord) е уникатна и по тоа што во нејзиниот текст, според принципот на реципроцитет во меѓународното право, не се употребуваат имињата на државите кои ја склучиле, туку „првата страна“ и „втората страна“, за кои од членот 1 т. 2 произлегува дека тоа се државите чиишто главни градови се Атина, односно Скопје.

[7] Грција ја воведе економската блокада против Република Македонија во февруари 1994 година, кршејќи ги со тоа правилата на Европската заедница.

[8] Тужбата што Република Македонија пред Меѓународниот суд на правдата ја поднесе против Грција, на 17 ноември 2008 година, се однесува на кршењето на овој член од страна на Атина во април 2008 година во Букурешт, каде што на самитот на НАТО го попречи давањето покана за членство на нашата земја во оваа организација.

[9] Наведено според: Richard Hoolbruck, To End a War, Random House, New York 1998, p. 121-127.

некоја/некои од страните во судирот ги чувствуваат како принуда. Применувајќи ја комбинацијата на „стап и морков", една или повеќе големи сили можат да ги натераат страните во судирот да пристапат кон сериозни преговори. Тоа се однесува на примерот кога оружениот конфликт во Босна и Херцеговина во 1995 година дојде во критична фаза[10] и САД донесоа одлука да се вратат на сцената во поранешна Југославија. Во името на САД настапуваше помошникот државен секретар во американскиот Стејт департмент Ричард Холбрук, како иницијатор и посредник во подготовките за Дејтонската спогодба. Вашингтон дејствуваше на три фронтови: 1. да се создадат услови на теренот за нов баланс на силите[11] во кој босанските Срби нема да имаат воена надмоќ; 2. со бомбардирање да се натераат босанските Срби и Милошевиќ да седнат на преговарачка маса; 3. да се убедат европските и руските сојузници дека оружениот конфликт во Босна и Херцеговина треба да заврши.

Со оглед на тоа дека во дипломатијата е битен составот на преговарачките страни, Вашингтон донесе одлука да преговара со Белград и да се обиде да ја изолира Република Српска. На 30 август 1995 година, кога НАТО во име на ООН ја започна својата дотогаш најголема акција против позициите на босанските Срби[12], во Белград е донесена одлука да се формира заедничка делегација на Југославија и на Република Српска, односно Милошевиќ да зборува во името на босанските Срби. Симетријата е воспоставена веднаш потоа, со тоа што хрватскиот претседател Фрањо Туѓман беше определен да зборува во името на босанските Хрвати.

**Преговорите во Дејтон**, кои **во 1995 година** доведоа до завршување на војната во Босна и Херцеговина и до мировна спогодба со која е воспоставена новата државна заедница, донесоа нов „материјал" за видовите дипломатија. Тие беа наречени **мировни разговори на близина (Proximity Peace Talks)** бидејќи се водеа во кругот на американската воздухопловна база во Дејтон во која зградите на трите преговарачки страни, кои не преговараа директно меѓу себе, беа една од друга оддалечени само десетина метри. Но делегациите кои ги предводеа Слободан Милошевиќ, Фрањо Туѓман и Алија Изетбеговиќ не комуницираа ниту со јавноста, беа изолирани и беа под силен притисок преговорите да траат сè до постигнување на спогодбата.[13] „Господарите на војната" во поранешна Југославија не беа ниту господари на своето слободно движење од 1-21 ноември 1995 година во Дејтон, ниту пак можеа да ги напуштат преговорите во американската воена база без да постигнат резултат.

Сличен модел, кога третата страна активно интервенира на состаноците што ги организира, беа **преговорите во Кемп Дејвид (САД) во септември 1978** година, кога египетскиот претседател Анвар ел Садат (Anwar el-Sadat) и израелскиот премиер Менахем Бегин (Menachem Begin) ја потпишаа историската мировна спогодба меѓу

---

[10] Босанските Срби кон крајот на мај 1995 година ги понижија ООН и НАТО кога повеќе од 350 мировници на ООН зедоа за заложници и ги врзаа со лисици за телефонски столбови и дрвја како „жив штит" од продолжено бомбардирање. Во почетокот на јули 1995 година трупите на генералот Ратко Младиќ влегоа во заштитената енклава Сребреница и извршија геноцид врз повеќе од 7000 муслимани.

[11] По интервенцијата на САД, практично се црташе нова политичка карта пред преговорите. Состојбата на теренот се менуваше – од односот 70 : 30 во полза на Србите, кон тоа секоја страна да држи приближно по една половина од територијата на БиХ, што беше потребно за успешни преговори. За подготвувањето на теренот за Дејтонските преговори види повеќе во: Zivorad Kovacevic, Medjunarodno pregovaranje, "Filip Visnjic" Diplomatska akademija, Beograd 2004, str. 258-267.

[12] Во операцијата на НАТО „Одмерена сила" беа изведени 3400 борбени летови и 750 напади на 56 цели на босанските Срби.

[13] Американските претходни услови кои, иако со протести, беа прифатени од тројцата претседатели, беа дека тие: а) имаат полни овластувања да ја потпишат спогодбата; б) имаат обврска да останат сè до постигнување на спогодбата; в) нема да даваат изјави за медиумите.

двете земји, со активна улога на американскиот претседател Џими Картер (Jimmy Carter) како посредник.[14]

**„Шатл-дипломатијата”** е една од поновите дипломатски методи во која се комбинираат тајните преговори со јавното движење на дипломатите. Таа најчесто се врши од трета страна која служи како посредник меѓу страните во судирот, кои инаку не комуницираат меѓусебно. Во тој процес вообичаено е посредникот да презема последователни патувања (“shuttling”) од една до друга локација на страните во конфликтот. Притоа, тој не е само поштар кој ги пренесува пораките од една до друга страна, туку го организира, води и насочува преговарачкиот процес. По правило до тоа доаѓа кога страните што треба да преговараат се во непријателски однос, понекогаш во време кога завршува нивниот оружен судир, а иницијатор и посредник е голема сила која може да ги натера страните во судир на сериозни преговори.

Настанувањето на овој вид дипломатија се поврзува со активностите на американскиот државен секретар Хенри Кисинџер (Henry Kissinger) по Октомвриската војна на Израел со Египет и Сирија во 1973 година.[15] Настојувајќи ургентно да постигне дезангажирање на израелските со египетските, односно сириските сили, тој леташе повеќе пати меѓу главните градови на овие земји, во два турнуси во текот на седум месеци по завршувањето на оружените судири. Во ситуација кога завојуваните страни заемно не се признаваа, „шатл-дипломатијата” на Кисинџер на Блискиот Исток продолжи за време на американските претседатели Ричард Никсон (Richard Nixon) и Хенри Форд (Henry Ford) и резултираше со Синајската привремена спогодба за дезангажирање на Египет и Израел, на 17 јануари 1974 година, и со спогодба меѓу Израел и Сирија за дезангажирање на Голанската Висорамнина, на 31 мај 1974 година.[16]

### 2.3. Превентивна дипломатија

**Превентивна дипломатија** е термин кој прв го употреби генералниот секретар на ОН Даг Хамаршелд **(**Dag Hammarskjöld), а се однесуваше на неговата „тивка дипломатија” и на мировните операции. Повторно во употреба се враќа од 1992 година кога тогашниот генерален секретар на ОН Бутрос Бутрос Гали (Boutros Boutros-Ghali) го употребува не само за неговата лична дипломатска активност туку и за **„превентивно распоредување” на мировните сили на ОН меѓу државите или во границите на една држава, без притоа да е неопходна согласноста на двете страни**. Превентивната дипломатија претставува акција за да се спречи настанувањето на спор меѓу страните, ако веќе има спор да се спречи негова ескалација и да се спречи ширење на судирот, ако веќе избил.[17] Не е тешко да се види кога конфликтот прераснува во фаза на насилство и ескалира, но не е лесно претходно да се оцени кога тој станува доволно сериозен за да интервенира трета страна. Основниот предизвик на превентив-

[14] Детално за преговорите во Кемп Дејвид меѓу Бегин, Картер и Садат види во: David Reynolds, Summits. Six Meetings That Shaped the Twentieth Century, Basic Books, New York 2007, p. 283-342.

[15] Терминот „шатл“ (“shuttle”) за прв пат е употребен во јануари 1974 година во Њујорк тајмс (*New York Times)* кој ги опишуваше активностите на американскиот државен секретар, Хенри Кисинџер (Henry Kissinger) на Блискиот Исток. Комуницирајќи со двете страни, тој придонесе за прекин на огнот во Јом-Кипурската војна, а неговите последователни посети на Тел Авив, Каиро и Дамаск започнаа на 5 ноември 1973 година.

[16] Види во: George Lenczowski, *American Presidents and the Middle East*, 1990, p. 131. За резултатите и последиците од арапско-израелската војна во 1973 година види во: Владимир Ортаковски, Блискоисточниот конфликт и Палестинското прашање. Карактеристики на израелско-арапските војни, НИП Магазин, Скопје 1988, стр. 199-201.

[17] Види во: Boutros-Ghali, Boutros, An Agenda for Peace, United Nations, New York 1995, p. 45.

ната дипломатија е како раното предупредување (early warning) да се претвори во рана акција.

Најдобар пример за ваков вид превентивна дипломатија е **мировната мисија на ОН УНПРОФОР/УНПРЕДЕП во Република Македонија** во периодот 1993-1999 година на границата со Албанија и СР Југославија. Генералниот секретар на ОН во писмото од 23 ноември 1992 година до претседателот на Советот за безбедност наведува дека претседателот Киро Глигоров побарал распоредување на набљудувачи во Македонија поради „неговата загриженост за можното влијание врз неговата земја на борбите во другите делови на поранешна Југославија”.

Во извештајот на Комисијата на ООН за изнаоѓање на факти се наведува: „главна причина за барањето беше македонската загриженост дека при евентуално ескалирање на конфликтот во југословенската провинција Косово, борбите би можеле да се прошират во Република Македонија”.[18] Поради тоа Комисијата препорачала мал број на трупи да бидат распоредени на македонската граница со Албанија и со СР Југославија, со примарно превентивен мандат на набљудување и известување за секаков развој во граничните зони кој би можел да ја загрози довербата и стабилноста на Македонија или да се закани на нејзината територија.

Наскоро беше распореден Нордискиот баталјон, составен од 800 војници, кој во мај 1993 година беше зголемен со околу 350 американски војници.[19] Трупите немаа мандат да се борат за одбрана на македонските граници, но тие беа позиционирани меѓу силите кои би можеле да бидат вклучени во конфликтот. Во почетокот беа дел од мисијата УНПРОФОР (United Nations Protection Forces), а од февруари 1996 година беше воспоставена независната мисија УНПРЕДЕП (The UN Preventive Deployment Force). Како мировна мисија, таа е успешен пример за превентивна дипломатија која придонесе за стабилноста на Македонија во споредба со другите делови на поранешна Југославија. Мисијата на УНПРЕДЕП во Македонија заврши на 28 февруари 1999 година.[20] На крајот, силите на УНПРЕДЕП броеја околу 360 американски, 640 скандинавски и 50 индонезиски војници.

## 2.4. Други видови дипломатија

Првата и основна карактеристика на „старата дипломатија” е дека Европа беше главниот континент на кој се развиваа дипломатските односи. Дипломатските центри се наоѓаа во неколку европски престолнини, а другите континенти беа во заднината, при што делови од Азија и Африка, главно, имаа значење на империјални зони на тогашните големи сили.

Заради својата географска положба и во согласност со Монровата доктрина, Америка беше изолирана сè до крајот на 19 век. **Монровата доктрина** во 1823 година ја прокламира политиката дека **САД на идните акции на европските земји за колонизирање или мешање во работите на државите од Северна и Јужна Америка**

[18] Предлогот е наведен според писмото на претседателот на Советот за безбедност S/24852 од 25 ноември 1992 година.

[19] Со едногласно усвоената резолуција бр. 795 од 11 декември 1992 година, Советот за безбедност го прифати предлогот на Генералниот секретар на ОН, имплементирајќи ја идејата за превентивно распоредување на трупите на ОН, за прв пат, во Република Македонија. Види во: Secretary-General's Report to the Security Council, April 1993, para 21.

[20] По избивањето на кризата и борбите во Косово во 1998 година, генералниот секретар на ОН Кофи Анан (Kofi Annan) побара мисијата на УНПРЕДЕП во Македонија да го продолжи мандатот за нови шест месеци. Но НР Кина стави вето на резолуцијата за продолжување на овој мандат, откако претходно ги прекина дипломатските односи со Република Македонија, поради нејзиното признавање на Тајван.

**ќе гледаат како на акт на агресија и можат да интервенираат.**[21] Во тоа време повеќе земји од Јужна Америка започнаа да се осамостојуваат од Шпанија, па САД укажаа дека нема да ги толерираат идните интервенции на европските земји за преземање на шпанските колонии.

Во американската надворешна политика дојде до промена во 1904 година кога американскиот претседател **Теодор Рузвелт** (Theodore Roosevelt), **како природна последица на Монровата доктрина, го истакна правото на САД да интервенираат во работите на американските држави кога има закани за безбедноста и интересите на САД.**[22] Тој се залагаше за „стабилизирање" на малите карипски и централноамерикански држави кога тие не можеа да ги плаќаат своите долгови на меѓународен план. Алтернативата ќе беше интервенцијата од страна на Британија и Германија на кои овие земји не можеа да им ги враќаат долговите. Поморската акција на Британија и Германија и нивната блокада на Венецуела во 1903 година, особено агресивноста на Германија, беше причина Рузвелт да ја дополни Монровата доктрина[23]. Наредните претседатели на САД Рузвелтовото дополнување на Монровата доктрина го користеа како оправдување на американските интервенции кои следуваа во овој регион[24].

Подемот на САД како голема сила беше следен и од порастот на нејзиното влијание во развојот на дипломатските методи. **Дипломатија на „големиот стап"** е израз кој почна да се употребува на почетокот на 20 век во опишувањето на политиката на американскиот претседател Теодор Рузвелт. Терминот потекнува од африканска поговорка, односно од фразата „зборувај меко, ама носи голем стап" и се однесува на водење „реал-политика" во духот на макијавелизмот. Се работи за **мирољубиво водење на преговори, но со истовремено присутна закана дека ќе се употреби воена сила, односно „големиот стап".**[25] Самиот Рузвелт сметал дека ваквата политика овозможува „решителна акција доволна за да се пресретне секоја веројатна криза".[26] За време на своите два претседателски мандати (1901-1909 година), Рузвелт повеќе пати ја практикуваше таквата дипломатија. Треба да се одбележи дека во 1906 година тој ја доби Нобеловата награда за мир (за активностите околу отворањето на Меѓународниот арбитражен суд во Хаг во 1902 година и за неговото успешно посредување во преговорите за постигнување на руско-јапонскиот мировен договор во 1905 година).

САД го употребија „големиот стап" за време на т.н. „**каналска дипломатија**", во врска со прокопувањето на Панамскиот Канал низ Централна Америка. Имено, во почетокот на 20 век Панама беше дел од Колумбија, а таа држава, како и француската компанија која требало да го гради каналот, значително ги подигнале цените. Американските интереси биле доволно големи, а американската политика доволно

---

[21] Американскиот претседател Џејмс Монро (James Monroe) (во два мандати: 1817-1925 година) ја објави таа доктрина во своето седмо годишно обраќање до Конгресот, на 2 декември 1823 година, со која на долг рок беше дефинирана надворешната политика на САД.

[22] Американскиот претседател Теодор Рузвелт (Theodore Roosevelt) (во два мандати: 1901-1909 година) дополнувањето на Монровата доктрина го објави во годишното обраќање до Конгресот на 6 декември 1904 година (познато како Roosevelt Corollary).

[23] Американскиот претседател Рузвелт побара повлекување на блокадата на Британија и Германија, која траеше два месеци. Притоа ги стационира американските поморски сили во Порторико за да обезбеди „почитување на Монровата доктрина".

[24] Тоа се однесува на американските интервенции во Куба (1906-1909 година), Никарагва (неколку пати меѓу 1909 и 1933 година), Хаити (1915-1934 година), Доминиканската Република (1916-1924 година).

[25] Теодор Рузвелт прв пат го употребил овој израз во својот говор на Државниот саем во Минесота на 2 септември 1901 година, 12 дена пред атентатот врз претседателот Вилијам Мек Кинли (William McKinley), по што тој стана американски претседател. Рузвелт го употребил тој израз и претходно, во писмото до Хенри Спраг (Henry L. Sprague) од Union League Club на 26 јануари 1900 година.

[26] Види во: Roosevelt, Theodore, *An Autobiography*, The Macmillion Press Company, 1913, p. 522.

моќна за да го поттикнат (на 3 ноември 1903 година) и поддржат (американската морнарица) бунтот на Панама против Колумбија. Откако се прогласи за нова држава, Панама го објави правото на САД за постојан премин низ каналот, добивајќи ги за возврат американските гаранции за независноста, 10 милиони долари веднаш и по 250000 долари секоја наредна година од САД. Теодор Рузвелт подоцна коментираше дека тој „го зеде Каналот, а го остави Конгресот да дебатира”.[27]

„**Доларска дипломатија**” како термин ја опишува американската политика, особено за време на претседателот Вилијам Хауард Тафт (Villiam Howard Taft), да ги унапреди целите на својата надворешна политика во Латинска Америка и Источна Азија со употреба на економска моќ, при што употребените долари можат да постигнат резултати како во војна, но без борба. Терминот првично е употребен од претседателот Тафт (1909-1913 година) кој тврдеше дека американските операции во Латинска Америка се менуваат од „воени и политички” во „мирољубиви и економски”. Тој беше поддржувач на арбитражата како најпогодна метода за решавање на меѓународните спорови. Заедно со државниот секретар Филандер Нокс (Philander C. Knox), Тафт ја следеше надворешната политика наречена „доларска дипломатија”, а целта на дипломатијата треба да биде создавање на стабилност во странство, преку која се промовира американскиот комерцијален интерес. Се работи за политика чија цел е да ги унапреди американските интереси во странство преку поттикнување на инвестирање на американскиот капитал во странски земји. Прераснувајќи во светска сила, САД настојуваа да го унапредат своето влијание во странство, да ја употребат економската моќ за да добијат бизнис-контрола врз помалите земји. „Доларската дипломатија” беше присутна во американските интервенции и во Централна Америка.

## 3. Заклучок

Во трудот се прикажани и коментирани современите видови дипломатија. При анализирањето на релацијата меѓу тајната и јавната дипломатија е заклучено дека сериозните преговори по дефиниција се тајни, а дека тие би биле невозможни ако се укине тајноста. Неретко единствена надеж за успешно решавање на спорот е преговорите да не ѝ бидат достапни на јавноста.

Во „шатл-дипломатијата”, како една од поновите дипломатски методи, се комбинираат тајните преговори со јавното движење на дипломатите. Третата страна која служи како посредник, презема последователни патувања (“shuttling”) од една до друга локација на страните во конфликтот (спогодбите за дезангажирање меѓу Израел и Египет, односно Сирија во 1974 година). Таа не е само поштар кој ги пренесува пораките од една до друга страна, туку го организира, води и насочува преговарачкиот процес. Кога страните што треба да преговараат се во непријателски однос, понекогаш во време кога завршува нивниот оружен судир, само голема сила како иницијатор и посредник може да ги натера страните во судир на сериозни преговори (Кемп Дејвид 1978 година; Дејтон 1995 година).

Подготвувајќи го теренот за Дејтонските преговори, САД ја комбинираа дипломатијата со употреба на сила. Создавајќи услови на теренот за нов баланс на силите во кој босанските Срби нема да имаат воена надмоќ, САД практично цртаа нова политичка карта пред преговорите, а бомбардирањето на позициите на босанските Срби беше начинот тие и Милошевиќ да се натераат да седнат на преговарачка маса.

Посредувањето на Ричард Холбрук во име на САД придонесе за склучувањето на Привремената спогодба меѓу Република Македонија и Грција во септември 1995

[27] Davis, Kenneth C., *Don't Know Much About History,* Avon Books, 1990, p. 224-227.

година. Притоа, дојде до израз важната улога на тајмингот во дипломатијата бидејќи претседателите на двете држави како актери на компромисот веќе следниот месец немаше да бидат во можност да дејствуваат.

Превентивната дипломатија се дефинира како акција за да се спречи настанување на спор меѓу страните, ако веќе има спор да се спречи негова ескалација, како и да се спречи ширење на судирот, ако веќе избил. Но ако е видливо кога конфликтот прераснува во фаза на насилство и ескалира, не е лесно претходно да се оцени кога тој станува доволно сериозен за да интервенира трета страна. Мировната мисија на ОН УНПРОФОР/УНПРЕДЕП во Република Македонија во периодот 1993-1999 година е пример за превентивна дипломатија за чие времетраење беше избегнато прелевањето на конфликтот од другите делови на поранешна Југославија во нашата земја.

Подемот на САД како голема сила беше следен и од порастот на нејзиното влијание во развојот на дипломатските методи. Откако во 1904 година американскиот претседател Теодор Рузвелт го истакна, како природна последица на Монровата доктрина, правото на САД да интервенираат во работите на државите од Централна и Јужна Америка кога има закани за безбедноста и интересите на САД, наредните претседатели на САД ова го користеа како оправдување за американските интервенции кои следуваа во овој регион. Од таквата надворешна политика на САД произлегоа дипломатијата на „големиот стап”, „каналската дипломатија” и „доларската дипломатија” како впечатливи појавни облици на новата дипломатија.

## СЕЛЕКТИРАНА БИБЛИОГРАФИЈА:


1. Berridge, G. R. & James, Alan, A Dictionary of Diplomacy, Palgrave, New York 2001.
2. Berridge, G. R., Diplomacy – Theory and Practice, Palgrave, New York 2002.
3. Boutros-Ghali, Boutros, An Agenda for Peace, United Nations, New York 1995.
4. Dallek, Robert, Franklin D. Roosevelt and American Foreign Policy, 1932-1945, Oxford University Press, New York Oxford, 1995.
5. Davis, Kenneth C., *Don’t Know Much About History*, Avon Books, 1990.
6. Dimitrijevic, Vojin, Stojanovic, Radoslav, Medjunarodni odnosi, Sluzbeni list SRJ, Beograd 1996.

7. Golan, Matti, The Secret Conversations of Henry Kissinger, Quadrangle the New York Times Book Co., New York 1976.
7. Hamilton, Keith and Langhorne, Richard, The Practice of Diplomacy, Its Evolution, Theory and Administration, London and New York 1995.
9. Hoolbruck, Richard, To End a War, Random House, New York 1998.
10. Istorija na diplomacijata, I tom, pod redakcija na V. P. Potemkin, Sofija 1946.
11. Kennan, George, Diplomacy without Diplomats, Foreign Affairs 76, No. 5, 1997.
12. King, Ross, Machiavelli, Philosopher of Power, HarperCollins e-books, 2007.
13. Kissinger, Henry, Diplomacy, Simon & Schuster, New York 1994.
14. Kovacevic, Zivorad, Medjunarodno pregovaranje, “Filip Visnjic” Diplomatska akademija, Beograd 2004.
15. Lenczowski, George, *American Presidents and the Middle East*, 1990.
16. Mattingly, Garret: “Machiavelli’s *Prince*: Political Science or Political Satire?” *The American Scholar* 27, 1958.
17. Neumann, Iver. B., Sublime Diplomacy, Byzantine, Early, Modern, Contemporary, *Millennium: Journal of International Studies* 34 (3), August 2006.
18. Nicolson, Harold, Diplomacy, Oxford University Press, London 1950.

19. Nicolson, Harold, The Evolution of Diplomatic Method, London 1954.
20. Obolensky, Dimitri, “The Principles and Methods of Byzantine Diplomacy”, *Byzantium and the Slavs*, St Vladimir's Seminary Press, 1994.
21. Ортаковски, Владимир, Блискоисточниот конфликт и Палестинското прашање. Карактеристики на израелско-арапските војни, НИП Магазин, Скопје 1988.
22. Plantey, Alain, International Negotiation in theTwenty-First Century, Routledge-Cavendish, 2007.
23. Ramcharan, Bertrand R., Preventive Diplomacy at the UN, United Nations Intellectual History Project, Indiana University Press, 2008.
24. Reynolds, David, Summits. Six Meetings That Shaped the Twentieth Century, Basic Books, New York 2007.
25. Roosevelt, Theodore, *An Autobiography*, The Macmillion Press Company, 1913.
26. Tupurkovski, Vasil, Istorija na Makedonija. Od drevnina do smrtta na Aleksandar Makedonski, Titan, Skopje 1993.
27. Schulzinger, Robert D., U. S. Diplomacy Since 1900, Oxford University Press, New Oxford, 2002.
28. Satow, E., A Guide to Diplomatic Practice, Longman, London 1922.
29. Viroli, *Machiavelli*, Oxford University Press, Oxford.
30. Webster, C. K., The Foreign Policy of Lord Castlereagh, 2 vols, London 1931.
31. Zartman, William, I. Ed., Preventive Negotiation, Rowman & Littlefield Publishers, Inc., Oxford, 2001.
32. Zimmerman, Warren, Origins of a Catastrophie, Times Books, New York 1996.

*Vladimir Ortakovski, PhD*
*Faculty of Security- Skopje*

## *TYPES OF DIPLOMACY*

### *Abstract*

*The paper deals with and comments on the contemporary types of diplomacy. Analyzing the relation between secret and public diplomacy it is concluded that serious negotiations are secret by definition and they would be impossible if they are available for the public.*

*In „shuttle diplomacy“ there is a combination of secret negotiations and public moving of diplomats. The third party as negotiator undertakes successive trips (shuttling) from one to another location of the conflict parties. When they are enemies, it is only a great power as an initiator and mediator that can push them into serious negotiations.*

*Preventive diplomacy is an action to prevent occurrence of a conflict between the parties, if there is a conflict to prevent its escalation, as well as to prevent its spread if it already exists. The peacekeeping mission of the UN UNPROFOR/UNPREDEP in the Republic of Macedonia in 1993-1999 is an example of preventive diplomacy that prevented spillover of the conflict from other parts of the former Yugoslavia in our state.*

*The rise of the USA as a great power was followed by the growth of its influence in development of diplomatic methods. The “big stick diplomacy”, “canal diplomacy” and “dollar diplomacy” as striking forms of the new diplomacy emerged as a result of the foreign policy of the USA at the beginning of the 20$^{th}$ century.*

*д-р Цане Мојаноски*
Редовен професор на Факултетот за безбедност    Скопје
mojanc@gmail.com

# ЗА ПОИМОТ НАУКА ЗА БЕЗБЕДНОСТА (АСФАЛИАЛОГИЈА)

*(Резиме)*

*Предемет на овој труд се основните теориско-методолошки прашања околу дефинирањето на поимот наука за безбедноста, односно безбедносна наука (асфалиалогија). Во последните години, во научната и стручната јавност се полемизира за безбедноста и безбедносната наука. Така, наместо за наука се зборува за состојба (интегрална безбедност), за подрачје (безбедносен секор) или за определен систем. Несомнено е дека безбедноста е сѐ заедно. Таа е значајна човекова дејност, во која се испреплетени бројни процеси, субјекти и односи.*

*Таа сфера ја карактеризираат специфични случувања и појави што се предизвик за бројни поединци, органи и организации и, пред сѐ, на државата. Но ние овде го отвораме прашањето за називот (името, именувањето) на науката за безбедност. Зошто тоа е потребно? Одговорот е едноставен, да се направи дистинкција меѓу науката и човековата активност, сферата на безбедноста која, сама по себе, заедно со другите подрачја на човековата активност, непосредно или посредно, влијаат на неговата безбедност.*

***Клучни зборови**: асфалиалогија, безбедност, наука, дисциплина*

## Што е асфалиалогијата?

1. Едно од пршањата што предизвикува интерес во научната и општествената јавност е дефинирањето на поимот безбедносна наука. Таа е поврзана со поимот безбедност. За овој поим во различните јазични системи се употребуваат различни термини[1]. Еден од основните проблеми е именувањето на науката која се занимава со безбедноста. Зошто е значајно именувањето?[2] Што е именувањето? Семантиката е учење за значењето на јазикот и јазичките изрази. Термините ја чинат именската страна на јазикот (од латинскиот збор terminus - назив, израз). Зборовите се основните единици на јазикот. Значи, зборот е ознака за некоја научна предметна содржина. „Зборовите како елементи од знаковиот систем на јазикот нѐ упатуваат на некакви предмети, појави, означуваат различни нешта, вели Виолета Панзова во учебникот „Логика”. Тој сооднос со нештата, со предметите и појавите, се нарекува значење на зборовите. Науката за знаците - семиотиката, значењето на зборовите го именува со општото име десигнат. Кога зборовите означуваат реално постоечки нешта, се вели дека тие имаат денотат[3]. Но човекот ги користи зборовите и за да искаже некаков субјективен однос кон нештата, некаква состојба или смисла. Смислата на зборовите се нарекува конотат и таа ни дава определени информации за нештата означени со зборовите”[4]. Со поврзувањето на зборовите во реченици, односно ставови, се градат јазичните целини. Нема развиена наука без развиен јазик на таа наука. Затоа изградбата на јазикот е едно од сериозните прашања на науката. „Во науката термините се со специфичен карактер и се однесуваат на т. н. технички термини *(terminus technicus)*. Изразот технички

---

[1] Англиски - secutity, словенечеки - varnost, француски - sécurité, германски – sicherheit, шпански – seguridad, руски – безопасность, турски – güvenlik, украинкси – bezpeka, шведски – säkerhet, бугарски – сигурност , албански – siguri, sigurim, грчки – asfalia (η ασφαληζ), српски – безбедност, хрватски – sigurnost,

[2] М. Печујлиќ, В. Милиќ: Мероделогија друштвених наука, ДБ Графика, Београд 1995, стр.12-13,

[3] Виолета Панзова: Логика, Филозофски факултет, Скопје, 2004, стр. 22

[4] Ibidem, стр. 22;

термин (*tehne* - вештина) означува способност јасно да се изрази некоја суштина на научниот предмет.[5] Стремежот на науката е определен поим да го дефинира со помош на јазички операции со што помалку зборови, ако е можно тоа да биде и со само еден збор"[6]. Самиот поим „значење" различно се сфаќа: номиналистичката теорија го определува како однос меѓу знакот и емпириските факти, но знакот мора секогаш да е знак на нешто, на некаков предмет. Под предмет во најширока смисла на зборот ги подразбираме сите видови физички нешта, психички реалитети, како и сите видови човекова теоретска и практична дејност. Затоа, знакот може да биде знак на некој предмет само за свесно битие. Нема знак без свест за значењето. Јазикот на науката е научното средство со чија помош се изразува научната содржина. Тој е специфичен систем на знаци за соопштување на основните судови за стварноста. „За разлика од другите знаци кои содржат и чувства, јазикот на науката е орудие на мислата кој е формиран по логички пат. Раководен од логиката, но и од потребата цврсто да стои на теренот на податоците, јазикот на науката е од посебно симболичко значење. Само така, ако овозможува постигнување на неопходната комуникативност за научна работа, научниот јазик е плодотворен".[7]

Ни се чини за потребно да извршиме прецизирање на терминолошката и содржинската страна на термините и поимите безбедносна наука и безбедност. За да се направи дистинкција меѓу овие два поимими, предлагаме именувањето на науката за безбедсност да се врши со термин кој ќе биде пошироко прифатен и ќе се практикува на единствевен начин. Имено, преку кованицата на два старогрчки поими (asfalia, ασφαλια = старогрчки – безбедност; logia – наука), именувањето на науката за безбедноста би го вршеле со поимот **асфалиалогија** = наука за безбедноста). Но, можни се и други начини на именување. Така, професорот Јордан Спасески, поради влијанието на англискиот јазик во современиот свет, смета дека науката за безбедност, односно безбедносната наука треба да се именува со поимот **секјуритологија** (secrity – безбедност и logia – наука). Оттука, неопходно е да се позанимаваме со именувањето на оваа наука.

Во продолжение ќе ја актуелизираме расправата за разликата меѓу дејноста безбедност и науката која се занимава со неа, односно, научното промислување и откривање на научните закони и законитости во општествената област безбедност. За овие две нешта најчесто се употребуваат поимите безбедност и безбедносна наука или во множина науки. Но, меѓу нив не се прави јасна дистинкција. Најчесто кога се зборува за безбедносната наука расправата се води за безбедноста и нејзината структура. Во таа смисла денес поимот безбедност се употребува во повеќе значења. Што е науката[8]? Овде го поставуваме прашањето - што е тоа асфалиалогија? Дали денес на ова прашање може да се даде изречен, потполн, решителен и за мнозинството истражувачи прифатлив одговор? И најлапидарниот одговор на овие прашања ќе покаже дека науката се сфаќа како систем на знаења за стварноста. Medawar смета дека науката е "организирано знаење". За Ракитов науката е знаење, таа е систем на знаења за законите на функционирањето и развојот на објектите. Munz, пак, смета дека изразите "наука" и "знаење" се синоними и дека, освен збрката, ништо не настанува од настојувањето да се одржи општата разлика меѓу значењата на тие два израза"[9].

Науката е интернационална и социјална дејност. Како и секоја друга дејност на човекот, таа е насочена кон некоја намера. Намерата не е да се манифестира некоја

---

5 Босанац, О. Мандиќ, С. Петковиќ, *Рјечник социологије и социјалне психологије,* Загреб, 1977.
6 М. Печујлиќ, В. Милиќ: Методологија друштвених наука, ДБ График, Београд 1995, стр. 13
7 Ch. W. Lachenmeyer, *The Language of Sociology,* New York, 1971.
8 ) Živan Ristić: O istraživanju, metodu i znanju; Institut za pedagoška istraživanja; Beograd 1995; стр. 17-18;
9 Според, Живан Ристиќ, цит дело, стр. 17 -18;

функција, туку нејзиниот контекст е општественото битисување на човекот, а нејзината телеологија е социјалната телеологија, таа им служи на општествено спознаените цели. Значи, станува збор за сознајна дејност на стекнување знаења што се во функиција на општествените потреби и цели. Можеме да констатираме дека науката е форма за човековата сознајна дејност која е целно опредлена и насочена и која историски се развива. Таквата определба произлегува од нејзината природа која не може да биде сфатена и да се развива надвор од нејзините цели во определен социокултурен и историски контекст.

**Асфалиалогијата - наука или научна дисциплина**

Едно од прашањата кои се отвораат е и тоа дали асфалиалогијата е наука или начуна дисциплина на некоја од развиените науки и теориски системи. Зборот "дисциплина" доаѓа од зборот" "disciplina" со значење инреакција, образование, учење, и "discere", да се учи. Зборот дисциплина го користеле Римјаните како генерички поим за интеракција. Со него, исто така, се означувал поим што се однесува на која било гранка на знаењето, како што се историјата или филозофијата. Поимот дисциплина се стекнал и со конотацијата "следење на крутите правила".

Во теорискиот дискурс, особено е оспорено значењето на општествените науки, а во тие рамки и на асфалиалогијата. Најчесто се оспорува именувањето со поимот „наука". Но, за таа расправа на друго место. Поимот „наука" има корени во терминот „sientia". Како и кај останатите поими, така и поимот наука во текот на развојот на цивилизацијата го менувал значењето. Тој најчесто, но и денес во одделни распарви е поврзан со значења што се однесуваат на природните феномени, односно дека поимот наука е врзан само за егзактната постапка. Како и кај претходниот поим, така и поимот "scientia" Римјаните го користеле кога биле во прашање и филозофијата и историјата. Во поново време, терминот наука се користи само кога се во парашање природните науки, а терминот дисциплина кога се во прашање општествените науки и филозофијата. Ваквата поделба е вообичаена во земјите од англиското јазичко подрачје. Таа поделба дошла до израз и во корпусот на знаењата од методологијата на истражувањето на безбедноста, односно на поделбата на "научни методи" и "хуманистички методи". Таквата поделба не се јавува во изворите од германско, руско и другите словенски јазици[10].

"Изворот на овие разлики е во начинот на разбирање на карактерот и целите на *логосот* како конститутивен елемент на нејзиниот идентитет"[11]. Во првиот случај станува збор за влијанието на позитивистичкиот пристап, особено на Огис Конт, односно логосот се сфаќа како "позитивно", т.е. како научно знаење, учење или "истражување". Ваквиот пристап под наука подразбира само она што е сврзано со стекнувањето на објективно знаење, со строга примена на истражувачките техники во утврдувањето на стварноста онаква каква што е. Во вториот случај научниот логос се сфаќа како хуманистичко знаење, односно како истражување на можностите за постигнување на благосостојба. Станува збор за истражување на очекувањата за тоа каков треба да е човекот, за неговата морална и суштинска смисла. Значи, станува збор за третирањето на науката како нормативна категорија.

**На која група науки припаѓа асфалиалогијата**? Несомнено, таа е во редот на општествените науки, непосредно поврзана со филозофските, социолошките, политолошките, правните, кривично-правните, дефендолошките, криминолошките и криминалистичките, полициските науки. Но, безбедноста не се протега само во овие сфери со

[10] Цитирано според: D. Savičević: Metodologija u vaspitanju i obrazovanju, Vranje, 1996 стр. 132
[11] И. Трајковски: Социологија што е и како се употребува?, Матица Македонска, Скопје, 2000; стр.17

кои се занимаваат и хуманистичките и природните науки, посебно воените науки, од нив особено балистиката и други природни и технички науки. Таа се развива во областите поврзани со компјутерските науки и со други дисциплини. Таа несомнено опфаќа простор кој е предмет на проучување на други науки. Со оглед на тоа што станува збор за особено сложени односи во оваа сфера, во друга прилика, кога ќе дозволува просторот ќе презентираме повеќе за сличностите, разликите и односите со другите науки и научни дисциплини.

Но со оглед на тоа што нашето истражување на феноменот асфалиалогија нема за цел да ги отвора филозофските, логичките, епистемолошките и други проблеми на науката, во центарот на нашето внимание ќе бидат проблемите сврзани со теоретската, нормативната и практична примена на асфалиалогијата како наука, која на еден специфичен начин ќе обработи дел од прашањата што се во непосреден интерес на државата, но и на начинот на проектирањето на безбедносниот систем. Бидејќи просторот за овој труд е ограничен, во продолжение, во форма на хипотези, ќе отвориме само некои елемети од прашањата поврзани со инемувањето на асфалиалогијата.

## Оправданост на асфалиалогијата

За оправданоста на асфалиалогијата постојат спротивставени и често амбивалентни стојалишта. Тоа е резултат на различните концепти на безбедноста и воспримањето на истата.[12]

Во врска со заснованоста на асфалиалогијата, ќе ги искористиме аргумените на професорот Радосав Ратковиќ, кој во однос на заснованоста на политологијата ги поставува следните три елементи: а) дали постои посебен предмет и метод на истражување; б) дали науката за политиката е можна и в) дали оваа наука е потребна?[13]

Со одговорот на овие три прашања, повеќе или помалку, се ицртуваат координатите на асфалиалогијата.

***Дали постои посебен премедмет на асфалиалогијата*?** Одговорот на ова прашање е тесно поврзан со дилемите дали предметот и методот на истражување на оваа наука јасно ја диференцира асфалиалогијата од останатите научни дисциплини и врз тие претпоставки се утврдува основата за нејзиното конституирање. Кој е предметот и кои се методите на неговата интерпретација и истражување? Во зависност од тоа како

[12] Подрачјето на сознанието што претендира на епитетот наука мора да има развиена теорија. Токму заради сопственото значење, теоријата често се идентификува со науката. Во суштина, теоријата е речиси целокупниот фонд на знања со кои една наука располага. Иако, некои автори науката ја издвојуваат од теоријата, на пример, на научните закони и хипотезите им даваат посебен статус во рамките на науката.(Б. Шешиќ, Општа методологија, четврто поправљено и допуњено издање, Научна књига, Београд, 1974, стр. 297-299).

Во теоријата пак ги вклучуваат:

1) Извесен број основни поими понекогаш не се доволно дефинирани ниту протолкувани, затоа што, при разработката на теориските основи на една наука се дефинираат и се објаснуваат, но не во целина, нејзините основни поими. Така, на пример, во Хилбертовиот геометриски систем дефинираните поими „точка", „линија", „рамнина", како „три различни системи на нештата".( Д. Хилберт, Основи геометрије, САНУ, 1957, стр. 3).

Меѓутоа, тоа не е доволно поцелосно да се објаснат тие поими. Како и другите битни фактори за теоријата, а оттука и за науката, се извесен број на ставови, на пример принципите или аксиомите. За тој вид ставови заедничко им е дека имаат фундаментално ниво, па како такви и не треба да се докажуваат.

2) Од основните поими, принципи и аксиоми се изведуваат теоремите, како сложени ставови. Меѓу стожерните теореми се вбројуваат, на пример, Питагорината теорема, Хероновата теорема итн.

Новак Милошевиќ, Саша Милојевиќ, Основи методологије безбедносних наука, Полициска академија, Београд 2001, стр.7.

[13] R. Ratković: Osnovi političkih nauka; Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd,1987, стр. 9-10).

ќе одговориме на поставените прашања, така ќе можеме да тврдиме што е предмет на асфалиалогијата?

Безбедноста произлегува од потребите на поединецот. Таа претставува интерес за да се зачуваат личните и колективните добра, но и да се предупредат на можните нарушувања на усвоените општествени вредности. Цивилизацијата настојува опасностите да ги направи предвидливи, а сигурноста извесна. Според современите сфаќања, безбедноста може да е поединечна, национална или глобална, економска, еколошка. Во академските кругови постои несогласување во легитимирањето на науката за безбедност. Додека некои стручњаци сметаат дека таа е потполно самостојна дисциплина, со дефиниран предмет, цели и методи на изучување, останатите ја класификуваат во граничните области на различните општествени науки, бидејќи според своите барања претставува “море без брег”.[14] Така, може да се прочита дека политичките науки, правото, социологијата, криминологијата и воената вештина за основа ја имаат безбедноста и тие неа ја сметааат за свој дериват. Согласно на тоа, феноменот на безбедноста, под слични називи, кај нас и во светот се изучува на факултетите, на кои, некои од споменатите науки се матична наука. Треба да се напомене сека постојат специјализирани високошколски установи како што е Факултетот за безбедност во Скопје кои безбедноста ја проучуваат како основна студиска програма[15]. Кога зборуваме за безбедноста на национален или на глобален план, треба да се знае дека нејзиниот современ концепт и основни контури ги доби по паѓањето на Берлинскиот ѕид, односно после студената војна. Терористичките напади од 11. септември 2001 означуваат нова ера во студиите и практиката на безбедноста. Глобализацијата и процесите што доведоа до промена во структурата на светската моќ и сила условија појавите што ја загрозуваат безбедноста да се согледуваат како предизвици, ризици и закани. Рангирањето на тие поими и појави зависат од степенот на нивното влијание на загрозување на безбедноста, па затоа тие претставуваат латентни, потенцијални или фактори на непосредно загрозување.

Во научната и стручната дебата се полимизира за безбедноста и безбедносната наука, односно асфалиалогијата. Така, наместо за наука се зборува за состојба (интегрална безбедност), за подрачје (безбедносен секор) или за определн систем. Несомнено е дека безбедноста е сето тоа заедно. Таа е значајна човекова дејност во која се испреплетени бројни процеси, субјекти и односи. Таа сфера ја карактеризираат

---

[14] Студије безбедности: потреба или мода, www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana030/28-32.pdf [12.04.2010]

[15] Професор д-р Драган Симеуновиќ од Факултетот за политички науки за тоа вели:

’Студиите за безбедност, што претставува скратен назив кој не одговара ниту на содржината ниту на обемот на тој феномен, многу сериозно се изучуваат во Соединетите Американски Држави и во Европа. Во останатите земји значително помалку внимание им се посветува на таквите студии – најмногу во рамките на науките и предметите кои немаат нагласено безбедносен карактер. Очигледно таквиот модел е последица на случувањата од 11. септември и нападите на Њу Јорк, иако интересирањето за таа област постоел и од порано“.

„На Факултетот за политички науки безбедноста се изучува како дел на науката за меѓународни односи. Во внатрешно – политичкиот сегмент на истражувањата, тероризмот се дефинира како екстремен појавен облик на политичкото насилство. Значи, тој во основна смисла не може да се изучава како феномен. На правните факултети на проблемите на безбедноста им се приоѓа од правен аспект и гледиштата на правните науки. Кривичните дела, на пример, посебно оние со кои се подрива државниот поредок, како што е тероризмот, шпионажата, диверзијата, саботажата или вооружените побуни, се обработуваат во рамкиете на кривичното и кривично - процесното право. Правните науки треба да го дефинираат и начинот на кој постапува државата кога станува збор за споменатите кривични дела. Полицијската и Воената академија, меѓутоа, пристапот во науката за безбедност го засноваат на спротивставувањето на нејзините појавни облици. Затоа школувањето во тие образовни установи е насочено кон потребите што ги искажуваат определени државни институции“ – вели проф. д -р Андреја Савиќ. Види: Студије безбедности потреба или мода, www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana030/28-32.pdf [12.04.2010]

специфични случувања и појави што се предизвик за бројни поединци, органи и организации, пред сè, за државата. Но, ние овде го отвораме прашањето за називот (името, именувањето) на асфалиалогијата (науката за безбедност). Зошто тоа е потребно? Одговорот е едноставен, да се направи дистинкција меѓу науката и човековата активност, сферата на безбедноста, која, сама по себе, заедно со другите подрачја на човековата активност, непосредно или посредно, влијаат на основите на неговата безбедност.
Неколку погледи за поимот безбедност веројатно ќе нè упатат на дилемите кои погоре ги изнесовме. Така, според Радослав Гачиновиќ[16], етимолошки набљудувано, изразот безбедност потекнува од латинскиот збор **securutas - atis**, што значи безбедност, отсуство на опасност, извесност, самодоверба, храброст, заштитеност (**securus** лат. - сигурен, безбеден, сигурен, храбар, уверен, постојан, цврст, посветен, вистинит итн.). Назначениот терминолошки израз послужил како фундамент во теоретското изучување на проблемот на безбедноста. Според него, во англискиот јазик се користат два изрази: *security* и *safety*. Овде посебно се нагласува дека терминот security најчесто се користи за да се означи „националната безбедност” , што имплицира на остварување и чување на државниот националниот интерес. Со терминот *safety*, пак, се означува способност за дејствување, за избегнување на несакани безбедносни ситуации или импликации. Оттаму, се извлекува констатција дека безбедноста е состојба во која се наоѓаат правните субјекти, т.е. состојба на релативно присуство или отсуство на загрозувањето и/или спроведувањето на правните субјекти за кои е одговорна државата[17]. Така, за Walter Lippmann „нацијата е безбедна во онаа мера во која таа не е доведена во опасност да ги жртвува своите клучни вредности”. Arnold Wolfers смета, пак, дека само „во објективна смисла безбедноста се мери со отсуство на закани за усвоените вредности, а во субјективна смисла во отсуството на стравот дека тие вредности можат да бидат загрозени (нападнати)”. Barru Buzan вели дека „во случај на безбедноста зборуваме за тежнението кон слободата од заканите. Во контекстот на меѓународниот систем безбедноста е способност на државата и општеството да ги зачуваат независни својот идентитет и својот функционален интегритет”. Booth и Wheeler сметаат дека „стабилната безбедност единствено може да се достигне од народот и групите кои другите ги лишуваат од неа; ова може да е постигнато ако безбедноста ја сфатиме како процес на еманципација”[18].

Поимот безбедност најчесто се доведува во релација со поимот држава. Мирко Грчиќ во основните државни функции, покрај услужната, економската, правната, социјалната и идеолошката, ја вбројува и безбедносната функција**,** како супстрат на претходно наведените државни функции. Безбедносната функција може да се идентификува и со принудната функција на државата, врзана за зачувување на виталните вредности на општеството: суверенитетот, територијалниот интегритет и независност, како и борбата против сите видови на криминални дејствија[19]. Според Слободан Милетиќ „безбедност е именка, и тоа апстрактна, односно мисловна именка која не е од материјална природа, значи не може да се допре, туку само се чувствува и замислува”. Тој смета дека човекот е „безбеден ако не е изложен на опасности, кога е заштитен од загрозување и повредување на неговиот физички интегритет, неговата приватност, достоинство и сигурност, кога се заштитени неговите слободи и права, посебно правото на сопственост, т.е. кога неговиот имот е заштитен од отуѓувања, уништувања

[16] Радослав Гачиновиќ: Класификација безбедности, НБП, бр.2/2007 стр.3и 4
[17] Милетиќ, С., Полицијско право, Полицијска академија Београд, 1997
[18] Цитирано според предавањаето на Miroslav Hadžić: Pojam i sadržaj pojma bezbednost www.fpn.bg.ac.rs/pages/p_id3/data *[10.04.2010]*
[19] M. Grčić: Politička geografija, Geografski fakultet, Beograd, 2000, стр.133

или оштетувања против неговата волја[20]". Оттаму авторот смета дека „безбедноста на човекот е состојба на заштитеност на човекот од опасности", односно „безбедноста на граѓаните не е можна без безбедност на нивната држава и обратно". Според друг автор[21], пак, безбедноста е „својство на некој реален, општествен, природен или технички субјект (суштество, творба или предмет) манифестирано како воспоставена, одржана или унапредена состојба и/или вредност, која се изразува преку исполнување на минимум одредени (безбедносни) стандарди својствени на тој субјект, кои му овозможуваат реална основа за опстанок, раст и развој, без оглед на носителите, обликот, времето и местото на можно загрозување."

Според Рамо Маслеша, „безбедноста претставува најосновна општествена цел без која нема опстанок на општеството и овој поим се употребува речиси во сите области на животот и работата и оттука сите настојувања одат во правец на воспоставување на соодветна рамнотежа помеѓу човекот и безбедноста"[22]. За Синиша Таталовиќ безбедноста е „структурен елемент на опстојувањето и дејствувањето на поединците, општествата, државите и меѓународната заедница и таа е една од темелните животни функции[23]". Митко Котовчевски смета дека „безбедноста може да се третира како состојба во која е осигурен урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во однос на другите поединци, општествени заедници и природата, или безбедноста во суштина претставува иманентен структурен дел на општеството што во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а исто така и дејност, односно систем"[24]. И за Трајан Гоцевски безбедноста во најширока политичко - правна смисла ги опфаќа мерките и активностите за зачувување и заштита од сите видови загрозувања на независноста и територијалната целовитост на една земја и заштита на внатрешниот државен и правен поредок.

Во литературата нема идентична и јасна определба за јазичниот термин со кој би се определила содржината на безбедноста, смета Јордан Спасески[25]. Не е секогаш јасно што се подразбира под поимот безбедност. Во стручните и теоретските трудови, а уште повеќе во слободниот говор, се употребуваат најмногу три збора: безбедност, сигурност и заштита за да се подразбере иста содржина, односно да се изедначат според нивното значење. Но, тоа не е така, и има потреба да направиме содржинско разграничување меѓу нив:

Според Ј. Спасески, терминот безбедност се употребува за со него да се објасни дека вредностите во општеството се безбедни како резултат на функционирањето на еден цел систем во којшто се уредени вкупните односи со правни и морални норми, како и функционирањето на еден целосен безбедносен систем преку мерки и активности со кои се „создава" безбедноста, се чува и се унапредува[26]. И според теоријата за хиерархијата на човековите потреби на Абрахам Маслов, безбедноста стои веднаш до потребата за исхрана и минимум биолошка егзистенција. „Кога ќе кажеме дека живееме безбедно, тогаш мислиме на општото, „милје" во коешто човекот ги остварува својата животна и работна - творечка егзистенција. Кога нема загрозувања

---

[20] **С.** Милетиќ: Полицијско право, Полицијска академија, Београд, 1997, стр. 22

[21] Љ. Стајиќ: Основи система безбедности, Правни факултет, Нови Сад, 2008, стр 44.

[22] R.Masleša*:* Teorije i sistemi sigurnosti, Magistrat, Sarajevo, 2001, стр.*7*

[23] S. Tatalović : Nacionalna i međunarodna sigurnost, politička kultura, Zagreb, 2006, стр. 1 1

[24] М.Котовчевски: Национална безбедност на Република Македонија, прв дел, Македонска цивилизација, Скопје, 2000, стр.21

[25] Ј. Спасески Ј., Македонија - столб на безбедноста и мирот на Балканот, Обнова - Кочани, Скопје, 2005, стр.37

[26] Според теоријата за хиерархија на човековите потреби на Абрахам Маслов, безбедноста стои на второ место, веднаш под потребата за исхрана и минимум биолошка егзистенција.

под она што го нарекуваме „нормално"- она што може да се толерира, тогаш можеме да кажеме дека постои просечна безбедна состојба"[27].

Сигурност, според овој автор, најчесто го среќаваме во хрватската литература и со него, во лексичка смисла, се заменува терминот безбедност. Во нашиот јазик се употребува овој термин, но со конкретно значење. И терминот заштита се употребува повеќе за да се објасни конкретен вид заштита на некое добро. Тогаш имаме конкретен објект (човек, материјално или духовно добро) и конкретна мерка со која се штити (физичка, техничка, здравствена и сл.)[28].

Од досегашната расправа можеме да констатираме дека асфалиалогијата своите научни сознанија ги црпи од мноштвото чинови, дејствија, процеси, односи и творби во создавањето, развивањето и зачувувањето на безбедноста. Според тоа, афалиалогијата за предмет на своето истражување ја има безбедноста како состојба, организација и функција. Безбедноста како состојба претставува заштитеност на некое добро, вредност, придобивка, општество (заедница). Во политичко-безбедносна смисла ја опфаќа целокупната заштита на државата од сите видови субверзивна дејност и на другите штетни дејности и влијанија.

Во врска со прашањето: ***дали асфалиалогијата е можна***? Одговорот на ова прашање е во тесна врска со одговорот на прашањето што е безбедноста? Поточно, како се сфаќа безбедноста? Од досегашното излагање можеме да констатираме дека постојат повеќе сфаќања за безбедноста. На некои од нив укажавме погоре.

Во обичниот секојдневен говор, кога го употребуваме зборот безбедност најчесто подразбираме чување, заштита на нешто, на некоја вредност, материјална или духовна, или заштита на човекот[29]. Човекот, како индивидуа и како општествено битие (член на општествена заедница), апсолутно не може да егзистира, да живее, да работи и да твори без да е безбеден. Ова затоа што тој лично и добрата што ги создава и го опкружуваат постојано се изложени на загрозувања, како од другите луѓе така и од природата и од негативните појави во општеството. Поради тоа, тој мора сам - лично да се грижи за својата безбедност (лична безбедност, човекова, хумана), да учествува во остварувањето на безбедноста на државата (државна безбедност), на заедницата (community policing), општеството (општествена безбедност), на сообраќајот, на објектите, на просторот, личностите, податоците итн. (облици на приватното обезбедување).

Безбедноста е многу сложен феномен, како во поглед на правилното поимање и толкување така и во поглед на практичното остварување. Да живееме безбедно значи да сме заштитени од сите можни загрозувања. Затоа, многу често секој од нас си го поставува прашањето: дали е тоа можно? Исто така, на каков начин и со колкави сили и средства тоа може да се оствари? Одговорот на ваквите прашања не е лесен. Апсолутна безбедност нема и не може да има, ниту за човекот ниту за другите вредности. Според тоа, станува збор за некој можен вид безбедност, оној што не е максимум, но и оној што не е минимум. Тоа значи постоење на некој степен на безбедност кој ќе ни овозможи нормална егзистенција и нормална заштита на другите вредности. Од ова произлегува дека безбедноста не е некаква фиксна вредност, таа треба да се сфати како состојба која може да се движи од минимумот кон максимумот и обратно. Значи, безбедноста може да се зголемува и може да се намалува, односно да јакне или да слабее[30].

---

[27] Ј. Спасески, цит. дело стр. 37.

[28] Исто, стр. 37

[29] Упатувам на студијата на Јордан Спасевски: Безбедноста на Република Македонија, Скопје, 2002 година

[30] Пред се, станува збор за следните прашања:

„Безбедноста на државата *(state security),* односно концептот на националната безбедност *(national security)* припаѓа на т.н. стари, традиционални пристапи на безбедноста. Во средиштето на безбедноста се наоѓа суверената држава, односно нејзиниот „опстанок”, државната територија и националниот суверенитет како витални вредности и интереси кои се штитат со воените капацитети и способноста да се одврати воената агресија или успешно да ѝ се одговори”[31]. Денес, освен државите, за безбедноста значајни се и многу други субјекти кои дејствуваат на внатрешната сцена, но и на меѓународната, поединци, општествени и приватни колективи, невладини организации, меѓународни организации итн. (т.н. *недржавни, субнационални и транснационални учесници*[32]).

Можеме да констатираме дека развојот на заедницата не е можен без развивање на безбедносните функции. А за да развојот биде поусогласен, поконзистентен и поцелосен треба да се засновува врз научните сознанија. Асфалиалогијата е наука која ги систематизира постојните научни сознија и со помош на научно-истражувачките методи, постапки, техники и инструменти врши верификација на научните сознија, ги утврдува научните закони и придонесува за унапредувањето на човековата практика, на безбедносната практика.

И на крајот, третата дилема, односно елемент, ***дали оваа наука е потребна***? Ова прашање посебно се актуелизира бидејќи постојат општествени науки кои ја истражуваат безбедноста од различни аспекти. Овде се поставува и едно друго прашање: зошто им е потребна асфалиалогијата на идните стручњаци кога тие, повеќе или помалку, се стекнале со основни знаења од социологијата, правото, политологијата, криминологијата и другите дисциплини? Човековиот развој и новите технолошки предизвици нужно бараат од модерниот човек повеќе нови сознанија и знаења. Асфалиалогијата, несомнено, е еден од интелектуалните напори на човекот да ги обедини, продлабочи и примени новите сознанија.

Безбедносните појави и проблеми се особено сложени и бараат широки знаења и умеења. Овие тврдења упатуваат дека не е можна и потребна асфалиалогијата. Но,

---

а) чија безбедност? – се идентификува се средиштето на конструкцијата безбедност. Во улога на тнр. „референтен објект", односно „референтен субјект" е - поединецот, општествената група, држава (дел на системот или целиот систем) и меѓународниот систем кој може да е безбеден или небезбеден;

б) безбедност на што? – се идентификуваат вредностите и интересите на „референтните објекти/субјекати" кои се предмет на заштита, односно објект на загрозување;

г) безбедност од кого / од што? - се идентификуваат изворите, носителите и облиците на загрозуавање на заштитетните вредности на „референтните објекти/субјекти", кои можат да се од природен, човечки и техничко-технолошки карактер. Начелно, истите вредности можат да се загрозени од различни закани, односно еден тип на закани може да загрозува повеќе различни вредности, еден или повеќе, „референтни објекти/субјекти";

д) кој пружа безбедност? – се идентификуваат субјектите кои ги штитат вредностите на „референтните објекати/субјекати" и

ѓ) на кој начин се пружа/остварува безбедноста? – се идентификваат начелните методологии (методи, средства, делјности) на заштита на вредностите на „референтните објекти/субјекти“.

Саша Мијалковиђ:национална безбедност – од вестфалског концепта до постхладноратовског, Војно дело бр.2/2009, стр.56

[31]Ова право е потврдено и модификувано со Прашкиот мир (1635) и со Вестфалскиот мир (1648) со што се завршени Тридесетогодишната верска војна во Европа меѓu католиците и протестантите (судирот околу верата и превласта на Римското царство, како и на папата како врховено суверен кој владее врз основа на (боженственото) канонското право предизвикало граѓанска војна во Бохемија (1618), потоа се проширил во Европа). Станува збор за последната феудална војна, но и за првата војна за суверената држава.

Саша Мијалковић: Национална безбедност – од вестфалског концепта до постхладноратовског, Војно дело бр.2/2009, стр.57

[32] Исто, стр.57

денес, нема ниту едно подрачје што е еднодиминзионално. Денес, решавањето на проблемите бара тимски приод, а во него и припадници со специјалистички знаења. Затоа, во асфалиологијата поспецифично се проучуваат специфичните безбедносни проблеми.

Од досегашното излагање можеме да констатираме дека потребата од изградувањето на терминолошки и категоријален апарат на науките што се занимаваат со прашањата и процесите на безбедноста се неопходна потреба и задача. Воедначувањето на терминологијата на науката ќе придонесе да се отстранат недоразбирањата што постојат или можат да се појават во различните јазични системи, а ќе бидат во функција на развивањето на науката за безбедноста асфалиалогијата.

**Литература:**


Baldwin, D. A.: „Security Studies and the End of the Cold War", World Politics, Vol. 48, No 1, 1996.

Baldwin, D. A.: „The Concept of Security", Review of International Studies, No 23, British International Studies Association, 1997.

Bosanac, O. Mandić, S. Petkoviќ, Rječnik sociologije i socijalne psihologija, Zagreb, 1977.

Buzan, B.: „The Idea of the State and National Security", *Perspectives on World Politics* (eds. Little, R.; Smith, M.), Routledge, London–New York, 2006.

Gačinović, P.: Класификација безбедности, НБП, бр.2/2007

Grčić, M.: Politička geografija, Geografski fakultet, Beograd, 2000,

Котовчевски,М.: Национална безбедност на Република Македонија, прв дел, Македонска цивилизација, Скопје, 2000

Masleša, R: Теорије и sistemi sigurnosti, Magistrat, Sarajevo, 2001

Мијалковић,С.,: Национална безбедност – од вестфалског концепта до постхладноратовског, Војно дело бр.2/2009

Милетиќ, С: Полицијско право, Полицијска академија, Београд, 1997,

Милошевиќ,Н. Милојевиќ,С,: Основи методологије безбедносних наука, Полициска академија, Београд 2001,

Мојаноски, Ц.: Методологија на научно-истражувачката работа, „2-ри Август", Скопје, 1998

Панзова, В.: Логика, Филозофски факултет, Скопје, 2004,

Печујлиќ,М. Милиќ, В.: Методологија друштвених наука, ДБ Графика, Београд 1995

R. Ratković: Osnovi političkih nauka; Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd,1987,

Savičević, D: Metodologija u vaspitanju i obrazovanju, Vranje, 1996

Ristić, Ž.: "O istraživanju, metodu i znanju"; Institut za pedagoška istraživanja; Beograd 1995;

Спасевски, Ј.: Безбедноста на Република Македонија, Скопје, 2002

Спасески Ј.: Македонија- столб на безбедноста и мирот на Балканот, Обнова- Кочани, Скопје, 2005

Стајиќ, Љ.: Основи система безбедности, Правни факултет, Нови Сад, 2008,

Студије безбедности потреба или мода, www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana030/28-32.pdf [12.04.2010]

Tatalović, S: Nacionalna i međunarodna sigurnost, politička kultura, Zagreb, 2006

Трајковски, И: Социологија што е и како се употребува?, Матица Македонска, Скопје, 2000;

Hadžić, M. : Pojam i sadržaj pojma bezbednost www.fpn.bg.ac.rs/pages/p_id3/data *[10.04.2010]*

Waltz, K. N.: „Peace, Stability, and Nuclear Weapons", *International Politics: Enduring Concepts and Contemporary Issues* (eds. Art, R. J.; Jervis, R.), Longman, New York, 2003.

Wendt, A. E.: *Social Theory of International Politics*, Cambridge University, Press, Cambridge, 1999.

*Cane Mojanoski, PhD*
*Faculty of Security- Skopje*

# *THE SCIENCE OF SECURITY (ASPHALIALOGY)*

***Abstract***

*The subject of this paper are the basic theoretical and methodological questions related to defining the science of security or asphalialogy. In recent years, there has been a discussion among scientists and professionals in this area about security and the science of security. Instead of a science, the subject of this discussion is the situation (integral security), the area (security sector) or a certain system. Undoubtely, security as a concept incorporates them all. Security is an important human activity, where numerous processes, subjects and relations are interwined.*

*The security sphere is characterised by specific events and phenomena which are challenges for many individuals, organizations and institutions, and above all, the state. In this paper the author raises the question of naming the science of security. Why is it necessary? The answer is simple: to make a distinction between science and human activity, the sphere of security which, together with other areas of human activity has an impact on human security in a direct or indirect way.*

**Key words:** *asphalialogy, security, science, discipline.*

*д-р Јордан Спасески*
вонреден професор на Факултетот за безбедност – Скопје
во пензија
email: spaseskij@gmail.com

# ЧОВЕКОТ И БЕЗБЕДНОСТА

***Апстракт***

*Државата како глобален сложен систем воспоставува правен поредок и врз тие основи практикува правен ред. За воспоставување и одржување на безбедносната стабилност се организира* ***безбедносен систем*** *којшто ја врши безбедносната функција во државата. Тој систем е сложена творба од институции кои треба да функционираат усогласено во вршењето на безбедносните права, должности и одговорности.*

*Со овој труд имаме намера да ги актуализираме правата, должностите и одговорностите на* ***човекот*** *како* ***слободна*** *личност и како* ***субјект*** *во сложениот безбедносен систем. Тој истовремено е* ***објект*** *на безбедносна загрозеност и* ***субјект*** *за создавање на сопствениот и општествениот безбедносен стабилитет.*

*Во Република Македонија, земја во долг процес на транзиција, во која се извршени темелни политички и економски промени, создавањето на безбедносен систем и улогата на граѓанинот во него, претставува едно од централните прашања, како за науката, така и за практиката. Станува збор за нови облици на права и слободи во граѓанското демократско општество, во услови на процесите на глобализација.*

*Посебно е актуализирано прашањето: дали и колку човекот во процесот на социјализација се подготвува да стане дел од безбедносниот систем, особено во делот на неговото неделиквентно однесување, од една страна, и неговиот удел во превенирањето и сузбивањето на деструкциите во општеството во кое твори и живее.*

***Клучни зборови: човек, граѓанин, безбедност, деликти, деликвенти, демократија, права, слободи, обврски, одговорности, социјална средина, социјализација, морал.***

### 1. За поимите човек и граѓанин

Обемот и квалитетот на безбедносниот стабилитет во општеството и во државата претставуваат основа и услов сите функции на луѓето, на институциите на државата и на недржавните субјекти да можат да се остваруваат во интерес на градење демократски односи и прогресивна иднина. Но воспоставувањето систем којшто е организациски и функционално способен да гради и одржува просечен безбедносен стабилитет претставува многу сложена дејност. Во овој труд, авторот прави обид да ги изложи односите и процесите кои се однесуваат на феноменот ***човек – безбедност.*** Во таа смисла, посебно ќе бидат анализирани односот на граѓанинот кон деструкциите во општеството и кон институциите на безбедносниот систем и обратно, односот на безбедносниот систем кон граѓанинот кога се јавува како стабилизаторски фактор на безбедноста и кога се јавува како загрозувач на безбедноста. Доколку со правниот систем и со непосредната практика се воспоставаат коректни односи со граѓаните во сферата на безбедноста, тоа ќе произведе позитивни ефекти во индивидуалната и колективната безбедност.

Човекот живее и ја остварува својата егзистенција во ***микро и макросоцијална средина:*** семејство, училиште, улица, град, село, општество, држава, работна средина, невладини организации и здруженија во кои членува или ги поддржува нивните програми и дејствување. По правило, во тие социјални средини во кои ***човекот*** животно и работно е интегриран има можност да се реализира како индивидуа и како субјект - ***граѓанин.***

Тука, малолетникот како индивидуа низ сложениот процес на ***социјализација*** станува социјализирана личност – ***граѓанин*** со одредени права, должности и одговорности. Во овој контекст има потреба да кажеме каква е разликата помеѓу поимите ***човек и граѓанин***[1] затоа што во насловот на трудов, а и во содржината, ги користиме двата термини.

Луѓето кои живеат на просторот во рамките на државните граници формираат општество во кое се одвиваат сите животно важни процеси и односи меѓу луѓето. Во општеството функционираат држава и граѓански сектор. ***Човекот***, односно ***граѓанинот*** во општеството, во државата и во граѓанскиот сектор има ***централно место.*** За да ги задоволи своите потреби и потребите на социјалната средина во која живее (општеството и државата), тој како човек функционира слободно, а како граѓанин, исто така слободно, но во согласност со одредбите (правните норми) од правниот поредок со кои се пропишани неговите права, должности и одговорности. Дел од своите права ги остварува преку невладини организации и здруженија преку прогласи, предлози до државните институции, а некогаш и преку ненасилни протести. Во согласност со намената на овој труд, ние посебно ќе ја анализираме положбата на човекот и граѓанинот во создавањето и одржувањето на безбедносната стабилност на општеството, државата и неговата сопствена безбедност.

Долгата историска практика потврдува дека човекот во различни историски и општествени прилики и во различни политички системи бил различно третиран и имал различна положба во поглед на неговото влијание врз општествениот живот. Оваа состојба ја среќаваме во два вида. Во едниот вид повеќе ѝ се дава значење на личноста, индивидуата дека таа може да игра голема улога во унапредувањето на квалитетот на општествениот живот, а во другиот вид индивидуата се маргинализира и предност му се дава на колективитетот. Тешко може да се определи која варијанта е подобра, но се чини дека двете варијанти би требало да се вреднуваат еднакво, со тоа што секој случај е различен од другиот и различно треба да се вреднува, во зависност од конкретната состојба.

## 2. Човековата слобода и демократија и правото на самозаштита

Човекот како слободна индивидуа нема ограничувања како да располага со своето ***прирродно право*** и да се грижи за својот живот, својот имот и својата ***лична безбедност.*** Тој во целиот свој живот, од своето раѓање до својата смрт, постојано е изложен на ***различни видови ризици, закани и загрозувања,*** од *природни непогоди и катастрофи, од техничко-технолошки несреќи и од конфликтни и противречни состојби во општеството, како и од други луѓе и поединци.* Исто така, тој има потреба и настојува постојано да биде безбеден (*заштитен)* со сопственото однесување и сопствените мерки или со мерките кои за него ги применуваат други луѓе, односно социјалната средина – општеството и државата во која живее.

Особено од раѓањето до полнолетството има потреба, паралелно со одвивањето на сложениот процес на социјализација, да биде обезбедуван од неговите блиски и од институциите на државата.

---

[1] **Човекот** е суштество кое има слобода да дејствува независно, според сопствените убедувања, а пак **граѓанинот е** жител на држава во која ужива граѓански права и остварува обврски и одговорности, според нормите на правниот поредок и позитивните традиции.

## 3. **Односот на науката и социјалната средина кон човекот**

Медицинските, психолошките, психијатриските, социолошките правните, криминолошките и безбедносните науки го проучуваат човекот во две фази:

**Првата** - од сечењето на папочната врска до полнолетството и

**Втората** - од полнолетството до крајот на животот.

Во поглед на безбедноста, во првата фаза за човекот се грижи социјалната средина и тоа со цел да го сочува безбедно и да го социјализира како личност, односно да го оспособи за социјален живот. Во оваа фаза човекот се развива според она што го носи како човекова природа со одредени природни наследени својства и според организираниот однос на социјалната средина во смисла на образование, воспитание и социјализација. Во оваа фаза тој треба да ја осознае потребата од своја лична безбедност и безбедноста на средината во која живее за да може во полнолетството да формира сопствени ставови за својата безбедност и да се оспособи да партиципира во безбедноста на социјалната средина во која живее и работи.

Во втората фаза човекот се стекнува со права, должности и одговорности, а во поглед на безбедноста, покрај што ќе се грижи за својата безбедност, ќе се грижи и за општата безбедност во социјалната средина. Во оваа фаза неговата положба во поглед на неговата лична и општествена безбедност ќе ги почитува правните норми со кои се пропишуваат односите во врска со неговата безбедност и безбедносниот стабилитет на државата и општеството. Во оваа фаза се создаваат многу сложени односи и процеси за позицијата на човекот во однос на безбедносниот систем на државата и во однос на неговите слободи и права кои се независни од правниот поредок и традиции, тие се „обврзувачки" како морални принципи врз кои ги темели своите погледи и уверувања за својата вкупна егзистенција. Во овој дел станува актуелно прашањето: каде е разликата помеѓу општочовечката потреба да ги соопшти безбедносните информации на надлежниот субјект од безбедносниот систем, а притоа да не постане „кодош".

Човекот располага со природно право да го чува својот живот, своите права и слободи и својот имот, но и темелните вредности врз кои се остварува општествениот живот на луѓето, од сите видови деструкции и појави со кои се загрозуваат неговите и општите добра.

Граѓанските права, должности и одговорности со кои човекот се стекнува со правото на ***граѓански статус*** во извесна смисла му ги определуваат неговата ***положба и статус во однос на безбедноста.*** Колку е **безбеден** човекот како граѓанин со права, должности и одговорности, во одредено време и во определен животен простор, зависи секогаш од тоа колку во тој момент и на тој простор е **загрозен** и колку е **заштитен.** Во оваа смисла се поставува прашањето колку тој непосредно и колку како дел од колективитетот станува фактор – чинител во сферата на безбедноста? До каде е неговата слобода во неговото самозаштитување и колкави се неговите права, должности и одговорности да учествува во остварувањето на безбедноста како интегрален дел од социјалната средина? На неговиот статус и положба во поглед на безбедноста пресудно влијание имаат два фактори: моралните принципи со кои располага личноста и уставните и другите правни норми кои го обврзуваат да постапува по прашања од областа на безбедноста. Овој проблем во периодот на т.н. транзиција, т.е. овие прашања ниту се разрешени со правни норми ниту постојат јасни ставови во поглед на моралноста. Станува збор за период во кој се јавува феноменот „мистика" во поглед на поимањето на феноменот „безбедност" и уште повеќе во поглед на одвивањето на безбедносната практика. Уште се практикува дека безбедноста е право и должност на некого од државната организација, а не дека таа е нераскинлив дел од човековата егзистенција и дека секој граѓанин треба да има право и должност да партиципира во

создавањето на безбедносен амбиент како еден од основните услови за квалитетна егзистенција на поединците и општеството.

Ако појдеме од ваквата претпоставка, која е реална, тогаш можеме да заклучиме дека:

**Прво:** обемот и квалитетот на ***безбедноста на граѓанинот*** секогаш се зависни и детерминирани од обемот и квалитетот на ***заштитата на граѓанинот и вкупната безбедност во социјалната средина во која живее, и***

**Второ:** трите појави, односно состојби - ***загрозеноста, заштитата и безбедноста*** меѓусебно се нераскинливо поврзани**.**

Кога човекот не е загрозен, нема непосредна потреба да се заштитува затоа што тогаш тој е најбезбеден. Значи, загрозеноста на човекот е ***објективна и природна состојба,*** а пак безбедноста е ***последица*** од таквата состојба.

## 4. Дефинирање на безбедноста

Кога правиме анализа и утврдуваме мислење и став за ***човекот и безбедноста,*** има потреба да направиме осврт врз тоа како се ***дефинира безбедноста. Единствена дефиниција*** нема, туку безбедноста се дефинира во зависност од тоа од кој аспект се детектира и анализира. Постојат повеќе дефиниции од кои ние ќе ги презентираме следниве:

**Во енциклопедиска смисла:** ***Под поимот безбедност подразбираме отстранување на сите активности (чинења) и пропуштања (нечинења) кои ги загрозуваат или можат да бидат загрозени луѓето, редот, јавниот поредок, материјалните и духовните добра, објектите, определен простор или некоја друга вредност.***

Со оваа дефиниција поимот ***безбедност*** се објаснува преку **активностите** кои се преземаат од **институциите на државата** со цел да се попречат, односно отстранат загрозувањата на вредностите во општеството кои се вршат со **несторување,** односно **пропуштање.** Ваквото толкување ни обезбедува и ни овозможува да го детектираме и да го следиме степенот на безбедност, односно јакнењето или слабеењето на безбедносниот стабилитет.

**Во социолошка смисла:** ***Под поимот безбедност подразбираме динамичен склоп на односи и процеси во општеството со кои се обезбедува непречено остварување на производната дејност на луѓето, односно нивното создавање на материјални и општествени вредности или нивно непречено практично дејствување***.

Со социолошката дефиниција со која се објаснува безбедноста, се поаѓа од вкупноста на односите и процесите кои се јавуваат и произведуваат последици во општеството битни за непречено создавање на вредности и нивно користење на целисходен и полезен начин.

**Во правна смисла*:*** ***Под поимот безбедност подразбираме постоење на правен ред и поредок во државата со пропишани казниви дела, ефикасен безбедносен систем за откривање, попречување и сузбивање на казнивите дела и постоење на ефикасен судски систем за благовремено и правично пресудување.***

Со оваа дефиниција безбедноста се толкува преку правниот систем и нормите со кои се регулирани односите во областа на безбедноста – кривични дела, сторители и мерки на судскиот систем.

**Дефинирање на безбедноста според авторот на трудов:**

**Безбедноста е состојба која се однесува на: светот, континентот, регионот, националната држава и во неа на вредносниот систем (основниот национален**

**капитал); природата; човекот; човековите творби; културното наследство; културата; парите; институциите и слично.**

**Безбедносната состојба може да биде: одлична, добра, сложена, сложена со можност да се влоши, лоша и нејасна. За да се утврди каква е безбедносната состојба, се изготвува безбедносна проценка. Тоа е документ во којшто се содржани проверени и релевантни факти врз основа на кои се носи заклучок каква е безбедносната состојба во поглед на:**

**1. Ризиците, заканите, загрозувањата или непосредните напади на некое добро (вредност) и**

**2. Способноста на безбедносниот систем да може да ги превенира, детектира, проценува и да ги открива факторите кои ја загрозуваат безбедноста и го дестабилизираат безбедносниот стабилитет и преку со закон пропишана процедура да презема соодветни мерки.**

***Семантички*** *зборот безбедност многу различно се сфаќа и толкува. Но оние кои ја проучуваат оваа област, а посебно студентите на Факултетот за безбедност, добро би било на некоја од многуте дефиниции да ѝ дадат предност и да знаат со аргументи да објаснат зошто се определиле за таквото дефинирање на феноменот безбедност.*

Во државата и општеството определен број институции и органи, преку соодветни методи, применуваат специфични мерки за заштита на луѓето и другите темелни вредности и добра. Едни ја вршат законодавната дејност – ги подготвуваат и донесуваат правните прописи, други преземаат превентивни или репресивни мерки со цел да се обезбеди ред, поредок и мир во земјата.

### 5. Граѓанинот има право да практикува активен однос кон безбедноста

Како што е општопознато, секоја држава воспоставува ***сопствен безбедносен систем*** и со него на организиран начин, со правни норми и институции, ја гради и унапредува безбедноста на луѓето и на заедницата преку нејзините темелни и други вредности. Во оваа смисла, положбата на човекот во социјалната средина, а посебно во односите со институциите на безбедносниот систем е ***многу сложен однос и процес.*** Човекот како индивидуа е создавач (творец) на заедничкиот колективен живот во социјалната средина, но истовремено е и субјект кој загрозува.

Тој како субјект, индивидуално, и како член на социјалната средина во различно време и во различни околности може да има различни интереси и ставови за својата лична и општа безбедност. Таквите ставови на човекот можат да се искажат на следниов начин:

1. Да нема интерес, односно да има индиферентен став за општата безбедност;

2. Да има интерес и со своите постапки и мерки да придонесува во создавањето поволна безбедносна состојба и нејзино унапредување и

3. Да има интерес да ја загрозува безбедноста.

Каков став ќе има човекот во поглед на безбедноста зависи од многу голем сплет на околности – неговата материјална состојба, неговото образование, неговата положба во средината во која живее, неговиот степен на социјализација, неговите морални погледи и ставови, неговиот степен на безбедносна култура, неговите психолошки и психијатриски состојби и слично.

Со оглед на фактот што луѓето се различни, нема двајца исти, резултатите од индивидуалните проучувања не можат да се земат за веродостојни и да имаат универзална вредност за сите луѓе.

Правото на граѓанинот да има активен однос кон безбедноста никој нема право да му го оспорува.

Човекот, остварувајќи ја својата егзистенција, непрекинато е во активен однос со цел да ги надмине непомирливите противречности кои се појавуваат помеѓу, од една страна, ***потребите*** и, од друга страна, ***можностите*** да ги задволи тие потреби. Во оваа смисла тој, ако сака да успее, треба да настојува да воспостави ***хармонија*** помеѓу:

-*психата* (ментумот) и *телото* ( психолошко-биолошка рамнотежа)

- *себеси* и *природата;*

- *себеси* и *општеството;*

- *себеси и членовите на семејството;*

- *себеси и луѓето кои го опкружуваат во работната, родбинската, пријателската средина и слично.*

Во создавањето услови – индивидуални и општествени, за да се воспостави ***хармонија*** треба да се бара основата од каде и зошто потекнуваат деструктивните однесувања на луѓето. До колку индивидуата не може да ги задоволи потребите, односно ако му недостасува нешто поради кое не може да воспостави хармонија (баланс), тогаш ќе се најде во положба (состојба) на ***дисхармонија*** која, ***без исклучок, ќе произведе конфликт или некој вид деструкција.***

Овој феномен би требало да се однесува и на социјалните групи кои не се во можност да воспостават хармонични односи во своето дејствување и кои, исто така, ќе се доведат во состојба да постапуваат деструктивно. Доколку не можат да ги задоволат потребите, односно ако им недостасува нешто поради кое не можат да воспостават хармонија (баланс), тогаш ќе се најдат во положба (состојба) на ***дисхармонија*** која, ***без исклучок, ќе произведе конфликт или некој вид деструкција.***

Човекот, односно граѓанинот, во граѓанскиот сектор на општеството претставува основен столб како индивидуа и како субјект во невладините организации кои вршат дејности во сферата на заштитата и унапредувањето на човековите права и слободи, заштитата на човековата средина и природната околина, заштитата на правата на децата, заштитата на културното наследство и слично.

Во теоријата за системите во државата посебно се анализира прашањето: на кој начин се обезбедува **единство на безбедносниот систем** кога истовремено постои глобален општествен систем и други системи во различни области и дејности, како што се: економски, здравствен, финансиски, образовен и слично. Најчесто, одговорот на ова прашање се бара во тоа дали системот е способен сам да опстојува и дали може да ја врши функцијата поради која е конституиран, а притоа да има нужна самостојност и истовремено да претставува дел од глобалниот систем на општеството.

Човекот, како што веќе кажавме, живее во ***макро и микросоцијална средина:*** општество; држава, град, село, работна средина, семејство, училиште, улица, здруженија во кои членува и слично. По правило, во тие ***социјални средини*** има можност да се реализира лично како индивидуа и како субјект интегриран во нив. Тука индивидуата ***се социјализира*** и станува ***социјална личност***. Во овој контекст има потреба да укажеме дека тие играат голема улога во поглед на динамиката и карактерот на односите и процесите во социјалната средина.

Поаѓајќи од нашата правна регулатива и од непосредната практика, може да се заклучи дека многу е сложено да се анализира граѓанинот и неговите права, должности

и одговорности во безбедносниот систем на општеството и државата, а притоа да не се наиде на потешкотии од теоретска и практична природа.

## 6. Значење на социјализацијата за формирање позитивен однос на граѓанинот кон феноменот безбедност

Социјализирана личност е онаа која станува свесна за себе и за својата положба во средината, за вредностите и нивното прифаќање како универзални добра и добра кои обезбедуваат егзистенција. Положбата на човекот не може да се осознае одвоено од вредносниот систем. Само преку вредностите може да се определи неговата положба во социјалната средина. Тој истовремено е создавач на вредностите, но и загрозувач. Во **хиерархијата на вредностите, на прво место се става животот на човекот**. Во оваа смисла се поставува прашањето каква би била смислата на животот на планетава без човекот. Но се поставува и прашањето кој кому му се заканува: планетата на човекот или човекот на планетата. Така, може да се постави и прашањето кој е загрозувачот, а кој е загрозениот?

Човекот како објект на загрозеност се ***дестабилизира и разградува*** физички; психички; морално; политички; идејно; национално; верски и слично.

Граѓаните како дел од граѓанскиот сектор и независно од државата се организирани во здруженија и невладини организации во кои и преку кои граѓаните се здружуваат со цел да решаваат прашања и проблеми од нивни интерес и од интерес на демократското општество, независно од државата. Тие дури можат и треба да бидат коректив на пропустите или грешките на државата. Инаку, државата без демократска контрола врз своите институции, лесно може да посегне врз правата, слободата, демократијата и безбедноста на граѓаните. Постојат различни облици на слободно, недржавно организирање на граѓаните за остварување на одредени права: верска слобода, слобода на изразување, мирни протести и слично.

## 7. Човековата алиенираност како детерминанта за девијантно и деликвентно однесување на личноста

За девијантното однесување на луѓето постојат бројни причини и фактори. Едни се однесуваат на личноста, други на социјалната средина, а трети се однесуваат на комбинираните фактори индивидуа – средина во определени околности.

Во филозофијата, социолошката и криминолошката наука алиенацијата се третира како фактор за делинквентно однесување на поединецот, а неретко и на институциите на безбедносниот систем кои можат да бидат алиенирани или деформирани во вршењето на безбедносните функции.

Во последните неколку децении на проблемот алиенација како фактор за појава на деструкции, за жал, не му се посветува доволно внимание. Често се третира како марксистички поглед на овие појави поврзани со алиенацијата, а не како на општествена законитост која како појава е присутна настрана од индивидуалната или колективната волја и разбирање на појавите. Се проценува или подобро речено постои доминантен став дека алиенацијата во сферата на трудот и во поимањето на вредностите се најтешки облици кои произведуваат и најтешки видови деструкции.

Барањето на системски и организациски решенија, како и со кои мерки можат да се создадат услови за да се демистифицира безбедноста и да се интегрира во процесите на општествениот живот преку активен удел на човекот, претставува „револуционерна мерка” која ќе произведе современ однос кон можноста да се унапреди безбедноста на поединците и на општеството во целина. Омаловажувањето

на улогата на човекот и колективните невладини организации и здруженија во создавањето на безбедносен стабилитет претставува опасност која води кон сериозен вид на безбедносна дестабилизација.

Во земјите на транзиција, во кои подолг период немаше политички плурализам и граѓански асоцијации, по настанатите промени на системите се воспоставени такви институции, но тие функционираат без соодветна политичка култура. Таквата состојба произведува политичка дезалиенираност и отуѓување на луѓето врз основа на различна политичка припадност. Тоа пак отвора појави на нетрпеливост, непочитување, омраза и тешки облици на деликвенција.

## 8. Моралните правила како универзални и општочовечки вредности

За оној што ги почитува, моралните правила претставуваат духовен столб кој ги брани да не се најдат во делот на деструкциите. Тие се создаваат низ процесот на социјализација на човекот, преку и низ развивање на хуманитарната свест како негова духовна потреба и потпора во животот.

Во оваа смисла би требало да се анализира прашањето **Каде се движи светот во поглед на моралот?** Одговорот би бил во функција да се определи вистинската насока во развивањето и негувањето на она што води кон безбедносна стабилизација преку почитување на моралните норми – правила.

Да се воспостави **хармонија** во функциите на личноста, помеѓу биолошките и психичките капацитети и можности, во функциите на социјалната средина: **семејството, училиштето, населбата и општеството (во национални и светски рамки)** е извонредно сложен процес.

Во светот, а и во национални рамки, колку што досега е познато, постојат два можни начини како да се „дисциплинира" народот:

***Прво***: да се дисциплинира со ***насилство*** (закани, казни, репресија, тортура) и

***Второ:*** да се дисциплинира со **едукација** (педагогија и развивање на темелни (етички) морални принципи и вредности.

Никакви закони и други правни норми кои содржат закана, казни и репресии не можат да воспостават хармонија која би се базирала врз елементот страв. Само развивањето и негувањето на позитивна свест за **свеста за темелните морални вредности** може да го врати човештвото на правиот пат кој ќе го води кон демократски прогрес.

Почетокот на 21 век недвосмислено покажа дека човештвото **тоне во блатото на неморалноста** - доминираат непочитувањето, зависта, лагата, егоизмот, алчноста, саможивоста, трката за пари, злобата, омразата и насилството. Тоа се, за жал, гадостите на современото општество кое вербално се претставува како демократско, праведно и хумано.

Никој не може да го негира фактот дека, во светски рамки, најмногу се вложува во создавање на убиствени средства - разновидно оружје. Неговата намена е исклучиво за убивање на животи и уништување на природата. Тој процес на деструкции кој владее во светот или ќе се измени или ќе доведе до самоуништување. Во последно време има позитивни знаци кај големите сили кои даваат надеж дека ќе се отворат нови процеси кон создавање на помалку милитантна стварност. Би требало силата, во извесна дозволена смисла, да се претвори во разум.

За моралот и етиката добро би било да ги изложиме милслите на Сингер – Евреин кој живее во Австралија, кој ги набројува најнеморалните појави кои му носат невидено зло на човештвото. Според него тоа се:

***лагата, трката за пари, егоизмот, саможивоста, алчноста, зависта, злобата, непочитувањето, омразата.***

**9. Колку современите светски интегративни процеси ќе ја определат реалната, објективна положба на граѓанинот во однос на безбедноста?**

На меѓународен план, светот се наоѓа во фаза на преиспитување на многу состојби кои го потресуваат многу сериозно - економската криза, меѓународниот криминал, меѓународното насилство од големи размери, огромниот арсенал на оружје за уништување на природата и човештвото, дефектите и недостатоците на либералниот капитализам и слично. Безбедноста во светот на многу простори и во многу области е многу сериозно нарушена. Ниту луѓето индивидуално, ниту државите се безбедни. Таа реалност не може да ги остави рамнодушни меѓународните организации и шефовите на држави. Според тоа, ваквата објективна состојба ќе ги присили да бараат решенија со кои ќе може да се подобри и унапреди безбедноста на светско ниво.

Во процесот на преиспитување на состојбите кои ја загрозуваат безбедноста и нивното разрешување, во последните години може да се забележи една крупна промена во поглед на улогата на силата во решавањето на овие проблеми. Веќе како да се создава „нова атмосфера”, нов поглед, дека во решавањето на безбедносните проблеми може да се бараат и ненасилни средства и во тој контекст како да се актуализира проблемот со положбата на човекот во морето деструкции и закани по мирот и безбедноста. Се чини дека долг период улогата на човекот во оваа сфера беше маргинализирана до степен на потполно негирање на тој фактор.

Ако се имаат предвид светскиот процес на глобализација, појавите на здружување на народите и државите со цел да се унапреди економијата, политиката и демократијата, може да се верува дека човекот ќе стане сериозен предмет на интерес во смисла на неговата улога во јакнење на безбедноста и мирот во светот. Во овој контекст вреди да се изложи мислата: **„*Таму каде што ќе затаи педагогијата ќе заигра пендрекот*.”**

**Користена литература**:


1. Аслимоски, Пере, *Социологија* (Охрид: Институт за истражување на туризмот при Факултетот за туризам и угостителство, 2006).
2. Grupa autora, *Mala politička enciklopedija*, (Beograd: Savremena administracija, 1966).
3. Маршал, Гордон, *Оксфордски речник по социологија*, (Скопје: МИ-АН, 2004).
4. Мургоски, Зозе, *Речник на македонскиот јазик*, (Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески”, 2005).
5. Спасески Јордан, Аслимоски Пере, Герасимоски Сашо, *Приватна безбедност*, (Скопје-Охрид: Полициска академија и Факултет за туризам и угостителство, 2008).
6. Спасески Јордан, Аслимоски Пере, Бачановиќ Оливер, *Педагошка социопатологија*, (Битола: Педагошки факултет, 2007).
7. Спасески Јордан, Аслимоски Пере, *Дефендологија*, (Битола: Педагошки факултет, 2006).
8. Спасески, Јордан, *Македонија: столб на безбедноста и мирот на Балканот*, (Скопје: Агенција „Академик” и Полициска академија, 2005).

*Jordan Spaseski, PhD*

# *MAN AND SECURITY*

**_Abstract_**

*The state as a global complex system establishes a legal system- the basis on which legal order is practiced. In order to establish and keep its security stability a security system performing the security function of the state is organized. This system is a complex network of institutions which should function in a harmonious manner in performing their duties and responsibilities.*

*In this paper the author attempts to raise the issue of the rights, tasks and responsibilities of the* ***man*** *as a* ***free*** *person and a* ***subject*** *within the complex security system. At the same time he is an* ***object*** *of security threats and a* ***subject*** *for creating his own and the society's security stability.*

*In the Republic of Macedonia, a state with a long transition process with fundamental political and economic changes, the creation of a security system and the role of the citizen is one of the key questions both for the science and the practice. It is related to the new forms of rights and freedoms in the civil democratic society within the processes of globalization.*

*The author particularly focuses on whether and to what extent the man in the socialization process is being prepared for becoming part of the security system, especially in terms of his nondelinquent behaviour and his contribution to the prevention and repression of the destructions in the society where he works and lives.*

*Key words: man, citizen, security, delicts, delinquents, democracy, rights, freedoms, duty, responsibilities, social environment, socialization, morality*

*д-р Снежана Никодиновска –Стефановска*,
вонреден професор на Факултет за безбедност-Скопје
snikodin@t-home.mk

# ВИСОКИОТ ПРЕТСТАВНИК НА УНИЈАТА ЗА ЗАЕДНИЧКА НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

***Резиме***

*Една од целите на Лисабонскиот договор беше да ја подобри кохерентноста на делувањето на Европската унија, особено во надворешната политика. За таа цел Лисабонскиот договор ги спои улогите на (пред лисабонскиот) Високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика кого го назначуваше Советот за да ја претставува и артикулира заедничката позиција на ЕУ во надворешно-политичките и работите од одбраната и Комесарот за надворешни работи кој имаше поголем буџет на располагање од Високиот претставник, но значајно помал авторитет да зборува за работи од надворешната политика на Унијата.*

*Резултат е Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика кој претседава со Советот за надворешни работи и е заменик претседател на Европската комисија. Оваа “double hatting”, односно двојна улога на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика во Советот и Европската комисија нема прецедент во институционалните работи на ЕУ, па оперативниот ефект останува да се види.*

*Во текстот ќе се задржиме на улогата и позицијата на Високиот претставник во надворешното делување на Унијата. Во вториот дел ќе бидат анализирани одредбите за организирањето и функционирањето на Европската служба за надворешни работи, т.н. Дипломатска служба на ЕУ која треба да му дава поддршка на Високиот претставник во извршувањето на неговите задачи.*

***Клучни зборови**: Лисабонски договор, Висок претставник на Унијата за надворешна и безбедносна политика, Европска служба за надворешни работи.*

## Вовед

Креирањето на Министер за надворешни работи на Унијата се сметаше за една од најзначајните иновации на Уставот на Европа[1]. Во него беше предвидено да се спојат функциите на Високиот претставник за зедничка надворешна и безбедносна политика (ВП за ЗНБП) и комесарот за надворешни работи за да создадат Министер на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика. Уставот не беше ратификуван, но неговата замена, Лисабонскиот договор[2] (ЛД) ги задржа промените кои ги предвидуваше Уставот во поглед на креирање Министер за надворешни работи на ЕУ, без да прави некои суштински модификации. Всушност, ЛД ги вклучува истите одредби кои се однесуваат на Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), како и Уставот на Европа, со многу мали измени. „Министерот за надворшни работи на Унијата„ е преименуван во „Висок

[1] Договор за Уставот на Европа е усвоен на состанокот на Европскиот совет во Брисел на 18 јуни 2004 година, а потпишан од тогашните 25 држави-членки на ЕУ во Рим на 29 октомври 2004 година, објавен во: Official Journal of the European Union, C 310, 2004. Договорот не беше прифатен на референдумите одржани во Франција и Холандија, процесот на ратификацијата беше окончан по одлуката на Велика Британија да го суспендира процесот на ратификација.

[2] Полниот наслов на Лисабонскиот договор е Лисабонски договор за измена на Договорот за ЕУ и Договорот за основање на ЕЗ (Lisbon Treaty amending the Treaty on European Union and the Treaty establishing the European Community), Official Journal of the European Union, C 306, 2007. Договорот за Европската унија го задржува насловот (во текстот ќе се користи кратенката ДЕУ-Л), додека Договорот за основање на Европската заедница се преименува во Договор за функционирање на ЕУ (ДФЕУ).

претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика (ВП).„[3] Промената на името е само козметичка или чисто симболична, во смисла дека има за цел да го отстрани стравувањето поврзано со терминот кој ја предизвикува сликата за „устав„ или „држава„ што делумно водеше до неодобрувањето на Уставниот договор од страна на Франција и Холандија во 2004 година.

Креирањето на функцијата ВП[4] претставува голема промена споредено со досегашната ситуација. ЛД воведува двојна улога на ВП. Лисабонскиот ВП ги комбинира компетенциите на пред лисабонскиот Висок претставник за заедничката надворешна и безбедносна политика[5] и Комесарот за надворешни работи. Ова решение треба да стави крај на двојната работа која досега ја обавуваа ВП за ЗНБП, Хавиер Солана, и комесарот за надворешни работи, Бенита Фереро Валднар.

ВП е главен координатор и претставник на ЗНБП на ЕУ. Оваа функција од 1 декември 2009 година ја врши баронесата Кетрин Ештон (Katherine Ashton), а ќе ѝ помага новата дипломатска служба - Европската служба за надворешни работи[6] кога ќе биде етаблирана.

Двојната улога и мандатот на ВП се изразува во условите за негово именување, неговата институционална положба и опсегот на неговите належности/компетенции.

### Именување и мандат на Високиот претставник

Процедурата за избор на ВП вклучува учество на различни органи активни во полето на надворешното делување на ЕУ. Истражувањето на оваа процедура ни помага полесно да ја разбереме улогата и позицијата на ВП која произлегува од ЛД, како и решенијата што требаше да бидат најдени со цел да се почитува институционалниот баланс востановен со Договорите во областа на ЗНБП и другите полиња на надворешните односи.

Како резултат на двојната улога што ја има ВП, постапката за неговиот избор е комплексна. ВП го бира Европскиот совет (ЕС), со квалификувано мнозинство и со давање согласност од претседателот на Европската комисија (ЕК).[7] Истата процедура

---

[3] Според пропаднатиот Устав на Европа, Високиот претставник за заедничка и безбедносна политика требаше да биде преименуван во Министер за надворешни работи на ЕУ. Велика Британија имаше отпор кон називот Министер.

[4] Член 18 од Консолидираната верзија на Договорот за Европска унија и Договорот за функционирање на Европската унија објавена во Службен весник на Европската унија - 2008 - Ц 115 ( Consolidated versions of the Treaty on European Union and the Treaty on the Functioning of the European Union, Official Journal of the European Union – 2008 - C 115) достапен на http://eur-lex.europa.eu/JOHtml.do?uri=OJ:C:2008115:SOM:EN:PDF); Консолидирана верзија на Договорот за Европска унија на http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ?lexUriServ.do?uri=OJ:C:2008:115:0013:0045:EN:PDF; Консолидираната верзија на Договорот за функционирање на Европската унија на http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ?lexUriServ.do?uri=OJ:C:2008:115:0047:0199:EN:PDF

[5] Оваа функција беше воведена со Договорот од Амстердам 1999 год. Хавиер Солана ја вршеше оваа функција до изборот на Кетрин Ештон за „шеф за надворешни работи на ЕУ„ која стапи на должност на 1 декември 2009 год. Хавиер Солана му помагаше на Советот во работи од надворешната политика со придонес во формулирање, подготовка и примена на одлуките. Дејствуваше во име на Советот при водење политички дијалог со трети страни. Шестмесечното ротирачко претедателство беше надлежно да раководи со Советот за надворешни работи, да ја претставува Унијата во областа на ЗНБП, да ги применува донесените одлуки и да ја изразува позицијата на ЕУ на меѓународен план. (види повеќе: Никодиновска,С., *Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија*, Годишник на факултетот за безбедност, 2005/2006, стр. 263).

[6] European External Action Service.

[7] Член 18(1) од ДЕУ-Л (Лисабонски договор-Договор за Европската унија).

може да се примени и при разрешувањето на ВП.[8] Европскиот парламент (ЕП), исто така, посредно има дел во оваа постапка на избор. Имено, ВП како еден од потпретседателите на ЕК треба да добие согласност од ЕП[9] бидејќи Комисијата како тело подлежи на постапка за добивање согласност од ЕП. Имено, претстедателот на Комисијата, ВП, како и другите членови/комесари на Комисијата, како тело се предмет на давање согласност од Парламентот[10]. Врз основа на оваа согласност, Комисијата ќе биде избрана од ЕС кој гласа со квалификувано мнозинство. Покрај тоа, ЕП има право да изгласа недоверба на Комисијата како колективен орган.[11] Доколку е изгласана недоверба, членовите на Комисијата ќе дадат оставка како тело. Во тој случај и ВП ќе поднесе оставка, но само на должноста што ја обавува како член на Комисијата.[12] Оттука произлегува дека ВП ја задржува позицијата на претседавач на Советот за надворешни работи. Иако ЛД не го споменува ова изречно, сепак, би можело да се заклучи дека ВП ја задржуваи позицијата во Советот до назначување на нова Комисија.

ЛД не го определува мандатот на ВП, но може да се претпостави, односно логично би било мандатот на ВП да трае пет години, исто како и на другите членови на ЕК, со оглед на тоа што ВП е член на Колеџот.

Во поглед на престанок на мандатот, ВП може да биде разрешен со одлука на ЕС донесена со квалификувано мнозинство. Исто така, претстедателот на ЕК може да побара оставка од ВП во согласност со чл. 17 ст.6 од ДЕУ-Л. Во овој случај процедурата предвидена во чл.18 е применлива и е потребно, исто така, ЕС да донесе одлуката со кавлификувано мнозинство. Имено, иако претседателот на ЕК може да побра од ВП, како и од сите други членови на Комисијата да даде оставка, сепак, во случајот на ВП тоа треба да се направи во „согласност со процедурата содржана во чл.18 (1)[13]„ од ДЕУ-Л, што имплицира дека ЕС мора, исто така, да се согласи. Покрај тоа, на барање на Советот кој одлучува со просто мнозинство или на Комисијата, секој член на Комисијата како и ВП, кој е член на ова тело, може од Судот на правдата да биде присилно пензиониран доколку не ги исполнува условите кои се бараат за извршување на неговите должности или ако е виновен за сериозено лошо работење, односно злоупотреба на службената должност.[14]

### Двојната позиција и многубројните функции на ВП

Институционалната позиција на ВП ја отсликува неговата двојна улога. Од една страна, ВП претстедава со Советот за надворешни работи, еден од конфигурациите на Советот[15] кој ги разработува стратешките насоки формулирани од ЕС и обезбедува меѓународната активност на Унијата да биде конзистентна. Покрај тоа, ВП учествува во работата на ЕС кој го сочинуваат претстедателите на државите или владите на државите-членки на ЕУ, претстедателот на ЕС и претстедателот на

---

[8] Член 246 ст.5 од ДФЕУ (Лисабонски договор-Договор за функционирање на Европската унија): „In the event of resignation, compulsory retirement or death, the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy shall be replaced, for the remainder of his or her term of office, in accordance with Article 18(1) of the Treaty on European Union.„
[9] Член 17(7) од ДЕУ-Л.
[10] Член 17 ст.7 од ДЕУ-Л.
[11] Член 234 од ДФЕУ.
[12] Член 17 ст.8 од ДЕУ-Л.
[13] Член 17 (6) од ДЕУ-Л.
[14] Член 247 од ДФЕУ.
[15] Види член 16 т.6 од ДЕУ-Л и 236 од ДФЕУ.

ЕК.[16] Оваа позиција му овозможува на ВП да има попривилегирана положба во ЕС од националните министри, т.е. министрите на државите-членки или комесарите, кои можат да му помагаат на ЕС на негова покана.[17] Сепак, ВП не е „член„ на Советот или на ЕС и нема право да гласа.[18] Од друга страна, ВП е исто така член на ЕК. Во Комисијата ВП има функција на потпретседател кој е задолжен да обезбеди кохезија на надворешната активност на Унијата. Во негова надлежност спаѓа областа на надворешните односи на Комисијата, и усогласување и координација на другите аспекти на надворешнта политика на Унијата.[19] Како полноправен член на Комисијата, ВП учествува во процесот на носење одлуки во Комисијата.

Надлежностите и одговорностите на ВП опфаќаат различни полиња на надворешната активност на ЕУ. ВП, заедно со државите-членки, ја реализира ЗНБП, во согласност со Договорите.[20] Опсегот на неговите должности е голем: подготовка (преку правото на иницијатива), управување/раководење и имплементација (вклучувајќи, во извесна мера, надзор над имплементацијата од страна на државите-членки[21]) на надворешниот диалог на Унијата со трети страни, како и претставување на Унијата во меѓународни организации и на меѓународни конференции.

Во областа на ЗНБП, држава-членка, ВП или ВП, со поддршка од ЕК, можат да упатуваат прашања до Советот кои се однесуваат на ЗНБП и можат да доставуваат соодветни иницијативи или предлози.[22] Ова значи дека правото на давање предлози им припаѓа како на државите-членки така и на ВП или ВП и ЕК, во зависност од околностите. Правото на иницијатива е мошне важно бидејќи му дава на носителот огромна моќ во дефинирање на политиката, а во овој случај тоа право го има и ВП.
Пред преземање на активности на меѓународната сцена или прифаќање на обврски кои можат да влијаат на интересот на Унијата, секоја држава-членка треба да се консултира со другите во рамките на ЕС или Советот. Државите-членки треба да обезбедат Унијата да биде во можност да ги одбрани своите интереси и вредности на меѓународната сцена. Државите-членки треба да покажат заемна солидарност. Кога ЕС или Советот го дефинира заедничкиот пристап на Унијата во рамките на претходно споменатото, ВП и министрите за надворешни работи на државите-членки ќе ги координираат своите активности во рамките на Советот.[23]

Активноста на државите-членки во меѓународните организции и на меѓународните конференции треба да биде кординирана и да ја поддржува позицијата на Унијата на ваквите форуми. Токму оваа координација ја организира/уредува ВП.[24]
Државите-членки на ЕУ кои се и членки на Советот за безбедност (СБ) на ООН ќе ги консултираат и информираат другите држави-членки, како и ВП. Тие во извршување на своите функции ќе ја бранат позицијата и интересите на Унијата, без да ги загрозат сопствените одговорности кои произлегувааат од одредбите на Повелбата на ООН. Кога Унијата ја дефинира позицијата за прашање кое е на агендата на СБ, државите-членки кои се членки на СБ ќе побараат ВП да биде поканет и да ја презентира,

---

[16] Член 15 (2) од ДЕУ-Л.
[17] Член 15 (3) од ДЕУ-Л.
[18] Член 15 (2) и 16 (2) од ДЕУ-Л. Претседателот на ЕС и претседателот на ЕК исто така не учествуваат во гласњето во ЕС: „....Where the European Council decides by vote, its President and the President of the Commission shall not take part in the vote.„ (чл.234 од ДФЕУ).
[19] Член 18 4 од ДЕУ-Л.
[20] Член 24(1), ст.2 од ДЕУ-Л.
[21] Види член 27 од ДЕУ-Л.
[22] Член 30 од ДЕУ-Л.
[23] Член 32 (1 и 2) од ДЕУ-Л.
[24] Член 34 (1) од ДЕУ-Л.

односно брани позицијата на Унијата.[25] Но, новата позиција на ВП не ја намалува моќта и надлежностите на државите-членки на ЕУ, кои се членки и на СБ.

ВП ги дели со ЕК задачите на надворешното претставување на Унијата во работи различни од ЗНБП. Надворешното претставување на Унијата во областите како што се трговијата, развојот или политиката на проширување и внатрешните политики каде што има надворешна димензија останува во надлежност на комесарот надлежен за соодветно портфолио. Има, исто така, сиви области во кои надворешното претставување ќе биде решавано од случај до случај, како што се состаноците на Г-20, договорите за енергија со трети земји и меѓународните преговори за животната средина. Во овие случаи ЕУ може да биде претставена од претстеателот на ЕС, претставникот на државата-членка која е претстедавач на Советот, член на ЕК (на пр. комесарот за трговија во разговорите со СТО) или ВП, или разни комбинации од овие улоги.

Со оглед на тоа што ВП ќе претседава со Советот за надворешни работи (СНР), тој исто така ќе претседава со состаноците на националните минстри за трговија и развој, што спаѓа во надлежност на СНР. Ова може да му овозможи на ВП да врши индиректно влијание на комесарите за трговија и развој. Во Комисијата, ВП е еден од неколкуте заменици претстедатели. Иако тие хиерархиски не се надредени над другите комесари во Колеџот, сепак, ВП, поради неговата позиција во Советот за надворешни работи, може да има de facto хиерарија vis-à-vis комесарите за трговија и развој.
Како член на ЕК, преземајќи ја улогата на бившиот комесар за надворешни работи, ВП ќе биде одговорен за соседската политика, но не е веројатно дека ќе вклучи други одговорности од постојните портфолија на Комисијата. Но со оглед на тоа што ВП ќе претседава со новата Европска служба за надворешни работи, можно е да влијае на надворешната активност на ЕУ, што не е стриктно поврзана со ЗНБП.[26]

ВП ја води ЗНБП на ЕУ под мандат на Советот[27] и претседава со Советот за надворешни работи.[28] Според ЛД, ВП треба да придонесува во развојот на овие политички области преку поднесување предлози, кои ќе ги извршува како што му е доверено од Советот.[29] Истото се применува и во Заедничката надворешна и одбранбена политика (ЗБОП). Употербата на зборот „придонесува„ подразбира дека ВП нема ексклузивна одговорност за развојот на ЗНБП и дека ВП е само еден од неколкуте актери во таа област, иако, истакнат и многу важен.

Дали ВП ќе ја има примарната должност да ја претставува ЗНБП? Членот 27 (2) од ДЕУ-Л вели дека ВП ја има оваа одговорност, но чл. 15(6) од истиот договор ги заматува работите, давајќи недефинирана одговорност на Претседателот на ЕС да ја претставува ЗНБП. Вистинската моќ, веројатно, лежи во ВП бидејќи ВП има право да ја предлага и имплементира ЗНБП, но под два услова. Прво, ВП може да ги имплементира оние предлози со кои Советот се согласил и второ, ако заедничкиот предлог е направен со Комисијата, тогаш ВП треба да работи со целиот Колеџ за да обезбеди поддршка од комесарите за предлогот.

Задачата на надворешно претставување на ЕУ ја делат три ентитети, односно на меѓународната сцена се формира „тројка„: претседателот на ЕС, со нејасно формулиран опис на работата но долг мандат, претстедателот на ЕК кој има главна улога во Комисијата и ВП. Дали тројката ќе делува хармонично на меѓународен план,

[25] Член 34 (2) ст.3 од ДЕУ-Л.
[26] Kaczynski, M.,P.,& Broin, P., *Two new leaders in search of job description*, CEPS, No200/25 November 2009.
[27] Член 18 (2) од ДЕУ-Л.
[28] Член 18 т. 3од ДЕУ-Л.
[29] Член 18 т. 2од ДЕУ-Л.

веројатно, во голема мера, ќе зависи од „хемијата„ помеѓу нив.[30]. Што се однесува до идејата за подобрување на надворешното претставување на Унијата и прашањето на Кисинџер „Европа...кој телефонски број?„„ Унијата од ситуација без телефонски број се наоѓа во ситуација кога има три телефонски броја.

Институционалната симплификација заснована врз спојувањето на двете различни одговорности на стариот ВП и Комесарот за надворешни работи не е следена со симплификција на процедурите и методите кои се применуваат во надворешното делување на ЕУ. Ова поле сè уште е водено од силни меѓувладини механизми и има малку простор за методот на заедницата.

## Европската служба за надворешни работи

Уште една голема институционална иновација на ЛД е креирањето на Европската служба за надворешни работи (ЕСНР), со цел да му помага на ВП во имплементацијата на одлуките од областа на ЗНБП. Правната основа за формирање на Службата претставува чл.27 (3) од ДЕУ-Л.[31] На 30 октомври 2009 година ЕС се согласи околу насоките за организирањето и функционирањето на Службата.[32] ВП треба најдоцна до крајот на април 2010 година да презентира предлог за организцијата и функционирањето на Службата.[33]

### ***Што претставува Службата?***

Согласно насоките усвоени од ЕС во октомври 2009 година, Европската служба за надворешни работи ќе биде посебна служба под надлежност на ВП. Службата ќе има организационен статус кој ќе ја одразува и поддржува посебната улога и функција што ја има ВП во системот на ЕУ. Европската служба за надворешни работи претставува служба *sui generis*, одвоена од Комисијата и Генералниот секретаријат, којашто ќе има автономија во поглед на буџетот и менаџирањето на персоналот. ВП ќе го предлага и применува буџетот на Службата, кој ќе биде посебен оддел/секција на буџетот на ЕУ.

Согласно одредбите на Лисабонскиот договор, Службата треба да биде формирана со Одлука на Советот донесена едногласно. Исто така, Советот мора да делува согласно предлогот на ВП, по консултирање со ЕП и добивање согланост од Комисијата.[34]

Опсегот на работата на Службата треба да му овозможи на ВП да го извршува својот мандат како што е дефинирано во ЛД. За да се обезбеди конзистентност и подобра координација на надворешното делување на Унијата, Службата, исто така, ќе

---

[30] *Institutions wrestle over EU's first "foreign ministry",* http://www.euractiv.com/en/future-eu/institutions-wrestle-eu-foreign-ministry/article-186669

[31] „ Во исполнување на неговиот мандат, на ВП ќе му помага Сервисот. Оваа служба ќе работи во соработка со дипломатските служби на државите-членки и ќе ги опфаќа службениците од релевантните департмани на Генералниот секретаријат на Советот и од Комисијата, како и персонал назначен од националните дипломатски служби на државите-членки. Организацијата и функционирањето на Службата ќе биде утврдено со одлука на Советот. Советот ќе делува на предлог на ВП, по консултирање со ЕП и по добивање согласност од Комисијата*"*.

[32] Council of the European Union, doc. No:14930/09 (Presidency report to the European Council on the European External Action Service), http://register.consilium.europa.eu/pdf/en/09/st14/st14930.en09.pdf

[33] João Vale de Almeida, генералниот директор на одделот за надворешни работи на ЕК и иден амбасадор на ЕУ во Вашингтон изјави: "For the Lisbon Treaty, it took us a nine-year pregnancy," Vale de Almeida said. Comparing this with the short timeframe for adopting the EEAS, he said "birth after three months will be very difficult", http://www.euractiv.com/en/future-eu/difficult-birth-awaits-eu-diplomatic-service-news-305778

[34] Член 27 т. 3 од ДЕУ-Л.

му помага на Претседателот на ЕС, на Претседателот и на членовите на Комисијата во остварувањето на нивните функции во областа на надворешните односи и ќе обезбедува блиска соработка со државите-членки. Службата ќе биде составена од одделни географски (покривајќи ги сите региони и земји) и тематски отсеци, кои би продолжиле да ги изведуваат задачите под раководство на ВП, коишто десега ги извршуваа релевантните оддели на Комисијата и Секретаријатот на Советот на ЕУ.

Службата ќе се екипира со персонал од три извори: релевантните департмани/оддели на Генералниот секретаријат на Советот и на Комисијата, како и од дипломатските служби на државите-членки на ЕУ. Сите овие три категории на персонал ќе бидат еднакво третирани. Оттука, персоналот од државите-членки би имал статус на привремени агенти кој, врз основа на Условите за вработување за другите службеници[35], им доделува исти можности, права и обврски (вклучувајќи функции, одговорности, унапредување, плата, отсуство и социјални бенефиции) како и оние на персоналот од другите два извора.

Персоналот ќе го избира ВП. Вработувањето ќе биде спроведено низ транспарентна постапка заснована на заслуги, со цел да се избере способен и ефикасен персонал, водејќи сметка за географскиот и за половиот баланс. [36]

Со цел да се овозможи ВП да ја води Заедничката надворешна и одбранбена политика, структурите на ЕУ за менаџирање на кризите[37] ќе станат дел на Службата. Овие структури ќе формираат ентитет кој ќе биде под директно раководство и одговорност на ВП.

Што се однесува до делегациите на Комисијата[38], тие ќе станат делегации на Унијата под раководство на ВП и ќе бидат дел од структурата на Службата. ЕУ делегациите ќе ги сочинуваат како персоналот од Службата (вклучувајќи го претстедавачот на делегацијата) така и персонал од релевантните служби на Комисијата. Целокупниот персонал ќе прима инструкции и ќе дава извештаи на ВП/Службата и на релевантните служби на Комисијата.

Делегациите ќе соработуваат со дипломатските служби на државите-членки. Покрај помошта која ја даваат на Комисијата и на Советот, делегациите, каде што е потребно, ќе обезбедуваат логистичка и административна поддршка на членовите на други институции, вклучувајќи го и ЕП. Службата/ЕУ, делегациите и државите-членки ќе ги споделуваат информациите на заедничка основа. ЕУ делегациите ќе даваат поддршка во поглед на дипломатската и конзуларната заштита на граѓаните на Унијата во трети земји.

**Заклучок**

ЛД овозможува зголемен капацитет за ЕУ да делува на светската сцена. До стапувањето во сила на ЛД, претставувањето на ЕУ во трети земји беше поделено помеѓу ВП за ЗНБП, европскиот комесар за надворешни односи и соседска политика и

[35] Conditions of employment for other servants (CEOS), што е еднаков со Staff Regulations.
[36] Council of the European Union, Doc.14930/09 т.21, http://register.consilium.europa.eu/pdf/en/09/st14/st14930.en09.pdf
[37] Crisis Management and Planning Directorate (CMPD), Civilian Planning and Conduct capability (CPCC) i. Military Staff (EUMS); Situation Centre (SitCen) би бил дел од Службата но би продолжил да дава услуги на ЕС, Советот и Комисијата, види Doc.14930/09 т. 7.
[38] Jan Gaspers:“Over the last four decades, largely unnoticed by the general public, more than one hundred and thirty Commission Delegations have been set up to represent the Commission abroad and in international organisations. These Delegations will now be transformed into EU Delegations and put under the authority of the EU foreign minister and her diplomatic staff.” Во:*European Diplomatic Service: Putting Europe First*, The world today, January 2010, p. 21, http://www.chathamhouse.org.uk/publications/twt/archive/view/-/id/1983/

министерот за надворешни работи на државата членка која го држеше ротирачкото претстедателство. Не изненадува што ова понекогаш делуваше збунувачки.

На неформалниот состанок во Брисел на 19 ноември 2009 година, пред влегувањето во сила на ЛД на 1 декември 2009 година, шефовите на државите или владите на државите-членки на ЕУ се согласија да ја назначат баронесата Кетрин Ештон за ВП на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика.

Новиот ВП ќе ги извршува во областа на надворешните работи функциите кои досега ги вршеше шест-месечното ротирачко претстедателство, ВП за ЗНБП, Хавиер Солана, и Комесарот за надворешни работи, Бенита Фереро Валднар. Ова прегрупирање на улогите треба да има голем практичен ефект. Европа треба да добие позначаен глас во светот, што ѝ е потребно како на Европа така и на светот.

Оттука, ВП е одговорен за координација на целокупното надворешно делување на Унијата. ВП ќе ја претставува Унијата во работи кои се однесуваат на ЗНБП, без да ги загрозува надлежностите на Претстедателот на ЕС и оние доделени на ЕК во другите полиња на наворешната акција.

Во исполнувањето на овој мандат на ВП ќе му помага Европската служба за надворешни работи. Оваа служба ќе работи во соработка со дипломатските служби на државите-членки и ќе вклучува службеници од релевантните оддели на Генералниот секретаријат на Советот и од Комисијата, како и персонал назначен од националните дипломатски служби на државите-членки.

Тешко е да се даде оценка за амандамните направени со ЛД во областа на ЗНБП, посебно во однос на креирањето на новиот ВП и Европската служба за надворешни работи, со оглед на фактот што не е можно да се направат прецизни предвидувања врз основа на текстот на ЛД. Праксата ќе ги определи и развие правилата и процедурите.

**Литература**


1. Griler, S., Zeller, J. (eds.), The Lisbon Treaty, EU Constitutionalism without a Constitutional Treaty? SpringerWienNewYork, 2008.
2. Stefano Micossi, S., and Tosato, G., L. (eds.), The European Union in the 21st century, perspectives from the Lisbon Treaty, Centre for European Policy Studies, Brussels, 2009.
3. Kaczynski, M., P.,& Broin, P., Two new leaders in search of job description, *CEPS*, No 200/25 November 2009.

Hugo Brady, Natividad Fernández Sola, Building a European External Action Service: a Difficult Birth?

   a. http://eur-lelex.europa.eu/JOHtml.do?uri=OJ:C:2008115:SOM:EN:PDF

5. *Questions raised over EU diplomatic service*, http://www.euractiv.com/en/future-eu/institutions-wrestle-eu-foreign-ministry/article-186669.
6. Council of the European Union, Doc. No 14930/09, http://register.consilium.europa.eu/pdf/en/09/st14/st14930.en09.pdf
7. Lisbon Treaty amending the Treaty on European Union and the Treaty establishing the European Community, Official Journal of the European Union, C 306, 2007.
8. Gaspers, J., European Diplomatic service: Putting Europe first, *The world today*, January 2010, http://www.chathamhouse.org.uk/publications/twt/archive/view/-/id/1983/

*Snezana Nikodinovska- Stefanovska, PhD*

*Faculty of Security- Skopje*

# *THE HIGH REPRESENTATIVE OF THE UNION FOR FOREIGN AFFAIRS AND SECURITY POLICY*

***Abstract***

*One of the objectives of the Lisbon Treaty was to improve the coherence of EU's actions, particularly in terms of its foreign policy. To this end, the Lisbon Treaty merged the pre-Lisbon role of the High Representative for Foreign and Security Policy, who was appointed by the Council to represent and articulate the common EU position on foreign policy and defence matters and the role of the Commissioner for Foreign Affairs who had a larger budget at his/her disposal than the High Representative for the CFPS, but significantly less authority to speak on the Union's foreign policy affairs.*

*This merging resulted in the establishment of the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy (HR) who will chair the Council for Foreign Affairs and will be a Vice-President of the European Commission. This "double hatting" role of the HR in the Council and EC has no precedent in EU institutional affairs, so its precise operational effects remain to be seen.*

*The paper elaborates on the role and position of the HR in EU external relations. The second part presents an analysis of the provisions for the organization and functioning of the European External Action Service, so called EU Diplomatic Service, which should assist the HR in fulfilling his/her mandate.*

*Key words: Lisbon Treaty, High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy, European External Action Service.*

*Д-р Миодраг Лабовиќ*
Доцент на Факултетот за безбедност - Скопје
mlabovic@fb.uklo.edu.mk

# УСТАВНИ ИЗМЕНИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКО-БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Резиме***

*Со овој и другите предлози, повеќе од сигурно е дека не ќе можат да се елиминираат сите причини и да се прекинат сите канали за влијание на Владата врз претставниците на правосудните органи. Меѓутоа, исто така треба да биде јасно дека ќе се елиминираат долгорочно сите уставно-правни можности за влијание на која било Влада врз правосудството, во поширока смисла. После тоа, кога ќе се прекинат сите формално-правни допирни точки и можности за вршење директен притисок, останува на личниот интегритет на самите судии и јавни обвинители колку тие ќе бидат подготвени да не подлегнуваат на влијанија, бидејќи за суптилни, но сепак директни притисоци кон зависни институции и правосудни функционери, веќе не ќе може да стане збор. Ете затоа сметам дека се битни овие предлози во поглед на најавените, но повлечени и не остварени уставни измени!*

***Клучни зборови:***

*Уставен суд, Претседател на Република Македонија, судство, Врховен совет на правдата, Јавно обинителство, Полиција.*

Од искажаните ставови на некои високи политички функционери на една неодамна организирана јавна трибина на тема “Политичката култура и дијалогот во Република Македонија” се гледа дека тие политичката култура ја сфаќаат единствено како пристојно и воспитано однесување во комуникацијата со политичките конкуренти. Политичката култура е многу повеќе од тоа. Меѓу другото, политичката култура значи вреднување и разгледување на идејните предлози за решавање на круцијалните проблеми во општеството според силината на аргументите за нивната издржаност без оглед од кого доаѓаат, а не според аргументот на силата и институционалната моќ на поединците според позицијата што ја имаат (имале) во формалната хиерархија на системот или умреженоста на независните експерти и НВО активисти изнедрени од скриени (неформални) релации со партиско-политички структури, како и поддршката што ја имаат од странски, новинарски и бизнис структури и разни НВО коалиции (и тоа најмалку заради остварување на основните цели на граѓанскиот (невладин) сектор, а многу повеќе заради остварување на лични политичко-економски интереси). Кај нас не постои, односно слободно можеме да кажеме дека речиси целосно е уништен поимот НЕЗАВИСЕН ИНТЕЛЕКТУАЛЕЦ. Секоја чест на чесните исклучоци кои навистина премалку ги има и не можат да дојдат до израз од “силните независни експерти”. Како инаку би ги објасниле фактите дека некои новорегистрирани НВО учествуваат во работата на Собраниски тела и комисии, се промовираат и наметнуваат како незаобиколни фактори во предлагање закони, застапување ставови во името на целиот граѓански сектор??! итн. Независните интелектуалци, во вистинската смисла на зборот, нигде и никој во оваа држава не ги повикува. А тешко на таа држава во која нема вистински дијалог за сите круцијални прашања за кои се води јавна дебата, бидејќи не може да се чуе гласот (аргументите) на вистински независните интелектуалци. Така не може да се фрли светлина на некои нови, воопшто неначнати димензии на проблемот

за кој се расправа. Во таа држава умира вистината, а со неа полека но сигурно и самата држава. Еден од најголемите политолози во историјата на политичката мисла, Николо Макијавели, своевремено, во неговото дело Владетелот има кажано дека мудриот владетел ако сака долго и праведно да владее треба да ги собере околу себе најумните глави во општеството и да ги овласти да ја зборуваат вистината! Се сомневам дека малкумина и од начитаните современи политолози ја имаат разбрано оваа мудра порака на, инаку, контраверзниот Макијавели.

Затоа сметам дека токму тука во овој простор огромна улога може да одиграат медиумите и истражувачко-креативното новинарство - да ги препознаат издржаните предлог-идеи и да ги промовираат во општ општествен интерес, наместо бескрупулозно да трчаат по сензационалистичко-тривијални вести, прикажувајќи ги во црно-бела техника старо новите идеи на двата, нам добро познати полтички блока, декларативно независните експерти и члениците на формално независните НВО, кои, всушност, се политички зависни бидејќи очигледно трчаат по освојување поени исклучиво само кај еден од политичките табори и, евидентно, профитабилно ориентирани.

Оттука, во врска со уставните измени што беа најавени од страна на Владата на РМ би требало да се постави суштинското прашање: **Зошто, кога веќе се најавуваат уставните измени, тие да не бидат темелни, вистински, за доброто на најголем дел од граѓаните, со тоа што ќе ги затворат, барем во уставно-правна смисла, најневралгичните точки во оние институции каде што се генерираат најголемите проблеми, наместо отворање измени на Уставот за парцијални, не толку битни и површни прашања.**

Мојот став е дека уставни измени се неопходни. Уште пред 5 години на јавните трибини и во моето научно дело “Власта корумпира” се залагав тие да бидат сеопфатни и темелни. **Целта е** некои работи што не се квалитативно-системски решени во Уставот еднаш да се решат подолгорочно за да не се јавува потребата од чести и брзи уставни промени. Ако сега, поради какви се не интереси, отвораме постапка за менување на Уставот, не треба да ја испуштиме повторно и оваа можност за такви уставни решенија кои долгорочно ќе го стабилизираат системот. Но, дали е сега вистинското време за промена на Уставот? Тоа е прашање на политичка проценка и одлука. Лично сметам дека сега не е време, и тоа од повеќе причини кои, поради неоптоварување на текстот, нема да ги образложувам.

Интересно е што опозицијата како аргумент за прифаќање на само едно парцијално решение во делот на Судскиот совет (за бришење на министерот за правда како член на Судскиот совет) истакна дека не треба сега да се отвораат и други прашања оти тоа ќе предизвика лавина на разноразни барања и целата постапка ќе се претвори во пазарење и лицитации. Според таа логика, ние никогаш или за долго време не ќе можеме да ги поставиме на маса вистинските потреби за менување на Уставот, затоа што кај нас уште долго ќе има пазарења и лицитации. Значи ли тоа дека признаваме немоќ за донесување оптимални одлуки за круцијалните прашања за кои е неопходно менување на уставната рамка. Имаме ли сили да признаеме дека нашето општеството дефинитивно не функционира по принципите на граѓанско-либералната демократија и дека во Македонија de facto на сила е концептот на асиметрична бинационална држава (наместо прокламираната мултиетничка и мултикултурна држава) и концептот на консоцијалната демократија, карактеристичен за многу мал број на специфични земји, коишто вештачки се одржуваат и перманентно се на работ на својата егзистенција, а по многу нешта не се нималку слични со нашата земја.

Од друга страна, Владата најави парцијални уставни измени само во делот на Судскиот совет (за бришење на министерот за правда како член на Судскиот совет, што во секој случај преставува позитивен чекор напред, како и евентуалното

зголемување на бројот на членови и намалувањето на нивниот мандат, што ништо посериозно нема да смени), и тоа само поради фактот што така ѝ било сугерирано од меѓународната заедница. Значи ли тоа дека дефинитивно ставаме крај на сите дилеми дека ние сме “банана” држава, која функционира само на импулс од меѓународниот фактор, без да има капацитети за перцепција на своите вистински потреби и приоритети. И дали со такви парцијални и површни уставни измени Владата не ја подгрева и онака изостренатa политичка диоптрија на опозицијата за сомнежите дека најавените уставни измени беа исклучиво од тесно-партиски интереси.

Од трета страна, сево ова значи дека ние како општество немаме ни толку политичка култура, односно таа е на некое примитивно, поданичко ниво, кога за вакви сериозни теми како што е промена на уставот не можеме да препознаеме или барем полемички да го проблематизираме секој издржан предлог за измени на Уставот, дојден макар и од “нерелевантни” фактори, но којшто неспорно е во интерес на најголем дел од граѓаните на ова општество.

Колку се издржни некои од предлозите што подолу ќе ги образложам во скратена форма и дали тие се или не се побитни од најавените парцијални и површни измени на Уставот, проценете сами. Инаку, ова се само мал дел од решенијата за најургентните општествени потреби. За останатите решенија во контекстот на еден целовит системско-стратешки пристап кон создавањето на кохерентен и комплементарен правен, политички и безбедносен систем, којшто треба оптимално да функционира и да дава ефективни резултати во Република Македонија, засега е очигледно дека нема воопшто политичка клима и тоа ќе го оставиме за друга пригода.

Ќе изложам две можни алтернативи за зајакнување на политичката одговорност на Владата и на пратениците. Истовремено, овие алтернативи би значеле и зајакнување на позицијата на Претседателот на Републиката, со цел да се одбегне ситуацијата “лет во место” кога го применува уставното право на суспензивно вето. Првото алтернативно решение предвидува измена на чл. 75 ст. 3 од Уставот, каде што наместо **“мнозинство гласови од вкупниот број пратенци,** би требало да стои: Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со **двотретинско мнзинство од вкупниот број на пратеници**, претседателот е должен да го потпише указот.

Контратезата на ова решение поаѓа од аргументите дека со зајакнувањето на суспензивното вето на Претседателот на Републиката, како прво, би се оневозможила Владата ефикасно да ја остварува зацртаната програма за којашто добила мандат од граѓаните. На тој начин не би имала доволно политички маневар за ефикасно преточување на планираната политика во законски рамки; второ, со тоа неоправдано се инклинира кон “појак” полупретседателски систем поради нарушената асиметрична бицефалност на извршната власт, според која (сега) на претседателот му се оставени церемонијалните должности со одредените надлежности во одбраната и надоврешните работи, а на Владата ѝ е целосно препуштено утврдувањето и реализирањето на тековните политики; трето, претседателот наместо “филтер” за поквалитетни законски решенија, неоправдано може да се “претвори” во “кочничар”, паралелно арбитрирајќи над уставноста на законите заедно со Уставниот суд.

Можниот одговорот на наведените критички забелешки би бил следниот: ова решение може да има предности во околности ако претседателот таквото право го користи само во исклучителни ситуации, кога во својство на “татко” на нацијата треба да има доволно силно (но не и апсолутно вето) да го спречи “облекувањето” на неправдата во “рувото” на правото. Меѓутоа, ова решение крие и многу можности за злоупотреби, особено во услови на нашиот политички фолклор кога Претседателот и Владата нема да се од иста политичка провиниенција, а и тогаш кога се, ама Претседателот одлучил да се “одметне “.

Втората концептуално - апстрахирана алтернатива, според мене, е далеку пооптимална. Оваа алтернатива ја опфаќа промената на целиот став 3 од чл. 75 од Уставот на РМ, којашто би требало да отвори можност според која: **Претседателот на Републиката може да побара претходно изјаснување од Уставниот суд за согласноста на закон со Уставот. Рокот за изјаснување на Уставниот суд не може да биде подолг од 30 дена, а во итни случаи може да биде скратено на 8 дена. Законските одредби за коишто Уставниот суд ќе се изјасни дека се неуставни не можат да бидат прогласени.**

**1)** На овој начин правото на вето на Претседателот на Републиката ја исклучува опасноста од впуштање во оценка на целесообразноста на тековната политика, (што е par excellence владина ингеренција), поради тоа што Претседателот е правно обврзан таквата негова одлука да ја врзе со уставно судскиот став за согласноста на закон со Уставот. **2)** Со оваа одредба се избегнуваа класичното право на шефот на државата на суспензивно вето, кое, без оглед на неговата “тежина” (апсолутно мнозинство или квалификувано мнозинство), секогаш носи можности за негативни консекванци спрема Владата и, што е најважно, спрема широк круг на граѓаните кои можат да бидат оштетени кога Уставниот суд, после подолго време, ќе го поништи или укине законот кој веќе почнал да се применува и создал ненадоместливи последици кои не можат или многу тешко можат да се надоместат. **Најголемата предност од ова решение** е што спорниот закон нема да почне да се применува и да произведува правни последици, наспроти досегашната практика. Впрочем, слично на ова решение постои и Уставот на V-та Француска Република, каде што освен Претседателот на Републиката право на поднесување на законите до Уставниот Совет пред нивното прогласување имаат премиерот, претседателите на двата дома, 60 пратенци и 60 сенатори. Авторот на овој труд, доследен на својот став дека странските решенија не смеат механички да се пресликуваат без претходна квалитативна факторска анализа на нашите специфични детерминирачки фактори, туку врз таа основа да се прифатат модифицирани за нашите услови, овде не го спомнува реперот од споредбеното право за да каже дека ако е така во Франција, мора да биде и во Македонија, туку, напротив, за да нагласи дека такво слично решение (дури и порадикално) веќе постои во светот. **3)** Со ваквото решение не се инаугурира во уставно - правниот систем апсолутното вето, коешто е анти - демократско средство. Напротив, секое поистоветување на оваа одредба со апсолутното вето не ја гледа суштинската разлика, која се состои во тоа што Претседателот, всушност, иницира постапка за испитување на согласноста на спорниот закон со Уставот, пред произведувањето правно дејство. Перцепирањето на допирните точки на ваквото решение со апсолутното вето, исклучиво и неосновано се фокусира само на силата на правното дејство на иницираните уставно - судски одлуки од страна на Претседателот на државата, коишто се **конечни** и **извршни**. Но, во секој случај, многу е подобро последиците од правното дејство на одлуката на Уставниот суд да ја почувствува Владата, отколку после подолг временски период последиците да ги “тргаат” на свој “грб” широк круг граѓани.

**Секако дека доколку Претседателот на државата (или други овластени субјекти што можат политички да бидат прифатени) не ја искористат горе наведената можност, а би требало доколку сакаат да функционираат со полн капацитет, тоа не ја исклучува можноста што според позитивното уставно право ја имаме за поведување иницијативи за испитување на уставноста од широк круг субјекти, но откако веќе оспорениот закон произвел штетни последици**. Ваквата уставна можност е демократска придобивка и во никој случај не треба да се укинува.

Претседателот на РМ и неговиот кабинет не треба да се плашат да ги поддржат овие решенија затоа што ќе помислат дека со тоа испраќаат лош сигнал до Владата, оти

наводно Претседателот на РМ има интенција да ја зајакне својата позиција и да í пркоси на владата (што никој и не го очекува од него и сега е најмалку пожелно ), туку да прифати решение кое ќе му овозможи ефективно, со полн капацитет да ја извршува својата функција во интерес на граѓаните. Впрочем, како што погоре наведов, ваква уставна можност може да има и Премиерот (Владата) и одреден број пратенииици. Уставот мора да има нормативно-проективна димензиаја, да ги атниципира настаните барем една деценјиа напред, оти и кај нас, нели, треба да се очекува и да се даде можност за изразување повисок степен на политичка култура, кога Владата или пратениците од парламентарното мнозинство не ќе имаат секогаш идентични ставови во однос на некои законски решенија.

**II.** Сепак, решението што го предлагам мора да се разгледува низ призма на еден подлабок системски пристап. Меѓу другото, да се има во вид и начинот на конституирањето на Уставниот суд, во смисла: кој ги предлага уставните судии, кој ги избира, пред кого тие одговараат освен пред својата совест. Сегашните уставни решенија не гарантираат дека уставните судии нема да бидат непристрасни и имуни на враќањето на долгот кон оние што ги предложиле и избрале и за коишто сметаат дека природно им припаѓаат. Тоа не се однесува само на овој уставно-судски состав. Тоа се однесува на сите минати и идни состави кога партијата што ги избрала нема да биде на власт, а тие сè уште ќе бидат уставни судии.

За сите овие прашања има алтернативи. Една од алтернативите е Судскиот совет, кој сега предлага двајца уставни судии, да прерасне во **Врховен совет на Правдата**, каде што покрај надлежностите околу редовните судии, во посебен оддел ќе има надлежности и за избор на пет уставни судии. Од другите четворица кандидати, двајца се на предлог од Претседателот на Републиката, а двајца ќе ги избира Собранието на РМ. Модалитетите околу начинот на конституирањето и сите други прашања поврзани со функционирањето на **Врховен совет на Правдата** е предемет на посебна елаборација. Секако дека нема идеални решенија и апсолутна независност. Има само подобри решенија од веќе постоечките во конкретниот општествено-историски миг.

Што се однесува, пак, до барањата на албанските политички партии за примена на **Бадентеровиот принцип на одлучување во Уставниот суд**, за мене не е доволен само аргументот дека тоа излегува надвор од рамките на Охридскиот договор. Според мене, уште поважен е социо-политичкиот контекст на аргументот дека со тоа ќе означиме и формално крај на правната држава и формално прогласување на консоцијалната (консезуална) демократија како тотален принцип за одлучување на сите нивоа по вертикала и сите инстанци по хоризонтала. Ова го тврдам затоа што оценката за согласноста на некој закон или друг општ акт со Уставот нема никаква врска со правичната застапеност на граѓаните. Во Уставниот суд и во Судскиот совет соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите етнички заедници во Македонија си останува и тоа е едно прашање што не треба да се меша со самиот процес на одлучување во овие тела. Бадентеровиот принцип има смисла во областите во кои се донесуваат закони, а кои и те како ги тангираат интересите на немнозинските заедници, со цел тие да не бидат мајоризирани. Но во стручни тела како што е Уставниот суд и Судкиот совет, каде што веќе соодветно се застапени припадници од заедниците нема логика да се одлучува по Бадентер, затоа што тука ќе се изгуби секоја рационална конфронтација на аргументи, дури и за закони кои во Собранието се донесени по Бадентер, од едноставна причина што и тие можат да бидат противуставни. За да не дојде до такви ситуации, за тоа постои Комитетот за меѓуетнички односи. Но, ако дојде до тоа, Уставниот суд треба да одлучува согласно ставовите и убедувањата на секој од членовите индивидуално, наместо закопувањето во етничките ровови. Со тоа ќе се зачува граѓанско-либералниот концепт на државата.

Слични на овие се и барањата на албанските политички партии за примена на Бадентеровиот принцип на гласање и при изборот и разрешувањето на сите судии во државата и на претседателите на судовите, а не како досега само за судовите во општините каде што над 20 проценти од населението се од немнозинска етничка зедница.

Иако го врзуваат со некои од горенаведените барања, сепак, заслужува внимание предлогот на ДУИ, освен министерот за правда, и Претседателот на Врховниот суд да биде избришан како член по функција во Судскиот совет. Овој предлог има валидна аргументација поради фактот што Судскиот совет може да расправа и да одлучува и за работата на Претседателот на Врховниот суд. Оттука, нема логика истиот да биде истовремено и член на ова тело. Неопходните консултации и други прашања од интерес за заемна соработка меѓу Судскиот совет и Претседателот на Врховниот суд може да се остваруваат и без членувањето на Претседателот на Врховниот суд во Судскиот совет.

**III.** Јавниот обвинител на РМ треба да го избира Советот на јавните обвинители, а не според сегашното уставно решение да го именува и разрешува Собранието на РМ, на предлог на Владата, а по претходно мислење од Советот на јавните обвинители, коешто за Владата е правно необврзно. Познато е дека во поголем број земји Јавното обвинителство претставува дел од извршната власт и, консеквентно на тоа, Владите имаат определени ингеренции во поглед на изборот и разрешувањето на функционерите во Јавното обвинителство.

Во принцип, најголемите генератори на високиот тип корупција и со него поврзаниот организиран криминал се владите во речиси сите земји во светот, поради фактот што кај нив е сконцентрирана најголема моќ којашто произлегува од дискреционите овластувања за донесување на најважните одлуки во сите сфери на јавните работи. Меѓутоа, и покрај овој факт, потребата од еманципирање на Јавното обвинителство од Владата не е секаде во светот еднакво изразена. Имајќи ги предвид нашите специфични детерминирачки фактори, како што се степенот на политичка култура, правната свест, отсуството на демократска традиција, специфичниот менталитет и слично, неопходно е еманципирање на оваа исклучително значајна институција од Владата, со цел ефикасно и ефективно функционирање на правниот поредок во Република Македонија.

Имено, познато е присуството во јавноста на многубројни сомнежи и, основани или неосновани, тврдења за селиктивна примена на законот од страна на Јавното обвинителство во Република Македонија, особено кога се работи за случаи на висок тип корупција и организиран криминал во кои, освен обвинувањата за поранешни функционери и сегашни опозиционери, можат да бидат инволвирани и актуелни високи владини функционери. Со оглед на фактот што Јавното обвинителство функционира според принципот на хиерархија и субординација, Јавниот обвинител на РМ има дискреционо право да нареди да се прераспореди случај од еден на друг обвинител во рамките на исто обвинителство или друго основно или повисоко јавно обвинителство, да го отфрли случајот (да ја одбие кривичната пријава), оценувајќи по сопствено мислење дека нема доволно елементи за кривичното дело или нема доволно валидни докази за кривичната одговорност на обвинетите. Исто така, Јавното обвинителство има раководна и координативна функција во однос на спроведувањето на предистражната постапка, така што има определени субординативни надлежности и во однос на МВР, Финасиската полиција и Царинската управа. Со најавените, но сè уште неусвоени измени на ЗКП, се предлага и истрагата да биде во надлежност на Јавното обвинителство. Освен тоа, Јавниот обвинител на РМ, како член по функција во Советот на јавни обвинители, има влијание во ова тело за избор и разрешување на јавните

обвинители на сите нивоа. Сето тоа укажува дека се работи за државна институција со многу големи и значајни надлежности. Со цел да се отстранат сите сомнежи за тенденциозните постапувања, оптимално решение е Јавниот обвинител на РМ, како и другите јавни обвинители, да го избира и разрешува Советот на јавни обвинители, како стручно и независно тело еманципирано од Владата.

**РЕФЕРЕНТНА ЛИТЕРАТУРА**


Лабовиќ Миодраг, Власта корумпира, Де гама, Скопје, 2006

Machiavelli Nicolo, "Nove kneževine, nove države", knjiga I, gl. XXVI

Machiavelli Nicolo, "Knez", Prijevod, Prosvjetna Biblioteka, Zagreb 1918

MacMullen, Ramsay, Corruption and the Decline of Rome, Yale University Press, 1990

Matthews, R.K., "Virtue, Corruption, and Self-interest", Lehigh University Press, an Associated University Press Publisher, 1994

Miller, William L., Grodeland, Ase B., Koshechkina, Tatyana Y., "A Culture of Corruption ", Central European University Press, 2000

Moody - Stuart, George, "Grand Corruption", World View Publications, 1997

Moore, Stephen, "Power and Corruption;,Vision Paperbacks / Satin Publication Ltd, Vision Paperbacks / Satin Publications, 1997

Nikolovska Natalija, Novinski kolumni, "Golemata iluzija - Promeni" Kultura, Utrinski vesnik, 2000

Николовска Наталија, Силјановска - Давкова Гордана, "Македонската транзиција во дефект, од унитарна кон бинационална држава", Магор, Скопје, 2001

Pegg, Mark Gregory, "The Corruption of Angels", University Presses of California, Columbia and Princeton, Princeton University Press,

Peregrine, Horden, Purcell, Nicholas, "The Corrupting Sea", Blackwell Publishers, 2000

Perry, Peter J., "Political Corruption and Political Geography", Ashgate Publishing Group, Ashgate Publishing Limited, 1997

"Politička enciklopedija", Savremena administracija, Beograd , 1975

Porta, Donatella Della, Meny, Yves, "Democracy and Corruption in Europe", Continuum International Publishing Group, Pinter Publishers, 1997

Punch, Maurice, Kolthoff, Emile, van der Vijver, Kees, van Vliet, Bram, "Coping with Corruption in a Borderless World", Kluwer Academic Publishers Group, Kluwer Law International, 1993

Radbruh, Gustav, "Filozofija prava", Nolit, Beograd, 1974

Robinson, Mark (Institute of Development Studies, University of Sussex) "Corruption and Development", Frank Cass Publishers, 1998

Rose - Ackerman, Susan, Corruption and Government", Cambridge University Press, 1999

Schumaker, John F. "The Corruption of Reality", Prometheus Books UK, 1995

Searle, G.R., "Corruption in British Politics 1895-1930", Oxford University Press, Clarendon Press, 1987

Shropshire, Kenneth L., "Agents of Opportunity - Sports Agents and Corruption in the Collegiate", University of Pennsylvania Press, 1990

Singh, Naunihal, "World of Bribery and Corruption", Mittal, 1999

Smailagic, Nerkez, "Historija politickih doktrina" tom I i II, Naprijed, Zagreb, 1971

Stepenhurst, Rick, Kpendeh, Sahr J., World Bank, Curbing Corruption: Toward a Model for Building National Integrity ", World Bank, 1999

Tadić, Ljubomir, "Nauka o politici", Rad, Beograd, 1988

Tadic Ljubomir, Pravna drzava", Institut za kriminoloska i socioloska istrazivanja, Beograd, 1991

Vittal, N., Mahaligam, S., "Fighting Corruption and Restructuring Government", Manas Publications, 2000

Veber Maks, Privreda i društvo, II, Prosveta, Beograd, 1976

United Nations Development Programme, "Corruption and Good Governance", United Nations, 1997

United Nations Development Programme, “Corruption and Integrity Improvement Initiatves in Developing Countries”, United Nations, 1998

Williams, Robert (Professor of Politics, University of Durham), “Party Finance and Political Corruption”, Palgrave, formerly Macmilan Press, 2000

WILLIAMS, Williams, Robert (Professor of Politics University of Durham), “The Politics of Corruption”, Edward Elgar Publishing Limited, Edward Elgar, 2000

WILLIAMS, Willams, Robert (Professor of Politics, University of Durham), Doig, Alan (Professor of Publics Services Management, Liverpool Business, “Controlling Corruption”, Edward Elgar Publishing Limited, Edward Elgar, 2000

WILLIAMS, Williams, Robert (Professor of Politics, University of Durham), Moran, Jonathan (Senior Research Assistant, Liverpool Business School, Flanary, Rachel (Research Assistant, Liverpool Bussiness School, “Corruption in the Developed World”, Edward Elgar Pyblishing Limited, Edward Elgar, 2000

WILLIAMS, Williams, Robert (Professor of Politics, University of Durham), “Explaining Corruption”, Edward Elgar Publishing Limited, Edward Elgar, 2000

The World Bank, “Anticorruption in Transition”, World Bank, 2000

W. Paatii Ofosu - Amah, Raj Soopramanien, Kishor Uprety, “Combating Corruption” World Bank, 1999

Шкариќ Светомир, Споредбено и македонско уставно право, Матица македонска, Скопје, 2004

***д-р Марјан Арсовски***
доцент на Факултет за безбедност – Скопје
**marsovski@fb.uklo.edu.mk**

# ЗАЕДНИЧКАТА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

***Резиме***

*По катастрофалните случувања од Првата и Втората светска војна, во свеста на европските народи се зголеми стремежот за основање на Европска заедница (слична на САД), поттикнати од желбата за обединета Европа и за отстранување на можноста од нова војна на европскиот континент. Меѓутоа, имајќи го предвид хетерогениот збир на јазици и култури во интеграцијата на Европа, не можело веднаш да се почне со културното, военото и политичкото интегрирање, па така во почетокот се интегрирани само економски политики на група држави од Европа, започнувајќи од 1957 година со потпишувањето на Договорот за основање на Европската заедница. Во следните децении, правната архитектура на Заедницата доживува значителни надградби, додека во областа на заедничката надворешна и безбедносна политика (вториот столб) дури со Лисабонскиот договор се предвидуваат значајни реформи преку воведување на ново поглавје во основниот договор, а тоа е „Заедничка безбедносна и одбранбена политика". Во тој контекст, овој научен труд има за цел да даде значајни нови сознанија дали новото поглавје на штотуку усвоениот Лисабонски договор би претставувало суштинска реформа која би довела до формирање на Европска армија со што ЕУ сѐ повеќе би се поставила на меѓународната сцена како „колективен чинител".*

***Клучни зборови:*** *Европска Унија, безбедносна политика, одбранбена политика, Лисабонски договор.*

## Вовед

Од крајот на Втората светска војна па сѐ до приближно 1991 година, Европа била поделена, идеолошки и физички, на две посебни области помеѓу државите на НАТО од запад и државите на Варшавскиот договор од исток. Така, поради преголемата воена зависност на западноевропските држави од НАТО и нуклеарната заштита на САД сѐ до деведесеттите години од дваесеттиот век (1990), Европската заедница нема никаков напредок во областа на безбедноста и одбраната.

Во осумдесеттите години како резултат на вжештената трка со вооружување, во Западна Европа се јавуваат стравувања дека таа ќе стане играчка во борбата на интереси на двете суперсили САД и СССР. Така, преку Единствениот европски акт од 1987 година, Европската заедница го прави првиот посериозен обид за создавање на сопствена независна одбранбена сила преку договорно уредување на Европската политичка заедница (ЕПС), која во себе вклучува економски и политички аспекти на безбедноста. Меѓутоа, поради воздржаноста на Грција, Данска и Ирска одбранбено-политичките аспекти останаа исклучени, така што мораше да се посегне по Западноевропската унија (ЗЕУ), која е целосно во сенка на НАТО, како резервна институција.

Распаѓањето на Советскиот Сојуз и крајот на Студената војна (1990-91 година) значително ја намалија европската зависност од американската заштита со што радикално ја измени безбедносно-политичката околина во Европа. Тоа придонесе на европско тло, од една страна, да се случува процес на единство преку обединување на Источна и Западна Германија, додека од друга страна, се случуваше разединување со распадот на Чехословачка и на Југославија, што доведе дури и до војна на Балканот. Сите овие случувања и искуствата придонесоа самостојната европска безбедносна

политика да влезе во процесот на интеграција како заедничка политика на Европската заедница.

Така, на меѓувладината конференција во ***Мастрихт*** (1991 година), државите-членки на веќе оттогаш Европската Унија се согласија за воведување на Заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБП), како втор столб на Европската Унија, со изгледи за нејзино прераснување во Заедничка одбранбена политика.

Меѓутоа, поради различниот конфликт на интереси помеѓу, од една страна, повеќе атлантски ориентираните земји-членки (Велика Британија) и, од друга страна, континентално-европски ориентираните (Германија и Франција), правните одредби од договорот од Мастрихт кои се однесуваа на безбедносната интеграција останаа повеќе декларативни. Со тоа ЕУ не доби сопствени одбранбено-политички инструменти, туку само продолжи да ја користи веќе постоечката организација - Западноевропската унија (ЗЕУ) која е прогласена за составен дел во развојот на безбедносната политика на Европската Унија.

Немањето сопствени инструменти во практиката ја направи Европската Унија неспособна за справување со прашања од областа на безбедноста, како на пример, со кризата во Босна и Херцеговина, а понатаму и на Блискиот Исток.

Незадоволството од правната конструкција утврдена со Мастрихт доведе до тоа во преговорите за Договорот од *Амстердам* (1997 година) од шест држави-членки да се предложи Западноевропската унија (ЗЕУ) веднаш да се интегрира во Европската Унија, но безуспешно бидејќи предлогот беше одбиен од Велика Британија и од Данска, како и од неутралните земји и земјите што не се членки на Пактот.

Сепак, благодарение на следниот шведско-фински предлог, во Договорот од Амстердам беше прифатено значително поблиско поврзување на Западноевропската унија (како воен инструмент) со ЕУ и беа конкретно пропишани задачите на ЗЕУ, претходно утврдени во Петерсберг, а тоа се: „хуманитарни задачи и спасувачки мисии, задачи за одржување на мирот, како и борбени мисии во решавањето на кризи, вклучително и мерки за воспоставување мир". Ваквата правна констелација беше тестирана во практиката со војната и воздушните напади во Косово, искуство кое покажа натамошно постоење на висока зависност на воената способност на Европската Унија од американските одлуки, но и свртување на британската политика кон активно унапредување на европската безбедносна и одбранбена политика, што за прв чекор го имаше меѓусебното британско-француско приближување на билатералниот самит во Сен Мало (декември 1998 година). Билатералното зближување на долго време спротивставените држави-членки Велика Британија и Франција отвори пошироки можности за безбедносна соработка на ниво на Европската Унија, со што веќе следната година Европскиот совет под германско претседателство во Келн донесе одлука за навистина понезависна европска безбедносна политика.

На следниот Европски совет во ***Хелсинки,*** ставот од претходната конференција прерасна во конкретен предлог, односно беше утврдена првата европска планирана цел (Headline goal) според која државите-членки се обврзуваат во 2003 година да стават на располагање 60000 војници и 5000 полицајци чија првична функција е решавање на кризи. Тоа го претставува првиот обид на Европската Унија да изгради свои воено-борбени капацитети кои во иднина би прераснале во Армија на Европската Унија.

Меѓутоа, во активирањето на предвидените борбени формации е предвидено да се користат средствата на НАТО што значително ја ограничува самостојноста на Унијата во оформувањето на сопствена војска. Како последица на тоа, активирањето на европските воени единици е блокирано од страна на Република Грција која како членка на НАТО го користи нејзиното право на вето сè со цел да ги натера останатите држави-

членки на Унијата да направат поголем притисок врз Турција за решавање на Кипарското прашање во нејзина полза, доколку Европската Унија би сакала да формира сопствена војска.[1]

На крајот, и покрај пречките од страна на Грција, Европската Унија успешно ја докажа својата спремност да дејствува армиски целосно автономно преку операцијата АРТЕМИС од септември 2003 година, во која беа ангажирани 1500 војници од Германија, Британија и други земји-членки под француско раководство, што придонесе кон привремено стабилизирање на ситуацијата во Источно Конго. Понатаму, во средината на 2006 година, Европската Унија ја започна својата втора успешна воена мисија за обезбедување на претседателските избори во Конго, преку своите таканаречени воени единици ЕУФОР (European Forces), која и покрај тоа што беше мошне кратка се смета за успешна мисија, овој пат под германско раководство.

## Општи одредби за заедничка безбедносна и одбранбена политика на ЕУ

За разлика од претходните договори, со Договорот од Лисабон се формира нов правен отсек кој ги регулира прашањата за Заедничката безбедносна и одбранбена политика како составен, интегрален дел од Заедничката надворешна и безбедносна политика.[2] Нејзината цел е да ѝ овозможи на Унијата оперативен капацитет од кој ќе произлезат цивилни и воени средства што ќе може да ги користи надовор од Унијата за одржување на мирот (peacekeeping), спречување на конфликти (conflict prevention) и јакнење на меѓународната безбедност, во согласност со принципите на Повелбата на Обединетите нации.[3] Исполнувањето на мисиите е планирано да биде извршено со користење на воените капацитети на државите-членки. За остварување на предвиденото, државите-членки ќе мора да ги достават на располагање цивилните и воените човечки ресурси и опремата за имплементирање на Заедничката надворешна и безбедносна политика и остварување на целите утврдени од Советот. Државите-членки се обврзуваат прогресивно да ги подобрат своите воени можности и да формираат заеднички мултинационални сили кои можат да ги дадат на располагање за Заедничката надворешна и безбедносна политика, додека пред донесувањето на Договорот од Лисабон, постепеното дефинирање на заедничката одбранбена политика се одвиваше само преку соработката меѓу државите-членки во областа на вооружувањето во мера во која тие го сметаат тоа за неопходно (опортуно).

Со постоењето на сопствен оперативен капацитет престанува постоењето на Западноевропската унија (ЗЕУ) која дотогаш беше составен дел од развитокот на Унијата, овозможувајќи ѝ оперативен капацитет за мисиите надовор од Унијата, како и поддршка на Унијата во дефинирањето на оние прашања од заедничката надворешна и безбедносна политика што се поврзани со одбраната. За таа цел, Унијата ги поттикнуваше поблиските институционални односи со ЗЕУ со цел можна интеграција на ЗЕУ во Унијата, ако за тоа одлучи Европскиот совет.

Исто така е утврдено Заедничката надворешна и безбедносна политика да има за цел постепено дефинирање (оформување) на заедничката одбранбена политика во насока која на крај би довела до создавање на заедничка одбрана, доколку за тоа

---

[1] Слична вето-забрана Грција има користено и за блокирање на членството на Република Македонија во НАТО (каде што сите држави-членки на НАТО, освен Грција, се имаат изјаснето позитивно) со цел да се реши билатералниот грчко-македонски спор во нејзин интерес.

[2] Со претходните Договори на Унијата, оваа област е регулирана само со неколку членови.

[3] Член 28-А (поранешен член 17), Treaty of Lisbon amending the Treaty on European Union and the Treaty establishing the European Community, signed at Lisbon, 13 December 2007, Official Journal of the European Union C 306, 17.12.2007.

претходно едногласно одлучи Европскиот совет. Во тој случај, тој ќе им препорача на државите-членки да усвојат соодветна одлука во согласност со нивните уставни одредби. Од ваквата одредба се констатира намерата на Унијата развитокот на одбраната да се одвива во насока за идно создавање на целосно оформена и самостојна одбрана на Унијата. Притоа, треба да се напомене дека Заедничката надворешна и безбедносна политика не смее да влијае врз специфичниот карактер на политиката на безбедноста и одбраната на одделните држави-членки и да се почитуваат обврските што за одделните држави-членки произлегуваат од Северноатлантскиот пакт и кои сметаат дека нивната заедничка одбрана се остварува во рамките на Организацијата на Северноатлантскиот пакт (НАТО) и е усогласена со заедничката безбедносна и одбранбена политика, договорена во тие рамки.

Слично како и членот 5 од Договорот на Организацијата на Северноатлантскиот пакт (НАТО), во ставот 7 од членот 28-А е утврдено дека доколку една држава-членка е жртва на вооружена агресија на нејзината територија, другите држави-членки ќе имаат обврска да ѝ помогнат на секој начин според нивната моќ, во согласност со членот 51 од Повелбата на Обединетите нации. Притоа, ова правило не треба да биде на штета на одредена Повелба за безбедносна и одбранбена политика од одредена држава-членка.

**Донесување одлуки и извршување задачи**

Одлуките кои се однесуваат на заедничката надворешна и одбранбена политика, вклучувајќи ги и оние за иницирање мисии, како што е утврдено со општите одредби, ќе бидат усвоени едногласно од Советот по предлог на високиот претставник на Унијата за надворешни односи и безбедносна политика или по предлог на држава-членка. Високиот претставник може да предложи употреба на државните ресурси и инструментите на Унијата, заедно со Комисијата.

Советот може да го довери *извршувањето* на задачите во согласност со правната рамка на Унијата на *група* држави-членки со цел да ги заштити вредностите на Унијата и да ѝ служи на нејзините интереси.

Задачите што ги опфаќа членот 28-А (1), за кои Унијата може да користи цивилни и воени средства, ги вклучува: заедничките операции за разоружување, хуманитарните и спасувачките мисии, воено советување, поддржувачките мисии, превенцијата од конфликти и мисиите за одржување на мирот, борбените мисии во кризните операции, како и процесите на наметнување мир и постконфликтна стабилизација. Сите овие мисии можат да придонесат во борбата против тероризмот, вклучувајќи и поддршка на трети земји во борбата против тероризмот на нивните територии. Советот донесува одлуки кои се однесуваат на претходно наведените задачи со кои се дефинираат целите, опсегот (подрачјето) на примена и општите услови за нивно спроведување. Дејствувајќи под надлежност на Советот и во близок и постојан контакт со Политичкиот и безбедносен комитет, високиот претставник за надворешна и безбедносна политика обезбедува *координација* на цивилните и воените аспекти на таквите задачи.

**Институции надлежни за ЗНБП**

ЗНБП е изградена во четири хиерархиски степени. На врвот на хиерархијата се наоѓа *Европскиот совет* како орган што ги дава основните насоки,[4] односно највисок степен на одлучување во случај на ненадминливи разлики во мислењата на

[4] Ibid, член 13.

пониските тела, тој е иницијатор на заеднички стратегии и реформски предлози за ЗНБП/ЕБОП и има својство на портпарол на заедничките ставови во однос на светските случувања. Исто така, Договорот од Лисабон ја потврдува и ја зајакнува улогата на шефовите на држави и на влади, особено со создавањето на функцијата претседател со мандат од 2,5 години.

Второто ниво на одлучување, што е и најзначајно за тековното дејствување, е *Советот на ЕУ* во чиј состав се министрите за надворешни работи (членови 13-16 од ДЕУ), по потреба надополнети со министрите за одбрана.

*Високиот претставник за Заедничка надворешна и безбедносна политика* (ЗНБП) е функција што беше создадена со Договорот од Амстердам и регулирана со членот 26 од Договорот. Сè до влегувањето во сила на Договорот од Лисабон, таа не е функција што може самостојно да дејствува, како на пример европските „министри за надворешни работи". Конципирана е така да има за цел да биде „претставник на теренот" на претседателството на ЕУ кое ротира на секои шест месеци. Првиот носител на оваа функција беше Хавиер Солана кој од 1999 година успеа со политички концепти (на пример, за ново уредување на Балканот), активна дипломатија со патување и чести посреднички напори (на пример, на Блискиот Исток, во поранешна Југославија) да ја направи Заедничката надворешна и безбедносна политика на Унијата позабележителна.[5]

Меѓутоа, оваа функција значително зајакнува со ратификувањето на Договорот од Лисабон и покрај неуспешниот обид тоа да се направи со Уставот на Европската Унија. Значењето е во тоа што високиот претставник на Заедничката надворешна и безбедносна политика освен тоа што претседава со Советот на министрите за надворешни работи, тој се јавува и како претседател на Советот на Европската Унија избран со мандат во траење од две и пол години што дотогаш ротираше на секои шест месеци и како заменик-претседател на Европската комисија за европска безбедносна и одбранбена политика. Со тоа игра важна улога како функционер со „двојна шапка" кој треба да биде и заменик-претседател на Европската комисија за европска безбедносна и одбранбена политика и да биде надлежен за надворешните односи на Унијата сè со цел да се зајакне кохерентноста меѓу првиот и вториот столб.

Преку воведувањето на новата функција постојан претседател на Советот на Европската Унија се заменува досегашното ротирачко претседавање од по шест месеци на кое се сменуваа политичките лидери од секоја земја-членка. Него го избираат шефовите на државите или на владите од земјите во Унијата со квалификувано мнозинство, што значи дека гласовите на сите земји вредат пропорционално на бројот на нивните жители. Мандатот на претседателот трае 2,5 години и на таа функција еден човек може да остане не повеќе од два едноподруго мандати. Притоа е предвидено избраниот претседател на Европскиот совет, кој ќе ја претставува ЕУ надвор, да не е носител на државна функција во некоја од државите-членки на Унијата. Исто така е предвидено и новата европска надворешна акциона служба да обезбеди поддршка на високиот претставник. Од овде може да се констатира дека со измените во Договорот од Лисабон на функцијата висок претставник за Заедничката надворешна и безбедносна политика ќе ѝ се овозможи на Унијата да има единствен и јасен глас во односите со целиот свет и со меѓународните субјекти. Со поставувањето на стабилен претставник се промовираат европските интереси и вредности во светот, истовремено почитувајќи ги посебните интереси на земјите-членки во надворешните работи.

---

[5] The EU in Bosnia and Herzegovina: powers, decisions and legitimacy, Bart M.J. Szewczyk, Union Institute for Security Studies, Occasional paper n° 83 March 2010, Paris 2010. http://www.iss.europa.eu/uploads/media/OccasionalPaper83.pdf

*Комитетот на постојаните претставници (Корепер)* е тело на амбасадори составено од високите претставници на земјите-членки, што традиционално ги извршува подготовките за работата на Советот и понатамошната обработка на неговите одлуки.

Со оглед на тоа што ЕУ ги презеде функциите на *Западноевропската унија (ЗЕУ)*, во член 17 од Наслов V од Договорот од Ница, се губат сите оперативни односи на „испразнетата" ЗЕУ.

Исто така, со договорот од Ница, Комитетот за политички прашања прераснува во *Политички и безбедносен комитет (ПБК)* со што освен за политички станува надлежен и за прашања од областа на безбедноста. Идејата за расправање и на безбедносните прашања постои од поодамна, но таа не можеше да се оствари со Договорот од Амстердам поради турско-грчките спорови за кои преку правото на вето Грција го условуваше постоењето на безбедносната политика на Европската Унија со претходно решавање на Кипарското прашање во нејзина полза.

Во согласност со членот 25 од Договорот за функционирање на Европската Унија, Комитетот за политички и безбедносни прашања ги следи меѓународните случувања од областа на заедничката надворешна и безбедносна политика и учествува во дефинирањето на политиките на Унијата преку давање на мислење до Советот, по предлог на Советот, високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика или по сопствена иницијатива, притоа внимавајќи да не се прекрши членот 207 од Договорот (член кој ја утврдува работата на Комитетот на постојани претставници на владите на државите-членки, односно Корепер). Исто така, Комитетот води сметка за имплементирањето на договорените политики, притоа почитувајќи ја надлежноста на високиот претставник.

Тој е составен од високи службеници/амбасадори во постојаните претставништва на земјите-членки на ЕУ во Брисел кои се состануваат повеќепати во текот на неделата на ниво на постојани претставници (во ПБПК) во Брисел и ја извршуваат централната функција на посредник помеѓу политичкото и административното ниво. Компаративно гледано, Политичкиот и безбедносен комитет (ПБК) е сличен на оној на Советот на НАТО.

Во рамките на обврските утврдени со поглавјето за Заедничка надворешна и безбедносна политика, Политичкиот и безбедносен комитет под надлежност и одговорност на Советот и на високиот претставник врши и политичка контрола и стратешко насочување на мисиите за управување со кризи наведени во членот 43 (член 28-В). Во врска со овие мисии, Советот може да му довери на Комитетот да донесува самостојни одлуки во рамките на целта и за времетраењето на операцијата за управување со кризи.

Тоа би значело дека Комитетот, во случај на криза, може да биде итно свикан и од Советот да добие овластување да одлучува во текот на операцијата за справување со кризата, односно во случај на акции за управување со кризи располага со посебни овластувања за контрола и раководење (член 25 од ДЕУ) во однос на пониските инстанци на Заедничката надворешна и безбедносна политика. Оваа можност за постапување е слична на онаа на Советот на НАТО.

Политичкиот и безбедносно-политичкиот комитет (ПБПК) и Комитетот на постојаните претставници (Корепер) во својата работа имаат поддршка од работните групи на регионалните експерти или предметните експерти на министерствата за надворешни работи (2007 година: околу 30), кои редовно заседаваат во Брисел, како и од советниците на амбасадорите за ЗНБП од постојаните претставништва.

Од март 2000 година, ЗНБП дополнително располага со непосредна воена експертиза во форма на Воен комитет (ВКЕУ) и Воен штаб во Генералниот секретаријат на Советот со повеќе од 100 луѓе, кои во следните години беа дополнети,

меѓу другото, со воена и цивилна ќелија за планирање и со Европската агенција за одбрана (ЕАО). *Воениот комитет* е тело составено од воените претставници, односно шефовите на генералштабовите на земјите-членки чијашто основна функција е да го советува Политичкиот и безбедносно-политичкиот комитет (ПБПК).

*Воениот штаб* е орган составен од околу 200 офицери, службено му е подреден на Генералниот секретар на Советот, а истовремено му е стручно-советодавно подреден и на Воениот комитет. Тој е надлежен само за генеричкото и стратешкото планирање на акциите во кризни ситуации.

Мошне е битно да се нагласи дека Заедничката надворешна и безбедносна политика има и цивилни аспекти во справувањето со кризи, за што е основан посебен комитет (Цивилен комитет - ЦИВКОМ) кој на формално ниво е ист како и Воениот комитет, односно подреден на Генералниот секретар на Советот и има советодавен карактер.[6] Овој комитет, меѓу другото, е надлежен за координирањето на ангажманите на полициските сили, службениците на Европската безбедносна и одбранбена политика во правосудството и другите невоени експерти, со основна намера да се поттикнат целите на ЕУ во областите човекови права и демократија, владеење на правото и обновување на јавниот поредок, што опфаќа околу три четвртини од сите досегашни ангажмани на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ.

За јасниот тренд на сè позасилена присутност на телата за ЗНБП во Брисел, што трае од крајот на деведесеттите години, дополнително е одговорна и Единицата за политики која претставува мала група (околу 20 вработени) подредена на високиот претставник за ЗНБП, составена од експерти и сместена во Генералниот секретаријат на Советот, која наспроти првичната задача како ќелија за планирање, сè повеќе учествува во одредувањето на секојдневната работа на ЗНБП.

## Европска агенција за одбрана

Уште во општите одредби, а понатаму и подетално во членот 28-Д, е утврдено постоење на агенција надлежна за развој на одбранбените можности, истражување, набавка и вооружување (понатаму во текстот како *Агенција за европска одбрана*) која ќе ги идентификува оперативните потреби, ќе промовира мерки за да се задоволат потребите, придонесува за идентификување и каде што е потребно за имплементирање на мерките неопходни за зајакнување на индустриската и на технолошката база на одбранбениот сектор, учествува во дефинирањето на европските капацитети и политиката за вооружување и асистира на Советот во оценката на напредокот на воените капацитети.[7] Своето настанување de facto, Агенцијата го има уште во втората половина на 2004 година кога за подобра координација на постоечките институции, ЕУ започна со изградба на Европската агенција за одбрана, во која во меѓувреме се интегрираа сите групи од ЕКАП.

Со Договорот од Лисабон во членот 28-Д, подетално е утврдено дека Европската агенција за одбрана под надлежност на Советот ќе има задача да:

1) Придонесува во идентификувањето на целите на државите-членки во нивните воени капацитети, како и во евалуацијата на обврските на државите-членки кои ги имаат во врска со воените капацитети;

---

[6] The EU Military Committee and the Committee for Civilian Crisis Management, Mai'a K. Davis Cross, Occasional paper n° 82, Paris 2010.

[7] Council Decision 2007/643/CFSP of 18 September 2007 on the financial rules of the European Defence Agency and on the procurement rules and rules on financial contributions from the operational budget of the European Defence Agency [Official Journal L 269 of 12.10.2007]

2) Промовирање на хармонизацијата на оперативните потреби и донесување на ефективни и соодветни методи за набавка;
3) Предлагање воени проекти со целите утврдени за воените капацитети, како и обезбедување координација на програмите имплементирани од државите-членки и менаџирање на специфичните координациони програми;
4) Поддржување на истражување во одбранбената технологија и координирање и планирање на заеднички истражувачки активности и студии за технички решенија за идните оперативни потреби;
5) Придонесување во идентификувањето и доколку е потребно имплементацијата на какви било корисни мерки за зајакнување на индустриската и на технолошката база на секторот за одбрана и подобрување на ефикасноста во военото трошење.

Европската агенција за одбрана ќе биде отворена за сите држави-члекни кои би сакале да бидат членки во неа. Одлучувајќи со квалификувано мнозинство, Советот ќе донесе статут на Агенцијата и ќе ги утврди местата и правилата за работење. При одлучувањето ќе се земе предвид нивото на ефективното учество во активностите на Агенцијата. Во Агенцијата ќе бидат формирани посебни групи кои ќе ги поврзуваат државите-членки кои учествуваат во заеднички проекти. Доколку е потребно, Агенцијата ќе ги реализира своите обврски во комуникација со Комисијата.

## Постојана структурирана соработка

Државите-членки чии воени капацитети исполнуваат високи воени критериуми и кои имаат создадено поголеми обврски една спрема друга во оваа област, односно во однос на посериозните мисии ќе формираат Структура на постојана соработка во рамките на Унијата. Соработката ќе биде подетално утврдена во членот 28-Е и нема да има ефект врз одредбите од членот 28-Б (група). Со тоа се констатира постоење на „*постојана структурирана соработка*" за оние држави-членки што „исполнуваат построги критериуми во однос на воената способност" и сакаат да извршуваат „мисии со најголеми предизвици".[8] Државите-членки кои сакаат да учествуваат во постојаната структурирана соработка наведена во членот 28-А (6), а кои ги исполнуваат критериумите и се имаат обврзано со воени капацитети утврдени во Протоколот за постојана структурирана соработка, ќе го известат Советот и високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика. Исто така, и секоја држава-членка која во подоцнежната фаза би сакала да учествува во постојаната структурирана соработка ќе го извести Советот и високиот претставник за своите намери. По известувањето, во период од три месеци, Советот ќе усвои одлука за основање на постојана структурирана соработка и одредување на листа на држави-членки кои ќе учествуваат. За тоа прашање, Советот одлучува со квалификувано мнозинство по претходни консултации со високиот претставник.

Советот ќе усвои одлука со која се потврдува учеството на заинтересираната држава-членка која ги исполнува критериумите и се обврзува на обврските утврдени во членовите 1 и 2 од Протоколот за постојана структурирана соработка. Советот одлучува со квалификувано мнозинство по консултациите со високиот претставник. Во гласањето во Советот ќе учествуваат само членовите кои се веќе учеснички.

Квалификуваното мнозинство ќе биде дефинирано во согласност со членот 205 (3) (а) од Договорот за функционирање на Европската Унија.

---

[8] Planning for EU military operations, Luis Simón, European Union Institute for Security Studies, Occasional paper n° 81, Paris 2010.

Доколку држава-членка која е учесник *повеќе не ги исполнува* условите или повеќе не е способна да ги исполни обврските утврдени во членовите 1 и 2 од Протоколот за постојана структурирана соработка, Советот може да донесе одлука за суспендирање на учеството на државата-членка. За тоа прашање Советот одлучува со квалификувано мнозинство, а во гласањето во Советот ќе учествуваат само членовите кои се веќе учеснички, без државата-членка за која се одлучува. Квалификуваното мнозинство ќе биде дефинирано во согласност со членот 205 (3) (а) од Договорот за функционирање на Европската Унија. Секоја држава-членка која би сакала да се повлече од членството во постојаната структурирана соработка ќе го извести Советот за своите намери кој ќе забележи дека на државата-членка ѝ престанало членувањето.

Одлуките и препораките на Советот ќе бидат донесени едногласно со исклучок на оние утврдени со ставовите 2 и 5 од членот 28-Е, а едногласноста ќе биде направена само од гласовите на претставниците од државите-членки кои се учеснички. Кон ова е придодадена уште и клаузулата за солидарност, што овозможува вклучување воени средства при терористички напади или природни катастрофи.

Од овде можат да се увидат новините со Договорот од Лисабон во однос на Договорот од Ница, како на пример, доверување на извршувањето на одредена мисија на група земји-членки (коалиција на оние што покажаа волја- coalition of the willing) и обврска за помагање.

## АКТИ

Поконкретно, Европската Унија ги отвори темелните прашања со Европската безбедносна стратегија од декември 2003 година (слична на Стратегијата за национална безбедност на САД (СНБ) и понатаму (декември 2008 година) надополнета со измени и дополнувања, која ги вклучува новите предизвици, како климатските промени и енергетската сигурност. Со Европската безбедносна стратегија е опфатен целиот дијапазон од политички, економски и воени инструменти на Европската Унија за борба против глобалните предизвици и закани, што настануваат преку тероризмот, транснационалниот криминал, ширењето на оружјето за масовно уништување и насилните конфликти во нестабилни држави. За разлика од Стратегијата за национална безбедност на САД (СНБ), Европската безбедносна стратегија повеќе ја нагласува примената на дипломатски и политички средства и јакнењето на меѓународните институции, како и владеењето на правото, при што употребата на воени инструменти се гледа како последно средство за обновување или задржување на меѓународниот поредок. Меѓутоа, со оглед на тоа што европската и американската анализа на заканите речиси не се разликуваат, Европската безбедносна стратегија, по претходните искуства со поделеноста на Европа, не е само документ за градење внатрешен консензус во Европа, туку и добра основа за потребниот стратешки дијалог со САД за заеднички пристап кон идните прашања во однос на светскиот поредок – пред сè, во поглед на новата администрација на претседателот Обама.

Од донесувањето на првата планска цел, постојано се работи на подобрување на европските воени способности во рамките на Акцискиот план за европски способности („European Capability Action Plan” (ЕКАП)) кој, сепак, има само умерен успех. Истовремено, телата на Европската Унија изработија дополнителна, попрецизна планска цел за воените сили 2010, усогласена со искуствата. [9]

---

[9] Joint Action Official Journal 2004/551/CFSP12.7.2004-OJ L 245 of 17.7.2004.

## Заклучок

Надворешната и безбедносната политика е атрибут на државност кој претставува најсилно средство во меѓународните односи. Желбата на Европската Унија да преземе поголем дел од глобалниот безбедносен товар и да биде вистински субјект на светската сцена може да биде реална кога надворешната и безбедносната политика ќе се пренесе од државите-членки на ниво на Унијата со цел таа да биде ефективна. Притоа, натамошната европска интеграција и создавањето на наднационална надворешна политика на ЕУ ќе создаде дуплирање на НАТО-ресурсите од страна на Европската Унија, како и намалување на билатералните ангажмани на американската влада со кои САД долго време уживаа во придобивките од нив.

**Користена литература**

Treaty of Lisbon amending the Treaty on European Union and the Treaty establishing the European Community, signed at Lisbon, 13 December 2007, Official Journal of the European Union C 306, 17.12.2007.

The EU Military Committee and the Committee for Civilian Crisis Management, Mai'a K. Davis Cross, Occasional paper n° 82 Paris 2010.

Council Decision 2007/643/CFSP of 18 September 2007 on the financial rules of the European Defence Agency and on the procurement rules and rules on financial contributions from the operational budget of the European Defence Agency [Official Journal L 269 of 12.10.2007]

Planning for EU military operations, Luis Simón, European Union Institute for Security Studies, Occasional paper n° 81, Paris 2010.

Joint Action Official Journal 2004/551/CFSP12.7.2004-OJ L 245 of 17.7.2004.

*Marjan Arsovski, PhD*
*Faculty of Security- Skopje*

***COMMON SECURITY AND DEFENCE POLICY OF THE EUROPEAN UNION***

*After the disastrous events of the First and Second World Wars, the European nations were strongly determined to establish a European Union (like the USA), driven by the aspiration for a united Europe and elimination of the possibility for another war on the European continent. However, having in mind the heterogeneous set of languages and cultures Europe could not begin with its cultural, military and political integration, so at the beginning it only integrated the economic policies of a group of European states, starting in 1957 with the signing of the Treaty establishing the European Community. In the following decades, the legal architecture of the Community has undergone significant upgrades. As far as its common foreign and security policy (the second pillar) is concerned, the most significant reforms in this area are enshrined in the Lisbon Treaty with the introduction of a new chapter in the basic Agreement with the title "Common Security and Defense Policy."*

*In this context, the aim of this scientific paper is to provide new findings of scientific significance in order to determine whether the new chapter introduced by the Lisbon Treaty would lead to the formation of a European army, thus increasing the EU role as a "collective actor" on the international scene.*

*Keywords: European Union, Defense and Security Policy, Defense policy, the Lisbon Treaty.*

.

*м-р Татјана Гергинова*
**Асистент на** Факултетот за безбедност – Скопје
tgerginova@fb.uklo.edu.mk

# БЕЗБЕДНОСНА СТРАТЕГИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Резиме***

*Во рамките на овој труд ќе утврдиме што е траен интерес, витален интерес и важни интереси, кои се услов за остварување на безбедноста на граѓаните, но и за стабилноста, функционирањето и континуитетот на државата. За реализација на своите национални интереси, Република Македонија е потребно да води безбедносна политика и да гради безбедносен систем кој ќе биде способен, ефикасен и кредибилен да одговори на безбедносните предизвици на овој век, да решава кризи внатре во државата, како и да помогне во решавањето на кризите во регионот и пошироко.*

*Република Македонија е свесна дека новото меѓународно опкружување нуди многу можности, меѓутоа и многу нови предизвици, ризици и опасности од загрозување на безбедноста.*

*Клучни зборови: траен интерес; витален интерес; важни интереси; ризици и опасности по безбедноста; безбедносни можности.*

## ВОВЕД

Интеграцијата во НАТО претставува витален интерес за Република Македонија, која како мала европска држава гледа на НАТО како на еден од клучните столбови на модерната, евроатланската и безбедносната архитектура. Во таа насока, Република Македонија цврсто ги поддржува процесите на трансформација и проширување на Алијансата и се залага со тоа проширување да биде опфатена и самата, како држава која ќе придонесува за зајакнување на мирот и стабилноста во Југоисточна Европа. Република Македонија е свесна за недоволната ефикасност на изолиран систем за безбедност, а посебно систем за одбрана на малите и економски недоволно моќни земји. Оттука, таа се ориентира кон учество и активности во колективните системи за безбедност, со крајна цел - зачленување во НАТО.

Во основа, Република Македонија се наоѓа во централниот дел на ЈИЕ и претставува географска крстосница меѓу Европа, Азија и Африка, што е од големо значење за нејзиниот развој. Од безбедносен аспект, таа е и една од крстосниците на главните патишта на тероризмот, илегалната миграција, илегалната трговија со дрога, оружје и луѓе од Азија и Африка кон Западна Европа.

Главна цел на развојот на европската безбедност е оформување на безбедносна средина заснована врз кооперативни односи и заемно координирани активности од областа на безбедноста, одржувањето на стабилноста, превенцијата и решавањето на кризи, политичката, економската и другите области, изразени најмногу преку водечката улога на НАТО во креирањето на безбедносната политика и отворената врата за негово проширување. Земјите членки на Партнерството за мир (во натамошниот текст ПМ) и Евроатланскиот партнерски совет (ЕАПС), процеси и механизми предводени од НАТО, континуирано дејствуваат на проширување на зоната на демократија и стабилноста во Европа.

Југоисточна Европа, и покрај напредокот на безбедносната состојба, и натаму е регион каде што сè уште постојат закани по безбедноста чии корени се во политичкиот

екстремизам, екстремниот национализам, верската и расната нетрпеливост, што заедно со постоењето на слаби државни институции и непостоење на владеење на правото во некои држави и региони, како и транснационалните опасности, претставуваат основа за висок степен на ризици и опасности по Република Македонија, земјите во регионот и Европа. Како посебна закана и извор на нестабилност претставува присуството на огромни количини на илегално оружје, што претставува и закана по безбедноста на Република Македонија.

## 1. Определување на поимот безбедност

Поимот безбедност, неговата содржина и општествена функција, може да се разбере само доколку користиме интердисциплинарен пристап. Условите за настанување на поимот безбедност и различните организациони форми на развој на безбедноста се условени од развојот на човечкото општество. Ако го анализираме развојот на безбедноста низ историјата, ќе утврдиме дека овој процес има различни форми на дејствување во разни историски ситуации.[1]

Безбедноста означува гарантирање и давање поддршка на мирот и стабилноста, обезбедување и заштита на виталните вредности како што се суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет на државата, обезбедување и заштита на уставниот правен поредок и човековите права и основни слободи, поддршка на економијата, како и менаџмент и контрола на процесот на гарантирање на висок степен на националната безбедност. Ефикасното постигнување на националната безбедност е невозможно без управувачка и контролна функција која се остварува од страна на државните структури на власт, преку усогласено и координирано дејствување на законодавната и извршната власт.[2]

Постигнувањето на чувство за безбедност во современиот свет претставува фундаментална задача на државата во новата безбедносна средина во која државните институции треба да одговорат адекватно на променетата природа на внатрешните и на надворешните закани, ризици и предизвици. Денешниот свет го карактеризираат брзи и динамични промени кои со себе носат нови и често непредвидливи ризици и опасности по безбедноста на државата. Трендот на глобализација на светот, покрај предностите, донесе и ризици и закани, предизвикани најмногу од продлабочувањето на јазот меѓу богатите и сиромашните, и интернационализација на одредени опасности од кои најекстремни се меѓународниот тероризам, организираниот криминал, илегалната миграција и илегалната трговија со дрога, оружје, луѓе и стратегиски материјали. Понатаму е зголемена опасноста од употреба на оружје за масовно уништување кое е забрането според меѓународното право, како и опасноста од невоени закани кои се манифестираат во разновидни облици и се зголемија по интензитет, време и простор.

Со распаѓањето на земјите од поранешниот социјалистички блок, се појавија држави и региони во кои се присутни социјални деструкции и нестабилни демократски структури и институции. Такви се екстремниот национализам, етничките, расните и други ксенофобии и предрасуди, кои се манифестирани до крајна граница на омраза и употреба на насилство, а како последица ја имаат разрушената инфраструктура и многу човечки жртви. Безбедносната состојба во современиот свет се карактеризира со динамичен и адаптивен развој на државите во новите состојби на соработка, односно на предизвикот да се најдат себеси во новиот поредок, при што меѓународната заедница и нејзините институции понекогаш се соочуваат со актуелни и непожелни

[1] Masleša R., *Teorije i sistemi sigurnosti,* "Magistrat" Sarajevo, 2001, str.3.
[2] Management of Defence, Democratic and Civilian Control, Including Integration of Security Sector, pp. 2-3.

воени, невоени и други ризици, закани и опасности. Поради ваквата состојба, во почетокот на XXI век, поимот безбедност, во споредба со минатото, доби некои значајни нови карактеристики. Во една ваква поставена рамка, темелно се изменија значајните објективни фактори кои ја одредуваат безбедносната реалност во одделни држави и во меѓународната заедница во целост, како што се на пример: економските, безбедносните, воено-политичките, геостратегиските, еколошките фактори итн. Сето ова придонесе да се измени и осознавањето и сфаќањето на безбедноста во современото општество. Приодот кон поимот безбедност најдобро го изразил угледниот истражувач Арнолд Волферс кој со своите истражувања во оваа област посебно ќе укаже на повеќедимензионалноста и сложеноста на проблемот на безбедноста.[3] Според Волферс, за да се разбере поимот безбедност, потребно е да се изучуваат темелните категории на поимот безбедност, видовите на безбедност, механизмите за неговото остварување, видовите на загрозување итн.

Зборот ˝безбедност˝ е повеќезначен и во теоријата и во практиката и се користи за да се означат разновидни елементи и односи. Безбедноста е дефинирана на различни начини, а како позначајни се издвојуваат дефинициите за безбедност дадени од следниве автори: д-р Митко Котовчевски; д-р Трајан Гоцески; д-р Сава Ковачевиќ; Синиша Таталовиќ; Воениот лексикон; Малата политичка енциклопедија; Слободан Милетиќ итн.

Безбедносната политика можеме да ја дефинираме како дел од општата политика која, врз основа на релевантни факти добиени преку безбедносни проценки за степенот на загрозеност на вредностите, ги определува средствата и мерките со кои можат да се постигнат определени безбедносни цели во земјата и во странство.[4]

За да се сочуваат виталните вредности на правниот поредок во Република Македонија, државата гради општа стратегија која се именува како национална стратегија и треба да ја обезбеди националната безбедност на државата. Врз основа на изградената национална стратегија, надлежните институции ја утврдуваат безбедносната политика (Претседателот на државата, Собранието, Советот за безбедност), а извршните органи ја спроведуваат таа политика (Владата, судовите, Министерството за внатрешни работи, инспекции, граѓаните итн).

Со безбедносната стратегија на државата се определувааат ставовите на Република Македонија и нејзините погледи за нејзиното безбедносно опкружување, политиката на националната безбедност, како и насоките за зголемување на можностите и подготвеноста на Република Македонија за одговор на предизвиците, ризиците и опасностите по безбедноста на земјата, како и целите, насоките, областите и инструментите за нејзино остварување.

## 2. Безбедносно опкружување на Република Македонија

Заради одржување на националната безбедност на Република Македонија, неопходно е постојано преземање на мерки и активности од страна на органите на државната власт, со цел спречување на појави со кои ќе се загрозуваат основните вредности на правниот поредок, трајните и виталните интереси и цели на државата, како и уставниот поредок и безбедноста на државата.

[3] Wolfers A., National Security as an Ambiguous Symbol, Discord and Collaboration, John Hopkins University Press, Baltimore, 1962.
[4] Спасески Ј., Македонија столб на безбедноста и мирот на Балканот, Скопје, 2005, стр. 69.

Национална концепција за безбедност и одбрана[5] ги утврдува виталните интереси[6] и трајниот интерес на Република Македонија, кои се пресудни за животот и безбедноста на граѓаните, но и за стабилноста, функционирањето и континуитетот на државата. Интересите на Република Македонија произлегуваат од темелните вредности утврдени со Уставот на Република Македонија.[7]

Траен интерс[8] на државата е зачувување и унапредување на нејзиниот државен идентитет со слободно изразување на етничкиот идентитет на сите граѓани, како и заштита на независноста и територијалниот интегритет. Од виталните интерси за државата, од особено значење е политичко-одбранбената интеграција во НАТО, политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската унија, како и во другите системи за колективна безбедност.

Како предуслови за креирање и остварување на трајниот интерес и виталните интереси на Република Македонија, оваа концепција ги утврдува следниве важни интереси:[9]

- изградба и развој на сите форми на соработка со соседите во интерес на мирот, безбедноста и развојот на Република Македонија и нејзините соседи;
- сопствен придонес за зачувување и унапредување на мирот и стабилноста во Југоисточна Европа (во натамошниот текст ЈИЕ) заради зајакнување на демократијата, безбедноста и просперитетот на сите земји во регионот;
- учество во изградбата на мирот и стабилноста во регионот, Европа и светот, како и превенција и изградба на инструменти за рано предупредување на тензиите и кризите, со цел навремено и ефикасно решавање по мирен пат;
- зачувување и напредок на меѓународниот поредок заснован врз праведност, заемно почитување на меѓународниот поредок втемелен во меѓународното право, како и политичка и економска рамноправност на државите;
- обезбедување на услови и унапредување на внатрешно-политичката стабилност и можности;
- зачувување и заштита на животната средина во државата во соработка со поширокото опкружување;
- создавање услови за унапредување на безбедносната култура.

За реализација на своите национални интереси, Република Македонија е потребно да води безбедносна политика и да гради безбедносен систем кој ќе биде способен, ефикасен и кредибилен да одговори на безбедносните предизвици на овој век, да

[5] Националната концепција за безбедност и одбрана[5] е основен документ на Република Македонија во областа на безбедноста и одбраната, и се заснова врз процената за загрозувањата по нејзината безбедност и врз таа основа усогласени цели и насоки за водење на националната безбедносна политика, како и врз процената за меѓународното опкружување и положба на Република Македонија. Оваа концепција своите корени ги има во почитувањето на Уставот и законите, во националните вредности и од нив произлезените интереси на Република Македонија, рамноправноста на сите граѓани без оглед на нивната етничка припадност, демократската основа на државата, владеењето на правото, почитувањето на човековите права и слободи, пазарната економија, социјалната правда и почитувањето на меѓународното право и меѓународните договори и спогодби.

[6] Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година, точка 7 став 2.

[7] Устав на република Македонија, Службен весник на РМ бр. 52/1991, чл.8.

[8] Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година, точка 7 став 1.

[9] Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година, точка 7.

решава кризи[10] внатре во државата, како и да помогне во решавањето на кризите во регионот и пошироко.

Република Македонија е свесна дека новото меѓународно опкружување нуди многу можности, меѓутоа и многу нови предизвици, ризици и опасности[11] од загрозување на безбедноста.[12]

Овие нови предизвици, ризици и опасности бараат нови одговори кои можат да се реализираат само преку соработка и со помош на сите земји од регионот, Европа и светот. Република Македонија се определува во остварувањето на своите национални интереси и подобрувањето на сопствената безбедност да ги почитува и да ги применува одредбите од Повелбата на ООН[13] (како посебно заначајни се членовите 1 и

---

[10] "Криза" е појава со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на државата, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста на Републиката.
Закон за управување со кризи, Службен весник бр. 29/2005, член 3 точка 4.

[11] "Ризици и опасности" се можни манифестации на национализам и верска нетрпеливост и омраза; облици и активности сврзани со меѓународниот тероризам, организиран криминал, недозволена трговија со дрога, оружје и луѓе, последици од средствата за масовно уништување; поседување на големи количини на илегално оружје; корупција; урбан тероризам; тежок криминал, вклучувајќи уцени, убиства и напади врз граѓаните и нивната сопственост; активности на странските специјални служби насочени кон влошување на безбедносната состојба; последици од судир на интереси за користење на изворите и патиштата на стратегиските енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Републиката; елементарни и други непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните, како и деградација од поголем обем и уништување на животната средина.
Закон за управување со кризи, Службен весник бр. 29/2005, член 3 точка 2.
За ризици и опасности по безбедноста на Република Македонија види во точка 24 од Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година

[12] "Загрозеност на безбедноста на Републиката" е загрозување од ризици и опасности по добрата и животната средина, здравјето и животот на луѓето и животните и растенијата, имотот и другите материјални добра од поголем обем, стабилноста, функционирањето на државата и нејзиниот поредок утврден со Уставот, за кои не постојат услови за прогласување воена или вонредна состојба"
Закон за управување со кризи, Службен весник бр. 29/2005, член 3 точка 1.

[13] ООН се засноваат врз идејата за колективна безбедност на меѓународниот поредок, што со заедничка акција на сите држави треба да оневозможи агресивна политика на секоја од државите поединечно.
Република Македонија во водењето на надворешната полтика е должна да го почитува членот 1 од Повелбата на ООН.
Во чл.1 од Повелбата, се наведени следните цели на ООН;

- Одржување на меѓународниот мир и безбедност и во таа насока: преземање ефикасни колективни мерки заради спречување и отстранување на заканите по мирот и спречување на акти на агресија и други повреди на мирот, како и средување и решавање на меѓународните спорови или ситуации што би можеле да доведат до повреди на мирот со примена на мирни средства, а во согласност со начелата на правда и меѓународното право, средување и решавање на меѓународните спорово или ситуации кои би можеле да доведат до повреда на мирот;
- развивање пријателски односи меѓу нациите, засновани врз почитувањето на принципите на рамноправност и самоопределба на народите и преземање други соодветни мерки заради зацврстување на општиот мир.
- постигнување меѓународна соработка со решавање на меѓународните проблеми од екномска, социјална, културна и хуманитарна природа, и унапредување и поттикнување на почитувањето на човековите права и основни слободи за сите без оглед на расата, полот, јазикот или верата.
- да станат седиште за усогласување на акциите што се преземаат заради постигнување на овие заеднички цели.

Од безбедносен аспект, посебно е значаен чл. 51 од Повелбата на ООН кој гласи: "Ништо во оваа Повелба не го намалува вроденото право на индивидуална или колективна самоодбрана во случај на вооружен напад против членка на ООН, додека Советот за безбедност не преземе мерки потребни за зачувување на меѓународниот мир и безбедност. За мерките што ги преземаат членките при вршење на ова право на самоодбрана, веднаш ќе биде запознаен Советот за безбедност и тие на ниеден начин нема

51), како и одредбите на Северноатланскиот договор познат како Договор за формирање на НАТО во 1949 година.[14] Република Македонија припаѓа на малите европски земји со ограничени ресурси[15] и недостиг на одредени енергенси и други материјали, меѓутоа и понатаму презема активности околу зацвстување и унапредување на демократијата и на државните институции, создавање услови за трансформација и развој на економијата и развивање на социјалната димензија за заштита и унапредување на животната средина.

Заради остварување на своите национални интереси, Република Македонија е должна да гради и да ги унапредува своите безбедносни можности и потенцијали. Во безбедносни можности значајни за државата се вбројуваат следниве:[16]

- активна партиципација во ширењето на мирот и стабилноста во функција на зголемување на општата безбедност во регионот и Европа, со перманентно зголемување на можностите и капацитетите за превенција и справување со кризи;

- вклучување во сите меѓународни, глобални, политички, економски, социјални и други текови, предводени од меѓународните институции и организации;

- целосна партиципација и интеграција во Евроатланските безбедносни структури, во функција на ширење на стабилноста и безбедноста, изразена преку процесите и активностите за подготовка за членство во НАТО И ЕУ, но постојано и во тесна соработка со ОБСЕ и ООН;

- постојано унапредување и развој на добрососедските односи и регионалната соработка во функција на подобрување на безбедносната состојба и опкружување, како и политичка и економска стабилност и напредок;

- доизградување и унапредување на демократските основи на државата, врз основа на почитувањето на основните слободи и права на човекот и граѓанинот;

---

да го доведат во прашање овластувањето и одговорноста на Советот за безбедност да презема во секое време таква акција, ако смета дека е нужна заради одржување на воспоставениот мир и безбедност.

[14] Земјите-потписнички на Договорот, со членовите 1 и 2, се обврзуваат меѓународните спорови да ги решаваат со мирољубиви средства, како и дека ќе се воздржат од закани или употреба на сила во секој случај кој не би бил во согласност со целите на Обединетите нации. Покрај тоа, тие се обврзуваат да ги елиминираат конфликтите во нивните меѓунационални економски политики и да ја развиваат економската соработка на нивните земји.Согласно членот 3, земјите-потпинички се обврзуваат дека ќе ги одржуваат и развиваат своите способности, индивидуални и заеднички, со континуирана и ефикасна самопомош или со заемна помош за да дадат отпор на секој напад.

Со членот 4, земјите-потписнички се обврзуваат дека заемно ќе се консултираат секогаш кога, според мислењето на некоја од нив, постојат опасности од загрозување на виталните вредности на земјите како што се: територијалниот интегритет, политичката независност и безбедноста на некоја од земјите-потписнички на договорот.

Во чл.5 од договорот, земјите-членки изразуваат готовност на колективна акција во случај на оружен напад врз една или повеќе држави-членки во Европа или Северна Америка. Секој воен напад на една или на повеќе земји од нив ќе се смета како да е извршен напад врз сите земји потписнички, кои се согласни, во таков случај, да го применат своето право на индивидуална или колективна самоодбрана, што го признава и членот 51 од Повелбата на ООН. Земјите-членки, индивидуално или во соработка со други држави потписнички, ќе ѝ помогнат на нападнатата држава со активности кои_ќе бидат неопходни, вклучувајќи и употреба на вооружени сили за да се врати и да се одржи безбедноста на северноатланското подрачје. За секој случај на напад и за преземените мерки против тој напад, предвидена е обврска веднаш да се извести Советот за безбедност на ООН. Преземените мерки и активности на НАТО престануваат во оној момент кога Советот за безбедност ќе преземе мерки неопходни за враќање и одржување на меѓународниот мир и безбедност.

[15] "Ресурси" се граѓани, објекти, моторни возила, материјално-технички средства, опрема и финансиски средства со кои располага Републиката.

Закон за управување со кризи, Службен весник бр. 29/2005, член 3 точка 3.

[16] Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година, точка 22.

- достигнување на правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници во органите на државната власт и јавната администрација на сите нивоа, посебно и во безбедносните структури;

- доизградување на јавната администрација како сервис на граѓаните со висока професионалност, политичка неутралност, компетентност и ефикасност;

- создавање на услови за функционирање на пазарната економија, социјално и еколошки ориентирана, како и унапредување на условите за живот и работа на граѓаните;

- унапредување на научно, техничко-технолошката, информатичката и инфраструктурната основа на државата и

- создавање на услови за користење на економските и други сопствени ресурси и можности во функција на безбедноста и одбраната.

Надворешната политика е насочена кон заштита, одржување и унапредување на интересите на Република Македонија во односите со другите држави (заштита на суверенитетот, независноста и територијалниот интегритет на државата).

Заради својата и општата безбедност во регионот, Европа и светот, Република Македонија изразува подготвеност за соработка, ставање на располагање на сите свои капацитети, меѓусебно почитување како основна и водечка нишка за интензивирање, продлабочување и изнаоѓање на нови форми на соработка со сите свои соседи и регионот, кои се во интерес на мирот и безбедноста во нејзиното непосредно опкружување, регионот и Европа. Во интерес на мирот и стабилноста, Република Македонија е подготвена да ги имплементира сите меѓународни аранжмани кои се однесуваат на контролата и неширење на оружјето за масовно уништување, меѓународните аранжмани за други видови оружје, како и аранжманите за надзор врз извозот на технологија и оружје, посебно усогласувајќи ги со Кодексот на ЕУ за извоз на оружје.[17]

Република Македонија е должна да води политика на националната безбедност со основна цел да ја заштитува, одржува и унапредува безбедносната состојба на државата, создавајќи амбиент за остварување на националните интереси на Република Македонија. За таа цел Република Македонија користи инструменти, под кои се подразбираат сите нормативно-правни,организациони, процедурални, човечки и други методи и техники, како и односите, комуникацијата и соработката со сите владини и невладини, домашни и меѓународни организации, органи, тела, асоцијации и други форми на дејствување и соработка во насока на остварување на безбедносната политика на државата[18].

Заради одржување и унапредување на безбедносната состојба на државата, неопходно е преземање на повеќе мерки и активности од страна на државните институции, како на пример: квалитетна и континуирана експертска анализа на безбедносното опкружување заради активно учество во неговото креирање и превенција на ризиците и опасностите; одржување и унапредување на соодветни безбедносни капацитети и способности за превенција, минимизирање и елиминирање на безбедносните ризици и опасности, унапредување на нивото на подготвеност на државните органи заради ефикасен, навремен и соодветен одговор на безбедносните ризици и опасности; усогласување на прописите, правилата и процедурите за навремена координација, менаџмент итн[19].

[17] Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година, точка 37.

[18] Исто, точка 28.

[19] За ова види повеќе во Национална концепција за безбедност и одбрана, Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година, точка 26.

Во рамките на националната концепција за безбедност и одбрана, погледите на политиката на националната безбедност се групирани во следниве области: надворешна политика, економска политика, одбранбена политика, политика на внатрешната безбедност, и политика на заштита на животната средина.

Заради остварување на внатрешната безбедност, Република Македонија презема мерки и активности насочени кон заштита, одржување и унапредување на интересите на државата, кои се однесуваат на разрешување на ризиците и опасностите во врска со заштитата на демократскиот правен поредок утврден со Уставот, човековите права и слободи и другите уставно-правни норми и гаранции од значење за безбедноста на Република Македонија. Во функција на остварување на политиката на внатрешна безбедност, неопходно е согласено и координирано дејствување на законодавната и извршната власт, постојан напредок на демократските процеси, изградба на правната држава и владеење на правото, со цел унапредување на нивото на доверба на граѓаните кон институциите на државата. Од особено приоритетно значење е да се обезбеди владеење на правото на целата територија на Република Македонија, како основен елемент на нејзиниот суверенитет, како и спречување и отстранување на сите закани и други незаконски дејствија кои ја нарушуваат општата и лична сигурност на граѓаните. Заради јакнење на внатрешната безбедност и стабилност, неопходно е и преземање на мерки и активности за натамошен развој на независна судска власт, понатаму создавање на систем на усогласени активности меѓу разузнавачките и контраразузнавачките служби, што ќе обезбеди навремено предупредување од ризици и опасности, предлагање и преземање мерки и активности за заштита, намалување и елиминирање на ризиците и опасностите по безбедноста на Република Македонија.

Од особен интерес за одржување на внатрешната безбедност претставува забрзувањето на процесот на интегрирање во македонското општество и држава на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници што живеат во Република Македонија. Интеграцијата треба да се креира и имплементира преку политичко-безбедносната, економската, образовната и културната политика, преку мерки и активности кои ќе придонесуваат за градење на заеднички вредности и ќе ги промовираат разликите, како основа за заедништво и интеграција.

Министерството за внатрешни работи посебно треба да ги унапреди и да ги развие процедурите и механизмите за борба против тероризмот, организираниот криминал, илеганата миграција, илегалната трговија со дрога, оружје, луѓе и стратегиски материјали со оние во развиените земји. Исто така е потребно да ја подобри координацијата и да развие заеднички оперативни процедури со вооружените сили, посебно во областа на борбата против тероризмот и граничното обезбедување.

Остварувањето на повеќето активности од областа на внатрешната безбедност бара координирано и заедничко дејствување на полицијата, судовите и другите институции на државната власт (министерство за одбрана, за финансии, органите на управата, царинската управа, инспекциите, Управата за јавни приходи). Нивните идни активности треба да се насочат кон процена и преиспитување на внатрешната организација и работа, меѓусебното поврзување и координација, хармонизација на прописите и процедирите, пред сè со оние во земјите-членки на ЕУ, за да можат успешно да се справат со овие сложени, межународни и домашни, сè поусовршени методи на дејствување на носителите и извршителите на ризиците и опасностите по безбедноста на Република Македонија.

Република Македонија е подложна на елементарни непогоди, техничко-технолошки и слични катастрофи кои ја загрозуваат безбедноста на граѓаните, државата и нејзината инфраструктура.

Глобализацијата на светот и сѐ поприсутната примена на информатичката технологија бара подобро организирани решенија и регулативи кои ќе го оневозможат информатичкиот тероризам. Неопходно е подобрување на заштитата и преземање на мерки за спречување од неовластена употреба на личните податоци на граѓаните, деловната, службената и државната тајна од страна на поединци, органите на државната власт и други органи и организации.

**Заклучок**

Тензијата и опасностите во регионот и соседството на Република Македонија се очигледни, така што во моментов не може посебно да се истакне кои опасности (надворешни или внатрешни) се дестабилизаторски на подолг рок. Тука мора да се има предвид и присутноста на голем дел опасности со транснационален карактер. Ваквата условна поделба е за да се укаже и на внатрешните опасности кои можат да добијат импулс или засилување однадвор и обратно, каде што надворешните опасности, со својата интернационалност (шверцот, корупцијата, организираниот криминал итн.), се здобиваат со домашни карактеристики, па покрај надворешни стануваат и внатрешни опасности. Ова се должи на фактот дека во овој регион е најголема концентрацијата на некои од најголемите меѓународни незаконски дејства како што се шверц со дрога и оружје, илегална трговија со луѓе итн. Постојат и други опасности кои се исклучително дестабилизирачки и многу сериозно влијаат врз внатрешната безбедност, развојот на демократијата и цивилното општество, изградбата на правната држава и владеењето на правото, напредокот на пазарното општество, социјалната правда и заштитата на животната средина. Во тие опасности се вбројуваат: нелегалната трговија со оружје, дрога и луѓе, корупцијата, тероризмот, организираниот криминал, а во последните години и формите на тежок криминал како што се уцени, киднапирања, убиства и сл. Меѓутоа, за овие опасности може да се каже дека не го загрозуваат суверенитетот и територијалниот интегритет на државата. Исто така, потенцијална опасност е поседувањето големи количества илегално оружје (кое го има и во регионот), така што постојат обиди овој проблем да се реши и на регионално ниво.

За остварување на овие цели државата треба постојано да го гради и унапредува системот за безбедност, да ја унапредува и развива националната стратегија за безбедност и, пред сѐ, да го унапредува системот за управување со кризи. Во оваа насока првенствено треба да се дејствува превентивно, а тоа значи преземање мерки и активности од страна на органите на државната власт заради спречување на загрозувања од ризици и опасности по стабилноста и функционирањето на државата и нејзиниот поредок утврден со Уставот, како и спречување на загрозувања од ризици и опасности по добрата и животната средина, здравјето и животот на луѓето, имотот и другите материјални добра од поголем обем. Во борбата за сузбивање на облиците на организиран криминал, покрај полицијата, потребен е и мултидисциплиниран пристап за вклучување на граѓаните, невладиниот сектор, медиумите и сл.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година.
Закон за управување со кризи, Службен весник бр. 29/2005, член 3 точка 4.
Стајич Љ., Основи безбедности, Полицска академија, Београд, 2004.
Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Скопје, 2008
Котовчевски М., *Национална безбедност на Република Македонија,* том I и II, Скопје, 2000.
Спасески Ј., Македонија столб на безбедноста и мирот на Балканот, Скопје, 2005.
Устав на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија бр. 52/1991.
Masleša R., *Teorije i sistemi sigurnosti, "*Magistrat" , Sarajevo, 2001, str.3.
Management of Defence, Democratic and Civilian Control, Including Integration of Security Sector, pp. 2-3.
Wolfers A., National Security as an Ambiguous Symbol, Discord and Collaboration, John Hopkins University Press, Baltimore, 1962.

*Tatjana Gerginova, MA*
*Faculty of Security- Skopje*

***SECURITY STRATEGY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA***

***Abstract***

*In this paper the author defines "permanent interest", "vital interest" and "important interests" as preconditions for achieving security of citizens as well as for the stability, functioning and existence of the state.*

*In order to realize its national interests, the Republic of Macedonia should have a security policy and build a security system which will have the capacity to respond to the security challenges of this century, to solve crises within its borders and to assist in solving crises at regional level.*

*The Republic of Macedonia is aware that the new international environment provides various opportunities as well as challenges, risks and possibilities for jeopardizing security.*

*Key words: permanent interest, vital interest, important interests, risks and security dangers, security possibilities***.**

***м-р Саше Герасимоски***
Асистент на Факултет за безбедност- Скопје
sgerasimoski@yahoo.com

# ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ВО ПРИВАТНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН СЕКТОР

*Резиме*

*Светот станува сè поризично место за живеење. Приватниот безбедносен сектор постојано се соочува со бројни и сè посериозни ризици во своето работење, чие постоење се должи на бурните социо-културни промени интензивирани во последниве неколку децении, низ светските процеси на глобализација и индивидуализација. Навременото детектирање, проценување и прогнозирање на ризиците се од круцијална важност за успешниот одговор кон ризиците на правните субјекти кои работат во приватниот безбедосен сектор, било да се тие од областа на обезбедување на лица и имот или од приватната детективска дејност. Проценката на ризиците се наметнува како основа на безбедносната превенција во приватниот безбедносен сектор и како фактор кој ја детерминира успешноста на стратегиите за справување и управување со ризиците. Во овој труд се прави напор да се актуелизира значајноста на проценката на ризиците за успешното превентивно разрешување на ризичните ситуации во приватниот безбедносен сектор, во функција на што е можно подобра заштита на лицата и имотот кои се предмет на обезбедување.*

*Клучни зборови: ризик, приватна безбедост, детекција, проценка, прогноза*

## 1. Вовед - Поим и дефинирање на ризикот

Ризикот е централно безбедносно и општествено прашање во современото општество. Светот отсекогаш живеел со ризици, но во последниве неколку децении, особено со подемот на постмодерното општество и процесите на индивидуализација и глобализација, настанаа бројни квалитативни промени и во сферата на ризиците. Сите овие промени се сублимирани во синтагмите ризично општество и култура иа ризик[1]. Ваквите определби за современите општества и култури низ поимот и содржината на ризиците се резултат на промената на карактерот на ризикот, особено појавата на нови, глобализирани, понепредвидливи и поопасни ризици. Ако во ерата на модерното општество ризиците се сметаа за неутрален концепт, особено во економската наука и пракса, тогаш сегашните ризици сè повеќе инклинираат кон негативни (безбедносни) ризици, односно ризиците се перцепираат, сфаќаат и разбираат како можни опасности. Што се однесува до самата безбедност како појава и безбедносните науки кои ја

[1]„*Флуидниот и тешко определив карактер на ризикот од една страна и неговата општествена сеприсутност од друга страна, му даде повод на големиот германски социолог Улрих Бек денешното општество да го нарече `ризично општество` (Risikogesellschaft)*“; според Сашо Герасимоски, *Светската безбедност низ призмата на теоријата за ризичното општество*, во Современа македонска одбрана, Год. 11., Бр. 19., Скопје, (2010): 89-101. „*Мултипликацијата на ризиците предизвикува светското општество да се стеснува со заедница на опасност*“ со што, заклучува доследно *Бек*, доаѓа и до промена во вредносните системи на сите општества од „*вредносниот систем на нееднаквото општество, кон вредносниот систем на несигурното општество*“; според Ulrih Bek, *Rizično društvo*, (Beograd: Filip Višnjič, 2001), s. 73.

проучуваат, ризиците отсекогаш постоеле првенствено како безбедносно прашање. Впрочем, на тоа укажуваат и бројните дефиниции за ризикот кои повеќе ја нагласуваат калкулативната веројатност од појава на негативен исход (епилог) од некоја појава или појави кои, всушност, ја определуваат самата содржина на ризикот.

Кога би требало да го дефинираме ризикот, под ризик би подразбрале можна, претпоставена, очекувана појава, веројатно случување со можен позитивен или негативен исход, но најчесто негативен (можна опасност, т.е. негативен-безбедносен ризик)[2]. Од дефиницијата се гледа дека кај ризикот постои веројатност околу случувањето на одреден настан со позитивни или негативни исходи, односно придобивки или штети. Токму темелната разликувачка одредница на ризикот воопшто и на ризикот како безбедносно прашање е постоењето на некаква ризична ситуација, која означува неизвесен, но настан кој може на одреден начин да се пресмета, осуети, предвиди, прогнозира и сл. Тоа ќе рече дека ризикот има двојствена природа во секој поглед: тој е стварен, но и нестварен; објективен и субјективен (постои како ризик независно од човекот, но истовремено и зависно од човекот и неговите субјективни согледби); реален и социо-културно конструиран и сл.[3] Ризикот, како што вели и познатиот општествен теоретичар *Зигмунд Бауман*, во себе, во одредена пропорција, ги опфаќа редот на нештата (безбедноста), но и можните непосакувани епилози (опасноста, небезбедноста), односно позитивните и негативните потенцијални исходи. „*Ризикот сигнализира дека потезите не се јасно безбедни или опасни (или барем дека тоа не се знае однапред), дека тие се разликуваат само во пропорцијата со која сигурноста и опасноста се помешани*“[4]. Ризикот ја содржи неизвесноста, но не е во целост неизвесен по својот карактер. Разликата помеѓу ризикот и неизвесноста ја воочиле големите економисти *Френк Најт* и *Џон Мејнард Кејнз* уште во првата половина на минатиот век. Според оваа нивна прочуена дистинкција, ризикот може да се пресмета, за разлика од неизвесноста која не може.[5]

Секојдневната практика и проучување на безбедносните (негативни) ризици ни укажува на несомнениот факт дека ризиците стануваат сè поприсутни во животот на луѓето, дека се зголемува нивната бројност, разновидност, непредвидливост, латентност и произведеност, дека луѓето сè повеќе ги перципираат и размислуваат за ризиците како за нешто опасно и лошо што може да им се случи во нивните животи[6].

[2]„Дефинирањето на ризикот е сложено поради неговата полисемичност и протејското, тешко дофатливо, а понекогаш и недофатливо значење, што произлегува како од неговата структура така и од социо-културните субјекти кои просудуваат за неговата вредност и значење“; според Сашо Герасимоски, Ризиците и приватната безбедност, во Хоризонти, Год. 5., Бр., 5., Битола, (2009): 193-203. „Под поимот ризик треба да подразбереме претпоставено, очекувано, можно идно дејствие, појава или несторување предизвикано од човек, технолошки процес или природна појава, кое, под определени услови, причини или поводи може да предизвика некаков облик на загрозување на луѓето, имотот или некое друго културно или природно добро“; според Јордан Спасески, Пере Аслимоски, Сашо Герасимоски, Приватна безбедност, (Скопје-Охрид: Полициска академија и Факултет за туризам и угостителство, 2008), с. 109.

[3]Токму поради различните детерминирања и позиции на вреднувања, Феликс Редмил луцидно ќе забележи дека „ризикот е поим кој скоро сите сметаат дека го разбираат, но, сепак, сè уште не постои една универзално прифатена дефиниција за него“; според Felix Redmill, Some Dimensions of Risk not Often Considered by Engineers, in Journal of System Safety, Vol. 38, No. 4, (2002): pp. 2-9.

[4]Според Зигмунд Бауман, Постмодерна етика, (Скопје: Темплум, 2005), с. 382. Како што укажува Бил Дуродие, „ризикот се однесува на можноста од некакво случување (настан, појава), предизвикани од активно и реално однесување или пасивно изложување на одредени појави од стварноста“; според Bill Durodié, The Concept of Risk, (London: The Nuffield Trust, 2000), p. 3.

[5]Повеќе за оваа дистинкција види кај Olivier Godard, Claude Henry, Patrick Lagadec et Erwann Michel-Kerjan, *Traité des nouveaux risques*, (Paris: Gallimard, 2002), pp.37-39.

[6]Како што укажува и Мери Даглас, „денес зборот ризик значи опасност, а висок ризик значи голема опасност“; според Mary Douglas, Risk and Blame: Essays in Cultural Theory, (London & New York: Routledge: 1992), p. 24. „Денес ризикот стана речиси синоним со нејасно специфицираната опасност, т.е.

Притоа, ваквите согледувања за ризиците се среќаваат на сите нивоа на општествената структура, од поединци, социо-културни групи, па до цели општества и култури. Зголемената загриженост за ризиците станува сè позначајна преокупација на модерните луѓе, а во тие рамки и на носителите на безбедноста и безбедносните функции во светот, било да се работи за државите или за глобалните форми на политичко, економско, безбедносно и друг облик на глобално организирање. Мнозумина сметат дека процесите на глобализација и индивидуализација активно придонесуваат да се случуваат длабоки, интензивни и сеопфатни трансформации во општественото и културното живеење и посебно во вредносната сфера, кои условуваат сериозна промена во карактерот на ризиците (видот, обемот, појавноста, предвидливоста, насоката и интензитетот на пројавување и сл.). Во оваа смисла, денешните современи ризици навистина се претставуваат како најзначајно прашање со кое треба активно и успешно да се соочуваат безбедносните политики, носителите на безбедносни функции и работи и сите други општествени субјекти. Ризикот и справувањето со него станува главна содржина на превентивните безбедносни политики на сите безбедносни нивоа, од хуманата (човековата) безбедност, преку приватната, националната (државната, јавната), па сè до колективната, меѓународната и интегралната безбедност. Во тој контекст, исклучително е значајно да се направи и проценување на ризиците, со цел навремено и соодветно справување со истите.

## 2. Проценката на ризикот и приватниот безбедносен сектор

Секој субјект кој на одреден начин се соочува со ризик прави проценка, оценување и вреднување на карактерот на ризикот во функција на што е можно подобро справување со него[7]. Притоа, проценката на ризикот содржи елементи на помала или поголема организираност, помала или поголема субјективност-објективност и помал или поголем степен на свесно-несвесно проценување. Имено, искуствата на субјектите кои секојдневно се справуваат со ризици ни укажуваат дека за голем број ризици луѓето развиле т.н. *„лаичка експертност*", додека кога станува збор за организираните и поголемите општествени групи и субјекти (политички, економски, безбедносни), истите, поради сложениот карактер на ризиците со кои се соочуваат и справуваат, воочиле потреба од изработка на посебна проценка на ризиците. Притоа, проценката на ризиците има две значења и може да постои во две форми:

- прво, како мисловен процес на вреднување, оценување и проценување на вкупната содржина на факторот (факторите) кои го сочинуваат ризикот и ризичните ситуации[8];
- второ, како посебен документ, во кој на систематски, аналитички и сеопфатен начин се дадени сите манифестни и латентни фактори кои ја даваат содржината,

можната опасност, па дури и со заканата"; според Stephen Quilley, Risk, in Bryan S. Turner (eds.), The Cambridge Dictionary of Sociology, Cambridge: Cambridge University Press, (2006): pp. 524-525.

[7] „*Во тесна врска со дефиницијата на ризикот е и определувањето на карактерот `етосот` на ризикот*"; според Peter J. Burgess, *The Ethos of Risk,* (Oslo: International Peace Research Institute, 2005), p. 6. Него би можеле да го разбереме како *содржина и појавност на ризикот во дадени општества и култури, постојаност на неговите карактеристики во поглед на потеклото и видот на ризикот, предвидливоста, обемот, насоката и интензитетот на појавување.*

[8] Во духот на нашиот јазик, под проценка се подразбира „процес на проценување или оценување (вреднување) или резултат од истото, но исто така и мислење или суд за некоја појава или настан од стварноста"; според Зозе Мургоски, Речник на македонскиот јазик, (Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2005), с. 659.

односно го определуваат карактерот на ризикот (видот, големината, насоката, интензитетот, појавноста, предвидливоста и сл.).

Кога зборуваме за проценката на негативните (безбедносни) ризици, таа е дел од пошироката безбедносна проценка која е вообичаена и востановена практика, а за безбедносните субјекти кои ја креираат и водат безбедносната политика истата претставува и законска обврска. „*Под безбедносна проценка подразбираме целосен аналитички опис и приказ на условите и факторите што ја стабилизираат, односно дестабилизираат безбедносната состојба, организираноста и оспособеноста на субјектите кои ја остваруваат безбедносната функција*”[9]. Денес не постои субјект од областа на безбедноста, било да се работи за национална, регионална, меѓународна, колективна, интегрална, или пак јавна-државна, приватна или граѓанска, кој не изготвува безбедносни проценки, а во нивни рамки проценки на ризиците. Впрочем, како што се менува безбедноста како состојба, процес и вредност во општеството така и значајноста на ризиците за безбедноста, а со тоа и проценката на ризиците, се зголемува и зазема сè поистакнато, а многупати и круцијално место во вкупната безбедносна проценка.

Проценката на ризиците можеме да ја дефинираме како „*систематски и целосен приказ и опис на манифестните и латентните фактори на ризикот кои можат да доведат до закани и загрозувања на вредностите и добрата значајни за безбедносниот субјект кој ја изготвува*”[10]. Во оваа смисла на зборот, проценката на ризикот е првичен и темелен мисловен процес и документ кој ја детерминира безбедносната состојба и кој укажува не само на големината, структурата и сериозноста на факторите кои можат да ја загрозат безбедноста туку и на механизмите, начините и стратегиите за справување со небезбедноста. Проценката на ризикот е најзначајното средство на превентивната безбедносна политика, а исто така и на безбедносната култура како нејзин основен чинител. Ова со оглед на фактот дека спречувањето на идните закани и загрозувања е свесна, целесообразна, аксиолошка и епистемолошка содржина на безбедносната култура. Кога зборуваме за приватниот безбедносен сектор како потсистем на единствениот безбедносен систем, проценката на ризиците игра клучна улога во определувањето на заканите и загрозувањата кои се однесуваат на вредностите и добрата кои се предмет на обезбедување (лица, имот, податоци и информации и сл.), а исто така се и основен извор на безбедносната политика на субјектите кои имаат ангажирано или во рамките на својата дејност располагаат со сегмент кој врши безбедносна функција од сферата на приватната безбедност. Во таа смисла, проценката на ризиците е незаобиколна и императивна доколку субјектот кој врши дејност обезбедување на лица и имот и приватна детективска дејност сака најдобро можно да ја гарантира безбедноста на вредностите и добрата на својот клиент

---

[9]Наведено според Јордан Спасески, Пере Аслимоски, *Дефендологија*, (Битола: Педагошки факултет, 2006), с. 88.

[10]Секое проценување на ризиците всушност се заснова на и зависи од, повеќе или помалку, човечката оценка, вреднување и судење, па во таа насока е и „*надминувањето на поделбата на објективна и субјективна проценка на ризиците*“ и од страна на еден авторитет во светски рамки како *Кралското научно друштво* на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска; види повеќе кај Royal Society, *Risk: Analysis, Perception and Management*, (London: Royal Society, 1992), pp. 89-90. Во проценувањето на ризиците, самите субјекти вклучуваат и обединуваат различни извори на сознанија и фактори во определувањето на карактерот на ризиците, како лични искуства, човечки и нечовечки фактори, сознанија на локалната и пошироката средина, науката и јавноста, но секојпат тие се обработуваат на креативен начин во намерата да се излезе на крај со менливата и непостојана природа на современите ризици; за ова повеќе види кај A Irwin, P. Simmons, G. Walker, *Faulty Environments and Risk Reasoning: The Local Understanding of Industrial Hazards?*, in Environment and Planning, Vol. 31, (1999), pp. 1311-1326.

(клиенти). Проценката на ризиците во приватниот безбедносен сектор се однесува на детерминирање на содржината на сите ризик-фактори (негативните-безбедносни ризици)[11] кои ги сочинуваат ризиците по вредностите и добрата што се предмет на обезбедување, на начин што нив систематски ги детектира (открива), анализира, опишува, објаснува, вреднува и, на крај, предлага механизми, начини и стратегии за најуспешно справување со таквите ризици. Тоа значи дека соодветната проценка на ризиците во приватниот безбедносен сектор овозможува најефективно, најцелесообразно и оптимално остварување на функцијата на приватното обезбедување на вредностите и добрата и е претпоставка за изработка на квалитетни планови и мерки за нивно успешно обезбедување.

Во зависност од карактерот на дејноста што ја извршува субјектот кој најмил или има сопствено обезбедување, вредноста на луѓето, имотот, добрата, податоците и информациите кои се обезбедуваат, како и од други просторни, временски, технички и функционални околности врзани со дејноста и активностите на субјектите, разликуваме повеќе видови проценки на ризиците како сегменти на безбедносните проценки. Така, проценките на ризиците можат да бидат трајни или времени (повремени); краткорочни или долгорочни; збирни или поединечни (да се однесуваат на целината на вредностите и добрата што се обезбедуваат или на нивен дел); интерни, екстерни или целосни (интерно-екстерни) (да се однесуваат на внатрешните ризици, надворешните ризици или и на едните и другите заедно); општи или детални (да се однесуваат на општ приказ, опис и објаснување на сите ризици или на детален приказ, опис и објаснување на некоја група ризици-општествени, природни, техничко-технолошки и сл.). Ако „*најдобро обезбедување е она што не се забележува*", тогаш примарен начин тоа да се направи е да се превенираат (спречат), ублажат (намалат), заменат (супституираат), контролираат или, доколку е можно, целосно да се елиминираат негативните (безбедносни) ризици[12]. Тоа значи дека проценката на ризиците всушност ја имплицира и стратегијата на справување со ризиците, односно начините, механизмите, стратегиите и превентивните мерки кои ќе ги преземе приватниот безбедносен субјект.

## 3. Карактеристики на проценката на ризикот во приватниот безбедносен сектор

Секторот за приватна безбедност како потсистем на единствениот безбедносен систем сè побрзо се развива во обем, функции и организација. Тоа се однесува генерално во светски рамки и посебно, во Република Македонија. За Република Македонија особено е карактеристичен развојот на дејноста обезбедување на лица и имот, наспроти приватната детективска дејност. Притоа, развиеноста на дејноста обезбедување на лица и имот по својот обем (број на агенции и субјекти за обезбедување на лица и имот за сопствени потреби во рамките на постоечки правни субјекти) веќе ја достигна, а почнува и да ја надминува бројката на вработени во државната и јавната безбедност, факт кој говори какви димензии има попримено

[11]Како што вели *Дебора Луптон*, во „*модерниот поим за ризикот постоеше разбирање на `добри` и `лоши` ризици*"; според Deborah Lupton, *Risk*, (London & New York: Routledge, 1999), p. 8. Денес, стварноста е таква, а општествената и културна перцепција уште повеќе инклинира кон т.н. „*лоши (негативни-безбедносни)*" ризици, ризиците како можни опасности.

[12]Според Драган Тумановски и други, *Обезбедување на лица и имот*, (Скопје: Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, 2001), с. 131. Кога станува збор, пак, за стратегиите за справување со ризиците, Зоран Доревски смета дека „*најмногу што може да се стори во врска со ризиците е истите да се ублажат, но не и целосно да се спречи нивното негативно делување и негативните последици од нивното остварување*"; според Зоран Доревски, *Обезбедување: практикум,* (Скопје: Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, 2004), с. 36.

развојот на овој безбедносен потсистем кај нас во последниве две децении по осамостојувањето[13]. Сето ова, заедно со значајната вредност на обезбедуваните вредности и добра од страна на приватниот безбедносен сектор, зборува во прилог на фактот дека истите сега, а веројатно и во иднина, се соочуваат и ќе се соочуваат со значајни ризици по безбедноста на лицата, имотот, податоците и информациите кои ги обезбедуваат. Во насока на ефективен и успешен одговор на негативните (безбедносни) ризици и во функција на нивно превенирање, елиминирање, контролирање или ублажување, како посебни начини, механизми и стратегии за справување со ризиците, секој безбедносен субјект воопшто и од областа на приватниот безбедносен сектор посебно мора да изготвува квалитетни проценки на ризиците, како основа за безбедносните планови, мерки и политики[14]. Проценката на ризиците во приватниот безбедносен сектор, според наши согледувања, појавува одредени карактеристики кои се состојат во следново:

- Проценката на ризиците е во функција на изготвување квалитетен план за обезбедување и гаранција за ефикасно обезбедување на лицата, имотот, податоците и информациите;
- Преку сеопфатната, детална и квалитетна проценка на ризиците се овозможува соодветно утврдување на најризичните и најранливите точки на обезбедуваната вредност или добро од страна на приватните безбедносни субјекти;
- Самата проценка на ризиците е најзначајниот превентивен инструмент и превентивна мерка во приватниот безбедносен сектор, заедно со безбедносната култура;
- Значајноста на проценката на ризиците во приватниот безбедносен сектор е исклучително голема поради големата (значајната) вредност на предметот на обезбедување (лица, имот, податоци и информации), како и поради повисокиот степен на заштита кои приватните безбедносни субјекти се бара да го обезбедат;
- Приватните безбедносни субјекти мора на проценката на ризиците да му дадат најзначајно (централно) место во вкупната безбедносна проценка, и, по потреба, кај поголемите субјекти од овој сектор да формираат посебен оддел за проценка на ризиците, а кај помалиот, истиот може да биде интегриран во рамките на одделот за безбедносна проценка на соодветниот субјект;
- Проценката на ризиците е најважната аналитичка активност и темелна основа за квалитетна безбедносна прогноза во работењето на субјектите од приватниот безбедносен сектор;
- При изготвувањето на проценката на ризиците не треба да се запоставаат (минимизираат) и евентуалните ризици од приватизирањето на некои активности или целината во работењето на субјектите од приватниот безбедносен сектор.

---

[13]„Според најновите податоци на Конфедерацијата на европски безбедносни служби (CoESS), рациото помеѓу вкупниот број вработени во приватниот безбедносен сектор во Република Македонија и бројот на жители во државата изнесува 1/368, што значи дека на 368 граѓани доаѓа по еден вработен во приватната безбедност. Ова е над просекот на земјите во ЕУ кој изнесува 1/500"; наводот е според Sašo Gerasimoski, Experiences and Perspectives of Private Security, in Varstvoslovje, University of Maribor, Year 11, No. 2, (2009), pp. 316-328.

[14]„Концептот на ризикот претставува средство преку кое луѓето ги разбираат или пак се справуваат со опасностите и несигурностите во текот на животот"; според Лидија Георгиева, Менаџирање на ризици, (Скопје: Филозофски факултет, 2006), с. 83. Овој воопштен став конкретизирано се однесува и на остварувањето на безбедносната функција во приватниот безбедносен сектор.

Од изнесените карактеристики гледаме дека проценката на ризиците е всушност најзначајна претпоставка за успешно работење на субјектите во приватниот безбедносен сектор и истовремено е и најнапредна и најсовремена во поглед на приоритетот на превентивните над репресивните безбедносни мерки. Впрочем, уделот на превентивните безбедносни мерки во приватниот безбедносен потсистем е правопропорционален со успешната проценка на ризиците, а уделот на репресивните безбедносни мерки е правопропорционален со неуспешната проценка на ризиците. Самата проценка на ризиците во приватниот безбедносен сектор ја изработува посебен оддел за проценка на ризиците или безбедносна проценка во состав на субјектите од приватниот безбедносен сектор, а истата задолжително се доставува до раководителот на обезбедувањето во вид на документ и истата натаму, после одобрението од раководителот, се проследува до одделот задолжен за изработка на планот за обезбедување и извршителите на истиот план (работниците кои вршат физичко обезбедување), работниците кои поставуваат и мониторираат техничко обезбедување и приватните детективи во делот на заштитата на податоците и информациите.

## Заклучок

Кажаното во овој труд упатува на несомнената вредност, значење и потреба од квалитетна проценката на ризиците за успешното остварување на безбедносната функција од страна на субјектите во секторот на приватната безбедност. Притоа, проценката на ризиците се третира како најзначаен дел од безбедносната проценка, основа на плановите за обезбедување и на безбедносната превентива. Со развојот на приватниот безбедносен сектор и во Република Македонија се нагласува потребата од поставување на проценката на ризиците во центарот на активностите на приватните безбедносни субјекти преку издвојување посебни организациони единици (оддели), кадар, просторни и технички претпоставки за успешно проценување на ризиците. Ова дотолку повеќе што вредноста на вредностите и добрата кои ги обезбедува приватниот безбедносен сектор (дејноста обезбедување на лица и имот и приватната детективска дејност), како и повисокиот степен на безбедност кој се бара од субјектите кои работат во него, од ден на ден, стануваат сè поголеми и позначајни.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**:


- Бауман, Зигмунд, *Постмодерна етика*, (Скопје: Темплум, 2005).
- Bek, Ulrih, *Rizično društvo*, (Beograd: Filip Višnjič, 2001).
- Burgess, Peter J., *The Ethos of Risk,* (Oslo: International Peace Research Institute, 2005).
- Георгиева, Лидија, *Менаџирање на ризици*, (Скопје: Филозофски факултет, 2006).
- Gerasimoski, Sašo, *Experiences and Perspectives of Private Security,* in Varstvoslovje, University of Maribor, Year 11, No. 2., (2009): 316-328.
- Герасимоски, Сашо (2010), *Светската безбедност низ призмата на теоријата за ризичното општество*, во Современа македонска одбрана, Год. 11., Бр. 19., Скопје, (2010): 89-101.
- Герасимоски, Сашо, *Ризиците и приватната безбедност*, во Хоризонти, Год. 5., Бр., 5., Битола, (2009): 193-203.
- Godard Olivier, Henry Claude, Lagadec Patrick et Michel-Kerjan Erwann, *Traité des nouveaux risques,* (Paris: Gallimard, 2002).
- Доревски, Зоран, *Обезбедување: практикум*, (Скопје: Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, 2004).

- Douglas Mary, *Risk and Blame: Essays in Cultural Theory*, (London & New York: Routledge: 1992).
- Durodié, Bill, *The Concept of Risk*, (London: The Nuffield Trust, 2000).
- Irwin, A., Simmons, P., Walker, G. (1999), *Faulty Environments and Risk Reasoning: The Local Understanding of Industrial Hazards?*, in Environment and Planning, Vol. 31, (1999): 1311-1326.
- Quilley, Stephen, *Risk*, in Turner, Bryan S. (eds.), *The Cambridge Dictionary of Sociology*, Cambridge: Cambridge University Press, (2006): 524-525.
- Lupton, Deborah, *Risk*, (London & New York: Routledge, 1999).
- Мургоски, Зозе, *Речник на македонскиот јазик*, (Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески”, 2005).
- Royal Society, *Risk: Analysis, Perception and Management*, (London: Royal Society, 1992).
- Спасески Јордан, Аслимоски Пере, Герасимоски Сашо, *Приватна безбедност*, (Скопје-Охрид: Полициска академија и Факултет за туризам и угостителство, 2008).
- Спасески Јордан, Аслимоски Пере, *Дефендологија*, (Битола: Педагошки факултет, 2006).Redmill, Felix, *Some Dimensions of Risk not Often Considered by Engineers*, in Journal of System Safety, Vol. 38, No. 4, (2002): 2-9.
- Тумановски, Драган и други, *Обезбедување на лица и имот*, (Скопје: Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, 2001).

*Saše Gerasimoski, MA*

*Faculty of Security- Skopje*

## *ESTIMATION OF RISKS WITHIN THE PRIVATE SECURITY SYSTEM*

### *Abstract*

*The world is becoming a riskier place for living. The private security sector constantly faces numerous and more serious risks in its activity, owing to the existence of tumultuous social and cultural changes intensified within the last several decades through the processes of globalization and individualization. Well-timed detection, estimation and prognosis of the risks are of crucial importance for successful response of the legal entities dealing in private security sector towards risks, irrespective if they are securing persons and property or carrying out private detective activities. The estimation of risks is becoming a basis for security prevention within the private security sector and a factor that determinates the successfulness of the strategies for risk management. With this paper, the author attempts to make topical the importance of risk estimation for successful preventive resolution of risky situations in the private security sector, with the aim to secure persons and property in a best possible way.*

***Keywords:*** *risk, private security, detection, estimation, prognosis*

*м-р Зорица Трајкова*

Виш лектор на Филолошкиот факултет
При Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

# УПОТРЕБА НА АВТЕНТИЧНИ КУЛТУРОЛОШКИ ИЗВОРИ ПРИ КРЕИРАЊЕТО НА МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

*Резиме*

*Селектирањето, адаптирањето и креирањето на соодветни материјали е од голема важност при создавањето на наставна програма за изучување на англискиот јазик како странски јазик во одредена област. Употребата на автентични извори од културата на народот чијшто јазик го изучуваат е значајна за подигање на мотивацијата кај студентите. Материјалите можат да бидат селектирани така да илустрираат различни аспекти од дадената култура, како шо с одредени дејствија, настани, луѓе и места. При креирањето на материјали од областа на безбедноста за студентите со одредено ниво на познавање на јазикот треба да се направи внимателна селекција и адаптација на соодветен автентичен културолошки материјал од аспект на нивото на јазикот којшто е употребен, начинот на којшто е прикажан и целта што тој треба да ја постигне. Целта на трудот е да го одреди влијанието што го имаат ваквите автентични културолошки материјали врз мотивацијата и успехот на студентите при изучувањето на англискиот јазик како странски јазик во областа на безбедноста.*

*Клучни зборови: автентични, култура, извори, креирање, безбедност*

## Вовед

Планирањето на една наставна програма како и креирањето на материјали за истата е комплексен процес при што треба да се земат предвид многу фактори. Воедно, кога се креираат материјали за определена таргет група, тие треба да бидат соодветни на потребите, нивото на знаење и стилот на таа таргет група. Материјалите треба да се креативни, иновативни и атрактивни за изучувачите. Освен тоа што материјалите треба целосно да одговараат на потребите на студентите, тие треба, исто така, да бидат одраз на културата на луѓето чиј јазик се изучува, сè со цел доближување до нивните културни вредности.

При креирањето на наставната програма и материјалите за изучување на англискиот јазик како странски во областа на безбедноста треба да се направи внимателен избор и селекција на материјалот што ќе биде презентиран во однос на темите што ќе ги покрива, нивната релевантност, нивото на јазикот, културолошките аспекти што ќе бидат опфатени и начинот на нивното презентирање. Овој труд ќе се обиде да даде приказ на тој процес, со посебен акцент на употребата на автентични извори при креирањето на материјалите за изучување на англискиот јазик во областа на безбедноста.

## Планирање на курсот и креирање на наставната програма

Кога се пристапува кон планирање на курсот и наставната програма по еден предмет треба да се земат предвид неколку фактори: потребите на студентите во таа област во поглед на нивната идна професија, нивото на нивното претходно стекнато знаење, различните стилови на учење, како и различните способности за учење на секој поедини студент. Според Џек Ричардс (Richards 2001: 148), одлуките за содржината на курсот се однесуваат на процена на природата на јазикот, употребата на јазикот и неговото учење, најосновните елементи на употребата на јазикот и нивно организирање како ефективна основа за учење на вториот јазик. Според Хатчинсон и Вотерс (Hutchinson and Waters 2000:99), постојат критериуми за објективна и субјективна анализа на материјалот. Тој може да се селектира или креира во однос на целната група (за кого е наменет), во однос на целите (која е целта што материјалот треба да ја постигне), во однос на содржината (лингвистичката анализа којашто е потребна, покриеност на одредени јазични аспекти, вештини, ниво на јазик коешто треба да се постигне, организираност на содржината и нејзина распореденост во една целина) и во однос на методологијата (видови на вежби и активности, потребни техники на учење, помошни технички средства на располагање итн.).

Потребно е да се направи детална анализа на потребите на изучувачите која ќе придонесе за соодветно планирање на содржината на курсот. Планирањето на содржината се однесува и на дистрибуцијата на содржината низ курсот, и тоа по неколку основи: по однос на тежината на материјалот (содржината презентирана на почеток треба да биде полесна од онаа презентирана на крајот на курсот), хронологијата (наредени во редослед по кој настаните се случуваат во вистинскиот свет), потребите на студентите (темите се презентирани според реалните потреби на студентите) итн. Предметната програма може да се организира според: ситуации (организирана околу различни ситуации и говорните вештини потребни во тие ситуации), теми (организирана околу различни теми), функции (организирана околу функциите коишто се најчесто потребни) и базирана на задачи (организирана околу различни задачи и активности коишто изучувачите би ги вршеле на англиски јазик) (Richards 2001: 152) . Оттука, постојат и неколку видови силабуси или наставни програми, како: граматички (организирана околу граматички теми), лексички (онаа предметна програма која идентификува вокабулар што треба да се изучува нареден според нивоа), функционална (организирана околу комуникативни функции како барања, предлози, согласување итн.), ситуациска (организирана околу јазикот потребен за различни ситуации), тематска или содржинска (организирана околу теми или содржини), наставна програма базирана на компетенцијата (направена врз основа на спецификацијата на компетенциите кои се очекува изучувачите да ги усовршат во однос на специфичните ситуации и активности), наставна програма базирана на вештините (организирана околу различните вештини како читање, пишување, слушање или зборување), наставна програма базирана на задачи (организирана околу задачи што студентите ќе ги направат на јазикот којшто го изучуваат како давање инструкции, читање мапи, пишување извештаи итн.), наставна програма базирана на текстови (изградена околу текстови и примери од дискурс).

## Процес на пишување материјали

Томлинсон (Tomlinson 1998: 97) зборува за неколку фази во процесот на пишување на материјали. Прво треба да се идентификува недостатокот од соодветни материјали и потребата од создавање на нови. Потоа треба да се определат неколку

карактеристики на материјалите, и тоа: јазикот кој ќе се употребува, значењата и функциите кои ќе ги покрива, вештините кои ќе се развиваат со нив и стиловите на учење на кои ќе бидат прилагодени.

Во оваа фаза треба да се направи анализа на потребите на студентите и да се определи какви се потребите на студентите во однос на нивната идна професија, кое ниво на јазикот треба да го имаат, на што имаат потреба повеќе да работат и каков вид на материјали за учење тие сметаат дека се соодветни за подобро да го постигнат она коешто тие го очекуваат. Оваа фаза е во корелација со третата фаза предложена од Томлинсон, а тоа е контекстуалната реализација, т.е. наоѓање на соодветни идеи, текстови или контексти со кои ќе се работи.

Наредната фаза се однесува на педагошка реализација на материјалите, т.е. креирање на соодветни вежби и активности врз основа на создадените текстови и давање на инструкции за нивна употреба.

Последната фаза се однесува на физичката продукција на материјалите, нивниот изглед, големина, визуелизација и репродукција. Физичкиот изглед и продукција на материјалите е важна за мотивацијата и за ефективноста во училницата. Авторите треба да обрнат големо внимание на изгледот на материјалите, не само содржински туку и на начинот на нивно презентирање. Тие треба да бидат направени така што ќе го привлечат и задржат вниманието на оние за кои се наменети. Еден од начините за да се утврди полезноста и соодветноста на метеријалите е нивно пилотирање во училница. Доколку професорот е тој којшто ги пишувал или составувал материјалите, тогаш директно и непосредно ќе добие фидбек, т.е. повратна информација од студентите за тоа колку истите се успешни, за потоа да ги доработи, да исфрли или додаде соодветни вежби или текстови.

Според Ронтри (Richards 2001: 263), добрите материјали треба: да го подигаат интересот на изучувачите, да ги потсетуваат на претходно ученото, да ги наведуваат на она што ќе се учи следно, да им го објаснуваат новиот материјал, да ги поврзуваат новите идеи со она што изучувачите претходно го учеле, да ги наведуваат да размислуваат за новата содржина, да им помогнат да добијат фидбек за она што го научиле, да ги охрабруваат да вежбаат, јасно да им укажуваат на изучувачите што треба да прават, да им овозможат проверка на постигнатиот напредок и да им помогнат да се подобрат. Сметаме дека употребата на автентични материјали од културата на луѓето чијшто јазик изучувачите го учват може во многу да придонесе во подигањето на мотивацијата и активноста на час.

**Што се автентични материјали?**

Нунан (1999) ги дефинира автентичните материјали како говорни и пишани јазични податоци кои се создадени во процесот на оригинална комуникација, а не се посебно пишани за потребите на јазикот. Гебхард (1996) дава повеќе примери на автентични материјали кои се употребуваат во наставата за изучување на англискиот јазик како странски или втор. За автентични материјали ги смета: 1. *материјалите кои можат да се гледаат или слушаат*, како: реклами, шоуа, филмови, радио емисии, песни, документарци, вести итн.; 2. *визуелните материјали,* како слајдови, фотографии, слики, цртежи, знаци, разгледници итн.; 3. *автентичните печатени материјали,* како статии од весници, стихови на песни, менија, брошури, каталози, книги, мапи, карти, купони итн., и 4. *реалија,* како што се физичките предмети од секојдневниот живот.

**Автентични наспрема креирани материјали**

Според Томлинсон (1998: 13), материјалите можат да обезбедат изложување на автентичен инпут преку советите кои ги даваат, инструкциите за активностите, и говорните и пишаните текстови. Тие, исто така, може да стимулираат изложување на автентичен инпут преку активностите кои ги предлагаат. Со цел да им се помогне во усвојувањето на јазикот, инпутот мора да е разбирлив, што значи дека не треба да се употребуваат долги извадоци од весници со почетници но не значи дека почетниците не треба да се изложуваат на автентичен материјал. Материјалите на сите нивоа треба да обезбедуваат изложување на изучувачите на автентичен инпут кој е богат и различен. Со други зборови, материјалот што им се презентира на изучувачите треба да варира во стилот, начинот, медиумот и целта и треба да е богат со белези кои се карактеристични за автентичниот дискурс во јазикот-цел. Материјалите треба да стимулираат интеракција со изучувачот а не само негова пасивна рецепција.

Според Ричардс (2001: 252), автентичните материјали: имаат позитивен ефект на мотивацијата на изучувачите бидејќи се поинтересни и помотивирачки од креираните, обезбедуваат автентични културолошки информации за културата таргет, го изложуваат изучувачот на вистински јазик, се поврзуваат поблиску со потребите на изучувачите и претставуваат линк помеѓу училницата и потребите на изучувачите во вистинскиот свет, и поддржуваат покреативен пристап кон самото предавање. Креираните материјали, пак, може да се исто така мотивирачки за изучувачите, јазикот во нив може да е посоодветен за нивото на знаење на јазикот, тие се создаваат околу одреден силабус кој точно одговара на потребите на изучувачите. Оттука, во повеќето јазични програми се употребуваат заедно и креирани и автентични материјали бидејќи и двата типа имаат предности и недостатоци. Дистинкцијата помеѓу автентичните и креираните материјали станува сè понејасна бидејќи многу публикувани материјали инкорпорираат автентични текстови и други извори од вистинскиот свет. Во овој труд го разгледуваме токму тоа: употребата на автентични извори во креирани материјали од областа на безбедноста.

**Креирање на материјали од областа на безбедноста за изучување на англиски јазик како странски јазик**

Извршената анализа на потребите кај студентите од прва и втора година на Факултетот за безбедност како и врз група вработени во министерството за внатрешни работи во 2007 година (Трајкова 2007: 391) покажа дека е потребно да се креираат посебни материјали за изучување на англискиот јазик од областа на безбедноста коишто ќе придонесат кон подобрување на знаењето на англискиот јазик, како и кон оспособување на изучувачите да зборуваат за темите од нивен професионален интерес на јазикот-цел. Анализата покажа дека е потребно да се создаде материјал околу стручни теми, како на пример: трговија со луѓе, шверц со оружје и дрога, семејно насилство, економски криминал, малолетничка делинквенција, увид на лице место итн., со конкретни случаи кои ќе бидат создадени така да ги инкропорираат сите јазични вештини и кои ќе бидат доволно инспиративни да ги поттикнуваат студентите на размислување и решавање на истите, како и споредување и давање примери од секојдневнта пракса. Конкретно за вештината пишување, се констатира дека е потребно да се вклучат материјали кои ќе им помогнат на студентите да научат да пишуваат извештаи, изјави, пријави, службени белешки на јазикот-цел, коишто ќе бидат автентични и ќе обработуваат реални случаи. Сите испитаници се изјасниле дека

во креираните материјали посебен акцент треба да се стави на комуникативната употреба на јазикот, и да вклучуваат активности за развивање на вештината говорење преку активности како што се дијалози, интервјуа, разговори со жртви, осомничени, сведоци итн.

**Употреба на автентични културолошки извори при креирањето на материјали за изучување на англискиот јазик како странски јазик во областа на безбедноста**

По направената анализа на потребите, пристапивме кон осмислување и креирање на материјалите за изучување на англискиот јазик како странски во областа на безбедноста. Бидејќи анализата покажа дека студентите имаат потреба да се оспособат да комуницираат во својата стручна област на јазикот-цел, се одлучивме материјалот да го креираме околу стручни теми, интегрирајќи ги при тоа сте четири јазични вештини: читање, пишување, слушање и говорење, и инкорпорирајќи соодветен вокабулар од секоја поединечна област и граматика којашто би ја подигнала јазичната компетенција на изучувачите. Креирањето на материјали за изучување на англискиот јазик во област која е стручна и за која не постојат соодветни претходно создадени материјали е макотрпен процес, бидејќи е потребно да се вложи огромен труд за да материјалите се осмислат така што ќе бидат атрактивни за изучувачите и ќе го подигнат нивото на нивната критичност. За таа цел, при создавањето на секоја целина од учебникот, решивме да употребиме одредени автентични културолошки извори селектирани така да илустрираат различни аспекти од дадената култура, како што се одредени дејствија, настани, луѓе и места, преку различни текстови за читање и слушање, приказни, исечоци од весници или списанија, слики, фотографии, филмови, документарци, песни итн. Повеќето од автентичните извори обработуваат случаи кои се широко познати на јавноста, предизвикале интерес во светски рамки и содржат податоци кои им помагаат на студентите подобро да ги разберат и да работат врз истите.

**Методологија**

Со цел да го утврдиме влијанието на автентичните културолошки материјали врз мотивацијата за изучување на англискиот јазик, спроведовме прашалник врз студентите од втора година на Факултетот за безбедност. Прашалникот го пополнија 55 студенти од прва и втора година студии, со кои ново-креираниот материјал беше пилотиран во текот на последната учебна година. Во него студентите одговорија на неколку прашања: дали сметаат дека материјалите по англиски јазик одговараат на нивните потреби за нивната идна професија од областа на безбедноста и дали сметаат дека материјалот е соодветен за нивното ниво на знаење на јазикот, потоа дали сметаат дека материјалот содржи автентични културолошки извори како податоци за некои настани, луѓе или локации, песни и филмови и дали употребата на такви автентични културолошки извори им помага за подобро да ја сфатат културата на луѓето од која истите потекнуваат. И на крај ги запрашавме дали сметаат дека употребата на автентични примери (како податоци за затворот Алкатраз, терористичкиот напад на Светскиот трговски центар итн.) ја подигаат нивната мотивација за активност на час.

**Резултати од истражувањето**

Како што споменавме претходно, прашалникот го пополнија 55 студенти со кои новиот материјал беше пилотиран оваа учебна година. 100% од нив се изјаснија дека ново креираните материјали одговараат на нивните потреби за нивната идна професија од областа на безбедноста. Притоа даваат приближно слични коментари како: ‘Материјалот којшто го учиме по англиски јазик често се поклопува со она што го изучуваме по другите стручни предмети и опфаќа повеќе сегменти од областа на безбедноста’; ‘Целиот материјал е исполнет со теми од безбедноста, јавниот ред и мир, правосудните системи и ни дава широки познавања кои ќе ни користат понатаму во нашата работа’ или ‘Основните информации коишто ги учиме на часот по англиски јазик од областа ни помагаат за осознавање на безбедносната слика во целиот свет’.

Во однос на второто прашање, за тоа дали материјалот е соодветен на нивното ниво на знаење на јазикот, 85.2% одговориле потврдно, велејќи дека немаат проблеми во совладување на истиот и дека е нормално да имаат нов вокабулар за да се надоградат со пошироки знаења од терминологијата поврзана со безбедноста и дека граматиката ги надополнува нивните дотогашни знаења. Останатите 14.8 % сметаат дека материјалот не е соодветен на нивното ниво на знаење на јазикот, при што дел образложуваат дека имаат тешкотии во помнењето и учењето на стручните термини, а дел дека вокабуларот и граматичките вежби се многу лесни за нив.

На прашањето дали сметаат дека материјалот содржи автентични културолошки извори, 96.3% се изјасниле позитивно. Некои од коментарите кои би ги издвоиле се следниве: ‘Повеќето од материјалите ни даваат информации за разни случувања и настани кои се познати на глобално ниво’, потоа ‘работата ни е поинтересна кога можеме преку разни текстови, песни, филмови, документарци да се послужиме со реални и актуелни примери’; ‘материјалот содржи автентични културолошки извори кои ни помагаат да се запознаеме со британската и американската култура, со нивната судска постапка, со правилата на однесување, кривичниот законик итн., како и да направиме разлика со културата, безбедносниот систем и законите во нашата земја’.

Во продолжение ги запрашавме дали ваквите автентични материјали им помагаат подобро да ја сфатат културата на луѓето од која истите потекнуваат. 97.7% одговориле позитивно на ова прашање. Некои од нив образложиле дека од материјалите се запознале со многу факти и податоци кои дотогаш не ги знаеле и кои придонеле за запознавање со особеностите и културата на луѓето чијшто јазик го изучуваат.

Во контекст на претходните две прашања, ги запрашавме и дали сметаат дека ваквите автентични материјали ја подигаат нивната мотивација на час. Сите 52 студенти одговориле потврдно на ова прашање, коментирајќи дека актуелните и атрактивни автентични материјали ги поттикнуваат да размислуваат, споредуваат и да се вклучат во дискусија на часовите и дека работата на реални случаи од областа на безбедноста, од кои повеќето им се добро познати и за кои им е дадена можност да читаат, гледаат или слушаат на јазикот којшто го изучуваат, ги прави позаинтересирани и помотивирани.

**Заклучок**

Во овој труд ја разгледавме употребата на автентични материјали при креирањето на учебник по англиски јазик за студентите на Факултетот за безбедност. Целта ни беше да направиме анализа на тоа колку досега создадените материјали за

учење на јазикот содржат автентични извори и дали преку нив студентите се запознаваат подобро со културата на луѓето чијшто јазик го изучуваат, како и дали ваквите материјали ја подигаат и поттикнуваат мотивацијата за активност на час и, воопшто, учење на англискиот јазик во областа на безбедноста. Истражувањето покажа многу позитивни резултати како во однос на ново-создаден материјал така и во поглед на употребата на автентичните извори при креирањето и работењето врз истите. Оттука заклучуваме дека употребата на автентични културолошки извори, посебно автентични случаи од областа од интерес на студентите презентирани преку слики, документарци, филмови, текстови, песни итн., придонесуваат за зголемување на мотивацијата за изучување на англискиот јазик како странски.

**Литература**


Gebhard, J.G. *Teaching English as a Foreign Language: A Teacher Self-Development and Methodology Guide*. Ann Arbor: The University of Michigan Press.1996

Hutchinson,Tom And Waters, Alan. *English for Specific purposes*. Cambridge University Press. 2000

Nunan, David. *Second Language Teaching and Learning*. Boston: Heinle and Heinle Publishers. 1999

Oura, Gail K. "Authentic Task-Based Materials: Bringing the Real World Into the Classroom" (65-84) http://www.jrc.sophia.ac.jp/kiyou/ki21/gaio.pdf

Richards, Jack. Curriculum development in language teaching. Cambridge Language Education. 2001

Tomlinson, Brian. Materials Development in Language Teaching. Cambridge University Press. 1998

Trajkova, Zorica. "Англискиот јазик како јазик за посебни цели на Полициската академија" *Годишник на Полициската Академија*" (2007): 385-394



*Zorica Trajkova, MA*
*Faculty of Philology, Skopje*


## *THE USE OF AUTHENTIC CULTURAL RESOURCES IN CREATING MATERIALS FOR LEARNING ENGLISH AS A FOREIGN LANGUAGE IN THE AREA OF SECURITY*


***Abstract***

*The selection, adaptation and creation of suitable materials is of great importance for the process of creation of a language programme for learning English as a foreign language in a specific area. The use of authentic resources from the native speakers' culture is significant for raising students' motivation when learning English. The materials should be carefully selected to illustrate many different aspects of a specific culture, like some actions, events, people and places. When creating materials in the area of security for students with some knowledge of the language, a careful selection and adaptation of suitable authentic cultural material should be made concerning the language used, the way it is presented and the objective it aims to accomplish. The aim of the paper is to determine the impact of authentic cultural materials on students' motivation and success when learning English as a foreign language in the area of security.*



*Key words: authentic, culture, resources, creation, security*

*м-р Марија Миленковска*
Асистент на Факултет за безбедност – Скопје - Скопје
e-mail: marijamilenkovska@yahoo.com

# МЕЃУНАРОДНО – ПРАВНА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЖИВОТ ПРИ СПРЕЧУВАЊЕ НЕМИР ИЛИ БУНТ ОД СТРАНА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ

*Резиме*

*Членот 2 од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи утврдува дека лишувањето од живот нема да се смета за спротивно на овој член доколку настапило како резултат на употреба на апсолутно неопходна сила при законско спречување на немир и бунт. Меѓутоа, тоа не значи дека безбедносните сили имаат дозвола да употребат смртоносна сила секогаш кога ќе се соочат со ваква ситуација. Во тој правец, трудот претставува обид преку анализа на содржината на пресудите на Европскиот суд за човекови права, во делот на правото на живот, да се утврдат основните принципи за употреба на сила и огнено оружја од страна на безбедносните сили со цел да се спречи арбитрарното лишување од живот. Во првиот дел од трудот посебно внимание се посветува на детерминирањето на фактот што подразбира Судот под фразата „апсолутно неопходна" сила. Во вториот дел се анализираат основните чекори што треба да бидат преземени при планирањето и контролата на безбедносната операција со цел да се минимализра ризикот по животот на луѓето при спречување на немир или бунт.*

***Клучни зборови***: *Европска конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи, Европски суд за човекови права, право на живот, апсолутно неопходна сила, немир или бунт.*

## 1. ВОВЕД

Членот 2 од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи (ЕКЧП)[1] гласи:

Правото на живот на секој човек е заштитено со закон, никој не смее намерно да биде лишен од живот, освен при извршување на судска пресуда со која лицето е прогласено за виновно за извршување на деликт санкциониран со ваква казна.

Лишувањето од живот нема да се смета спротивно на овој член доколку настапило како резултат на употреба на апсолутно неопходна сила:

а. При одбрана на кое било лице од незаконско насилство;

б. При законско лишување од слобода или спречување на бегство на лице притворено во согласност со законот;

в. При законско спречување на немир или бунт.

Членот 2 од ЕКЧП бара од државата да го заштити правото на живот со закон, односно да го казни секое арбитрарно лишување од живот. Тоа наметнува негативна обврска за државата да се воздржува од употреба на сила што може да резултира со лишување од живот, освен во исклучителни околности. Значи, членот 2 не само што го

[1] Европската конвенција за правата на човекот и основните слободи како меѓународен акт за заштита на човековите права е усвоена на 4 ноември 1950 година од страна на тогашните држави-членки на Советот на Европа, а стапи во сила на 3 септември 1953 година.

штити животот туку, исто така, ги утврдува околностите кога лишувањето од живот е оправдано. Исклучоците утврдени во членот 2 ја опфаќаат, но не се однесуваат исклучиво на смртната казна. Така, во согласност со став 2 од членот 2, лишувањето од живот нема да се смета спротивно на овој член и доколку настапило како резултат на употреба на апсолутно неопходна сила: при одбрана на кое било лице од незаконско насилство, при законско лишување од слобода или спречување на бегство на лице притворено во согласност со законот и при законско спречување на немир или бунт.

Читајќи го членот 2, во целина произлегува дека ставот 2 примарно не ги дефинира ситуациите кога е дозволено намерно да се убие една индивидуа, туку ги утврдува ситуациите во кои е дозволено да се употреби сила што може да резултира со лишување од живот.[2] Меѓутоа, Европскиот суд за човекови права[3] во случајот Simsek and others v Turkey (каде што апликантите тврделе дека нивните роднини биле незаконски убиени од полицијата за време на демонстрации) ќе укаже дека и покрај тоа што во согласност со членот 2 од ЕКЧП употребата на сила од страна на полицијата може да биде оправдана во одредени околности, сепак тој член не гарантира *carte blanche*. Тоа, се разбира, само по себе бара да се постигне баланс меѓу посакуваната цел и средствата употребени за нејзино постигнување.[4] Во продолжение, Судот ќе нагласи дека нерегулираната и арбитрарна акција од страна на државните органи е некомпатибилна со ефикасното почитување на човековите права. Тоа според него значи дека полициските операции како што треба да бидат одобрени со националното право, исто така, треба да бидат и прецизно регулирани во рамките на системот од адекватни и ефикасни заштитни мерки од арбитрарност и злоупотреба на сила.[5]

## 2. АПСОЛУТНО НЕОПХОДНА СИЛА

Во ситуациите во кои е дозволено да се употреби сила, таа мора да биде не повеќе од апсолутно неопходна за остварување на една од целите утврдени со ставот 2 од членот 2 од ЕКЧП и во согласност со критериумите на едно демократско општество.[6] Товарот на докажување во ваков случај паѓа на државата.[7] Според Комисијата, дали употребената сила била апсолутно неопходна се цени според тоа дали била општествено неопходна и строго пропорционална на легитимната цел.[8] Притоа, при оценката дали употребата на сила е строго пропорционална, мора да се земат предвид природата на целта што се сака да се постигне, опасностите по животот и опасностите својствени за ситуацијата, како и ризикот употребената сила да резултира со лишување на живот.[9] Од ова произлегува дека членот 2 не дава прецизна дефиниција што се подразбира под фразата „апсолутно неопходна" сила, оставајќи му на Судот широк простор на слободна проценка во зависност од околностите на

---

[2] McCann v United Kingdom hudoc (1995).

[3] Во понатамошниот текст Судот.

[4] Simsek and others v Turkey hudoc (2005).

[5] Makaratzis v Greece hudoc (2004).

[6] Во случајот McCann v United Kingdom, Судот ќе нагласи дека употребата на фразата „апсолутно неопходна" сила во став 2 од членот 2 укажува дека треба да се примени построг и задолжителен тест на неопходност од оној што вообичаено се употребува кога се утврдува дали акцијата на државата е неопходна во едно демократско општество во согласност со ставот 2 од членовите 8, 9, 10 и 11 од ЕКЧП.

[7] Д. Ј. Харис, М. О'Бојл, Е. П. Бејт, С. М. Бакли, Право на Европската конвенција за човекови права, Второ издание, Просветно дело, Скопје 2009, стр. 62.

[8] Torkel Opsahl, The right to life in R.St. J. Macdonald-F.Matscher – H.Petzold, ( Eds.) The European System for the Protection of Human Rights, Martinus Nijhoff Publishers, Dordrecht 1993, p. 216.

[9] Д. Ј. Харис, М. О'Бојл, Ц. Варбрик, Право на Европската конвенција за човекови права, Батервудс, Лондон, Дабилн, Единбург 1995, стр. 65.

конкретниот случај. Оттука, како посебна дилема во овој дел се наметнува прашањето дали фразата „апсолутно неопходна” сила треба да се толкува субјективно или објективно, односно дали лицето што употребило ваква сила искрено верувајќи дека е апсолутно неопходна, а всушност не била, постапило спротивно на член 2.[10] Во овој контекст, Судот ќе констатира дека силата употребена од страна на припадник на безбедносните сили со цел исполнување на една од целите утврдени со став 2 од членот 2 може да биде оправдана ако се базира на искрено верување дека била апсолутно неопходна во моментот на употребата, па дури и ако подоцна се покажало дека е грешка. Во спротивно, ќе ѝ се наметне невозможен товар на државата.[11] Судот при утврдувањето на фактот дали има повреда на членот 2, особено кога станува збор за намерна употреба на смртоносна сила, мора да ги има предвид не само акциите на државните органи кои практично ја употребиле силата туку и останатите околности, вклучително и планирањето и контролата на операцијата (акцијата).[12]

## 3. РЕЛЕВАНТНИ МЕЃУНАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ

Судот, во своите пресуди, при детерминирањето на фактот дали употребената сила во конкретната ситуација (вклучително и при спречување на немир или бунт) е дозволена се повикува на низа меѓународни акти и тоа:[13]

1. Резолуцијата 690 за Декларацијата за полицијата, усвоена од Парламентарното собрание на Советот на Европа во 1979 година;

2. Десетте основни стандарди за човековите права, усвоени од страна на Amnesty international во 1998 година;[14]

3. Генералниот коментар бр. 6 усвоен од Комитетот за човекови права на шеснаесеттата сесија во 1982 година;

4 . Основните принципи на ООН за употреба на сила и огнено оружје од страна на органите за спроведување на законот, усвоени во 1990 година од страна на Осмиот конгрес на ОН за превенција на криминалот и третман со престапниците; [15]

5. Кодексот на ОН за однесување на лицата што го спроведуваат законот усвоен со Резолуцијата на Генералното собрание на 17 декември 1979 година.

Судот, исто така, во некои случаи при проценка на фактот дали употребената сила која резултирала со смрт била апсолутно неопходна се повикува и на извештаите на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

---

[10] Види: Helen Fenwick, Civil Liberties and Human Rights, 3rd edition, Cavendish Publishing Limited, London 2002, p. 43.

[11] Giuliani and Gaggio v Italy hudoc (2009).

[12] McCann v United Kingdom, hudoc (1995).

[13] Simsek and others v Turkey hudoc (2005).

[14] Amnesty international врз основа на Универзалната декларација за човекови права од 1948 година и други акти усвоени од страна на ООН во 1998 година ги усвои Десетте основни стандарди за човекови права за лицата што го спроведуваат законот. Основна цел на овој акт е подигање на свеста во меѓународната заедница за потребата од постоење на некои основни стандарди што треба да бидат дел од полициската обука и полициската практика. Со овој документ, меѓу другото, се уредува и употребата на сила од страна на органите задолжени да го спроведуваат законот (вклучително и при спречување на немир или бунт). Види: http:// www.amesty.org/en/library/info/POL30/004/1998.

[15] Во овој правен акт Обединетите нации ги утврдуваат основните принципи што треба да се почитуваат од страна на државите-членки, односно нивните органи за спроведување на законот при употреба на сила и огнено оружје со цел да се спречи арбитрарно лишување од живот. Види: www.ohchr.org/english/law/firearms.htm

Анализирајќи ги горенаведените меѓународни правни акти, можеме да идентификуваме неколку основни принципи за употреба на сила и огнено оружје од страна на припадниците на безбедносните сили:

- припадниците на безбедносните сили/лицата кои го спроведуваат законот можат да употребат сила и огнено оружје само во исклучителни околности и само ако таа е апсолутно неопходна за остварување на легална цел; [16]

- припадниците на безбедносните сили во извршувањето на своите надлежности треба да употребуваат сила и огнено оружје само ако помалку екстремните мерки се покажале како недоволни; [17]

- при употреба на сила, органите за спроведување на законот ќе се идентификуваат и ќе дадат јасно предупредување за својата намера да употребат огнено оружје, оставајќи доволно време предупредувањето да биде забележано, освен ако недвосмислено не се наоѓаат во ситуација на смртна опасност или ако постои ризик од смрт или сериозна повреда на други лица или ако тоа би било јасно несоодветно или бесмислено во согласност со околностите на случајот;[18]

- полициските службеници треба да добијат јасни и прецизни инструкции за начинот и околностите во коишто треба да употребат оружје.[19]

---

[16] Така, со параграфот 12 од **Резолуцијата 690 за Декларацијата за полицијата, усвоена од Парламентарното собрание на Советот на Европа во 1979 година** се утврдува дека: 1. Во извршувањето на своите должности полицискиот службеник ќе преземе сè со цел да ја оствари целта што законски се бара или е дозволена, но никогаш не смее да употреби поголема сила од онаа што е неопходна. Основните стандарди 3, 4 и 5 од **Десетте основни стандарди за човековите права усвоени од страна на Amnesty international во 1998 година** го утврдуваат следново: Основниот стандард 3 гласи: Не употребувај сила освен кога е апсолутно неопходна и во најмала можна мера во согласност со околностите. Имплементацијата на овој стандард од своја страна, меѓу другото, вклучува дека полициските службеници во извршувањето на своите надлежности треба да употребуваат ненасилни средства колку што е можно подолго пред да прибегнат кон употреба на сила. Основниот стандард 4 гласи: Избегнувај употреба на сила при растурање на незаконски, но ненасилни собирања. Кога растураш насилни собирања, употребувај сила само онолку колку што е неопходно. Основниот стандард 5 гласи: Смртоносна сила не треба да се употребува освен кога е неизбежна со цел да се заштити сопствениот живот или животот на другите. Имплементацијата на основниот стандард 5, меѓу другото, бара полициските службеници да не употребуваат огнено оружје освен за следниве цели и само ако помалку екстремните мерки се недоволни за постигнување на следниве цели: 1) во самоодбрана или во одбрана на други од непосредна закана од смрт или сериозна повреда; 2) да се спречи подготовка на сериозно кривично дело што вклучува голема закана по животот; 3) да се уапси лице што претставува ваква опасност и дава отпор на полициските службеници или да се спречи тој или таа да избега. Со стандардот 5 се потенцира дека во секој случај смртоносна сила и огнено оружје можат да се употребат само кога се неизбежни (апсолутно неопходни) за да се заштити животот. (Види: http:// www.amesty.org/en/library/info/POL30/004/1998) Исто така, членот 9 од **Основните принципи на ООН за употреба на сила и огнено оружје од страна на органите за спроведување на законот, усвоени во 1990 година од страна на Осмиот конгрес на ОН за превенција на криминалот и третман со престапниците** утврдува дека смртоносно огнено оружје може да се употреби само кога е апсолутно неопходно во насока на заштита на животот. Членот 3 од **Кодексот на ОН за однесување на лицата што го спроведуваат законот, усвоен со Резолуцијата на Генералното собрание на 17 декември 1979 година** утврдува дека органите што го спроведуваат законот можат да употребат сила само кога е апсолутно неопходна и во обем што е потребен за извршување на нивните задачи.

[17] Види: Десетте основни стандарди за човековите права усвоени од страна на Amnesty international во 1998 година (www.amesty.org/en/library/info/POL30/004/1998)

[18] Членот 10 од Основните принципи на ООН за употреба на сила и огнено оружје од страна на органите за спроведување на законот, усвоени во 1990 година од страна на Осмиот конгрес на ОН за превенција на криминалот и третман со престапниците.

[19] Параграф 13 од Резолуцијата 690 за Декларацијата за полицијата, усвоена од Парламентарното собрание на Советот на Европа во 1979 година.

## 4. ЗАКОНСКО СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕМИР ИЛИ БУНТ

Членот 2 од ЕКЧП утврдува дека сила што може да резултира со одземање на животот може да се употреби при спречување на немир и бунт. Пред да навлезе во оценка на законитоста на употребената сила, Судот врши оценување на карактерот на демонстрацијата. Анализирајќи ги пресудите на Судот, се забележува дека тој не дава прецизна дефиниција на термините немир и бунт, ниту пак експлицитно се повикува на некоја од усвоените дефиниции во меѓународните акти од оваа област. Во тој контекст, дел од авторите ќе кажат дека термините немир и бунт имаат автономно значење применливо само за Конвенцијата.[20] Судот врз основа на фактите и околностите на конкретниот случај оценува дали станува збор за бунт или немир. Така, во случајот Gulec v Turkey[21], Судот ќе констатира дека, како што Комисијата правилно утврдила, демонстрацијата била далеку од мирна, што било докажано со штетите предизвикани по движниот и недвижниот имот во градот и повредените полицајци.[22] Исто така, од однесувањето на Судот во случајот Simsek and others v Turkey, може да се констатира дека ситуацијата во која толпа луѓе извикува слогани, фрла камења и димни бомби на полициските барикади и предизвикува штета на околните згради, Судот ја подведува под терминот бунт.

По утврдувањето на карактерот на демонстрацијата, Судот навлегува во мериторна оценка дали во конкретната ситуација употребената смртоносна сила била апсолутно неопходна со цел спречување на немир или бунт. Дали е постигнат баланс меѓу целта и употребените средства за нејзино постигнување?

Огнено оружје и сила што може да резултира со лишување од живот можат да бидат употребени само во ограничени ситуации. Употребата на сила мора да биде прецизно уредена со националното законодавство. Правната и административната рамка треба прецизно да ги дефинира ограничените околности во кои лицата што го спроведуваат законот можат да употребат сила и огнено оружје во согласност со меѓународните стандарди усвоени во оваа област.[23] Аналзизирајќи ја работата на Судот, Харис, О’Бојл и Варбрик ќе констатираат дека не постои обврска за повлекување пред закана од немир.[24] Но безбедносните сили можат да употребат огнено оружје, односно сила со смртоносни последици само доколку другите помалку ризични методи се покажале како неефикасни или безнадежни. Тоа од своја страна наметнува обврска за државата нејзините безбедносни сили кои учествуваат во справување со толпа да поседуваат неопходна опрема како солзавец, гумени куршуми, водени топови и сл. За Судот непоседувањето на ваква опрема е едноставно неприфатливо.[25] Така, во случајот Gulec v Turkey каде што Судот утврдил кршење на членот 2, тој ќе наведе: *Полицајците употребиле многу моќно оружје бидејќи тие*

---

[20] Д. Ј. Харис, М. Обојл, Ц. Варбрик, Правото на Европската конвенција за човекови права, Батервудс, Лондон, Даблин, Единбург 1995, стр.72.

[21] Станува збор за случај во кој 15-годишниот син на апликантот Ахмет Гулек бил убин за време на насилни демонстрации во областа Сирнак, во Турција. Апликантот тврдел дека неговиот син, кој не протестирал туку се враќал од училиште, бил убиен од безбедносните сили коишто пукале на невооружените демонстранти. Турските власти, пак, тврделе дека детето било убиено од куршум истрелан од страна на демонстрантите.

[22] Gulec v Turkey hudoc (1998).

[23] Simsek and others v Turkey hudoc (2005).

[24] Д. Ј. Харис, М. Обојл, Ц. Варбрик, Правото на Европската конвенција за човекови права, Батервудс, Лондон, Даблин, Единбург 1995, стр.72.

[25] Simsek and others v Turkey hudoc (2005).

*очигледно немале пендреци, заштитни штитови, водени топови, гумени куршуми или солзавец. Немањето на ваква опрема е неразбирливо и неприфатливо, особено повеќе што обласпа Сирнак, како што укажа Владата, е регион во којшто е прогласена вонредна состојба и каде што во конкретниот период можело да се очекуваат нереди.*[26] Понатаму, силата која довела до лишување од живот е оправдана доколку припадникот на безбедносните сили во моментот на употребата искрено верувал дека постои реален и непосреден ризик по неговиот или животот на некој друг. Така, во случајот Giuliani and Gaggio v Italy,[27] Судот ќе утврди дека во согласност со околностите на случајот, употребата на смртоносната сила била апсолутно неопходна со цел да спречи, како што полицецот (М.П.) искрено верувал, реален и неизбежен ризик по неговиот живот и животите на неговите колеги.[28] Имено, полицаецот се соочил со демонстранти кои извршиле насилен напад врз возилото во кое тој се наоѓал и ги игнорирале неговите предупредувања да заминат.[29]

Веќе напоменавме дека Судот при утврдувањето на фактот дали државата постапила во согласност со членот 2 од ЕКЧП, особено кога станува збор за намерна употреба на смртоносна сила, ги има предвид не само акциите на државните органи кои непосредно (практично) ја употребиле силата туку и останатите околности, вклучително и планирањето и контролата на операцијата (акцијата). При оценувањето на фазата на планирање и контролата на операцијата, Судот мора особено да го има предвид контекстот во кој се случил инцидентот како и начинот на којшто се развивала ситуацијата.[30] Негова единствена грижа мора да биде проценката дали во конкретните околности, планирањето и контролата на операцијата покажуваат дека властите преземале соодветна грижа да го минимализираат ризикот по животот и дека постапувале со должно внимание, односно не биле невнимателни при изборот на акцијата.[31] Обврската да се планираат и контролираат безбедносните операции во насока на заштита на правото на живот го опфаќа и процесот на обука и тренирање на припадниците на безбедносните сили. Владите треба да преземат сè за да обезбедат ефикасна обука на безбедносните сили во согласност со меѓународните стандарди за човекови права. Анализирајќи ги пресудите на Европскиот суд за човекови права, во оваа област се забележува дека особено битен елемент на којшто тој инсистира при планирањето, организирањето и контролата на безбедносната операција е таа од самиот почеток до нејзиното завршување да биде под една централизирана команда. Судот не покажува спремност да прифати какви било пукнатини во командниот синџир. Како што е утврдено во многу меѓународни документи, лицата што го спроведуваат законот треба да добијат јасни и прецизни инструкции за начинот и околностите во кои треба да употребат огнено оружје.[32] Така, во случајот Simsek and others v Turkey, Судот особено го критикува фактот што при спроведувањето на операцијата за спречување на насилна толпа отсуствува јасна централизирана команда, а припадниците на безбедносните сили биле недоволно обучени и дејствувале без јасни инструкции. Имено, во овој случај Судот ќе констатира: *од случајот произлегува дека полицајците коишто биле на должност во двата инциденти уживале голема автономија на дејствување и преземале иницијативи во состојба на паника и*

[26] Gulec v Turkey hudoc (1998).
[27] Станува збор за случај во кој Карло Џулијани бил убиен од страна на припадник на италијанските безбедносни сили за време на еден протест на антиглобалистите кој се одржувал во Италија.
[28] Giuliani and Gaggio v Italy hudoc (2009).
[29] Ibid.
[30] Bubbins v Unted Kingdom hudoc (2005).
[31] Ibid.
[32] Simsek and others v Turkey hudoc (2005).

*притисок што најверојатно не би ги преземале ако имале соодветна обука и инструкциии. Судот затоа не може да го прифати аргументот на Владата дека отсуството на јасна централизирана команда било важна празнина што мора да го зголеми ризикот на полицајците да пукаат директно во масата.*[33]

## ЗАКЛУЧОК

Членот 2 од ЕКЧП не само што го штити правото на живот туку ги утврдува и околностите кога лишувањето од живот може да биде оправдано.[34] Меѓу другото, лишувањето од живот нема да се смета спротивно на овој член доколку настапило како резултат на употреба на апсолутно неопходна сила при законско спречување на немир или бунт. Членот 2 не дава прецизна дефиниција што се подразбира под фразата „апсолутно неопходна" сила. Но и покрај тоа што отсуствува прецизна дефиниција на фразата „апсолутно неопходана" сила, Европскиот суд за човекови права во текот на своето работење утврдил низа критериуми воспоставувајќи на тој начин легална рамка за оценување на неопходноста на употребената сила, вклучително и при спречување на немир или бунт.

При толкувањето на Конвенцијата се настојува да се постигне баланс меѓу интересите на државата и интересите на поединецот.[35] Конвенцијата не смее да се толкува на начин да ѝ се наметне невозможен товар на државата. Во таа насока, Судот ќе констатира дека силата употребена од страна на припадник на безбедносните сили со цел исполнување на една од целите утврдени со став 2 од членот 2, може да биде оправдана ако се базира на искрено верување дека била апсолутно неопходна во моментот на употребата, па дури и ако подоцна се покажало дека е грешка. Во спротивно, ќе ѝ се наметне невозможен товар на државата.[36]

Анализирајќи ја судската јуриспруденција во овој дел, се забележува дека Судот при оценувањето на фактот дали силата употребена со цел спречување на немир или бунт е дозволена ги има предвид не само акциите на државните органи кои непосредно (практично) ја употребиле силата туку и останатите околности, вклучително и планирањето и контролата на операцијата (акцијата). Властите при планирањето и спроведувањето на операцијата мора да направат сè со цел да го минимализираат ризикот по животот.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Харис Д. Ј., О'Бојл М., Бејт Е. П., Бакли С. М., Право на Европската конвенција за човекови права, второ издание, Просветно дело, Скопје 2009.
2. Mowbray Alister, Cases and Materials on European Convntion on Human Rights, Oxford University Press, 2nd Edition, New York 2007.
3. Ovey Clare – White Robin, The European Convention on Human Rights, Oxford University Press, New York 2006.
4. Fenwick Helen, Civil Liberties and Human Rights, 3rd edition, Cavendish Publishing Limited, London 2002.


---

[33] Ibid.
[34] Clare Ovey - Robin White, The European Convention on Human Rights, Oxford University Press, New York 2006, p. 56.
[35] За принципите на толкување на ЕКЧП види повеќе во: Д. Ј. Харис, М. О'Бојл, Варбрик, Правото на Европската конвенција за човекови права, второ издание, Просветно дело, Скопје 2009, стр. 5 -18
[36] Види фуснота 10 од овој труд.

5. Macdonald R. St. J.- Matscher F. – Petzold H., ( Eds.) The European System for the Protection of Human Rights, Martinus Nijhoff Publishers, Dordrecht 1993.
6. Харис Д. Ј., О'Бојл М., Варбрик Ц., Право на Европската конвенција за човекови права, Батервудс, Лондон, Дабилн, Единбург 1995.

**Правни извори**

1. Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи од 1950 година.
2. Резолуцијата 690 за Декларацијата за полицијата, усвоена од Парламентарното собрание на Советот на Европа во 1979 година.
3. Десетте основни стандарди за човековите права, усвоени од страна на Amnesty international во 1998 година.
4. Генералниот коментар бр. 6 усвоен од Комитетот за човекови права на шеснаесеттата сесија во 1982 година.
5. Основните принципи на ООН за употреба на сила и огнено оружје од страна на органите за спроведување на законот, усвоени во 1990 година од страна на Осмиот конгрес на ОН за превенција на криминалот и третман со престапниците.
6. Кодексот на ОН за однесување на лицата што го спроведуваат законот, усвоен со Резолуцијата на Генералното собрание на 17 декември 1979 година.
7. McCann v United Kingdom hudoc (1995).
8. Simsek and others v Turkey hudoc (2005).
9. Giuliani and Gaggio v Italy hudoc (2009).
10. Bubbins v Unted Kingdom hudoc (2005).
11. Gulec v Turkey hudoc (1998).
12. Makaratzis v Greece hudoc (2004).

*Marija Milenkovska, MA*
*Faculty of Security- Skopje*

## *INTERNATIONAL LEGAL PROTECTION OF THE RIGHT TO LIFE IN QUELLING A RIOT OR INSURRECTION BY SECURITY FORCES*

### *Abstract*

*The Article 2 of the European Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms provides that the deprivation of life shall not be regarded as inflicted in contravention of this Article when it results from the use of force which is no more than absolutely necessary in action lawfully taken for the purpose of quelling a riot or insurrection.*

*However, this does not mean that security forces have the permission to use lethal force whenever they confront themselves with this kind of situations. In this regard, the paper presents an attempt through analysis of the content of the judgments of the European Court of Human Rights in the part of the right to life, to determinate the basic principles on the use of force and firearms by security forces in order to prevent an arbitrary deprivation of life. In the first part of the paper the author focuses on determining what the Court understands under the phrase „absolutely necessary" force. The second part provides an analysis of the basic steps that should be undertaken during the planning and control of the security operation in order to minimize the risk to the lives of the people while quelling a riot or insurrection.*

***Key words****: European Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, European Court of Human Rights, right to life, "absolutely necessary" force, riot or insurrection..*

*м-р Никола Дујовски*
Асистент на Факултет за безбедност - Скопје
e-mail. ndujovski@fb.uklo.edu.mk

# ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ НИЗ ПЕРСПЕКТИВАТА НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ

***Резиме***

*Европските интеграции интензивно се навлезени во сферата на општественото живеење во Република Македонија. Некој сектор е понапред, некој заостанува во реформите. Сепак, може да се констатира дека Република Македонија сериозно е навлезена на патот на евроатлантските интеграции и среднорочно може да очекува дека ќе стане дел од НАТО-сојузот и од Европската Унија (ЕУ).*

*Сообраќајот, како една од најважните развојни гранки, несомнено зазема значајно место во секое општество. Степенот на развој на оваа гранка зависи од многу фактори и е последица на голем број мерки и активности кои се преземаат од надлежните државни органи. Безбедноста во сообраќајот, исто така, зазема исклучително значајно место во евроинтегративните процеси, особено затоа што Република Македонија се обврзува на почитување на Меѓународните конвенции, правила и прописи кои важат во ЕУ. За хармонизацијата и имплементацијата на нашата со европските регулативи за безбедноста во сообраќајот се грижат повеќе министерства, државни органи, институции, па и невладиниот сектор во државата.*

*Трудот кој следи дава приказ на состојбите на безбедноста во сообраќајот (особено патниот) во Република Македонија и споредбена анализа со неколку европски земји. Се прави и обид да се дадат предлози за побрза хармонизација на македонското законодавство во оваа област со правилата кои важат во ЕУ.*

*Клучни зборови: европски интеграции, сообраќај, безбедност во сообраќајот.*

## Вовед

Република Македонија уште од осамостојувањето во 1991 година, јасно ги зацрта приоритетите на државата, меѓу кои највисоко се најдоа зачленувањето на државата во евроатлантските интеграции, пред сè во Организацијата на Обединетите нации (ООН), Европската Унија и НАТО-пактот. Членството во ООН беше остварено во 1993 година, додека за членство во ЕУ и НАТО сè уште се исполнуваат критериумите и стандардите.

И покрај тоа, Република Македонија допрва ја очекуваат сериозни реформи и прилагодување на правилата и процедурите во домашното законодавство со европските стандарди. Наредниот чекор се преговорите за полноправно членство кои се водат помеѓу заинтересираната држава и Европската комисија (ЕК), а се однесуваат на 35 поглавја, односно целини преку кои се скенира целокупниот општествен живот во земјата.

Во рамките на наведените поглавја за преговори, неомнено значајно место зазема и сообраќајот, а посебно безбедноста во него. Предмет на нашето понатамошно интересирање е безбедноста во патниот сообраќај.

## Безбедноста во сообраќајот и европските интеграции

Сообраќајот, како една од најважните развојни гранки, несомнено зазема значајно место во секое општество. Степенот на развој на оваа гранка зависи од многу фактори и е последица на голем број мерки и активности кои се преземаат од надлежните државни органи. Безбедноста во сообраќајот, исто така, зазема исклучително значајно место во евроинтегративните процеси, особено затоа што Република Македонија се обврзува на почитување на Меѓународните конвенции, правила и прописи кои важат во ЕУ. За хармонизацијата и имплементацијата на нашата со европските регулативи за безбедноста во сообраќајот, се грижат повеќе министерства, државни органи, институции, па и невладиниот сектор во државата. Најшироки овластувања на овој план имаат Министерството за внатрешни работи, посебно полицијата, Министерството за транспорт и врски, како и повеќе државни инспекции и установи.

Според член 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (ЗБСП)[1]:

> Министерството за внатрешни работи ги спроведува прописите и презема мерки што се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата и за таа цел:
>
> - ја следи и анализира состојбата на безбедноста на сообраќајот на патиштата,
> - укажува на актуелните проблеми во областа на сообраќајот на патиштата и предлага мерки за нивно решавање,
> - го контролира и регулира сообраќајот на патиштата,
> - врши контрола над возачите и другите учесници во сообраќајот на патиштата, над состојбата на патиштата и улиците, опремата и сообраќајната сигнализација,
> - води прекршочна постапка за прекршоци за кои е определено како прекршочен орган со исклучива надлежност за негово постапување, во согласност со овој закон,
> - соработува со другите надлежни државни органи и правни лица во уредувањето, техничкото регулирање на сообраќајот и сообраќајните текови и нивното функционирање,
> - врши надзор над спроведувањето на прописите и над преземањето на мерки што се однесуваат на безбедноста на сообраќајот на патиштата,
> - врши стручни и управни работи сврзани со издавање на возачки дозволи и дозволи за инструктори, регистрација на моторни и приклучни возила, како и издавање на сообраќајни дозволи, индивидуални контролни книшки и возачки книшки,
> - учествува во активностите сврзани со спроведувањето на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот и
> - врши и други работи во согласност со одредбите на овој закон.

Покрај овие одредби кои му овозможуваат на МВР да врши бројни активности во безбедноста во сообраќајот, истиот закон упатува и на потребата од претходни консултации со МВР кога некој друг државен орган или орган на локалната самоуправа врши работи од областа на безбедноста во сообраќајот. Па така, Советот на општината на градот Скопје го уредува сообраќајот на локалните патишта на своето подрачје, но претходно треба да прибави согласност од МВР.

---

[1] Службен весник на РМ, бр. 54 од 3.5.2007 година.

Дел од овластувањата во поглед на безбедноста и уредувањето на сообраќајот се и на Министерството за транспорт и врски кое издава дозволи за превоз во сообраќајот, и во внатрешниот и за меѓународен сообраќај, потоа врши контрола и надзор над работењето на јавните претпријатија чии активности се во областа на сообраќајот итн.

Анализата на сегашното законодавство од областа на безбедноста во сообраќајот покажува дека во овој дел државата направи сериозни промени, особено со имплементацијата на новините во ЗБСП кои се целосно компатибилни со меѓународните правила и правилата кои се применуваат во повеќето земји-членки на ЕУ.

Денес, сообраќајните прекршоци на нашите патишта се толку бројни, а и сообраќајните незгоди како последица на тоа се толку чести така што со право се констатира дека безбедноста на патниот сообраќај е загрозена до степен што навистина загрижува.

Со право можеме да кажеме дека во ниедна друга област на човековите активности не се чинат толку прекршоци со толку отстапувања од нормите и правилата за поведение, како што е тоа случај во областа на сообраќајот. Голем број од учесниците во сообраќајот, особено возачите, многу често, понекогаш несвесно, а често пати и свесно, самите себе се доведуваат во ситуација да постапат спротивно на некоја норма или правило за поведение во сообраќајот, а со тоа веќе да ја доведат во опасност сопствената безбедност или безбедноста на останатите учесници во сообраќајот, а неретко и двете истовремено, односно на сообраќајните незгоди секогаш им претходат сообраќајни прекршоци. Загрозувањето во патниот сообраќај не треба да се цени само врз основа на случените сообраќајни незгоди, туку и низ севкупните однесувања во сообраќајот кои продуцираат опасност.

Причините за сообраќајните незгоди се многубројни и испреплетени. Тие најчесто меѓусебно се условуваат и надополнуваат, па заеднички придонесуваат за настанувањето на сообраќајната незгода. Многу тешко е да се издвои само една единствена причина за која било сообраќајна незгода. На планот на егзактното утврдување на вистинските причини за сообраќајните незгоди и другите негативни појави во сообраќајот, денес речиси во сите земји на ЕУ, па и кај нас, во зависност од степенот на сообраќајната развиеност, сè повеќе внимание се посветува на научните истражувања во таа насока. И покрај многубројноста на причините на сообраќајните незгоди, тие сепак, главно, се врзуваат за однесувањето на човекот - субјективен фактор, состојбата на патот и исправноста на превозното средство - објективен фактор, како основен фактор на (не)безбедноста на патниот сообраќај, при што е неспорно дека субјективниот фактор има доминантна улога во тоа. Меѓутоа, со оглед на нивната поврзаност и зависност, тие треба да се третираат како единствена и неделива целина, па на тоа треба да се прилагодуваат и севкупните превентивно-репресивни мерки, како вид на реагирање на негативните и штетни појави во сообраќајот, со цел да се создадат поповолни услови за одвивање на патниот сообраќај и да се ублажи неговото загрозување. Притоа, не треба да се запоставува околноста дека патот и возилото практично и не можат да се третираат како чисто објективен фактор, односно причина за настанување на сообраќајна незгода затоа што речиси зад секоја грешка или пропуст во изградбата, реконструкцијата или одржувањето на патиштата, како и во поглед на исправноста на моторните возила, се наоѓа одреден субјект кој со тоа индиректно придонел за настанување на штетна последица.

Сепак, од аспект на европските интеграции, Република Македонија заостанува во одредени сегменти од областа на безбедноста во сообраќајот, а тоа особено е изразено кај трите најзначајни фактори за безбедност, и тоа возач, возило и пат.

## Факторот возач

Се смета дека не постои човек кој барем еднаш во својот живот не ќе стане причинител, жртва или сведок на сообраќајна незгода, а за разлика од сите други епидемии на заразни болести никој нема вроден имунитет против сообраќајни незгоди, ниту пак може да биде вакциниран против нив. Тешка, но навистина и сè почеста е ваквата глетка објавена преку медиумските куќи, печатот и секојдневните сведоштва на нашите улици - крстосници и на нашите патишта низ цела Македонија. Повод за ваквото предупредување е зголемениот број на сообраќајни незгоди во државата во кои секојдневно гинат човечки животи, остануваат трајни инвалиди и оштетени возила со високи и ненадоместливи штети и штетни последици. Доминантноста на субјективниот фактор - учесникот во сообраќајот како причина во настанувањето на сообраќајните незгоди е очигледна, дури и тогаш кога вистинската причина може да му се припише на патот (на пример, голомразица, неправилна кривина, ударна дупка и сл.) или на состојбата на моторното возило, се настојува да се пронајде и истакне една (главна) причина за незгодата, а тоа по правило, е субјективниот фактор (учесникот во сообраќајот) - најчесто возачот, се прикажува дека "не го прилагодил движењето на возилото спрема условите и состојбата на патот".

Воведувањето на новиот ЗБСП, од мај 2007 година, донесе и повеќе новини кои директно влијаат на факторот возач, како најзначаен субјективен фактор за безбедноста во сообраќајот. Повеќето измени во процедурата за стекнување возачка дозвола, на среден рок ќе покажат повеќе позитивни резултати во обуката на возачите. Тие сè повеќе ќе стануваат свесни за сериозното прашање на безбедноста во сообраќајот, ќе бидат способни да ги надминат минимум потребните стандарди за управување со моторно возило, со што ќе се зголеми вниманието при управување, а со тоа ќе се подобри и безбедносната состојба.

Новата категорија возачи, возач-почетник е една од поважните измени во ЗБСП. Тие предвидуваат одредени ограничувања за возачите-почетници што може да биде многу корисно за самиот почетник, но и за останатите учесници во сообраќајот. Па така, возач-почетник кој поседува возачка дозвола од категориите А, Б и Ц, односно од поткатегориите А1 и Ц1 не смее да управува со возило со брзина поголема од 60 километри на час на јавен пат, односно со брзина поголема од 80 километри/час на пат наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила, односно со брзина поголема од 100 километри/час на автопат, а со велосипед со мотор повеќе од 40 километри/час, ниту смее со возилото да влече приклучно возило или да врши организиран превоз на деца во рок од две години од денот на издавањето на возачката дозвола.[2] Покрај овие ограничувања, возачот-почетник не смее да управува со возило во времето од 23,00 до 05,00 часот, освен ако во возилото не се наоѓа лице-возач постаро од 25 години и нему не му е изрекувана санкција забрана за управување со моторно возило. Категоријата возач-почетник е позната во речиси сите европски земји, па така, во Сојузна Република Германија, возач-почетник е лице кое се стекнало со право за управување со моторно возило додека да поминат три години од стекнувањето на тоа право и за него важат посебни мерки на безбедност, односно нема право самостојно да управува со моторно возило на автопат, не смее да се движи со брзина поголема од 80 километри/час на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, постојат и ограничувања за управување со возило ноќе, во зимски услови итн.[3] Новиот начин на стекнување возачка дозвола, односно работата на автошколите, исто така има за цел позитивно да влијае на

[2] Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, чл. 240 ст. 1.

[3] http://www.iatss.or.jp/pdf/research/25/25-2-09.pdf, пристапено на 30 април 2010 година.

безбедноста во сообраќајот. Воведувањето на испитни центри во поголемите градови и нивната тесна поврзаност со Министерството за внатрешни работи, овозможуваат далеку подобар увид во квалитетот на обуката и оспособеноста на кандидатот за возач ефективно и ефикасно да управува со моторното возило.

Оспособувањето за теоретскиот и практичниот дел го вршат возачи-инструктори од автошколите, додека оспособувањето за укажување на прва помош го вршат овластени лица од Министерството за здравство (Црвениот крст или слично).

Сите овие, но и другите промени во однос на правото и начинот на работа на автошколите, како и начинот на работа на испитните центри, во наредниот период значително ќе влијаат на зголемувањето на безбедноста во сообраќајот.

На факторот возач, односно на способноста за управување со моторно возило сериозно влијае и психо-физичката подготвеност, а особено влијанието на алкохолот, дрогите, останатите лекови и психотропни супстанции. Затоа МВР постојано ја следи состојбата на алкохолизираност на возачите и презма мерки за санкционирање на оние кои управуваат со возило под влијание на алкохол. Новиот ЗБСП предвидува многу повисоки казни за возачите кои управуваат со моторно возило под влијание на алкохол, и тоа:

- Возачот не смее да управува со возило во сообраќајот на патот, ниту да започне да управува со возило ако е под дејство на алкохол.
- Ќе се смета дека е под дејство на алкохол лицето за кое со анализа на крвта или на крвта и урината или со друг метод за мерење на количеството на алкохол во организмот, ќе се утврди дека содржината на алкохолот во крвта изнесува повеќе од 0,50 г/кг или ако присуството на алкохол во организмот е утврдено со соодветни средства или со апарати за мерење на алкохолизираноста (алкометар и друго), што одговара на количества поголеми од 0,50 г/кг или кај кое без оглед на содржината на алкохолот во крвта, со стручен преглед, ќе се утврди дека покажува знаци на алкохолна растроеност.[4]

Возач-почетник, возач на кого тоа му е основно занимање, возач-инструктор и членови на испитна комисија на смеат да управуваат со моторно возило ако се под влијание на алкохол.

Република Македонија е во чекор со европските држави кога станува збор за количеството на алкохол во крвта кое смеат да го имаат возачите додека управуваат со возило.

Од сликата бр. 1 може да се забележи дека во најголемиот број европски држави, дозволеното присуство на алкохол во крвта на возачот изнесува 0,50 промили. Постојат и земји каде што алкохолот е целосно забранет, како што се Словачка, Чешка, Унгарија, но и земји каде што дозволеното присуство е повеќе од просечните 0,50, па така, во Луксембург, Ирска, Обединетото Кралство и Малта изнесува 0,80 промили. Најлиберална држава во овој поглед е Кипар каде што дозволеното количество е дури 0,90 промили.

[4] Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, чл. 234.

Слика 1. Дозволено количество на алкохол во крвта кај возач во ЕУ и земјите-кандидати:[5]

Концентрација на алкохол во крвта кај возачите во Европските држави




Сепак, бројот на лица кои управуваат со возило под влијание на алкохол има тренд на зголемување, а со тоа и загрозувањата на безбедноста во сообраќајот се сè поголеми. Само на територијата на градот Скопје, во 2009 година биле откриени 3719 возачи кои управувале со возило под влијание на алкохол, што е нешто повеќе од десет возачи на ден.[6] Ова само укажува на потребата од позајакнати мерки за контрола на алкохолизираноста кај возачите.

## Факторот возило

Патниот сообраќај, без сомнение, е од огромно значење за општеството во кое живееме. Впрочем, современиот начин на живеење и не може да се замисли без моторно возило. Меѓутоа, неговото одвивање го следат и низа штетни и негативни појави, често пати манифестирани во својот најтежок облик - сообраќајни незгоди со бројни човечки жртви и немерливи материјални штети. Опасноста и загрозеноста во патниот сообраќај се негов составен дел, но прашање е во која мера тие треба да бидат присутни и конкретизирани во сообраќајни незгоди за да се смета дека е тоа реално, неминовно ниво и на кој број треба да се сведат сообраќајните незгоди за да се смета дека тие се во границите на неизбежното и може ли тоа да се постигне.

Состојбата со возниот парк во Република Македонија, споредено со онаа во земјите-членки на ЕУ, ни малку не е розова. На територијата на Република Македонија се регистрирани нешто повеќе од 300000 моторни возила, од кои дури 250000, или 83% се патнички, околу 20000 спаѓаат во категоријата товарни, приклучни и влечни возила, 2500 автобуси итн. Просечната старост на возилата изнесува:

[5]http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=8200&mid=700&tabId=72&tabindex=0, пристапено на 30 април 2010 година.

[6] Годишен извештај за работата на ПС за БПС при СВР Скопје за 2009 година.

- за патнички возила – 14 години;
- за товарни, приклучни и влечни возила – 21 година;
- за автобуси – 18 години.

Ова укажува на застарен возен парк во споредба со земјите-членки на ЕУ. Само за пример, возниот парк во Република Ирска е речиси двојно понов од македонскиот, а просечната старост на моторните возила изнесува:[7]

- за патнички возила – 7 години;
- за товарни, приклучни и влечни возила – 9 години;
- за автобуси – 11 години.

Од земјите од нашето непосредно опкружување, на пример, просечната старост на возилата во Република Хрватска изнесува 10 години и три месеци[8].

И во Република Македонија постои тренд на замена на постарите моторни возила со нови или со половни возила кои сепак ќе имаат пристојна цена според платежната моќ на македонските возачи. Владата на Република Македонија во март 2010 година ги намали давачките за нови и за употребувани моторни возила, со што треба позитивно да се влијае на староста на возниот парк, а со тоа и на безбедноста во сообраќајот. Сепак, тоа нема да влијае на подобрувањето на возниот парк, особено затоа што увезените возила се речиси на досегашниот просек по годините на старост.

Од овие, но и од повеќе други причини, возниот парк во Република Македонија и понатаму останува далеку од европскиот просек. Тоа ќе има последици и врз безбедноста во сообраќајот, а секако ќе биде и значаен дел од процесот на преговори кои се очекува државата да ги отпочне во наредниот период.

Покрај мерките за обновување на возниот парк, во насока на зголемување на безбедноста на сообраќајот, државата делумно ја либерализираше и постапката за регистрација на моторни возила. Беше дозволено поголем број на правни лица да се занимаваат со технички преглед на сите видови моторни и приклучни возила, а исто така да вршат и хомологација на возила. Па така, од 2008 година, во Република Македонија покрај АМСМ и Сојузот на возачи, кои беа единствените што дотогаш ги исполнуваа стандардите за вршење технички преглед на моторни возила, сега сè почесто се среќаваат и приватни станици кои нудат можност за регистрација на моторни возила. Либерализацијата на пазарот несомнено треба да понуди поголем квалитет на услугите, посовремена методологија на проверка на техничката исправност, што може да влијае и на безбедноста во сообраќајот воопшто. Ова е во согласност и со европските стандарди кои поттикнуваат целосна либерализација на пазарот. Така, на пример, во Франција право да врши технички преглед има секое правно лице кое ќе ги исполни релативно ниските стандарди, а кои се однесуваат на поседување опрема за проверка на основните уреди на возилата, уредите за управување, за запирање и за осветлување на патот.[8]

## Факторот пат

Учеството на патот како причина за настанување на сообраќајните незгоди е незначително, па врз основа на тоа би можело да се заклучи дека патот и не е така значаен фактор за безбедноста на сообраќајот. Меѓутоа, согледувањата кои се вршени во времето кога поинтензивно се вршеше снимање на одделни „опасни делници” или

---

8 http://community.momlogic.com/profile/CarInsuranceRatesGetFreeAut245, пристапено на 27 април 2010 година.

[8] http://www.controletechnique.info/securite-routiere.php, пристапено на 28 април 2010 година.

„црни точки" на патиштата во Република Македонија, бројот на сообраќајните незгоди на тие делници после тоа значително се намалуваа за 20 - 30%. Впрочем, други аргументи и не се потребни кога е евидентно дека на одредени делници или места на патиштата зачестено се случуваат сообраќајни незгоди. Тоа доволно упатува на заклучок дека тука не се во прашање само недисциплинираните однесувања на возачите, така и одредени „сили", односно „помагачи" кои дејствуваат така што и неприлагодените однесувања кои не се екстремни често пати резултираат со сообраќајна незгода. Слична е состојбата и кога е во прашање исправноста на моторното возило.

Основна дилема која постојано ни се наметнува е: зошто на нашите патишта е присутен така висок степен на недисциплина и загрозеност на учесниците во патниот сообраќај? Според бројот на сообраќајните незгоди и настраданите лица, споредено со бројот на жителите, бројот на моторните возила и други параметри, нашата земја се вбројува во редот на сообраќајно загрозени земји. На ова прашање практично и не е можно да се даде целосен и верифициран одговор. Пред сè, тоа е фактот што ние неверојатно брзо достигнавме таков степен на моторизираност кој нè вбројува меѓу средно развиените земји во сообраќајна смисла во Европа. Меѓутоа, нашиот сообраќај е современ само по однос на бројот, видот и возно-динамичките карактеристики на превозните средства, а не и по однос на другите компоненти кои треба соодветно да го следат.

На нашите патишта се одвива современ сообраќај во несовремени услови така што расчекорот помеѓу развојот на сообраќајот и на компонентите кои треба да го следат (сообраќајната култура, состојбата на патната мрежа и др.), поизразено продуцира деликвентни однесувања на неговите учесници, од кои поголемиот број можат да резултираат и со загрозување на учесниците, имотот и на другите вредности.

## Заклучок

За неповолните состојби во областа на безбедноста во патниот сообраќај во значителна мера влијае и тоа што таа не се чувствува подеднакво како заедничка грижа и обврска на сите субјекти во општеството, дотолку повеќе што токму оваа област на човечките активности е со најизразен општествен карактер каде што практично секој учесник и субјект може да придонесе истовремено и за загрозување и за подобрување на безбедноста во патниот сообраќај. Сепак, европските интеграции ќе имаат значително влијание на понатамошниот развој на сообраќајот во државата и битно ќе влијаат на безбедносната состојба.

Како една позитивна новина од интеграциите ќе го спомeнеме Европскиот извештај за сообраќајни незгоди, кој се применува од месец март 2009 година, и кој значајно ги олесни процедурите за правно завршување на полесните сообраќајни несреќи и регулирањето на правото за надомест на материјална штета. Од неговото воведување, бројот на сообраќајни несреќи на кои МВР врши увид е намален за повеќе од 50%, а времетраењето за надомест на материјална штета исто така е двојно намалено. Со тек на време, возачите се повеќе ќе стануваат свесни за значењето на ЕИСН и сè повеќе ќе го применуваат.

Од друга страна, државата треба што поскоро да изгради механизми за превенирање на субјективниот фактор при донесувањето на измените на потребните стандарди. Па така, излетот со воведувањето на противпожарните апарати како задолжителна опрема за сите видови моторни возила, со стандарди кои се косат со светската практика и меѓународните документи, е во директна спротивност со интересите на Република Македонија за хармонизација на законодавството. Ова особено затоа што во согласност со Меѓународната виенска конвеција за дополнителна

опрема на возилата, противпожарните апарати не се задолжителни за патничките возила, туку само се препорачува нивно поседување, а за товарните возила е потребно да се поседува ПП-апарат со тежина од 2 килограми.

Останува уверувањето дека со целосното прифаќање на европското законодавство ќе се поедностават механизмите за контрола на сообраќајот, а со тоа ќе се зголеми безбедноста на учесниците во него.

**Користена литература**:


1. Anderson, B, and Libermann, R. 2009. *Road Traffic Safety in the EU-Yaerbook 2009.* Stockholm: Stockholm University Press.
2. European Commission. Directorate-General for Press and Communication. 2007. *Key facts and figures for Europe and the Europeans.* Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities.
3. European Commission. 2007. *50 ways forward.* Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities.
4. European Commission. Directorate-General for Press and Communication. 2007. *Understanding Enlargement. The European Union's enlargement policy.* Bruxellesc: Directorate General for Enlargement.
5. European Commission, Directorate-General for Enlargement. 2005. *Cooperation in the field of Customs and Taxation. The European Union and the Western Balkans.* Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities.
6. Kostić, S. 2002. *Tehnike bezbednosti I kontrole saobraćaja.* Novi Sad: Fakultet tehničkih nauka.
7. Treats, Jacob. 2008. *A simulation program for vehicle accidents.* Eindhoven: Technische Universiteit Eindhoven.
8. Закон за безбедноста на сообраќајот на патиштата, Службен весник на РМ, бр. 54/2007 година.

Интернет-страници:

http://www.controletechnique.info/securite-routiere.php
http://community.momlogic.com/profile/CarInsuranceRatesGetFreeAut245
http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=8200&mid=700&tabId=72&tabindex=0
http://www.iatss.or.jp/pdf/research/25/25-2-09.pdf

*Nikola Dujovski, MA*
*Faculty of Security- Skopje*

***EUROPEAN INTEGRATIONS FROM THE PERSPECTIVE OF TRAFFIC SAFETY***

***Abstract***

*The European integrations have intensively penetrated into the social life sphere in the Republic of Macedonia, with some sectors being ahead while others lagging behind as far as their reforms are concerned. However, we can conclude that the Republic of Macedonia is on the road to Euro-Atlantic integrations and can be expected to become part of the NATO alliance and the European Union (EU).*

*Traffic, as one of the most important development branches, undoubtedly occupies an important place in any society. The degree of development of the traffic depends on many factors, measures and activities undertaken by the official national authorities. Road safety also takes a very important place in European integration processes, especially as the Republic of Macedonia has the obligation to obey the international conventions, rules and regulations that apply in the EU. The harmonization of our regulations with European road traffic safety measures and their implementation is the responsibility of a numerous ministries, institutions and even NGOs in the state.*

*The paper outlines the situation of traffic safety (especially road traffic) in the Republic of Macedonia and provides a comparative analysis with several European countries. It also gives suggestions for faster harmonization of Macedonian legislation with the rules which apply in the EU.*

*Key words: European integration, traffic, traffic safety.*

*м-р Раде Рајковчевски*
Асистент на Факултет за безбедност – Скопје
е-маил: raderaj@yahoo.com

# ВЛИЈАНИЕТО НА „МОЌТА НА ДРЖАВАТА" ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЦЕЛИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Резиме*

*Одредувањето на параметрите на моќта на Република Македонија во меѓународните односи и безбедноста претставува основен предизвик на трудот. Мултидимензионалноста на „моќта на државата" и дефинирањето на интересите на безбедносната политика се главните детерминати за позицијата на државата во регионалниот безбедносен простор. Моќта на државата не се анализира само како способност на државата за надминување на конфликтите и одржување на континуиран општествен развој, туку нејзиниот опсег ги опфаќа улогата и придонесот на Република Македонија за меѓународната безбедност.*

*Дефинициите за моќта на државата произлегуваат од светски реномирани стручњаци од безбедносната сфера и од општествените науки. Размислувањата дадени во трудот даваат толкување на прифатените дефиниции во согласност со безбедносните, политичките и економските околности кои владеат во Република Македонија. Изнесените ставови се одраз на придонесот од соработката на безбедносните сили во регионални рамки, но се однесуваат и на активностите кои тие ги преземаат за спречување на глобалните безбедносни закани. Временската рамка го опфаќа периодот од осамостојувањето до денес.*

***Главни зборови**: моќ, безбедност, држава, политика, интереси, приоритети.*

## 1. *Дефинирање на моќта на државата и параметрите за нејзина мерливост*

Моќта на државата претставува основна претпоставка за позиционирање на безбедносната политика во внатрешните и во надворешните односи. Објаснувањата и формулите за мерење на моќта, односно способноста на државата за водење на активна надворешна и внатрешна безбедносна политика се дадени со функција на подобрување на внатрешната безбедносна состојба и зајакнување на репутацијата на земјата во рамките на меѓународната заедница. При определувањето на моќта на државата најчесто се поставува корелација помеѓу низа фактори, какви што се: воено-техничката моќ на вооружените сили на државата, моќта на државната економија и способноста за мобилизација на сите расположливи човечки и материјални потенцијали во функција на заштита на државните интереси и вредности. Определувањето на овие фактори кои ја одредуваат „моќта на државата" може да се смета за најадекватен пристап за нејзино емпириско толкување. Меѓутоа, во современиот безбедносен простор постојат и други битни фактори како: организираноста (т.е. поставеноста) на безбедносниот систем и квалитативните карактеристики на човечкиот фактор во рамките на системот за донесување одлуки поврзани со безбедноста и стабилноста на државата.

Бидејќи често конфликтите во меѓународната политика се одраз на ривалствата на големите сили, борбата помеѓу две еднакви сили, вештината да се мобилизираат државните ресурси, потенцијалот за претворање во воен инструмент и моменталната способност, стануваат еднаква или најмалку критична димензија за способноста на

државата.[1] Во нејзината најопшта смисла, моќта често е третирана како синоним за правото. Други пак, мислат дека таа е атрибут на поединци. Денес, многу често, таа се користи за опишување на збирот од способности во контекст на општествените односи меѓу различни заедници.[2]

И покрај навидум широката разновидност на дефинициите и употребата, сè уште се расправа за многуте дефиниции на моќта, посебно за оние кои се присутни во општествените науки. Во анализите на поимот, моќта се поврзува со: распределбата на средствата (од какво било потекло), оспособеноста да се користат тие средства (вклучувајќи меѓу другите нешта и план за нивна употреба и некои минимални информации за условите и последиците од употребата) и нејзиниот „стратешки карактер” кој се огледа во користењето на моќта „не само против инерцијата на нештата туку и против отпорот на спотивставените волји”.[3] Со овој триделен пристап, моќта се опишува како средство, стратегија и како краен резултат.[4] Моќта сфатена како „средство” го определува збирот од можности достапни на еден ентитет да влијае врз друг. Традиционално, овие способности на државата во рамките на безбедносната наука биле третирани од сроден до вообичаен концепт за безбедноста и најпосле нивното третирање се поврзува со интересите присутни во меѓународната политика. Така, научниците кои користеле мултифакторска анализа за вршење на мерења на моќта на државата во областите на природните ресурси, населението, вооружените сили и бруто-националниот приход на земјите, ја искористиле и за рангирање на репутациите на народите.[5]

Иако во рамките на општата традиција моќта се доживува само како средство, многу концепти за средствата мора да бидат така надополнети за да го вклучат тоа што Снајдер во неговата суштинска анализа го нарекува „моќ како успех”.[6] Притоа, тој објаснува дека со надминувањето на формалните граници на државата и насочувањето на безбедносните интереси кон остварување на внатрешните и регионалните цели на државната безбедносна политика, земјата во меѓународната политика добива статус на „земја која претставува автономен актер со независни привилегии и цели кои не се редуцирани од личните интереси или интересите на доминантната класа”. Во однос на мерењето на моќта на државата, во состојби кога таа не е политички оптоварена, аналитички е можно да се оцени нејзиниот обид да ги имплементира сопствените цели против отпорот од политички мобилизираните групи во општеството и другите актери во глобалното опкружување. Притоа, државата се стреми да ги претвори постоечките физички и нематеријални ресурси во ефективни инструменти какви што се воените способности и капацитети.

Традиционалните пристапи за мерење на моќта на државата зависат од различното дефинирање на моќта и од применетата методологија со која се одредуваат нејзините параметри. *Прво*, повеќето традиционални пристапи се обидуваат да направат споредување во однос на статусот на државите во рамките на меѓународната

[1] Овој предлог е презентиран во Jacek Kugler and William Domke. “Comparing the Strength of Nations”, *Comparative Political Studies* 19, No. 1 (1986), 39–69.
[2] За анализа на овие концепти, видете повеќе во Dennis Hume Wrong. *Power: Its Forms, Bases, and Uses* (New Brunswick, USA: Transaction Publishers, 1995), vii–xvii.
[3] Raymond Boudon and François Bourricaud. *A Critical Dictionary of Sociology* (Chicago, USA: University of Chicago Press, 1989), 267.
[4] Слична таксономија може да се најде во Kal J. Holsti, *International Politics: A Framework for Analysis* (Englewood Cliffs, NJ, USA: Prentice-Hall, 1983), 164–168. Тој ја опишува моќта преку смислата на средствата, актите и исходите.
[5] За добар пример видете во Rudolph Joseph Rummel, *The Dimensions of Nations* (Beverly Hills, USA: Sage, 1972).
[6] Lewis W. Snider, “Identifying the Elements of State Power” *Comparative Political Studies* 20 (1987), 319.

заедница или во одреден воен, политички или економски сојуз заради одредување на воениот капацитет на државата и нејзините можности за предизвикување конфликт. *Второ*, за мерење можат да се користат готови емпириски податоци кои го прикажуваат степенот на моќта на државата во внатрешната и во надворешната политика. *Трето*, повеќето податоци содржат само збирни елементи, што значи дека материјалните елементи едноставно можат да бидат додадени во различни комбинации. Во поголем дел, тоа се должи на променливите кои ги мерат квалитативните вредности како што се карактеристиките на групите или елитите и тие се тешки за обработување на униформиран и систематичен начин (формулата на Клајн за светската моќ, со која се обединуваат способноста и одговорноста на државата, претставува исклучок[7]). *Четврто,* главно, податоците се фокусирани на „државата" како најсоодветна единица за анализи. Државата се третира како „содржател на средствата"[8] поседувајќи одредени мерливи елементи кои ако соодветно се идентификувани и мерени, даваат разбирливост на нејзините инхерентни способности. Со исклучок повторно на податоците на Клајн, кои бараат опфаќање на димензиите на природните интеграции и силното лидерство, ниеден традиционален пристап не може да се спушти под субнационалното ниво за да обработи некои политички институции или етникуми. *Петто,* повеќето индиции кои се користат кај традиционалните показатели на моќта се постојани бруто-индиции. Дури и мерките за воената способност во голема мера содржат бруто-мерила, како големината на инвентарот или бројот на специфичните делови од воено-техничката опрема. Овие две мерила заедно со ресурсите се идентификувани како најважни, но нивното значење во индустриската ера каде што променливите какви што се степенот на производството на челик, нивото на потрошената енергија и големината на резервите од храна, се основа на анализите за моќта на државата.

Оценувајќи ги пристапите врз основа на прегледноста при распознавањето на забележливите разлики помеѓу државите, Мерит и Зин дојдоа до следниве заклучоци.[9] Според нив, повеќето студии даваат слични наоди во рангирањето на способностите на државата. Затоа, иако постојат различни мерила или формули, најмоќните држави во безбедносните системи се стремат самите да бидат над сите показатели. Понатаму, кога некој од пристапите се обидува да го измери апсолутното количество моќ кое го поседуваат државите, наодите добиени преку студии изгледаат дека се и повеќе соодветни од наодите засновани на резултатите добиени од рангирањето. Во сите случаи, сличностите од наодите се големи за развиениот свет и крајно мали за светот во развој. Тоа се објаснува со големиот интерес на моќните држави за мерење на моќта на своите „ривали", но и на ангажирањето на аналитичари кои потекнуваат или ги штитат интерсите на големите и развиени земји.

Во традиционалните концепти за мерење на моќта на државата спаѓа и употребата на сила од страна на државата заради неутрализирање на причините за

---

[7] Неговата формула е Pp = (C + E + M) x (S + W), каде што C е критична маса (ги вклучува територијата и населението), E е економски капацитет (ги вклучува приходите со енергијата, минералите кои не потекнуваат од горива, производството, храната и трговијата), M е воен капацитет (ја вклучува стратешката рамнотежа заедно со борбените способности и предноста од напорите и залагањата), S е коефициентот на стратегија на државата и W е националната волја (го вклучува степенот на интеграција во државата, јачината на лидерството и релевантноста на стратегијата со државните интереси). Ray S. Cline. *World Power Assessment: A Calculus of Strategic Drift* (Boulder, CO, USA: Westview Press, 1975), 11.

[8] За истражувањето како територијалноста може да биде разбрана од неколку современи школи во политичките науки, видете повеќе во Gary Goertz and Paul F. Diehl. *Territorial Changes and International Conflict* (London, UK: Routledge, 1992), 1–32.

[9] Richard L. Merritt and Dina Zinnes, 'Alternative Indexes of National Power', во Richard J. Stoll and Michael D. Ward (eds.). *Power in World Politics* (Boulder, USA: Lynne Rienner, 1989), 23-26, отворен цитат.

настанување конфликт или за запирање на конфликтот во раната фаза. Силата насекаде во светот е прифатена како крајно средство, но често лидерите посегнуваат по неа како најсоодветно решение за зачувување на авторитетот пред граѓаните. Сепак, употребата на сила е само краткорочно средство за постигнување на целта. Таа бара доста претпазливост и детална анализа на можните последици од нејзината примена. Употребата на сила во современиот свет претставува удар за демократијата во земјата. Сепак, и најдемократските земји силата ја користат за демонстрација на моќ, не само внатре против побунетите групи туку и во рамките на активностите за заштита и одржување на надворешните интереси на државата.

Во меѓународните односи, моќта на државата се дефинира на поинаков начин. Главно, димензиите за дефинирање на моќта на државата се фокусирани на нејзиното определување како:

- цел кон која тежнеат државите или нивните лидери;
- мерило за влијанието или контролата над случувањата, чинителите и крајните резултати;
- надмоќност во конфликт;
- доминација над суровините, капацитетите и средствата.

## 2. *Моќта на Република Македонија и нејзиното влијание врз целите на безбедносната политика*

Освен во периодот кој следеше непосредно по осамостојувањето на Република Македонија, „моќта на државата" и денес се покажува како најзначаен фактор во процесите за интеграција на државата во меѓународните безбедносни, политички и економски заедници. Моќта на државата влијае врз траењето на интегративните процеси на Македонија, но истовремено од нејзиниот интензитет зависи и одржливоста на континуираниот развој и стабилноста на земјата. Затоа, моќта на Република Македонија може да се разгледува од два аспекти. Едниот го определува капацитетот на државата во домашни рамки, а вториот ја препознава позицијата на државата во регионот и во меѓународната заедница. Јасна дистинкција помеѓу овие два аспекти не постои бидејќи една земја која е политички и економски стабилна и силна, не може да биде лесно маргинализирана во меѓународниот простор. Денес регионалните државилидери во безбедносната сфера не се определени само од демографските и територијалните карактеристики на земјата, туку нивната моќ претставува слика на нивната економска експанзија дополнета со реализацијата на политичките и безбедносните интереси.

Манифестирањето на моќта во домашни рамки се огледа во способноста на државата да ги сочува уставните вредности и да им се спротивстави на внатрешните и на надворешните закани и опасности. Моќта не се мери само со ефикасноста на политичките и безбедносните субјекти во надминувањето на општествените конфликти и одржувањето на безбедноста во земјата. Таа треба да претставува имплементација на една подолгорочна стратегија за зачувување на безбедноста опфатена со концептот на безбедносната политика. Врз основа на проценките и особеностите на земјата, безбедносниот концепт треба да биде производ на сопствената безбедносна политика, усогласен со интересите на стратешките партнери од областа на безбедноста.

Македонија, во согласност со нејзините атрибути како мултиетничко општество со релативно мала територија и популација, нема капацитет ниту аспирации нејзината моќ да ја концентрира на водење на експанзионистичка политика во регионот. Исто

така е погрешно да се размислува дека земјата ќе се залага за реализирање на нејзините лични интереси далеку од нејзините граници. Во однос на поседувањето воена, економска и политичка моќ, Македонија нема можност трајно да влијае врз однесувањето на екстерните чинители, посебно не од позиција во која таа не е апсолутен лидер во креирањето на безбедносните состојби на државите од соседството и пошироко. Односите на Македонија во меѓународниот простор секогаш претставуваат прагматичен израз на односот на сите државни субјекти кои влијаат врз безбедносната состојба, така што динамиката во безбедноста често се случува независно од нашата волја. Континуираното зголемување на моќта на Македонија не треба да претставува закана за соседите.[10] Стекнатиот напредок од последната декада: брзото јакнење на државата преку уважување на сите етнички групи кои живеат во неа, почитувањето на законите и овозможување на владеење на правото во согласност со демократските принципи, на Македонија треба да ѝ овозможи позиција на предводник во тензичниот регион на југоисточна Европа во градењето на стабилни меѓуетнички односи. Во неколку наврати, со создавањето на основа за добри односи во соседството и иницирање на конкретни активности за регионална и прекугранична соработка, Македонија остави впечаток на главен иницијатор за придвижување на Балканот кон Европа.[11]

На прашањето: *Според Вас која земја/ѝ е/се најголем/и поддржувач/и на Република Македонија во нејзините евроатлантски интеграции?*, се издвоени одговорите на испитаниците Македонци (299 или 75%) и Албанци (98 или 25%).[12] Од вкупно 397 испитаници кои одговорија на прашањето, како активни и влијателни партнери на Македонија, граѓаните ги определија следниве:

[10] Болдвин вели: „За кратки трки, висока ограда, крволочен пес и голем пиштол се корисни средства за заштита од соседите. Но на подолги патеки, тие можат да бидат основа за спријателување“. David Baldwin. “The Concept of Security” Review *of International Studies* 23, No. 1 (1997), 17.

[11] На Самитот на Советот на Европа во Солун, одржан од 19-23.6.2003 година, за првпат на земјите од Западен Балкан им се дозволи пристап до интерните програми на Европската Унија, одлука којашто стапи во сила во 2005 година. Со оваа погодност, можноста за прекугранична соработка стана сè поизвесна и поодржлива. Поаѓајќи од сознанието дека пограничните региони на Балканот претставуваат плодна почва за тензија и конфликт и дека тие се едни од најзапоставените и недоволно развиени области во земјите, во периодот од јуни 2003 до денес, Грција и Македонија ја иницираат и ја поддржуваат прекуграничната соработка која има за цел да ги имплементира, на локално ниво, добрососедските односи во областите каде што постои опасност од појава на проблеми. Калинка Сентиќ-Габер, „Македонија: Синоним за соработка наместо проблем“, во Форум-Центар за стратегиски истражувања и документација (изд.) *Коридор 8; политички, стратешки и економски аспекти*, Форум АНАЛИТИКА бр. 4 (Скопје: ФОРУМ-ЦСИД, 2005), 179-180.

[12] Во рамките на магистерската теза насловена како „Елементи на безбедносната политика во функција на превенцијата на конфликти во Република Македонија“, беше спроведено емпириско истражување на општата јавност на територијата на цела Македонија со помош на студентите на Факултетот за безбедност – Скопје, во периодот од 20 мај до 5 јуни 2009 година.




Граѓаните како стратешки партнери на Македонија ги определуваат САД (31%), Словенија (20,9%) и Турција (17,5%). Генерално, ставот на граѓаните се должи на нивната отворена поддршка на Македонија во процесот на зачленувањето во НАТО и во Европската Унија. Испитаниците како прв избор на стратешки партнер немаат европска земја[13], што и денес се покажува како проблем во евроинтеграциите. САД и Турција, преку изјавите на нивните официјални власти, застанаа отворено зад приемот на Македонија во НАТО, но инфериорната позиција на Македонија и недоволната поддршка од останатите членки на Самитот на НАТО во Букурешт не ѝ овозможија членство на Македонија. Позицијата на Словенија како регионален економски лидер и еден од најголемите странски инвеститори во Македонија се покажа недоволна за надминување на пречките со спорот за името во евроинтеграциите. Доколку ја споредиме моќта на Македонија и Грција, под околностите во времето на одржувањето на Самиот на НАТО во Букурешт во 2008 година и во рамките на Европската комисија на ЕУ на крајот од 2009 година, позицијата на Грција во овие две организации се покажа како ненадминлива бариера за македонската дипломатија и највисоките претставници на власта. Тоа се објаснува со фактот дека грчките претставници во телата на ЕУ и на НАТО успешно ја одработија својата задача и како внатрешни субјекти во организациите успеаја да го блокираат приемот на Македонија.

Сепак, заради зачувување на уставните вредности, Република Македонија и понатаму треба да се стреми за зачленување во НАТО. Главни причини поради кои Македонија поагресивно треба да инсистира на приемот се безбедносните гаранции и формалната еднаквост со останатите членки кои произлегуваат од членството во Алијансата. Односите кои ги остварува државата во рамките на меѓународниот и на регионалниот безбедносен простор треба да се потпираат на сопствените можности со користење на сите расположливи безбедносни капацитети, дипломатијата, политичката волја и квалификуваниот човечки потенцијал. Пристапот на домашните субјекти кон безбедносните прашања и влијанието на споменатите фактори врз репутацијата на

[13] ниту европска сила која има импозантна улога во европската политика, каков што беше примерот со останатите земји кои добија членство во Европската Унија по падот на Берлинскиот ѕид.

државата во меѓународни рамки, се огледа во брзото надминување на преодната безбедносна состојба која настана по осамостојувањето и по конфликтот во 2001 година, со повторно враќање на државата на меѓународната сцена како фактор за стабилноста и унапредувањето на безбедносните односи во регионот и пошироко.

Во контекст на евроатлантските интегративни процеси, како мерило за моќта на Република Македонија може да се смета исполнувањето на критериумите за прием поставени од страна на НАТО и на Европската комисија на Европската Унија. Од добивањето на кандидатскиот статус во 2005 година, секоја година Европската комисија објавува Извештај за напредокот на Македонија кој содржи детална анализа и оценка за степенот на исполнување на политичките и економските реформи и на правните, институционалните и административните прилагодувања потребни за преземање на обврските од членството во Европската Унија, во согласност со Копенхашките критериуми. Извештаите содржат и серија сугестии и препораки за активности за натамошно усогласување и исполнување на стандардите и критериумите за членство во Европската Унија. Во извештајот од 2009 година, Европската комисија оцени дека Македонија суштински ги реализира клучните приоритети од Пристапното партнерство од 2008 година и дека нашата држава во задоволителен степен ги исполнува политичките критериуми дефинирани од Копенхашкиот европски совет во 1993 година и Процесот за стабилизација и асоцијација. Според Извештајот од 2009 година[14], најважни индикатори кои покажуваат зголемување на моќта на Македонија се следниве: напредок во спроведувањето на изборите (во согласност со меѓународните стандарди и најголем дел од препораките на ОБСЕ, дадени од минатите избори), унапредување на политичкиот дијалог, успешно се спроведени клучните приоритети од Пристапното партнерство во однос на реформите во полицијата, паравосудството, јавната администрација и справувањето со корупцијата. Потоа, во однос на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, има напредок во спроведувањето на законот за јазиците, во децентрализацијата и рамноправната застапеност. Во однос на регионалните прашања и меѓународните обврски, Македонија има целосна соработка со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија и активно учествува во иницијативите за регионална соработка, вклучувајќи ги тука Процесот за соработка во ЈИЕ, Регионалниот совет за соработка и ЦЕФТА (CEFTA). Понатаму, во Извештајот се споменува дека Македонија има генерално добри односи со земјите од регионот, а во односите со Грција останува нерешено прашањето за името, т.е. дека земјата е ангажирана во разговорите што се водат под закрила на ООН за разрешување на спорот. Во однос на економските критериуми, Македонија оствари добар напредок кон функционална пазарна економија и би требало да е во состојба да се справи со конкурентските притисоци и пазарните сили во рамките на Унијата на среден рок, доколку забрзано ја имплементира својата реформска програма со цел да ги намали значителните структурни слабости. Институционалните слабости и владеењето на правото треба да се подобрат за да овозможат лесно функционирање на пазарната економија. Натамошни напори се потребни за спроведување на реформата на јавната администрација и правосудството, со цел да се зајакне правната сигурност и да се подобри деловната клима. Македонија направи добар напредок во подобрувањето на способноста за преземање на обврските за членство, особено во областите транспорт, царини и оданочување, правда, слобода и безбедност, како и јавните набавки, правото на трговски друштва, конкуренцијата, информатичкото општество, статистиката, надворешната, безбедносната и одбранбената политика, финансиската контрола.

[14] Европската комисија на Европската Унија, „Извештај за напредокот на Република Македонија“, SEC (2009) 1335, Брисел, Белгија, http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/EK_izvestaj_2009_mk.pdf (преземено 9.4.2010 г.)

Помал напредок е постигнат во областите енергетика, животна средина, вработување и социјална политика. Општиот напредок на Македонија во исполнувањето на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација резултираше со предлогот на Комисијата за премин во таканаречената „втора фаза” на асоцијација, во согласност со член 5 од Спогодбата.

Евроатлантските интегративни процеси го пренагласија спорот за прашањето со името кој го има Грција со Македонија. Спорот и денес претставува директна причина заради која Македонија сè уште не е членка на НАТО и нема добиено датум за отпочнување преговори со Европската Унија. Неуспехот за интегрирање на Македонија во НАТО на Букурешкиот самит во 2008 година и одлуката на Европската комисија од декември 2009 година за добивање на препорака без датум за отпочнување на преговори, во политичкиот и општествениот живот во Македонија предизвикаа турбуленции кои имаа влијание врз политичкиот дијалог и меѓуетничките односи. Моќта на Македонија во меѓународните односи се покажа недоволна за да се спротивстави на консензусот, ветото како инструмент, примената на двојните стандарди за прием и силното грчко лобирање меѓу членките на НАТО и Европската Унија.

## ЗАКЛУЧОК

Иако Македонија, заради унапредување на својата моќ во рамките на внатрешните и надворешните односи, досега не усвои концепт на безбедносна политика, односно не ги направи неопходните реформи кои се однесуваат на државните безбедносни стратегии, сепак напредокот во сферата на безбедноста се огледа во тоа што Македонија од увозник на безбедносни услуги (почнувајќи од мисијата УНПРЕДЕП на ООН во 1992 година, преку мисиите на НАТО, заклучно со полициската мисија ПРОКСИМА на Европската Унија која заврши во декември 2005 година) стана извозник на безбедносни услуги за истите организации. Денес Македонија има забележливо присуството низ светот како дел од воените мисии во Авганистан, Босна, претходно и во Ирак, како и цивилните мисии во Либерија, Либан и во останатите кризни региони кои произлегуваат од договорите и барањата кои земјата ги има постигнато со меѓународната заедница.

Македонија се бори за зголемување на внатрешната способност на државата и подобрување на позицијата во меѓународните односи. Како дел од тие активности за реализација на целите на безбедносната политика, поради подобрување на својата положба, Македонија мора да ги интензивира напорите за зајакнување на врските со големите европски сили. Со искористување на нивната доминација во политичката, економската и безбедносната сфера, државата може полесно да се справи со предизвиците кои произлегуваат од евроатлантските интеграции, поточно во изнаоѓањето решение за деблокирање на спорот со името. За надминување на спорот со името (кој има безбедносни, политички и економски импликации врз земјата), како поволни околности, државата треба да ги искористи моменталната финансиска и политичка криза во Грција и сè позабележливото присуство и резултатите на македонските безбедносни сили во мировните коалиции на НАТО и ЕУ.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Boudon, Raymond and François Bourricaud. *A Critical Dictionary of Sociology*. Chicago, USA: University of Chicago Press, 1989.
2. Cline, Ray S. *World Power Assessment: A Calculus of Strategic Drift*. Boulder, CO, USA: Westview Press, 1975.
3. David Baldwin. "The Concept of Security." *Review of International Studies* 23, No. 1 (1997), 5-26.
4. Goertz, Gary and Paul F. Diehl. *Territorial Changes and International Conflict.* London, UK: Routledge, 1992.
5. Holsti, Kal J. *International Politics: A Framework for Analysis.* Englewood Cliffs, NJ, USA: Prentice-Hall, 1983.
6. Kugler, Jacek and William Domke. "Comparing the Strength of Nations." *Comparative Political Studies* 19, No. 1 (1986), 39–69.
7. Merritt, Richard L. and Dina Zinnes, 'Alternative Indexes of National Power', во Richard J. Stoll and Michael D. Ward (eds.). *Power in World Politics*. Boulder, USA: Lynne Rienner, 1989, 11–28.
8. Rummel, Rudolph J. *The Dimensions of Nations*. Beverly Hills, USA: Sage, 1972.
9. Snider, Lewis W. "Identifying the Elements of State Power." *Comparative Political Studies* 20 (1987), 314-356.
10. Wrong, Dennis H. *Power: Its Forms, Bases, and Uses.* New Brunswick, USA: Transaction Publishers, 1995.
11. Европската комисија на Европската Унија, „Извештај за напредокот на Република Македонија", SEC (2009) 1335, Брисел, Белгија. http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/EK_izvestaj_2009_mk.pdf (преземено 9.4.2010 г.)
12. Калинка Сентиќ-Габер, „Македонија: Синоним за соработка наместо проблем", во Форум-Центар за стратегиски истражувања и документација (изд.). *Коридор 8: политички, стратешки и економски аспекти*, Форум АНАЛИТИКА бр. 4. Скопје: ФОРУМ-ЦСИД, 2005, 175-181.



*Rade Rajkovčevski, MA*
*Faculty of Security- Skopje*


## *THE IMPACT OF "STATE POWER" IN ACHIEVING THE OBJECTIVES OF THE SECURITY POLICY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA*


***Abstract***

*Determining the parameters of the power of the Republic of Macedonia in international relations and security is a fundamental challenge for the author of this paper. The multidimensionality of the state power and the defining of the interests of the security policy are the main determinants of the state's position in the regional security area. The power of the state is not only analyzed as the state's ability to resolve conflicts and maintain a continuous social development, but its scope also covers the role and the contribution of the Republic of Macedonia to international security.*

*The definitions of state power come from world-renowned experts in the field of security and social sciences. The opinions presented in the paper are actually interpretation of the accepted definitions in accordance with the security, political and economic circumstances in the Republic of Macedonia. They reflect the contribution of the cooperation of security forces at regional level, but also relate to their activities to prevent global security threats. The time frame covers the period from the independence until today.*



*Key words: power, security, state, policy, interests, priorities.*

*Гоце Аризанкоски*
Министерство за внатрешни работи – Скопје
email – gocearizankoski@yahoo.com

# ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА
## (ОБИД ЗА ВТЕМЕЛУВАЊЕ НА НОВА НАУЧНА ДИСЦИПЛИНА ВО СИСТЕМОТ НА НАУКИ)

***Резиме***

*Трудот претставува обид за втемелување на Социологијата на безбедноста како нова научна дисциплина во системот на науки и истиот е плод на развивањето на одредени безбедносно-научни и социолошки идеи кои се израз на тенденцијата за конституирање на нов пристап кон филозофијата на безбедноста, сфатена како современ, продлабочен, интердисциплинарен и, меѓу другото, нужно социолошко-безбедносен пристап на промислување на безбедноста.*

*Примарна цел на трудот претставува поставувањето на научниот проблем кој се однесува на релацијата помеѓу општеството и безбедноста, од кој проблем и го развивме научно-истражувачкиот процес на утврдување на теориски основи за една социолошко-теориска анализа на безбедноста.*

***Клучни зборови:*** *општествено обликуван безбедносен реалитет, општествено-безбедносна стварност, општествено-безбедносно егзистирање на човекот, природно-општествена потреба за безбедност, општествено-безбедносна практика, општествена безбедност, безбедносна социјализација, социологија на безбедноста.*

## 1. ПРОЛЕГОМЕНА ВО ПОСТАВУВАЊЕТО И КОНСТРУКЦИЈАТА НА НАУЧНИОТ ПРОБЛЕМ КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА ВТЕМЕЛУВАЊЕТО НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА

Како и кај секое научно творештво, така и кај облиците на творештво од научното поле на општествените науки и, конкретно, од научната област на безбедносните и социолошките науки, суштински елемент претставува создавањето на нови научни вредности. За да се создаде нова научна вредност потребно е да се постави и реши одреден научен проблем, со што ќе се придонесе и кон развојот на научното сознание. Конкретно, примарна цел на овој труд не е создавање нова научна вредност, туку *поставување на научниот проблем* кој се однесува на утврдената **релација помеѓу општеството и безбедноста**, од кој проблем и се разви научно-истражувачкиот процес на утврдување на *теоретски основи* за една *социолошка анализа на безбедноста*, односно се разви идејата за *втемелување* на *Социологија на безбедноста* како нова научна дисциплина во системот на општествените науки (во Република Македонија). Наведеното претставува почеток на научно-истражувачки процес за утвдување на теориски основи кои ќе овозможат понатамошно утврдување и на *предмет, систем на методи, фонд на научни знаења (теорија), категоријален апарат*, но и *филозофски претпоставки* на оваа концепција (за создавање на нова научна дисциплина).

Имено, проблемот за кој сметам дека е научен и се однесува на релацијата помеѓу општеството и безбедноста го изведов по проучување на достапната литература во која се изнесени резултати од теориски истражувања кои се однесуваат на врската помеѓу одредени општествени појави и безбедноста како општествена појава, при што утврдив *празнина во теориското знаење* за тој сегмент од општествено-безбедносната стварност, односно немање *доволно* теориски информации кои во облик на *теориски основи* би овозможиле научно осветлување на влијанието кое општеството го има врз

безбедноста и обратно, влијанието на безбедноста врз општеството. Наведеново не е тврдење дека досега не се доволно истражени одредени релации помеѓу одредени општествени појави и безбедноста како општествена појава, туку како научна потреба од *теориско објаснување на фактите* за релацијата општество - безбедност (на општо теориско ниво), која содржински е одредена со нивното меѓусебно влијание. Значи, клучната точка на проблемот на релацијата помеѓу општеството и безбедноста се состои во нивното **заемно влијание** кое е генерирано од мрежата на релации помеѓу безбедноста како општествена појава и другите општествени појави.

Во вкупната научна стратегија која ја развивав со основна цел - втемелување на *Социологија на безбедноста* како нова научна дисциплина, се решив теориски да конструирам почетен, клучен, а при тоа и научно употреблив поим (категорија) чија содржина и обем ќе ми овозможи иницијално развивање на социолошко-теориска анализа на безбедноста како општествена појава, што воедно ќе оди во прилог и на развивањето на систем на аргументи за оправданоста од втемелувањето на базичните теориски елементи на оваа нова научна област. Имено, како клучен поим за развивање на социолошко-теориската анализа, го определив поимот ***ОПШТЕСТВЕНО ОБЛИКУВАН БЕЗБЕДНОСЕН РЕАЛИТЕТ*** под кој подразбирам **вкупност на безбедносни содржини кои се наоѓаат во даден општествен простор и систем, при што истите се наоѓаат во состојба на меѓусебно влијание со елементите на општествениот систем со кој развиваат нераскинливи врски и релации**. Во теориската конструкција на овој поим се наоѓа теорискиот елемент **безбедносни содржини**, кои содржини фактички претставуваат ***безбедносни појави*** низ кои се остварува *конкретизација на безбедноста во општеството*. Иако во науката постојат општоприфатени и методолошки коректни дефиниции за безбедносните појави, во обидот за втемелување на нова научна дисциплина, сметам дека е научно коректно истите да се дефинираат, и тоа врз основа на сопствените промислувања на *безбедноста* и *безбедносната проблематика*[1]. Имено, ***БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПОЈАВИ*** би ги определил како **сетилно достапни појавни облици на меѓусебно дејствување на поединците или општествените групи, како и нивното меѓусебно дејствување со природата или техничките системи, од што како последица произлегува загрозување или стимулирање на нивните физиолошки, психолошки или социјални потреби**. Врз основа на оваа дефиниција и некои други тези, а од аспект на **феноменологијата на безбедносниот свет**, би ја поставил тезата дека ***БЕЗБЕДНОСНОТО ВО ОПШТЕСТВЕНИ РАМКИ Е ТОТАЛНО***, односно **секој општествен однос, процес или состојба генерирани од општествен субјект или природно дејство, на директен или индиретен начин, се одликуваат со *безбедносна релеванција*.**

Врз основа на оваа дефиниција за безбедносните појави, како и врз основа на критериумот кој се однесува на *општествената насоченост* на безбедносните појави, истите ќе ги класифицирам на **безбедносно-загрозувачки** и **безбедносно-стимулирачки појави**. Инаку, заради илустрација, би навел дека безбедносни појави претставуваат: *безбедносните активности* (се пројавуваат низ многубројност на дејности, функции, дејствија, постапки, мерки, операции итн.), *безбедносното однесување* (кое исто така може да биде безбедносно-загрозувачко, а кое се пројавува комисивно, односно со сторување или омисивно, односно со несторување), *безбедносната состојба, безбедносниот систем и неговите елементи, безбедносните стратегии* итн. Овие

[1] Под **безбедносна проблематика** ги подразбирам сите елементи кои се однесуваат на: безбедносната наука, поставеноста и остварувањето на безбедносната политика, како и остварувањето на безбедносната практика (организирањето и вршењето на безбедносните мерки и активности) и безбедносно-загрозувачката практика (практиката создавана и обликувана од облиците на загрозување на безбедноста).

безбедносни појави се наоѓаат, односно претставуваат содржини во одреден **општествен простор** под кој (најопшто) подразбирам *распространетост на мрежи од општествени односи и процеси кои ги создава поединцот и општествените групи*. Во овој општествен простор се наоѓа **општествениот систем** кој би го дефинирал како *систем кој го сочинуваат сите општествени односи и процеси, како и општествените норми кои ги регулираат тие односи и процеси*. Во општествениот простор и општествениот систем, освен безбедносни појави, луѓето создаваат и многу други општестевни појави преку кои општествениот систем влијае на самите безбедносни појави. На овој начин, безбедносните појави се испреплетени и условени и од другите општествени појави при што се создаваат релации и мрежи на релации помеѓу нив, така што и безбедносните појави влијаат на другите општествени појави. Од ова следува дека безбедносните појави кои се *постојано присутни во објективната општествена стварност*, се наоѓаат во **состојба на постојано меѓусебно влијание (интеракција)** со другите општествени појави, односно со општеството. Така, општествената стварност е постојано испреплетена со безбедносни содржини, врз основа на што истата може да ја набљудуваме и како **безбедносна стварност**, а бидејќи истата е општествено условена, и како **општествено-безбедносна стварност**. Во оваа општествено-безбедносна стварност, состојбите, процесите и односите кои обликуваат одреден вид на безбедност, претставуваат сегмент на одреден категоријален концепт на *општествено условена безбедност*. При тоа **индивидуалната (човекова) безбедност**[2] претставува ***базичен категоријален концепт на безбедноста***, која е интегрирана во ***ОПШТЕСТВЕНАТА БЕЗБЕДНОСТ***, која би ја дефинирал како **конкретна и потенцијално менлива состојба во даден општествено-безбедносен простор во кој последиците кои настануваат од влијанието на вкупните општествени, природни и технички загрозувања и стимулирања егзистенцијално не ги попречуваат, туку ги стимулираат општествениот развој и заштитата на општествените вредности, при што на членовите на општеството им е создадена елементарна, реална и релативно постојана можност за остварување и штитење на нивните вредности, потреби, интереси, слободи и права кои се наоѓаат во одредена општоприфатена и општопризната рамка**. Вака одредена, општествената безбедност ја детерминираат безбедносните загрозувања и безбедносните стимулирања. Во тој контекст, и врз основа на претходно утврдената поделба на безбедносно-загрозувачки и безбедносно-стимулирачки појави, би ги дефинирал и нивните *извори* и *појавни облици*. Имено, **изворите на безбедносните загрозувања и безбедносните стимулирања** би ги определил како **причини кои се израз на делувањето на определен општествен субјект или природно и техничко дејство, од кои се предизвикува појавата на загрозување или стимулирање на безбедноста на определен референтен објект**. **Облиците на безбедносните загрозувања и безбедносните стимулирања** би ги определил како **надворешно манифестен начин на појавување на определено загрозување или стимулирање кое е израз на делувањето на определен општествен субјект или природно и техничко дејство**. *Објектите* на безбедносно загрозување и безбедносно стимулирање (сфатено како облик на заштита) се воопштени во конкретни *општест-*

[2] **Концептот на поединечна безбедност** (официјално) произлезе од *Извештајот на УНДП за човеков развој* (од 1994 год.) според кој основни компоненти на овој концепт се: ***економската безбедност*** (проблемите поврзани со сиромаштијата), ***безбедниот пристап кон храната***, ***безбедност на здравјето*** (овозможување на пристап до здравствена заштита и заштита од болести), ***безбедност на животната средина***, ***личната безбедност*** (проблемите поврзани со физичката безбедност од тортура, војна, криминални напади, семејно насилство, дрога, самоубиства, безбедност во сообраќајот), ***безбедност на заедницата*** (опстојување на традиционалната култура и етничките групи и нивната физичка безбедност) и ***политичката безбедност*** (остварување на граѓанските и политичките права и заштита од политички притисоци).

*вени вредности* (животот на човекот, неговите права и слободи, материјалните добра на општеството, основните општествени институции, државното уредување и територија, животната средина-еколошкото опкружување на општеството итн.), кои се загрозуваат со различни облици на *општествени, природни* или *технички* загрозувања, а од друга страна тие се штитат и со низа на безбедносни мерки и активности.

Безбедноста, меѓу другото, претставува и општествен однос. Стапувајќи во најразлични општествени односи (политички, економски, културни, верски, итн.) луѓето делуваат едни врз други, создавајќи општествени практики кои се испреплетени со безбедносни содржини, односно создаваат облик на ***ОПШТЕСТВЕНО-БЕЗБЕДНОСНА ПРАКТИКА.*** Неа би ја дефинирал како **посебен облик на општествена практика со која поединецот (групата) со своето безбедносно-загрозувачко или безбедносно-стимулирачко дејствување, предизвикува *промени* во општествените односи и состојбата на природата**. Оваа општествено-безбедносна практика генерира *безбедносни промени во општеството* (на микро и макро ниво) и обратно, одредени микро и макро општествени (политички, економски, социјални, културни итн.) промени генерираат безбедносно-загрозувачки или безбедносно-стимулирачки појави, т.е. состојба на одреден вид на општествено условена безбедност.

Безбедноста е резултат на континуиран процес на трансформација на општеството со која се опфатени сите делови на општествената структура од една страна, но од друга страна безбедноста претставува и фактор кој влијае врз општествените промени. Безбедноста продуцира општествена кохезија која претставува рамка на општествената интеракција и општествениот развој и обратно, нестабилната општествена безбедност продуцира дезинтегративни состојби, појави и процеси. За потребите на овој труд *општествените промени* најопшто би ги дефинирал како промени кои се случуваат во основата на општествената структура и во реалниот живот, односно промени во системот на меѓучовечки односи. Следствено на тоа, ***БЕЗБЕДНОСНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ОПШТЕСТВОТО***, како клучна категорија, би ги определил како **промени на елементарната можност на општествените субјекти за остварување и штитење на сопствените вредности, потреби, интереси, слободи и права кои се наоѓаат во одредена општоприфатена и општопризната рамка, како и промените во основата на безбедносната структура на општеството**. ***БЕЗБЕДНОСНАТА СТРУКТУРА НА ОПШТЕСТВОТО*** би ја определил како **дел од вкупната општествена структура кој ги опфаќа односите помеѓу општествените субјекти кои создаваат определена општествено-безбедносна практика обликувана од безбедносните појави (загрозувачки и стимулирачки), општествените нормите кои ги регулираат односите во контекст на безбедноста, како и безбедносно-релевантните институции**. Овие безбедносни промени, во зависност од критериумот кој се однесува на обемноста на општествените односи кои со овие промени се зафаќаат, би ги класифицирал на: **а) микро безбедносни промени во општеството** (или **микро општествено-безбедносни промени) -** *индивидуални или групни промени од аспект на безбедноста* и **б) макро безбедносни промени во општеството** (или **макро општествено-безбедносни промени) - социетално-безбедносни промени**, под кои подразбирам *промени кои ја опфаќаат општествената целина од аспект на безбедноста*.

Во контекст на класификацијата на безбедносните промени во општеството, сметам дека постои методолошка оправданост и на поделбата на: **а) безбедносни промени во општеството кои условуваат квалитативни политички и/или економски промени** (при што и определени политички и/или економски промени условуваат и општествено-безбедносни промени) и **б) безбедносни промени во општеството кои не условуваат квалитативни политички и/или економски промени**. Од аспект на релацијата помеѓу општествените промени и безбедносните појави (како загрозувања и

стимулирања), сметам дека **безбедносните загрозувања и безбедносните стимулирања претставуваат облик на реализација на безбедносните промени во општеството**. Од друга страна пак, ефектите од безбедносните загрозувања или безбедносните стимулирања предизвикани од *природни промени* како резултат на природните дејства (загрозувања или стимулирања предизвикани со движењето на природната енергија во некој облик: ветер, воздух, вода, движење на тлото, топлина итн.) влијаат на луѓето и на општеството, предизвикувајќи безбедносни промени во општеството.

Во научните кругови општопознато е дека науката, освен што е интернационална дејност, нејзиниот контекст е општественото битисување на човекот, при што нејзината телеологија е социјалната телеологија која им служи на општествено спознаените цели.[3] Оттука, и контекстот на *Социологијата на безбедноста* како нова научна дисциплина во настанување и развој би го определил во ***БЕЗБЕДНОСНОТО ЕГЗИСТИРАЊЕ НА ЧОВЕКОТ ВО ОПШТЕСТВОТО*** **(**условно определено и како ***општествено-безбедносното егзистирање на човекот*****)**, што воедно претставува посебен клучен поим кој има своја теориска смисла и значење. Од аспект на неговата содржина и обем, овој поим би го определил како **појавен облик на постоење на човекот врз основа на задоволувањето на потребата од безбедност. Овој облик на постоење има свој израз во состојбата која подразбира релативно отсуство на физиолошки, психолошки и социјални недостатоци потребни за функционирање на човекот и неговиот организам, како и во однесувањето на човекот насочено кон задоволување на потребата за безбедност**. Во теориската конструкција на овој поим се наоѓа и ***ПОТРЕБАТА ОД БЕЗБЕДНОСТ*** како природна и општествена потреба и како теориски елемент кој во горенаведената дефиниција го утврдив врз основа на прифатените ставови од некои автори кои се однесуваат на објаснувањата за тоа дали потребата за безбедност е општествена или природна потреба. Имено, како што наведуваат определени автори, низ развојот, дејностите кои ги опфаќаат знаењата и умеењата на човековото општество, поединците, групите и заедниците кои го сочинуваат општеството, културата и цивилизацијата, определени потреби, како и начините на нивното задоволување, се развивале и се менувале.[4] Притоа, може да се одговори дека основните, физиолошки, нагонски потреби останале природни, но се трансформирале и во општествени потреби. Нивното задоволување останува природна нужност, но начините на нивното задоволување станале општествени (култивирани и цивилизирани).[5] За основната потреба, определена како потреба за безбедност и сигурност, може да се каже дека е сложена, природно-општествена потреба која се *задоволува* на различен начин: природно-општествен, индивидуален и колективен начин.[6]

## 2. ПРЕДМЕТ И МЕТОД НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА

**Предметот на проучување/истражување** на *Социологијата на безбедноста* би го определил во **заемното влијание на општеството и безбедноста** како меѓузависен, повеќеслоен и комплексен однос чија содржина ја сочинуваат две основни и клучни категории: **општеството** и **безбедноста**. Вака определениот предмет на *Социологијата на безбедноста* има своја предметно-поимна „автономија” која имплицира и на

---

[3] Živan Ristić, *O istraživanju, metodu i znanju*, Institut za pedagoška istraživanja, Beograd, 1995, str. 17-18, во: Д-р Цане Мојаноски, *Методологија на научно-истражувачката работа*, „2-ри Август С”, Штип, 1998 год., стр. 56

[4] Dževad Termiz, Slavomir Milosavljević, *Analitika*, NIK Grafit, Lukavac, 2008, стр. 345

[5] ibidem

[6] ibidem

предметно-поимна посебност на оваа посебна социолошка дисциплина во однос на другите науки и научни дисциплини. Следствено на тоа, предметот на истражување на *Социологијата на безбедноста* е **автентичен и јасно определен** и дава основа за втемелување на **посебна социологија,** односно посебна **научна дисциплина.**

Општествените појави научно се истражуваат со различни методи. Оттаму, и при истражувањето на релациите помеѓу безбедносните појави и другите општествени појави, нивните нивоа (нивоа помеѓу мрежите од релации), нужна е исто така употребата на **социолошкиот метод.**

## 3. НАУЧНА, ОПШТЕСТВЕНА И ОБРАЗОВНА ОПРАВДАНОСТ ЗА ВТЕМЕЛУВАЊЕ НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА (СИНТЕТИЗИРАНИ СТАВОВИ)

**НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ**. Научната оправданост на *Социологијата на безбедноста* како нова социолошка дисциплина се состои во нејзиниот **научен капацитет да придонесе во откривањето на нови научни сознанија** (како хевристички резултат) за *заемното влијание на општеството и безбедноста.* Сметам дека оваа нова научна дисциплина има научен капацитет за откривање на нови научни сознанија за општествената условеност на безбедноста како општествена појава која е нужно определена од општествените односи, како и за безбедносните содржини кои продуцираат одредени елементи на општеството (општествените појави, процеси, односи, врски, дејности, институции, организации итн.) Од увидот кој го остварив во официјалната ***Класификација на научни подрачја, полиња и области (дисциплини) на истражувања***[7] (во текстот: Класификација), како и во **теориската структура на општествените науки и научни дисциплини** кои директно или индиректно научно ја третираат безбедноста**, констатирав дека нема научна дисциплина која за предмет на изучување го има** **заемното** ***влијание на општеството и безбедноста.*** **Тоа претставува аргумент за научната оправданост од втемелување на оваа нова социолошка дисциплина во системот на науки и научни дисциплини во Република Македонија**.

Безбедносните појави се сложени и динамични појави детерминирани од фактори кои се предмет на проучување на различни науки и научни дисциплини. Оној сегмент од општествената стварност кој се однесува на заемното влијание на општеството и безбедноста (*како фактор и посебна димензија на општествената стварност*) би можела да го проучува посебна социолошка дисциплина - *Социологија на безбедноста.* Таа би се потпирала на општата *Социологија* како на своја теоретска основа, а при тоа би ги користела и научните сознанија од посебните социологии, безбедносните и другите науки и научни дисциплини. *Суштината* и *смислата* на мојата основна социолошко-безбедносна идеја и од неа преизлената научна замисла за втемелување на *Социологијата на безбедноста* како нова научна дисциплина се состои во научно-истражувачката интенција **заемните релации помеѓу безбедносните и другите општествени појави да се систематизираат во една конкретна и посебна теоретска севкупност со општествено-практични цели**.

---

[7] *Класификацијата* е структуирана според дефинициите и класификацијата предложени и препорачани од страна на УНЕСКО (1998) и Frascati Manuel (ОЕЦД, 1993 - Организација за економска соработка и развој), а изработена и според појаснувањата од шифрарникот на Европската Унија (CERIF, 1998 - Common European Research Project Information Format). Наведено според: Д-р Божин Доневски, *Класификација на научни подрачја, полиња и области (дисциплини) на истражувања*, Скопје - Битола, мај, 2001

*Социологијата на безбедноста* би ја истражувала безбедноста како општествена појава од аспект на нејзината општествена условеност и одреденост, во што би се состоел и *карактеристичниот аспект на набљудување* со кој сметам дека се одликува научниот и методолошкиот капацитет на оваа нова научна дисциплина.

Научната оправданост од втемелувањето на *Социологијата на безбедноста* може да се согледа, меѓу другото, и во фактот според кој *одредени општествени прашања/проблеми постојано имаат капацитет да се трансформираат во безбедносни прашања*, односно постои конкретна научна оправданост од социолошки истражувања на безбедноста секогаш кога *есенцијата на одредени општествени прашања е испреплетена, или потенцијално е испреплетена со безбедносно-загрозувачки или безбедносно-стимулирачки содржини*.

**ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ**. <u>*Суштината*</u> на општествената оправданост на *Социологијата на безбедноста* како нова социолошка дисциплина се состои во следното: ако научниот интерес на *Социологијата* како најопшта општествена наука за безбедносната проблематика произлегува од фактот дека напредокот, развојот и опстанокот на општеството зависи од безбедноста во и на општеството, тогаш може да се очекува дека со научното истражување на заемните влијанија и релации на општеството и безбедноста **ќе се овозможи објективно согледување на општествено-безбедносниот реалитет** што **ќе придонесе и помогне во планското насочување на општествениот развој**. Врз основа на претходните ставови и аргументираната научна оправданост од втемелување на *Социологијата на безбедноста* како нова социолошка дисциплина, логички следи општествената оправданост за нејзиното втемелување.

**ОБРАЗОВНА ОПРАВДАНОСТ**. Образовната оправданост и потреба за втемелување и изучување на *Социологијата на безбедноста* може да се согледа во научниот капацитет на оваа социолошка дисциплина да овозможи *стекнување на научни знаења за суштинатата на безбедносните појави во контекст на нивната тесна и заемна поврзаност со другите општествени појави*. Со стекнувањето на овие научни знаења би се усвоил *специфичен начин на размислување* кој овозможува *развивање на аналитички способности и анализа на современите општествени проблеми кои имаат и безбедносна димензија, како и анализа на сите безбедносни појави во нивниот поширок општествен контекст*.

## 4. ОПЕРАЦИОНАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОНКРЕТНИ ТЕОРИСКИ СОДРЖИНИ НА СОЦИОЛОГИЈАТА НА БЕЗБЕДНОСТА

За поекплицитно определување на содржината на истражувањето кое се однесува на меѓусебното влијание на општеството и безбедноста[8], во оваа фаза од

[8] При втемелување на нова научна дисциплина, конкретно во случајов при втемелувањето на *Социологијата на безбедноста*, сметам дека е суштински потребно **диференцирање на нејзините теориски содржини од содржините на *Науката за безбедност*** (а и од другите науки и научни дисциплини). Ова *теориско диференцирање* е научно потребно и оправдано, бидејќи *безбедноста*, најопшто одредено, е предмет на истражување на Науката за безбедност (или на Основи на безбедност), при што истата претставува содржински елемент и на предметот на истражување на *Социологијата на безбедноста* кој пак содржински е определен во *меѓусебното влијание на општеството и безбедноста*. Имено, овие две научни дисциплини би развивале заемна научно-теориска комплементарност, што не значи и поклопување на нивните предмети на истражување. Инаку, предметот на истражување на Науката за безбедност го сочинуваат следните теориски содржини: безбедноста како функција на државата; теоријата на системот за безбедност; појавите и облиците на загрозување на безбедноста; внатрешната безбедност и облиците на нејзино загрозување; современите безбедносни проблеми; разузнавачките и контраразузнавачките служби; специјалната војна; современиот тероризам; системот на безбедност; човековите права и безбедноста итн. (за ова види во: Д-р Љубомир Стаиќ, *Основи безбедности*, Полицијска академија – Београд, Београд, 2003 год. стр. 6). Од друга страна, предметот на

обидот за втемелување на *Социологијата на безбедноста* како нова социолошка дисциплина прелиминарно би поставил конкретна, но не и целосно развиена *операционализација* на теориските релации помеѓу општеството и безбедноста како општествена појава, за кои сметам дека се дел од содржината на *предметот на истражување* на оваа нова научна дисциплина.

Имено, во оваа фаза на втемелување на *Социологијата на безбедноста* би ги одредил следниве теориски содржини кои се израз на заемните релации помеѓу безбедноста како општествена појава и другите општествени појави: **1. социолошко промислување** (според правилата на социолошката анализа) на **основните категоријални концепти на безбедноста** (индивидуалната/поединечната, националната, меѓународната и глобалната безбедност); **2. социолошките аспекти на облиците на загрозување на безбедноста**; **3. социолошко-безбедносните аспекти на елементите на безбедносните системи**; **4. општествените фактори на загрозување на безбедноста** (*непосредните причини*: богатството, власта, моќта, општествениот статус; и *посредните причини*: структурните, политичките и економските фактори); **5. Социолошко-безбедносните аспекти на конфликтите и разрешувањето на конфликтите**; **6. релациите помеѓу криминалитетот, девијантноста, безбедноста и општествениот поредок**; **7. безбедноста и семејството** (влијанието на одредени семејни функции во стимулирањето или загрозувањето на безбедноста); **8. релациите помеѓу социјализацијата (и политичката социјализација) и безбедноста**; **9. *БЕЗБЕДНОСНАТА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА***, како нова и клучна категорија, а под која подразбирам ***дел од единствениот процес на вклучување на поединецот во општествените односи на општеството, односно процес на усвојување (интернализација) на знаења, вештини и ставови за облиците на загрозување, безбедносните ризици и закани, заштитата и, воопшто, безбедносното поведение од страна на личноста***; **10. безбедноста и образованието**; **11. социолошките аспекти на образованието од областа на безбедноста**; **12. социолошките аспекти на професијата од областа на безбедноста**; **13. безбедноста и општествената интеракција** (конјуктивните и дисјунктивните процеси на интеракција и нивните импликации по безбедноста); **14. безбедноста и општествената контрола**; **15. безбедноста и општествените норми - обичаите и моралот**; **16. *БЕЗБЕДНОСНИОТ МОРАЛ***, како посебна клучна категорија, кој во овој контекст би го дефинирал како ***збир на прифатени општествени норми кои одреден субјект го поттикнуваат на совесно, задолжително и одговорно отстранување на изворите и облиците на загрозување кои се насочени кон одредена темелна општествено-безбедносна вредност, при што евентуалниот неуспех во отстранувањето кај истиот би предизвикал психолошки ефекти на грижа на совест***; **17. безбедноста и општествените институции**; **18. релациите помеѓу безбедноста, културата и културата на мирот** (меѓу другото, и влијанието на субкултурата, контракултурата и масовната култура во загрозувањето на безбедноста); **19. безбедносната култура и нејзините определувачки фактори**; **20. безбедноста и религијата**; **21. безбедноста и факторите на општествената структура**; **22. Безбедносната структура на општеството (општествено-безбедносната структура)**; **23. безбедноста и општествените промени**; **24. социолошките аспекти на релацијата помеѓу безбедноста и човековите права**; **25. безбедноста и етничките (меѓуетнички и интраетнички) односи**; **26. релациите помеѓу општеството, политиката и безбедноста**; **27. Релацијата помеѓу општеството, економскиот фактор и безбедноста**; **28. идеологијата и безбедноста**; **29. безбедноста и глобализацијата**; **29.**

---

*Социологијата на безбедноста*, за разлика од предметот на Науката за безбедност, го сочинуваат теориски содржини кои се однесуваат на *меѓусебното влијание на содржините на безбедноста и другите општествени појави*, во што се состои и *суштината на нивното теориско диференцирање*.

**безбедноста и играта (како општествен феномен)**; **30. социолошко-безбедносните аспекти на традицијата кон одредени оружја со кои се одржувала или загрозувала безбедноста**; **31. еколошката безбедност и општеството**; **32. концептот на безбедност во приватниот сектор и општеството**; како и други содржини кои се израз на меѓусебното влијание на општеството и безбедноста.

## 5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**1.** За втемелувањето на *Социологијата на безбедноста* како нова научна дисциплина во системот на науки во Република Македонија **постои научна, општествена и образовна оправданост**.

**2.** *Социологијата на безбедноста* како нова социолошка дисциплина во оваа фаза на втемелување има **јасно определен предмет на истражување**, а тоа е *заемното влијание на општеството и безбедноста*, врз основа на што истата би ја одредил како **автентична научна дисциплина**.

**3.** Од аспект на методологијата на научно истражување на *Социологијата на безбедноста*, до научните сознанија би се доаѓало преку ***социолошкиот метод и другите методи*** кои произлегуваат од **природата на предметот на истражување**.

**4.** Научно-теориската иднина на *Социологијата на безбедноста* како нова социолошка дисциплина се состои во објективната и неискористената научна можност за **научно препознавање на општествено обликуваниот безбедносен реалитет, при што со примена на социолошкиот метод научно ќе се идентификува етиологијата на безбедносните појави и од неа продуцираните последици за општеството**.

**5.** Врз основа на презентираните ставови во овој труд, кои претставуваат аргументација во прилог на базичната научно-истражувачка интенција, очекувам дел од македонската академска заедница овој труд да го разбере како обид за **втемелување на *Социологијата на безбедноста.*** Ова воедно претставува и отворање на прашањето за **оправданоста од конституирање на оваа нова социолошка дисциплина**, така што, во зависност од начинот на кој го отворив ова прашање, во иднина очекувам **развивање на релевантна научна расправа**.

## 6. СЕЛЕКТИРАНА БИБЛИОГРАФИЈА


**1.** Доневски Д-р Божин, Класификација на научни подрачја, полиња и области (дисциплини) на истражувања, Скопје - Битола, мај, 2001 год.

**2.** Милошевиђ Д-р Новак, Милојевиђ М-р Саша, *Основи методологије безбедносних наука*, Полицијска акдемија - Београд, Београд, 2001 год.

**3.** Мојаноски Д-р Цане, *Методологија на научно-истражувачката работа*, „2-ри Август С”, Штип, 1998 год.

**4.** Д-р Стаиђ Љубомир, *Основи безбедности*, Полицијска академија – Београд, Београд, 2003

**5.** Dževad Termiz, Slavomir Milosavljević, *Analitika*, NIK Grafit, Lukavac, 2008

*Goce Arizankoski*
*Ministry of Interior- Skopje*

# *THEORETICAL FOUNDATIONS OF SOCIOLOGY OF SECURITY*
*(Attempt for introducing a new scientific discipline in the group of sciences)*

**Abstract**

*This paper presents an attempt for introducing sociology of security as a new scientific discipline within the system of sciences and results from the development of certain security-scientific and sociological ideas reflecting the tendency for constituting a new approach towards philosophy of security, understood as a modern, profound, interdisciplinary and necessary sociological-security approach in the perception of security.*

*The primary aim of this paper is to pose the scientific problem which refers to the relation between society and security, from where the author has developed the scientific and research process for establishing the theoretical foundations for a sociological and theoretical analysis of security.*

***Key words:*** *socially shaped security reality, social and security reality, social and security existence of man, natural and social necessity for security, social and security practice, social security, security socialization, sociology of security.*

*Надица Мирческа*
дипломиран криминалист и посдипломец
на Факултетот за детективи и безбедност- Скопје,
при Првиот приватен универзитет- ФОН
email: mirceska_nadica@yahoo.com

# САЈБЕР ТЕРОРИЗАМ-СОВРЕМЕН ОБЛИК НА ТЕРОРИЗМОТ *КОЛКУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Е РАНЛИВА ОД САЈБЕР ТЕРОРИЗАМ?*

***Резиме***

*Во овој ракопис во форма на тези се изложени научните основи за дефинирање на поимите: тероризам, сајбер криминал, сајбер тероризам, како и преземање на превентивни мерки за заштита од овој облик на тероризам (сајбер тероризам).*

*Покрај тоа што се изложени моите ставови за сајбер тероризмот како поим, наведени се и илустративни примери на некои земји од Централна и Источна Европа (случајот со Естонија), кои биле директно погодени од страна на сајбер групи кои целосно го блокирале целокупниот систем на земјата.*

*Земјите членки од Централна и Источна Европа мора темелно да извршат реформи на своите кривични закони каде што јасно ќе се дефинира поимот сајбер тероризам, а воедно и да преземат мерки за ефикасна борба против овој вид на криминал.*

*Засновано на моите лични истражувања, треба да се направи јасна дистинкција помеѓу термините сајбер криминал и сајбер тероризам. Првата група на криминалци тоа го прават од забава, додека пак сајбер терористите имаат политичка цел уривање на стратешките цели на државата.*

*Сите општествени структури во Република Македонија треба да бидат свесни за потребата од безбедност на информациите, како и за потребата од воведување и примена на мерки за заштита од појава на информациска не-безбедност.*

*Во Р.Македонија треба да се работи на подготовка на пакет за промена на постојната легислатива, со цел остварување на информациска безбедност од аспект на ИКТ (Информациска и комуникациска технологија), имајќи ги во вид основните човекови права, слободата на изразувањето, како и слободниот пристап до информации од јавен карактер.*

*Како заклучок може да се спомене дека нема земја која останува имуна на овој нов облик на тероризам (сајбер тероризам), ниту целосна и ефикасна заштита од ова зло (сајбер тероризам).*

*Како препорака за во иднина би требало да се напомене следењето на новите трендови на полето на информатичката и комуникациската технологија, со цел поефикасна заштита од овој облик на тероризам (сајбер тероризам).*

## Вовед

Индустрискиот свет влезе во фаза на технолошки промени и иновации кои влијаат на сите аспекти на животот и кои водат кон воспоставување на она што се нарекува информатичко општество. За да се достигне визијата Република Македонија да биде напредно информатичкото општество, многу прашања треба да бидат земени предвид и дискутирани. Сепак, само неколку од нив се практично поврзани со влијанието на воведувањето на електронската комуникација кои треба да бидат дискутирани во овој вовед.

Денешниот свет се соочува со голем број на предизвици во борбата со феноменот на организираниот криминал, посебно “сајбер криминалот и сајбер тероризмот”

како нови модели на криминал во 21-от век. Колку повеќе информатичката технологија станува софистицирана толку повеќе стануваат комплексни методите и средствата кои се употребуваат за борба против криминалните активности, посебно кај сајбер тероризмот.

Република Македонија не претставува исклучок од земјите кои зголемено се соочуваат со овој софистициран вид на организиран криминал. Како земја, нашата цел е да бидеме дел од глобалната безбедносна мрежа во борбата против перењето пари, организираниот криминал, финансирањето на тероризмот и влегувањето на “валканите пари” во економијата. Република Македонија треба да преземе сериозни мерки за да го заштити својот безбедносен систем, посебно државните (владините) институции, локалните власти, јавните претпријатија и приватните компании од хакерите кои имаат за цел кражба на личните податоци, високо безбедносни тајни, воени планови и измамнички активности т.е. “крадењето пари” од кредитните/дебитните картички. Сајбер тероризмот и криминалните активности имаат видливо неповолно влијание врз земјата т.е нејзината економија, безбедноста на граѓаните, јавниот живот и човековите права и слободи.

Поради сите горенаведени причини, овој нов облик на организиран криминал треба да биде спречен од понатамошно ширење не само на нашата територија туку и во целиот свет.

## 1. Дефиниција за тероризам

Во светот не постои унифицирана, единствена дефиниција за тоа како да се дефинира терминот тероризам. Иако зборот тероризам е комплексен по своето значење, одредени дефиниции се фокусираат на актерите на тероризмот, додека останатите се фокусираат на терористичките тактики или цели, како и методите кои се применуваат. Со цел да се гонат овие видови на терористички акти или да се направи разлика од вооружените и другите форми на насилство и криминал, националните и меѓународните институции, како и останатите структури, од пред извесно време, бараа да се дефинира поимот тероризам. Една од најчесто користените дефиниции произлегува од правните акти на САД.

Според законот во САД, тероризмот е вграден услов во Годишниот извештај кој треба да биде поднесен од страна на државниот секретар до Конгресот секоја година. Тероризмот е дефиниран на следниот начин:

“претходно планирано, политички мотивирано насилство извршено против невоени цели од страна на под - национални групи или тајни агенти”[1]

Во понатамошниот дел од ова истражување ќе ставам нагласка на тоа дека сајбер тероризмот е дефиниран како современа форма на тероризам.

## 2. Дефиниција за сајбер криминал и сајбер тероризам

Постојат многу дефиниции за она што претставува сајбер тероризам и сајбер криминал. На времето постоела конфузија дали овие два термини се синоними или не. Некои автори се држат до тезата дека овие два поима се синоними, други, пак, не се застапници на оваа теза. Во овој параграф ќе ја истакнам дефиницијата која се применува во терминологијата на САД и која е сѐ уште релевантна за глобализираниот свет.

[1] Code Title 22, Ch.38, Para. 2656f(d)

### а) Сајбер криминал

Во светот сѐ уште не постои општо прифатена дефиниција за поимот сајбер криминал. Во преамбулата на *Конвенцијата за компјутерски криминал 2001* на Советот на Европа сајбер криминалот е дефиниран како "активности кои се директно насочени против доверливоста, интегритетот и достапноста до компјутерските системи и мрежи на податоци, како и евентуална злоупотреба на овие системски мрежи и компјутерски податоци"[2].

### б) Сајбер тероризам

Кога зборуваме за поимот сајбер тероризам, јас ќе се осврнам на дефиницијата од Федералното истражно биро - ФБИ каде овој феномен се дефинира како:

"предумислени, политички мотивирани напади против информациите, компјутерските системи, компјутерските програми и податоци што резултираат со насилство против цели кои не се воени од страна на суб - национални групи или тајни агенти"[3].

Според друга дефиниција дадена од страна на американската комисија за заштита на критичната инфраструктура се вели дека: терористичките напади се креирани со цел да се предизвика физичко насилство или екстремна финансиска штета, и згора на тоа, "можните цели на сајбер терористите се банкарската индустрија, воените инсталации, електричните централи, воздушните центри за контрола на летови и водните системи на земјата"[4].

### в) Разликите помеѓу термините сајбер криминал и сајбер тероризам

Врз основа на ова мое истражување би сакала да ги потенцирам разликите во обидот да се споредат термините сајбер криминал и сајбер тероризам.

Активирањето на терминот сајбер тероризам според нашето разбирање е политичката мотивација. Примарна цел на сајбер тероризмот е да се инфилтрира во системот на одредена институција каде што има за цел да предизвика штета (финансиска загуба, жртви, оштетување на сопственоста...) со што ќе се предизвика дестабилизација на безбедноста на самата држава.

Хакерите[5], кои обично го предизвикуваат сајбер криминалот, ова често го прават од забава и меѓусебно се натпреваруваат за поголем личен успех, како и за остварување на имотни и други цели. Додека хакерите (сајбер терористи) кои често се дел од терористички организации, како на пример Ал каеда, ЕТА, ИРА итн., ова го прават со одредена политичка цел.

Според мене, хакерите кои вршат напади од забава може да се класифицираат во групата на обични криминалци, додека сајбер терористите треба да бидат класифицирани во делот на потежок облик на специфичен криминал.

Сајбер терористите може да нападнат јасно дефинирани цели кои се од стратешко значење во одредени држави, што не значи дека нападот мора да биде од

---

[2] Конвенција за компјутерски криминал 2001 на Советот на Европа

[3] Според Федералното биро за истраги-ФБИ (http://searchsecurity.techtarget.com/sDefinition/0,,sid14_gci771061,00.html)

[4] Според Американската комисија за заштита на критичната инфраструктура http://searchsecurity.techtarget.com/sDefinition/0,,sid14_gci771061,00.html)

[5] "некој кој се обидува да се пробие во компјутерскиот систем" (http://searchsecurity.techtarget.com/sDefinition/0,,sid14_gci212220,00.html)

поголеми размери со намера да се постигне одредената цел. На пример, цел на нападот може да биде една централа која обезбедува електрична енергија само за населението што живее во непосредна близина. Преку вршење на овој вид на напади може да се навлезе и во помал обем, а да се постигне поголем ефект. Ако дел од Скопје не функционира поради немање електрична енергија, самото тоа ќе влијае и врз останатите егзистенционални потреби на населението.

Како нареден пример за сајбер тероризам може да го нагласам и “хакерството во компјутерскиот систем на една болница, со менување на медицинските рецепти како смртоносна доза што може да се толкува како чин на одмазда”[6]. Секој може да биде жртва на одреден вид на терористички напад.

Заедничко нешто за овие два термини (сајбер криминал и сајбер тероризам) е тоа што се користи комјутерот како заедничко оружје за вршење на кривичното дело.




**Табела 1** Разлики помеѓу сајбер криминалот и сајбер тероризмот

## 3. Дали постои правна рамка за борба против сајбер тероризмот во Република Македонија?

Во Република Македонија не постои одредена законска рамка за борба против сајбер тероризмот. Многу луѓе и институции во Република Македонија немаат идеја што всушност претставува поимот сајбер тероризам и каков сериозен проблем би претставувал овој вид на тероризам. Иако тероризмот како појава е широко распространет низ целиот свет и низ сите медиуми, сепак постои сериозен недостаток од истражувања и дебати за влијанието кое би го имал овој облик на тероризам - сајбер тероризмот.

Сепак, во текот на последните неколку години Македонија направи мал чекор да се ангажира за прашањата поврзани со сајбер тероризмот. Поточно, сето ова започна кога станаа алармантни нападите врз веб-сајтовите[7], како предмет на напад од страна на хакерите кои доаѓаат однадвор[8]. Како илустрација, во 2008 година официјалната веб

---

[6] Cyber-terrorism; Jimmy Sproles and Will Byars for Computer Ethics at ETSU 1998 (http://csciwww.etsu.edu/gotterbarn/stdntppr/)

[7] Веб-сајтови на: Претседателот Ѓорѓи Иванов (www.president.gov.mk); Бившиот претседател Бранко Црвенковски 2004-2009 (www.president.gov.mk); А1 (www.a1.com.mk ); Телма (www.telma.com.mk); Музеј на Македонија (www.musmk.org.mk)

[8] Македонските сајтови се супер за хакирање; Вест

страница на бившиот престедателот на Република Македонија Бранко Црвенковски беше нападната од страна на група хакери од Косово, Албанија и Грција[9].

Република Македонија ја иницираше борбата против тероризмот со учество на разни семинари и конференции кои се поврзани на темата сајбер тероризам[10]. Македонија исто така има ратификувано и голем број на меѓународни конвенции кои се однесуваат на сајбер криминалот. Во 2004 година, Македонија ја ратификуваше и *Конвенцијата за компјутерски криминал 2001* донесена од страна на Советот на Европа, како и дополнителите протоколи за криминалните акти од расистичка и ксенофобична природа преку компјутерските системи. Значи, овие меѓународни правни акти се инкорпорирани во домашното законодавство.

Македонските државни власти стануваат сè посвесни за фактот дека официјалните веб-сајтови на државните институции се ранливи од сајбер нападите, а поради слабата заштита, по правило ,лесна цел. Државните веб- сајтови најчесто се нападнати од страна на хакерите кои доаѓаат од земјите во соседството.

ИТ специјалистите треба да ги преземат сите неопходни мерки и да ги користат сите методи кои им стојат на располагање сè со цел да ги заштитат податоците на организациите (државните, јавните и приватните). Тие треба да ги посетуваат сите обуки, да ги применат сите апликативни методи за да го обезбедат и заштитат целокупниот систем на организацијата.

Државните власти, исто така, без двоумење и без никакви одложувања, треба да го ажурираат Кривичниот законик на РМ со посебна одредба којашто ќе го регулира терминот сајбер тероризам.

### 3.1. Кој е одговорен за борбата против сајбер тероризмот во Македонија?

Во Р.Македонија нема посебни специјализирани институции кои се занимаваат со сајбер тероризам и кои легално го истражуваат. Тоа е така бидејќи во Македонија сајбер тероризмот не е легално дефиниран, регулиран или прифатен.

Меѓутоа, постојат државни институции одговорни за одредени аспекти на сајбер тероризмот, како на пример заштитата на информатичката технологија и безбедноста во целина. Овие институции ги сочинуваат: Министерството за информатичко општество, Бирото за јавна безбедност, кое е во рамките на Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи и Агенцијата за електронски комуникации. Овие институции се согласија да ги координираат активностите и да ја определат институционалната основа за градење норми и интензивна меѓународна соработка за борба против сајбер тероризмот. Замајќи го сето ова предвид, важно е да се потенцира дека за да започне да се применува еден функционален систем против сајбер тероризмот, потребна е поголема проактивна ангажираност и соработка со други државни институции, како и измена, дополнување на веќе постоечкиот Кривичен законик и соодветните прописи.

Следува графички приказ на надлежните државни институции кои, според моето мислење, треба да го решат ова прашање (сајбер тероризам).

---

(http://www.vest.com.mk/?ItemID=B8658BB6CF4BDE48B575FF9B62084C09); Хакирана интернет-страницата на Музејот на Македонија; Дневник (http://www.dnevnik.com.mk/default.asp?ItemID=C41FC032A0579B4B803516F7D6C8865C)

[9] Македонските сајтови се супер за хакирање; Вест (http://www.vest.com.mk/?ItemID=B8658BB6CF4BDE48B575FF9B62084C09)

[10] Активности за превенција и справување со последици од сајбер тероризам; Министерство за информатичко општество (http://www.mio.gov.mk/?q=node/1911)




**Табела 2** Надлежни институции во Р.Македонија

## 4. Доживувањето на Естонскиот случај (сајбер напад)

Естонскиот случај претставува еден од најголемите сајбер напади кои некогаш се случиле во историјата. Овој случај вклучува серија на сајбер напади кои започнале на 27-ми април 2007 година. Тие напади се извршени во Естонскиот парламент, во банките, министерствата, медиумите, всушност, во сите значајни државни институции каде што предизвикале дестабилизација на државната безбедност.

Нападот се случил во време на затегнати односи, после една дипломатска расправија помеѓу Естонија и Русија за дислоцирање на воениот споменик на Советскиот Сојуз во Талин, кога новинарите од Естонија во медиумски извештаи ја обвиниле Руската влада за отпочнување на нападот.[11]

По бранот напади врз виталните институции на Естонија, таа побарала помош од НАТО со цел да развие заедничка стратегија против "сајбер терористите".

Иако имало обвинувања испратени врз Кремљ од страна на медиумите во целина, на 6-ти септември 2007 година Министерот за одбрана на Естонија признава дека нема докази коишто ги поврзуваат сајбер нападите со руските хакери.

*"Се разбира, во моментов јас не можам со сигурност да тврдам дека сајбер нападите биле организирани од Кремљ или други руски владини органи", рекол Џак Авиксо во интервју на Естонскиот втор телевизиски канал.*[12]

Русија ги отфрлила обвинувањата и ги нарекла неосновани, бидејќи тие имале за цел да ги дестабилизираат добрите соседски односи помеѓу двете земји.

Од друга страна, ниту НАТО, ниту експертите на Европската Комисија не успеале да најдат докази за вмешаност на руските службеници во тие настани.

И покрај напорите што беа направени, на 10-ти март 2009 година целата ситуација станала појасна со изјавата дадена од страна на Константин Голоскоков,

---

[11] Cyberterrorism: The World's First Internet War?; Stefan Nicola; August 8, 2007; (http://www.govtech.com/dc/articles/129661)

[12] Estonia has no evidence of Kremlin involvement in cyber attacks; Ria Novosti; 2008; (http://en.rian.ru/world/20070906/76959190.html)

“комесар” на Кремљ поддржан од младинската група Наше, во која изјавил дека ја презема одговорноста за сајбер нападите.[13]

Со цел да се заштити, Естонија презема поинакви безбедносни мерки за одбрана од сајбер нападите и прави јасна поделба на задачите помеѓу владините институции, и ги ангажира актерите од секторите како што се приватните безбедносни агенции да работат на подобрување на критичната инфраструктура.

Естонскиот парламент од неодамна се занимава и со ревизија на Кривичниот закон[14], сѐ со цел да почнат да се применуваат поригорозни методи, да се обезбеди поголема сигурност за сите витални институции во државата и да се спречи нејзината понатамошна дестабилизација.

## Заклучок

Денешниот свет на ИКТ (Информатичка и комуникациска технологија) широко ги отвора своите врати кон 21-от век. Покрај лесниот и брз пристап кон податоци, ние несвесно се соочуваме и со големи опасности кои со себе ги носи модерната технологија.

Сајбер тероризмот е едно од најголемите зла на 21-от век. Проблемот со сајбер тероризмот е мултилатерален проблем, кој влијае врз сите сегменти на општеството (државните институции, приватните фирми, воениот сектор итн.).

Сепак, битно е да се потенцира дека законот е секогаш седум чекори зад технологијата, а тоа е така бидејќи законот не може да се менува со истата брзина како технологијата.

Според мене, одговорот на прашањето колку Македонија е ранлива од сајбер тероризмот е дека таа е многу ранлива. Како пример само би посочила на тоа дека Р.Македонија праќа луѓе-мировници во Авганистан, а тоа повлекува навлегување во системите од страна на хакери-терористи (вршење на сајбер напад) со цел следење на мејловите, одземање и менување на доверливи податоци, па сѐ до извршување на потешкиот облик - сајбер тероризам, а сето тоа со единствена цел прекин на соработката помеѓу Р.Македонија и НАТО за праќање на мировници. Дали некогаш сме размислувале за ова, за последиците коишто би можеле да настанат... Дали државата и надлежните институции се запрашале што треба да преземат и да делуваат превентивно во поглед на сузбивање на ова најголемо, современо зло во 21-от век - сајбер тероризмот.

Нашата земја речиси и да нема релевантни истражувања и анализи кои ги проценуваат штетите од сајбер тероризмот, за кој е потребно е да се преземат и некои превентивни мерки, како што е во многу случаи во светот, со цел да се избегне уште поголема катастрофа предизвикана од злото наречено сајбер тероризам.

Од ова мое истражување произлегува дека основните превентивни мерки и средства кои треба да се преземат во државата во следниов период заради заштита од сајбер тероризмот се следниве:

- Сајбер тероризмот треба да биде целосно дефиниран и регулиран со закон
- Како што расте процентот на инвестирање во модерната технологија, така новиот закон против сајбер тероризмот и организацијата за заштита треба да

[13] Kremlin-backed group behind Estonia cyber blitz; Charles Clover; March 11, 2009; (http://www.ft.com/cms/s/0/57536d5a-0ddc-11de-8ea3-0000779fd2ac.html)

[14] Council of Europe; Cyber terrorism - the use of the Internet for terrorist purposes, Strasbourg, 2007, p.161

бидат основани, со јасна поделба на одговорностите, но и целосно синхронизирани на функционален начин
- 24/7 контрола на клучната инфраструктура
- Државните институции одговорни за одредени аспекти на анти-сајбер тероризмот треба да се вклучат повеќе во поделбата на информациите и ресурсите
- Државните власти треба да ја зајакнат меѓународната соработка со надлежните институции кои се занимаваат со сајбер тероризам

**Користена литература**


- Blane, V, John. *Cybercrime and cyberterrorism*, New York, 2003
- Brown, V, Lawrence. *Cyberterrorism and Computer Attacks*, Novinka Books, 2006

Clover, Charles. “Kremlin-backed group behind Estonia cyber blitz.” (March 11, 2009) http://www.ft.com/cms/s/0/57536d5a-0ddc-11de-8ea3-0000779fd2ac.html

- Council of Europe, *Cyberterrorism- the use of the Internet for terrorist purposes*, Strasbourg, 2007
- “Cybercrime and cyberterrorism” http://www.apsu.edu/oconnort/3400/3400lect06a.htm
- “Cyberterrorism: A look into the future.” (November 2009) http://www.infosecurity-magazine.com/view/5217/cyberterrorism-a-look-into-the-future/
- Димоски, З. Графотранс, Скопје, 2007.
- “Естонија погодена од голем сајбер напад.” (Мај 2007) http://www.setimes.com/cocoon/setimes/mobile/mk/features/setimes/features/2007/05/18/feature-01
- Inter-American Committee against Terrorism (CICTE), “Counter-Terrorism Activities.” Newsletter no.52 (January 2008)
- “Кинески хакери го превземаат светот со леснотија.” (Март 2008) http://tehnologija.com.mk/index.php?option=com_content&task=view&id=1005&Itemid=9
- Манушев, Ману. “Сајбер криминалитет-Хај-тек криминалот во новата Информациона ера.” http://www.tmar.biz/mahatma/sajber.htm
- Mejak, Rok. “Cyber Terrorism.” (August 2009) http://prevajanje-rok-mejak.blogspot.com/2009/08/cyber-terrorism-essay-part-1.html
- Министерство за информатичко општество. “Активностите за превенција и справување со последици од сајбер тероризам.” (Февруари 2009) http://www.mio.gov.mk/?q=node/1911
- Николовски, Марјан. *Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал тероризмот и политиката*, Графотекс, Куманово, 2008
- Porth, Jacquelyn S. “Seeking a New Generation of Cyberdefenders - Contests and scholarships will help young experts hone skills.” (October 2009) http://www.america.gov/st/peacesec-english/2009/October/20091001163358SJhtroP0.9228784.html
- Posner, Gerald. “China’s Secret Cyberterrorism.” http://www.thedailybeast.com/blogs-and-stories/2010-01-13/chinas-secret-cyber-terrorism/
- Rayamajhi, Shreedeep. “A synopsis on Cyber Warfare and Cyber Terrorism.” (December 2009) http://www.diplointernetgovernance.org/profiles/blogs/a-synopsis-on-cyber-warfare
- Ria Novosti.”Estonia has no evidence of Kremlin involvement in cyber attacks” (2008) http://en.rian.ru/world/20070906/76959190.html
- Sproles, Jimmy, and Byars Will. *Cyber-terrorism*; 1998 http://csciwww.etsu.edu/gotterbarn/stdntppr/
- Stefan, Nicola. “Cyberterrorism: The World’s First Internet War?.” (August 2007) http://www.govtech.com/dc/articles/129661
- Стојанчов, Срѓан. “Државните сајтови, без заштита и лесна цел за хакерите.” (Мај 2009) http://www.makdenes.org/content/article/1731884.html
- Конвенција за компјутерски криминал 2001 на Советот на Европа

- United States Law Code Title 22
- Вест. “Македонските сајтови се супер за хакирање” http://www.vest.com.mk/default.asp?ItemID=6566137D7A8146489EB16DAF7696C309
- Yunos, Zahri. “Putting Cyber terrorism into context.” (February 2009) http://www.cybersecurity.my/data/content_files/13/526.pdf?.diff=1236049372



*Nadica Mircevska*
*FON University- Skopje*


***CYBER TERRORISM- A MODERN FORM OF TERRORISM***
***Is Macedonia Vulnerable to Cyber Terrorism?***

***Abstract***


*The paper presents, in the form of theses, the scientific bases for defining the terms “terrorism”, “cyber crime”, and “cyber terrorism”, as well as the measures for preventing cyber terrorism.*

*Apart from the author’s views on cyber terrorism as a concept, there are also examples from Central and Eastern European countries (Estonia case) which have been a direct target of cyber groups which completely blocked their overall system.*

*The Central and Eastern European countries should make fundamental reforms in their criminal laws where they would clearly define the concept of cyber terrorism, and they should also take measures for efficient fight against this type of crime.*

*Based on her personal research, it is the author’s opinion that there should be made a clear distinction between cyber crime and cyber terrorism. Cyber criminals perform their criminal activities out of fun, while cyber terrorists have a political aim to destroy the strategic goals of the country.*

*All social structures in the Republic of Macedonia should be aware of the need for security of information, as well as the need for introducing and using measures for protection from the occurrence of information insecurity.*

*The Republic of Macedonia should work on changing its current legislation, with the aim to provide information security from the aspect of ICT (Information and Communication Technology), taking into consideration the fundamental human rights, the freedom of expression, as well as the free access to public information.*

*No country is immune to this new form of terrorism (cyber terrorism), and a complete and efficient protection from this evil (cyber terrorism) do not exist.*

*The author recommends that in future new trends in the field of information and communication should be followed so that a more efficient protection from this form of terrorism (cyber terrorism) can be achieved.*



*Key words: cyber terrorism, terrorism, cyber crime, cyber attack, security, Estonia, the Republic of Macedonia, web sites, hackers.*

***Ице Илијевски***
демонстратор и посдипломец на Факултет за безбедност - Скопје
email: iilijevski@hotmail.com

# ЗЕМАЊЕ ЗАЛОЖНИЦИ И ПРЕГОВАРАЊЕ ВО ЗАЛОЖНИЧКА СИТУАЦИЈА

*Резиме*

*Во овој труд ќе дадеме осврт и прикажување на генералната слика за појавата на земањето заложници како облик на терористичко дејствување кое се заканува и прераснува во голем проблем на секоја држава, некои карактеристики на земањето заложници, разликата од киднапирањето и, секако, актуелноста на преговорите кои се водат во заложничка ситуација.*

*Живееме во свет во кој секојдневно сме сведоци на голем број заложнички драми во целиот свет, поради што се јавува и потребата од преземање мерки и активности за успешно водење борба, односно спречување и, пред сѐ, преговарање, во што спаѓаат: оптитите постапки за преговарање, карактеристиките и методите на комуникација, процесот на собирање на разузнавачки податоци и присилно прекинување на инцидентот. Оттука, за оваа тема може да се каже дека претставува една од оние за кои премногу се зборува, а малку се знае.*

*Клучни зборови: земање заложници, преговарање, преговарач, грабнувачи, тероризам.*

## 1. **Историски аспекти и дефинирање на земањето заложници**

Земањето заложници датира многу одамна, односно овој поим е многу стар и бил константно користен од старите Римјани кои ги земале синовите на принцовите кои плаќале данок и според тоа држеле залог (гаранција) за континуирана лојалност од страна на освоената нација  всадувајќи му истовремено на идниот владетел идеи за Римската цивилизација.

Зборот "заложник", англискиот *hostage* води потекло од старо француския *ostage*, модерниот *otage*, од Латинскиот *obsidaticum* (редновековниот латински *ostaticum*, *ostagium*), состојба да се биде *obsess* (множина *obsides*), "заложник", со претпоставена етимолошка врска исто со латинскиот *hostis* ("странец", подоцна "непријател"). Долгата историја на политичка и воена употреба покажува дека политичките власти или генерали легално ќе се сложеле да предадат едно или, вобичаено, повеќе заложници во притвор на другата страна, како гаранција за добра верба во придржувањето кон задолженијата. Задолженија биле во форма на потпишување на мировен договор, во рацете на победникот, или размена на заложници како заемно обезбедување во случаи на примирје.[1] Праксата продолжувала низ Средниот век. Ирскиот Врховен Крал *Niall* со Деветте заложници го доби својот епитет Noigillach затоа што, со земањето на деветте мали кралеви како заложници, тој ги потчинил на својата власт деветте други кнежевства.

Во подоцнежните времиња праксата на официјални воени заложници може да се каже дека била ограничена на обезбедување на плаќање со присилни придонеси, или реквизиција во окупираната територија и почитување на прописите кои окупирачката војска ги сметала дека одговараат за да ги издаде, или како мерка на претпазливост за да се спречат илегални воени активности и насилства од лица кои не се членови на познатите воени сили на противникот.

[1] http://www.wikipedia.org [04.03.2010]

Земањето заложници во денешно време се смета како акт на тероризам, односно како еден од облиците на терористичко дејствување. Тоа претставува задржување на лица заробени против нивната волја на одредена локација, кои потоа се користат за спогодување. Земањето заложници е популарна форма на терористичко дејствување, бидејќи овозможува застапеност во меѓународните медиуми подолг временски период. Земањето заложници често резултира во реакција на јавното мислење кое инсистира власта да им се потчини на барањата на терористите за да се олесни безбедното ослободување на заложниците. Лицето коешто е заробено на ваков начин се нарекува заложник. За заложник може да се смета она лице кое се држи заробено од грабнувачот со цел да се присили другата страна, како на пример криминалистичка служба, влада и сл., да дејствува или да се воздржи од дејствување, на посебен начин, често под закана од сериозна физичка повреда на заложникот (залочниците) после истекот на еден ултиматум. Многу често земањето на заложници се поистоветува со киднапирањето. Треба да се прави разлика помеѓу овие два поими, бидејќи земањето заложници се разликува од киднапирањето затоа што киднаперите ги сокриваат своите жртви, додека лицата што земаат заложници обично ги конфронтираат своите сили за одговор со заложниците. Од стратешка гледна точка, земањата заложници се претпочитаат во однос на киднапирањата затоа што добиваат поголем публицитет, како поради опасната ситуација во која сеноѓаат заложниците така и поради условите на "разголеност" пред очите на јавноста во кои органите на власта мораат да делуваат.

## 2. **Кривично-правни аспекти на земањето заложници**

Кривичното дело "земање заложници" (член 421 КЗ на РМ) претставува трето дело во македонското кривично законодавство кое се наоѓа во служба на борбата против меѓународниот тероризам. Со пропишувањето на ова кривично дело, нашата земја ги исполни своите обврски настанати во 1984 година со ратификувањето на Меѓународната конвенција за земање заложници (1979)[2]. На тој начин Република Македонија се вклучи, заедно со другите држави потписнички на спомнатата конвенција, во заедничките напори на Меѓународната заедница насочени кон сузбивање на овој опасен вид меѓународен тероризам. Спомenатото кривично дело има особини и карактеристични обележја (елементи) по кои се разликува од останатите инкриминирани дела на меѓународниот тероризам.

Поимот на споменатото кривично дело е определен во член 421 од КЗ на РМ каде во ставот 1 се предвидува дека сторител на ова дело е тој што ќе изврши грабнување на некое лице и се заканува дека ќе го убие, ќе го повреди или ќе го задржи како заложник со намера да ја присили некоја држава или меѓународна организација нешто да стори или не, како изречен или молкумен услов за ослободување на заложникот "ќе се казни со казна затвор од најмалку 1 година". Во став 2 и 3 од истиот член се предвидуваат два потешки облици на ова кривично дело. Во ставот 2 се предвидува "ако поради делото од став 1 настапи смрт на грабнатото лице", во тој случај извршителот ќе се казни со казна затвор од 5 години, и вториот најтежок облик, став 3 каде се предвидува дека "ако при извршувањето на делото од став 1 на овој член, сторителот е со умисла да го лиши од живот грабнатото лице, ќе се казни со затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор".

Според ова, како земање заложници од член 421 од КЗ на РМ се смета извршување грабнување на некое лице со закана дека ќе биде убиено, повредено или задржано како заложник, со намера да се присили некоја држава или меѓународна организација нешто

[2] Димовски, З., Тероризам, Скопје 2007 година, стр. 68

да направи или не, како изречен или молкумен услов за ослободување на заложниците. Оттука, карактеристичните обележја на кривичното дело “земање заложници” се изразени:

1) во извршувачките активности што се состојат во грабнување на некое лице и кумулативно извршување на уште некои од следните работи: закана со смрт, повредување или задржување на тоа лице како заложник, и

2) во субјективниот елемент кој се состои во намерата на извршителот, со означена работа, да присили некоја држава или меѓународна организација нешто да направи или не, како изречен или молкумен услов за ослободување на заложниците.

Наведените обележја на кривичното дело укажуваат на тоа дека за постоење на делото се бара одредена работа - грабнување, како и една од алтернативите: закана со смрт, повредување (т.е. закана дека ќе се нападне врз животот и телото) или задржување на грабнатото лице како заложник, со одредена намера некоја држава или меѓународна организација да се присили на променети активности нешто да стори или не. Според тоа, делото е довршено со преземање на вака насочени работи, затоа што остварувањето на намерата не спаѓа во кривично дело.

Од содржината на кривичното дело “земање заложници” произлегува дека извршувачката активност (дејствие) на оваа дело се состои од две кумулативно одредени акти:

а) насилство, кое се врши со грабнувањето и

б) заканата за натамошни насилства над грабнатото лице, односно заложникот.[3]

Заканата се упатува директно или индиректно на субјектот од кој се бара и очекува, поради грижа за земениот заложник, да се исполнат бараните услови поставени од грабнувачот. Во законот како такво лице изречно се означува некоја држава или меѓународна организација.

## 3. Општи постапки и карактеристики на преговорите во заложничка ситуација

Важно е преговарачот и тимот што ќе интервенира во заложничката ситуација да работат како единица за успешно решавање на ситуацијата на земањето заложници. Двете страни се подеднакво важни за безбедното решавање на ситуацијата. Примарната цел на преговарачот е да го обезбеди сигурното ослободување на заложниците и апсење на грабнувачите без загуба на човечки живот. Други цели на преговарачот се да воспостави дијалог со извршителот, да ја придобие неговата доверба, и да му помогне на командирот во решавањето на инцидентот на најбезбеден можен начин за заложникот (заложниците), општата јавност, полицијата, и за извршителот(ите).

Друга критична задача за преговарачот е да ги помогне подготовките за тактичка интервенција, доколку таа опција стане неопходна. Една од најважните цели е да се здобиесо што е можно повеќе време за да се подготви за изборот на командирот/раководителот за намерниот напад во времето и местото на инцидентот. Друга важна цел е да се добијат потребните информации за детално тактичко планирање. Каде што е можно, преговарачот не треба да биде оперативен член на тимот што ќе интервенира, бидејќи оваа двојна улога може да претставува морален конфликт за време на постапките. Дополнително, преговарачот не треба да биде во командните инстанци или во позиција да донесува оперативни одлуки. Неговa работа е да собира информации за ситуацијата од извршителите и да им ги достави на донесувачите на

[3] Димовски, З., Тероризам, Скопје 2007 година, стр. 71

одлуки. Исто така е потребна помош и од психолог и лекар кој може да обезбеди информации за физичката и менталната состојба на извршителите и заложниците и може да советува кога може да биде критички потребна тактичка интервенција или најкорисно ќе му помогне на преговарачот.

Преговарањето во заложничка ситуација во голем број случаи зависи од бројот и состојбата на заложниците, бројот на грабнувачите, непосредната закана по заложниците, времето на инцидентот, локацијата на која се случил инцидентот, подготвеноста на тимот што треба да интервенира и др. При првото дејствување најпотребно е да се стабилизира ситуацијата за да можат да се направат подготовките за отпочнување на преговарањето. Од големо значење е воспоставувањето на првиот контакт на преговарачот со грабнувачот(ите) и поради тоа потребно е да се избегне секаква намера од страна на преговарачот да го излаже, изманипулира или погрешно насочи грабнувачот(ите). Тоа може да го попречи стекнувањето и развивањето на доверба и да го доведе во опасност како сопствениот живот така и животите на заложниците. Првите чекори кои треба да се преземат при воспоставување на контакт со грабнувачот, без разлика на каков начин, се основа за понатамочниот тек и затоа тој треба да се ислуша, да се праша дали е добар и дали некои лица имаат потреба од медицинска помош. Во тие први моменти од преговарањето најчесто грабнувачот е исплашен и може да се заканува со убиства на заложниците доколку не се исполнат нивните намери, но од тие постапки на грабнувачот многу може да се научи за неговата личност. Фокусот на преговарачот на самиот почеток треба да биде насочен кон определување на физичката и психичката состојба на грабнувачот и да се оспособи за преговарање. Во ниеден момент не смее да се загуби трпението, бидејќи преговарачот треба да биде истраен сè додека не го постигне решението. Преговорите може да траат неколку часа, но преговарачот мора да биде подготвен бидејќи може да траат многу долго време. Сепак, времето не е толку важно и не смее да се избрзува за да побрзо се реши заложничката ситуација, туку треба да му се дозволи време на преговарачот да го отвори патот за успешно преговарање.

Преговарањето во заложничка ситуација е сложен проблем при што преговарачот треба да остане целосно внимателен, да обрне особено внимание на детали и да покажува континуиран интерес за она што се кажува. Во заложничка ситуација, ова не секогаш е лесно да се прави. Тој мора, сепак, да ги контролира своите емоции во секое време. Без разлика на личните чувства, преговарачот мора да сфати дека тонот на неговиот глас, неговите прашања и неговото тело комуницира исто онолку колку и неговите зборови. Неразбирливи зборови или активности од негова страна може да го зголемат нивото на ризик за заложниците и за тактичките елементи. Успешно преговарање се постигнува тогаш кога преговарачот слуша, останува објективен и е способен да реши тешка ситуација без насилство.

## 4. **Методи и техники на преговарање**

Многу е важно воспоставувањето на контакт со грабнувачот(ите) да биде колку што е можно побрзо и да се воспостави дијалог за да се намали нивото на страв и тензија. Постојат разни методи на комуникација преку кои преговарачот ќе се труди да го придобие вниманието и довербата од осомничениот и на ненасилен начин да ги ослободи заложниците. Методи на комуникација кои вообичаено се користат се: преговори лице во лице, телефон, радиостаница, мегафон/звучник од полициско возило, писмени белешки[4].

[4] Hostage Negotiations, Participant Guide, SAD, 2006, str. 29

### *4.1. Преговори лице во лице*

Најопасниот облик на разговор меѓу преговарачот и лицата што ги држат заложниците се преговорите лице во лице. Преговарање лице во лице, со грабнувачот(ите) е најмалку посакуваниот метод поради ризикот на кој е изложен преговарачот. Тие треба да се изведуваат само кога тоа е апсолутно неопходно и со одобрение и тактичка поддршка од тимот за специјални интервенции. Постои опасност извршителот (ите) да се обидат да го земат и преговарачот како заложник, дури и да го убијат.

Доколку се прифати техниката на преговори лице во лице, потребно е преговарачот да одржува контакт со грабнувачот гледајќи го во очи и во ниедна ситуација да не им врти грб на грабнувачите. Не смее да преговара со повеќе лица одеднаш и, во ситуации кога има вперено оружје или бомба, треба да се избегне приближување. Исто така, преговарачот треба да носи панцир и да има подготвено план за бегство што треба да вклучи затскривање и координација на командувањето.

### *4.2. Телефон*

Телефонските преговори се најпожелни и претпочитан начин на комуникација. Постојат различни изведби на "уфрлени телефони" што наликуваат на обични телефони, поради што на лицата што ги држат заложниците нема да им биде потребна посебна обука или стручност за користење на опремата. „Уфрлениот телефон„ има измерена должина на жица која, откако ќе стигне до кризната точка, го врзува грабнувачот на ограничено подрачје. Телефонот е опремен со континуирано вклучена опрема за аудио надзор, што му овозможува на преговарачот да слуша без разлика дали приемникот е поставен на постојото или не е. Откако ќе се воспостави ваква телефонска врска, сите други постоечки линии се исклучуваат. Во отсуство на "уфрлен телефон", може да се користи обичен телефон, но сите други повици кои доаѓаат кон телефонот и излегуваат од телефонот треба да бидат блокирани за да се обезбеди грабнувачот(ите) да може да зборува само со преговарачот. Телефонската компанија треба да биде предупредена колку што е можно порано за да обезбеди техничар за извршување на оваа активност.

Преговорите преку телефон се често практикувани во заложничките ситуации, пред сè поради безбедноста на преговарачот. Како позитивни страни на оваа техника на преговарање може да се сметаат давањето помош на преговарачот од страна на останатите членови, резервни преговарачи на тимот, подобра организација на белешките, контролирање или завршување на разговорот, помалку прекини, манипулирање на поголем број субјекти и сл. Меѓутоа, треба да се внимава на опасноста од недоразбирање, недоволно личен контакт (личниот контакт обично дава подобра проценка како надополнување на сознанијата за субјектот и местото), целосно внимание и проблеми со слаба врска.

### *4.3. Радио станица*

Радио станицата е подобар начин за комуницирање од мегафонот, но ваквите преговори можат да ги следат и лица од надвор. На располагање постои и опрема за гласовна приватност; но користењето на софистицирана и скапа опрема подразбира ниво на доверба и интелигенција кај лицата што ги држат заложниците, коишто можеби немаат таков морален или интелектуален капацитет. Доколку мрежата не е сигурна, надворешни лица како што се печатот или соучесници, можат да ја следат комуникацијата. Многу е важно, какво било радио обезбедено за грабнувачот(ите) за

преговарачки цели да биде тип на радио со единечна фиксна фреквенција, така што нема да постои можност за грабнувачот(ите) да слуша редовна програма.

### *4.4. Мегафон/звучник од полициско возило*

Електричниот мегафон ја исклучува тајноста, но може да се употреби успешно за време на раните фази од кризата. Овој начин за комуницирање оневозможува приватност, што не е пожелно.

Јачината на мегафонот може да помогне во прикривањето на движењето на специјалната единица за време на извидувањето, приодот и нападот. Тој може да се користи на успешен начин во првите фази на преговорите за договарање на начинот за доставување на телефон. Преговарачот мора да зборува со мегафонот од положба која обезбедува заклон од потенцијално пукање од страна на грабнувачот(ите), како и безбедна маршрута за повлекување, доколку тоа стане неопходно.

### *4.5. Писмени белешки*

По правило, писмената комуникација не се препорачува. Може да постојат ретки ситуации кога овој метод се користи. Сепак, ќе недостасува личниот аспект на преговарањето. Ограничена употреба на писмената комуникација може да се користи како средство за собирање на извидувачки податоци, како што се отпечатоци од прсти на извршителот и пишани примероци за анализа на ракопис.

## 5. **Структура на преговарачкиот тим**

Преговарачкиот тим се состои од два идентични тимови кои, по потреба, во зависност од заложничката ситуација и нејзиното времетраење, се менуваат на секои 10 до 12 часа. Секој од тимовите е составен од:

- раководител на преговарачкиот тим;
- примарен преговарач;
- секундарен преговарач;
- офицер за разузнавање;
- психолог и
- специјалист за оперативно-техничка поддршка.

Во зависност од ситуацијата во тимот може да се ангажираат и:

- стручен советник (за минско-експлозивни средства, радиоактивни материи, бојни отрови и сл.)
- професионален преведувач;
- одредени личности во кои грабнувачот верува;
- лингвист и
- други лица кои можат да придонесат во решавање на заложничката ситуација.[5]

Преговарачкиот тим не смее да има непотребен персонал. Секој член на преговарачкиот тим си има свои задолженија кои мора целосно да ги исполни за успешно разрешување на заложничката ситуација. Раководителот на преговарачкиот тим е организаторот, планерот, стратегот, надзорникот и водачот на тимот. Тој има општа одговорност за управување со преговорите за заложниците и може, понекогаш,

---

[5] Мијович, Д., Субошич, Д., Развој преговарачких потенцијала МУП-а Републике Србије, Наука-Безбедност-Полиција, Београд, 2008 година, стр. 116

да биде со преговарачкиот тим. Почесто, наместо него е присутно лице за врски со командни овластувања. Тоа лице ја има функцијата на надзорник на тимот. Примарниот преговарач е оној кој ја има главната одговорност за комуницирање со лицата што ги држат заложниците. Секундарниот преговарачот е главниот помошник на преговарачот кој го следи главниот преговарач и ја обезбедува потребната помош. Офицерот за разузнавање се грижи за непрекинат проток на навремени информации од преговарачот до командното место. Тој е изворот на сознанија кои им се потребни на другите членови на тимот за преговори со заложници. Психологот служи како ресурс за надзорникот на преговорите и ги толкува психолошките податоци, со цел да се возможи мирна разрешница. Специјалистот за оперативно-техничка поддршка ракува со опремата за комуницирање и ја одржува.

## 6. Психо-социјални карактеристики на лицата кои земаат заложници и стратегии за преговарање

Оние кои земаат заложници тоа може да го прават од најразлични причини. Оттука, од голема важност е познавањето на различните типови личности кои земаат заложници и нивните психо-социјални карактеристики, сè со цел да може да се изнајдат вистинските насоки за преговарање.

Успешните стратегии за преговори за заложници се општи по природа, се користат по потреба и се засновани врз претходни преговори со различни типови лиличности. Ранотото и прецизно препознавање на типот на личност што ги држи заложниците е од суштинска важност за успешно разрешување на опсадата. Важно е да се запомни дека лицата што ги држат заложниците сакаат да им се посвети внимание ним, на нивнот проблем и/или нивната кауза. Тие се фрустрирани лица кои бараат помош на перверзен и илегален начин.

За определување на стратегијата за преговарање се користат два критериуми за секое лице што држи заложници. Овие критериуми, земени заедно, вклучуваат идентификација на заложниците и списокот на барања. Прашањата што треба да се земат предвид во текот на процесот на преговорите за заложници треба да се насочени кон следниве прашања: Дали заложниците се симболични пиони, неповрзани со прашањето, или, пак, биле однапред одбрани и се посебно избрани лица? Дали лицата што ги држат заложниците имаат рационални или ирационални барања?

Лица кои може да се јават како грабнувачи, односно кои земаат заложници, можат да бидат:[6]

- Луѓе во криза

Некои од луѓето кои се наоѓаат во улога на лица што држат заложници се најчесто обични луѓе кои немаат мината историја на ментални заболувања или нарушувања и можеби реагираат на серија настани што сурово ги имаат изменето нивните животи. Пример за вакви ситуации што доведуваат до големи промени во животот можат да бидат финансиските, личните или семејните проблеми. Лицето веројатно смета дека е останато само и без каков било вид поддршка или можна опција. Симптомите што се манифестираат вклучуваат: зголемена нервоза, чувство на безнадежност и беспомошност, чувство на губење на контрола придружено со мошне тесно насочено разбирање за проблемот, себе си и можните решенија.

- Психотични лица

Психотичните лица страдаат од големи ментални нарушувања. Тие немаат допир со реалноста, ментално се нестабилни. Тие се осаменици. Нивните највообичаени

[6] Hostage Negotiations, Participant Guide, SAD, 2006, str. 17

симптоми се халуцинации и заблуди. Тие нив ги доживуваат како реалност и нивното однесување може да е мотивирано од истите. Заложниците се обично непознати или лица што се дел од нивниот погрешен систем на верувања.

- Депримирани лица

Депримираните лица се многу очајни поединци кои обично имаат натпросечна интелигенција и понекогаш земаат заложници како обид да ја принудат полицијата да ги убие. Опфатот на депресијата се протега од нормално до психотично и е реакција на вистински или замислен стрес. Тие страдаат од беспомошно и безнадежно чувство на неспособност да го исправат или надминат нивното чувство на загуба. Заложниците може да бидат членови на семејството или, пак, непознати лица. Нивните барања обично се нејасни и можат да побараат заминување на полицијата. Вообичаено е нивните барања да се сменат со приближувањето на разрешницата.

- Политички/религиозни терористи

Политичките/резигиозни терористи може да имаат нереални барања, за кои треба да одлучат повисоки структури, или, пак, невозможни барања. Во ваквите ситуации преговорите што се водат треба да имаат функција да може да се постават соодветни прашања што ќе овозможат јасно да се разберат нивните цели, барања, заложници и образложението за создавањето на оваа ситуација. Погрижете се да преговарате со водачот на лицата што ги држат заложниците, да дознаете кои се водечките сили зад оваа група и дали може да се открие историската задина?

Од критична важност е преговарачите да слушаат, проценуваат и да го применуваат своето претходно искуство во новата ситуација.

**Заклучни согледувања**

Како што можеме да видиме од претходно напишаниот материјал, земањето заложници како облик на терористичко дејствување и преговарањето во заложничка ситуација претставуваат проблем на секоја држава, бидејќи го загрозува опстанокот на многу луѓе и делува застрашувачки. Тероризмот не ги бира своите жртви, шансите на сите држави и луѓе да станат негови жртви се подеднакви. Потребно е преземање на мерки за борба како на едукативен така и на технички план за спротиставување на сите предизвици.

Земањето заложници во светот е честа појава, а бројот на жртвите во заложничките ситуации е фрапантен. Во голем број од случаите како жртви се јавуваат жени и деца. Поради тоа, потребно е водење на успешни преговори со лицата кои земаат заложници и избегнување на несакани последици. Во многу наврати веќе споменавме дека успешноста на преговорите зависи од подготвеноста на тимот што ќе ги води преговорите, нивната обученост, тактиката и техниката што ќе се применува, разузнавачките податоци и др. Лицата кои ги водат преговорите треба да бидат психофизички подготвени, да имаат способност за слушање, претрпување на стрес, изразена вербална способност, тактичност, прилагодливост, способност за тимска работа, друштвеност и отвореност кон другите луѓе и др.

Многу земји на меѓународен план заземаат став дека со терористите нема преговарање бидејќи со тоа им се дава легитимитет и отстапување. Меѓутоа, таквиот став носи голем број штетни последици. Непреговарањето не претставува превенција на терористичките акти во иднина, туку, напротив, имаме голем број на убиени заложници. Потребно е отпочнување на преговорите за ослободување на заложниците, што не значи дека ќе им се удоволи на барањата на терористите во целост, туку пронаоѓање на компромис и мирно решавање на заложничката ситуација.

**Користена литература**:

1. Димовски, З., Тероризам, Скопје, 2007 година
2. Антони, Џ., Скоти, Заштита на функционерите и меѓународниот тероризам, Скопје, 2004 година
3. Станчев, И., Контратерористични реидове, Воено издателство, ЕООД, 2007 година
4. Котовчевски, М., Современ тероризам, Скопје, 2003 година
5. Одри К. Кронин, Џејмс М. Лудс, Напад на тероризмот - елементи на грандиозна стратегија, Скопје, 2009 година
6. Часопис, НБП-Наука, безбедност, полиција, XIII, број 1, Београд 2008 година
7. Hostage Negotiations, Participant Guide, SAD, 2006
8. http://www.wikipedia.org [04.03.2010]
9. http://www.nasta1.com [06.03.2010]

*Ice Ilijevski*
*Faculty of Security- Skopje*

***HOSTAGE-TAKING AND NEGOTIATIONS IN HOSTAGE SITUATION***

***Abstract***

*This paper presents an overview of the general picture of the phenomenon of hostage-taking as a form of terrorist activity that threatens and has become a major problem of every state. It also presents some characteristics of hostage-taking, the difference between hostage-taking and kidnapping and the importance of negotiations in a hostage situation.*

*Every day we are witnesses of a great number of hostage dramas all over the world which imply the need to undertake measures and activities for successful fight or prevention and, above all, negotiations which include: the general negotiation procedures, the characteristics and methods of communication, the process of intelligence data collection, and forced termination of the incident. Therefore, it can be said that this topic is one of those that too much is spoken and little is known about.*

*Key words: hostage-taking, negotiations, negotiator, abductors, terrorism.*

*Александар Нацев*
Инспектор за безбедност на класифицирани информации
Дирекција за безбедност на класифицирани информации
**e-mail:** nacevalex@yahoo.com

# „НЕПОСРЕДЕН КОНТАКТ СО АГЕНТОТ"

***Резиме:***

*Одржувањето на непосредни контакти со агентите ја претставува најчувствителната алка во успешната примена на агентурниот метод на работа на разузнавачките служби. Под непосреден контакт се подразбира остварување директна средба помеѓу агентот и разузнавачот. Ваквите контакти се неопходни за проучување на личноста и однесувањето на агентот, поголеми можности за натамошна обука на агентот, навремено проверување на точноста на податоците кои ги доставува агентот, давање на нови задачи на агентот и сл. Токму поради големиот број на поволности што ги нуди непосредниот контакт, безбедносните и контраразузнавачките органи на државата која е цел на разузнавачки интерес, преку интензивирање на сопствената активност и преку примената на различни контраразузнавачки тактики и техники, се трудат колку што е можно повеќе да им ја отежнат разузнавачката работа на лицата кои го применуваат овој вид на контакт. Соочени со една ваква ситуација, професионалните припадници на разузнавачката служба, а и лицата кои ја обавуваат агентурната дејност, се исправени пред еден огромен предизвик кој бара голема способност, вештина и индивидуални квалитети, како и позитивен став и посветеност со цел успешно организирање на непосреден контакт.*

***Клучни зборови:*** *разузнавање, контраразузнавање, разузнавачка служба, агент, разузнавач, шпионажа, непосреден контакт, оперативна ситуација, легенда…*

Одржувањето на непосредни контакти со агентите ја преставува најчувствителната алка во успешната примена на агентурниот метод на работа на разузнавачките служби. Под непосреден контакт се подразбира остварување директна средба помеѓу агентот и разузнавачот. Непосредните контакти со агентите се условени од неколку меѓусебно поврзани фактори, од кои најосновни се следниве[1]:

– Квалитетот и компетентноста на разузнавачот и на агентот;
– Важноста на агентот;
– Целта на контактот;
– Професионалното занимање и официјалниот статус на разузнавачот и на агентот;
– Терминот на одржување на контактот, времетраење на контактот и место на одржување на контактот;
– Оперативните услови.

Доколку агентот е од голема вредност и веродостојноста на неговите известувања е несомнена, тогаш непосредните контакти треба да се сведат на минимум. Но и во една ваква ситуација, неопходно е да се има изготвен план за организирање на контакт доколку се појави итна и неизбежна потреба од тоа. И покрај

[1] L.K. Bekrenev „Operational contacts". *CIA Studies in intelligence 9*, no.1 (1965) https://www.cia.gov/library/center-for-the-study-of-intelligence/kent- csi/vol9no1/html/v09i1a06p_0001.htm (22.02.2010)

тоа што довербата во еден ваков тип на агент е на високо ниво, сепак, не треба да се занемарат безбедносните процедури кои треба да се испочитуваат при контактот. Во ситуација пак кога се работи со агент кој сè уште не е доволно докажан и на кој сè уште не му се проценети вистинските мотиви, тогаш овие безбедносни процедури треба максимално да се почитуваат. Исто така и зачестеноста на контактите со ваквите агенти е неопходна, со цел попрецизна процена на неговите вистински мотиви.

Разузнавачите мора да се обучени за примена на најсоодветните форми и методи на легендирано и недозволено (тајно) дејствување кога организираат непосредни контакти. И покрај тоа што непосредните контакти се еден од најтешките аспекти на разузнавачката дејност, сепак, со добро проучување на ситуацијата, добар план и непогрешлива изведба, тие можат успешно да бидат изведени. Контраразузнавачките органи на државата која е од разузнавачки интерес немаат можност за непрекинато набљудување на сите места и во секое време. Тие користат одредени техники и методи, како и технички средства за да ги остварат своите цели. Тие тоа го прават по одредени шеми кои се употребуват со цел да дадат најдобар ефект. Доколку разузнавачот успее да ги открие овие шеми, тогаш голем дел од пречките кои се поставени од противникот можат да бидат надминати.

За време на почетните фази, односно за време на собирањето информации за кандидатот и постапката на неговото врбување, овој непосреден контакт претставува нужно зло. Подоцна, кога агентите веќе се усовршуваат во извршувањето на задачите, непосредниот контакт му го препушта местото на посредниот контакт. Голем дел од најискусните агенти обично немаат непосреден контакт со разузнавачите и по неколку години. Сепак, речиси е невозможно целосно да се избегнат непосредните контакти. Некои од причините за ваквото тврдење се следниве: некои агенти не се согласуваат со ниту една форма на неперсонална комуникација, немаат доверба во „мртви јавки" и тајно пишување и не се чуствуваат сигурни при контакт со некое трето лице. Доколку материјалите кои ги доставуваат овие агенти се од големо значење, непосредниот состанок на разузнавачот со агентот е неопходен.

Поволните аспекти на непосредната врска се состојат во следново:

- разузнавачот е во можност да ја проучи личноста и однесувањето на агентот;
- има можност за побудување на интерес и иницирање на агентот во нови разузнавачки работи;
- побрзо се зацврстува меѓусебната доверба (разузнавач-агент);
- поголеми можности за натамошна обука на агентот;
- навремено проверување на точноста на податоците;
- се одржува нивото на зависност на агентот од службата;
- подобро може да се воочи оперативна ситуација во однос на објектот на разузнавачки интерес;
- побрзо можат да се согледаат постапките на агентот и нивниот исход, и да му се укаже како да ја подобри својата активност;
- можат да се извршат промени во насочувањето на агентот, во зависност од дотогашниот развој на оперативната ситуација, како и да добие поконкретни задачи.

Отежнатите ситуации кои се појавуваат при организирањето непосредни контакти со агентите не се плод на некои нови или специјални технички средства или методи на работа кои ги користи противничката контраразузнавачка служба. Сепак, и

една таква можност не треба да се исклучи. Тие се должат, пред сѐ, на зголемената активност на противничките органи и поинтензивната употреба на веќе познатите методи и процедури. Во оние држави каде што контраразузнавањето е многу развиено, како најчести карактеристики се јавуваат следниве[2]:

- Значително интензивирање на стационарното набљудување (камери на раскрсници, надворешно обезбедување на објекти);
- Набљудување од возила и други превозни средства (трамвај, градски автобус);
- Обиди за вметнување на провокатори во редовите на постојните агентурни мрежи на противничката служба;
- Построга контрола на лицата кои се во можност да извршуваат шпионска (дипломати, аташеа) или агентурна дејност (вработени во важни институции, политичари). Оваа контрола се воспоставува преку издавање на специјални дозволи, забрани за пристап или барање за наведување на местото на посета и на престој;
- Примена на построги безбедносни мерки за чување на објектите кои можат да бидат од разузнавачки интерес на некоја странска служба;
- Зголемување на степенот на неовластено прислушување, набљудување и следење на лицата кои се во состојба да шпионираат.

Сето ова ја отежнува разузнавачката работа и поставува големи барања за способност, вештина и индивидуални квалитети како на професионалните припадници на разузнавачката служба така и на лицата кои ја обавуваат агентурната дејност.

Од неколкуте различни видови на непосредни контакти, оние кои се одржуваат на територијата на државата која е од разузнавачки интерес каде што разузнавачот работи како дипломатски претставник се најризични, бидејќи дипломатските претставници најчесто се под надзор на контраразузнавачката служба и не секогаш можат да осигураат безбеден пристап до местото на контакт. Но, и покрај фактот што овие состаноци се најризични, тие воедно се и најупотребуваниот начин на контакт. Побезбеден начин на контакт е кога разузнавачот е под легендирано присуство на државата која е од разузнавачки интерес. Доколку разузнавачот има влезено во земјата без да предизвика сомнение, тогаш при организирањето на контактите со агентите нема да има никакви проблеми. При организирањето на контакт во кој ќе учествува разузнавач кој е со легендиран престој на територијата на државата која е од разузнавачки интерес или разузнавач кој легендирано влегол на територијата на државата која е од разузнавачки интерес со единствена цел да присуствува на контакт со агентот, условите за организирањето и текот на состанокот се во голема мера олеснети. Уште еден начин на организирање на контакт кој се смета за сигурен е средбата на територија на трета држава. Во ваква ситуација треба да се води сметка разузнавачот и агентот да бидат прецизно информирани за местото и времето на средбата, како и да бидат обезбедени со добра легенда за нивниот симултан престој на исто место.

Најдобри услови за организирање на непосреден контакт има кога контактот се организира на територијата на разузнавачката служба која го држи на врска агентот.

[2] A.A., Konovalov and V.S. Sokolov. „Meetings with agents“. CIA Studies in intelligence 8, no.2 (1964) https://www.cia.gov/library/center-for-the-study-of-intelligence/kent-csi/vol8no2/html/v08i2a05p_0001.htm (22.02.2010)

Ваквата можност е олеснета со големиот проток на луѓе кои се вклучени во разни културни и студентски размени, меѓународни конференции и семинари, туристички експедиции. Но, како главен проблем овде се јавува фреквенцијата на таквите патувања на агентот, бидејќи оние агенти кои се вработени во државни институции можат да одат во странство најмногу еднаш, за време на нивниот годишен одмор. Но, и доколку имаат шанса почесто да патуваат, сепак, за секое патување треба да имаат легенда со цел да ја сокријат вистинската причина за патувањето. Доколку се работи за лице кое е од исклучителна важност за својата држава или некој кој има пристап до чуствителни информации, неговите чести патувања можат да го привлечат вниманието на безбедносните органи на неговата држава.

Како заклучок на претходно наведеното, може да се каже дека, и покрај сите предности на одржувањето на контакти со агентите на сопствена територија или на територијата на трета држава, односно преку легендиран разузнавач на територијата на државата која е од разузнавачки интерес, сепак, практичните можности за одржување на таков вид на контакти е ограничен од различни околности. Како резултат на тоа, најчест вид на контакти се оние кои се одржуваат на територијата на државата која е од разузнавачки интерес. Бројноста на овој вид на контакт значајно го надминува бројот на сите останати видови заедно. Организирањето на непосреден контакт помеѓу разузнавачот и агентот се врши според однапред утврден план и програма, кои во контактите со исклучително важните агенти се планираат месеци, па дури и години однапред. Главните моменти во организирањето на ваквите контакти се[3]:

- Внимателен избор на местото на контакт;
- Планирање на текот на контактот;
- Посветување внимание на безбедноста за време на движењето кон местото на контакт;
- Легендирање на разузнавачот за секоја од фазите на операцијата;
- Водење сметка за безбедноста во текот на самиот контакт;
- Безбеден пренос на материјалот добиен од агентот до местото на кое треба да се достави и обработи.

**- Внимателен избор на местото на контакт**

Изборот на местото за непосреден контакт е од огромна важност и овој избор мора да биде извршен многу претпазливо. Местото на контактот мора да оди во прилог на очекуваните резултати од контактот, да одговара на општествените позиции на разузнавачот и на агентот и да ги задоволи критериумите на оперативната безбедност. Изборот на местото зависи од креативноста на разузнавачот и неговата служба, што пак е условено од доброто познавање на оперативната ситуација, локалните услови и структурата и техниките на противничките безбедносни органи. Елементи кои треба да се земат предвид се внимателноста и чувствителноста на безбедносните органи, степенот до кој безбедносните органи ги проверуваат граѓаните, а особено странските државјани, потоа до кој степен се патролираат и проверуваат главните патишта, улиците и плоштадите, парковите и разните објекти за разонода (кино, театар, ресторани, библиотеки, музеи).
Места каде што може да се реализира непосреден контакт со агентот се[4]:

[3] Ibid.
[4] Томе Баткоски. Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика. (Скопје, 2008).

- -Конспиративен стан – станува збор за стан што има фиктивен сопственик, а се користи од страна на разузнавачката служба;
- -Услужен стан – тоа е стан што има вистински сопственик, кој е во агентурен однос со разузнавачката служба, при што обезбедува дел од дадениот стан (со посебен пристап) за одржување контакти со друг агент (неговиот идентитет за него е непознат);
- -Јавни места – кафеани, хотели, клубови, читални, спортски објекти, театри, кина и сл.;
- -Места на отворен простор – паркови, излетнички места, и сл.;
- -Средства за јавен превоз – станува збор за многу кратки контакти што служат за примопредавање на разузнавачки материјали или за кратко пренесување одреден разузнавачки податок;
- -Приватни автомобили – често во нив се вградуваат технички средства за квалитетно регистрирање на применото известување од агентот.

Неколку од грешките кои можат да се појават при изборот на местото за контакт се следниве: одржување на контакт во ресторани и други јавни објекти блиску до местото на дипломатското претставништво; одржување состаноци во близина на објекти кои се набљудуваат поинтензивно (железнички станици, банки); одржување контакти во домот на агентот или на разузнавачот и др.

Подолгите контакти се организираат во хотели, јахти или вили кои се во сопственост на агентот или се изнајмени од него. Разузнавачите треба да ги одбегнуваат оние области кои се познати како инкриминирачки. Исто така треба да се одбегнуваат железнички и автобуски станици, аеродроми, објекти под надзор, односно сите оние места каде може да се наиде на полициско присуство. Друга опција е да се реализираат на изолирани локации, далеку од населени места. Разузнавачот кој работи под официјално покритие во дипломатско претставништво на противничка територија треба да преземе неколку чекори на претпазливост при подготовката за организирање на контакт на изолирани места или во градови кои се наоѓаат далеку од местото каде што тој работи. За почеток, треба да најде сигурен начин за да излезе од градот каде што работи. Доколку оди со возило, не е многу тешко да се послужи со убедлива легенда за целта на неговото патување. Но, доколку патот е подолг, тогаш треба да се размислува за користење на други превозни средства, на пример воз или авион. Најдобро е да се користи воз бидејќи не мора да се даде името при купувањето на билет. Предноста пак на патувањето со авион е тоа што се заштедува на време, но при пат со авион треба да се даде името при купувањето на билет. Доколку не е можно да се организираат ваквите контакти, тогаш се прибегнува кон организирање на состанок на територија на трета држава или во државата на разузнавачката служба за која работи агентот.

**- Планирање на текот на контактот**

Планирањето на текот на контактот започнува со определувањето на целите на состанокот, кое вклучува разгледување на специфичните проблеми кои треба да се разгледаат со агентот, начините и редоследот на нивното решавање, како и оперативните и личните проблеми кои агентот ги има и за кои треба да се даде решение на контактот. Доколку местото и времето на контактот кои претходно се избрани ја изгубиле погодноста за одржување на непосреден контакт, се прават измени за кои агентот благовремено треба да биде известен. Планот вклучува размена на сигнали помеѓу разузнавачот и агентот, легенда за двајцата и преземање активности кои ја поддржувааат таа легенда, процена за индивидуалните квалитети на агентот и на

неговото однесување, редоследот на активности кои треба да се преземат со цел да се провери оперативната ситуација и безбедносната состојба на местото на контактот. Планот вклучува и постапки кои треба да се преземат доколку агентот не се појави, доколку произлезат комликации со агентот, компликации при движењето на разузнавачот кон местото на контактот, како и при неговото враќање од контактот. Конечно, планот вклучува и детално разработени постапки за обезбедување на местото на контактот, како и договорени сигнали во случај на опасност. По внимателното планирање и расчистување на сите елементи, разузнавачот треба да направи комплетна анализа и распоред на активности. Ова ќе му помогне да ги надмине сите проблеми и да ја изврши задачата во најкраток можен временски период.

**- Посветување внимание на безбедноста за време на движењето кон местото на контакт**

Поаѓањето на разузнавачот кој работи под официјално покритие на контакт со агентот е една од најкомплицираните постапки во агентурната работа. Тежината на успешноста на изведувањето на овој маневар лежи во тоа што дипломатските претставништва и домовите во кои живеат дипломатите се под постојан надзор на контраразузнавачките служби. Разузнавачот никогаш не може да биде сигурен дали е под надзор на службите кога ќе излезе од дома.

Некои од активностите кои можат да се преземат со цел незабележано излегување се[5]:

- Симултано излегување на повеќе лица од амбасадата за кратко време со цел да се распрскаат контраразузнавачките органи на повеќе места;
- Користење на изговори за најразлични видови на посети на места кои се поврзани со неговите службени должности како вработен во амбасада (состаноци, конференции и др.);
- Излегувањето може да се замаскира преку излегување заедно со членовите од семејството (кино, театар, шопинг);
- Прикриено излегување на разузнавачот;
- Разузнавачот се маскира во некоја друга личност (градинар, странка, чистач).

Доколку успешно се употреби некоја од погоре наведените постапки и при тоа не се предизвика вниманието на контраразузнавањето, разузнавачот може неследено да продолжи кон местото на контактот. Но, доколку не успее неследено да го напушти местото, тогаш разузнавачот треба внимателно да ја процени ситуацијата и да одлучи дали да се појави на контактот. Доколку агентот е премногу "вреден", а разузнавачот не го познава градот доволно добро и нема искуство во одржување контакти во отежнати услови не треба да се обидува да им избега на лицата кои го следат и да настојува по секоја цена да се појави на контактот. Обидот да се избегне следењето може да биде оправдан само доколку разузнавачот има добро познавање на градот, добра процена на ситуацијата, одлични возачки способности и добро познавање на слабите точки на противничките безбедносни служби. Неколку од многуте трикови кои може да ги употреби разузнавачот со цел да се осигура дали е следен или, пак, доколку знае дека е следен, да им избега на лицата кои го следат се следниве: маневрирање по различни улици во цик-цак линија; застанување пред излози и незабележително

---

[5] A.A., Konovalov and V.S. Sokolov. „Meetings with agents". CIA Studies in intelligence 8, no.2 (1964) https://www.cia.gov/library/center-for-the-study-of-intelligence/kent-csi/vol8no2/html/v08i2a05p_0001.htm (22.02.2010)

свртување назад; нагло враќање назад по свртување на некој агол; изненадно свртување и враќање назад; изненадно губење во гужвата; влегување во продавница или ресторан и веднаш потоа излегување од тоа место; користење на куќи со два или повеќе излези; нагло сменување на брзината на движење; заобиколување на блок згради и повторно продолжување по истиот пат; земање на такси на место каде што има само едно такси возило; изненадно симнување на семафор (од автобус, трамвај); одење на кино претстава и веднаш напуштање на претставата; намерно испуштање на хартија или друг погоден предмет, со цел да види дали лицето кое го следи ќе се наведне да го земе и со тоа ќе се деконспирира; ноќно време може да влезе во својот дом, да се качи на кат и да запали светло, а потоа полека да се врати долу за да набљудува дали има некој околу куќата и сл[6]. Треба да се има на ум дека движењето до местото на контактот не треба да биде директно од местото на излегување, туку треба да се направат неколку движења низ градот со цел комплетно осигурување дека нема следење. Дури откако целосно ќе биде сигурен дека успешно е изведен првиот маневар, разузнавачот се упатува кон местото на контакт.

**- Легенда на разузнавачот за секоја од фазите на операцијата**

Од големо значење за успешноста на контактот е имањето на однапред подготвена легенда за сите фази на операцијата. Најпрво треба да се има покритие за движењето по различни места низ градот, но ова воедно е и најлесниот дел. Потешките делови се имањето на легенда за причината за контактот со одреден граѓанин и за причината зошто истовремено се наоѓаат на истото место. Една кратка средба може да се оправда со случајна средба, поставување на прашања за некоја адреса или барање на запалка за цигари, но многу потешко е да се даде објаснување за подолг контакт. Заради ова, треба да се тежнее контактите да бидат што е можно пократки (брзо примопредавање на материјали, инструкции или пари).

**- Запазување на безбедноста за време на самиот контакт**

По состанувањето со агентот, разузнавачот најпрво му ја соопштува легендата според која тие се наоѓаат на исто место и го закажува идниот состанок. Дури потоа може да се започне со активностите заради кои е закажан контактот. Доколку планот е да му се дадат упатства на агентот, тогаш тоа се прави веднаш, но доколку целта е да се земат материјали од агентот тоа се прави на крајот на контактот, пред да се разделат. Кога ќе се исполнат целите на контактот, разузнавачот и агентот се разделуваат и секој тргнува на своја страна, соодветно својата легенда. Во ситуација во која агентот е сомнителен, може да се организира негово следење со цел да се открие каде оди по контактот и со кого се сретнува.

**- Безбеден пренос на материјалот добиен од агентот до местото на кое треба да се достави и обработи**

Кога материјалот е веќе предаден на разузнавачот, тој мора да води сметка да ја минимизира можноста материјалите да бидат откриени од противничката служба при неговото враќање во резиденцијата во која престојува. Враќањето на разузнавачот со добиените материјали од агентот исто така претставува сложена задача. Неколку

---

[6] Vlado Vodinelić. *Kriminalistika – Peto izmenjeno i dopunjeno izdanje***.** (Beograd: Savremena Administracija, 1984).

различни техники се употребуваат за успешна реализација на оваа задача. Материјалите можат да бидат уфрлени во паркирано возило на кое е отворен прозорецот, да се разменат помеѓу две возила кои се движат паралелно и слично. Во ситуација кога има опасност од откривање на материјалите кај разузнавачот, разузнавачот треба што е можно побрзо да се ослободи од материјалот или внимателно да го сокрие во претходно направени специјални прегради во возилото. Друга солуција е да има уништувачи за хартија и за електронски медиуми во возилото, со цел брзо ослободување од компромитирачкиот материјал. Ова е најнепосакувана ситуација, бидејќи целосно се уништува материјал за чие добивање се искористени многу ресурси и време. Но, доколку ситуацијата го бара тоа, подобро е да се уништи материјалот, отколку да се компромитира разузнавачот.

Пред разузнавачите кои треба да организираат непосредни контакти се поставуваат големи барања: брилијантност во оперативната подготвеност, индивидуални квалитети, висок степен на образование, познавање на агентурниот метод на работа до последен детаљ, познавање на агентот со кој работи, способност да се забележи присуство на контраразузнавачки и безбедносни органи, способност за брзо завршување на контактот и промислено реагирање во опасни ситуации.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Баткоски, Томе. *Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика.* Скопје, 2008.

2. Bekrenev, L.K. „Operational contacts”. *CIA Studies in intelligence 9*, no.1 (1965): 63-80.https://www.cia.gov/library/center-for-the-study-of-intelligence/kent-csi/vol9no1/html/v09i1a06p_0001.htm (22.02.2010)

3. Konovalov, A.A., and Sokolov, V.S. „Meetings with agents”. CIA Studies in intelligence 8, no.2 (1964): 65-91.https://www.cia.gov/library/center-for-the-study-of-intelligence/kent-csi/vol8no2/html/v08i2a05p_0001.htm (22.02.2010)

4. Olson, M. James. „The ten commandments of counterintelligence – A never ending necessity”. *CIA Studies in intelligence*, Fall/Winter 2001, no.11 (2001): 81-87.https://www.cia.gov/library/center-for-the-study-of-intelligence/kent-csi/vol45no5/html/v45i5a08p.htm (16.02.2010)

6. Vodinelić, Vlado. *Kriminalistika – Peto izmenjeno i dopunjeno izdanje***.** Beograd: Savremena Administracija, 1984.



*Aleksandar Nacev*
*Directorate for Security of Classified Information*


### *DIRECT CONTACT WITH THE AGENT*


***Abstract***

*Being in direct contact with the agent is one of the most important aspects of the work of the intelligence services. Direct contact refers to a meeting between the agent and the intelligence officer. These contacts are necessary for examining the personality and behavior of the agent, his further training, timely checking of the validity of the information he has provided, assigning new tasks etc. Taking into account the advantages of direct contact, the security and counter-intelligence agencies of the state which is a target of intelligence interest try to make the intelligence work of the people who use this type of contact through intensifying its own activities and through the use of various counter-intelligence tactics and techniques. Faced with situations like this one, professional members of the intelligence services and the agents must possess abilities, skills and individual qualities, as well as positive attitudes and dedication for successfully organizing the direct contact.*



***Key words****: intelligence, counter-intelligence, intelligence service, agent, intelligence officer*

*Викторија Тодоровска*
Демонстратор и постдипломец
на Факултетот за безбедност – Скопје

# ПРИМЕНАТА НА ЛИКЕРТОВАТА СКАЛА ВО ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ПСИХО-СОЦИЈАЛНИТЕ И ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ВРЗ ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ УЧЕСНИЦИ ВО КОНФЛИКТОТ ОД 2001 ГОДИНА

*Резиме*

*Во рамките на овој труд преку интерпретација на податоците од истражувањето на психо-социјалните и правни последици врз припадниците на безбедносните сили (учесници во конфликтот од 2001 година) спроведено од страна на Факултетот за безбедност е објаснета практичната примена на Ликертовата скала во општествените науки. Едноставноста и брзината на конструирањето на скалата од Ликертов тип се дел од причините поради кои овој тип на скала е еден од најексплоатираните инструменти во испитувањето на ставовите. Во спроведеното мултидисциплинарно истражување за бранителите, користејќи ја Ликертовата скала се применети батерија на психолошки тестови, како и низа прашања поврзани со општествено-социјалните односи и правната положба на учесниците во конфликтот од 2001 година. Внимателно селектираните прашања им овозможуваат на испитаниците да го изразат својот позитивен или негативен став кон одредени тврдења. Одговорите се понудени во неколку различни степени.*

*Клучни зборови: Ликертова скала, ставови, истражување, учесници во конфликтот 2001 година*

## Вовед

Ликертовата скала за испитување на ставовите настанала како обид за поедноставување на Турстоновата скала. Се покажало дека таа дава слични резултати во истражувањата, значително полесно и поедноставно се конструира, задржувајќи го при тоа задоволителниот степен на валидност и релијабилност. Исто така, оваа скала го испитува интензитетот на секој поединечен став, било во неговата позитивна или негативна димензија, што овозможува разни интеркорелации помеѓу категориите. Благодарение на овие предности, Ликертовата скала и до денес останала најчесто користената скала за испитување на ставовите[1] кои како мисловни факти се наоѓаат во средиштето на анкетните истражувања.

Актуелноста на конфликтниот, односно постконфликтниот период е повеќедимензионална. Пред сè, станува збор за еден феномен кој е несекојдневен, кој во еден период предизвика исклучително ангажирање на институциите во Република Македонија, но и на меѓународната заедница[2]. Главниот фокус во истражувањето е насочен кон последиците и ставовите на припадниците на безбедносните сили

---

[1] Став е израз за една латентна или основна варијабла врз која заклучуваме посредно преку коваријација на низа непосредни одговори, а податоците кои можеме да ги разгледуваме ги нарекуваме надворешни, манифестни варијабли или индикатори.
http://infoz.ffzg.hr/Afric/VjekoBZ/CITABAZU.asp?kljuc=2007012&index=1 (27.03.2010)

[2] Извештај за истражувачки проект "Психо-социјални и правни последици врз припадниците на безбедносните сили на Република Македонија учесници во конфликтот од 2001 година" (стр. 3), Скопје, 2009 година

(најголем дел припадници на МВР- 51,3 %, потоа припадници на Армијата на РМ – 36,3 %, и припадници на селска стража, односно населението од местото на одвивање на конфликтот – 1,5%) за општествените интеракции и односи, за институционалниот капацитет и влијанието на последиците на конфликтот од 2001 година врз нивниот психо-социјален и правен статус.

**Конструирање на скала од Ликертов тип**

Конструирањето на овој тип на скала почнува со дефинирање на предметот на мерење. Претпоставка за Ликертовата скала е унидимензионалноста, односно предметот на истражување мора да биде од еднодимензионална природа – инструментот кој се применува мора недвосмислено и јасно да го мери предметот поради кој е констриуран[3]. Потребно е да се генерираат поголем број на прашања. При изготувањето на прашалникот потенцијалните прашања (сет изјави или тврдења) треба да бидат внимателно селектирани, едноставни и разбирливи за испитаниците, кои, дејствувајќи заедно, овозможуваат конзистентни одговори истовремено даваат корисна и кохерентна претстава за предметот на истражување. Во прв ред, прашалникот мора да ги изрази целите на истражувањето во фома на посебни прашања. Одговорите што ќе ги добиеме на овие прашања ќе ни послужат да ги провериме хипотезите или да ја истражиме општествената ситуација на која се однесува истражувањето.[4] Во истражувањето за бранителите учесниците во конфликтот од 2001 година, структурата на инструментот беше така составена што на почетокот се наоѓаат батеријата на психолошки тестови, батериите прашања поврзани со социјалните и меѓучовечките односи, потоа со општествените, социјалните и меѓучовечките односи, и прашања поврзани со правната положба и правата на припадниците на безбедносните сили. Прашалникот, во делот за социјалните, меѓучовечките и правата на бранителите (односно правниот дел) е конструиран за оваа прилика, односно за потребите на ова истражување. На самиот крај од инструментот се наоѓаат прашањата поврзани со карактеристиките на испитаниците.[5]

Некои автори сметаат дека треба да се тежнее кон што поголем број на тврдења за да се зголеми можноста за правилен избор, но треба да се внимава на ограничувањата кои со себе ги носи истражувањето (на пр. намалување на концентрацијата на испитаникот при одговарањето на поголем број на прашања и сл.). Изборот на категории се врши врз основа на нивната дискриминативна сила (дискриминативна моќ - DP), т.е. способноста што подобро разликување на испитаниците со висок и низок вкупен резултат на скалата. Се споредуваат резултатите кои се наоѓаат под првата квартилна вредност со резултатите поголеми од третата квартилна вредност (кои јасно ги одвојуваат испитаниците кои заземаат високо место на континиумот на скалата од оние на ниско). Исто така, прашањата со поголема дискриминација покажуваат повисоки t - вредности.

[3] http://infoz.ffzg.hr/Afric/VjekoBZ/CITABAZU.asp?kljuc=2007013&index=4 (27.03.2010)
[4] Мојаноски Ц., "Методологија на научно - истражувачката работа" (избор текстови), Скопје, 1998 година (стр. 327)
[5] Извештај за истражувачки проект...цит. дело (стр. 18)

## Базични статистички показатели на психолошките тестови

Statistics

| | | Беков инвентар на депресивност (BDI) | Клиничка скала на наксиозност (KAS) | Интрузивна скала на влијание на настаните (IES) | Избегнувачка скала на влијане на настаните (IES) | Агресивен темперамент - црта на агресивност (STAS) | Агресивни реакции - црта на агресивност (STAS) | Агресивност состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N | Valid | 664 | 653 | 644 | 648 | 642 | 642 | 642 |
| | Missing | 3 | 14 | 23 | 19 | 25 | 25 | 25 |
| Mean | | 38,44 | 43,12 | 20,44 | 20,26 | 9,36 | 9,36 | 29,58 |
| Median | | 37,00 | 42,00 | 21,00 | 21,00 | 9,00 | 9,00 | 26,00 |
| Mode | | 34 | 25 | 28 | 28 | 8 | 8 | 15 |
| Std. Deviation | | 11,183 | 20,622 | 5,546 | 5,821 | 2,903 | 2,903 | 14,333 |
| Skewness | | ,064 | -,050 | -,548 | -,662 | ,241 | ,241 | ,648 |
| Std. Error of Skewness | | ,095 | ,096 | ,096 | ,096 | ,096 | ,096 | ,096 |
| Kurtosis | | ,331 | ,404 | -,506 | -,178 | -,142 | -,142 | -,630 |
| Std. Error of Kurtosis | | ,189 | ,191 | ,192 | ,192 | ,193 | ,193 | ,193 |
| Minimum | | 1 | -24 | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Maximum | | 74 | 107 | 28 | 28 | 16 | 16 | 60 |
| Percentiles | 25 | 31,00 | 28,00 | 17,00 | 17,00 | 7,00 | 7,00 | 17,00 |
| | 50 | 37,00 | 42,00 | 21,00 | 21,00 | 9,00 | 9,00 | 26,00 |
| | 75 | 47,00 | 56,00 | 25,00 | 25,00 | 11,00 | 11,00 | 39,25 |

Во финалната скала влегуваат категориите кои имаат најголема внатрешна конзистентност и дискриминативна моќ, иако конечниот избор на прашања сепак зависи од самиот истражувач. Наведените вредности мора да бидат што поголеми, меѓутоа не постои фиксно правило или егзактен износ на конзистентност и DP – а кои би го условувале изборот на категории за Ликертовата скала[6]. Применетите психолошките тестови во истражувањето (Беков инвентар на депресивност – BDI; Клиничка скала на анксиозност – CAS; Интрузивна скала на влијание на настаните – IES; Избегнувачка скала на влијание на настаните IEZ-IZ; Агресивен темперамент – црта на агресивност – STAS; Агресивни реакции, црта на агресивност - STAS1; Агресивна состојба - STAS2) укажуваат на одлична внатрешна конзистентност и релијабилност. Од понудената дистрибуција најголема варијациска ширина на резултатите покажува CAS тестот со растојание меѓу највисокиот и најнискиот резултат (Min.=-24, Max.=107) и квартилни вредности (Q1=28,00 и Q3=56,00), со што се овозможува значителна дискриминација помеѓу групите. Присуството на субјективната димензија при определувањето на анксиозноста може да е дел од причините за ваквите одговори.

Резултатите кај речиси сите психолошки варијабли (анксиозност, депресивност, агресивност, симтоми на посттрауматско стрес нарушување - PDSD) покажуваат нормална дистрибуција. Со утврдувањето на нивната меѓусебна поврзаност со помош на Пирсоновиот коефициент на корелација е овозможена нивна понатамошна статистичка обработка (регресија и факторска анализа).

[6] http://infoz.ffzg.hr/Afric/VjekoBZ/CITABAZU.asp?kljuc=2007013&index=4 (27.03.2010)




(Графички приказ на резултатите од психолошкиот тест Клиничка скала на анксиозност)

Постојат многу дебати околу тоа колку можности треба да бидат понудени. Парниот број на категории (обично четири) ги присилува луѓето да направат избор, без разлика дали тоа ја рефлектира нивната вистинска позиција или не. Односно, ако се елиминира неутралната опција се оневозможува "бегство" на испитаникот во "просек" (така остануваат 4, 6 или повеќе степени). Меѓутоа, многу методолози се сомневаат во оправданоста на таквата постапка сметајќи дека за некои тврдења испитаниците навистина можат да застапуваат неутрален став. Така, најчесто се користат скали на проценка од 4 и 5 степени. Ретко се користат и скали за оценка од 7 или повеќе степени. Разумно е да се користат ваквите скали само на големи примероци, заради поголема дискримитивна сила на инструментот.

Проблем може да настане кога луѓето можат да бидат под влијание на начинот на кој тие одговориле на претходните прашања. На пример, ако се согласиле неколку пати по ред, тие може да продолжат да се согласуваат. Тие може, исто така намерно да го прекршат редоследот, не согласувајќи се со тврдењето со кое инаку би можеле да се согласат[7]. Оваа ситуација би можела да биде избегната со поставување на т.н. пресврт прашања (reversal questions) каде што смислата на прашањето е поинаку поставена. Со споредување на негативно и позитивно формулираните тврдења за некоја тема се врши проверка на искреноста на испитаниците (при обработката на податоците на негативно формулираните прашања им се придава различна вредност поради поинаку поставената смисла на прашањето). Основен проблем при мерењето на ставови со помош на скали се состои во тоа низа прашања или ставови или елементи на еден став (item) да се распоредат во еден континиум. Со други зборови, се работи за тоа серија квалитативни факти (кои се однесуваат на некој атрибут) да се претворат во квантитативна серија (која ќе ја третираме како варијабла)[8].

---

[7] Како и кај другите анкети, валидноста на Ликертовата скала за мерење на ставовите може да биде искомпромитирана, доколку индивидуите даваат погрешни одговори за да се стават себеси во позитивно "светло". На пример, ако со помош на оваа скала се мери дискриминацијата, кој би признал дека е расист?

[8] Rudi Supek, "Ipsitivanje javnog mnjenja", Zagreb, 1981 god. (str. 254)

Значи, услов е степените да покриваат континиум од најнегативниот до најпозитивниот став, а за секој поединечен степен потребно е да се изготви соодветен нумерички код, каде најмалиот број (1) го изразува најнегативниот став, а најголемиот број (4, 5, 7 - зависно од бројот на можните одговори) најпозитивниот став. Треба да се внимава дека нумерички изразениот степен на согласување логички претставува одговор на прашањето. На пример, во прашалникот со 5 понудени одговори, одговорите на испитаниците се движат во нумерички износ со распон од 1-5 каде што опцијата " ретко или никогаш" ќе ја замениме со бројот 1, а "најголем дел од времето" со бројот 5 (најголема зачестеност).

Пример

**II.23. Генерално чувствувам напнатост**

| | | Frequency | Percent | Valid Percent | Cumulative Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| Valid | Никогаш | 115 | 17,2 | 18,2 | 18,2 |
| | Малку од времето | 171 | 25,6 | 27,1 | 45,3 |
| | Дел од времето | 129 | 19,3 | 20,4 | 65,7 |
| | Голем дел од времето | 115 | 17,2 | 18,2 | 83,9 |
| | Најголем дел од времето | 102 | 15,3 | 16,1 | 100,0 |
| | Total | 632 | 94,8 | 100,0 | |
| Missing | System | 35 | 5,2 | | |
| Total | | 667 | 100,0 | | |

Испитаниците го изразуваат својот став кон секое од наведените тврдења преку неколку понудени одговори од најпозитивниот до најнегативниот, а конечниот резултат на секој од испитаниците е збирот на вредности на сите негови одговори (затоа скалите од овој тип се нарекуваат Sumated Rating Scales). Тука се јавува и најголемиот недостаток на оваа скала. Имено, испитаниците кои имаат многу различни поединечни ставови можат да завршат на слично место на сумираната скала (на пр. испитаникот А дава екстремно позитивни и екстремно негативни одговори, додека испитаникот Б најчесто дава неутрални одговори, меѓутоа на сумираната скала завршуваат на исто место), што може на невнимателниот истражувач да му сокрие некои важни податоци за правилна интерпретација на резултатите. Освен согласноста, испитаникот на скалата за проценка може да ја проценува и зачестеноста, квалитетот, важноста и други конструкти[9].

Трансформацијата на податоци е можна само тогаш кога врз основа на досегашните истражувања или сознанија или поради некоја друга логичка основа постои оправдана претпоставка дека измерената појава во популацијата има нормална распределба[10]. Оваа постапка се врши со стандардизирање на податоците (претворање на податоците во z - вредности) и нормализирање.

[9] http://infoz.ffzg.hr/Afric/VjekoBZ/CITABAZU.asp?kljuc=2007013&index=0 (27.03.2010)

[10] Наумов А., "Методолошка условеност при тестирањето на разликата меѓу две аритметички средини во испитувањата на физичката култура", (стр. 69) Факултет за физичка култура бр, 3-4, Скопје, 1985 година

**Заклучок**

Со индексите и скалите истражувачите селектираат повеќе индикатори за некоја појава, даваат резултати за секој од индикаторите и ги комбинираат резултатите во една сумирана проценка. Иако овие методи се најчесто употребувани за истражувања на ставови, тие можат да се употребат и во други ситуации за да се подобри прецизноста и точноста на проценките[11]. Преку Ликертовата скала испитаниците укажуваат на нивниот степен на согласување, со тврдења кои изразуваат поволен или неповолен однос кон концептот што се мери. Вкупниот став на испитаникот се добива со сумирање на сите одговори. Освен согласноста, на скалата за проценка може да се проценува и зачестеноста, квалитетот, важноста и други конструкти. Услов е степените да покриваат континиум од најнегативниот до најпозитивниот став**,** а за секој поединечен степен потоа треба да се изготви соодветна нумеричка ознака.

**Користена литература**


1. Мојаноски Ц., "Методологија на научно - истражувачката работа" (избор текстови), Скопје, 1998 година
2. Наумов А., "Методолошка условеност при тестирањето на разликата меѓу две аритметички средини во испитувањата на физичката култура", Факултет за физичка култура бр, 3-4, Скопје, 1985 година
3. "Психо-социјални и правни последици врз припадниците на безбедносните сили на Република Македонија учесници во конфликтот од 2001 година" (извештај за истражувачки проект), Скопје, 2009 година
4. Rudi Supek, "Isnitivanje javnog mnjenja", Zagreb, 1981 god.
5. Џ. Б. Џонсон, Х.Т. Рејнолдс, Џ. Д. Мајкоф., "Истражувачки методи на политичка наука" (шесто издание), 2009 година

Интернет извори

6. http://infoz.ffzg.hr/Afric/VjekoBZ/CITABAZU.asp?kljuc=2007012&index=1
7. http://www.asq.org/quality-progress/2007/07/statistics/likert-scales-and-data-analyses.html (18.02.2010 )
8. (http://infoz.ffzg.hr/Afric/VjekoBZ/CITABAZU.asp?kljuc=2007013&index=4)
9. http://coe.sdsu.edu/eet/Articles/surveyquest/index.htm (27.03.2010)
10. (http://en.wikipedia.org/wiki/Likert_scale)
11. Research methods, Knowledge Base, web centar Social Research methods http://www.socialresearchmethods.net/kb/scallik.php
12. Research Methodology: Part 6 - Measurement and Scaling Techniques http://www.scribd.com/doc/2080906/Research-Methodology-Part-6-Measurement-and- Scaling-Techniques


[11] Џ. Б. Џонсон, Х.Т. Рејнолдс, Џ. Д. Мајкоф., "Истражувачки методи на политичка наука" (шесто издание), 2009 година

*Viktorija Todorovska*

*Faculty of Security- Skopje*

# *THE USE OF LIKERT SCALE FOR INTERPRETING DATA FROM THE STUDY OF PSYCHO-SOCIAL AND LEGAL IMPLICATIONS FOR MEMBERS OF SECURITY FORCES INVOLVED IN THE COFLICT IN 2001*

**Abstract**

*The paper deals with the practical use of Likert scale in social sciences through the interpretation of data from the study of psycho-social and legal implications for the members of the security forces (participants in the conflict in 2001) carried out by the Faculty of Security. The simplicity and the speed of constructing a Likert type scale are some of the reasons why this scale is one of the most exploited instruments in the assessment of attitudes. This multidisciplinary research consisted of a battery of psychological tests using the Likert scale, as well as a range of questions related to the social relationships and the legal situation of the participants in the conflict in 2001. The carefully selected questions enable the respondents to express their positive or negative attitudes towards certain claims. The answers are offered at several different levels.*

*Key words: Likert scale, attitudes, research, participants in the conflict in 2001*

*Кире Бабаноски*
демонстарор на Факултетот за безбедност – Скопје
e-mail: kbabanoski@gmail.com

# БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – НАСОКИ, ЦЕЛИ И СТРЕМЕЖИ

***Резиме***

*Предмет на трудот е актуелната состојба во безбедносната политика во Република Македонија. За таа цел се дефинирани националната безбедност и безбедносната политика и се анализирани позитивно-правните прописи со кои се уредува оваа област во Република Македонија. Посебно се актуализирани целите и стремежите на Република Македонија во однос на безбедносните можности, безбедносните ризици и опасности, и основите и насоките за развој на безбедноста и одбраната во иднина.*

*Безбедносната политика како интегрален дел од општата политика треба да биде јасно поставена и истовремено да се однесува и на одбраната, безбедноста, економската и социјалната состојба, како и на надворешната политика на државата. Република Македонија јасно ги има поставено своите вредности, интереси, насоки, стратешки цели, стремежи, како и безбедносната политика, но потребно е тие да се воспостават и да се одржуваат. Основниот документ во оваа област е Националната концепција за безбедност и одбрана. Стратегиската определба и цел на Република Македонија е нејзината трајна определба својата иднина да ја остварува како дел од европското семејство и како членка на НАТО и на ЕУ. Тоа е главната цел и стремеж на Република Македонија за нејзината иднина.*

***Клучни зборови:*** *безбедност, безбедносна политика, Република Македонија, национална политика за безбедност, основи, цели и стремежи.*

## Вовед

Констатацијата дека само со успешна и добра политика можат да се разрешат сите проблеми, ризици и закани по одбраната и целокупната безбедност во државата, многупати се покажала како точна. За таа цел е неопходно државата да има добра безбедносна политика, поставена врз основа на анализи на заканите, ризиците, загрозувањата и опасностите по нејзиниот интегритет и нејзините граѓани. Членството на државата во меѓународни институции и организации формирани за заштита, одржување и унапредување на безбедноста од аспект на правдата и внатрешните работи е особено значајно. Меѓутоа, членството во овие организации подразбира и многу реформи во националното законодавство заради создавање, одржување и зачувување на мирот, безбедноста и стабилноста во државата. Во Република Македонија е неспорен консензусот на сите политички фактори за интегрирање во евроатлантските безбедносни структури. Но случувањата во нашето опкружување во последните две децении објективно ја отежнаа оваа определба. Денес, со сите попатни застои и тешкотии, состојбата се стабилизира. Република Македонија има воспоставено нормални и добрососедски односи, ги отвори процесите за соработка за отстранување на безбедносните закани во последните години, всушност, земјата се сврте кон иднината. Со дејствување на стабилизаторските фактори во општествените односи и состојби, во иднина може да се постигне стабилност во македонската држава и македонското општество во целина и да се создадат неоспорни перспективи за нејзино стабилно опстојување како независна самостојна држава и, во перспектива, како членка на НАТО-пактот и на Европската Унија. Новите типови закани поуспешно можат да се совладаат или барем да се намалат доколку борбата против нив се остварува во содејство или преку членс-

тво во колективните безбедносни системи. Од изјавите на нашите државници дознаваме дека Владата на Република Македонија, свесна за новите безбедносни предизвици и стратегиските определби за членство во НАТО и во ЕУ, не смета дека овие патишта се формални и лесни. Посебно, нашето членство во НАТО ќе бара видлив и објективен придонес во интерес на мирот и просперитетот не само во регионот и во Европа туку и таму каде што е потребно. А неопходно е да бидат решени и дополнителните проблеми кои се појавуваат во тој правец. Тоа мораме да го направиме затоа што тоа е во наш интерес.

**1. За националната безбедност**

Предизвикот на безбедноста, од сите аспекти, стана многу значајно прашање во светските случувања. Во минатото човештвото се соочувало со големи нарушувања на безбедноста, што неретко значело губење на голем број човечки животи, предизвикување на големи материјални штети и назадување на човековата цивилизација во целина. Дури и до денес, безбедноста е едно од најважните прашања на кое мора да одговараат сите генерации. Светот се соочи со силни безбедносни закани, особено по почетокот на новиот милениум, па затоа државите настапуваат со покохерентен пристап по прашањето на безбедноста и нејзиното гарантирање.[1]

Во последните децении, концептот на безбедноста се проширувашe со цел да се задоволат новите услови кои произлегоа од влијанието на глобализацијата и новите предизвици на меѓународната политичка сцена.[2] Па така, освен традиционалниот концепт на безбедноста кој се однесува на државата или т.н. национална безбедност, се зборува и за нови концепти како што се индивидуалната, социеталната и глобалната безбедност, а во современата меѓународна терминологија и за човекова или хумана безбедност.[3] Оттука произлегува дека, главно, научното проучување на безбедноста е насочено кон три основни концептуални рамки: 1) индивидуална безбедност, 2) национална безбедност и 3) меѓународна безбедност.[4]

Националната безбедност зазема централна позиција, што значи дека најцелисходен начин да се проблематизира безбедноста е таа да се постави во нејзиното традиционално значење (национална безбедност) и да се прошири со соодветните динамики.[5]

Помеѓу рамките на трипартитниот безбедносен концепт постои одредена релација. Преку воспоставување, одржување и унапредување на националната безбедност се дава значаен придонес (во позитивна или негативна насока) и за воспоставување, одржување и унапредување на индивидуалната и на меѓународната безбедност и обратно. А бидејќи предмет на трудот е безбедносната политика во Република Македонија, кога се зборува за безбедност, всушност, се упатува на наци-

---

[1] Малиш-Саздовска М., Дујовски Н., *Безбедносен менаџмент*, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје 2009, стр. 7.

[2] Томовска, И., *Аспектите на човековата безбедност во Македонија, Стари или нови војни?*, Центар за регионални истражувања и соработка Студиорум, Скопје 2008, стр. 44-46.

[3] Кај нас за човекова безбедност укажува Марина Митревска во *Концепт за хумана безбедност*, списание Одбрана, бр. 101, во *Градење на мирот и човековата безбедност во постконфликтна Македонија, во Иницијатива за градење мир и демократија, Партнери во мир и превенција, проект*, Фондација Фридрих Еберт, Скопје 2004 и кај Митревска, М., Гризолд, А., Бучковски, В., Ванис, Е., *Превенција и менаџирање на конфликти – случај Македонија*, Св. Џон, Скопје 2009.

[4] Повеќе кај: Митревска, М., Гризолд, А., Бучковски, В., Ванис, Е., *Превенција и менаџирање на конфликти – случај Македонија*, Св. Џон, Скопје 2009.

[5] Никодиновска, С., *За безбедноста – нови концепти*, Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје, Скопје 2009, стр. 228.

оналната безбедност. За таа цел најприфатлива дефиниција за националната безбедност е следнава:

*Националната безбедност се сфаќа како систематичен безбедносен проблем во којшто и индивидуите и државите и меѓународниот систем имаат свој удел и во којшто економските, социјалните и факторите на животната средина се подеднакво значајни како политичките и воените фактори.*[6]

## 2. За безбедносната политика

*Безбедносната политика можеме да ја дефинираме како дел од општата политика која врз основа на релевантни факти добиени преку безбедносни проценки за степенот на загрозеност на вредностите ги определува средствата и мерките со кои можат да се постигнат определени безбедносни цели во земјата и во странство.*[7]

Безбедносната политика на национално ниво ја поставува перцепцијата на власта за заканите за безбедноста на државата и нејзиното население и нејзините одговори на овие закани. Политиката претставува намерен план за акција според кој ќе се раководи извршната власт при носењето одлуки. Развивањето на безбедносната политика вклучува утврдување пристап кон безбедносните прашања, одредување на приоритетот на заканите за безбедноста и донесување на најважните одлуки за безбедносниот сектор. Националната политика за безбедност (НПБ) е рамка за да се опише како земјата обезбедува безбедност за државата и нејзините граѓани и, честопати, се презентира како еден интегриран документ. Овој документ исто така може да се нарече план, стратегија, концепт или доктрина. НПБ има сегашна и идна улога, ги зацртува клучните интереси на нацијата и ги поставува насоките за решавање на тековните и можните закани и можности. Нормално, НПБ хиерархиски е над другите подредени политики за безбедност, како што се воената доктрина, стратегијата за безбедност за татковината итн. кои ја решаваат националната безбедност бидејќи за неа се грижат посебни агенции или прашања. Некои држави, како што се Велика Британија, Франција и Кина, немаат еден заеднички документ за НПБ, туку се потпираат врз одбранбените политики или бели книги[8] кои се насочени само на националната одбрана.[9]

*НПБ често се претставува како интегриран документ кој скицира како треба да биде структуриран безбедносниот сектор за да се справи и со надворешните и со внатрешните безбедносни закани.*[10]

Безбедносната политика би требало да биде во функција на попречување и сузбивање на сите видови закани, ризици и загрозувања, а не само на оние кои можат да се поместат во групата криминалитет.

---

[6] Според Георгиева, Л., *Творење на мирот, Мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна*, Виладорф 2004, Скопје 2004.

[7] Повеќе кај: Спасески, Ј., *Безбедносната политика во услови на светски процес на глобализа-ција*, Годишник на Полициската академија, Графотранс, Скопје 2007/2008, стр. 367-370.

[8] Безбедносната политика може да биде презентирана како „бела книга“ што, всушност, е неформално име за парламентарен документ кој ја артикулира владината политика. Тоа е документ издаден од владата и ја поставува политиката и/или предлага активност во областа на актуелната грижа. „Зелената книга“ обично е поотворена и може само да предложи стратегија или да биде формулирана како расправа или консултативен документ. Albrecht, P., Barnes, K., *National Security Policy-Making and Gender, Gender and Security Sector Reform Toolkit*, Eds. Megan Bastick and Kristin Valasek, Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW, 2008, стр. 1-4.

[9] Национална политика за безбедност, стр. 1, преземено од: http://www.dcaf.ch [пристапено на 5.2.2010]

[10] Fluri, P.H. and Johnsson, A.B., ‘*Parliamentary Oversight of the Security Sector*’, Geneva, 2003, p. 26, наведено според: Albrecht, P., Barnes, K., *National Security Policy-Making and Gender, Gender and Security Sector Reform Toolkit*, Eds. Megan Bastick and Kristin Valasek, Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW, 2008, стр. 2.

Безбедносната политика претставува многу сложена дејност и тешко е да се определи која политика е успешна, а која не. Од мноштвото фактори кои влијаат врз успешноста на водењето безбедносна политика, на прво место би требало да се стават оние кои се однесуваат на објективното детектирање на безбедносните појави, меѓусебната соработка и координацијата на безбедносните институции. За успешна, односно добра безбедносна политика се смета онаа која е способна да ги разреши безбедносните проблеми со минимални средства и со минимална штета.[11]

### 3. Основи на безбедносната политика во Република Македонија и нејзини насоки

**1.** Основите на безбедносната политика се утврдени во највисокиот правен акт на државата, Уставот на Република Македонија (преку утврдените темелни вредности на уставниот поредок и преку соодветните институции кои се задолжени да се грижат за безбедноста) и во многу други документи кои се однесуваат на безбедноста и одбраната на државата, од кои поголемиот дел се донесени како резултат на аспирациите на Република Македонија за интегрирање во НАТО и во ЕУ:

- Национална концепција за безбедност и одбрана, Скопје, мај 2003 (донесена од Собранието на РМ на 11.6.2003);
- Стратегија за одбрана на Република Македонија, Скопје, септември 1998;
- Стратегиски одбранбен преглед, Политичка рамка, Скопје, октомври 2003;
- Стратегиски одбранбен преглед III фаза, Програма за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија, Влада на Република Македонија, Скопје, мај 2004;
- Декларација за поддршка на стратегиските интереси на Република Македонија, Охрид, 10 ноември 2004.

И покрај тоа што НПБ се разликува од држава до држава, таа тежнее да биде еден документ кој разгледува најмалку три основни теми:[12] улогата на државата во меѓународниот систем, согледаните домашни и меѓународни предизвици и можности, и одговорноста на актерите кои ги спроведуваат со цел да ги решат овие предизвици и можности.

*Првата тема* настојува да ја дефинира визијата на државата за меѓународниот систем и улогата што ја игра државата во тој систем. Ова бара да се земат предвид интересите и вредностите, владејачките структури и процесите на одлучување на државата. Таа обично кулминира во една долгорочна визија за тоа каде треба да се најдат државата и општеството во иднина.

*Втората тема* претставува проценка на сегашните и идните закани и можности. Во теорија, ова би требало да ги вклучи подеднакво и внатрешните и надворешните закани, и покрај тоа што во практиката многу НПБ се насочуваат кон надворешни закани и можности. Исто така се земаат предвид и политичките ставови и приоритети зашто тие се од интерес за партнерите за меѓународна безбедност што, исто така, би можело да доведе до појава на можности за соработка.

*Третата тема* ја опишува секоја од областите на надлежност на актерот што е одговорен да ја спроведе. Ова го вклучува видот на безбедносната активност (како што е, на пример, одбраната на татковината, разузнавање итн.) и областите во кои имаат мандат овие актери.

Националната концепција за безбедност и одбрана, составена во мај 2003 година во Скопје и донесена од Собранието на Република Македонија на 11.6.2003

---

[11] Повеќе кај: Спасески, Ј., *Безбедносната политика во услови на светски процес на глобализа-ција*, Годишник на Полициската академија, Графотранс, Скопје 2007/2008, стр. 367-370.

[12] *Национална политика за безбедност*, стр. 2-3, преземено од: http://www.dcaf.ch [пристапено на 5.2.2010]

година, е основниот документ на Република Македонија во областа на безбедноста и одбраната. Во него е дадена стратегиската определба и цел на Република Македонија, која претставува трајна определба на Република Македонија, својата иднина да ја остварува како дел од европското семејство и како членка на НАТО и на ЕУ. Тоа е главната цел и стремеж на Република Македонија за нејзината иднина. Како документ, но и како стратегија – концепција[13], таа е дел од националната безбедносна политика.

Состојбата со НПБ во нашата земја, преку Националната концепција за безбедност и одбрана, аналогно на претходно изнесеното, би изгледала вака:

*Првата тема* е претставена преку воведот и интересите на Република Македонија. Во воведот на Националната концепција за безбедност и одбрана се наведува дека таа е заснована врз проценката за меѓународното опкружување и положбата на Република Македонија, загрозувањата по нејзината безбедност и, врз таа основа, усогласените цели и насоки за водење на националната безбедносна политика. Интересите, пак, произлегуваат од највисоките темелни вредности утврдени со Уставот на Република Македонија.

*Втората тема* е претставена преку безбедносното опкружување на Република Македонија кое е определено со меѓународното опкружување и положбата на РМ, безбедносните можности и безбедносните ризици и опасности.

*Третата тема* ги утврдува целите и насоките за водење на политиката на национална безбедност, како и областите и инструментите за остварување на политиката на национална безбедност. Основна и долгорочна цел на политиката на национална безбедност е да ја заштитува, одржува и унапредува безбедносната состојба на државата, создавајќи амбиент за остварување на националните интереси на РМ. Погледите на политиката на национална безбедност се групирани во следниве области: надворешна, економска, одбранбена политика, политика на внатрешна безбедност и политика на заштита на животната средина. Во рамките на оваа тема влегуваат уште и менаџментот со кризи и одбраната.

Оттука произлегува дека политиката на национална безбедност претставува сложен и меѓузависен збир на мерки, активности, планови и програми кои ги презема Република Македонија заради заштита, одржување и унапредување на безбедноста на Република Македонија и на нејзините граѓани, во согласност со расположивите ресурси и со активна соработка со меѓународната заедница. Во себе таа системски ги содржи политичката, економската, одбранбената, внатрешно-безбедносната, социјалната, еколошката и други области.[14]

**2.** Многу различни актери се инволвирани во креирањето на безбедносните политики: *Извршната гранка на власта*, вклучувајќи ги владините министерства кои го иницираат процесот за утврдување нови безбедносни политики или за измена на постоечките; *Парламентот*, како носител на законодавната власт, кој може да ја одобри, да предложи измени или да ја отфрли безбедносната политика; *Локалните власти* кои можат да бидат клучни спроведувачи на безбедносните политики на национално ниво; *Недржавните безбедносни актери,* како највисоките лидери, селските совети или нерегуларните оружени сили, во многу постконфликтни земји и во некои земји во развој се главните актери кои пружаат безбедност и правда и оттаму, тие треба да бидат вклучени во процесите на развивање и спроведување на

[13] Потекнува од зборот концепт (анг. concept, лат. conceptus) и значи апстрактен, универзален психички ентитет што служи за претставување на категорија или класа на ентитети, настани или односи. http://www.mk.wikipedia.org [пристапено на 25.12.2009]

[14] *Национална концепција за безбедност и одбрана*, Скопје, мај 2003 година (донесена од Собранието на РМ на 11.6.2003).

безбедносните политики; *Организациите на граѓанското општество* можат да учествуваат во проценката, осмислувањето, спроведувањето и оценката на безбедносните политики.[15]

### 4. Целите и стремежите на Република Македонија

**1.** Безбедносната политика на РМ има шест стратешки цели: прво, политичка и економска интеграција во ЕУ, второ, политичка и воена интеграција во колективните безбедносни и одбранбени системи на ООН, НАТО, ОБСЕ и на здружените европски сили, трето, заштита на демократските институции и политичкиот систем на сопствената држава, четврто, развој на социјално-економскиот систем базиран врз принципите на пазарната економија со поддршка на секоја претприемничка иницијатива и отворање на стопанството пред надворешниот свет, петто, градење и одржување на добри односи со соседните земји и шесто, Република Македонија мора да ги организира сопствените одбранбени способности во функција на целосна заштита на сопствениот територијален интегритет и суверенитет.[16]

Целите и стремежите на Република Македонија во однос на безбедносните можности, безбедносните ризици и опасности и основите и насоките за развој на одбраната во иднина се преточени во Националната концепција за безбедност и одбрана. Како што е наведено во воведот, стратегиската определба и цел на Република Македонија и на нејзината Национална концепција за безбедност и одбрана е - трајната определба на Република Македонија својата иднина да ја остварува како дел од европското семејство и како членка на НАТО и на ЕУ. Истовремено, целите и стремежите на Република Македонија се преточени и во други национални документи, претходно споменати.

Надворешната политика е насочена кон заштита, одржување, унапредување и остварување на интересите на РМ преку односите со другите држави. Одбранбената политика, во основа, обезбедува способности, средства и активности во функција на поддршка за исполнување на целите на безбедносната и посебно на надворешната политика. Во рамките на основните стратегиски цели на надворешната политика, за кои има политички консензус и широка поддршка на граѓаните, влегуваат членството во НАТО и во ЕУ, унапредувањето на односите со соседите и регионалната соработка.[17]

Една од главните цели и стремежи на Република Македонија беше насочена кон изградба на одбраната[18] во согласност со можностите и ресурсите на Република Македонија и визиите за нејзина интеграција во пошироки безбедносни и одбранбени сојузи. Притоа треба да се изгради таков одбранбен систем во обем кој нема да ја

---

[15] Albrecht, P., Barnes, K., *National Security Policy-Making and Gender, Gender and Security Sector Reform Toolkit*, Eds. Megan Bastick and Kristin Valasek, Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW, 2008, стр. 1-2.

[16] Академик Никола Кљусев, МАНУ, Форум Аналитика, „*Македонија во НАТО*“, Скопје 2006, стр. 97.

[17] *Стратегиски одбранбен преглед, Политичка рамка*, Скопје, октомври 2003.

[18] Така и поранешниот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров, во Предговорот на Стратегијата за одбрана на Република Македонија, охрабрува дека за одбраната на татковината можеме, сакаме, умееме и имаме доволно човечки и интелектуален потенцијал за да се справиме со проблемите и тешкотиите и да ги оствариме програмите со кои ќе се операционализираат натамошните реформи на одбранбениот систем заради остварување на крајната цел: потполно и во согласност со ресурсите и можностите заокружување на одбранбениот систем кој ќе биде способен целосно да ги извршува функциите и задачите сврзани со одбраната на земјата.

наруши и загрози безбедноста на Република Македонија и кој ќе овозможи и со тоа ќе придонесе во развојот на другите сфери на општеството.[19]

**2.** Во 2001 година ни се случи конфликтот кој претставуваше сериозен безбедносен проблем. С# уште се поставува прашањето на кое многу еминентни експерти се обидувале да дадат одговор и да дефинираат што ѝ се случи на Македонија таа „кобна" 2001 година. Тоа беше проблем кој ги зафати трите основни рамки од концептот на безбедноста (индивидуална, национална и меѓународна).[20]

Како и да е, на 13 август 2001 година, со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор во Скопје, прекина конфликтот во Република Македонија. Со Рамковниот договор „борците за човекови права" успеаја да постигнат измена на Уставот, пред сѐ на Преамбулата и одредени негови членови кои се однесуваат на третманот на правата на малцинствата. И токму поради сите тие привилегии кои ги добија етничките заедници, често се вели дека Охридскиот договор и уставните измени се точка на пресврт во третманот на правата на малцинствата.[21]

Но и понатаму треба да се работи. Претставниците на меѓународната заедница, а особено оние од европските и евроатлантските структури, постојано посочуваат на целосно имплементирање и почитување на одредбите од овој договор. Законските решенија кои произлегуваат од него треба доследно да се почитуваат затоа што тоа е еден од интересите на Република Македонија за надминување на последиците од конфликтниот период од 2001 година и за иднината на нејзините граѓани.

Како доказ за важноста на интересите на Република Македонија за нејзините граѓани е Декларацијата за поддршка на стратегиските интереси на Република Македонија. Донесена е по повод почетокот на реализацијата на финалната фаза од имплементацијата на Рамковниот договор, потпишан во Охрид, 2001 година, како усогласена рамка за обезбедување на иднината на демократијата во Македонија, промовирање на мирен и хармоничен развој на граѓанското општество преку почитување на етничкиот идентитет и интерес на сите македонски граѓани и овозможување на развојот на поблиски и поинтегрирани односи помеѓу Република Македонија и европската и евроатлантската заедница.[22]

Општ заклучок е дека Република Македонија како повеќенационална држава, со различна вероисповед кај населението, мора да ја гради својата иднина врз сожителство, заедништво и лојалност на граѓаните кон државата, како заеднички именител на личните и колективните интереси на граѓаните за што е потребна толеранција и меѓусебно почитување.[23]

**3.** Констатирано е дека денес Република Македонија во целост ја има извршено трансформацијата на Армијата, во согласност со НАТО-стандардите. На Самитот на НАТО во Букурешт, 2008 година, Република Хрватска и Република Албанија беа поканети за членство во НАТО, а на Република Македонија поканата за членство ѝ беше одложена до решавањето на билатералниот спор околу името со Република

---

[19] *Стратегиски одбранбен преглед III фаза, Програма за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија*, Влада на Република Македонија, Скопје, мај 2004.

[20] Повеќе во: Мојаноски, Ц., и др., *Психосоцијални и правни последици врз припадниците на безбедносните сили на Република Македонија учесници во конфликтот од 2001 година*, Факултет за безбедност – Скопје, 2010, стр. 138-141.

[21] Повеќе кај Бабаноски, К., *Положбата на националните малцинства во Република Македонија по Охридскиот рамковен договор од 2001 година*, Годишник на Полициската академија, Скопје 2007/2008.

[22] Декларација за поддршка на стратегиските интереси на РМ, Охрид, 10.11.2004. Забелешка: оваа Декларација не е потпишана единствено од страна на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски.

[23] Гоцевски, Т., *Основи на системот на националната одбрана*, III дополнето изменето издание, Македонска ризница, Куманово 2002, стр. 501.

Грција. Повелбата за партнерство меѓу САД од една и Албанија, Хрватска и Македонија од друга страна, или популарно наречената Јадранска повелба или Повелба за американско - јадранско партнерство, не вроди со плод и за Република Македонија. Значи, со тек на време се појавуваат препреки во исполнувањето на целите и стремежите на државата кои треба да се отстранат со целосна посветеност и ангажираност на македонскиот државен врв и целокупната експертска јавност заради остварување на трајната определба на Република Македонија својата иднина да ја продолжи како дел од европското семејство и како членка на НАТО и на ЕУ.

Тоа значи дека денес состојбата во соседството на Република Македонија е следна: две соседни држави се членки на НАТО и ЕУ – Република Грција и Република Бугарија, една соседна држава е поканета за членство во НАТО – Република Албанија на Самитот на НАТО во Букурешт, 2008 година, заедно со Република Хрватска и веќе се членки и Република Србија чија надворешна политика е насочена кон европските и евроатлантските интегративни процеси. Инаку, Република Македонија е една од првите земји во регионот која се приклучи кон иницијативата Партнерство за мир во 1995 година и прва земја од регионот која го потпиша Договорот за стабилизиција и асоцијација со ЕУ во 2001 година.

**Заклучни согледувања и препораки**

Стабилизаторските фактори на мирот и безбедноста на Република Македонија имаат огромна важност за системот на националната безбедност и безбедносната политика на државата. Тие го овозможуваат развитокот на сите граѓани на државата, а со тоа и на целото општество, и токму затоа треба да се обрне поголемо внимание врз нивното постоење и дејствување во една држава. Политичките структури, кои се на власт во конкретната држава, притоа имаат големо влијание врз нивното дејствување. Со нив државата го обезбедува мирот, безбедноста и стабилноста, со што значително се намалува ризикот од нејзина дестабилизација и предизвикување на конфликтни состојби. Стабилноста на една држава е од особено значење заради јакнење на индивидуалната и на колективната свест за постоењето и за значењето на државата и нејзината способност за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во секој поглед. Потребно е, всушност, креирање на особено добра НПБ и изградба на соодветни институции кои ќе го овозможат нејзиното спроведување.

Република Македонија јасно ги има поставено своите вредности, интереси, насоки, стратешки цели, стремежи, како и безбедносната политика. Со нивното исполнување во целост би требало да се оствари нејзината трајна определба – европско и евроатлантско интегрирање, освен ако не се испречи во меѓувреме некој друг секундарен проблем, како што е спорот со Грција околу разликите за името. Државата е должна и има обврска да овозможи непречено дејствување на сите институции во општеството преку востановување на одбраната и зачувување на безбедноста затоа што само на тој начин ќе може ефикасно да се избегнат последиците од деструктивната дејност што би се случила доколку тие не би функционирале.

Целта на анализата на безбедносната политика во Република Македонија беше да се потсетиме како сме ги поставиле целите и стремежите и во кои насоки треба да се работи во иднина. Скршнувањето од поставената патека на движење ќе предизвика проблеми, назадување во општествено-економскиот развој на државата, деструкција, па дури и конфликтни состојби. Па затоа, спроведувањето на безбедносната политика не треба да остане само на донесување законски решенија, стратегии, концепции, декларации. Таа е многу повеќе од тоа. Безбедносната политика би требало да биде во функција на попречување и сузбивање на сите видови закани, ризици и загрозувања, а не само на оние кои можат да се поместат во групата криминалитет. Надлежните

органи треба навремено и објективно да располагаат со безбедносни сознанија со цел да се предвидат евентуални несакани состојби и соодветно да се реагира уште пред да се појават.

**Користена литература/Референци:**


***Книги:***

- Albrecht, P., Barnes, K., National Security Policy-Making and Gender, Gender and Security Sector Reform Toolkit, Eds. Megan Bastick and Kristin Valasek, Geneva: DCAF, OSCE/ODIHR, UN-INSTRAW, 2008.
- Георгиева, Л., Творење на мирот, Мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна, Виладорф 2004, Скопје 2004.
- Гоцевски, Т., Основи на системот на националната одбрана, III дополнето изменето издание, Македонска ризница, Куманово 2002.
- Малиш-Саздовска М., Дујовски Н., Безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје 2009.
- Митревска, М., Гризолд, А., Бучковски, В., Ванис, Е., Превенција и менаџирање на конфликти – случај Македонија, Св. Џон, Скопје 2009.
- Мојаноски, Ц., Никодиновска - Стефановска С., Ташевска - Ременски Ф., Малиш - Саздовска М., Аќимовска - Малетиќ, И., Батиќ, Д., Миленковска М., Ивановски, Ј., Психосоцијални и правни последици врз припадниците на безбедносните сили на Република Македонија учесници во конфликтот од 2001 година, Факултет за безбедност – Скопје, 2010.
- Спасески, Ј., Македонија столб на безбедноста и мирот на Балканот, Агенција Академик и Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, Полициска Академија Скопје, Скопје, октомври, 2005.
- Стајиќ, Љ., Основи безбедности, Полицијска академија Београд 2004.
- Стаменковски, А., Менаџмент со одбраната, ТНИД „Ѓурѓа“, Скопје 2004.
- Томовска И., Аспектите на човековата безбедност во Македонија, Стари или нови војни?, Центар за регионални истражувања и соработка Студиорум, Скопје 2008.
- Форум Аналитика, „Македонија во НАТО“, Скопје 2006.

***Трудови:***

- Бабаноски, К., Положбата на националните малцинства во Република Македонија по Охридскиот рамковен договор од 2001 година, Годишник на Полициската академија, Скопје 2007/2008.
- Никодиновска, С., За безбедноста – нови концепти, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје 2009.
- Спасески, Ј., Безбедносната политика во услови на светски процес на глобализација, Годишник на Полициската академија, Скопје 2007/2008.

***Правни извори:***

- Декларација за поддршка на стратегиските интереси на Република Македонија, Охрид, 10 ноември 2004.
- Национална концепција за безбедност и одбрана, Скопје, мај 2003 (донесена од Собранието на Република Македонија на 11.6.2003 година).
- Стратегија за одбрана на Република Македонија, Скопје, септември 1998.
- Стратегиски одбранбен преглед, Политичка рамка, Скопје, октомври 2003.
- Стратегиски одбранбен преглед III фаза, Програма за трансформација на одбраната и Армијата на Република Македонија (Насоки за транзиција кон хармонизација на законодавството, документите и процедурите за трансформација, изградба, развој и ревизија на одбраната и вооружените сили компатибилни со НАТО), Влада на Република Македонија, Скопје, мај 2004.
- Устав на Република Македонија.

***Електронски/интернет-извори:***

- http://www.dcaf.ch (5.2.2010)
- http://www.vlada.mk (15.12.2009)
- http://www.morm.gov.mk (5.2.2010)
- http://www.pravo.org.mk (10.12.2009)
- http://www.sobranie.mk (15.12.2009)

*Kire Babanoski*
*Faculty of Security- Skopje*

## *SECURITY POLICY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA- GUIDELINES, OBJECTIVES AND TENDENCIES*

***Abstract***

*This paper explores the current situation of the security policy in the Republic of Macedonia. It provides a definition of national security and security policy as well as analysis of positive legal acts which regulate this area in the Republic of Macedonia. It particularly focuses on the objectives and tendencies of the Republic of Macedonia regarding its security possibilities, risks and dangers, as well as the basis and guidelines for the development of security and defence in future.*

*Security policy as an integral part of the general policy should clearly be established and encompass the defence, the security, the economic and social situation, and the foreign policy of the state. The Republic of Macedonia has clearly set up its values, interests, directions, strategic objectives, tendences and security policy, but they need to be established and kept. The basic document in this area is the National conception of security and defence. The strategic objective of the Republic of Macedonia is its permanent determination to become part of the European family and member of NATO and EU. That's the main objective and aspiration of the Republic of Macedonia for its future.*

**Key words:** *security, security policy, Republic of Macedonia, national security policy, basis, objectives and tendencies.*

# КРИВИЧНО-ПРАВНИ, КРИМИНОЛОШКИ И КРИМИНАЛИСТИЧКИ НАУКИ – КРИМИНАЛИСТИЧКИ И ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ

*д-р Гордан Калајџиев*
Вонреден професор на Правниот факултет
„Јустинијан Први" Скопје
Email: gordankalajdziev@yahoo.com

# КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО ГЕРМАНИЈА

***Апсракт***
*Германското казнено право важи за едно од најразвиените во Европа. Посебно германската правна доктрина е, веројатно, најразвиена не само во Европа туку во светски размери. Не случајно Стратегијата за реформа на казненото право на РМ се осврна посебно токму врз германската казнена постапка и искуствата од тамошните реформи. Германија, впрочем, беше лидер во реформите и меѓу првите во Европа го укина истражниот судија и започна со воведување на определени консензуални елементи во казнената постапка. Во таа смисла, во оваа статија накусо се прикажува современиот статус на германското казнено процесно право (изворите, начелата, субјектите и текот на постапката).*
*Клучни зборови: казнена постапка, јавно обвинителство, судови, обвинет, бранител, претходна постапка.*

## 1. Воведни напомени

Германското казнено право важи за едно од најразвиените во Европа. Посебно германската правна доктрина е, веројатно, најразвиена не само во Европа туку во светски размери. Не случајно Стратегијата за реформа на казненото право на РМ се осврна посебно токму врз германската казнена постапка и искуствата од тамошните реформи. Германија, впрочем, беше лидер во реформите и меѓу првите во Европа го укина истражниот судија и започна со воведување на определени консензуални елементи во казнената постапка.

Сепак, по големите расправи во врска со изготвувањето на новиот македонски ЗКП, комисијата што го подготвуваше текстот на законот се одлучи да не го следи целосно германскиот модел, туку од истиот да земе само определени решенија. Така, на пример, укинувањето на истражниот судија во Нацртот на нашиот нов ЗКП е проследено со деформализирање на претходната постапка, при што судската истрага не се заменува со обвинителска (како во Хрватска или Србија), туку практично се прескокнува. Од друга страна, комисијата се одлучи да го следи примерот на Италија со зајакнување на раководната улога на јавното обвинителство врз полицијата, поаѓајќи токму од негативните искуства во Германија, каде што на терен полицијата е вистински господар на претходната постапка. Од друга страна, германската постапка во стадиумот на главната расправа во суштина е застарена и не се разликува битно од нашата сегашна постапка. Токму затоа во тој дел новиот ЗКП следи повеќе некои други европски искуства на посмело реципирање на акузаторните елементи. Во таа смисла, во оваа статија накусо ќе се прикаже современиот статус на германското казнено процесно право.

## 2. Извори на германското кривично процесно право

Во согласност со германскиот Устав од 1949 година (*Grundgesetz*), сојузните покраини немаат законодавни надлежности на подрачјата на кривичното право и постапка, туку сето кривично законодавство во Германија е од сојузен ранг.[1] Главен извор на германското процесно кривично право е Законот за кривична постапка (*Strafprozessordnung,* скратено *StPO,* натаму ЗКП) од 01.02.1877 година (на сила од 01.10.1879 година).[2] Германија ја ратификувала Европската конвенција за човековите права во 1952 година (која има само законска сила).[3] ЗКП, донесен кон крајот на XIX век, со текот на времето бил предмет на бројни измени што им одговараат на политичките и општествените прилики на своето време. Од тие измени ја истакнуваме онаа од 1975 и од 1987 година, кога е донесен консолидиран текст (*Neubekanntmachung*). Но и тој од тоа време има доживеано измени и дополни.[4]

Втор важен извор на кривичното процесно право е Законот за судовите (*Gerichtsverfassungsgesetz*), исто така од 1877 година, повторно издаден во 1975 година, кој, покрај другото, ја определува надлежноста на судовите како и на државното обвинителство. Воведниот закон во Законот за судовите ја обезбедува судската контрола врз управните мерки на органите вклучени во кривичната постапка: таа специфична постапка е супсидијарна на правните лекови дефинирани во германскиот ЗКП. Конечно, постои Законот за судии (*Deutsches Richtergesetz*) кој ги дефинира начелата и модалитетите на вршењето на судиската должност.[5]

## 3. Начела на постапката

**3.1. Правична постапка**. Ако начелото на праведност почива врз материјалната вистина, сметаат германските теоретичари, нејзиното утврдување треба да биде работа на судските власти.[6] Континенталната постапка се карактеризира како инквизиторна, токму затоа што не е водена од странки, туку од еден, над нив поставен, *доминантен* суд, при што странките само соработуваат. Должноста сеопфатно да го разгледа случајот (*umfassende Aufklärungspflicht*) има за последица преземање од страна на судот добар дел од функциите на гонење и одбрана. Веќе и самата конструкција на постапката прави од судот противник на одбраната, па оттука реално конфликт во прв ред настанува помеѓу одбраната и судот, а не помеѓу обвинителството и одбраната.[7] Сакајќи да укажат на слабостите на ваквиот систем на делење на кривичната правда, повеќе германски автори укажуваат на старата поговорка: *„На оној што за обвинител го има судијата, му треба Господ за бранител".*[8] Конфликтот помеѓу тенденцијата за

---

[1] *За германската кривична постапка постои обемна литература. Види: C. Roxin/ B. Schunermann, Strafverfahrensrecht, 26 Aufl., Beck, München, 2009; Hemmer/ Wust/ Berbereich, Strafprozessordnung, 9 Auflage, 2010; L. Meyer-Gössner, Lutz, Strafprozessordnung, 52. Auf., Beck, München 2009.*

[2] Превод на македонски на германскиот ЗКП: Закон за кривичната постапка, Магор, Скопје, 2009.

[3] Види: M. Spaniol, Das Recht auf Verteidigerbeistand im Grundgesetz und in der Europäischen Menschenrechtskonvention, Düncker und Humbolt, 1990.

[4] Види: Д. Крапац и др., Стратегија за реформа на казненото право, Министерство за правда на РМ, Скопје, 2007.

[5] Исто. Спореди: J. Ден, Вовед, во: Закон за кривичната постапка, Магор, Скопје, 2009, xv-xvi.

[6] Види: A. ESER, Funkcionalne promjene procesnih maksima krivičnog prava: Na putu k "reprivatiziranju" krivičnog postupka, Zbornik PFZ, 42 (2), 1992, 167-170.

[7] Директна споредба на германскиот и американскиот систем кај: F. Feeney / J. Herrmann, One Case—Two Systems, A Comparative View of American and German Criminal Justice, Transnational Publishers, Inc., Ardsley, 2005.

[8] Види: I. Müller, Rechtsstaat und Strafverfahren, Europäische Verlagsanstalt, Frankfurt/Main, 1980, 177.

ефикасен кривичен прогон и тенденцијата за ефикасна заштита на правата на обвинетиот се изразува само како спротивставеност на грижата за законитост (*Justizförmigkeit*), наспроти ефикасноста на кривичното правосудство (*Funktionstüchtigkeit der Strafrechtspflege*).[9]

Напоредно со материјалната правда, процедуралната правичност сè повеќе се појавува како една од основните цели и принципи[10] на казнената постапка. Сепак, во германската и другите континентални постапки вистината, не ретко, се нуди како синоним на правичноста. Оттука и тезата дека правата на одбраната и правичноста во смисла на „еднаквост на оружјето" се значајни повеќе за странечката постапка,[11] додека за постапката што се одвива како службена истрага битна, односно доволна е законитоста во постапувањето и објективноста и непристрасноста на судот. Тој, покрај откривањето на вистината (*Aufklarungspflicht*), ќе се грижи и за заштитата на интересите и правата на обвинетиот (*Fürsorgepflicht*).[12]

Се тврди дека е можно да се претпостави правична процедура што не е чисто акузаторна, или барем не со таков степен на акузаторни елементи како англо-американскиот систем на кривично судење. Ова, впрочем, е сè уште присутен став во континентална Европа, каде што контрадикторноста се прифаќа со истовремено задржување на истражното начело. Според германскиот сојузен уставен суд, од значење ќе биде типот и структурата на казнената постапка. Правото на правично судење, како израз на правно-државниот принцип, смета овој суд, а со одобрување го цитираат редица автори, не содржи во сите поединости одредени наредби и забрани; оттука, тоа бара конкретизирање според суштината на стварните околности. Со оглед на широчината и неодреденоста на овој принцип, се сугерира претпазливост, бидејќи, наводно принципиелно, работа е на законодавецот да избира помеѓу можните алтернативи при нормативното конкретизирање на еден уставен принцип.[13]

За прв пат Сојузниот уставен суд во една своја одлука од 1969 година го употребил поимот „fair постапка" како синоним за „rechtstaatliches Verfahren". Нешто подоцна, во 1971 година изрекол дека "правото на одбрана и правото на правична постапка спаѓаат во битните елементи на постапката усогласена со начелата на правната држава". Подоцна, овој суд донел повеќе одлуки во кои поимот „правична постапка" сè повеќе го користел не само како интерпретативно помагало во толкувањето на уставно загарантираните темелни права и слободи, туку и како самостојна основа на своите одлуки (без притоа да се повикува на поимот "правична постапка" од чл. 6 ст. 1 ЕКЧП, додека, напротив, ја признаваше претпоставката за невиност на обвинетиот од чл. 6. ст. 2 од ЕКЧП како еден од неговите основни елементи.[14]

**3.2. Принципот на официјалност** (Offizialprinzip, чл 152, ст. 1) значи дека само државата има право да ги гони кривичните дела. Казненото право на државата начелно

[9] Види: W. Hassemer, "Die Funktionstuchtigkeit der Strafrechtspflege" – ein neuer Rechtsbegriff?, Strafverteidiger, Heft 6, 1982, 275; H. P. Brause, Faires Verfahren und Effektivitat im Strafprozess, NJW, 1992, 2865.

[10] Во германската литература за правичното судење како основно начело на казнената постапка: K. H. GÖSSEL, Strafverfahrensrecht, Stuttgart 1977, 165; D. Steiner, Das Fairnessprinzip im Stafprozess, Peter Lang, Frankfurt/M, 1995. Поинаку: H. Heubel, Der "fair trial" – ein Grundsatz des Strafverfahrens?, Berlin, 1981.

[11] Така: K. Tiedemann, 13 Thesen zu einem modernen menschenrechtsorientierten Strafprozeß, Zeitschrift für Rechtspolitik, 1992, Heft 3, 107-09.

[12] Види: ROXIN, Strafverfahrensrecht, 22. Auf., München 1991, 12, 282, 294, со натамошни упатувања.

[13] Види: BVerfGE 57, 250 (275); P. J. TETTINGER, Fairneß und Waffengleichkeit, München 1984.

[14] За разлика од Сојузниот уставен суд, Сојузниот врховен суд не се обидуваше содржајно да го определи поимот на „правична постапка", но, и покрај тоа, често го користи како интерпретативен критериум.

го спроведуваат државните органи по службена должност, без оглед на волјата на повредениот. Ограничувањето на овој принцип постои за деликтите за кои се поднесува барање или овластување и во случајот кога кривичното гонење зависи од обвинителниот предлог на оштетениот, односно од овластувањето на државата. Исклучок од принципот на официјалност претставуваат деликтите за кои се поднесува приватна тужба.

**3.3. Акузаторниот принцип** (Akkusationsprinzip, начело на обвинение, чл. 151) налага дека може да се врши судски претрес само врз основа на обвинение.

**3.4. Принципот на легалитет** (Legalitätsprinzip, чл. 152, став 2) претставува обврска на јавното обвинителство да поведе истражна постапка кога постојат индиции за сторено кривично дело, а кога има основи за сомневање за сторено дело – да поднесе обвинителен акт против секое лице, без оглед на неговиот углед. Почитувањето на принципот на легалитет се обезбедува со казнената одредба од чл. 258а од ЗКП (спречување на правдата од страна на службено лице) и со правото на оштетеното лице, по потреба, да спроведе постапка за издејствување обвинителен акт (чл. 172 – чл.177). Принципот на легалитет може да се потисне во случај кога е применлив принципот на опортунитет (чл. 153 и натаму).

3.**5.** Согласно со **начелото за претрес** (Instruktionsmaxime, начело на истрага по службена должност), вистината мора да се утврдува по службен пат. Исто како и јавното обвинителство (чл. 152, ст. 2, чл. 160 и чл. 163), и судот (чл.155 став 2 и чл. 244, став 2) е овластен и обврзан самостојно да го разјасни случајот. Нив не ги обврзуваат барањата на учесниците во постапката. Разјаснувањето на фактичката состојба се случува во главниот претрес и без барања за докази. Признанието на обвинетиот не го врзува судот.

**3.6. Максимата на концентарција** (начело на забрзување) наоѓа свој израз во чл. 163, став 2, според кој полицијата има обврска без одлагање да му ги поднесе актите на јавното обвинителство. Начелото на забрзување особено важи во случајот на притвор, кога начелно се определува посебно шестмесечно ограничување (чл. 121). Главниот претрес се врши веднаш по отворањето на главната постапка и, по можност, во континуитет.

**3.7. Начелото на јавност на главниот претрес** (Öffentlichkeit, чл. 169 од *Законот за судовите*) налага, во рамките на фактичките прилики на местото каде што се случува претресот, да им се овозможи пристап на сите заинтересирани што сакаат да присуствуваат. Исклучувањето на јавноста е дозволено само во одреден број случаи предвидени со законот (чл. 171а, чл. 171б и чл. 172 од *Законот за судовите*).

**3.8. Начелото на усност на главниот претрес** (Mündlichkeit) изразено во членовите 261 и 264. Според ова начело, пресудата може да се темели само на материјал што е усно изнесен и образложен во постапката.

**3.9. Начелото на непосредност** (чл. 250) го обврзува судот својата одлука да ја темели само врз основа на уверувањето што го стекнал во главниот претрес, односно преку лични увиди. Тоа значи предност на персоналните докази пред доказите во вид на документи.[15]

[15] Види: Ј. Ден, *op.cit.*, xix-xx. Спореди: C. Roxin/ B. Schunermann, Strafverfahrensrecht, 26 Auflage, C.H. Bech, München, 2009, 59-85.

## 4. Субјекти

**4.1. Полиција.** Полицијата на сојузните покраини има две категории на персонал со различни атрибути: „истражители на јавниот обвинител” (*Ermittlungspersonen der Staatsanwaltschaft*) и останатите. Сите припадници на полицијата можат да вршат апсења или проверки на идентитетот на уапсеното лице, но само истражителите имаат натамошни овластувања за дејствијата на процесна присилба во итни предмети (како што е претресот, одземањето предмети, земање крв и сл.).[16]

**4.2. Државно (јавно) обвинителство** (*Staatsanwaltschaft*). Освен канцеларијата на сојузниот јавен обвинител (*Bundesanwaltschaft*) и посебниот орган припоен кон сојузниот суд и чијашто надлежност е ограничена на кривичното гонење на определени кривични дела против државата и други тешки кривични дела во предметите од „особена важност”, кривичното гонење е во надлежност на обвинителствата на сојузните покраини. Главниот сојузен јавен обвинител му е подреден на сојузниот министер за правосудство и хиерархиски им е надреден на сојузните обвинители (*Bundesanwälte*), но ја нема надлежноста врз јавните обвинители во федералните единици. Поради тоа, секоја сојузна покраина има свое јавно обвинителство што му е подредено на министерството за правосудство на таа покраина.

Обвинителството е организирано монократски и хиерархиски. На чело се наоѓа главниот јавен обвинител (*Generalstaatsanwalt*) на нивото на високиот земски суд (*Oberlandesgericht*). Кривичното гонење го водат локалните јавни обвинителства што им се придружени на земските судови. Главниот јавен обвинител му е подреден на министерот за правосудство на таа сојузна покраина и тој е единствениот повисок функционер во јавното обвинителство кој ги врши своите должности на различните судови на покраината.

За борба против посебните видови криминалитет се именуваат посебни обвинители (*Sonderdezernenten*), а исто така постојат канцеларии за посебни кривични гонења (*Schwerpunkt-Staatsanwaltschaften*), првенствено за кривичните дела поврзани со дрогите, економскиот криминалитет, производството на вино и еколошкиот криминалитет.

Правниот статус на одделните јавни обвинители, кои се државни службеници, е амбивалентен: од една страна, тие спаѓаат во правосудството, а од друга страна, нивната административна хиерархија во извршната власт значи дека тие немаат независност во донесувањето на одлуките како судиите. Јавниот обвинител е врзан за насоките (кои обично се однесуваат на критериумите за оценка за постоењето на кривично дело и на критериумите за оценка за постоењето на вината) од министерот или главниот јавен обвинител, а на поединечно ниво повисокиот може да го насочи пониските определен предмет да го реши на определен начин или може да го смени од работењето врз определен предмет во било кој момент.

**4.3. Судови**. Пред судовите кривичните предмети во прв степен ги решава службеничкиот суд (*Amtsgericht*) во кој суди судијата поединец или советот од еден професионален судија и двајца судии поротници), потоа земскиот суд (*Landgericht*) кој има два вида совети−„*kleine Strafkammer”* и *„große Strafkammer”* (кој може да има три посебни облици како поротнички суд, совет за државна безбедност и совет за економски криминалитет) или на високиот земски суд (*Oberlandesgericht*), но само во случај на тероризам или тешки политички деликти. Постојат околу 690 окружни судови. Исто так, постојат посебни малолетнички судови. Сојузниот врховен суд (*Bundesgerichtshof*) никогаш не ги решава предметите во прв степен.

---

[16] Види: Д. Крапац, *op. cit*.

Според германскиот Устав и Законот за судии, германските судии се независни и се именуваат доживотно. Судијата може да биде разрешен само во случај пропишан со закон. Хиерархиската контрола на судската управа ја врши претседателот на судот кој и самиот е ставен под контрола на министерството за правосудство на сојузната покраина, но таа контрола никогаш не смее да влијае врз судиската активност; судијата поради тоа може да биде ставен на дисциплински мерки во онаа мера во која тоа не влијае врз неговата судиска независност и самостојност.

**3.4. Обвинет.** Германската терминологија што се однесува на обвинетиот го користи изразот *„Beschuldigter"* (осомничен) во истрагите, по покренувањето на постапка *„Angeschuldigter"* (обвинет), а *„Angeklagter"* (оптужен) по почетокот на главната расправа. Процесните права на обвинетиот не се наведени во посебна глава на германскиот ЗКП. Некои дури не се ни споменати во ЗКП, но ги утврдиле кривичните судови или сојузниот уставен суд врз основа на начелата на владеењето на правото. Тоа се: правото на молчење и правото на лицето да не се инкриминира самото себе (чл. 6 ст. 3 од ЕКЧП).[17]

**4.5. Бранител**. Обвинетиот има право да консултира бранител по свој избор во која било фаза на постапката (откако ќе го извести за обвиненијата против него). Кога се испитува во претходната постапка, задолжително е присуството на бранителот при испитувањето што го спроведува судијата, но, сепак, се исклучува ако судијата смета дека би било опасно за успехот на истрагата. Присуството на бранителот е факултативно кога испитувањето го спроведува јавниот обвинител. Иако бранителот нема право да присуствува на испитувањето од страна на полицијата, исказот на обвинетиот што е даден во отсуство на неговиот бранител не може да се употреби на суд доколку органите на кривичното гонење го спречиле контактот меѓу обвинетиот и неговиот бранител.[18]

Не може да се одберат повеќе од три бранители; бранителот не може истовремено да застапува повеќе од едно лице обвинето за исто кривично дело. Адвокатот може да делува како бранител само ако ги исполнува критериумите што се применуваат на службата на судијата. Иако бранителот има јавна функција како дел од правосудството, тој е слободен од судската контрола во своите процесни дејствија; судот може да го разреши само во вонредни околности.

Бранителите имаат бројни процесни права, како на пример неограничен пристап до обвинетиот во притворот и по завршувањето на истрагата, право на неограничен увид во списот. Исто така, имаат право на учество во кое било истражно дејствие кое бара присутност на обвинетиот. Бранителот мора да биде известен за истражните дејствија што ги спроведува судијата и има право самоиницијативно да спроведува своја истрага.[19]

**4.6. Жртва на кривично дело.** Во германската кривична постапка жртвата до 1986 година речиси и да немала никакви права, освен правата на сведокот. Тогаш на сила стапил Законот за заштита на жртвите (*Opferschutzgesetz*), а подоцна се прифатени неколку натамошни прописи што ја подобриле позицијата на жртвата. Но жртвата нема статус на странка во постапката, туку на оштетен (*Verletzter*), кој има неколку процесни права: право на увид во списот (преку адвокат), право на бесплатно застапување ако е сиромашен, право да учествува како „спореден" обвинител (*Nebenkläger*) во постапката покрај државниот обвинител, право да присуствува на рочишта и да дава исказ, право

[17] *За правата на осомничените повеќе кај: E. Cape, Suspects in Europe: Procedural Rights at the Investigative Stage of the Criminal Process in the European Union, Metro, 2007.*

[18] Види: Д. Крапац, *op. cit.*

[19] Види повеќе кај: M. Bohlander, *Legal Advice in Criminal Proceedings in the Federal Republic of Germany*, 3 Criminal Law Forum 401 (1992).

да испитува сведоци, вештаци и самиот обвинет и да предлага докази и да поднесе жалба на пресудата. Трошокот на постапката го сноси споредниот обвинител, освен ако обвинетиот биде осуден. ЗКП му овозможува на оштетениот и поднесување на имотно-правно барање за оштета во атхезионата постапка. Но таа постапка ретко се користи пред германските кривични судови.

**5. Тек на кривичната постапка**

**5.1. Претходна постапка** (*Vorverfahren*). Државниот (јавниот) обвинител или полицијата ја покренуваат претходната постапка зависно од начинот на кој дошло до сознанието за кривичното дело. Во теоријата, претходните истраги (*Ermittlungsverfahren*) ги спроведува јавниот обвинител за да ја провери заснованоста на сомневањето за делото и сторителот, според барањата кои врз него во таа смисла ги става начелото на легалитетот на кривичното гонење. Во практиката, меѓутоа, кривичната пријава најчесто ја прима и ја решава полицијата која на јавниот обвинител само му го испраќа конечното известување, во кое ги спојува земените искази и пронајдените докази.

Претходната постапка има за цел да се открие дали кривичното дело може да му се припише на осомничениот и – доколку е така – како да се покрене кривичното гонење. Таа поради тоа му служи на јавниот обвинител да даде информации врз основа на кои тој ќе одлучи дали ќе подигне обвинение или ќе ја отфрли пријавата. Освен тоа, едната од главните цели е подготовка на обвинителниот акт. Поради таквата конструкција, на главната расправа изведувањето докази започнува од почеток. Поради тоа во Германија постои повторување на докажувањето, но само еднократно. Но, тоа значи дека судечкиот суд има доста причини самиот да ја истражува фактичката состојба. Претходната постапка дури во вториот ред служи за обезбедување докази за главната расправа. Таа конструкција, меѓутоа, не влијае врз правата на одбраната на обвинетиот и на прашањата за обезбедување на неговото присуство на судењето. Освен тоа, во претходната постапка понекогаш треба да се обезбеди одземањето на имотната корист стекната со кривично дело, со мерки на секвестрација и запленување.[20]

Расподелбата на овластувањата меѓу јавното обвинителство и судот, како и меѓу јавното обвинителство и полицијата прецизно е уредена со закон. Според ЗКП и Законот за судовите, јавниот обвинител е на челото на постапката во текот на сите истраги. Иако ги спроведува полицијата, сите истраги се спроведуваат на одговорност на јавниот обвинител. Но, иако според законот полицијата само му е помош на јавниот обвинител, во практиката полицијата е таа што ги спроведува истрагите. Полицијата интервенира или на сопствена иницијатива, преземајќи разни мерки и дејствија за откривање и обезбедување докази или факти, односно интервенира според упатствата од јавниот обвинител. Полицијата има должност да го спроведе почетното постапување, на пример да обезбеди да се сочуваат доказите на лице место. Сојузната канцеларија за криминалитет (*BKA*) на сојузното ниво главно ја обезбедува поддршката; по службена должност може да спроведува истрага само во ограничен број кривични дела, како што е тероризмот или меѓународно организираниот криминалитет.

За некои мерки на принуда за кои е потребен судски налог, јавниот обвинител или полицијата можат да наложат мерка или сами да издадат налог во случај на итност, но, во кус рок, мерката мора да биде потврдена од страна на судија.

---

[20] Види: Д. Крапац, op. cit.

Полицијата нема селективни овластувања. Штом истрагата ќе биде завршена, сите списи мора без одлагање да му се достават на обвинителот кој единствениот смее да одлучи дали има доволно докази за постапка пред судот или не.

**5.2. Меѓуфаза** (*Zwischenverfahren*). Откако истрагите се завршени, јавниот обвинител одлучува дали ќе ја отфрли пријавата, ќе ја откаже постапката или ќе поднесе обвинителен акт до надлежниот суд. Потоа предметот влегува во **„меѓуфаза на обвинувања”** која служи за заштита на невините од јавното судење. Судот пред кој би се одвивала главната расправа одлучува дали таа „меѓупостапка” ќе се спроведе. Пред да биде донесена таа одлука, потребно е на обвинетиот да му се достави обвинителниот акт. За него судот одлучува по службена должност, па може да побара дополнителни докази, да го одбие продолжението на постапката или да наложи на обвинетиот да му се суди според поднесениот или изменетиот обвинителен акт.

**5.3. Главната расправа** (*Hauptverfahren*) се води според начелата на јавност, усност, непосредност, контрадикторност и на слободната оценка на доказите. Меѓутоа, со расправата доминира претседателот на советот или судијата поединец кој ја има должноста на утврдување на вистината. Доказната постапка е во неговите, а не во рацете на странките, иако во преземањето на процесни дејствија судот мора да се грижи да ја обезбеди „еднаквоста на оружјето” меѓу обвинетиот и јавниот обвинител. Според начелото на непосредност, судот мора да ги изведе сите докази во присуство на обвинетиот и јавниот обвинител, што на странките им овозможува активно да учествуваат во утврдувањето на фактичката состојба и да влијаат врз судот да ги изведе или собере доказите.

По правило, ниту еден доказ што е изведен вон главната расправа не може да биде основа за осудителната пресуда. Аудиовизуелното снимање на исказот на сведокот во претходните истраги и прикажување на таа снимка на расправата е дозволено само ако е потребно да се избегне непосредна и сериозна опасност за сведокот. Испитувањето на сведок може да се замени со записникот за порано дадениот исказ во случаите на отсутност, оддалеченост, смрт, ментална неурамнотеженост на сведокот или согласноста на странките за читање на записникот. Исказот на други лица што е даден пред јавниот обвинител или полицијата може да се прочита на расправата само со согласност на јавниот обвинител, бранителот на обвинетиот и самиот обвинет, доколку лицето починало или е невозможно да се сослуша во блиска иднина.

Во однос на обвиненија за полесни кривични дела за кои е надлежен земскиот суд (*Landgericht*), на располагање се забрзани постапки, особено постапката за издавање на кривичен налог (*Strafbefehlsverfahren*).

**5.3.1. *Завршување на постапката без главна расправа.*** Ако јавниот обвинител има поднесено обвинителен акт, судот секогаш може да ја заврши постапката во согласност со јавниот обвинител и обвинетиот врз основа на чл. 153 ст. 2 од ЗКП, како и чл. 153-а ЗКП кои претставуваат случаи на примена на откажувањето од гонењето според начелото на целисходност. Освен тоа, јавниот обвинител има можност за формално предлагање на санкции по пат на кривичен налог за одредени полесни кривични дела, кај кои може да предложи изрекување на конкретна казна за сторителот (чл. 407 ЗКП) која вклучува парична казна или условна затворска казна до една година и неколку други мерки како што е конфискација, одземање возачка дозвола до две години итн. Доколку не поднесе приговор, кривичниот налог ги има истите импликации како и судската пресуда, т.е. изречената казна влегува во казнената евиденција. Дури и пред воведувањето на чл. 153-а од ЗКП кон средината на осумдесеттите години од минатиот век, јавните обвинители во практика ги формулирале контурите на таа дискрециона норма.

**5.4. Правни лекови** се делат на редовни и вонредни. Првите се делат на: а) „жалба" (*Beschwerde*) како единствен правен лек против процесните решенија и заклучоци (која може да се поднесе како т.н. „едноставна жалба", без пропишаниот рок или како „промптна" жалба, *sofortige Beschwerde* која се поднесува во краток рок во случаи изречно предвидени со законот); б) апелација (*Berufung*) која е единствен правен лек против првостепените пресуди и кој пред повисокиот суд доведува до повторно мериторно расправање за предметот на обвинението и евентуално преиначување на првостепената пресуда и в) ревизија (*Revision*), правен лек поради повреди на законот кој може да се поднесе против пресудите на *Amtsgerichte* и *Landgerichte*. Постои и т.н. „ревизија со скок" (*Sprungrevision*) која подносителот ја користи кога сака со тој правен лек веднаш да ја предизвика одлуката за повреди на законот, прескокнувајќи го така евентуалното претходно поднесување и одлучување за апелацијата. Апелацијата и ревизијата се деволутивни и суспензивни правни лекови.

Вонредни правни лекови според германскиот ЗКП се обновување на кривичната постапка и враќање во претходната состојба, а според другите прописи тука спаѓа и жалбата до уставниот суд и тужба до Европскиот суд за човековите права во Стразбур.[21]

## 6. Наместо заклучок

Компаративното казнено право денес е во голем подем. Тоа е прифатено како ефективен начин на учење за другите правни култури, но и надградување на домашниот казнено-правен систем. Светот сѐ повеќе станува своевиден самопослужувачки сервис на правните култури во кој, по правило, младите држави учат од поразвиените демократии со побогати правни традиции. Во таа смисла особено државите во транзиција го следат и копираат развојот на казненото право и казнената процедура во САД, Велика Британија, Германија и други европски држави (во последно време важен модел за модерна казнена постапка стана и Италија).

Законодавствата денес главно се развиваат со „зајмување". Ова не важи само за малите држави. Реформата на кривичната процедура во последните сто педесет години во Германија е добар пример за тоа дека и големите држави со долги правни традиции се угледуваат на развојот на правните институти и добрите практики во други држави. Либералното кривично судење во Германија би било незамисливо без англиски или француски модели како примери. Не би имало толку натпреварување на правната позиција на обвинетите во последно време без Врховниот суд на САД како претходник. Иако Германија била најмногу активна како увезувач на странските модели, следејќи ја нивната интерпретација во сопствениот систем, се најде себе си повторно како извезувач. Јапонија и Турција позајмиле од германското кривично и процедурално право.[22]

---

[21] Исто.

[22] Види: A. Eser, The Importance of Comparative Legal Research for the Development of Criminal Sciences, во: Comparative Criminal Justice Systems: From Diversity to Rapprochement, Eres- Nouvelles Etudes Penales, No. 17, 1998, 77-108.

*Gordan Kalajdžiev, PhD*
*Faculty of Law- Skopje*

# *CRIMINAL PROCEDURE IN GERMANY*

**_Abstract_**

*The German criminal law is considered one of the most developed ones in Europe. The German legal doctrine in particular is probably not only the most developed one in Europe, but at a world level as well. Therefore, the Strategy for the reform of the criminal law in the Republic of Macedonia does not randomly address the German criminal procedure and the experience from their reforms. Germany was actually leader in the reforms and one of the first states in Europe to abolish the investigation judge and to begin introducing certain consensual elements in its criminal procedure. In that sense, this paper provides a brief overview of the contemporary status of German criminal procedure law (its sources, principles, subjects and the course of the procedure).*

*Key words: criminal procedure, public prosecution, courts, defendant, defense attorney, preliminary procedure.*

*д-р Гоце Џуклески*
Вонреден професор на Факултет за безбедност – Скопје
e-mail: goce_dzukleski@moi.gov.mk

# ПЛАНИРАЊЕ И ПРОВЕРУВАЊЕ НА КРИМИНАЛИСТИЧКИТЕ ВЕРЗИИ КАЈ ЕКОНОМСКИТЕ ДЕЛИКТИ

***Резиме:***
*Авторот во трудов има за цел да укаже на потребата од научно-истражувачка, односно емпириска активност за да се добие попрецизен одговор на прашањата поврзани со криминалистичките верзии. Се прави обид да се расветлат емпириските стојалишта и, истовремено, да се афирмираат значајни фактори во оваа сложена и комплексна проблематика, практичните импликации на планирањето и проверувањето на криминалистичките верзии кај економските деликти. При тоа ги користевме и резултатите од парцијалното истражување што ние го спроведовме во дел од оперативните служби на МВР на РМ. Но и покрај несомнената оправданост од ваквите истражувања, колку што му е познато на авторот, целосен одговор на ова прашање во теоријата, сè ушт,е не е даден ниту кај нас ниту во светот. Тоа е разбирливо ако се има предвид дека станува збор за одговор на едно од најтешките прашања на криминалистиката – разјаснување на кривичното дело и откривање на вистината преку криминалистичките верзии кои, сами по себе, не претставуваат ниту разјаснето дело ниту откриена вистина, но овозможуваат создавање на солидна гносеолошка основа за собирање нови информации, за барање и откривање на алки во синџирот кои недостасуваат. Криминалистичкото искуство покажува дека, при разјаснувањето на кривичен настан, честопати, оперативните службеници на полицијата формираат (се ослонуваат) само една верзија и неа упорно ја форсираат, притоа запоставувајќи го научниот придонес на криминалистиката за неопходноста од поставување повеќе верзии (плуралитет на верзии). Затоа, многукратни се последиците од еднодимензионалниот и површен пристап во откривачката дејност, што треба да се напушта во криминалистичката практика, постојано истакнувајќи го научниот (криминалистичкиот) аспект на планирањето и проверувањето на верзиите, воопшто, а во тие рамки и кај економските деликти, особено, со вклучување на современ теориски пристап во третирањето на оваа проблематика.*

***Клучни зборови:*** *криминалистички верзии, планирање, проверување, стратешки прашања на криминалистиката, наука, откривање, економски деликти.*

## 1. ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Во криминалистичката литература се тврди дека верзиите претставуваат едно од стратешките прашања и јадро на криминалистичката тактика при иследувањето на кривичните дела.

Фактот дека криминалистичките верзии претставуваат практична дејност на криминалистичката полиција, беше повод да се реализира парцијално емпириско истражување со кое се опфатени клучните (основните) оперативни активности -планирање и проверување на криминалистичките верзии кај економските деликти.

Во оваа насока економскиот криминалитет, како посебен специфичен облик на криминално однесување, има определени карактеристики по кои се разликува и кои го оправдуваат неговото издвојување и посебно проучување, со утврдување на одредени специфичности во методиката на откривање, разјаснување, документирање и превенирање. Економскиот криминалитет, како дел од севкупниот современ криминалитет, ја задржал способноста за прилагодување на новите општествено-економски односи и позитивните прописи кои го инкриминираат деликтното однесување од оваа област. Кога би се направила ретроспектива на економскиот криминалитет, би можело да се согледаат нови облици на криминалитет во оваа област во различните периоди, кои вешто се прилагодуваат на дадената економска ситуација.

Сторителите на кривичните дела од областа на економскиот криминалитет битно се разликуваат од сторителите на кривичните дела од класичниот криминалитет, и тоа поради постоење на одредени својства кои ги поседуваат во определен временски период и се наоѓаат во ситуација да ги извршуваат тие криминални активности. Во основа, сторителите на економските кривични дела ги познаваат прописите кои ја регулираат областа на своето професионално работење, така што и криминалната активност ја насочуваат до маргините на дозволеното однесување, користејќи одредени правни празнини, недоречености и честите измени и доплнувања на законските прописи. За разлика од кривичните дела од областа на класичниот криминалитет, каде што кривичното дело, речиси, веднаш видно се манифестира по самото извршување, кај економскиот криминалитет, во времето на извршувањето, не се познати видот на кривичното дело и неговиот сторител, бидејќи делото во фазата на извршувањето вешто се прикрива и последицата веднаш не се манифестира.

Со извршување на економските кривични дела се нарушуваат економските односи, доаѓа до противправно присвојување на имот во општествена, државна, приватна или мешовита сопственост со избегнување плаќање на даночни, царински и други обврски спрема државата, а со тоа и до неосновано богатење на еден мал слој луѓе, што доведува до слабеење на економската моќ, намалување на општествениот производ, непочитување на законите и слабеење на моралот. Кривичните дела од економската сфера во најголем број ги вршат одговорни и службени лица за кои, со најновите законски измени, е предвидена и одговорност за правните лица. Овој вид на криминалитет е во тенденција на интернационализација, со оглед на економската состојба каде имаме сè повеќе претпријатија со мешовита сопственост каде што како сопственици на делови се јавуваат повеќе странски претпријатија и сл.

Планирањето и проверувањето на криминалистичките верзии се два важни криминалистички институти кои претставуваат една целина (систем) на криминалистичко-оперативната дејност на полицијата. Во оваа насока, особено треба да се нагласи значењето на криминалистичко-тактичките правила во планирањето и проверувањето на верзиите (а во тие рамки и за економските деликти). Во практиката ваквите правила меѓусебно се преплетуваат, дополнуваат и условуваат.

Планирањето и проверувањето на криминалистичките верзии секогаш треба да се гледа во контекстот на откривање и разјаснување на кривичното дело и откривање на сторителот, во случајов кај економскиот криминалитет. Оваа карактеристика обезбедува суштинско поврзување на теоретските основи на верзиите и практичната дејност на полицијата.

Имајќи го предвид досега кажаното, може да се констатира дека во нашава држава постојат теориски и практични оправдувања да се истражува (и да се говори) за вака насловениот проблем.

## 2. ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКИТЕ ВЕРЗИИ

Во криминалистичка смисла, верзијата претставува претпоставка за еден настан што се случил во минатото и за начинот на којшто се случил. Верзијата тргнува од определени познати или претпоставени факти, но, се разбира, ѝ недостасуваат сите елементи за да се утврди дека тој настан со сигурност се случил. Таа се темели врз определени индиции – траги и сл.

„Криминалистичката верзија е образложена претпоставка во поглед на поединечни или групи факти, кои имаат или можат да имаат значење за кривичниот настан,

укажувајќи на постоење или објаснувајќи го потеклото на тие факти, нивните меѓусебни врски и содржина и служејќи на целите за утврдување на објективната вистина”[1].

„Верзијата ја дефинираме како една од повеќето поставени претпоставки, која, на ниво на веројатност, го објаснува настанувањето, својствата, меѓусебните врски и односи, содржината и значењето за кривичниот предмет на поеделните околности од кривичниот настан или самиот тој во целина, заради утврдување на објективната вистина”[2].

Постоењето на верзиите овозможува да се дојде до виситинитоста и веродостој-носта на настанот. На тој начин верзијата нè заштитува од еднострaност и заблуди.

Поставувањето верзии кај економските кривични дела има свои специфичности што произлегуваат од природата на овој вид криминалитет. Со криминалистичката обработка се настојува, доколку е утврден еден начин на извршување, да се откријат и други начини на извршување. Може да се постави верзија по обем и по интензитетот на нападот во рамките на еден начин на извршување. Врз основа на факторите што го условуваат начинот на извршување и нивна анализа се прават верзии за можноста на нападот со определен начин на извршување. Прецизноста на поставувањето на верзиите зависи од количеството информации, од умешноста за проценка на загрозеноста и сл.

Поставувањето на верзиите во правец на обемот и видот на новите појавни форми ја сочинуваат суштината на криминалистичката обработка кај економските кривични дела. На тој начин криминалистичката обработка станува средство за откривање на економскиот криминалитет.

Верзијата го опфаќа и предвидувањето и воочувањето на можните траги на определен начин на извршување.

Кога се планира криминалистичката обработка, треба да се настојува кон што помало трошење на човечка енергија и материјални средства, а да се постигнат макси-мални резултати.

Криминалистичката обработка претставува сложен процес со кој треба да се реконструира криминалниот настан што се случил во минатото. Во оваа насока, би го спомeнале и тоа дека криминалистичката обработка мора да се спроведува со почитување на одредбите на кривичната постапка и правилата на криминалистиката. Планирањето претставува логичко продолжување на поставените верзии. Се планираат работните задачи, средствата, динамиката на работите и сл. Во практиката и во теоријата изградени се специфични методи на планирање на криминалистичката обработка карактеристични за економскиот криминалитет.

Основните елементи на планот на криминалистичката обработка кај економскиот криминалитет, по правило, се:

- претпоставен начин на напад (верзија за начинот на извршување);
- темелна разработка на дејствувањето на одделни фактори што ќе нè приближат до степенот на веројатност за опасноста од одделен облик на напад;
- претпоставки за трагите на деликтот;
- задачите и мерките што треба да се преземат за изнаоѓање и откривање траги и докази (увид во документација, ревизија, претрес на стан, деловни простории и лица);
- извршители на поставените задачи и
- рокови за извршување на конкретните работни задачи и др.

Планот најчесто зависи од самиот облик на криминалистичката обработка.

Планирањето, како динамична дејност, ни овозможува да се приближуваме до поголема сигурност за докажување на криминалниот настан.

---

[1] Р.С. Белкин, *Курс советској криминалистики*, Москва, 1978, стр. 303.

[2] В. Водинелиќ, *Криминалистика-откривање и докажување,* II том, 1985, Скопје, стр.176.

## 3. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Со анкетен прашалник извршивме проверка на мислењата на дел од вработените во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, поточно дел од инспекторите од Секторот за борба против економскиот криминалитет во МВР на РМ и од СВР - Скопје.

Вкупниот број анкетирани лица изнесува 20 (по случаен избор, но со насоченост кон испитаниците кои, на еден или на друг начин, работно вршат задачи поврзани со спречување на овој вид криминалитет). Прашалникот содржеше 10 прашања (од затворен и од отворен тип).

Теренскиот дел го спроведовме во текот на март 2010 година во Скопје.

Преку прашалникот целта ни беше да добиеме одговори на следново: дали кај предметите каде што е отворена криминалистичка обработка кај економски деликти, оперативниот службеник изготвил план за постапување; дали се практикува вршење увид (со цел пронаоѓање траги и сл.) при отворање криминалистичка обработка кај економските деликти; дали кај предметите каде што постојат извесни планови за отворање криминалистичка обработка се почитуваат криминалистичките правила и принципи; дали во оперативните планови е застапено планирањето на верзии – како претпоставки за кривичното дело или сторителот; дали како основ за планирање оперативни верзии кај економските деликти претставуваат проверени и утврдени индиции (во врска со осомничениот за кривичното дело); дали при откривањето на економскиот криминалитет оперативните верзии се планираат според сите златни прашања на криминалистиката (што се случило: кривично дело, стопански прекршок и сл., или поставување верзии на кривичното дело преку видот на кривичното дело, на пример: злоупотреба на службената положба и овластување, даночно затајување и сл.); заради разјаснување на кривичното дело и откривањето на сторителот кај економскиот криминалитет, најчесто, кои оперативно-тактички мерки и истражни дејства се преземаат од ваша страна; дали при проверка на верзиите е присутна претходна мисловна анализа на поставената верзија или, пак, веднаш се пристапува кон нејзина практична проверка; дали при проверувањето на планираните верзии ги користите методите на логичкото мислење и заклучување (аналогија, индукција, дедукција) и дали практикувате (во рамките на едно златно криминалистичко прашање) да планирате повеќе верзии.

И покрај просторните и социјалните ограничувања, сепак, очекуваме дека резултатите ќе бидат значајни, барем како индикативни показатели за планирањето и за проверувањето на криминалистичките верзии кај економските деликти во МВР на РМ, и ќе побудат интерес за натамошни продлабочени вакви или слични истражувања.

### Резултати од анкетата

1. На прашањето: Дали кај предметите каде што е отворена криминалистичка обработка кај економските деликти, оперативниот службеник изготвил план за постапување?, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да.............. 100%
б) не..................0%
в) делумно.........0%




Како што се гледа, на ова прашање сите испитаници се изјасниле потврдно. Но, не се изјасниле каков облик на планирање користат. Имено, планот зависи од самиот облик на криминалистичката обработка. Во таа насока, како позначајни облици на планирање во досегашната криминалистичка практика се издвоиле: планирање на формулари со рубрики и планирање на слободни листови.

Првиот облик содржи: опис на фактите за делото, начинот на собирање сознанија за делото, можни верзии, прашања што треба да се проверат за секоја верзија, доказите што треба да се прибираат, извршителите на работата и роковите.

Вториот облик содржи: своевидна картотека во која се можни различни комбинации и изнаоѓање заеднички елементи.

2. На прашањето: Дали се практикува вршење на увид (со цел пронаоѓање траги и сл.) при отворање криминалистичка обработка кај економските деликти, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да................70%
б) не................30%
в) делумно........0%




Кај ова прашање поголемиот број од испитаниците (70%) се изјасниле дека се практикува вршењето на увид со цел пронаоѓање траги и сл. Сепак, треба да се има предвид фактот дека некои од оперативните службеници не прават разлика помеѓу увидот како истражно дејство и увидот во деловната документација (карактеристично кај економските деликти) како оперативно-тактичка мерка. Според тоа, може да се заклучи дека на некои инспектори им недостасува едукација, односно теоретска наобразба, пред сè, во областа на криминалистичката наука.

3. На прашањето: Дали кај предметите каде што постојат извесни планови за отворање криминалистичка обработка се почитуваат криминалистичките правила и принципи?, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да...............75%
б) не.............25%
в) делумно......0%




Анализата на ваквите одговори нè упатува на тоа дека поголемиот број испитаници (75%) се изјасниле потврдно. Ова значи дека оперативците во основа ги почитуваат криминалистичките правила, но, според нивните коментари, не до крај. Имено, 25% од испитаниците се изјасниле дека планирањето е фрагментарно, односно претставува извесен потсетник за постапување на оперативниот службеник.

4. На прашањето: Дали во оперативните планови е застапено планирањето на верзиите како претпоставки за кривичното дело или сторителот?, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да................55%
б) не...............15%
в) делумно.......30%




Врз основа на наведеното, може да се констатира дека планирање на верзии во оперативните планови за работа кај криминалистичката обработка е присутно во поголем обем. Сепак, од испитаниците не добивме податоци за квалитетот на планираните верзии.

5. На прашањето: Дали како основ за планирање оперативни верзии кај економските деликти претставуваат проверени и утврдени индиции (во врска со осомничениот за кривичното дело)?, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да.......................90%
б) не........................0%
в) делумно..............5%
г) не се изјасниле...5%




Од овие показатели може да се констатира дека, како основ за планирање на оперативни верзии кај економските деликти се проверените и утврдени индиции. Сепак, според нашето мислење (кое се темели врз личното претходно оперативно искуство во оваа област), во практиката се случуваат и поинакви активности коишто одат во насока на

делумно проверени и утврдени индиции (во врска со осомничениот или видот на кривичното дело), а делумно и на ниво на општо сомневање, односно непроверени податоци и информации кои немаат степен на основи на сомневање. Почесто верзиите се планираат врз основа на непроверени индиции, одошто врз основа на проверени и утврдени индиции. Претходното непроверување на расположивите индиции претставува опасност за прејудицирање на веројатноста за определени елементи на кривичното дело и за сторителот, што во криминалистичко-оперативната дејност може да има штетни последици.

6. На прашањето: Дали при откривањето на економскиот криминалитет оперативните верзии се планираат според сите златни прашања на криминалистиката?, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да......................65%
б) не.....................30%
в) делумно.............0%
г) не се изјасниле..5%




Овие показатели упатуваат на тоа дека во поголемиот број случаи оперативните верзии се планираат според сите златни прашања на криминалистиката. Но, и тука нашиот коментар би бил дека во предметите кај економскиот криминалитет оперативните верзии се планираат поретко и само според некои од златните прашања. Најпрвин се проверуваат верзиите по првото златно прашање (што, како и на крајот што-штета). Кај економскиот криминалитет е изразена засилена веројатност на една, за сметка на елиминација на друга верзија. На пример, не е кривично дело, прекршок е, или не е користољубие, несвесност е, не е умисла, небрежност е, не е штета, корист е за друго лице и сл. Исто така, во практиката најчесто се проверуваат верзиите кај златните прашања: што, како и зошто.

7. На прашањето: Заради разјаснување на кривичното дело и откривање на сторителот кај економскиот криминалитет, најчесто, кои оперативно-тактички мерки и истражни дејства се преземаат од ваша страна?, се добиени следниве одговори, односно податоци: увид во деловна документација, разговор со граѓаните, сопствено забележување, анализа на добиените информации од различни извори (пријателски врски, информатори, отворени извори и сл.), претрес на стан, деловни простории и лица, графоскопски експертизи и финансиско-материјални вештачења, специјални истражни мерки и сл. Би можеле да заклучиме дека, заради разјаснување на кривичното дело и откривање на сторителот кај економскиот криминалитет се планираат и преземаат некои стандардни оперативно-тактички мерки и дејства, но и мерки и дејства својствени за сузбивање на економските деликти.

8. На прашањето: Дали при проверка на верзиите е присутна претходна мисловна анализа на поставената верзија или, пак, веднаш се пристапува кон нејзина практична проверка?, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да.......................65%
б) не........................0%
в) делумно.............20%
г) не се изјасниле..15%




9. На прашањето: Дали при проверувањето на планираните верзии ги користите методите на логичкото мислење и заклучување (аналогија, индукција и дедукција)?, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да....................85%
б) не.....................0%
в) делумно..........15%




Ваквите податоци ги исполнија нашите очекувања дека логиката игра значајна улога во секојдневното практицирање од страна на оперативците - припадници на МВР на РМ при решавање на нивните криминалистички задачи. Имено, планирањето на предистражната и на кривичната постапка е сложена дејност која подразбира специфични интелектуални процеси (способност за криминалистичко размислување), организациски активности, како и совладување на криминалистичко-тактичките и техничките методи и средства. Криминалистичкото размислување претставува способност за формирање на интелектуални модели (мисловно моделирање) и сликовито мисловно претставување на различни варијанти (верзии).

10. На прашањето: Дали практикувате (во рамките на едно златно прашање) да планирате повеќе верзии?, се добиени следниве резултати од можните одговори:

а) да......................78%
б) не.......................0%
в) делумно...........17%
г) не се изјасниле..5%




И тука нашиот коментар би одел во насока дека, сепак, во практиката е присутна активност на проверка само на една верзија кај некои од златните прашања (кога, каде, со

што, со кого, кој). Најчесто проверуваната верзија се преточува во повисок степен на веројатност, добива основаност на сомневањето и ја конституира кривичната пријава против определено лице. Но, за жал, во практиката се забележани и случаи кога основите на сомневање (индициите) не прераснале во основано сомневање (каде што објективно не се утврдени процесни доказни факти), а сепак се поднесува кривична пријава до надлежното јавно обвинителство. Ваквите активности ги гледаме, пред сѐ, во настојувањето да се покаже што поголема ефикасност во борбата против овој вид криминалитет. Или, пак, да се избегне можноста од казнување (закинување од плата и сл.) поради непокажани задоволителни резултати и активности од страна на соодветните овластени службени лица.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на резултатите од емпириското истражување може да се донесе заклучок дека при откривањето и разјаснувањето на економските деликти, криминалистичките верзии делумно се планираат и се проверуваат во оперативните служби задолжени за борба против економскиот криминалитет, кои дејствуваат во рамките на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

Исто така, може да се заклучи дека во оперативната практика криминалистичките верзии не се доволно присутни како неопходни институти во рамките на планирањето и реализацијата на оперативната дејност (криминалистичката обработка). Понатаму, при планирањето и проверувањето на криминалистичките верзии, криминалистичките правила би требало уште да се доградат и да се издигнат на повисоко ниво на задолжителност во планирањето и реализацијата на криминалистичката обработка.

Општ е впечатокот дека и понатаму оперативните служби повеќе знаат, отколку што пишуваат, што несомнено е присутно и при планирањето и проверувањето на верзии кај економските деликти. Имено, недостасуваат иницијативни службени забелешки, пишувани планови, хронологија на преземените мерки, активности, дејства и сл.

Неопходно е да се засили и да се дефинира криминалистичката едукација на факултетите во Република Македонија, каде што само попатно се изучува криминалистиката како самостојна наука.

**Користена литература**


Алексиќ Ж., *Криминалистика*, Београд, 1985.

Водинелиќ В., *Криминалистика – откривање и докажување, 2 том*, Скопје1985.

Водинелиќ В., *Криминалистика*, Београд1978.

Матијевиќ М., *Планирање и проверување на криминалистички верзии во оперативната работа на ОВР, со посебен осврт врз работата на ОВР во БиХ-Република Српска*, магистерски труд (одбранет на Факултетот за безбедност во Скопје), Бања Лука, 1999.

Папеш Д., *Привредна криминалистика*, Загреб, 1986.

Петровиќ А., *Криминалистичка методика*, Београд, 1978.

Р. С. Белкин, *Курс советској криминалистики*, Москва, 1978.

Џуклески Г., *Вовед во кри*миналистиката, Скопје, 2009.

Џуклески Г., *Даночно затајување*, Скопје, 1998.

Џуклески Г. и Николоска С., *Економска криминалистика*, Скопје, 2008.

*Ass. Professor Goce Dzukleski, PhD*
*Faculty of Security – Skopje*

## *PLANNING AND EXAMINING OF CRIMINALISTIC VERSIONS IN ECONOMIC CRIMES*

***Abstract:*** *In this paper, the intention of the author is directed towards indicating the need of scientific, explorative and empirical activity with the goal of acquiring a more precise answer of the questions related with the criminalistic versions. An attempt is made of enlightening the empirical schools of thought, while affirmating the significant factors of this complex and intricated field – the practical implications of planning and examining of criminalistic versions in economic crimes. We also used the results of the partial research that we conducted within the operative services of the MIA of RM. However, despite the unquestionable justification for conducting researches of this type, as far as the author knows, a full answer of this question hasn't yet been provided in the available theory, neither in Macedonia, nor anywhere else in the world. This is quite understandable, if we keep in mind that we are talking about one of the most difficult questions in criminalistics – interpretation of the criminal act and discovering of the truth thru the criminalistic versions, which, by them self, are neither an interpretation of the act, nor a discovery of truth, but they allow the building of an solid gnoseological foundation for gathering new information, and searching for and discovering of missing links in the information chain. The criminalistic experience has showed that the operative officers, while interpretating a crime, often form (or, lean towards) only one version, and, while persistently forcing it, they neglect the scientific contribution of the criminalistic science in the necessity for forming multiple versions (a plurality of versions). Therefore, the consequences of the one dimensional and superficial approach in the interpretative and discovering activity are numerous, and in the criminalictic practice this approach should be abandoned, while the attention should be directed towards that (criminalistic) aspect, that guides us towards the planning and examining of the versions in general, and particularly in respect to the economic crimes, including the contemporary theoretical approach in the treatment of this issue.*

***Key words:*** *criminalistic versions, planning, examining, strategic criminalistic questions, science, discovering, economic crimes.*

*д-р Борис Мургоски*
Вонреден професор на Факултет за безбедност - Скопје
Email: bmurgoski@fb.uklo.edu.mk

# ЕТИОЛОШКИ ПРОБЛЕМИ ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕТО НА СООБРАЌАЈНИТЕ НЕСРЕЌИ

*Резиме*

*Етиологијата на сообраќајните деликти и несреќи е хомоген збир и синтеза на мултидисциплинарни сознанија за причините, условите и другите фактори кои влијаат на настанувањето на сообраќајните деликти и несреќи. Задачата на етиологијата на сообраќајните деликти и несреќи не е само археолошко посматрање на минатото туку и креирање на иднината.*

*Во таа смисла, низ трудот најпрво се презентираат и актуелизираат сознанијата од областа на криминолошко-етиолошките истражувања во врска со сообраќајната делинквенција, а потоа низ мултидисциплинарен пристап се истражува и анализира мошне сложената проблематика при разјаснувањето и докажувањето на сообраќајните деликти и сообраќајните несреќи.*

***Клучни зборови**: етиологија, сообраќајни деликти, сообраќајна незгода (несреќа), планирање, форензика, криминалистичка обработка.*

## Вовед

Според податоците од Светската здраствена организација (СЗО)[1] во светот годишно во сообраќајни несреќи животот го губат околу 1,2 милиони луѓе (што претставува 2,1% од глобалната смртност). Околу 20-50 милиони лица се повредени и остануваат со доживотни последици. Тоа би значело дека секојднево околу 140. 000 лица се повредени на патиштата ширум светот, над 3.000 умираат и околу 15. 000 се онеспособени до крајот на животот. Притоа, околу 85% од фаталните сообраќајни повреди се во земјите со низок и среден доход. Проценките на материјалните штети од сообраќајните несреќи изнесуваат околу 518 милијарди долари годишно, односно околу 1-2% од бруто националниот доход. Според СЗО, сообраќајните несреќи се втора водечка причина за смртност кај лица на возраст меѓу 5-25 години.

Во Република Македонија, во 2008 година, во патниот сообраќај се случиле 4408 сообраќајни несреќи со 6724 повредени лица и 162 загинати. Во 40% од сите сообраќајни несреќи учесниците се на возраст до 25 години, а една четвртина од загинатите се на возраст под 25 години.[2]

Стратегијата на сите активности на спречување на сообраќајните несреќи мора да се заснова врз точно дијагностицирани состојби и јасно диференцирани услови во кои овие појави се манифестираат. Комплексните влијанија на разните субјективни и објективни фактори можат да се објаснат само врз основа на науката и соодветни научни методи. Во спротивно, превенцијата би се свела на неизучени мерки и стерилни декларации кои не би можеле да го надминат рутинското и позитивистичкото решавање на проблемот.[3]

---

[1] Светска здравствена организација - 2004, СЗО Канцеларија - Скопје, Министерство за здравство; Исто, види и кај: Питр Хју, Поим за глобална безбедност - несреќни закани за безбедноста, Табернакул, Скопје, 2009, стр. 238-255;

[2] Министрство за здравство на Република Македонија, Светски ден за сеќавање на жтрвите од сообраќајни несреќи, Скопје,2009;

[3] Milutinović,M: Kriminologija, Savremena administracija, Beograd, 1981, str. 219-223;

## 1. **Основни карактристики на сообраќајната делинквенција и сообраќајните несреќи со потешки последици**

### 1.1.Основни карактеристики на сообраќајната делинквенција

*Сообраќајната делинквенција* претставува масовна општествено негативна појава, манифестирана низ разновидно противправно општествено опасно однесување во сообраќајот, која резултира со предизвикување, учествување или придонесување во настанувањето на различни штетни појави на загрозување, создавање на опасности или предизвикување на страдања на учесниците во сообраќајот или уништување на материјални вредности. Во изучувањето на тие негативни појави се настојува да се откријаат елементите на појавата, причините или факторите што ги детерминираат и да се изградат систем на мерки за нивно превенирање и сузбивање (спречување). Овој вид на делинквенција е мошне специфичен и се разликува од останатите делинквентни појави, а се карактеризира со три многу впечатливи карактеристики:

1. потенцијални *делинквенти* се сите граѓани, бидејќи целата популација учествува во сообраќајот,

2. сите случувања (настани) во сообраќајот се карактеризираат со *движења* (промена на местата во простор), по правило, со *брзини* поголеми од природните телесни и психофизички можности на човекот, зголемени од моќта на подвижните *механизирани сообраќајни средства,*

3. *опасности* како можност за настанување на несреќи или други страдања на луѓето.[4]

При функционирањето во патниот сообраќаен систем, многубројните и разновидни субјекти, учествувајќи во различни својства и активности (возачи, патници, пешаци итн.), предизвикуваат одредени *неповолни состојби* по безбедноста во сообраќајот на патишата. Тие најчесто се манифестираат како разновидни појави и состојби на *загрозувања* и *опасности* ( т.н. *антецеденти*), а поради кои како последица се продуцираат *сообраќајни несреќи* (т.н. *консеквенти*). Имено, з*агрозувањето* претставува неповолна состојба по безбедноста во сообраќајот на патиштата предизвикана од човекот (најчесто) или природата (поретко), со манифестација на непочитување на правните, техничките и други норми од страна на одделни субјекти во сообраќајниот систем од кои е зависна безбедноста, како на пример: пребрзо возење или неприлагодување на брзината на движење на условите и состојбата на патот во сообраќајот, атмосферските прилики, техничката состојба на возилото, товарот и др.

*Опасноста* е повисок степен на загрозеност (т.н. состојба „за малку несреќа"), која во основа се дефинира како можност од несреќа, како лична состојба (состојба на опасност) во која, според општите искуства и знаења, може секој момент да се очекува штетен или опасен настан.

*Сигурноста* подразбира, пред сѐ, состојба на рамнотежа во надворешниот свет, во кој, поради организирани човечки активности, не се очекува настапување на предвидено или непредвидено штетен или опасен настан кој би можел да ја загрози безбедноста на луѓето, нивниот живот и здравје или заштитената човекова околина. Сигурноста може да се определи како внатрешно чуство на човекот (*чуство на сигурност*), ако е реалистично, значи доживување на надворешниот свет без очекување на штетен или опасен настан, или дека таков заканувачки настан нема, или дека

[4] Види: Шепаровиќ, З, Страдања у промету - сигурност и одговорност, Загреб-Београд,1987,str.97;

неговото настапување со свесна акција на мерки за сигурност е исклучено или, повеќе или помалку, оддалечено.

*Сообраќајна несреќа,* претставува највисок степен на загрозување и опасност, односно кулминација (финализирање) на неповолните состојби по безбедноста на сообраќајот на патиштата, со манифестација на конретни - *штетни материјални последици, загуби на човечки животи, повреди на човечкиот интегритет (телесни повреди) и уништување или оштетување на имотот.* [5]

## 1.1. Некои основни феноменолошки и етиолошки карактеристики на сообраќајните несреќи

Феноменологијата на сообраќајните несреќи би можеле најкратко да ја дефинираме како наука за манифестациите на сообраќајните несреќи низ опишување и изучување на обемот, распространетоста, структурата и динамиката на појавните (надворешните) облици. Покрај нив, исто така, се изучуваат и последиците, начинот на извршување на несреќите, однесувањето и типологијата на делинквентите кои ја предизвикале незгодата. [6]

Етиологијата на сообраќајните несреќи е наука која ги изучува причините, условите и другите фактори поради кои настануваат сообраќајните несреќи. Таа е своевиден хомоген збир на мултидисциплинарни сознанија за причините, условите и другите фактори кои влијаат на настанувањето на овие општествено негативни и опасни појави кои продуцираат огромни штетни последици во сообраќајот.[7]

Во продолжение ќе презентираме некои од основните феноменолошки и етиолошки карактеристики на сообраќајните несреќи во Република Македонија.

**Табела 1: Сообраќајни несреќи со потешки последици**[8] :

| Година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | Вкупно: (2004-2008) | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Со загинати лица<br>- загинати лица- | 133<br>**(155)** | 123<br>**(143)** | 130<br>**(140)** | 147<br>**(173)** | 155<br>**(162)** | 688<br>**(753)** | 138<br>**(151)** |
| Повредени лица | 1,854 | 2,698 | 3,183 | 3,890 | 4,248 | 15,873 | 3.175 |
| Матерјална штета | 28 | 9 | 7 | 3 | 5 | 52 | 10 |
| **ВКУПНО** | **2,015** | **2,830** | **3,320** | **4,040** | **4,408** | **16,613** | **3.327** |

Анализирајќи ги наведениве податоци (Табела-1), од регистрираните потешки сообраќајни несреќи, по видови, во набљудуваниот петгодишен период (2004-2008), може да се забележи дека, просечно годишно предоминираат сообраќајните несреќи со повредени лица 3.175 (95,55%), потоа следат сообраќајните несреќи со загинати лица 138 (04,14%) во кои просечно годишно животот го губат 151 лица, а останатите 10 (0,31%) се со голема материјална штета.

Секој ден (во текот на 2007 година) во Република Македонија[9] се случувале 51,5 сообраќајни незгоди, кои вклучуваат 11,4 незгоди со повредени лица. Во просек, бројот

[5] Види повеќе: Мургоски, Б; Некои прашања во врска со сообраќајните несреќи и криминалистичката обработка, Научно списание, Битола, 2007, стр.42-47;

[6] Види повеќе: Арнаудовски, Љ, Криминологија, Скопје,2007 стр. 310; Иниќ, М, Безбедност друмског саобраќаја, Београд, 1987, стр.113-115;

[7] Види: Арнаудовски, Љ, сп.труд. стр. 520 ; Иниќ, М сп.труд, стр.115-157;

[8]Преглед за безбедносната состојба во патниот сообраќај во Република Македонија, Скопје, август, 2009;

[9] Види: Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, Скопје, ноември, 2008, стр.9;

на загинати лица дневно изнесува 0,39, бројот на сериозно повредени 3,1, а бројот на лица со лесни повреди 8,3.

**Табела 2: Структура на учесниците во сообраќајните несреќи**:

| Година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | Вкупно (2004-2008) | Просек % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно учесници | 4.921 | 6.988 | 8.188 | 9.995 | 11.084 | 41.176 | 100,00 |
| Возачи | 3.170 | 4.429 | 5.357 | 6.581 | 7.351 | 26.888 | 65,28 |
| Патници* | 1.159 | 1.664 | 1.894 | 2.378 | 2.626 | 9.721 | 23,60 |
| Пешаци | 591 | 895 | 937 | 1.036 | 1.107 | 4.566 | 11,08 |
| Останати | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | | / |

Во поглед на структурната застапеност во сообраќајните несреќи (Табела -2), може да се забележи дека во вкупниот број учесници предоминираат возачите со 26.888 (65,28%) случаи, потоа патниците со 9.721 (23,60%) случаи, а пешаците се застапени во 4.566 (11,08%) случаи.

Тоа значи дека во текот на годината, само поради патните сообраќајни несреќи, во просек, од демогравската карта во Македонија исчезнува скоро по едно помало село и една училишна паралелка. Податоците се доволно алармантни, но негативните трендови во (не) безбедноста во патниот сообраќај се уште поалармантни, загрижувачки и неприфатливи како во светот воопшто така и за нашето општество, посебно. Оттука, безбедноста на патиштата во светот и кај нас се смета за сериозен, сложен и актуелен безбедносно-сообраќаен и јавно-здравствен проблем.

Во поглед на прашањето за основните причини (грешки) за настанувањето на сообраќајните несреќи, анализирајќи ги наведените податоци (Табела -3), може да се забележи дека предоминираат грешките кои ги прави субјективниот фактор - човекот во 87% (во својство на возач и пешак), додека останатите фактори се застапени со 13%. При тоа, возачите (во 80%), не почитувајќи ги правните, техничните и етичките норми во сообраќајот, ги манифестираат најчесто следниве грешки: пребрзо возење во 34% случаи, непочитување на првенство на минување - 16%, неправилно движење и свртување - 11%, недржење страна и правец на движење - 9%, непрописно престигнување - 6%, возење под дејство на алкохол - 4%, пешаците, пак, се предизвикувачи на 7% од сообраќајните несреќи.

**Табела 3. Основни причини за сообраќајни незгоди со потешки последици**:

| Година | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | Вкупно 2004-2008 | Просек % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пребрзо возење | 704 | 990 | 1 124 | 1 431 | 1 461 | 5,710 | 34 |
| Непочитување првенство на минувње | 273 | 419 | 578 | 653 | 757 | 2,680 | 16 |
| Неправилно движење и свртување | 171 | 297 | 380 | 468 | 539 | 1,855 | 11 |
| Грешка на пешаци | 146 | 255 | 238 | 237 | 254 | 1,130 | 7 |
| Страна и правец на движење | 199 | 231 | 295 | 342 | 423 | 1,490 | 9 |
| Непрописно престигнување | 135 | 158 | 175 | 219 | 231 | 918 | 6 |
| Алкохол | 129 | 143 | 102 | 140 | 133 | 647 | 4 |
| Останато | 258 | 337 | 428 | 550 | 610 | 2,183 | 13 |
| Вкупно | 2 015 | 2 830 | 3 320 | 4 040 | 4 408 | 16,613 | 100 |

Покрај наведениве, тука се и други грешки како што се: возење во забранет правец на едносмерен пат; недржење на потребно растојание, непрописна употреба на светла; непрописно влечење на приклучни возила кои се во дефект (шлепување) и др. Одреден број од несреќите се поради грешки од страна на другите учесници во сообраќајот (пешаци, јавачи и терачи на стока), на кои во оваа прилика нема да се задржуваме.

Исто така, покрај овие најчести причини за сообраќајни несреќи, тука се и другите бројни историски, културни, демографски, економски, географски услови, разни дестимулативни фактори итн. Секоја од овие причини, односно фактори можат сами или заедно со другите причини, без или со асистенција на разни други услови и околности, да доведат до какви било грешки, односно опасности кои ќе се конкретизираат во сообраќајни несреќи.

Во литературата[10] и практиката денес, различни се проценките за придонесот на поедините фактори за безбедноста во сообраќајот, така на пример: на *субјективниот фактор* се припишуваат 75-95% од сите сообраќајни несреќи, додека на *објективниот* од 25-5%, а некои одаат уште подалеку кога истакнуваат дека „ *сите незгоди можат да се објаснат низ пропустите -грешки на човекот*". Спрема некои меѓународни статистики, незадоволителната *состојба на патот* како фактор за настанување на сообраќајните незгоди се: 2% во Англија, 4% во Белгија и Ирска, 25% во СР Германија, 6% во поранешна СФРЈ, 5% во Р.Македонија; а *техничките недостатоци на возилото* во 7% во Италија, 6% во Франција, 3,5% во Швајцарија, 3% во СР Германија и САД, 5% во поранешна СФРЈ, а во Р. Македонија околу 4%.

Тешко е на местото на несреќата да се утврди сложената интеракција, корените, структурата и законормерностите на делување на бројните фактори. Истражувањата вршени со споредување на причините за сообраќајните несреќи наведени во статистичкиот лист (образец СН-1), кој се пополнува при вршење на увид на сообраќајните несреќи (МВР) и во судските списи (документи - одлуки), покажуваат значајни разлики од 1/3 кај главните - непосредните фактори и во 10% кај посредните фактори. Покрај тоа, полициските органи во статистичкиот лист не секогаш ги внесуваат објективните факти, бидејќи тогаш не се покренува судска постапка (затоа што нема субјективна одговорност) во која, со изведување на разни докази, може многу подобро да се утврди вистината, како и поради ризикот дека би можеле да бидат обвинети за субјективност (поради не покренување на постапка). Праксата во статистичкиот лист да се наведува само еден фактор, односно причина ги деформира фактите и ги запоставува другите многубројни фактори (услови и околности) кои, набљудувани заедно, имаат големо значење во разјаснувањето на каузалните, т.е. причинско - последичните односи во несреќите. Всушност, тоа се основните причини што во статистиките за сообраќајни несреќи доста мал процент се припишува на објективните фактори, пред сè на патот и возилото, а коешто залужува посеризен пристап и внимание.[11]

## 2. *Криминолошки и криминалистички аспекти на причиноста и детерминизмот кај сообраќајните несреќи*

Истражувањата на причините, и во природните и во општествените науки, е најрационалното од сите човечки настојувања. За да може да делуваме на некоја појава, да ја моделираме или оневозможиме, мораме да знаеме зошто и како таа

[10] Види повеќе: Rotim, F, Elementi sigurnosti cestovnog prometa – ekspertize prometnih nezgoda, Zagreb, 1990, str.21; Кралев.Т, Кривично-правните и криминолошките аспекти на сообраќајната делинквенција, Скопје,1994, стр.67-78;

[11] Види:Иниќ, М, сп.труд, стр,121;

настанала. Историјата на принципите на каузалноста „накусо е историја на науката"[12]. Во теоријата и во праксата постојат различни сфаќања за причините за сообраќајните несреќи. Едни го застапуваат *монистичкото сфаќање*, според кое сообраќајните несреќи настануваат поради една причина. Други сметаат дека сообраќајните несреќи се резултат на поголем број на причини, и тие се застапници на *плуралистичко - мултикаузалното сфаќање*. Покрај оние кои ги застапуваат овие две дијаметрално спротивни сфаќања постојат и оние кои по своето сфаќање се некаде помеѓу нив. Едни монокаузалноста ја интерпретираат на тој начин што сметаат дека на настанувањето на сообраќајните несреќи влијаат повеќе фактори, но еден има решавачко влијание. Другите сметаат дека сообраќајните несреќи се резултат на дејствувањето на поголем број фактори, кои, со својата вкупност, претставуваат причина во финална смисла на каузалитетот[13].

При разработката и објаснувањето на причиноста (каузалитетот) и причините во криминологијата[14] и криминалистиката[15], треба да се каже дека овие два поима не претставуваат синоними за иста појава. *Причиноста* е теоретско-филозофска категорија која опфаќа и методолошки постапки на утврдување на теоретскиот концепт од кој се тргнува во објаснувањето на причинските врски што доведуваат до една појава и средствата и методите што се применуваат во нивното откривање и утврдување, а *причините* се посредни и непосредни сили, фактори, врски, влијанија што предизвикуваат одредена последица. Дијалектичкиот материјализам причиноста ја определува како објективна, сеопшта, генетичка врска меѓу појавите[16].

Во суштина*, причиноста* се сфаќа како заемно дејствување на малку или повеќе елементи, процеси и состојби едни врз други кои се наоѓаат во меѓусебен однос во повеќе услови и последици " каде што условите и последиците постојано ги менуваат своите места, каде што она што сега и овде е последица, таму и тогаш станува причина, и обратно" (Енгелс). Ова е дијалектичко сфаќање на причинско-последичните односи и врски во објективната стварност во која постои заемно делување (каузалитет) на условите, причините и поводите што ги предизвикуваат последиците кои, од своја страна, повратно делуваат на условите кои ги создале. *Причини* се оние (пресудни, одлучувачки) услови кои во мноштвото на останатите услови, со своите поинтензивни и поактивни делувања (дејствувања), предизвикуваат и, заедно со останатите услови, ја определуваат предизвиканата појава. Наместо за причини, се зборува за *фактори* во смисла на чинители, творци, елементи, подвижна сила или еден услов на некоја појава или процес. Факторот, исто така, се сфаќа како *сила* која ги предизвикува дејствијата на предметите, целините и структурата, со што ги трансформира, односно ги преструктуира.

Според тоа, би можеле да кажеме дека *причината* е услов или збир на услови кои се во состојба да доведат до настанување на некоја последица, односно појава, во овој случај за сообраќајна несреќа**.** По својот интензитет причината има сила на непосредно влијание - предизвикување на сообраќајната несреќа. Кај сите други фактори интензитетот на влијание е поинаков и помал. Под непосредно влијание ја

---

[12] Види: Шепаровиќ, З.сп.труд, стр.211

[13] Види: Иниќ, М., сп.труд. стр 113.

[14] Види: Арнаудовски, Љ., Криминологија, Скопје,2007, стр.527-529;

[15]Види:Водинелиќ, В., Криминалистика (откривање и докажување), Скопје,1985, стр. 245; Ангелески М., Криминалистичка тактика, Скопје, 2003, стр.56;

[16] Види: Milutinović M., Kriminologija, Beograd,1981, стр.285-291; Арнаудовски, Љ., сп.труд.стр..528,; Иниќ, М., сп.труд.стр. 117; Шепаровиќ, З., сп.т. стр.115. Makra, A., Prometna delinkvencija, Zagreb, Priručnik-3, 1988,str,85;

подразбираме каузалната врска помеѓу една појава како причина (алкохол, замор или друг фактор), кој непосредно ја предизвикал сообраќајната несреќа.

*Условите* овозможуваат, создаваат амбиент, средина, асистираат, го олеснуваат дејството на непосредната причина**.** Без нив ни непосредната причина не би имала такво дејство. Многубројни се условите од кои зависи безбедното одвивање на сообраќајот. Тука, пред сѐ, мислиме на општествените услови (општествената дезорганизација во оваа област, социо-патолошките појави, економските и културните услови, слабата превенција, нестручноста и неефикасноста на општествениот механизам кој ги спроведува мерките за општествените регулации и интервенции во оваа област итн.), природните услови (температура, магла, снег, мраз и др.) и еден број на фактори од техничка природа.

Под *повод* подразбираме надворешни влијанија кои влијаат на однесувањата, односно тие кои непосредно предизвикуваат одлука за однесување (брзање, непотребни и нелогични ограничувања во сообраќајот, присуство на некои лица, наговарање и др.). Делувањето на поводите зависи од својствата на личноста и од надворешните околности. Некогаш истовремено делуваат повеќе поводи. Некои поводи, по својот карактер и дејство, спаѓаат во услови со специфични својства. Утврдувањето на поводот може да биде етиолошки значајно бидејќи преку нив може да се утврди структурата на личноста на сообраќајниот делинквент и некои елементи значајни за неговата одговорност и ресоцијализација.

Некогаш е тешко да се изврши јасно разграничување помеѓу условите и поводите, бидејќи и во рамките на секој од овие фактори постои голема хетерогеност во поглед на непосредноста и силата на настанувањето на сообраќајната несреќа. На пример, немаат сите услови исто влијание врз настанувањето на овие појави.

Притоа, многубројните фактори се разновидни по својата физичка природа, појавни облици, потекло (извори), содржина, динамика, достигнувања и, поради тоа, се разликуваат според големината, непосредноста и силата на влијанието за настанување на сообраќајните несреќи. Едни имаат непосредно и силно влијание врз настанувањето на сообраќајните несреќи, додека другите само ги создаваат условите, асистираат, овозможуваат и го олеснуваат дејството на непосредните причини. За да се сфати законитоста на јавувањето на сообраќајните несреќи, потребно е да се диференцираат сите фактори според степенот на интезитетот на своето влијание и да се утврди кои фактори имале сила на непосредно влијание (предизвикувачи), а кои фактори имале помало влијание. Оттука, потребно е да се определат поблиску природата, непосредноста и силата на влијанието за настанувањето на сообраќајните несреќи на некои од овие фактори.

*Објективните* и *субјективните фактори* не делуваат изолирано, туку претставуваат структурна целина, кои се разликуваат по силата на своето влијание, поради што е многу тешко да се мери колку и кој од факторите делувал во таа конкретна инеракција. Некои од факторите се појавуваат кај повеќе, а некои кај помал број на сообраќајни несреќи. Факторите кои кај една несреќа имаат решавачко влијание, во друга имаат споредна улога или воопшто не се појавуваат. Некои несреќи се последица на делување на повеќе, а други на помал број на фактори.

Природата и меѓузависноста на овој комплекс на фактори е таква што тие повеќе се испреплетуваат, а помалку се изолираат. Таа испреплетеност се јавува во разни облици како синтеза, а не како механички збир. Тие не делуваат секогаш во иста смисла, туку многу од нив често ги менуваат местата. Некои, кај голем број несреќи, се појавуваат како решавачки фактори, додека кај другите, сами по себе, не предизвикуваат, туку им олеснуваат и овозможуваат на другите фактори дејство на непосредна

причина. Тие практично асистираат, бидејќи без нив ни овие други фактори не би имале такво дејство.

Сообраќајната несреќа како специфичен социјално-биолошко-психолошко-технички настан, низ хеуристичкиот процес на откривање, истражување и докажување во рамките на криминалистичката обработка[17], а потоа низ мултидисциплинарен, форензички пристап[18] и вештачења, би можела ефикасно и ефективно да се истражува и да се разјаснува нејзината конкретна суштина. Да се открие кривично дело против безбедноста во сообраќајот во конкретна сообраќајна несреќа значи темелно истражување и суштинско поврзување на фактите на таа несреќа во таков систем кој со сигурност го докажува нејзиното постоење. Решавањето на проблемот се наоѓа, како што е видливо, во дијалектичкото учење за нераскинливото единство на појавата и нејзината суштина.

**Заклучни разгледувања*:***

За организирана, смислена, адекватна, целесообразна, рационална, а со тоа и ефикасна општествена реакција на негативните општествени појави во сообраќајот, посебно на сообраќајните несреќи, нужно е да се познават етиолошките, феноменолошките и другите карактеристики на овие појави.

Да се утврдат корените, непосредните детерминантни фактори, причинскиот комплекс, структурата, причинскиот однос, законитоста на делувањето на бројните чинители кои придонесуваат за настанување на сообраќајните незгоди како индивидуални и масовни појави, нивната природа и нивниот етиолошки однос е многу сложена работа. До валидни одговори можеме да дојдеме само врз основа на резултати од разни научни дисциплини, а пред сè, социологијата, психологијата, криминологијата, физиологијата, правото, техниката, физиката, судската медицина, криминалистиката, форензиката и другите науки .

При обработката на сообраќајните несреќи од страна на криминалистите (полициско-криминалистичкиот работник, истражниот судија и вештаците) неопходно е потребно планско, методично и систематско постапување за да можат стручно, совесно и целосно да ги истражат сите конкретни услови и околности кои придонеле за настанување на сообраќајната несреќа и да дадат предлози за разработување и оживотворување на профилактички мерки на соодветните фактори за безбедност на сообраќајот.

Единствено правилен стратешки правец при градењето на доказната зграда во предистражната и кривичната постапка, кога е тоа можно, е да се премине на *комбиниран доказ,* кој се состои како од персоналните (личните) така и од реалните (материјалните), како од непосредните така и од посредите докази. На тој начин, поединечните видови на докази меѓусебно се надополнуваат и проверуваат, потврдуваат или порекнуваат. Оттука, комбинираниот доказ, природно, вреди толку колку што се важни неговите елементи.

Во тој правец, потребно е континуирано стручно доопсосоување на криминалистите низ разни форми (советувања, семинари, стажирање во Секторот за криминалистичко-технички вештачења на МВР), како и активно следење на стручната литература и научните достигнувања во таа област.

[17] Види повеќе: Мургоски, Б., Криминалистичка обработка на сообраќајните несреќи, Факултет за безбедност, Годишник, 2008, стр. 87;
[18] Види: Ендрју Р.В.Џексон И Џули М.Џексон, Наука за форензика, 2009, Нампрес, Скопје, стр.48-85; и Слнчомил Велјанов, Форензичка криминалистика (Прирачник), Скопје,2009;

**Користена литература**:

Арнаудовски Љупчо, 2007, Криминологија, 2-ри август,Штип;
Арнаудовски Љупчо,1988/89, Скопје, Етиологија на сообраќајната деликвенција-за едн пристап кон нејзиното изучување, Годишник на Правниот факултет.
Ангелески Методија,2003: Криминалистичка тактика, Скопје.
Ангелески Методија, 2005: Оперативна криминалистика, Скопје.
Водинелиќ Владимир, 1985: Криминалистика(откривање и докажување - прв том), Скопје,
Водинелиќ Владимир, и др. 1986: Саобраќајна криминалистика, Београд.
Водинелиќ Владимир, 1989: Шта је предмет прометне криминалистике? Приручник, бр.2, Загреб.
Горкиќ Саво, 1981: Медицинска криминалистика, Београд.
Иниќ Милан, 1987: Безбедност друмског саобраќаја, Београд.
Камбовски Владимир, 1982: Кривично право(посебен дел), Скопје.
Кралев Тодор, 1994: Кривично-правните и криминолошките аспекти на сообраќајната деликвенција, Скопје.
Лукиќ Михајло, Пејаковиќ Самуило,1975: Судска медицина, Београд.
Марјановиќ Ѓорѓи,1988: Кривично право(општ дел), Скопје.
Матовски Никола, 2003: Казнено процесно право, Правен факултет,Скопје.
Макра Андрија, 1988: Прометна делинквенција, Приручник, бр.3, Загреб.
Милутиновиќ Милан, 1981: Криминологија, Београд.
Мургоски Борис,2008: Криминалистичка обработка на сообраќајните несреќи, Факултет за безбедност, Годишник, Скопје.
Ротим Франко, 1990: Елементи сигурности цестовног промета
(експертизе прометних незгода), Загреб.
Џуклески Гоце, 2006: Вовед во Криминалистика, Скопје.
Шепаровиќ Звонимир, 1987: Страдање у промету (сигурност и одговорност),
Загреб-Београд.

*Boris Murgoski, PhD*
*Faculty of Security- Skopje*

### *ETIOLOGICAL PROBLEMS IN INVESTIGATING TRAFFIC ACCIDENTS*

***Abstract***

*The etiology of traffic accidents is a homogeneous collection and synthesis of multidisciplinary findings about the causes, conditions and other factors affecting the occurrence of traffic accidents. The task of the etiology of traffic accidents is not a mere archaeological observation of the past, but creation of the future as well.*

*In that sense, the author presents the findings from criminalistic and etiological researches on traffic delinquency and through a multidisciplinary approach explores and analyzes the very complex issue of clearing up and proving traffic accidents.*

*Key words: etiology, traffic accidents, planning, forensics, criminalistic processing*

*д-р Звонимир Џорџевиќ*
вонреден професор на Интернационален
универзитет - Нови Пазар
E-mail: pelikanp.f.c@hotmail.com;

# „ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА-ДЕФИНИРАЊЕ, ПОЈАВНИ ОБЛИЦИ И СОСТОЈБИТЕ СО КОРУПЦИЈА ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ СЕКТОРИ, ВКЛУЧИТЕЛНО ВО ПОЛИЦИЈАТА, СО ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА"

*Апстракт*

*Организираниот криминалитет, и перењето пари и корупцијата, како специфични видови, претставуваат универзално општествено зло и директно влијаат врз намалувањето на политичката и економската моќ на секое општество. Посебна опасност постои кога се воспоставува врска помеѓу криминалните структури и поедини власти на државата. Зошто таа „спрега" е цврста и разгранета, и зошто сите обиди за откривање, спречување и сузбивање на организираниот криминал се покажале неуспешни. За какви форми се работи*?

## 1. **Организиран криминал (поим, дефинирање и карактеристики)**

Основен проблем на овој вид на криминалитет, чија "темна бројка" е голема, е непостоењето на негова единствена дефиниција. Според мислењето на Walter Reckless. организираниот криминал е цврста и структурирана форма на криминално однесување со точно определена работна организација, структурирана во синдикати и останати хиерархиски организирани облици во криминалниот свет. О. Boettcher нагласува дека организираниот криминал се одликува со: заедничко работење на повеќе лица (кои се стремат тоа да биде тајно), со цел да се оствари директно или индиректно профит или, пак, притисок во областа на јавниот живот. Комитетот на конфедерални министри за внатрешни работи на Германија смета дека под организиран криминал не се подразбира само мафија или слично организирано друштво, туку и свесно и волно заедничко работење на повеќе лица заради вршење на кривични дела, често со користење на модерна инфраструктура, со цел што побрзо да се остварат високи финансиски добивки.

На Конференцијата за меѓународен криминалитет одржана 1999 година при ООН изнесен е податокот дека оргнизираниот криминал денес во светот прави обрт од околу три илјади милијарди долари годишно. Прометот само од хероин, кокаин и канабис се проценува на околу илјада милијарди долари, а перењето пари во 2001 година на петстотини милијарди долари. Она што посебно го карактеризира организираниот криминал е цврстата поврзаност и финансиската фундираност којашто ги прави моќните криминални организации многу функционални. Со интензивниот развој на светската комуникација, може да се очекува криминалната поврзаност да биде уште поцрвста и посилна.

Изразот "организиран криминалитет" прв пат се јавува во Англија во почетокот на XVIII век кога една банда на крадци е наречена со ова име. Оваа криминална банда, чиј водач бил Jonathan Wild, покажала одредени специфичности. Членовите на бандата најнапред краделе одредени работи така да сопствениците можеле да ги пронајдат и им ги враќале за голема парична добивка, или им ги продавале. За одредени облици на организирани криминални активности се користи како синоним и борот мафија. На

меѓународен план, изразот мафија се користи за означување на криминални активности на одрдена криминална организација во одредени земји (италијанска, руска, албанска, колумбијска), иако самиот назив "мафија" првобитно бил резервиран за „Cosa Nostra" која се појавила на Сицилија во Италија.

При дефинирањето и анализа на поимот организиран криминалитет, мислењата на различни автори условно се систематизираат во две групи. Од една страна, некои автори сметаат дека, покрај основните елементи кои го карактеризираат организираниот криминалитет, се наведуваат и задолжителната поврзаност на криминалната организација со државата и нејзините органи, и другата група која, пак, не смета дека има потреба од задолжителна соработка со истите.

Авторите како M.A. Eliot[1] и H.H. Schneider[2] сметаат дека организираниот криминалитет, покрај организираноста и планирањето, споделува и дисциплина и одговорности, чија цел е остварување на профит, а опфаќа и одредена поврзаност со државата и некои нејзини органи, најчесто со оние кои го применуваат законот – полицијата, правосудните органи и корумпираната власт, така што организираниот криминалитет неоткриено влегува во легалниот деловен свет. Германскиот криминолог Gunther Kaiser[3] смета дека организираниот криминалитет се карактеризира со следните карактеристики: постапување по план, здружување на повеќе лица во заедница чија цел е остварување профит, организирана структура, поврзување на илегални и легални работи, флексибилна технологија на дејствување, користење техничка инфраструктура, вршење притисок врз политиката, медиумите, јавната управа, правосудството, економијата, како и интернационален карактер. Во италијанската литература поимот организиран криминал се определува на повеќе начини. Giovanni Fiondaca[4] наведува четири услови според кои дејноста на криминалните банди може да се смета како организиран криминал. Тоа е организациона димензија (да постои криминална организација), организирање на криминални активности од економски тип (криминална коорпорација), употреба на насилство заради зачувување на позицијата или монопол, односно зголемување на профитот, но и финансирање на убиства заради спречување примена на правото или донесување на политички одлуки кои ги загрозуваат, како и корупција на полициските, судските и политичките извршни власти. Ernesto Savona[5], кој многумина го сметаат за еден од најдобрите познавачи на проблематиката на организираниот криминалитет во Европа, издвојува негови клучни карактеристики: организираност и кооперативност на повеќе престапници, користење на насилство и корупција заради олеснување на вршење на нивните активности, прикривање на криминалните активности преку легални дејности и корпорации, чија главна цел е прибавување на профит, и транснационална природа - нивните дејности ги преминуваат националните граници.

За разлика од претходните сфаќања, авторите J.C. Kinney[6] и E. Rosman истакнуваат дека за постоење на организиран криминал не се потребни задолжителни врски со државата и нејзините органи, туку е доволно да се работи за криминална организација со цврста структура, планирани криминални активности, или таа иста организација да врши одредени криминални дејности (рекетирање, проституција, комар, трговија со дрога). Слично мислење застапува и D. Vens[7] кој под организиран криминалитет подразбира активности на некоја група чија цел е профит и широк

[1] M.A.Elliot Crime in modern Society, 1962, стр. 114
[2] H.H.Schneider, Kriminologie, Berlin, New York, 1972, стр. 106-117
[3] Gunther Kaiser, Kriminologie, J. Auflage, C.F. Muller, Juristisher Verlah, Heidelberg, 1993
[4] Fiondaca G. Criminalita e controlepenale, 1991, стр. 37-40
[5] Savona E., Organized Crime Across the Borders, Preliminary Results - Heuni Popens No 6, Helsinki, 1995
[6] J.C. Kinney, Constructed Tipology and Social Theory, New York, 1966, стр 203
[7] D.Vens, Organised Payment Card Crime, London 1996

спектар на криминални активности за подолг временски период, често од меѓународен карактер.

H. Abadinsky[8] дава сеопфатна и според многу автори најдобра дефиниција за организираниот криминалитет: Организираниот криминалитет е неидеолошко здружување на одреден број на лица кои меѓу себе остваруваат многу блиска општествена интеракција, организирана на хиерархиска основа од најмалку три нивоа, а со цел за обезбедување профит и моќ, благодарение на учеството во незаконски и законски активности. Позицијата во хиерахијата и позицијата на функционалната специјализација мора да биде пренесена на роднинска или пријателска основа, или рационално пренесена врз основа на вештината на оној на кого му се доделува позицијата. Постојаноста на членовите се подразбира, а членовите се стремат да го зачуваат интегритетот на своето здружение и активности во следењето на целта на организацијата. Организацијата употребува насилство или се служи со поткуп заради остварување на своите цели или заради обезбедување на дисциплина. Членството е со рестриктивен карактер, меѓутоа, некои членови може да бидат вклучени во активности во посебни ситуации. Постојат експлицитни правила, вербални или пишани, чија примена се обезбедува со заканување со одредени санкции кои вклучуваат и убиства.

На ниво на Европската унија, усвоена е една оперативна дефиниција на организираниот криминалитет која се сведува на определување на 11 критериуми (односно особини на одредено здружување). Тоа се следните карактеристики: 1) делување на повеќе од две лица, 2) секој член на организацијата има своја улога, 3) организацијата делува на подолг или неопределен период, 4) во неа постојат одредени облици на дисциплина и контрола, 5) припадниците на организацијата вршат тешки кривични дела, 6) организацијата делува на меѓународно ниво, 7) организацијата употребува насилство и средства за застрашување, 8) припадниците на организацијата користат економски структури или други профитно ориентирани институционални облици, 9) организацијата е вклучена во перење на пари, 10) организацијата остварува влијание врз политичката структура, средствата за јавно информирање, извршната власт, правосудството или стопанските субјекти, 11) припадниците на организацијата делуваат заради остварување на профит, односно моќ.

Покрај тоа, доколку се присутни најмалку шест од наведените карактеристики, одредена криминална активност може да се смета за организиран криминалитет од кои задолжителни се следните: 1) учество на повеќе од две лица, 2) вршење на тешки кривични дела, 3) кривичните дела да се вршат заради постигнување профит или моќ.

Игњатовиќ, Ѓ.[9] го дефинира организираниот криминалитет како вид на имотен криминалитет, а се карактеризира со постоење на криминална организација која обавува континуирана стопанска дејност, користејќи при тоа насилство и корупција на носителите на власта. Васиљевиќ, В.[10] го доведува организираниот криминал во врска со државата, преку положбата што ја остварува кон органите на власта и преку незаконитата дејност на државата во подмирување на одредени потреби, што доведува до легализација на противзаконитите активности на организираниот криминал. Според Радовановиќ, Д.[11] организираниот криминал, по дефиниција, мора да биде во спрега со државата и не може да постои без соработка со властите, додека според Мршевиќ, З.[12] организираниот криминал не може да ги извршува своите активности без, барем пасивно, допуштање на нивните операции од страна на органите на правната присила.

---

[8] Abadinsky, H., Organized Crime, Third Edition, Chicago, 1990 стр. 1-6.
[9] Ignjatovic, Dj., (1998) Organizovani kriminalitet, Policijska akademija, Beograd, стр 25.
[10] Vasilijevic, V., Prevencija i represija organizovanog kriminala, Bezbednost i drustvena samozastita, Beograd.
[11] Radovanović, D., Kriminalce štiti država, članak objavljaven u „Večernjim novostima„ 1993
[12] Mršević, Z., Organizovani criminal, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd

Водинелиќ, В.[13] организираниот криминал го поврзува со одредени државни органи и економски и финансиски структури кои имаат големо влијание во деловниот свет.

Законот за организација и надлежност на државните органи во сузбивањето на организираниот криминал во Република Србија[14], во чл. 2 дефинира дека организираниот криминал претставува вршење на кривични дела од страна на организираните криминални групи, односно други организирани групи или нејзини припадници за кои е предвидена казна затвор од четири години или потешка казна. Во истиот закон, во наредниот член, ст.1 се определува дека организирана криминална група е група од три или повеќе лица која постои одредено време и делува спогодбено со цел вршење едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од четири години или потешка казна, заради постигнување, посредно или непосредно, финансиска и друга материјална користи. Во истиот член, ст.2, законодавецот под друга организирана криминална група подразбира група која не е формирана заради непосредно вршење на кривични дела, ниту има таква развиена криминална структура, дефинирани улоги и континуитет на членовите на своите припадници, меѓутоа е во функција на организираниот криминалитет.

Законот за кривична постапка на Република Србија ја определува содржината на поимот организиран криминал така што утврдува три важни услови: да е извршено кривично дело како резултат на организирано дејствување на повеќе од две лица, нивната цел да е вршење на тешки кривични дела и постигнување на добивка и моќ. Според овие услови, овој Законик набројува и останати, од кои за да постои кривичното дело организиран криминал мора да бидат исполнети најмалку три, а тоа се следните: секој член на криминалната организација да има однапред определена задача или улога, дејноста на криминалната организација да е испланирана на подолго време или неограничено, дејноста на организацијата да се заснова на одредени правила, контрола и дисциплина на членовите, дејноста на организацијата да се подготвува и врши во меѓународни размери, во вршењето на дејноста да се применува насилство или заплашување или да постои спремност за нивна примена, во вршењето на дејностите да се користат стопански или деловни структури, да се користи перење на пари или незаконско стекнување на добивка и да постои влијание на организацијата или нејзините дела врз политичката власт, медиумите, извршната или судската власт, или на други општествени или економски вршители. Треба да се има во вид дека органите за внатрешни работи се единствените кои во секоја ситуација објективно можат да се ангажираат на преземање одредени мерки за сузбивање на криминалитетот, т.е. да откријат кривични дела, да соберат податоци и факти заради докажување на кривичното дело и неговите извршители.

Европскиот Совет, во својата резолуција од 21.12.1998 година предвидел низа на мерки за спречување на организираниот криминал со инсистирање да се направи општа стратегија за борба против него. Резолуцијата инсистира на соработка, односно координација на националните безбедносни служби во спротивставувањето на организираниот криминал. За соработка и спречување на меѓународниот криминал посебно значење има Конвенцијата на ООН за борба против транснационалниот организиран криминал со протоколите од 2000 год.

[13] Vodinelić, V., Kriminalitet sa mrežnom strukturom i organizovani kriminalitet profita, Beograd
[14] Službeni list SRJ, br.70/01 i 68/02, Službeni glasnik RS br. 85/04 i 85/05

## 2. Корупција

Етимолошки корупцијата потекнува од латинскиот збор “corrumpere” што значи поткупување, подмитување и сл., како и од латинскиот збор “corruptus” - расипан. Корупцијата го следела развојот на општеството и постоела уште од античкиот период, манифестирајќи се низ различни облици. Таа во текот на историскиот развој продирала сè подлабоко во коридорите на апаратот на државата и делувала како опиум на структурите на државните службеници кои единствено “излез наоѓале во организираниот криминалитет, односно корупцијата”. Степенот на нејзината присутност во едно општество е одраз на политичко-безбедносната и правната положба во која се наоѓала државата.

Организираниот криминал и корупцијата како специфичен вид на негово извршување претставува универзално општествено зло и директно влијае на смалување на политичката и економската моќ на секое општество. Во процесот на развој на организираниот криминал подмитувањето се повеќе се користи и станува еден од основните методи не неговото делување. Посебна опасност има кога се поставува врска помеѓу определени криминални структури и определени експоненти на државната власт. Колку што е таа спрега поцврста и разгранета толку обидот за откривање, спречување и сузбивање на организираниот криминал е понеуспешен. Во текот на развојот на цивилизацијата, корупцијата сè повеќе го зафаќала делувањето на сите области на општествениот живот, така што “денес не постои ни едно подрачје во кое не е вгнездена корупцијата”[15] Што се однесува до нејзините облици, им нема крај. Како историски феномен таа е присутна во сите држави, без оглед на општественото уредување, “бидејќи корупцијата може во државите без обиколни патишта да ја води државата”[16] За присутноста на корупцијата како “девијантно однесување” најдобра илустрација може да се види од: “поткупување за да го запише детето на училиште”, “ поткупување на лекарот за да пружи лекарска помош”, “ поткупување на полицијата за да не те уапсат”, а овој попис на срамот може да се продолжи без престанување.

### 2.1. Дефинирање на корупцијата

Не постои единствена, прецизна дефиниција за корупцијата што би била прифатлива за сите типови, форми и степени на корупција, или универзално применлива за сите незаконски работи на кои се однесува корупцијата.

Сеопфатна дефиниција за корупцијата понудил Vito Tanci, нагласувајќи дека таа постои секаде каде што постои нарушување на принципите на непристрасно одлучување, па поистоветувањето на корупцијата со примање и давање поткуп не прецизно, ниту ги опфаќа сите појави кои би требало да бидат инкриминирани, ако се сака да се обезбеди законско вршење на должности од страна на службените лица. Поврзана со субјектите на општественото одлучување и нивната можност за вршење и/или пропуштање во процесот на одлучување, допирајќи во индивидуалните и групните интереси на членовите на одредена заедница, корупцијата најчесто се дефинира како “злоупотреба на службената положба заради лични цели” (Kaufman). Користа може да биде: политичка - постигнување политичка моќ, и економска - постигнување материјална добивка.

---

[15] Policija organizacija i funkcionisanje u demokratskom društvu, Ramo Masleša, Sarajevo, 1999
[16] Ibid

Наспроти овие автори, еден од најпознатите современи истражувачи на корупцијата, Klitgaard поставил своја формула која зборува за големината (причините) на корупцијата. Таа е едноставна и гласи: корупција = монопол (власт) + дискреционо право на одлучување на органите на власта - одговорност (неодговорност) на тие органи.

Многу меѓународни организации и тела покажуваат голема активност на планот за утврдување на единствена, универзална дефиниција за корупцијата. Така, на Седмата меѓународна конференција за борба против корупцијата во Пекинг (1995), Мултидисциплинарната група за корупција (ГМЦ) ја дефинирала корупцијата како акт на поткуп и други постапки кои се поврзани со извршување на должност од страна на лицата вработени во општествениот и приватниот сектор, кога таквата постапка претставува кршење на нивните должности, што произлегува од положбата на државниот службеник, вработениот во приватниот сектор или независниот службеник, а со цел постигнување на незаконска корист за себе или за друго лице. Водечка светска невладина, непрофитна организација за борба против корупцијата Transparency International (TI) дала дефиниција за корупцијата која гласи: злоупотреба на доверено јавно овластување за приватна корист. Во неа има три елементи: злоупотреба на овластување, овластувањето е доверено и приватна корист.

За професорот Водинелиќ, В.[17] корупцијата е огромен полип кој ја зафаќа општествената, економската и приватната сфера, каде што профитери без трошка скрупули бесрамно ја искористуваат својата позиција. Носителите на корупцијата не се асоцијални, односно антисоцијални извршители од подземјето на класичниот криминал, туку, напротив, припадници на средните и високите општествени слоеви, т.е. лица на определени положби и голем углед. Тоа се професионални криминалци кои припаѓаат на угледни општествени групи и кои ја злоупотребуваат функцијата, раководени од мотивите на безобзирна алчност, заразени со потрошувачката психологија и желбата за висок стандард. Таков делинквент кој има многу, граби уште повеќе. Корупцијата е насочена кон кршење и разорување на довербата во институциите на државата и општеството, според што се огледа разликата од криминалното богатење на подземјето.

Според академик Милутинивиќ, М.[18], од социолошки и криминолошки аспект корупцијата е општествен, но и личен проблем и поради тоа претставува збир на сите казниви дела чиј извршител е носител на определена државна или друга јавна функција, кој, злоупотребувајќи ја својата положба и институција во која работи, му штети на јавниот интерес во толкава мера што ја поткопува довербата на граѓаните и јавноста во општеството и државата.

Според Националната стратегија за борба против корупцијата на Република Србија[19], корупцијата е однос кој се заснова врз злоупотребеното овластување во јавниот или приватниот сектор, со цел постигнување на лична корист или корист за друг. Во последно време често се користи оперативната дефиниција на Светската банка според која корупцијата е злоупотреба на јавната положба заради остварување на приватна корист. Недостаток на оваа дефиниција е тоа што ја исклучува можноста на корупцијата во приватниот сектор, туку изворот на корупцијата го врзува за државата и нејзините органи. Меѓутоа, бидејќи корупцијата во јавниот сектор, според своите

---

[17] Vodinelić, V., Metodika otkrivanja, dokazivanja i razjašnjavanja krivičnih dela korupcije, Bezbjednost MUP, Srbije
[18] Milutinović, M., Kriminologija sa osnovama kriminalne politike i penologije, Beograd, 1976
[19] Službeni glasnik RS. br. 109/05

димензии и последици, е далеку поопасна, многу научници, автори и истражувачи се занимаваат со корупцијата во јавниот сектор, односно под закрила на државата.[20]

Една од широките работни дефиниции ја понуди и Сојузното криминалистичко биро на Германија, која ги содржи следните критериуми:

- Злоупотреба на службената функција;
- Давање повод или сопствена иницијатива;
- Постигнување лична корист и настојување таа да се оствари;
- Предизвикување на непосредна или посредна штета;
- Прикривање на таквите дела.

Во голем број на европските кривични законодавства наидуваме на две вистински корупции: активна и пасивна, додека, од криминолошко-криминалистичко гледиште, поголемиот број на автори корумптивното однесување го делат на: улично, договорно или корупција во јавната управа, политичко, судско, стопанско, како и општа корупција под која се подразбираат сите облици на корупција во сите области на општествениот живот (здравство, образование, спорт и др.)

## 4.2. **Корупција во полицијата**

Полицијата во својот историски развој не била имуна на корупција. Многу автори сметаат дека истражувањето и разбирањето на темната, неморална страна на полициската работа, односно корупцијата не е нова појава. Да се истражува историјата на полицијата, значи да се истражува и полициската девијантност, корупција и лошото постапување.

Фрапантно делува податокот што го истакнува Stielaff дека со истражувањето спроведено во полицијата на Сојузната покраина Nordrheim - Westfalen се дошло до заклучок дека полицајците, државните адвокати и локалните политичари до 1990 година биле вмешани во секоја петта постапка водена во врска со организираниот криминал. Јасно е дека порастот на организираниот криминал, без сомнение, доаѓа до ситуација во која припадниците на полицијата во голема мера се изложени на разни видови поткуп. Сите автори, во основа, се сложуваат дека поткупот и богатењето на лесен начин е мошне негативна појава во полицискиот систем, така што корумптивното однесување на поединците ја доведува во прашање позицијата на чесните полициски службеници во целина.

За полициската корупција се вели дека претставува општ термин кој ја покрива злоупотребата на овластената положба во врска со постигнување на лична корист која не мора да биде парична[21]. Како дополнување на оваа дефиниција може да се наведи и гледиштето на Mc Mullan кој предлага и елемент на услуга или, низ противзаконско дело, злоупотреба на службената положба. Значи, ако јавниот службеник го користи своето работно место за да ги подобри своите лични цели, тогаш тоа е корупција. Нешто поширока дефиниција понуди и Nyev сметајќи дека корупцијата, покрај наведеното, ја опфаќа и онаа дејност којашто е мотивирана од пријателство, роднински или општествени врски. Овие се благи облици на корупција во полицијата и тие во некои средини се сметаат за потполно прифатливо однесување (купување на стоки по пониска цена, честење и пригодни подароци, полициски попусти, овластен третман), што е вообичаена пракса во речиси сите земји.

[20] Grupa autora- Zbornik radova (2001) Korupcija u Srbiji, Centar za liberalno demokratske studije, Beograd
[21] Masleša, R., Policija, organizacija i funkcioniranje u demokratskom društvu, Sarajevo, 1999

Без оглед на тоа за кој облик на корупција се работи, лесен или тежок, таа особено ги става во многу тешка ситуација младите полицајци кои се вклопуваат во полициската субкултура. Во одредени ситуации тие од страна на постарите колеги се изложени на тестирање за проверка дали ќе ги прифатат благите облици на корупција. Меѓутоа, полицаец кој ќе избере да остане чист, бидејќи на разните примање гледа како на девијантно и корумпирано однесување на полицаецот, во најдобар случај, ќе биде прифатен со неодобрување.

Нема позитивна слика за полицијата ако нејзиниот углед помеѓу граѓаните се гради во разни облици на корупција и без самопочит во оперативното работење. На тоа укажуваат и одредени емпириски истражувања, но не може да се каже дека има доволно истражувања од оваа област. Според податоците на Siglera-Dessa, 56% од испитаниците сметаат дека полицајците не смеат да си дозволат да примаат ситни подароци, додека 60 % веруваат дека полицајците се пристрасни кон оние коишто им даваат разни подароци.

Досегашните методи во борбата против корупцијата се засноваат, главно, на дефинирање, истражување, казнување и донесување пресуда за кривични дела во врска со корупцијата. Меѓутоа, борбата против корупцијата подразбира преземање на разни мерки на превенција, со посебен акцент кај полицискиот состав да се подигне свеста за штетноста и негативноста што таа ја предизвикува во промовирање на етичко-професионални вредности. Особено што истражувањата покажаа дека полицијата не е во доволна мера запознаена колку штета корупцијата му нанесува на моралното ткиво на полицискиот систем. Полицијата мора да знае дека “чесноста е уверување и начин на живот”. Луѓето можат да се подучуваат да бидат чесни, како што можат да се научат на нечесност.[22] Според истражувањата на Вашингтонскиот центар за стратегиско и интернационално истражување се наведува дека околу 40% приватни и 60 % државни претпријатија во Русија се наоѓаат под контрола на организираните криминални групи.

### 4.3. **Податоци за корупцијата**

Табела: Најкорумпирани сектори по региони

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Азија (12 земји) | Политички партии 4.9 | Парламентарна легислатива 3.9 | Полиција 3.9 | Даноци 3.5 |
| Африка (8 земји) | Полиција 4.4 | Политички партии 4.2 | Граница 4.0 | Парламентарна легислатива3.8 |
| Западна Европа (16 земји) | Политички партии 3.7 | Парламентарна легислатива 3.3 | Приватни бизнис сектори 3.3 | Медиуми 3.3 |
| Источна и јужна Европа (14 земји) | Полиција 4.0 | Политички партии 4.0 | Парламентарна легислатива 3.9 | Легален правен систем 3.9 |
| ЛАЦ (15 земји) | Политички партии 4.5 | Прламентарна легислатива 4.4. | Полиција 4.3 | Легален правен систем 4.3 |

## 4.4. **Податоци за корупцијата во Србија**

Корупцијата е многу тешко да се открие и да се докаже. Бројот на откриените случаи, бројот на поднесените кривични пријави и бројот на извршителите на кривични дела со елементи на корупција против кои се покренати кривични постапки и применување на законските мерки не ја даваат вистинската слика за обемот и распространетоста на оваа појава. Сепак, резултатите на борбата против корупцијата

[22] Ata Kwaminia, The Cure for corruption in Gana, Echo, Acera, April 1970

во Република Србија, по донесувањето на Националната стратегија за борба против корупцијата, значи во периодот од 01.01.2006 до 31.12.2006 година, може да се оцени значително подобрување во однос на резултатите постигнати во претходниот период. Полицијата во текот на 2006 година поднела 1157 кривични пријави против 1928 лица, од кои 197 лица се лишени од слобода за основи на сомневање дека направиле 2809 кривични дела. Помеѓу откриените кривични дела најголемиот број е за злоупотреба на службената положба 1444, потоа проневера 242, примање поткуп 64, давање поткуп 31, фалсификување на службена исправа 780 и неосновано добивање и користење на кредити и други погодности 24. Меѓу пријавените лица најзастапени се вработените во државни и приватни претпријатија 1215, вработени во органите на државна и локална самоуправа 128, вработени во јавните претпријатија 273, вработени во МУП 76, вработени во управа на царина 61, вработени во здравство 74, вработени во образование 49, вработени во правосудните органи 37, вработени во управата за јавни приходи 22, вработени во инспекциски органи 15 и останати професии 681.

Во Националната стратегија за борба против корупцијата на Владата на Република Србија, под поимот корупција задолжително се истакнуваат следните кривични дела:

- давање и примање поткуп во врска со гласање од член 156 КЗ РС
- неосновано добивање и користење кредит и други погодности од член 209 КЗ РС
- откривање на службена тајна (од користољубие) од член 240 ст.2 КЗ РС
- фалсификување на службена исправа од член 357 КЗ РС
- злоупотреба на службена положба од член 359 КЗ РС
- кршење на закон од страна на судија, јавен обвинител и негов заменик од член 360 КЗ РС
- проневера во службата од член 363 КЗ РС
- проневера од член 364 КЗ РС
- противзаконско посредување од член 366 КЗ РС
- примање поткуп од член 367 КЗ РС
- давање поткуп од член 368 КЗ РС
- оддавање на службена тајна од користољубие од член 369 ст. 2 КЗ РС, како и останати кривични дела доколку може да се од областа на корупцијата.

## Заклучок

Непостоењето на една општоприфатена дефиниција за организираниот криминалитет создава потешкотии во евидентирањето, проучувањето и градењето адекватна стратегија за откривање, попречување и оневозможување на појавните облици на тој вид на криминалитет. Во таа смисла, корупцијата е еден од неговите појавни облици. Таа е проблем на секоја држава, вклучително и Република Србија. Во таа смисла и полицијата не е имуна на коруптивни активности.

Статистичките показатели за корупцијата базирани врз реализираните случаи не ја даваат вистинската слика за овој криминал, затоа што постои т.н. темна бројка. Една од основните карактеристики на корупцијата е нејзината прикриеност, така што таа темна бројка во оваа област е значително поголема во однос на другите видови на криминалитет. Корупцијата во потесна смисла, или примање и давање поткуп, најчесто се одвива во четири очи, без разлика дали е подарок или ветување на подарок и се дава непосредно или преку посредник, што дефинитивно го

оневозможува откривањето и евидентирањето на криминалната активност. Поради тоа, активностите на планот на откривање се доста отежнати.

**Литература**


- др. Небојша Теофиловиќ и Милинко Јелашиќ, Спречување, откривање и докажување кривично дело перење пари, Београд, 2006 година
- Masleša, R., Policija, organizacija i funkcioniranje u demokratsku društvu, Sarajevo, 1999
- Vodinelić, V., Metodika otkrivanja, dokazuvanja i razjašnjavanja krivičnih dela korupcije, Bezbjednost MUP, Srbije
- Milutinović, M., Kriminologija sa osnovama kriminalne politike i penologije, Beograd, 1976
- Službeni glasnik RS. br. 109/05
- Grupa autora- Zbornik radova (2001) Korupcija u Srbiji, Centar za liberalno demokratske studije, Beograd
- Ignatović, Đ., (1998) Organizovani kriminalitet, Policijska akademija, Beograd, стр 25.
- Vasilijević, V., Prevencija i represija organizovanog kriminala, Bezbednost i drustvena samozaštita, Beograd.
- Radovanović, D., Kriminalce štiti država, članak objavljen u “Večernjim novostima” 1993
- Mrsević, Z., Organizovani criminal, Institut za kriminološka i socioloska istraživanja, Beograd
- Vodinelić, V., Kriminalitet sa mrežnom strukturom i organizovani kriminalitet profita, Beograd
- Službeni list SRJ br.70/01 i 68/02, Službeni glasnik RS br. 85/04 i 85/05



*Zvonimir Djordjević, PhD*
*International University- Novi Pazar*


## *ORGANIZED CRIME AND CORRUPTION- DEFINITION, FORMS OF OCCURRENCE AND CORRUPTION IN SOCIAL SECTORS INCLUDING THE POLICE IN THE REPUBLIC OF SERBIA*


***Abstract***

*Organized crime, as well as money laundering and corruption as its specific types, are considered universal social evils and have a direct impact on weakening the political and economic power of a particular society. It is specifically dangerous when a link is established between criminal structures and certain state powers. All the attempts to detect, prevent and suppress organized crime have proven unsuccessful due to the strong connection between them. What kind of forms are they?*



*Key words: organized crime, corruption, money laundering*

*д-р Марјан Котески*
доцент на Факултет за безбедност - Скопје
e- mail: mkoteski@fb.uklo.edu.mk

# КРИМИНОЛОШКО-КРИМИНАЛИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА РАЗБОЈНИШТВОТО

***Резиме***

*Времево и амбиентов во кој живееме како да сакаа оваа тема да биде повеќе од актуелна. Битисуваме несигурно, живееме трауматично, со сите предуслови да бидеме навредени, повредени, нападнати, подкрадени, украдени, дури и убиени. Се наметнува една лепеза на прашања на кои ќе се обидеме да одговориме во овој научен труд.*

*Кои се факторите кои го детерминираат криминалитетот, а особено разбојништвото како криминално поведение? Од какви семејства потекнуваат? Какви се тие „жешки” момци од „жешкиот асфалт” кои со или без маски на своите лица се нафрлуваат на луѓето кои мирно и спокојно си ги живеат пензионерските денови или на вработените во банките, штедилниците, менувачниците и бензинските пумпи, кои ажурно и љубезно нѐ пречекуваат пред шалтерите. На каков начин ги извршуваат разбојништвата? Какви средства користат? Кои траги ги оставаат зад себе? Сето тоа со цел полесно да можеме да ја поставиме методиката на нивното откривање.*

*Поради тоа во трудот ќе биде разработено поимното определување на разбојништвото, неговата етиологија и феноменологија и криминалната ситуација.*

***Клучни зборови:*** *разбојништво, етиологија на разбојништвото, начин, средства, траги.*

## 1. Вовед

Криминалитетот е комплексна и сложена општествена појава чија основна карактеристика е негативноста - предизвикување штетни последици по поединецот или општеството во целина. Тој ја следи цивилизацијата во сите сегменти и етапи од нејзиниот развој. Со него се загрозуваат фундаменталните и есенцијалните општествени добра на човекот - правата и слободата, достоинството, личната сигурност, животот, имотот и друго, односно сите оние компоненти што му овозможуваат слободно и творечки да се занимава со сите духовни и материјални, лични и општествени активности. Оттука, константната насоченост на човекот кон криминалитетот произлегува од потребата и настојувањето за успешно спротивставување и спречување на оваа општествено негативна појава за човекот.

Во потешките облици на криминално поведение секако дека се вбројува и разбојништвото. Во својата суштина разбојништвото значи одземање на туѓи подвижни предмети со примена на сила или закана дека ќе се нападне на животот и телото, а сѐ со цел да се стекне со противправна имотна корист.

Во последниве децении разбојништвото како појава добива сѐ поголемо општествено и научно значење, и тоа главно од две причини:

Прво, во реалните животни услови преку својот квантитативен израз, оваа појава е сѐ поприсутна, пред сѐ во развиените земји, а не ги заобиколува ниту земјите во развој и неразвиените земји. Тие се јавуваат во односи што го загрижуваат општеството во целина и одделните земји посебно. Се добива впечаток според кој разбојништвото никогаш порано не било поприсутно толку колку што е во овој временски период.

Второ, нагласениот интерес за криминалитетот, а во тие рамки и за разбојништвото, се јавува како непосредна последица од развојот на општествено-економските, политичките и социо-културните односи во современото општество. Современиот развој има како непосредна последица создавање на подобри услови за живот на чове-

кот, а во поврзаност со тоа јакнат општите човечки вредности и се хуманизираат односите меѓу луѓето. Овие состојби имаат како посредна последица, теоретските ставови спрема овие појави да се менуваат на начин на кој тие се поставуваат и се настојува да добијат општествен и правен третман, обратен од оној што го имале во претходните периоди.

## 2. Определување и дефинирање на разбојништвото

Суштинското значење на поимот разбојништво е одземање туѓи подвижни предмети заради стекнување противправна имотна корист, со примена на сила против некое лице или закана дека непосредно ќе се нападне на животот или телото. Правната дефиниција за криминалитетот се однесува на определувањето на криминалитетот како појава која е детерминирана од нормите на материјалното кривично право и кривичното законодавство. Тоа значи дека сторители на кривични дела се оние кои ги повределе нормите на кривичното законодавство, а криминалитетот е антисоцијално поведение кое се изразува како кршење на законите што повлекува и казнување. Поаѓајќи од правната дефиниција на криминалитетот, и разбојништвото како посебно кривично дело е правно дефинирано со чл. 237 од Кривичниот законик на Република Македонија: „Тој што со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг или ќе одземе туѓ подвижен предмет, со намера противправно да го присвои, ќе се казни со затвор...”[1]

Меѓутоа, овие правни дефиниции, иако се прецизни, иако го опишуваат инкриминираното дејство и ја определуваат казната за тоа, се претесни за да го одредат криминалитетот, во конкретниот случај, разбојништвото. Оттаму, потребно е да презентираме и одредени криминолошко-социолошки дефиниции за да го објасниме криминалитетот и посебно, разбојништвото. Социолошко - криминолошкото сфаќање на криминалитетот поаѓа најчесто од ставот дека криминалитетот е производ на општествениот живот, па оттаму претставува кривично дело кое ги нарушува фундаменталните интереси на една група, а притоа се врши процес на криминализација на одделни лица, односно криминалитетот претставува општествена појава која се манифестира во конкретни инкриминирани активности на одредени лица.[2] Без да навлегуваме во детално објаснување на некои социолошко - психолошки теории за криминалитетот (затоа што тоа е обработено во наредниот дел од трудов), сепак сметаме дека се во право оние автори кои тврдат дека не треба да се прави голема разлика меѓу правното и социолошкото сфаќање за криминалитетот бидејќи тие претставуваат две страни на една појава.[3] Истото се однесува и за разбојништвото, како посебен дел од криминалитетот што го третираме во овој труд. Не навлегувајќи многу во посебните социолошко-психолошки теории што ја објаснуваат етиологијата на криминалитетот воопшто и разбојништвото посебно, нема да навлеземе ниту во психолошките својства и карактеристиките на личностите кои се битен предуслов за криминалното разбојничко однесување (за тоа ќе стане збор во делот за психолошките карактеристики на личноста на разбојниците), сепак барем појавата на разбојништвото треба да се поврзе со некои теории коишто се од посебно значење за објаснување на самиот поим разбојништво.

[1] Кривичен законик на Република Македонија, 1996, чл. 237.
[2] Милутиновиќ М., Криминологија, стр. 28.
[3] Ибид, стр. 28.

## 3. Етиологија на криминалитетот со посебен осврт на разбојништвото

Факторите кои го детерминираат криминалитетот најчесто се систематизираат како општи фактори, посебни фактори и поединечни фактори. Општите фактори за криминалитетот, па и за разбојништвото, ги опфаќаат општествено - економските, политичките и социјалните услови, урбанизацијата, индустријализацијата, структуралните промени на населението, миграциите и културата на живеењето. Посебните фактори што го одредуваат криминалитетот, односно разбојништвото, можат да се јават во рамките на микрогрупното живеење на сторителите на овие кривични дела, а тоа се: семејството, соседството, местото на раѓање, живеење и работа. Поединечните фактори што го одредуваат криминалитетот, односно разбојништвото, се врзани за личните карактеристики на сторителите на овие кривични дела, односно за личноста и карактерните црти на разбојниците. Сите причини и услови што го прават причинско - последичниот синџир на детерминантите на криминалното однесување на разбојниците обично се делат во три групи, и тоа:

- причини и услови кои доведуваат до формирање на антиопштествени ставови во свеста на криминалците;
- поводи и негативни влијанија на конкретната животна ситуација (криминална ситуација) во која извршителот на криминалната активност се наоѓал пред извршувањето на кривичното дело разбојништво; и
- објективните надворешни услови кои му го олесниле извршувањето на овој вид деликт, односно постигнувањето на криминалната цел.

Придонесот на секоја од овие групи на фактори, причини и услови во конкретните случаи на разбојништво може да биде различен, што егзактно може да се утврди низ проучувањето на комплексот од неповолни и негативни социјални и други фактори од идеолошки, педагошки, психолошки, културен, економски и друг карактер.

Во врска со општествената условеност на криминалитетот, односно разбојништвото, треба да ги истакнеме општите социјални детерминанти од историско - генетичка природа, а тоа се: општествената база, општествено - политичката структура и идејните, односно моралните форми на надградба, кои негативно влијаеле врз субјектите што вршат тешки кривични дела, како што е разбојништвото. Од гореспоменатите општи фактори што влијаеле врз криминалната активност на сторителите на овие тешки кривични дела, посебно треба да се истакне влијанието на индустријализацијата и урбанизацијата, раслојувањето на населението, односно економската криза, невработеноста. Исто така, од општите фактори што влијаеле на овој вид кривични дела, треба да се истакнат идејно - политичките фактори, односно влијанијата на назадни или алтернативни идеологии, културните конфликти, влијанието на религијата, а посебно негативното влијание на одредени содржини, кои се пласираат преку средствата за масовна комуникација, што, пак, влијаат врз продлабочувањето на моралната криза, односно врз ерозијата на моралот.

Индустријализацијата, урбанизацијата и миграцијата влијаат врз зголемувањето на овие тешки форми на кривични дела на тој начин што под нивно директно влијание доаѓа до слабеење на семејните, пријателските, соседските и други врски на поединците од примарните групи, што претставуваат природна социјална контрола над нивната активност. Поради проблемите со адаптацијата во новата урбана средина, во новите услови на живот се јавуваат лични индивидуални кризи и промени во личноста во сферата на менталните и емоционалните својства и во системот на вредности и ставови. Исто така, се смета дека и економските кризи имаат големо влијание врз зголемувањето на овој вид кривични дела. Имено, се покажало дека засиленото

осиромашување на поголемиот дел на населението секогаш доведува до несигурност и економска неспособност, што е проткаена со чувство на понижување на личноста и достоинството, што, пак, е силен мотив на некои поединци што се наоѓаат во економска криза да немаат силна причина своето однесување да го одржат во рамките на законските норми. Некои автори[4] сметаат дека поради економските кризи многу семејства стануваат нестабилни, родителите го губат авторитетот во семејството и не се способни да ги извршуваат воспитните функции, што создава воспитен вакуум, и претставува добра подлога и младите поколенија да примат негативни влијанија од ваквата средина.

Кога зборуваме за општите фактори коишто се од општествен карактер, кои имаат големо влијание врз овој вид кривични дела, мораме да ја истакнеме и улогата на средствата за масовна комуникација, што пред сѐ се гледа во негативното дејство на филмот, телевизијата, радиото и шунд-литературата. Честопати од комерцијални причини, содржините што се нудат преку средствата за масовна комуникација не се селектирани, премногу го фаворизираат слаткиот и лесен живот, паразитизмот, насилството и голем број други социо-патолошки појави (наркоманија, алкохолизам) што негативно влијаат врз свеста и однесувањето на поединците и во нашето општество. Некои истражувачи тврдат дека телевизијата е подготвително училиште за деликвенција зашто младите луѓе особено ги имитираат сцените на насилство и на тој начин ги учат техниките на извршување на деликтите, односно тие сцени на насилство влијаат сугестивно, а предизвикуваат непријателско расположение и ја поттикнуваат агресивноста на младите луѓе. Забележани се дури и директни криминогени влијанија на телевизиски филмови врз криминалната активност на некои поединци.[5]

Кога зборуваме за етиологијата на криминалитетот воопшто, односно на разбојништвото посебно, повторно мораме да ги споменеме теориите што зборуваат за етиологијата на оваа појава. На пример, со теоријата на аномија, Мертон се обидел да го објасни деликвентното однесување на младите луѓе од пониските општествени слоеви. Ова е мошне значајно да го истакнеме ако сакаме да го прифатиме паралелизмот што постои меѓу аномијата во општеството и аномијата во личноста на младите луѓе. Оттаму, со право Мертон вели: „Младите престапници од општествените слоеви со низок социјален статус поради недостапноста на легитимните средства за постигнување на културно детерминирани цели, посебно поседувањето на материјални добра, што за нив се од првостепено значење и кои тежнеат да ги остварат, доаѓаат до „аномична состојба на личноста" и затоа ги кршат законските норми, односно се служат со разни нелегални средства за да дојдат до својата цел."[6]

## 4. Феноменолошки карактеристики на разбојништвото

Феноменолошките истражувања на криминалитетот овозможуваат дескрипција на појавата преку нејзиниот обем, динамика, структура, просторна и временска распространетост итн. Феноменолошките карактеристики на разбојништвото, освен идентификацијата како појава и нејзиното движење на просторот на нашата држава, ќе овозможат да се продре што подлабоко во појавите, односно да се согледаат одредени релации и состојби кои одат во правец на објаснувањето на неговата етиологија.

[4] Јашовиќ Ж., Криминологија малолетничке деликвенције, Београд 1983, стр. 238.
[5] Тодоровиќ А., Масовна култура и малолетничко престапништво, Нови Сад 1971, стр. 109.
[6] Merton R., Social problems; and Social Theory of Contemporary Social Problems, N.Y., 1966, p. 134.

## 5. Начин и средства на извршување на разбојништвото

Во светската криминалистичка литература постојат различни ставови околу содржината и структурата на криминолошките и криминалистичките карактеристики на кривичните дела. Во основа, се говори за следниве обележја:

1. Начин на извршување на кривичните дела;
2. Траги од кривичното дело;
3. Криминална ситуација;
4. Личноста на жртвата од кривичното дело;
5. Личноста на сторителот на кривичното дело.

Поради значењето, а во врска со кривичните дела разбојништва, посебен осврт се дава на начинот и средствата на извршување.

Според В. Водинелиќ, начинот на извршување на кривичното дело е основен елемент на нивната криминолошко - криминалистичка карактеристика. Тој ги опфаќа подготвителните дејства, самото дејство на извршување, дејствата пост фактум, сè што опфаќа користење на средства (оружје) и други предмети - што дава важни информации. Неговото откривање со помош на оперативно - тактичките и истражните дејства, посебно со помош на увид на тие места, дозволува на самиот почеток на криминалистичката обработка прибирање на разни информации за суштината на кривичниот случај, личноста на извршителот и својствата на познатиот или непознатиот оштетен, употребеното орудие (оружје). Начинот на извршување е еден од начините за создавање на оперативните и истражни верзии - откривање на доказите кои го разоткриваат сторителот.[7]

Дали однесувањето на човекот ќе биде свесно или несвесно, волево или неволево, насочено кон извршување на кривичното дело разбојништво зависи од психоструктурата на неговата личност, односно од неговата примарна психичка енергија.[8] Начинот на извршување на кривичното дело разбојништво спаѓа меѓу клучните проблеми на криминолошките и криминалистичките науки. Modus operandi е систем на целокупност на заемно поврзаните факти на однесување. Тој во себе содржи квалитативна карактеристика на (не)сторување, во него се одразуваат одредени својства на личноста на сторителот, обликот на вината, мотивот и целта на кривичното дело. Во секое волево однесување, колку и да било кратко, може да се разликуваат повеќе етапи.

Човекот, пред да започне активност, мора да промисли за тоа по кој пат, на кој начин може да ја оствари саканата цел.

Оваа примарна етапа вклучува одредување на целта, евентуална борба на мотиви, оценка на дадената ситуација, избор на средствата за извршување, донесување на одлука, а дури потоа следува и самото извршување на делото. Криминалната дејност, како и секоја друга, има внатрешна и надворешна страна. Надворешната - тоа е реалното однесување, а внатрешната ја сочинува психичката активност која ја насочува реалното однесување. При утврдувањето на modus operandi, имаме работа, во прв ред, со практична дејност.

М.О. како научно сознание што долго се задржало во криминалистичките науки, својата легитимација ја добива врз база на долгогодишното искуство на криминалистите. Така, на пример, пишувајќи за проблемот на персеревансата и М.О., група германски автори пишуваат дека уште во далечната 1826 година, во германската провинција Niederhesen, полицијата водела точен регистар за деликвентите што вршеле

[7] Водинелиќ В., Криминалистичка карактеристика на кривичните дела, 1994, стр. 3.
[8] Карановиќ М., Утврѓивање виности у кривичном поступку, Београд 1982, стр. 33.

кривични дела. Имено, се утврдило дека долгогодишното искуство докажува дека деликвентите по професија обично го потврдуваат видот на деликтот, така што дури и начинот на движење (активност) упатува на личноста на деликвентот.[9] Според овие германски автори, деликвентот цврсто се придржува кон еден начин на извршување на делото, па оттаму се изведува заклучок, според кој, со споредување на трагите од делото на непознат деликвент со информациите за непознатиот деликвент, се овозможува идентификација. Сепак, содржајното проучување на М.О. доаѓа дури во почетокот на овој век.

Не само во Германија, туку и во Англија (Лондон), во таканареченото Биро за надзор, уште во 1907 г. се проучувале начинот и постапката на деликвентите што вршеле кривични дела. Германецот Heindel ја исцртува сликата на професионалниот деликвент зашто смета дека таквите деликвенти подоцна при вршење на деликтите би се однесувале на ист или сличен начин. Со тоа, на некој начин, во различни европски земји, како и во земји надвор од Европа, сликата на професионалниот деликвент и неговиот М.О. го издвојува од случајниот деликвент. Имено, како карактеристика што преовладува кај професионалниот деликвент, најчесто се истакнува лакомоста за добивка, зачестеноста на кривичните дела и, што е најважно, најчесто задржување на истиот метод на работа (извршување на деликтот). Начинот на работа алудира на начинот на пристап на деликвентот кон кривичното дело,[10] на повратната физичка и психичка сила на деликвентот. Оттаму, начинот на извршување на разбојништвото може да се сфати како своевидна примарна психичка енергија што деликвентот ја употребува при вршење на деликтот, што значи дека има и криминолошко - психичко значење.

При анализата на М.О. мора да се примени системно - структурниот пристап бидејќи М.О. е целокупност на заемно поврзани акти на однесување кои доведуваат до криминален резултат. Тој систем мора да има своја структура.

Разликуваме функција на М.О. во целина, која се состои во остварувањето на конечниот криминален резултат, и функција на одделни елементи, која се состои во остварување на преодни цели. Секој М.О. има свои средства. Разбојништвото може да биде извршено со загушување, повредување со нож, пукање и сл.

Според Белкин, начинот на извршување на кривичното дело, како една од најзначајните криминолошки карактеристики, има решавачко значење за криминалистичката методика доколку се појави како база за поставување на општи и посебни верзии, така што влијае на одредувањето на правецот на истражувањето и на разрешувањето на други прашања од важност за откривањето и разјаснувањето на криминалитетот.[11]

Покрај начинот на извршување на кривичното дело разбојништво, од значење е и проучувањето на средствата со кои се извршуваат разбојништвата во Република Македонија.

Со тоа можат да се видат некои лични својства на сторителите. Иако на прв поглед средството на извршување на кривичното дело разбојништво е непосредно поврзано со начинот на извршување, тоа сепак е повеќе поврзано со личните својства на сторителот.

---

[9] Види: U. Overman, L. Schuster, A. Simm, Zum Problem der Perseveranz in Delikttyp und Modus Operandi, Wiesbaden 1985, стр. 26-27,70.

[10] Ибид.

[11] Белкин Р. С., Криминалистика: проблеми, тенденции, перспективи. Од теории к практик, стр.175.

## 6. Траги кои се среќаваат кај кривичното дело разбојништво

Имајќи го предвид значењето на трагите за расветлување на кривичното дело разбојништво, а со цел да се расветлат сите битни околности во кои тоа се случило, како најприфатлива е земена следнава нивна класификација, во согласност со криминалистичките учења:

- траги кои укажуваат на постоење на кривично дело;
- траги кои укажуваат на идентитетот на сторителот;
- траги кои укажуваат на начинот на извршувањето на кривичното дело;
- траги кои укажуваат на средството со кое е извршено кривичното дело;
- траги кои укажуваат на местото каде што е извршено кривичното дело;
- траги кои укажуваат на времето кога е извршено кривичното дело; и
- траги кои укажуваат на мотивот поради кој е извршено кривичното дело.[12]

Меѓутоа, нас посебно нè интересираат трагите кои настанале при некој криминален настан, како што е разбојништвото. Во понатамошното излагање, посебно ќе се задржиме на трагите кои најчесто ги среќаваме кај кривичните дела разбојништва. Во склоп на овие поделби, најчесто се среќаваат следните траги:

- траги од отпечатоци на прсти;
- траги од стапало;
- траги од сперма;
- траги од крв;
- траги од влакна;
- траги од заби;
- траги од прашина, кал и други флеки;
- траги од орудија;
- траги од огнено и ладно оружје.[13]

Вредноста на трагите во кривичната постапка зависи од нивната подобност за утврдување на кривичното дело и за откривање на сторителот. За да може трагата да послужи за таа цел, нужно е да се утврди односот меѓу трагите на конкретното кривично дело - разбојништво во криминалистичката обработка; при вршење на увидот многу е битно да се утврди овој релевантен однос и да се фиксираат во согласност со одредбите на ЗКП. Трагите пронајдени на местото на разбојништвото можат да укажуваат на многу факти за самата постапка при расветлувањето на конкретниот случај. Таквите траги можат да посочат на постоењето на кривичното дело, времето, местото, средството, начинот на извршувањето и да послужат за утврдување на идентитетот на лицата коишто биле на местото на извршувањето на кривичното дело, а меѓу нив и сторителот, како и за откривањето на идентитетот на жртвата.[14]

Не смееме да го испуштиме од вид фактот дека трагите можат да помогнат и за утврдувањето на мотивот, што е од извонредно значење за одредување на понатамошната оперативна работа на откривање на сторителот на кривичното дело.[15]

Трагите кај овој вид кривични дела - разбојништва, можат да се најдат на жртвата, на местото на настанот, како и на осомничениот - сторителот. Тоа се првенствено траги кои укажуваат на примена на насилство, т.е. траги кои настанале како резултат на контактот помеѓу извршителот и жртвата. Во основа, се мисли на:

---

[12] Ибид, стр. 52-53.

[13] Јовановиќ И., Како се осигурава и обраѓује место криминалног догаѓаја, Београд 1973, стр. 64.

[14] Марковиќ Т., Современа техника истраживања кривичног дела, Криминалистика, Загреб 1977, стр. 73-74.

[15] Ибид, стр. 165.

1. Траги од борба, искинати алишта, повреди во самоодбрана, посекотини на раце, остатоци од кожа или влакна, под ноктите или рацете;

2. Предмети или факти кои можат да послужат за идентитетот на непознатата жртва: облека, обувки, лични документи, белези и папиларни линии;

3. Траги кои укажуваат на начинот и средството на извршувањето на кривичното дело, вид на оружје или орудие, пиштол, револвер, чаура, зрно, нож, секира, камен, јаже итн.

4. Траги од барутни честички при употреба на огнено оружје, траги од прашина и крв на чевлите, употребено оружје и орудие и одземени предмети.[16]

Според тоа, трагите можат да бидат од:[17]

- човечко потекло;
- животинско потекло;
- растително потекло.

Тие можат да бидат во микро или макроформа, видливи или невидливи (латентни), потоа површински или релјефни.

## 7. Личноста на жртвата на кривичното дело разбојништво

Во трудовите на М. Милутиновиќ најчесто се цитираат излагањата на Менделсон, кој вели: „Кривичното дело не е секогаш исклучиво производ на сторителот бидејќи како што постои склоност за вршење на злодело врз жртвата, така постои и склоност да се стане жртва."[18] Анализата на жртвата од криминолошко - криминалистички аспект има фундаментално значење бидејќи токму таа претставува првата дофатлива трага или првата алка во оперативниот синџир за дознавање и разјаснување на некое конкретно разбојништво. Имено, најчесто кругот на сомнителните каде што треба да се бара вистинскиот сторител, може да се открие ако се запознае жртвата, односно ако се откријат сите нејзини социо - психолошки карактеристики.

Врз основа на нашите истражувања, дојдовме до констатација дека најчести жртви на кривичното дело разбојништво, од аспект на оваа криминалистичка карактеристика, се лицата од женски пол. Ако се имаат предвид физичката конституција и психичките карактеристики на жените-жртви на овој вид кривично дело, може да се објасни зошто токму овој акт на насилство е извршен и се врши врз суштества кои се со послаба психо - физичка конституција.

## 8. Заклучок

Во однос на нашата држава може да се констатира дека постои нагласен интерес за разбојништвата од страна на граѓаните кои во последните години покажуваат тенденција на пораст, но првенствено заради присуството на состојбите и условите за кои веќе е утврдено дека погодуваат на нивното јавување. Како причини за појава на разбојништвото можеме да ги наведеме:

Забрзаното осиромашување на широките слоеви на населението, порастот на невработеноста, чувството на бесперспективност на граѓаните, кои за последица имаат и сѐ поголемо учество во криминалитетот, а во тие рамки и во разбојништвото. Овие

[16] Марковиќ Т., Савремена техника истраживања кривичних дела, Криминалистика, Загреб 1977, стр. 554.
[17] Јовановиќ К., Криминалистичка техника, Београд 1981, стр. 52.
[18] Ибид, стр. 364.

состојби се потенцираат кај младата популација која сè почесто посегнува кон дрога, но неретко и кон насилничко однесување.

Понатаму, во однос на малолетниците, може да се констатира дека постојат услови што влијаат за: создавање на неповолни семејни услови (нетрпеливост во семејството), нарушувањето на брачните односи меѓу родителите доведуваат до тоа родителите да имаат и криминално или социо-патолошко однесување, влошување на економската состојба кај едни семејства и благосостојба кај други, поради што е присутна потребата на дел од малолетниците да ги задоволуваат своите потреби на идентичен начин како нивните добро ситуирани другари итн., состојби кои фрустрираат и на одреден начин влијаат врз појавата на насилничко и, во тие рамки, и на разбојничко однесување на малолетниците.

Напоредно со овој глобален тренд на социјално загрозени луѓе при евидентна морална ерозија на луѓето, економска криза и слично се издиференцира слој на богати бизнисмени кои за кратко време, речиси преку ноќ, се стекнаа со поголеми парични и материјални средства. Во овој период на глобални општествени промени почнаа да егзистираат штедилниците, менувачниците, приватните бензиски пумпи и други приватни претпријатија во кои се акумулираат големи парични средства кои на одреден начин станаа интересни објекти за напад од криминалците воопшто, а посебно разбојниците – со голема агресивност и закани по човечкиот живот.

Ако се има предвид досега кажаното, неспорна е потребата од целосно и систематско истражување на разбојништвата што ќе овозможи подлога за нивно објаснување во овој период во Република Македонија и поуспешно сузбивање, спречување и превенирање.

**Литература:**


1. Ангелески М., Криминалистика, Студентски збор.
2. Бачановиќ О., Полицијата и жртвите, 2 Август С – Штип, Скопје 1997.
3. Белкин Р. С., Криминалистика: проблеми, тенденции, перспектнви. Од теории к практик.
4. Водинелиќ В., Криминалистичка карактеристика на кривичните дела, 1994.
5. Јашовиќ Ж., Криминологија малолетничке деликвенције, Београд 1983.
6. Јовановиќ И., Како се осигурава и обраѓује место криминалног догаѓаја, Београд 1973.
7. Јовановиќ К., Криминалистичка техника, Београд 1981.
8. Камбовски В., Казнено право, посебен дел, четврто дополнето издание, Просветно дело, АД, Скопје 2003.
9. Карановиќ М., Утврѓивање виности у кривичном поступку, Београд 1982.
10. Котески М., Криминалистичка тактика 2, авторизирани предавања, Јофи-скен, Скопје 2008.
11. Котески М., Николовски М., Методика на истражување на општ криминалитет, Соларис принт, Скопје 2008.
12. Котески М., Прирачник за откривање на сторителите кај убиствата, График Мак Принт, Скопје 2007.
13. Котески М., Разбојништвата во Македонија (1900-1945), второ издание, Прилеп, 2002.
14. Кривичен законик на Република Македонија.
15. Марјановиќ Ѓ., Македонско кривично право, општ дел, шесто изменето и дополнето издание, Просветно дело, АД, Скопје 2003.

16. Марковиќ Т., Современа техника истраживања кривичног дела, Криминалистика, Загреб 1977.
17. Merton R., Social problems; and Social Theory of Contemporary Social Problems, N.Y., 1966.
18. Милутиновиќ М., Криминологија.
19. Сулејманов З., Убиствата во Македонија, НИП „Студентски збор”, Скопје 1995.
20. Тодоровиќ А., Масовна култура и малолетничко престапништво, Нови Сад 1971.
21. U. Overman, L. Schuster, A. Simm, Zum Problem der Perseveranz in Delikttyp und Modus Operandi, Wiesbaden 1985.
22. http://www.dnevnik.com.mk/?ItemID=3CAFD6C3DAF190478B262C93D07367BA

*Marjan Koteski, PhD*
*Faculty of Security- Skopje*

## *CRIMINOLOGICAL AND CRIMINALISTIC ASPECTS OF ROBBERIES*

### *Abstract*

*The time and the environment we live in have made robberies a topical issue. We feel unsafe, our lives are full of traumatic events and we can become an easy target of insults, injuries, assaults, thefts, and even murders. This topic opens a wide range of question that this paper attempts to answer.*

*What are the factors determining criminality, especially robberies as a criminal behavior? What type of families do robbers come from? Who are those "hot guys" from the "hot asphalt" who attack pensioners or people working in banks, exchange offices or petrol stations? How do they commit the robberies? What instruments do they use? What traces do they leave behind? All these questions are crucial for using the appropriate methodology for their detection.*

*The paper focuses on the concept of robbery, its etiology and phenomenology and the criminal situation.*

*Key words: robbery, etiology of robbery, method, instruments, traces.*

*д-р Злате Димовски*
доцент на Факултет за безбедност – Скопје
zdimovski@fb.uklo.edu.mk

# „НАЧИНИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И РАЗМЕНА НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ"

*Резиме*

*Секоја поединечна необработена информација треба да се процени од аспект на валидноста на содржината и доверливост на изворот за да се утврди колку таа придонесува (ако воопшто придонесува) во разбирањето на криминалот, идентификацијата на осомничените и развивање случај кој може да се гони.*

*Откако ќе се процени зависноста на информациите, мора да се направи анализа на материјалниот придонес во истрагата. Тој процес се спроведува за секој еден доказ и информација што се прибира во текот на истрагата. После тоа следи нејзина класификација и определување на кругот на корисниците.*

## 1. Разузнавачки информации

Разузнавачките информации се производот кој е резултат од обработката на суровите информации. Како извори на суровите информации се јавуваат човек, документ, техничко средство и предмет.[1] Кривичното разузнавање се состои од поединечни сурови информации кои, откако ќе се приберат, проценат, здружат и анализираат, формираат значајни и корисни судови кои се и точни и навремени и може да се користат во текот на кривичната истрага.

Оценувањето и проценката на информацијата во голема мера помагаат во дефинирањето на редоследот на приоритетите и го потпомагаат предавањето на информацијата меѓу разузнавачите (во самата служба или надвор од неа), поради тоа што примачот на информации може веднаш да ги оцени квалитетот и веродостојноста на информациите кои првично биле сочувани на друго место.

Разузнавачките полициски служби користат разни системи. Во овој дел ќе ги појаснам начините и процедури за оценување, вреднување, користење и размена на класифицирани информации.

Информациите се необработениот суров материјал на секој опис кој може да се искористи за да се дојде до разузнавачки информации. [2]

Клучниот фактор кој ги претвора информациите во разузнавачки информации е анализата. Националниот тим за борба против криминалот на Велика Британија наведува дека обработката на разузнавачки информации се темелот на успешното спроведување на законот. Со анализата се организираат и се толкуваат разузнавачките информации на начин на кој значително се зголемува нивната вредност и можноста за нивна успешна примена во борбата против организираниот криминал. Со анализата се утврдуваат и се предвидуваат трендови, шаблони или проблематични области кои повикуваат на дејствување.[3]

Суровите информации можат да се добијат од:

---

[1] Обрен Ѓорѓевиќ, Основи на државната безбедност, Белград 1984 год.

[2] Види: //www.nato.int/, каде што може да се види Поимникот на термини и дефиниции на НАТО : Индекс на договорените документи на НАТО кои содржат специјалистички термини и дефиниции.

[3] Види: /www.natoinalcrimesquad.police.uk

- податоци од пријавени, сторени дела на ниво на организациона единица, вкупен број на пријавени по место, време, modus operandi и сл. карактеристики;

- податоци од самите полициски служби, како што се извештаи за настани, распореди, записници, евиденции и сл.

- податоци кои не се доставени до полициските служби, доставени се до други служби и агенции;

- податоци за лица, објекти или деловни активности од различни достапни евиденции (имениции, деловни книги, катастарска евиденција, банкарска евиденција и сл.);

- податоци од официјални извештаи, статистики, научни истражувања, политички, економски, безбеднсони информатори и сл.

- податоци од информатичките гласила;

- податоци од странски служби и агенции и др. .[4]

Разликата помеѓу информациите и разузнавачките информации е важна од многу причини, но две се најважни :

- поединечните информации не се автоматски доверливи, па дури и информацијата да е точна и сигурна, може да биде ирелевантна за конкретната ситуација.
- поединечна разузнавачка информација е беззначајна сама по себе, доколку не е здружена со другите делчиња на мозаикот.

Информацијата може да се опише како ‘она што се знае’[5], додека процесот на разузнавање како ‘редоследен процес со повеќе различни фази во кои се утрдува што е тоа што не се знае.’

**а) Основни принципи на прибирање информации:**

- да се прибираат информации од криминална природа на разни легални начини;
- при прибирањето на информациите да се обезбеди почитување на човековите права и слободи;
- да се прибираат информации за превенција на криминалитет или кои помагаат во решавање на кривично-правни настани;
- да се чуваат информациите во строга тајност и според начелото на законитост;
- да се заштитат изворите на информациите;
- да се оневозможи употреба на кривичните информации за политички цели;
- да се проверуваат информациите во однос на нивната веродостојност и законски да се уништуваат неверодостојните информации;
- да се почитуваат законските основи за ракување, употреба и дистрибуција на информациите, согласно нивната класифицираност.

**-б) Оценување и вреднување на информација**

Секоја поединечна необработена информација треба да се процени од аспект на валидноста на содржината и доверливост на изворот за да се утврди колку таа придонесува (ако воопшто придонесува) во разбирањето на криминалот, идентификацијата на осомничените и развивање случај кој може да се гони по службена должност .

---

[4] Методија Ангелески, Оперативна криминалистика, Скопје, 2005 год.

[5] Алекса Стаменковски, Основи на разузнавањето, Скопје, 2005 год.

Откако ќе се процени зависноста на информациите, мора да се направи анализа на материјалниот придонес во истрагата. Тој процес се спроведува за секој еден доказ и информација што се прибираат во текот на истрагата.

Оценувањето и проценката на информацијата во голема мера помага во дефинирањето на редоследот на приоритетите и го потпомага предавањето на информацијата меѓу разузнавачите (во самата служба за спроведување на законот или надвор од неа), поради тоа што примачот на информации може веднаш да ги оцени квалитетот и веродостојноста на информациите кои првично биле сочувани на друго место.

Разузнавачките служби користат разни системи. Во овој дел е даден приказ на двата главни система за оценување и проценка на информациите:

- Системот четири по четири
- Системот пет по пет

а) Систем четири по четири

Системот четири по четири во моментот го користи ЕУРОПОЛ**.** Овој систем е прифатен од страна на земјите-членки во регулативата во врска со анализа на работните досиеја во Еуропол и сите податоци внесени во работното досие ќе мора да се проценат.

Системот четири по четири и оценувањето на изворот на информации се целосно објаснети во член 11 од Глава 2 Класификација на Актот на Советот на Европа за Европол.[6] Оваа регулатива се однесува на буквата 'Д' за шифрата на евалуација на конечниот извор. Меѓутоа, во земјите во кои системот веќе постои, се користи буквата 'Х'.

| **ЕВАЛУАЦИОНИ ШИФРИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **ШИФРИ НА ИЗВОРОТ** | | **ШИФРИ НА ИНФОРМАЦИЈАТА** | |
| **А** | Кога ***НЕ ПОСТОИ*** сомневање во автентичноста, доверливоста и компетентноста на изворот; или кога информацијата е доставена од поединец кој во минатот се докажал како ***ДОВЕРЛИВ ВО СИТЕ СЛУЧАИ*** | **1** | Кога за информацијата се знае дека е ***ВИСТИНСКА БЕЗ КАКВИ И ДА Е РЕЗЕРВИ.*** |
| **Б** | Извор од кој информациите во минатото ***СЕ ДОКАЖАНИ КАКО ДОВЕРЛИВИ ВО ПОВЕЌЕТО СЛУЧАИ*** | **2** | Кога информацијата ***МУ Е ЛИЧНО*** позната на изворот, но не му е позната лично на службеникот |
| **Ц** | Извор од кој информациите во минатото ***СЕ ПОКАЖАЛЕ КАКО НЕДОВЕРЛИВИ ВО ПОВЕЌЕТО СЛУЧАИ*** | **3** | Кога информацијата ***НЕ МУ Е ЛИЧНО ПОЗНАТА НА ИЗВОРОТ,*** туку ***ПОТВРДЕНА*** од претходно евидентираните информации. |
| | | **4** | Кога информацијата ***НЕ МУ Е ЛИЧНО ПОЗНАТА НА ИЗВОРОТ*** и ***НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОТВРДИ*** на ниту еден начин (во тој момент) |
| **Х или Д** | | Во случај на ***ПРЕТХОДНО НЕИСПРОБАНИ*** извори, или кога постои ***СОМНЕВАЊЕ*** во врска со автентичноста, доверливоста или компетентноста на изворот. | |

[6] Службен весник на Европските заедници од 30.1.1999 Ц26/1, Акт на Советот од 3.11.1998 г. за усвојување на правила важечки за досиејата за анализа на Европол (1999/Ц26/01).

**б) Систем пет по пет**

Системот пет по пет се користи, меѓу другите, од страна на Лондонската Метрополитен полиција.[7] Главната разлика од претходно споменатата е тоа што е додадена петта евалуациска шифра за евалуација на изворот и на информацијата, заедно со шифрите за работа со истите за пофина проценка.

Конкретно, документот содржи неколку важни полиња:

- систем на архивирање со кој се упатува на Папката за дистрибуција и разузнавачкиот извештај,
- можните класификациски нивоа, Ограничено, Доверливо, Тајно и Врвна тајна, кои се споменуваат на врвот на страницата,
- до кого може да се дистрибуира документот,
- целта на дистрибуцијата,
- условите за работа со документот, и
- дали треба да се бара имунитет од јавен интерес.

Документот е во целост сообразен со начелата на демократското вршење на полициска работа кое почива на разузнавачки информации и со професионалните стандарди на кривично-разузнавачкиот процес. Тој покажува:

- дека постои јасно артикулиран систем за оценување на доверливоста на изворот и валидноста на содржината,
- дека информациите складирани во кривично-разузнавачките досиеја се проценуваат во согласност со доверливоста на изворот и валидноста на содржината, пред истиот да се вклучи во досието,
- дека пристапот до тие документи е ограничен,
- дека постојат воспоставени процедури за одговарање на барања за добивање информации,
- дека се води евиденција на барањата за добивање информации и на одговорите,
- дека има начин да се провери кој имал пристап до кривично-разузнавачките досиеја и до кого била дистрибуирана информацијата,
- дека постои утврдена јасна политика на дистрибуција и услови под кои може да се дистрибуираат информации (колона 3 – шифри за ракување со информациите).

[7] Види: Разузнавачки извештај на Лондонската Метрополитен полиција – образец 5020 А. www.met.police.uk

| ЕВАЛУАЦИОНИ ШИФРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЕВАЛУАЦИЈА НА ИЗВОРОТ** | | **ЕВАЛУАЦИЈА НА ИНФОРМАЦИЈАТА** | | ШИФРА ЗА РАКУВАЊЕ | |
| **А** | Секогаш доверлив | **1** | Се знае дека е вистинита без резерви | **1** | Може да се дистрибуира до други служби на законот и до обвинителства, вклучително и служби на законот во ЕЕА и служби компатибилни на ЕУ (нема специјални услови) |
| **Б** | Најчесто доверлив | **2** | Изворот лично ја знае, но не и службеникот | **2** | Може да се дистрибуира до страни во В. Британија кои не се обвинители (потребно одобрение и евиденција) |
| **Ц** | Понекогаш доверлив | **3** | Не му е лично позната на изворот, но е потврдена | **3** | Може да се дистрибуира до служби на законот кои не се ЕЕА (важат специјални услови) |
| **Д** | Недоверлив | **4** | Не може да се процени | **4** | Може да се дистрибуира само во службата од која произлегла |
| **Е** | Непроверен извор | **5** | Постои сомневање дека е лажна | **5** | Не се дистрибуира понатаму; упат до оној кој ја дал. Службеникот кој го овластил обезбедувањето на информацијата наложува специјални услови за ракување со истата |

Република Македонија, по донесувањето на Законот за класифицирани информации и имплементирањето на методите и принципите на криминалистичкото разузнавање во борбата против организираниот криминал, се определи и го користи системот 4 по 4 за оценување и проценка на разузнавачките информации. Со ова се овозможи процес на размена на информации со поголемиот дел на служби за спроведување на законите во земјите од Европа, затоа што, доколку не постои таков систем, не може да се разменуваат информации со странски земји поради спецификите на организираниот криминал.

**в) Нивоа на класификација на информации**

Доверливите информации често се обвиткани со мистерија. Главната разлика меѓу доверливите и недоверливите информации е таа што првите содржат информации за ‘изворите и методите’.

Класификацијата е чин или процедура со која се проценува една информација и ѝ се назначува ниво и времетраење на рокот за тајност во согласност со релевантниот закон.

‘Ниво на класификација’ значи безбедносна ознака доделена на обработен документ.

Подолу е даден пример на класификациските нивоа, онака како што ги користи ЕУРОПОЛ.[8] Класификациските нивоа кои се применуваат во ЕУРОПОЛ треба да се подредат во однос на безбедносните мерки што се преземаат за да кореспондираат колку што е можно повеќе со нивоата кои во моментот се применуваат од страна на институциите во Европската унија и со постојните меѓународни стандарди. (Класификациските нивоа на документи обработени од страна на Еурополи или преку Еурополи се регулирани во член 8 од Конвенцијата за Еурополи).

| |
|---|
| **Ограничени** |
| Оваа класификација е важечка за информации и материјал чие неовластено обелоденување може да биде на штета на интересите на Еурополи или на една или повеќе земји-членки. |
| **Доверливи** |
| Оваа класификација е важечка за информации и материјал чие неовластено обелоденување може да им наштети на основните интереси на Еурополи или на една или повеќе земји-членки. |
| **Тајни** |
| Оваа класификација е важечка за информации и материјал чие неовластено обелоденување може сериозно да им наштети на основните интереси на Еурополи или на една или повеќе земји-членки. |
| **Врвна тајна** |
| Оваа класификација е важечка за информации и материјал чие неовластено обелоденување може да предизвика особено голема штета за основните интереси на Еурополи или на една или повеќе земји-членки. |

Во Република Македонија е донесен Закон за класифицирани информации во кој е предвидена севкупната постапка за класифицираните информации.

Со класификација на информацијата се определува степенот на заштита на информацијата која треба да биде соодветна со степенот на штетата што би настанала за Република Македонија со неовластен пристап или неовластена употреба на информацијата.

Информациите кои се предмет на класификација се однесуваат особено на: јавната безбедност; одбраната; надворешните работи; безбедносни, разузнавачки и контраразузнавачки активности на органите на државната управа на Република Македонија; системи, уреди, проекти и планови од важност за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи; научни истражувања; технолошки, економски и финансиски работи од значење за Република Македонија.

Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина. [9]

Овластено лице го определува степенот на класификацијата на информацијата.

Информацијата се определува со еден од степените на класификација:

- државна тајна;

[8] Акт на Советот од 5.6.2003 г., со кој се менува Актот на Советот од 3.11.1998 г. за усвојување на правилата за доверливост на информациите на Европол, Службен весник Ц 152, 28.6.2003г., стр. 0001-0002; http://europa.eu.int/smartapi/cgi/sga_doc@smartapi!celexdoc!prod!

[9] Закон за класифицирани информации, Службен весник на РМ бр. 9 од 2004 год.

- строго доверливо;
- доверливо и
- интерно.

Класифицираната информација со степен "државна тајна" е информација чие неовластено откривање би предизвикало загрозување и нанесување непоправливи штети на трајните интереси на Република Македонија

Класифицираната информација со степен "строго доверливо" е информација создадена од државните органи, органи на единиците на локална самоуправа и други институции која е од значење за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи и безбедносните и разузнавачките активности на органите на државната управа на Република Македонија, а чие неовластено откривање би предизвикало исклучително сериозна штета за виталните интереси на Република Македонија

Класифицираната информација со степен "доверливо" е информација создадена од државните органи, органи на единиците на локална самоуправа и други институции која е од значење за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи и безбедносните и разузнавачките активности на органите на државната управа на Република Македонија, а чие неовластено откривање би предизвикало сериозна штета за важните интереси на Република Македонија

Класифицираната информација со степен "интерно" е информација чие неовластено откривање би предизвикало штета за работењето на државните органи, единиците на локалната самоуправа и други институции кои се од значење за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи и безбедносните и разузнавачките активности на органите на државната управа на Република Македонија

Класифицираните информации од странски држави или меѓународни организации со кои Република Македонија има склучено меѓународни договори или на кои Република Македонија им пристапила, ја задржуваат ознаката на степенот на класификацијата што се користи во таа држава или меѓународна организација.

Критериуми кои особено се земаат предвид при утврдувањето на мерките за заштита на класифицираните информации се:

- степенот на класификација;
- обемот и формата на класифицираната информација и
- процената за закана на безбедноста на класифицираната информација.

За заштита на класифицираните информации се преземаат мерки и активности за административна, физичка, информатичка и индустриска безбедност, како и за безбедност на лицата.

Класифицираните информации се распоредуваат на лица кои имаат безбедносен сертификат со степен за пристап до класифицирани информации најмалку еднаков со степенот на класификацијата на информацијата што им се доставува согласно принципот "потребно е да знае". Почетната листа за распоредување на класифицираните информации до определени корисници се определува од создавачот на информацијата. Од страна на овластените лица во органите надлежни за безбедноста на класифицираните информации се изготвуваат листи на корисници од редот на функционерите и вработените на кои, поради природата на работата и врз основа на актите за систематизација на работните места во органите, ќе им се доставуваат класифицирани информации од степенот "строго доверливо" и повисоко, согласно принципот "потребно е да знае"[10].

[10] Уредба за безбедност на лица корисници на класифицирани информации, Службен весник на РМ бр. 9 од 2004 год.

Документите класифицирани со степенот " државна тајна" се доставуваат преку надлежните организациони единици кои ги исполнуваат стандардите и кои се овластени за работа со информации класифицирани со степенот"државна тајна.

Документите класифицирани со степените "строго доверливо" и пониско можат да се доставуваат до почетно наведените адреси, односно корисници на други адреси, односно корисници согласно принципот "потребно е да знае".

Сите евентуални ограничувања за понатамошно доставување на тие класифицирани документи се обележуваат на самиот документ. Обележувањето на ограничувањето за понатамошно доставување стои веднаш под обележаниот степен на класификацијата, од која е одделен со линија.

При наведени ограничувања, почетно одредените корисници можат да ги распоредуваат документите и до други корисници, по претходно добиено овластување од создавачот на класифицираната информација.

Распространување на класифицираните информации се врши согласно принципот "потребно е да знае". При распространување на класифицирани информации овластеното лице презема активности за прием, обработка, утврдување на корисниците и проследување на класифицираните информации до нив. Овластеното лице врши распоредување на класифицираните информации до утврдените корисници.

Активностите при распространувањето на класифицираните информации кои се однесуваат на обработката, утврдувањето на корисниците и доставувањето на информациите со уредба ги пропишува Владата. [11]

Класификацијата на информацијата престанува:

- на датумот означен на документот;
- со случување на определен настан наведен во документот;
- со истекување на временскиот период означен на документот;
- со декласификацја.

Со декласификација се врши промена од класифицирана информација во информација до која се има слободен пристап.

Декласификацијата ја врши создавачот на информацијата за што ги известува корисниците на информацијата.

Создавачот на класифицираната информација означува временски период или настан до кој информацијата не може да биде рекласифицирана или декласифицирана.

Временскиот период или настанот до кој информацијата не може да биде рекласифицирана или декласифицирана не може да надмине период од десет години, освен ако информацијата не ни е потребна за подолготрајна заштита определена со законски акт.

Информација која е одредена со степен на класификација нема да се смета за класифицирана информација ако со неа се прикрива кривично дело, прекршок или злоупотреба на службена положба или некој друг незаконски акт.

**Резиме**

Начини и процедури за оценување, вреднување, користење и размена на класифицирани информации кои се регулирани со закон и подзаконски акти мора да се применуваат, и на тој основ треба:

1. да се оствари соодветен степен на тајноста на документите;

[11] Постојат пет уредби, и тоа: Уредба за административна безбедност на класифицирани информации, за информатичка безбедност на класифицираните информации, за безбедност на лица корисници на класифицирани информации, за физичка безбедност на класифицираните информации и за индустриска безбедност на класифицираните информации.

2. да се потенцира опасноста од евентуални пробивања на разузнавачките информации;
3. да се намали, ако не и оневозможи, откривањето на информациите преку коруптивни активности на лица вработени во службите;
4. да се намали опасноста од деконспирирање на изворите на информациите, поради опасноста од нивната натамошна примена;
5. да се зголеми одговорноста кај сите чинители кои имаат право, согласно наведените принципи и начини, да ракуваат со класифицирани информации;
6. да се овозможи размена на информациите со странски служби и органи;

7. да се оствари целосна и одржлива борба против сите типови на организиран криминал.

**Литература**


- Истражување на криминалистичката анализа, Зборник на трудови на Здружението на крим. аналитичари, Магор, Скопје, 2009
- Дон МкДауел, Стратешко разузнавање, Полициска академија, 2008 год.
- Злате Димовски, Прирачник криминалистичко разузнавање, Графотранс, Скопје, 2007
- Алекса Стаменковски, Основи на разузнавањето, Скопје, 2005 год.
- Закон за класифицирани информации, Службен весник на РМ, бр. 9 од 2009 год.
- Уредба за административна безбедност на класифицирани информации;
- Уредба за информатичка безбедност на класифицираните информации;
- Уредба за безбедност на лица корисници на класифицирани информации;
- Уредба за физичка безбедност на класифицираните информации, и
- Уредба за индустриска безбедност на класифицираните информации



*Zlate Dimovski, PhD*
*Faculty of Security- Skopje*


***METHODS AND PROCEDURES FOR ASSESSMENT, VALIDATION, USE AND EXCHANGE OF CLASSIFIED INFORMATION***


*Abstract*

*Every single unprocessed information should be assessed from the aspect of the validity of its content and confidentiality of the source in order to determine how it contributes (if there is any contribution at all) to the understanding of crime, identification of suspects and filing a case that can be prosecuted. Once the usefulness of the information is assessed, an analysis should be done of their material contribution to the investigation. This process is conducted for every single piece of evidence and information gathered in the course of the investigation and is followed by their classification and determination of the scope of their users.*



*Key words: criminalistic intelligence, information, criminalistic information, classification of information*

*д-р Фросина Ташевска-Ременски*
доцент на Факултет за безбедност- Скопје
e-mail: ftremenski@fb.uklo.edu.mk
ftremenski@gmail.com

# СУДИР НА ИНТЕРЕСИ И КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИЦИЈАТА
## *(Случајот со Република Македонија)*

**_Апстракт_**

*Целта на трудот е да се позанимава со две актуелни и емпириски недоволно истражени појави кои со својата заемна поврзаност и корелација влијаат на еродирање на принципите и целите на полициската работа. Во тудот ќе биде обработена правната рамка која опфаќа одреден број закони и подзаконски акти кои на директен или индиректен начин се однесуваат на судирот на интереси и корупцијата во полицијата. Законот за полиција, Етичкиот кодекс на полицијата и Правилникот за неспоивост на полициската работа со други дејности се актите кои во себе содржат одредби кои го регулираат поведението и работата на полициските службеници, како и забраните, недозволените и казнивите поведенија на полициските службеници. Во трудот ќе бидат претставени дел од резултатите добиени од спроведените емпириски истражувања „Јавниот лик на полицијата" (2008) и „Ставовите на граѓаните за работата на полицијата" (2009, 2010) што опфаќа ставови на граѓаните во врска со полициската работа, корупцијата и судирот на интереси во полицијата.*

***Клучни зборови:*** *судир на интереси, корупција, полиција, полициска етика*.

### В О В Е Д

Корупцијата и судирот на интереси, недостигот од транспарентност во работата на носителите на јавните функции, како и недоволните конкретни резултати во борбата против корупцијата, се едни од најистакнуваните пречки за евроинтеграцијата на Република Македонија. Недоволната функционалност на законодавната, извршната и судската власт придонесе службените лица кои се наоѓаат во состојба на судир на интереси тоа да не го сметаат како појава од висок ризик, а толеранцијата на коруптивната практика како честа практика во работењето. Во јавноста, судирот на интереси и корупцијата многу често се поистоветуваат што делумно е оправдано заради неколкуте допирни точки. Меѓутоа, овие два поими мора да се разликуваат од причина што имаат значителни разлики (некој може да биде корумпиран и без да се наоѓа во судир на интереси, и обратно, да се наоѓа во судир на интереси, а да не е корумпиран). Познавачите на проблематикава ќе кажат дека судирот на интереси е предвесник на корупцијата.

Собранието на Република Македонија како една од обврските за спроведување на законодавството во областа на антикорупцијата,[1] во согласност со „копенхагенските критериуми" за приклучување на РМ кон ЕУ, во 2007 година ја дополни антикорупциската нормативна рамка со Законот за спречување судир на интереси.[2] Овој закон заедно со Законот за спречување на корупцијата, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Етичките кодекси за различните професии и измените во неколкуте закони кои на директен или на индиректен начин ја уредуваат оваа материја, ја сочинуваат етичката инфраструктура кога станува збор за борбата против корупцијата. И покрај напорите да се регулира судирот на интереси, остануваат области од општествениот живот кои не се опфатени со нормите, што претставува потенцијална

---

[1] KLITGAARD, Richard, Controlling Corruption, University of California Press, 1991, стр. 17-19.
[2] Службен весник на Република Македонија, бр. 70 од 5.6.2007; Commission of the European Union; The Copenhagen European Council and the Copenhagen Criteria – hppt://www. Europa.eu.int/comm.enlargement

опасност за коруптивно однесување. Во полицијата, која влегува во оваа област, доколку постои коруптивно однесување и во најмала мерка, тоа може да биде многу опасно за законитоста на нејзиното функционирање. Паралелно со ова, кај значителен дел од службените лица воопшто, меѓу кои и кај полициските службеници, се забележува недоволно познавање на поимот и појавата на судир на интереси. Поради тоа е потребно да се прават напори во две насоки: од една страна, да се работи на зајакнување на превенцијата со континуирано едуцирање и запознавање на службените лица со тоа што претставува судирот на интереси, како се доаѓа до него, што треба да се направи за да се избегне и како да се излезе од состојбата на судир на интереси, и од друга страна, да го развие и поттикне системот на откривање, надминување и репресија.

## 1. КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ВО ПОЛИЦИЈАТА КАКО ПРЕДМЕТ НА НАУЧНИ ИСТРАЖУВАЊА

Корупцијата како еден од појавните облици на криминалитет и социјалната патологија многу често е предмет на социолошки, криминолошки и други истражувања. Од средината на 50-тите години на минатиот век, со проблемите на интегритетот на полицајците и девијантните форми на однесување во рамките на полициската организација се занимавале плејада истакнати социолошки ориентирани истражувачи.[3]

Пионерски придонес во истражувањето на корупцијата во полицијата дава трудот на Беркер и Робука (Barker, Roebucka)[4] чијашто типологија на корупцијата во полицијата и ден-денес се смета за еден од највлијателните обиди за поделба на корупцијата во полицијата. Панч (Punch)[5] во средината на 80-тите години на минатиот век објавува резултати од неколку истражувања кои претставуваат посебен придонес во коригирањето/надоградувањето на резултатите на Беркер и Робука за типологизација на полициската корупција.

Посебен придонес во истражувањето на корупцијата во полицијата дале и Карл Б. Клокерс (кој со овој вид истражување се занимава од средината на седумдесеттите години) и Сања Кутњак Ивкович.[6]

---

[3] Вајт (Whyte, 1955), Сколник (Skolnick, 1966), Гарднер (Gardiner, 1970), Чемблис (Chambliss, 1971), Рас (Reiss, 1971) и др.

[4] Roebucka, J.B., Barker, T., (1974), A Tipology of Police Corruption, *Social Problems, 21, str. 423-437.* Нивната студија се темели на три извори: анализа на литература, извештаи на американската претседателска комисија за злосторства и на теренски истражувања на авторите. Авторите апстрахираат осум форми на коруптивни практики, а ново во однос на дотогашните истражувања претставувал фактот што корупцијата тогаш не се набљудувала исклучиво од „bad apple“ перспектива, туку од аспект на постоење на посебна полициска супкултура.

[5] Punch, M., (1986), *Conduct Unbecoming: The Social Construction of Police Deviance and Control,* London:Tavistock. Дополнувањето на Беркеровата и Робуковата типологизација е направена со уште неколку видови полициска корупција: избегнување од извршувањето на полициските обврски, аберантни однесувања против интересите на полицијата, аберантни однесувања во интерес на полициската организација и неформални награди.

[6] Види повеќе во: Kutnjak Ivković, S., Klockars, B.C. (1998), The Code of Silence and the Croatian Police, U Pagon, M., (ed.), *Policing in Central and Eastern Europe: Organizationl, Managerial and Human Resource Aspects,* Ljubljana: Collage of Police and Security Studies; Kutnjak Ivković, S., Klockars, B.C., (2000), Comparing Police Supervisor and Line Officer Opinion about the Code of Silence: The Case of Croatia, U Pagon, M., (ed.), *Policing in Central and Eastern Europ: Ethics, Integrity and Human Rights,* Ljubljana: Collage of Police and Security Studies; Kutnjak Ivković, S., Klockars, B.C., Cajner-Mraovic, I., Ivanušec, D., (2005), Controlling Police Corruption: The Croatian Perspective, U Sarre, S. Das, D. K., Albrecht H.J., (eds.), *Policing Corruption:International Perspectives,* Lanham: Rowman & Littlefield Pub. Inc.

Во Република Македонија не постои специјализирано истражување за корупцијата во полицијата или т.н. полициска корупција. Емпириските и статистичките податоци кои се користат во стручните и научните трудови се еден сегмент од истражувањата на невладините организации и научните институции (Transparency International, Gallup International и сл.) чии цели и предмет на истражување не е првенствено корупцијата во полицијата, туку корупцијата во државните институции воопшто.

Во рамките на научно-истражувачките проекти „Јавниот лик на полицијата"[7] спроведен во периодот февруари-април 2008 година и „Ставот на граѓаните за работата на полицијата"[8] спроведен во периодот ноември-декември 2009 година и февруари-март 2010 година, покрај останатите податоци кои се однесуваат на работата на полицијата и односот полиција-граѓани-полиција, (не)толерантноста на коруптивното однесување на полициските службеници зазема свое место во овие истражувања.

## *1.1. Случајот со Република Македонија*

Наспроти истражувањата и препораките од меѓународната заедница, која проблемот со корупцијата во Република Македонија го потенцира во сите досега објавени извештаи, според официјалните статистички податоци на Министерството за внатрешни работи и на Јавното обвинителство овој проблем не е толку изразен. Општоприфатената дефиниција за корупција опфаќа 24 кривични дела содржани во Кривичниот законик на Република Македонија, што овозможува опфат на кривичните дела што имаат директен коруптивен карактер, но и кривичните дела со елементи на коруптивност што блиску или посредно упатуваат на активности и начини на сторување корупција.[9] Под поимот корупција во полицијата може да го подразбереме секое дејство или секој пропуст што полицискиот службеник ќе го стори при вршење на својата должност, а за тоа како возврат бара или прифаќа некаква корист,[10] погодност или интерес за себе или за друго лице; како и секое пречекорување и прекршување на стандардните постапки и процедури, злоупотреба на службената должност или пречекорување на со закон дадените полициски овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална, нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес од страна на полицискиот службеник, за себе или за некој друг, со намера да изврши или да се воздржи од извршување работа која законски е должен да ја изврши или да не ја изврши.[11]

---

[7] Научно-истражувачки проект на доц. д-р Фросина Т. Ременски, Факултет за безбедност.

[8] Научно-истражувачки проект на проф. д-р Цане Мојаноски, Факултет за безбедност.

[9] Корупцијата претставува злоупотреба на сопствената или нечија друга положба или функција со цел остварување профит, добивање предност или добивка за него/неа од страна на другите. **ПРИРАЧНИК** за спречување на корупцијата и судирот на интереси [Изработил Зоран Јачев], Скопје: Државна комисија за спречување на корупцијата, 2009.

[10] Користа од коруптивното однесување не е ограничена само на директна корист за корумпираните лица бидејќи многу почести се појавите кога таа се остварува на сметка на нивни блиски лица. Иако најчесто корисата е материјална, изразена во пари, скапоцени предмети, недвижнини, автомобили, таа може да биде и нематеријална – стекнување на одредено право, хартии од вредност, услуга, унапредување и слично. Исто.

[11] Во извештајниот период, стручните служби на Министерството го задржаа позитивниот тренд во откривање на дела од класичната корупција во текот на оваа година, односно е регистрирано зголемување на бројот на откриените дела за 25%, **споредено со истиот период минатата година. Имено, се откриени вкупно 25 кривични дела (лани 20), за кои се пријавени 27 (26) сторители, а според структурата на овие дела се работи за откриени 15 (10) дела „давање поткуп", седум (шест) дела „примање поткуп" и три (четири) дела „противзаконито посредување."** Како што истакнавме, во анализираниот период се откриени 15 дела „давање поткуп" **во рамките на кои се пријавени 15 сторители. Притоа, во најголемиот број случаи- 13, поткупот бил понуден на полициски и**

Како најчести фактори кои придонесуваат за пораст на корпуцијата во полицијата се наведуваат: содејство помеѓу непрофесионализмот и лошата организација, вработување на нестручен кадар, непочитување на раководниот тим, занемарување на критериумите при избор и обука на вработените во МВР, (првиот сегмент доведе до навлегување на немотивирани луѓе во професијата, а со вториот сегмент се продлабочуваат проблемите со квалитетот на кадарот), критериумите за напредување во службата, немање систем за оценување на резултатите од полицискиот труд, недоволо плаќање на полицискиот труд. Во многу случаи, раководителот е близок со луѓето од својот тим. Тој претпочита да работи во веќе оформена екипа и поради овој факт во многу случаи ја игнорира корупцијата т.е. корупциските дејства со цел да ја задржи компакноста во екипата. Раководителот нема интерес да ги обелодени овие корупциски дејства со цел да го задржи веќе постигнатиот рејтинг и да не ја изгуби довербата во очите на другите. Но практиката покажува дека во многу корупциски дејства директно се вклучени и самите раководители. Без разлика на напорите направени од надлежните служби за спречување на корупцијата, сè уште е невозможно да се направи реална проценка во кои размери може да се движи корупцијата кај полициските службеници кои се во директен контакт со граѓаните.

**Судирот на интереси**, иако самиот по себе не е коруптивно однесување, тој е една од најчестите основи за појава на корупцијата, односно претставува исклучително плодна почва на која таа виреe. Поимот судир на интереси е релативно нов на овие простори и многу често погрешно се толкува – како спротивставеност на ставовите меѓу две или повеќе личности или институции заради разликата во нивните интереси. Вистинската природа на судирот на интереси не се развива кај различни личности, туку во спротивното - во судирот на интересите кај една иста личност. Се појавува кога некој во вршењето на својата работа има личен, приватен интерес кој му влијае или може да му влијае врз постапките во вршењето на работата. Притоа, воопшто не е важно дали таа личност работи во централната или локалната власт, во јавно претпријатие или приватна фирма – судирот на интереси може да се појави во најразлични институции и организации, како што е полицијата во контекст на овој труд. Судирот на интереси во Законот за спречување на судир на интереси се дефинира како „состојба кога приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес или кога приватниот интерес влијае или може да влијае врз неговата непристрасност при вршењето на работите од јавен интерес“.[12]

Во Законот за спречување на судир на интереси (чл. 3, ст. 2), се наброени

---

**цармински работници со цел да не бидат преземени законски мерки, а во другите два случаи, адвокат и одговорно лице во приватна фирма понудиле поткуп на службени лица со цел незаконски да остварат одредени права. Во анализираниот период, понудениот поткуп е во вредност од пет до 2000 евра.** Во случаите на „**примање поткуп**“ се пријавени девет сторители, од кои петмина полициски работници. Во овој период, беа преземени мерки и за сузбивање на **коруптивното однесување на полициските работници** што резултираше со откривање на 20 полицајци кои извршиле 12 кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување.“ Притоа, четири од злоупотребите се откриени во работењето на полициските работници на граничните премини „Ќафасан“ и „Табановце“ кои на странски државјани им овозможувале влез и излез од државава спротивно на законските прописи, понатаму, три се сторени од сообраќајни полицајци кои при констатирани прекршоци за неизрекување законски мерки зеле пари, стока и лажно пријавиле друго лице како сторител, две се сторени од полициски службеници со неповедување на прекршочни постапки по ЗБПС, двајца референти се пријавени за фалсификување на шасија и внесување невистинити податоци во електронската евиденција на моторни возила, а еден раководен полициски службеник заради изготвување на службена потврда со невистинита содржина. „**Состојбите во областа на корупцијата во шесте месеци од 2009 година“, hpt://www.moi.gov.mk**

[12] Службен весник на Република Македонија, бр. 70 од 5.6.2007 година.

службените лица меѓу кои нема прецизно именување на полициските службеници во редот на службените лица наведени во Законот. Меѓутоа, важењето на одредбите од овој закон и за полициските службеници во голем дел е неспорно и се подразбира.[13] Во практиката постои значителна нејаснотија по прашањето за препознавање на судирот на интереси или, пак, нивното разликување од класичното коруптивно однесување. Ова особено се однесува на полициските службеници и можните ситуации на судир на интереси при примена на нивните овластувања. Полициските службеници имаат за цел стручно, независно, непречено да го спроведуваат законот и да работат во функција на јавниот интерес, нешто што граѓаните го очекуваат од полицијата. Корупциското однесување на полициските службеници и судирот на интереси во кои тие можат да се најдат може да се јави на сите нивоа во рамките на полициската организација. Причините за нивното појавување треба да се бараат на повеќе нивоа во општествено-политичкиот систем, како и во организациската поставеност и развојот на полицискиот систем.[14]

Кога зборуваме за судирот на интереси во полицијата на почетокот се поставува прашањето: „Што се случува доколку една од страните (обвинетиот или оштетениот) е во роднинска или пријателска врска со полицаецот кој спроведува важни дејства во преткривичната постапка?" Со ова прашање и со неговиот одговор доаѓаме, можеби, до најчестата ситуација кога полицијата, односно некои полициски службеници можат да се најдат во судир на интереси. Тоа се, всушност, оние ситуации кога осомничениот против кого треба да се собираат одредени докази е близок роднина или пријател на полицискиот службеник. Во оваа ситуација не може да се очекува дека полицискиот службеник ќе биде објективен, непристрастен и совесен. Со право може да се очекува дека тој свесно или несвесно ќе направи превид на одредени докази и на овој или на оној начин ќе биде наклонет кон осомничениот. Не е мал бројот на ситуации кога полицајци особено се „заинтересирани" за одреден случај или одреден потенцијално осомничен да биде осуден и прогласен за виновен, особено кога негов близок (роднина, пријател) е жртва од сторено кривично дело и обратно, кога полицаец е лично „заинтересиран" негов близок да не биде осомничен. Во ваквите ситуации, за да се избегне судирот на интереси, е посакувано полицаецот сам да се изземе од случаите во кои може да се најде во потенцијален судир на интереси (кога нивен близок е

---

[13] Во дефинирањето на опфатот на лицата кои спаѓаат во категоријата службени лица, во смисла на овој закон, од помош можат да бидат дефинициите од Конвенцијата на Обединетите нации за борба против корупцијата. Поради тоа што со ратификацијата на Конвенцијата таа станува дел од домашното законодавство и извор на правото, тие дефиниции важат и во Република Македонија и, според нив, службено лице е: 1. секое лице што има законодавен, извршен, административен или судски мандат во државата, наименувано или избрано на определено или неопределено време, кое е платено или не и без оглед на хиерархиското ниво; 2. секое друго лице кое врши јавна функција, вклучувајќи и државен орган или јавно претпријатие, или кое врши јавни услуги, како што овие изрази се дефинирани во внатрешното право на државата и применети во соодветната правна област на таа држава; 3. секое друго лице дефинирано како „службено лице" во внатрешното законодавство на државата. **ПРИРАЧНИК** за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

[14] **Кодекс на полициска етика (Службен весник на РМ, бр. 72 од 11.6.2007 год.):**

**Член 21:** (1)„Заради одржување на стабилен полициски интегритет, како и правилно работење на Полицијата, во согласност со принципот на владеење на правото, на сите нивоа на полициската организација се воспоставуваат ефикасни мерки за ефикасно справување и борба против корупцијата преку дефинирање на коруптивното однесување и воспоставување на организациони структури и контролни механизми за борба против корупцијата. (2) Полициските службеници не треба да се постават во материјална или друга зависност од други лица или органи. (3) Полициските службеници не треба да ги користат службените овластувања со цел стекнување на лична корист." **Член 47:** (1) Полициските службеници се спротивставуваат на формите на корупција во рамките на Полицијата. (2) Секој полициски службеник ги информира претпоставените и другите надлежни државни органи за појава на корупција во рамките на Полицијата.

осомничен, жртва и сл.). Меѓутоа, некогаш е многу тешко да се воочи дали и колку еден поединец-полицаец е лично заинтересиран за некој конкретен случај, особено ако се работи за една премолчена внатрешнополициска практика да се наградуваат и унапредуваат оние полицајци кои се успешни, кои остваруваат, ја исполнуваат нормата во откривање и разрешување на кривични дела. Тогаш ниту полицијата, ниту кој било друг не мора да биде свесен за постоење судир помеѓу личниот и општиот интерес. Должност на секој повисок полициски старешина и на институцијата е да води сметка за постоење на евентуален судир на интереси и да не врши притисок полицајците по секоја цена да работат бргу и „ефикасно".

Врз основа на член 128 од Законот за полиција, министерот за внатрешни работи како подзаконски акт го донесе Правилникот за работите и дејностите што се во судир со полициските работи кој ги уредува работите и дејностите кои се во судир со полициските работи. Според овој Правилник, полицискиот службеник покрај полициските работи не треба да ги врши следниве работи и дејности: работи во меѓународни организации, работи во странски државни органи, работи од областа на осигурувањето, давање на стручни наоди и мислења (вештачење) од областа на полициските работи, работи од областа на обезбедувањето на лица и имот и детективски дејности. Покрај наведените работи и дејности, полицискиот службеник не треба да врши други работи кои се во непосредна сродност со полициските работи што ги врши на работното место на кое е распореден и чие вршење би влијаело врз законитото и правилното извршување на полициските работи.

Кога зборуваме за судирот на интереси во полицијата, покрај претходно споменатата ситуација на судир на интереси во која можат да се најдат полициските службеници, а во контекст на Правилникот за работите и дејностите што се во судир со полициските работи, во последно време е честа појавата припадници на МВР во своето слободно време да вршат и некоја дополнителна приватна активност со која остваруваат дополнителни приходи. Некои од тие активности најчесто се неспојливи со нивната основна дејност како полициски службеници. Меѓутоа, од искуствата од земјите во соседството, и во Република Македонија јавна тајна се сознанијата дека поединци од полицијата, но и од разузнавачките и контраразузнавачките служби се јавуваат како лично обезбедување, телохранители на одредени лица кои спаѓаат во категоријата на контроверзни бизнисмени, политичари, јавни личности и сл. Ситуациите во кои припадници на МВР на РМ во слободното време се среќаваат во улога на лица за обезбедување на објекти (дискотеки, кафе-барови, кафулиња и сл.), доволно зборува дека судирот на интереси е присутен и во редовите на македонската полиција, а Правилникот и внатрешната контрола, која има обврска да ја обезбеди примената на одредбите од Правилникот, очигледно не функционираат соодветно.

Кога се зборува за овој вид судир на интереси во полицијата, исто така, се поставува прашањето дали е професионално етички еден полицаец по заминувањето во пензија, односно по престанокот со активната полициска работа во државната служба да може да продолжи да го работи приватно она што најдобро го знае, а тоа е чување и обезбедување на личности и објекти, а во одредени случаи и детективска дејност. Кај нас, не без причина, се поставува прашањето дали, на пример, на поранешните судии треба да им се дозволи да се впуштаат во адвокатура бидејќи со тоа можат да дојдат во судир на интереси. Ако ова прашање се поставува за судиите кои евентуално би поминале во адвокатура, тогаш е добро ова прашање да се постави и кога станува збор за полицајците кои заминуваат во пензија, а потоа се занимаваат со работи од областа на приватното обезбедување на имот и лица или, пак, тие стануваат основачи и

сопственици на агенции кои се занимаваат со обезбедување.[15] Ова прашање е актуелно од причина што контролата над работата на приватните агенции за обезбедување на имот и лица ја врши токму Министерството за внатрешни работи, односно институцијата во која претходно работеле нивните сопственици и нивните поранешни колеги. Дали тука не се доведува под знак прашање објективноста и непристрасноста во спроведувањето на надзорот и контролата на работата на агенциите за приватно обезбедување?

Одредбите од законските и подзаконските акти кои ја регулираат областа на внатрешните работи и полициското работење остануваат да бидат само слово на хартија во утврдените случаи на судир на интереси во Полицијата. Задолжени за спроведување на Законот за спречување на судир на интереси, исто како и на Законот за спречување на корупцијата, е Државната комисија за спречување на корупцијата која е задолжена да ги утврдува ситуациите во кои лица со јавни овластувања се наоѓаат во состојба на судир на интереси.[16]

Во споменатите истражување „Јавниот лик на полицијата" (2008, 1166 испитаници) и „Ставовите на граѓаните за работата на полицијата" (2009, 1318 испитаници; 2010, 1139 ипитаници), на испитаниците им беа поставени неколку прашања во врска со (не)толерантноста на коруптивното однесување на полицијата, но и на нив самите.[17]

---

[15] Во Република Македонија неколку од поголемите агенции за обезбедување на имот и лица се во сопственост на поранешни вработени во Министерството за внатрешни работи кои својот активен полициски стаж го имаат поминато како поранешни раководни лица, помошници директори, заменици-државни секретари и сл. Тука е добро да се споменат неколкуте кои на пазарот на даватели на услуги котираат високо. Тоа се: „Оса", „Никоб", „Лупус", „Роте" и други чии основачи или, пак, раководни лица се поранешни вработени во МВР.

[16] Државната комисија за спречување на корупцијата во своите јавно достапни извештаи прикажува податоци за поведени, постапки во тек и завршени постапки за одреден временски период. Така, во табеларен приказ насловен како **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕДМЕТИ - ПРЕТСТАВКИ ДОСТАВЕНИ ОД ГРАЃАНИ И ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПЕРИОДОТ 2007 - 31.12.2009 година,** Комисијата во 2007 година од 30 пријавени случаи за судир на интереси во 4 од нив утврдила постоење на судир на интереси; во 2008 година од 44 пријави за судир на интереси во 9 од нив го потврдува постоењето на судир на интереси, додека во 2009 година (до 31.12.2009) од вкупно 63 пријави за судир на интереси во 20 од нив утврдила судир на интереси, а на 24 случаи сè уште работи. Во еден друг табеларен приказ на ДКСК, насловен како Извештај за судир на интереси, за првите два месеци од 2010 година се забележани вкупно 15 пријави за судир на интереси (7 за јануари и 8 за февруари), од нив во февруари по иницијатива на ДКСК е утврден еден случај за судир на интереси, по барање на функционерот кој раководи со органот во еден случај е утврден судир на интереси, а во два случаи тоа не е сторено; по барање на службено лице е поднесена претставка за утврдување на судир на интереси, меѓутоа тој не е утврден; врз основа на пријава од друго лице во еден случај е утврден судир на интереси, а во два не е утврдено постоењето на судир на интереси; врз основа на три анонимни пријави во ниту еден случај не е утврден судир на интереси. Од вкупно изречените казни, ДКСК во два случаи изрекла казна јавна опомена, а во еден случај разрешување од вршење на јавни овластувања и должности.

[17] Така, на ставот: **„Сосема е прифатливо за полицаецот да ја користи својата позиција за остварување на некоја лична цел без оглед на нелегалноста“,** од петте опциони одговори 750 (64,5%) од вкупно 1147 испитаници „не се согласуваат“ со овој став, наспроти 92 (7,9%), односно 100 (8,6%) испитаници кои „се согласуваат“, односно „делумно се согласуват“ со наведениот став. На ставот **„Да ја користи својата позиција ако со тоа му помага на своето семејство“**, од петте понудени опциони одговори 551 (47,4%) од вкупно 1146 испитаници „не се согласуваат“ со ставот, наспроти 137 (11,8%), односно 173 (14,9%) испитаници кои „се согласуваат“, односно „делумно се согласуваат“ со наведениот став. На ставот **„Да ја користи својата позиција за себе ако со тоа не ја загрозува општата безбедност во заедницата“**, од понудените одговори 458 (39,4%) од вкупно 1145 испитаници одговориле дека „не се согласуваат“ со наведениот став, наспроти 182 (15,6%), односно 207 (17,8%) од испитаниците кои одговориле дека „не се согласуваат“, односно „делумно се согласуваат“ со наведениот став. На ставот **„Да ја користи својата позиција за остварување на некоја лична цел, ако тоа го**

На прашањето **„Како ќе постапите доколку дознаете дека полицаец што го познавате ја злоупотребил својата позиција заради остварување лична корист”**, во истражувањето од 2008 година од понудените одговори 355 (30,5%), од вкупно 1155 испитаници одговориле дека „не знаат како би постапиле”, наспроти 256 (22%), односно 234 (20,1%) од испитаниците кои одговориле дека „ќе се обидат да вилјаат на полицаецот да се поправи”, односно „ќе го пријават во полиција”. На истото прашање во истражувањето од 2009 година од вкупно 1318 испитаници 359 (27,2%) испитаници одговориле дека „ќе го пријават во полиција, наспроти 346 (26,3%) испитаници кои „не знаат како би постапиле”. Во истражувањето од 2010 година од вкупно 1309 испитаници 345 (26,4%) одговориле дека „ќе го пријават во полиција”, наспроти 332 (25,4%) испитаници кои „не знаат како би постапиле”. Од одговорот се гледа дека кај испитаниците не постои дециден став и одлучност во врска со нивното постапување доколку откријат дека некој полицаец ја злоупотребува својата позиција. Неочекувано мал е процентот на испитаници кои би пријавиле полициска злоупотреба во полиција.[18]

Ако се знае дека и давањето и примањето поткуп е казниво дело и е одлика на секое коруптивно однесување, тогаш при анализата на одговорите на двете последни прашања е индикативен процентот на испитаниците кои одговориле дека би понудиле или им бил побаран подарок или услуга заради противуслуга од страна на полицаец. Овие проценти, од една страна, зборуваат за (не)толерантноста на коруптивното однесување на граѓаните во полициското работење и судирот на интереси, а од друга страна, зборуваат за потребата да се подигне јавната свест за штетноста и казнивоста на коруптивното однесување на полицијата, како и континуираната едукација за подобро препознавање на овие појави во рамките на полициската организација.

**толерира неговиот претпоставен“**, 641 (55,1%) од вкупно 1145 испитаници одговориле дека „не се согласуваат“, наспроти 117 (10,1%), односно 135 (11,6%) испитаници кои „се согласуваат“, односно „делумно се согласуваат“ со овој став. На ставот **„Малите подароци или некои услуги кои се добиваат гратис претставуваат бреме за работа на полицијата во заедницата“**, 454 (39%) од вкупно 1141 испитаник одговориле дека „се согласуваат“, наспроти 259 (22,3%) од испитаниците кои одговориле дека „не се согласуваат“ со наведениот став. На ставот **„Полицаецот сам може да оцени што е знак на внимание, а што поктуп“**, 703 (60,4%), односно 204 (17, 5%) од вкупно 1149 испитаници одговориле дека „се согласуваат“, односно „делумно се согласуваат“, наспроти 86 (7,4%) од испитаниците кои одговориле дека „не се согласуваат“, што во случајов значи дека полицаецот не може сам да оцени што е знак на внимание, а што поткуп. На ставот **„Многу полицајци стануваат зависни од услугите како што се: бесплатни оброци и сервис на автомобили, но понекогаш некои млади и неискусни полицајци сепак запаѓаат во стапица“**, 485 (41, 7%), односно 276 (23,7%) од вкупно 1145 испитаници одговориле дека „се согласуваат“, односно „делумно се согласуваат“ со наведениот став, наспроти 159 (13,7%) од испитаниците кои „не се согласуваат“ со наведениот став. На ставот **„Подароците како што се бесплатни оброци и сервис на автомобили за полицајците се толку присутни во РМ што не може да се отстрани со никаква реакција од општеството“**, 340 (29,2%), односно 243 (20,9%) од вкупно 1151 испитаници одговориле дека „се согласуваат“, односно „делумно се согласуваат“, наспроти 235 (20,2%) испитаници кои „не се согласуваат“ со овој став.

[18] На прашањето **„Дали досега сте се нашле во ситуација полицаец да Ви бара подарок или услуга за да Ви помогне со услуга или да Ве ослободи од казна за сторен прекршок?“**, 951 (81,8%) од вкупно 1153 испитаници одговориле со „не“, односно дека не се нашле во ситуација полицаец да им побара услуга/подарок за услуга и помош, додека 202 (17,4%) од испитаниците одговориле со „да“, односно дека се нашле во таква ситуација. На прашањето, пак**, „Дали би понудиле подарок или услуга на полицаец за да Ви помогне со услуга или да се ослободите од казна за сторен прекршок?“**, од вкупно 1144 испитаници кои одговориле на ова прашање 659 (56,7%) од испитаниците одговориле со „не“, односно дека не би понудиле подарок или услуга на полицаец за противуслуга или ослободување од казна/прекршок. Меѓутоа, 169 (14,5%) од испитаниците одговориле со „да“, што значи дека би понудиле подарок или услуга.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:**

1. KLITGAARD, Richard, Controlling Corruption, University of California Press, 1991.
2. Закон за спречување на судир на интереси, Службен весник на Република Македонија, бр. 70 од 5.6.2007.
3. Commission of the European Union; The Copenhagen European Council and the Copenhagen Criteria – hppt://www. Europa.eu.int/comm.enlargement
4. Goldstein, H., *Police Corruption: A perspective on its nature and kontrol,* Washington DC: Police Foundation, 1975.
5. Simpson, A., *The Literature od Police Corruption,* New York: John Jay Press, 1977.
6. Punch, M., Officers and Men: Occupational Culture, Inter-rank Antagonism and the Investigation of Corruption.
7. Punch, M (ed.) *Control in the Police Organization,* Camb, Mass: MIT Press; Newborn, 1983.
8. Punch, M., , *Conduct Unbecoming: The Social Construction of Police Deviance and Control,* London:Tavistock, 1986.
9. Newborn, T., *Understanding and Preventing Police Corruption: Lessons from the Literature,* London: Home Office-Research, Development and Statistics Directorate,1999.
10. Kutnjak Ivković, S., To Serve and Collect: Measuring Police Corruption, *The journal of Criminal Law & Criminology, 93,* 2003.
11. Kutnjak Ivković, S., Klockars, B.C, The Code of Silence and the Croatian Police, U Pagon, M., (ed.), *Policing in Central and Eastern Europe: Organizationl, Managerial and Human Resource Aspects,* Ljubljana: Collage of Police and Security Studies,1998.
12. Roebucka, J.B., Barker, T., A Tipology of Police Corruption, *Social Problems, 21,*1974.
13. Beck, A., Lee, R., *Understanding corruption in the Russian police,* COLPI, 2000.
14. ПРИРАЧНИК за спречување на корупцијата и судирот на интереси [Изработил Зоран Јачев] - Скопје: Државна комисија за спречување на корупцијата, 2009.
15. Состојбите во областа на корупцијата во шесте месеци од 2009 година, hpt://www.moi.gov.mk
16. Кодекс на полициска етика (Службен весник на РМ, бр. 72 од 11.6.2007 год.).

***Frosina Taševska- Remenski, PhD***
***Faculty of Security- Skopje***

## *CONFLICT OF INTERESTS AND CORRUPTION IN THE POLICE*
### *The Case of the Republic of Macedonia*

***Abstract***

*The subject of this paper are two very topical and empirically under-reasearched problems, related to each other and having a negative impact on the principles and objectives of police work. The paper elaborates on the legal framework which encompasses a number of legal acts and by-laws which are in direct or indirect relation with conflict of interests and corruption in the police. The Law on Police, The Ethical Code of the Police and the Act of Incompatibility of Police Work with Other Activities are the most essential legal acts which regulate the conduct and work of police officers, as well as the prohibitions, non-permitted and punishable behaviour of police officers. The author presents part of the results from the empirical studies "The Public Image of the Police" (2008), and "Citizens' Attitudes to Police Work" (2009, 2010), which include citizens' attitudes to police work, corruption and conflict of interests in the police.*

***Key words:*** *conflict of interests, corruption, police, police ethics.*

*д-р Искра Аќимовска – Малетиќ*
Доцент на Факултетот за безбедност – Скопје
e-mail: imaletic@fb.uklo.edu.mk

# ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА ПРЕКУ НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ (СЛУЧАЈ МАКЕДОНИЈА)

*Резиме*

*Забраната на тортурата е едно од основните човекови права и слободи предвидено во бројни меѓународни документи кои предвидуваат и основање на институции за борба против тортурата. Во согласност со Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување е предвиден двоен систем на превенција од тортура и тоа меѓународен превентивен механизам и национален превентивен механизам. Во трудот е направен осврт на националниот превентивен механизам за заштита од тортура во Република Македонија.*
*Клучни зборови: човекови права, тортура, национален превентивен механизам, Народен правобранител на Република Македонија.*

## ВОВЕД

Универзалната декларација за човековите права утврдува дека секое живо суштество се раѓа слободно и еднакво со поседување на достоинство и права.[1] Кога станува збор за забраната од тортура како едно од основните човекови права, треба да се истакне дека во меѓународните документи се предвидува дека никој не смее да биде подложен на тортура или на суров, нехуман или понижувачки третман или казна, односно секој човек има право на заштита од тортура.

Човековите права се издигнати на ниво на законски права кои ги поседува секое лице, секое човечко суштество. Тоа значи дека тие мора да бидат и се дел од правото, дека зад нив мора да стои одредена гаранција и одреден механизам на контрола и санкционирање во случај на повреда на ова право.

Заштитата на човековите права е предвидена во бројни меѓународни документи кои предвидуваат формирање на специфични тела кои се грижат за ефективна имплементација на нивните одредби од страна на државите кои ги прифатиле. Исто така и забраната и превенцијата од тортура се предвидени со меѓународни конвенции и други акти кои понатаму се преточуваат во националните законодавства на државите кои ги ратификувале. Поаѓајќи од Конвенцијата против тортурата и друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување и казнување на Обединетите нации од 1984 година[2] (натаму Конвенција против тортура на ОН) и Европската конвенција за превенција од тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување, од Стразбур, 1987 година (натаму Европска конвенција за превенција од тортура) (со Протоколи 1 и 2 од 2002)[3], и пред сè Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или

[1] Universal Declaration of Human Rights, усвоена од Генералното собрание со Резолуцијата 217 A (III), од 10 декември 1948 год., чл. 1.

[2] Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, усвоена и отворена за потпишување, ратификација и пристапување со Резолуцијата 39/46 на Генералното собрание, од 10 декември 1984 год., влезена во сила на 26 јуни 1987 год., во согласност со чл. 27 (1).

[3] European Convention for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, Strasbourg, 26.XI1987, amended according to the provisions of Protocols No. 1 (ETS No. 151) and No. 2 (ETS 152) which entered into force on 1 March 2002.

казнување на Обединетите нации од 2002 година[4] (натаму Факултативен протокол), се истакнува улогата што ја има Комитетот за превенција од тортура, како меѓународен превентивен механизам, но и значењето и местото на националниот превентивен механизам (понатаму НПМ) во превенцијата од тортура.

Меѓународните документи се основен извор на севкупната промоција, практикување и заштита на човековите права и слободи. Во меѓународен контекст, кога станува збор за заштитата на човековите права, се истакнува Меѓународната повелба за човековите права составена од повеќе акти[5], а девет меѓународни договори[6] за човекови права се сметаат за основни, од кои некои се дополнети со факултативни протоколи кои се занимаваат со конкретните области. Тука, секако, треба да се истакне и Европската конвенција за човековите права која стапи на сила во 1953 година и е ратификувана од сите четириесет и седум држави-членки на Советот на Европа.[7]

Некои од нив предвидуваат формирање на специфични тела (комитети) кои се грижат за ефективна имплементација на одредбите на конвенциите од страна на државите кои ги прифатиле. Главна задача на државите кои ги прифатиле овие конвенции е да поднесуваат регуларни извештаи во кои ќе биде видлив прогресот и во кои ќе се идентификуваат проблемите со кои се соочува конкретната држава во имплементацијата на одредбите од дадениот документ.

Меѓународни документи кои детално ја уредуваат забраната од тортура се Конвенцијата против тортура на ОН и Европската конвенција за превенција од тортура. Во согласност со Конвенцијата против тортура на Обединетите нации, тортурата се дефинира како кој било акт со кој со жестока болка или страдање, било физичко или психичко, намерно се казнува лице за такви цели заради добивање од него или од трето лице информација или признание, казнувајќи го за дејство кое го сторил тој или трето лице дека сторило или постои сомнение дека сториле, или заплашувајќи го или присилувајќи го лицето или трето лице, или од која било причина заснована на

---

[4] Optional Protocol to the Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, adopted on 18 December 2002 at the fifty-seventh session of the General Assembly of the United Nations by resolution A/RES/57/199.

[5] Универзалната декларација за човековите права од 1948 година, Меѓународната конвенција за економски, социјални и културни права од 1966 година, Меѓународната конвенција за граѓански и политички права од 1966 година, Факултативниот протокол кон Конвенцијата за граѓански и политички права, Вториот факултативен протокол кон меѓународната конвенција за граѓански и политички права.

[6] Тука би ги спомнале: Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација од 1965 година, Меѓународната конвенција за граѓански и политички права од 1966 година, Меѓународната конвенција за економски, социјални и културни права од 1966 година, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жената од 1979 година, Конвенцијата против тортура и друг вид сурово, нехумано и понижувачко однесување или казнување од 1984 година, Конвенцијата за правата на детето од 1989 година, Меѓународната конвенција за заштита на правата на сите работници-мигранти и членовите на нивните семејства од 1990 година, Меѓународната конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување од 2006 година, Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби од 2006 година, Факултативниот протокол кон Конвенцијата за економски, социјални и културни права од 2008 година, Факултативниот протокол кон Меѓународната конвенција за граѓански и политички права од 1966 година, Вториот факултативен протокол кон Меѓународната конвенција за граѓански и политички права со цел аболиција за смртната казна од 1989 година, Факултативниот протокол кон Конвенцијата за елиминација на дискриминацијата против жената од 1999 година, Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето при негово вклучување во вооружен конфликт од 2000 година, Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето при негова продажба, детска проституција и детска порнографија од 2000 година, Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно и понижувачко однесување или казнување од 2002 година и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби од 2006 година.

[7] Харис, О`Бојл и Варбрик, Право на Европската конвенција за човекови права, второ издание, Oxford University Press, 1995, (превод: Просветно дело А.Д., 2009), стр. 2.

дискриминација од кој било вид, кога таква болка или страдање е нанесена со или при поттикнување или со согласност на јавен службеник или друго лице кое има јавни овластувања. Притоа, под тортура не се подразбира болка или страдање кое е резултат единствено во случај или при примена на правни санкции.[8]

Факултативниот протокол, со кој се надградува постојниот меѓународен систем за превенција и заштита, ја дополнува основната Конвенција, што значи дека државата мора да е членка на основната Конвенција. Тој е факултативен протокол бидејќи државите се слободни дали ќе го ратификуваат протоколот или не. Она што е главна карактеристика на Факултативниот протокол е дека се заснова на превенција, а не на реакција, односно на соработка и доверливост со надлежните институции во државите, а не на основа на јавна осуда. Протоколот предвидува двоен систем на превенција и тоа на меѓународно ниво и на национално ниво. Превенцијата на меѓународно ниво се обезбедува преку предвидувањето редовни експертски посети од страна на претставници на Супкомитетот за превенција од тортура (натаму СПТ), кои имаат општа дозвола за неограничен пристап до сите места на лишување од слобода, потоа на информации и разговори насамо со сите лица лишени од слобода, без последици за оние кои ги споделиле информациите. Исто така, во однос на Националните превентивни механизми, СПТ има овластувања да ги советува, да остварува директен и ако е потребно доверлив контакт со НПМ, да им понуди обуки и техничка поддршка со цел зајакнување на нивните капацитети, да ги советува и да им нуди асистенција при оценување на потребите и средствата потребни за зајакнување на заштитата на лицата лишени од слобода, потоа упатува препораки и мислења до државите-потписнички во насока на зајакнување на нивните капацитети и др. Превенцијата на домашно ниво предвидува постоење на НПМ чија суштина е вклучување на домашни механизми за следење на состојбата и третманот во местата на притвор и таму каде што се лишени од слобода. Со тоа јасно се укажува дека обврските за човековите права се пред сè одговорност на домашните власти надгледувани од независни домашни системи за заштита.

## НАЦИОНАЛНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА

Националните организации за човековите права, треба да се истакне, имаат улога на мост меѓу меѓународните стандарди за човекови права и нивната имплементација на национално ниво. Во рамките на системот на Обединетите нации, оваа улога е толку очигледна што Канцеларијата на високиот комесар за човекови права инвестирала голем дел од своите средства во создавање и поддржување на националните организации за човекови права што води до легитимна опсервација дека тие стануваат помалку национални институции, а сè повеќе меѓународен проект. Во исто време, сè помалку се посветува внимание на тоа колку овие институции ја вршат својата функција како агенти на меѓународното право во рамките на домашниот систем на управување.[9]

Националните институции за заштита на човековите права се основаат и функционираат врз основа на Париските принципи[10] од 1991 година кои претставуваат

---

[8] Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 39/46 of 10 December 1984, entry into force 26 June 1987, in accordance with article 27 (1), article 1.

[9] Richard Carver, A New Answer to an Old Question: National Human Rights Institutions and the Domestication of International Law. [http://hrlr.oxfordjournals.org/content/10/1/1.3.full]

[10] Principles relating to the Status of National Institutions (The Paris Principles), adopted by General Assembly resolution 48/134 of 20 December 1993.

најавторитативна меѓународна изјава за нивната улога и структура. Овие институции треба да имаат овластувања за промовирање и заштита на човековите права. Тие се разликуваат според структурата и функцијата, а она што им е заедничко е дека се автономни органи формирани од државата, со надлежност да ги штитат човековите слободи и права.

Париските принципи утврдуваат седум основни надлежности и одговорности на националните институции за човековите права. Четири од нив експлицитно се поврзани со хармонизацијата на домашната практика со меѓународните стандарди за човековите права или соработката со меѓународните механизми и тоа: промовирање и обезбедување хармонизација на националното право со меѓународните инструменти за човекови права кои ги прифатила државата; охрабрување за ратификување на меѓународни инструменти; придонесување кон известување на телата од договорите и 'да изрази мислење за предметот, со должно почитување за нивната независност'; соработување со Обединетите нации и регионалните тела и други национални институции за човековите права. Покрај ова, националните институции за човекови права вршат мониторирање на почитувањето на човековите права и можат да примаат индивидуални претставки за повреда на правата на граѓаните.

Протоколот (ОПКАТ) предвидува државите-потписнички да основаат НПМ во рок од една година од ратификацијата. Притоа, државите треба да ја гарантираат функционалната независност и неопходните ресурси за функционирање на НПМ. Тој треба да има овластувања на пристап до информации за лицата лишени од слобода, пристап до сите места на задржување, можност да врши приватни разговори со лицата кои се задржани и слобода, да ги избираат местата кои сакаат да ги посетат и лицата со кои сакаат да разговараат. Државите се обврзани да му дозволат на НПМ контакти со СПТ. Никој не може да биде казнет заради комуницирање со него, а таквата информација е привилегирана. НПМ дава препораки на релевантните власти за третманот на затворениците или на постоечката или предлог-регулативата, кои подоцна се обврзани да ги земат предвид. Исто така, се предвидува дека државите-потписнички треба да ги публикуваат и распространуваат извештаите на НПМ.

Ако до 90-тите години тенденцијата била да се зголеми улогата на Националните институции за човекови права во мониторирање на договорите и нивна имплементација, со два инструменти на Обединетите нации за човековите права уште на почетокот на новиот век е направен значаен чекор напред. Протоколот (ОПКАТ) формално бара националните институции да земат учество во мониторирањето или во имплементирањето на обврските на државите од договорите. Со нив на релевантните национални институции им се даваат неопходни овластувања за преземање на разни функции специфицирани во самите договори, што претставува радикално нов метод на имплементирање на договорите.

Иако ОПКАТ упатува на Париските принципи при создавањето на НПМ, нема јасни барања дека претходно постоечките Национални институции за човекови права мора да ја добијат оваа улога. Многу почесто, постоечки Национални институции за човекови права или ќе ја прифатат оваа функција на национален превентивен механизам или барем ќе основаат посебен оддел, како што се случи во 21 од 29 инстанци каде што бил одреден НПМ.[11] На пример, во Мексико, Националната институција (CNDH) едноставно била одредена за НПМ, иако широката јавна расправа упатувала на поголема поддршка за мешан модел кој ќе го вклучи цивилното

[11] 139 Association for the Prevention of Torture, *National Preventive Mechanisms Country-by-Country Status*, October 2009, available at: http://www.apt.ch/component/option,com_docman/task,doc_download/gid,124/Itemid,59/lang,en/ [last accessed 11 November 2009]

општество. CNDH немал многу успех во привлекувањето на соработници од цивилното општество поради недостигот на доверба во неговата независност.[12] Во Молдавија се чини дека прифаќањето на постоечката Национална институција за човекови права за НПМ може да придонесе кон развој на оваа институција. Во Молдавија е прифатен мешан модел, со парламентарен правобранител (Parliamentary Advocate) во одделот на НПМ кој исто така сочинуваше нов Консултативен совет (Consultative Council). Ова била рамката за соработка со цивилното општество која во претходниот период недостигала, додека профилот и престижот на парламентарниот правобранител биле зголемени и институцијата се здобила со нови можности за мониторирање во местата на задржување. Најважни биле амандманите на Законот за основање на парламентарниот правобранител - да може да врши посети во местата за задржување.[13]

Државите кои го ратификувале Протоколот (OPCAT) усвоен на 18 декември 2002 година во Њујорк имаат обврска да основаат НПМ кој ќе мониторира места во кои се врши полициско задржување или лишување од слобода, затвори, психијатриски болници, центри за бегалци и мигранти, институции за малолетни престапници и други места каде што лицата не се задржуваат доброволно. Притоа е оставено државите да ја прецизираат природата на механизмот. Така, на пример, во Франција се прифаќа решение за основање на нова институција (Controleur General), во Велика Британија на повеќе постоечки тела за мониторирање, а во одредени држави оваа задача му се доделува на парламентарниот омбудсман[14]. Притоа, без оглед на тоа за кој модел ќе се определат државите, тоа што е значајно е националниот механизам да биде целосно независен и да има овластувања да врши посети без најавување и без исклучок да има пристап до сите места каде што лицата се лишени од слобода.

Се истакнува дека врската меѓу поранопостоечката Национална институција за човекови права и НПМ е различна, односно дека мал број Национални институции досега се именувани за НПМ. Ова не е неочекувано поради тоа што целта на природните превентивни механизми е дека тие треба да бидат замислени на начин што ќе одговара на локалните услови и традиции. Значајно е да се подвлечат две работи. Прво, фактот што тие се природни механизми значи дека нема барања да ги држат своите сознанија доверливи, како што мора СПТ. Навистина, државата е обврзана за пренесување на мислењата и наоѓањата на НПМ.[15] Она што е карактеристично за НПМ е дека секогаш е присутен со знаење на локалната власт и овластувањата кои му се дадени со националното право. Второ, преоѓањето од Национална институција за човекови права во НПМ значи зголемување на овластувањата, особено во делот за посета на институциите во кои слободата на движење е ограничена.

---

[12] 141 CNDH, Mecanismo Nacional de Prevención de la Tortura y Otros Tratos o Penas Crueles, Inhumanos o Degradantes: Informe de Actividades 2007, според: Richard Carver, A New Answer to an Old Question: National Human Rights Institutions and the Domestication of International Law, [http://hrlr.oxfordjournals.org/content/10/1/1.3.full]

[13] Law on Modification and Completion of the Law No 1349-XIII of 17 October 1997 on Parliamentary Lawyers No 200.XVI of 26 July 2007, Official Gazette No 136–140/581, 31 August 2007, според: Richard Carver, A New Answer to an Old Question: National Human Rights Institutions and the Domestication of International Law, [http://hrlr.oxfordjournals.org/content/10/1/1.3.full]

[14] Улогата на национален превентивен механизам е доделена на чешкиот омбудсман и на заштитникот на човековите права на Словенија, кој избрал невладини и хуманитарни организации за соработка при извршувањето на надлежностите и задачите како национален превентивен механизам врз основа на јавен конкурс, објавен во Службен весник на Република Словенија (бр. 90/2007). Во текот на 2008 година, Омбудсманот на Словенија ја направил првата посета во оваа улога, односно извршил вкупно 35 посети во разни места за лишување од слобода.

[15] OPCAT, чл. 23.

Многу практични прашања остануваат нерешени при создавањето на НПМ, особено кога порано постоеле како Национални институции за човекови права. На пример, дали овластувањата од ОПКАТ се однесуваат на Националните институции за човекови права само кога тие ги спроведуваат посетите со цел превенција, или за цело време, на пример, за време на увидите кога ги вршат другите работи од својата надлежност? И обратно, дали секогаш посетата на институција од затворен вид е ОПКАТ-посета, без оглед на нејзината цел? Секако, овие детали не влијаат на значењето на пристапот што значи прифаќање на ОПКАТ. Иако конкретната форма на институцијата е прашање на државата, нејзините функции и надлежности се јасно опишани со договорот, без оглед на спецификите на државата (како што е пристапот прифатен со домашното или со меѓународното право).

## НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ ЗА ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во 2008 година Република Македонија го донесе Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.[16] Со Законот, а во согласност со членот 17 од Протоколот, се назначува Народниот правобранител на Република Македонија да дејствува како национален превентивен механизам. Во соработка и врз претходна согласност на Народниот правобранител, невладините организации регистрирани во Република Македонија и организациите кои имаат статус на хуманитарни организации во Република Македонија, можат да преземат некои од надлежностите на националниот превентивен механизам.

Како резултат на ваквото решение за определување на Народниот правобранител за НПМ, во Република Македонија е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител.[17] Со Законот се предвидува дека Народниот правобранител обезбедува посебна заштита на правата на децата, лицата со посебни потреби и на лицата кои се предмет на тортура и друг вид на свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена.[18]

Народниот правобранител на Република Македонија е институција за заштита на човековите права која е предвидена со Уставот на Република Македонија уште од 1991 година, но е основана во 1997 година кога е донесен и првиот Закон за народен правобранител.[19] Уставот на Република Македонија предвидува дека Собранието на Република Македонија го избира Народниот правобранител кој ќе ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања.[20] Во согласност со важечкиот Закон за народниот правобранител[21] од 2003 година, Собранието го избира

---

[16] Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и други видови сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување (Службен весник на РМ, бр. 165/08).

[17] Закон за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител (Службен весник на РМ, бр. 114/2009).

[18] Народниот правобранител формира посебни одделенија за заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби, одделение за заштита на граѓаните од дискриминација и тортура и друг вид на свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување, како и одделение за правична и соодветна застапеност на граѓаните.

[19] Закон за народниот правобранител (Службен весник на РМ, бр. 7/97).

[20] Устав на Република Македонија од 1991 год., чл. 77.

[21] Закон за народниот правобранител (Службен весник на РМ, бр. 60/2003).

и разрешува Народниот правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија, при што мандатот му трае осум години со право на уште еден избор. Притоа за да може едно лице да биде избрано за Народен правобранител е потребно да ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, да е дипломиран правник кој има работно искуство над девет години на правни работи и чија активност е докажана во областа на заштитата на правата на граѓанинот и да ужива углед за вршење на функцијата народен правобранител. Притоа, неговата функција е неспојлива со вршењето на друга јавна функција и професија или со членувањето во политичка партија.[22]

Народниот правобранител на Република Македонија е парламентарен, општ, инокосен омбудсман кој во рамките на своите овластувања самостојно и независно ги штити правата на граѓаните кога им се повредени од страна на органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања. Во согласност со своите законски овластувања, Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејства и пропуштања на дејства од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејства и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби.[23]

Како и омбудсманите во другите земји, пред сè од Европа, така и Народниот правобранител на Република Македонија има пред сè превентивна и советодавна функција, при што преку укажувања и сугестии препорачува како да се отстранат утврдените незаконитости од страна на државните органи. Така, кога постапува Народниот правобранител презема низа претходни дејства (може да побара потребни објаснувања, да изврши непосреден увид, да покани на разговор функционер и службеник на органот и др.), по кои доколку оцени дека постои потреба интервенира и упатува одлуки во форма на препораки, сугестии, мислења и укажувања до соодветните органи заради отстранување на повредите. Доколку органите не постапат по одлуките на Народниот правобранител или само делумно ги прифатат, Народниот правобранител непосредно може да го извести за тоа повисокиот орган, Парламентот на Република Македонија, или да ги извести средствата за јавно информирање.

Функционирањето на институцијата Народен правобранител во Република Македонија може да се подели на период во кој во согласност со Законот за народен правобранител од 1997 година притворените, осудените лица и воопшто лицата во установи од затворен вид имаа ист третман и уживаа иста правна заштита од Народниот правобранител како и останатите граѓани. Притоа, мора да се констатира дека станува збор за посебна категорија граѓани на кои им е ограничена слободата на движење врз основа на судска одлука поради што нивните можности за пристап до оваа институција се помали во однос на останатите граѓани. Со оглед на тоа што претходно не беше предвидена посебна надлежност на Народниот правобранител во заштитата на правата на лицата лишени од слобода во воспитно-поправните и казненопоправните установи, при функционирањето на Народниот правобранител се остваруваат увиди и посети на овие установи во кои се сместени лица лишени од слобода. Со тоа, иако отежнато, Народниот правобранител на некој начин ја

[22] Исто, чл. 5, ст. 1, чл. 6, ст. 1 и чл. 8.
[23] Исто, чл. 2.

остварувал комуникацијата со оваа категорија на лица иако таа не била на задоволително ниво.

Со измените на законската регулатива за Народниот правобранител се извршени промени во насока на зајакнување на улогата и значењето на оваа институција во Република Македонија и особено е акцентирана неговата посебна надлежност во смисла на постапување спрема установите и организациите во кои се сместени, приведени и притворени лица и спрема лицата кои издржуваат казна затвор или воспитно-поправна мерка во казненопоправните и воспитно-поправните установи. Со децидното наведување на надлежноста на Народниот правобранител да врши непосредни увиди и посети во секое време без претходна најава и одобрение, да разговара со лицата сместени во овие органи, организации или установи без присуство на службени лица, му се дава дополнителна можност на Народниот правобранител да дејствува во оваа област во насока на зајакнување на заштитата на правата на оваа категорија граѓани.

Во таа насока е и предвидената можност лицата сместени во ваквите установи да имаат право да испраќаат претставки до Народниот правобранител во затворен плик, без проверка од службени лица на органот, организацијата или установата во која се сместени и да добијат одговор во затворен плик без проверка од службени лица. Покрај тоа, во рамките на програмата на Народниот правобранител за посета на казненопоправните установи со цел презентација на брошурата за заштита на правата на осудените лица, се поставени метални сандачиња во кои осудените лица можат да ставаат поплаки, забелешки и барања, а нив може да ги отвори единствено Народниот правобранител. Причина за тоа се поплаките од осудените лица дека нивните претставки и молби не пристигнуваат до адресантот, односно до надлежните органи, што беше воочено од Народниот правобранител во претходниот период од функционирањето.

Имајќи го предвид омбудсманот кој постои во поголемиот дел од државите во светот, пред сè во Европа, како национална институција за човекови права, и неговите надлежности и ингеренции да укажува, препорачува и сугерира доколку констатира повреда на правата на граѓаните, особено се истакнува одредбата од Законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител која предвидува изрекување на прекршок на службеното лице во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена доколку не постапат по укажувањата и препораките на Народниот правобранител и не го известат за постапувањето најдоцна во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на посебниот извештај или ако не го известат за преземените мерки за спроведување на неговите барања, предлози, мислења, препораки или укажувања, во рокот што тој ќе го определи, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето доставено до Народниот правобранител. Со тоа правната положба и надлежностите на Народниот правобранител се зајакнати и пред сè определувајќи го за НПМ во Република Македонија за превенција и заштита од тортура и друг вид на нечовечко или понижувачко однесување, му се дава на располагање средство за казнување, односно изрекување на прекршок спрема службеното лице кое нема да постапи по неговите барања, укажувања и препораки.

## ЗАКЛУЧНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Постоењето на обемна меѓународна регулатива од областа на човековите права и пред сè забраната од тортура, дава доволна основа за исполнување на условите за заштита на човековите права. Но ратификувањето на меѓународните документи од оваа област е само првиот чекор кон постигнување на ефикасна заштита на човековите

права, односно е неопходно континуирано преземање на конкретни мерки за нивно што подоследно почитување и применување.

Република Македонија преку ратификација на бројните меѓународни договори од областа на заштитата на човековите права и особено за забраната од тортура ги презема неопходните мерки и активности за приклучување кон демократските држави во светот, а со назначувањето на Народниот правобранител на Република Македонија за национален превентивен механизам, заедно со невладините организации од оваа област, дополнително ги исполнува високите критериуми на меѓународната заедница.

Се поставува прашањето дали постоечката институција Народен правобранител која повеќе од една деценија ги штити правата на граѓаните во Република Македонија има доволно капацитет успешно да ја остварува доверената улога на Национален превентивен механизам? Уставната и законската поставеност на институцијата, дополнителните овластувања кои ѝ се дадени за поефикасно спроведување на своите надлежности, авторитетот и стручноста на лицето избрано за Народен правобранител, како и постојаното зајакнување на капацитетите на институцијата, не е спорно дека даваат доволно гаранции дека дадената доверба да има улога на Национален превентивен механизам Народниот правобранител ќе ја оправда.

**Користена литература и правни извори**:


1. Carver Richard, A New Answer to an Old Question: National Human Rights Institutions and the Domestication of International Law. [http://hrlr.oxfordjournals.org/content/10/1/1.3.full]
2. Грир Стивен, Европска конвенција за човекови права: постигања, проблеми и изгледи, Кембриџ, Студии за европско право и политика, 2006, (превод: Просветно дело, 2009).
3. О’Бојл Харис и Варбрик, Право на Европската конвенција за човекови права, второ издание, Oxford University Press, 1995, (превод: Просветно дело А.Д., 2009).
4. Josephine Steiner , Woods Lorna, Twigg 'Fleshner Christian, EU Law, 9th edition, Oxford University Press, 2006.
5. Фрчкоски Данаилов Љубомир, Меѓународно право за правата на човекот, 2001.
6. Устав на Република Македонија од 1991 год.
7. Закон за народниот правобранител (Службен весник на РМ, бр. 7/97).
8. Закон за народниот правобранител (Службен весник на РМ, бр. 60/2003, 114/2009).
9. Association for the Prevention of Torture, *National Preventive Mechanisms Country-by-Country Status*, October 2009, available at:

   http://www.apt.ch/component/option,com_docman/task,doc_download/gid,124/Itemid,59/lang,en/ [last accessed 11 November 2009]
10. Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, усвоена и отворена за потпишување, ратификација и пристапување со Резолуцијата 39/46 на Генералното собрание, од 10 декември 1984 година, влезена во сила на 26 јуни 1987 година.
11. European Convention for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, Strasbourg, 26.XI.1987, amended according to the provisions of Protocols No. 1 (ETS No. 151) and No. 2 (ETS 152) which entered into force on 1 March 2002.
12. Optional Protocol to the Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, adopted on 18 December 2002 at the fifty-

seventh session of the General Assembly of the United Nations by resolution A/RES/57/199.
13. Principles relating to the Status of National Institutions (The Paris Principles), adopted by General Assembly resolution 48/134 of 20 December 1993.
14. Universal Declaration of Human Rights, усвоена од Генералното собрание со Резолуцијата 217 А (III), од 10 декември 1948 година.

*Iskra Akimovska- Maletić, PhD*
*Faculty of Security- Skopje*

***PROTECTION FROM TORTURE THROUGH NATIONAL PREVENTIVE MECHANISM (THE CASE OF MACEDONIA)***

***Abstract***

*Protection from torture is one of the fundamental human rights and freedoms prescribed in many international documents which propose establishment of institutions against torture. In accordance with the Optional Protocol to the Convention against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment a double system of prevention from torture is provided: international and national preventive mechanism against torture. The paper deals with the national preventive mechanism against torture in the Republic of Macedonia.*

*Key words: human rights, torture, national preventive mechanism, Ombudsman of the Republic of Macedonia*

.

*д-р Светлана Николоска*
доцент на Факултет за безбедност – Скопје
**e-mail:** svetlananikoloska@hotmail.com

# ФИНАНСИСКИТЕ ИСТРАГИ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА СПРЕЧУВАЊЕТО НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Р е з и м е***

*Поимот и видовите на финансиски истраги, нивната неопходност и потреба се новитети во водењето на криминалните случаи по принципот на case stydies. Овој принцип подразбира целосно расветлување и докажување на криминалната ситуација преку обезбедување на докази за идентитетот на сторителите, нивните својства, криминалната улога преку извршување на конкретни кривични дела во една криминална ситација, средствата, времето, местото, просторот и стекнатата противправна имотна корист за себе или за друг или нанесената штета. Стекнатата противправна имотна корист е корист во пари, приноси, имот, услуги и сл., но која е основната криминална корист и преобразувањето на криминалната корист во други облици и форми се утврдува со спроведување на финансиска истрага. Целта на финансиската истрага е преку „трагање по парите и имотот” на сторителите да се пронајдат, обезбедат докази за нивната преобразба во други облици и форми, нивна заплена или замрзнување со цел овозможување на нивна конфискација, но и да се дојде до нови инволвирани сторители кои имале криминална улога на овозможување на легализација на криминалните приноси преку перење пари и други приноси од казниво дело. Успешната финансиска истрага овозможува конфискација на приходи и имот, а со тоа и „удирање по џебот на сторителите” и, секако, зачувување на превентивната улога во смисла дека секој добро расветлен случај е најдобра превенција за идните сторители.*

***Клучни зборови: финансиски истраги, криминална ситуација, сторители на кривични дела, противправна имотна корист, заплена, замрзнување, конфискација, перење пари, превенција.***

## ВОВЕД

Финансиските истраги претставуваат основа за утврдување на противправно стекнатата имотна корист од криминалното дејствување на сторителите и неопходност за понатамошна конфискација на криминалните приходи. Дали ќе биде покрената финансиска истрага најпрво зависи од примарниот криминал на сторителите и нивните обиди или постапки за легализација на криминално стекнатите приходи. Законските прописи овозможуваат целосно расветлување на криминалните случаи со тимска работа на професионални лица од повеќе државни органи и институции, но и можност за меѓународна соработка со цел утврдување на криминалните приходи на кој било начин префрлени во странска држава, или пак криминално дејствување на сторители во организирана криминална мрежа на територијата на повеќе држави. Успехот во водењето на финансиските истраги најпрво зависи од добрата поставеност на националните low enforcement agensis, а потоа и од нивната соработка со странските low enforcement agensis.

Во Република Македонија на полето на финансиските истраги се посветува повеќе внимание последниве години со имплементацијата на меѓународните правни акти во казненото законодавство, но и со нивната имплементација во однос на конституирањето и операционализацијата на институции во чија надлежност е водењето на финансиските истраги. Во тек се измени во македонското казненопроцесно законодавство каде што се прави нов концепт на истрагите под раководство на Јавниот обвинител, а со тоа и можност за идно квалитетно водење на истрагите за криминалните случаи по принципот на case studies со тимски пристап кон истражувањето на криминалот

и со елементи на организираност во економско-финансиската сфера, но и во второстепениот криминал на легализирање на криминално стекнатите пари преку постапките на перење пари.

Светот се менува, но некои работи остануваат исти. Кај криминалот во сферата на економско-финансиските односи како мотив секогаш било остварувањето противправна имотна корист, се менуваат начините на криминално дејствување, а сторителите секогаш се лица на посебни позиции, функции, работни места кои им овозможуваат криминално дејствување и стекнување огромни богатства на криминален начин, а жртвата е кој друг ако не државата. „Значи, иако светот е сменет, некои работи остануваат исти, од кои една е потребата кривичните иследници да развиваат и да усовршуваат техники што се потребни за борба против прекршителите на законите во општетсвото. Ние се обидуваме да го одржиме чекорот со криминалците и ако тие играат во „финансиска арена", ние треба да бидеме способни да ги разбереме правилата на таа игра."[1]

Раководењето од еден центар – Јавниот обвинител и можноста за формирање тим на јавно обвинителски истражители од редовите на Полицијата, Финансиската полиција и Царината, како и соработката и координацијата со останатите административни државни установи – Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Управа за јавни приходи, Државен девизен инспекторат, Државен пазарен инспекторат, Државна комисија за спречување на корупцијата, Државен ревизор и сл. Новиот концепт влева надеж за целосно истражување на економско-финансисиот криминал со обезбедување на квалитетен доказен материјал во рамките на криминалистичката истрага и доказен материјал за „текот на криминалните пари и приходи" и реална можност за нивна конфискација, или како што велат странските експерти, најдобра превенција за сторителите е да се „удрат по џебовите". Силите за спроведување на законот веќе направија конкретни чекори во сферата на нивелацијата на националното законодавство по препораките на меѓународните правни акти и се направија крупни чекори во реорганизацијата на веќе постоечките институции и со формирањето на нови институции во чија директна или индиректна надлежност ќе биде водењето или пружањето на помош при водењето на финансиските истраги. Признавањето на важноста на финансиските истражни техники се нагласува преку измените и дополнувањето на одредбите на Кривичниот законик на Република Македонија за конфискација на имот и приноси од казнени дела од 2009 година.[2]

## 1. ОРГАНИЗИРАН ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКИ КРИМИНАЛ

### 1.1. Поим за економско-финансиски криминал

Економските деликти се ненасилни противзаконити дела кои се карактеризираат со измама, прикривање, неисполнување на обврски, избегнување или заобиколување на законите и сл. Криминалната цел е да се дојде до пари, имот или услуги, да се избегне плаќање или загуба на пари, имот или други услуги и да се обезбеди друга лична или деловна корист.[3]

Организираниот економско-финансиски криминал не е единствено дефиниран поим, постојат повеќе дефиниции во стручната литература како во однос на

[1] Медингер Џ., Перење пари, водич за кривични иследници, второ издание, Дата понс, Скопје 2009 година, предговор.
[2] Закон за измени и дополнувања на Кривичниот законик на Република Македонија, Службен весник на РМ, бр. 114/09.
[3] Димитров Д., *Економски деликти*, Скопје 1998, стр. 4 - 5.

организираноста, така и во однос на појавните форми и облици на криминалните однесувања.

Единствено прифатена е дефиницијата на Edwin Sutherland, поранешен претседател на американското социолошко здружение, кој во своето обраќање на ова здружение во 1939 година го употребува терминот „white collar crime" или криминал на „бели јаки". Дефиницијата го опфаќа криминалот кој се јавува во областа на економското работење чии облици најчесто се манифестираат со махинации во врска со купопродажбата на акции, лажно рекламирање на стоки, лажно прикажување на финансиската состојба и работењето на одделни корпорации, подмитување на деловните партнери, непосредно или посредно подмитување на државните службеници, а со цел да се осигура поволен деловен аранжман, проневера, ненаменско трошење на средства, даночни затајувања и сл. Подоцна Sutherland дал нова дефиниција на криминалитетот на „бели јаки", определувајќи го како криминал кој во рамките на својата професионална активност го вршат лица со висок општествен углед.[4]

„Економскиот криминалитет го сочинуваат оние облици на однесување во економските (стопанските) односи кои можат да се поврзат за субјекти со некое овластување или должност во тие односи, односно без оглед во кој сопственички однос се засноваат тие односи, без оглед на обликот на сопственоста или имотот со кој располага субјектот."[5]

Економско-финансискиот криминалитет како еден од најприспособливите типови на криминалитет е присутен во криминалната стварност на сите држави. Материјалните штети предизвикани од овој криминалитет значително ги надминуваат штетите причинети од конвенционалниот криминалитет, а бројот на оние што се жртви е огромен. Отпорноста на економско-финансискиот криминалитет на преземените мерки за превенција, снаодливоста на неговите носители, адаптацијата, истрајноста, професионализмот на извршителите, динамичноста, укажуваат на тоа дека не постојат економски услови што сторителите на овие деликти не можат да ги искористат успешно за создавање легален профит, неслучајно богатење и експлоатација на слабите.[6]

### 1.2. Состојби со економско-финансискиот криминал во Република Македонија

Во Република Македонија проблемот со економско-финансискиот криминалитет е сè поактуелен и веќе се поставува и како политички проблем на решавање со цел да се изнајдат решенија за расветлување на случаите со криминалната приватизација. Но овој криминалитет не е само во сферата на приватизацијата, бројни се неговите појавни облици и форми, според моите истражувања на овој криминалитет кои ги спроведувам последниве десетина години и според официјалните статистички податоци, најчестите форми на криминално дејствување се во сферата на злоупотребата на службената должност, кои се и корумптивни кривични дела, и класичните финансиски кривични дела во сферата на јавните финансии. Имено, во истражуваниот период 1997 – првите 6 месеци од 2006 година, процентот на застапеност во вкупниот економско-финансиски криминалитет според бројот на извршени кривични дела за кои се поднесени кривични

[4] Бановиќ Б., *Обезбеђење доказа у криминалистичкој обради кривичних дела привредног криминалитета*, Београд 2002, стр. 15-16.

[5] Пихлер С., *Ка савременој концепции економског криминалитета, актуелни проблеми сузбијања криминалитета,* Београд 1993, стр. 38.

[6] Груевска-Дракулевски А., Рецидивизам кај економскиот криминалитет во Република Македонија, МРКПК бр. 2-3, Скопје 2008, стр. 628.

пријави е 48,5% за кривични дела од групацијата на кривични дела против службената должност, а според пријавените сторители застапеноста е со 48,4%, додека застапеноста на кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството е со 40,2% за извршени кривични дела и 39,9% за пријавени сторители.[7] Ова се податоци кои укажуваат на областа каде најчесто се извршуваат кривичните дела, а анализата на одделните криминални случаи, но и самите битија на делата укажуваат на криминалната цел, а тоа е остварување на противправна имотна корист за себе или за некој друг, криминалната цел е најчесто во пари – финансиска, услуги или други погодности. Но според делата и направените анализи, како жртва на економско-финансискиот криминал речиси секогаш е државата, како директна жртва, бидејќи на најразлични криминални начини со злоупотреба на службената положба и овластувања парите од државниот буџет завршија на приватни сметки на службени или одговорни лица, на сметките на правните лица на нивните блиски или на индиректен начин преку провизија за криминално доделени „тендери”. Државата е жртва и на избегнувањето на плаќањата даноци и придонеси од страна на правните и на физичките лица или криминални манипулации на уплатен данок, но подоцна со фалсификувана документација е направен повраток на данокот, како што беше случајот со „Даночната пирамида”. Посредни жртви на економско-финансискиот криминал сме сите ние, граѓаните на Република Македонија, кои веќе две децении ги живееме во услови на транзиција, а после толку долг период изведуваме заклучоци и политички тези дека криминалот е причина за долгата транзиција, а од криминалните приходи мал дел од граѓаните се стекнале со огромни богатства коишто не се откриени, нивната криминална активност не е расветлена, не се обезбедени докази или неефикасното или корумпирано судство има свој придонес за застарување на криминалните случаи за кои се поднесени кривични пријави, односно се подигнати обвиненија. Како показател на оваа теза е истражувањето направено за текот на постапките од поднесувањето на кривичните пријави до осудувањето на сторителите за економско-финансиски криминал со елементи на злоупотреба на службената должност, така што во периодот 1997 – 2006 година од вкупно пријавените сторители 43,5% се обвинети, а само 12,7% од пријавените се и осудени сторители.[8]

Според анализата направена од Лажетиќ-Бужаровска Гордана и Мисовски Бобан за траење на процесот на казнената постапка за кривичните дела против јавните финансии и платниот промет и стопанството и кривичните дела против службената должност, за периодот 2001 – 2006 година се добиени податоци дека во околу 70% од случаите постапката траела подолго од една година.[9]

Според анализите на Министерството за внатрешни работи за преземените активности во областа на економскиот криминалитет, во текот на 2007 година во месец јануари се поднесени кривични пријави поради постоење основи на сомневање за сторени 72 кривични дела извршени од пријавени 38 сторители. Сторителите се поранешни или актуелни раководители, управители и директори, советници и др. кои со своето криминално дејствување причиниле материјална штета во вкупен износ од 50.462.260 денари од кои 45.034.278 денари на фирмите во приватниот сектор, а со одбегнување на плаќањето на законските давачки на ДДВ и персонален данок од личен доход го оштетиле буџетот на Република Македонија во вкупна вредност од 5.427.982 денари. Овие податоци само ја потврдуваат опасноста од економскиот криминалитет кој како оштетени ги прави и субјектите во приватниот сектор. Статистичките

[7] Џуклески Г. и Николсока С., *Економска криминалистика*, Скопје 2008, стр. 159-160.
[8] Николоска С., *Кривични дела против службената должност,* Скопје 2008, стр. 79.
[9] Лажетиќ-Бужароска Г. и Мисов Б., *Траење на казнената постапка кај казнените дела од областа на економскиот криминал,* МРКПК бр. 2-3, Скопје 2008, стр. 507-520.

податоци укажуваат на изречени благи затворски казни, но нема податоци за конфискација на имот, така што тоа што не им се конфискуваат криминалните приходи ги мотивира сторителите да бидат повторници во економско-финансискиот криминалитет. Сторителите на овој тип криминалитет секогаш се водени од идејата за лесна заработувачка и лесен начин на живот. Па така, криминолошките истражувања покажуваат дека многу поголем ефект за оваа категорија сторители на казнени дела има паричната казна, отколку казната затвор токму затоа што главен мотив на сторителите на економскиот криминалитет е користољубието, односно остварувањето на противправна имотна корист. Прикриеноста, како една од неговите карактеристики, многу ги отежнува утврдувањето на правилната политика и стратегијата за борба против овој тип криминалитет бидејќи постојано се поаѓа од познати, но за жал и неправилни претпоставки.[10]

Според податоците на Министерството за внатрешни работи, за првите шест месеци од 2009 година се откриени четири кривични дела „Перење пари и други приноси од казнено дело" за кои се пријавени 22 сторители (14 лица), во својство на управители на приватни фирми 12 лица и по еден управител на брокерска куќа и член во одбор на директори. Во овие случаи, нелегално стекнатите 170 милиони денари се прибавени со претходно сторени кривични дела „Злоупотреба на службена положба и овластување" и „Измама при работење со хартии од вредност и удели", а сторителите инкриминациите ги сториле при незаконска продажба на акции на акционерско друштво, продажба на половни автобуси, изведба на водоводна мрежа и при поделба на градежно претпријатие во Тетовско, при што нелегалните средства со изготување на фиктивни фактури и договори ги префрлале на сметките на своите фирми по што дел присвоиле за себе или дале како награда на трети лица, а во еден случај се стекнале со недвижен имот.

Последиците од економско-финансискиот криминал и проблемите со кои се соочуваат органите на прогонот и судските органи во процесот на расветлување и докажување на криминалните поведенија и, посебно, остварените криминални цели се проблем за кој државата прави напори да изнајде решенија преку донесување на „Стратегија за реформа на казненото законодавство", усвоена од Владата на Република Македонија во 2007 година, каде што се поставени неколку приоритетни правци на реформата на материјалното казнено право со следниве основни цели:

- поефикасна борба против корупцијата, организираниот и економскиот криминал, како еден од најважните услови за напредок на евроинтегративните процеси на Република Македонија;
- имплементирање на меѓународните конвенции за спречување на новите форми на криминал и
- унапредување на методите и средствата на криминалната политика во борбата против криминалот, заедно со засилувањето на принципите на демократската правна држава и заштитата на човековите слободи и права.[11]

Направени се крупни чекори со донесувањето на Законот за измени и дополнувања на Кривичниот законик на Република Македонија[12] во септември 2009 година, а стапи на сила во март 2010 година, во однос на редефинирањето на инкриминациите за економско-финансиските кривични дела, воведување на нови инкриминации за економски кривични дела, предвидена одговорност на правните лица и за други дела, но се направени крупни чекори и во однос на конфискацијата на криминалните

---

[10] Груевска-Дракулевски А., *оп. цит.*, стр. 621-628.

[11] Камбовски В., *Измените на КЗ во функција на спречување на економскиот криминал*, МРКПК, бр. 2-3, Скопје 2008, стр. 479.

[12] Службен весник на РМ, бр. 114/09.

приходи со воведување на проширена конфискација, но и со воведувањето на професионалните забрани како крупен чекор за нашето законодавство со што на осудените сторители за делата на корупција им се забранува вршење на професија, дејност или должност. Исто така, се направени измени во инкриминацијата на кривичното дело „Перење пари и други приноси од казнено дело" така што не е потребно предикативно дело, доволни се основаните сомневања дека парите и приносите потекнуваат од криминални активности, но е воведена тајноста на финансиската истрага.

Поставени се законските основи за конфискација на криминалните приходи и имот, но следува изнајдување на начини, методи и средства за утврдување на нивното постоење, движењето на парите и имотот во однос на нивната промена, префрлување во сопственост на друг, но и нивното видоизменување и искористување за нови видови на сопственост, добра, капитал, но и пренесување на криминалните приходи во странство.

## 2. ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ

Економско-финансискиот криминал како сериозна опасност со која се остваруваат огромни криминални профити и утврдувањето на криминалните богатства се проблем на кој се укажува постојано, но и се посветува поголемо влијание во изнајдувањето на соодветни решенија на национално и меѓународно ниво. Во светот почна да се препознава вредноста на финансиските информации за откривање и за водење истраги за криминални активности, така што повеќе држави основаа единици за финансиско разузнавање (Financial Intelligence Units /FIU). Во Република Македонија е формирана Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам која претставува административен разузнавачки орган кој во своја надлежност ги има прибирањето и анализата на информациите за перење пари. Управата работи и на задачи за следење на финансиските трансакции, односно водење на финансиски истраги кои се внесени во легалниот финансиски систем, а кои потекнуваат од какви било криминални активности, во својата надлежност ја имаат и меѓународната соработка со исти или слични органи со цел следење на трагата на парите во меѓународни рамки.

Следењето на парите и приносите од кривични дела е предмет на финансиски истраги кои имаат за цел да ја следат трагата на парите, преобразбата на парите во друг имот и сл.

Финансиските истраги се постапки кои се спроведуваат паралелно со кривичната истрага и имаат за цел да се разоткријат приходите од криминал, да се идентификува имотот кој може да се конфискува и привремено да се обезбеди (заплени) имотот на осомничениот со цел да се овозможи идната конечна конфискација.

### 2.1. Елементи на финансиската истрага

Неопходни елементи за успешна финансиска истрага се следниве:

1. Финансиската истрага треба да биде стандардна постапка која ќе се примени при истражувањето на криминалот кој генерира криминал;
2. Истражувачите мора да бидат специјализирани во вршењето на финансиските истраги и
3. Блиска соработка со истражувачите одговорни за кривичната истрага.

Финансиската истрага е постапка која е сè поактуелна и постапка која треба да се води во сите случаи кога органите на прогонот располагаат со оперативни информации

дека се стекнати криминални приходи, но нивната конфискација е можна само доколку тие се идентификуваат или се утврди нивната моментална состојба, каде се парите и дали се преобразени во друг имот или богатства. Всушност, силите за спроведување на законот веќе направија многу приспособувања на својата изменета средина. Признавањето на важноста на финансиските истражни техники се нагласува преку спроведувањето на законите за конфискација, прво против трговците со дрога, а потоа и против сите начини на криминално дејствување. Способноста на Агенциите за спроведување на законот да прифатат флексибилен, интегриран пристап кон сложените финансиски криминални дела, како што е перењето пари, веднаш ќе даде резултати. Со интегрирање на финансиските истражни техники во арсеналот на силите за спроведување на законот имаме можност да станеме толку флексибилни колку што се и криминалците што во моментов сме принудени да ги гониме. Исто така, силите за спроведување на законот се стекнуваат со можност подобро да ги исползуваат законите за конфискација, да ги користат финансиските информации од случаите поврзани со дрога и од други криминални случаи, како и да доаѓаат до финансиски разузнавачки податоци, кои можат да бидат корисни во идни случаи, и да ги разбираат тие податоци. „Една од најважните пораки е дека перењето пари и сложените финансиски криминални дела ќе бидат дел од нашата иднина. Со цел еден детектив, истражител или агент да може соодветно да се занимава со таквите криминални активности, тој мора да има правилни ставови, вистинска обука и административна поддршка."[13]

## 2.2. Цел на финансиската истрага

Криминалистичката истрага има за цел утврдување на докази за сторено кривични дело, докази за сторителот, својствата на сторителот, мотивот на криминалното дејствување, средствата на извршување и нанесената штета или стекнатата противправна имотна корист. Но што понатаму станува со противправната имотна корист е проблем кој треба да се истражува преку спроведување на сеопфатна финансиска истрага која има за цел:

- Утврдување на приходите стекнати од криминал (вид и износ);
- Утврдување на сопственоста која може да биде конфискувана (идентификација на лицата, имотот кој е подложен на конфискација или проширена конфискација) и
- Утврдување на условите за привремени мерки (заплена/обезбедување).[14]

Целта на финансиската истрага е да се идентификуваат, следат, запленат и конфискуваат приходите стекнати од криминал паралелно со кривичната постапка за кривичното дело кое резултира во материјална корист.

## 2.3. Концепти за водење на финансиска истрага

Концепт на тимска работа – подразбира вклученост на поголем број луѓе, високо професионален и обучен кадар кои истовремено вршат истраги на повеќе полиња. Во практиката ова би значело едновремено спроведување на криминална и

[13] Медингер Џ., Перење пари, водич за кривични иследници, второ издание, Дата понс, Скопје 2009, предговор.

[14] Финансиски истраги и конфискација на приходи стекнати од криминал, прирачник за обука на органите за кривичен прогон и судството, CARDS регионална програма за 2002/2003 година, Скопје 2006, стр. 38.

финансиска истрага со користење на специјални истражни средства и методи и со можност за проактивна истрага.

• Концепт парче по парче – исто така, подразбира тимска работа која се одвива истовремено на повеќе полиња. Единствената разлика е што при овој принцип се проверуваат финансиските и криминалните активности во одделни региони, земји или во определен временски период и

• Концепт на интегрирани финансиски истраги – *„од сомнежот за постоење на КД па сè до самиот имот"*.

Без разлика по кој концепт ќе се спроведува финансиската истрага, треба да се обрне внимание на повеќе значајни елементи, а тоа се: внимавање на деталите затоа што голем број информации кои на прв поглед изгледаат безначајни, можат да бидат клучни за истрагата; да се следат парите затоа што нивниот пат може да ја доведе истрагата до клучните личности и настани, но и до неочекувани резултати, да се истражува во две насоки реактивно, односно да се истражува она што се случило пред започнувањето на истрагата и проактивно – да се истражува она што се случило додека трае истрагата.

За да се разбере самата постапка на водење на финансиска истрага по принципот на „податоците ја водат истрагата", презентирам случај од практиката на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, а кој е воден по принципот на тимска работа во спроведувањето на интегрирана финансиска истрага водена од сомнежот до целиот тек на парите, со учество на Министерството за внатрешни работи, Управата за спречување перење пари и финансирање на тероризам, а во координација со Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција. Претходното дело е „Злоупотреба на службената положба и овластување".

*Лицето М.М. како управител на фирмата А склучил договор за купопродажба на движен имот кој претходно бил заложен заради обезбедување на побарување од страна на државна институција. Движниот имот понатаму се препродава на фирми во странство при што е оштетена државата за околу 500.000 евра. Побарани се информации во врска со продадениот имот и инволвираните физички и правни лица од две странски финансиски разузнавачки единици.*

*Како индикатори за сомневање за перење пари се јавуваат: плаќања на високи износи на фирмата А самата на себе по основ компензации, евидентирани готовински подигања на голем износ на средства за службени патувања, конфликт на интереси на управителот на фирмата А и фирмата на која е продаден движниот имот и меѓусебна семејна поврзаност, препродажба на движниот имот, кој претходно е заложен во државна институција и истиот не смеел да биде отуѓуван, со цел незаконско присвојување на имотот, сомнително потекло на парите, постоење на повеќе правни лица со седиште на иста адреса, регистрирани за иста дејност.*




Слика бр. 1 Шема на финансиски трансакции на осомничените сторители

## НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Финансиските истраги се постапки кои се неопходни при расветлувањето на криминалните случаи со елементи на економско-финансиски криминал. Со самото расветлување од финансиски аспект се добиваат релевантни показатели за мотивот на криминалната активност и самата криминална организираност и, секако, постапките и начините на прикривање на криминално стекнатите приходи. Секој успешно расветлен случај е најдобра превенција за овој вид на криминални однесувања бидејќи се праќа јасна порака до сторителите дека криминалот од овој вид е „неисплатлив," а како последици се јавуваат губење на функции, работни места и моќ кои се главните карактеристики и услови кои ги користат сторителите на економско- финансискиот криминалитет.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Бановиќ Б., Обезбеђење доказа у криминалистичкој обради кривичних дела привредног криминалитета, Београд 2002.
2. Груевска-Дракулевски А., Рецидивизам кај економскиот криминалитет во Република Македонија, МРКПК бр. 2-3, Скопје 2008.
3. Димитров Д., *Економски деликти*, Скопје 1998.

4. Камбовски В., *Измените на КЗ во функција на спречување на економскиот криминал*, МРКПК, бр. 2-3, Скопје 2008.
5. Лажетиќ-Бужароска Г. и Мисов Б., Траење на казнената постапка кај казнените дела од областа на економскиот криминал, МРКПК бр. 2-3, Скопје 2008.
6. Медингер Џ., Перење пари, водич за кривични иследници, второ издание, Дата понс, Скопје 2009.
7. Николоска С., *Кривични дела против службената должност*, Скопје 2008.
8. Пихлер С., Ка савременој концепции економског криминалитета , актуелни проблеми сузбијања криминалитета, Београд 1993.
9. Џуклески Г. и Николсока С., *Економска криминалистика*, Скопје 2008.
10. Годишни извештаи од Управата за спречување перење пари и финансирање на тероризам.
11. Кривичен законик на РМ.

*Svetlana Nikoloska, PhD*
*Faculty of Security- Skopje*

## *FINANCIAL INVESTIGATIONS AS PRECONDITION FOR PREVENTING ORGANIZED ECONOMIC FINACIAL CRIME IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA*

### *Abstract*

*The concept and types of financial investigations and their necessity have become novelty in dealing with criminal cases according to "case studies" principle. This principle means complete clarification and proving of the criminal situation by providing evidence about the identity of the perpetrators, their characteristics, their criminal role in carrying out specific crimes in a particular criminal situation, the means, the time, the place, the space and the illegally acquired property or inflicted damage. The benefit from illegally acquired property can be expressed in money, proceeds, property, favors etc., but only a criminal investigation can determine what real criminal benefit is and how it is transformed into other forms.*

*The aim of the financial investigation is provision of evidence for the transformation of the perpetrators' proceeds and property into other forms, their seizure or freezing so as they can be confiscated, and also tracing new involved perpetrators who had a criminal role in facilitating the legalization of criminal proceeds through money laundering and other proceeds from crime. A successful criminal investigation results in confiscation of proceeds and property. By doing so, it also keeps its preventive role in the sense that every well-solved case is the best prevention from future perpetrators.*

*Key words: financial investigations, criminal situation, perpetrators, illegally acquired property, seizure, freezing, confiscation, money laundering, prevention.*

*д-р Методија Дојчиновски,* *потполковник*
доцент на Воената Академија
"Генерал Михајло Апостолски" - Скопје

# КРИМИНАЛИСТИЧКИ АСПЕКТИ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОТРАЖНИТЕ ОПЕРАЦИИ НА ВОЕНАТА ПОЛИЦИЈА

*Резиме*

*Трудот укажува на криминалистичките аспекти на функционирањето, местото, улогата и примената на потражните операции на воената полиција во поддршката на безбедносната состојба. Четвртата генерација на војување (асиметричното војување) сигнализира активирање на неопходните мерки и активности за спроведување на потражните операции во различни временски услови и на различни места. Експлицитно е дефинирана потражната дејност од научен, теоретски и практичен аспект, со потенцирање на употребата на оперативните и оперативно-тактичките мерки и дејствија на безбедносните органи и служби, меѓу кои и единиците за специјални намени. Значајно место во трудот зазема разработката на постапките при планирањето, подготовката и спроведувањето на потражните операции, меѓу кои собирањето на информации и нивна проверка и операциите на организираното трагање, со тежиште на претресот на терен и објектите на замјиштето. Успехот на спроведувањето на потражните операции се согледува низ осврт на координацијата, соработката, размената на информации и заедничко постапување на воената полиција со органите за внатрешни работи. Во завршниот дел се потенцира потребата за понатамошно оспособување и усовршување на силите и средствата за ангажирање во делот на потражните операции.*

***Клучни зборови:*** *потражна дејност, потражни операции, криминалистичка проверка, претрес на терен, мерки и активности, информации, воена полиција*

## 1. Поим на потражната дејност

Дефинирањето на потражната дејност, потражните работи и потрагите, во странската и домашната литература е вршено на различни начини. На прашањето што се крие зад поимот трагање по лица и по предмети, светските криминалисти даваат различни дефиниции.

Во однос на дефинирањето на потрагите во поширока смисла, германските теоретичари се придржуваат кон следното: Meidžner[1] под поимот потрага во поширока смисла подразбира припаѓање на најголемиот дел на вкупната активност на криминалистичката полиција. Елер[2] го застапува пристапот според кој потражната служба во поширока смисла ја опфаќа вкупната криминалистичка тактика и техника, вклучувајќи ги и помошните науки. Клеиншмидт[3], во својот практикум по криминалистика, тврди дека на потрагата ѝ припаѓа сè од криминалистиката што може да го унапреди трагањето по сторителот и по предметите. Хартунг[4] под поимот потрага подразбира вкупност на мерки насочени кон тоа да се открие одредено кривично дело и да се приведе сторителот поради кривично гонење.

Додека западните криминалисти проблемот на определувањето на поимот на потражната служба и потрагите го дефинираат во општа или поширока смисла на поимот, источните теоретичари за истиот поим даваат попрецизно дефинирање:

[1]Meidžner, Auskunfbuch fur Kriminalheamte, Hamburg 196O
[2] Eller, "Fahndung nach Personen und Sochen", Munchen,1952
[3] Kleinsmidt, "Lernbuch fur den Praktischen Kriminaldiends", Lubeck, 1963
[4] Hartung, Kriminologie, Berlin, 1936, str. 360

Колдин[5] ја објаснува потражно идентификационата активност, определувајќи ја како правно нормирана активност на судот, специјалистот и вештакот, која се врши заради откривање и истрага на кривичните дела, насочена на пронаоѓање траги на носителите на доказната информација, на пронаоѓање и идентификација на објектите кои ги предизвикале трагите и на докажување на нивната поврзаност со кривичните дела. Р.С.Белкин[6] истакнува дека "Потражната служба е во функција на извидните органи и органите на истрагата, а нејзината смисла е во откривањето на планираните, подготвените и сторените кривични дела, во утврдување на виновниците и објектите-носители на доказната информација, предметите на објектот на нападот и други објекти значајни за откривање на вистината за делото". Треба да се забележи дека за разлика од истрагата која има за цел докажување, преземањето на вонпроцесните работи во потражната служба има за цел откривање и утврдување. Со ова може да се заклучи дека широкото определување на поимот потрага, како и вметнување на потрагата во функција на истрагата, на овие простори засега сè уште не е прифатено.

И балканските процесуалисти придонесуваат во создавањето на поблиското детерминирање на потрагата и потражната дејност. Анализирајќи ја дефиницијата за потрагата на основоположникот на југословенската криминалистичка школа, проф.д-р.В.Водинелиќ[7], со која потрагата се дефинира како систем на такви мерки за заштита на јавната безбедност која се однесува на утврдување на луѓе и предмети, може да се заклучи дека постапките во потрагата се остваруваат со активно трагање. Трагањето по лицата и по предметите (во смисла на потрагите) значи да се утврди местото на кое може некое лице или предмет да се најде во сосема определено време. Водинелиќ во своите обемни дела со дебели впечатливи букви запишал **"Секоја служба за јавна безбедност е толку добра колку што е добра нејзината потрага"**. Тој се залага и инсистира на слободната потрага, додека најважната претпоставка за испланирана и успешна потрага е постоењето на така исцрпен и егзактен опис за лицето или предметот на кривичното дело, што би овозможило и безсомнено идентификување.

Драгољуб Димитриевиќ[8] во поимот потрага препознава работи и мерки со помош на кои се собираат податоци, предмети и докази за кривичното дело и, паралелно со тоа, се открива и задржува неговиот сторител. Потражната служба својата потражна дејност како систем на оперативно тактички и технички мерки и работи ги започнува со распишување, односно со издавање на потерници, објава или распис за трагањето, а се врши со цел пронаоѓање и фаќање на сторителите на кривичните дела, односно објектите на потрагата[9].

Дефинирајќи ја потрагата како барање на познати или непознати лица и предмети кои се доведуваат во врска со некое кривично дело или се од друга причина од интерес за криминалистичката полиција, д-р Томислав Марковиќ[10] откривањето на горенаведените го отстапува на ефикасните криминалистичко-тактички мерки и средства кои ги дели на општи и посебни. Во општите се сместени: употреба на информатори; надгледување и надѕирање; трагање; лишување од слобода; рација; заседа и употреба на службени кучиња. Како посебни се наведени оние дејствија кои

---

[5] Ј.В.Колдин, Потрага, идентификација, докажување, Советское государство и право бр. 12, Москва, 1981, стр. 82

[6] Белкин, Собирание, иследование и оценка доказателльство, Москва, 1966, стр. 39

[7] В.Водинелић, Криминалистика I том, "Откривање и докажување" Скопје, 1985

[8] Драгољуб В. Димитриевић, Кривично процесно право, Савремена администрација, Белград, 1981 година, стр. 241

[9] Упатство за примена на Правилото на служба на военaта полиција, издадено од ССНО (УБ), Белград, 1986 година

[10] Томислав Марковић, Сувремена техника истраживања кривичних дијела (Криминалистика), Народне новине, Загреб, 1972 година, стр. 362

претежно се користат во текот на истрагата: претрес на лица, простории, возила и слободен простор; препознавање на лица и предмети; соочување; проверување алиби; испитување на обвинетиот; испитување на сведок; користење на полиграф и други средства за проверување на искази, како и употреба на вештаци.

Потражната дејност претставува систем на оперативно тактички и технички мерки и работи кои непосредно ги преземаат овластени органи за тоа, по наредба на точно определени авторитети или самоиницијативно, со цел пронаоѓање на одредени лица и предмети кои се или можат да бидат во врска со некое кривично дело, односно заради потполно утврдување на идентитетот на лицата и труповите, доколку не може да се утврди на друг начин. Со ваквото дефинирање на потрагата, д-р Владимир Кривокапиќ[11], истата ја претставува како дел од оперативната криминалистичка обработка каде предмет на потрагата се физичките лица, односно предметите и труповите.

Во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, со посебно упатство[12], потражните дејствија се дефинираат како систем на оперативно-тактички и технички мерки кои ги преземаат подрачните организациони единици на МВР (УВР-ОВР) и МВР на РМ, со цел да се пронајдат одредени лица или предмети, односно да се приберат податоци за лица или предмети.

Потражните операции се остваруваат по пат на активно трагање, пронаоѓање и фаќање на сторители на кривични дела, пронаоѓање на одредени лица кои можат да придонесат во расветлување на кривичните дела (сведок или оштетен), пронаоѓање на предмети, утврдување на идентитет на непознати лица и пронајдени трупови и прибирање на податоци за лица или предмети.

Дефинирајќи ја во рамките на потражната дејност на воената полиција, потрагата во вистинска смисла на зборот би значела трагање по луѓе и по предмети, при што резултатот на ова трагање решително ја определува кривичната работа, речиси во секој случај. Под поимот потражна дејност во воената полиција треба да се подразбере збир на оперативни, оперативно-тактички и технички мерки, работи и постапки заради пронаоѓање и откривање на одредени лица, предмети, документи или трупови на воени лица, а потоа и преземање на соодветна постапка кон нив. И во мир и во кризни состојби, потражните операции можат да се спроведуваат и за уништувањето на криминално-терористички и други вооружени групи[13].

Потражните операции на воената полиција можат да се остваруваат во тесна соработка со органите за разузнавање и заштитата на сили во АРМ (Г-2, С-2), надлежните органи за внатрешни работи, органите на општествено политичките заедници, стручни и други организирани служби (аеродормските, царинарните и други служби на јавните претпријатија) заради пронаоѓање и фаќање на сторителот на кривичното дело, кое се гони по службена должност, пронаоѓање на предмети и собирање на податоци за предметите и за лицата кои се во врска со извршеното кривично дело.

При спроведувањето на потражните операции, на воената полиција ѝ стојат на располагање поставките од криминалистичката тактика, методика и техника, кои се докажани во праксата. Посебно внимание заслужува научното согледување на "собирањето известувања и криминалистичката проверка на податоци", "организираното трагање", "претресот на теренот и објектите на земјиштето".

[11] Владимир Кривокапић, Криминалистика, Тактика I, Полициска академија, Белград, 1996 година, стр. 262, 263

[12] МВР на РМ, "Упатство за преземање на потражни дејствија, распишување на меѓународни и централни потерници и објави за лица и предмети", донесено на 01.12.1993 година, од Министерот за внатрешни работи, стр. 1

[13] ССНО, УБ "Методика на борбената обука на воената полиција", Белград 1989 година, стр.229

**2. Собирање известувања и криминалистичка проверка на податоци**

Дел од оперативно-тактичките мерки и дејствија во работата на потражната дејност на воената полиција, кои се преземаат во секојдневното ангажирање, е собирањето на потребни известувања и нивна криминалистичка проверка. Тоа претставува постојан и континуиран метод на работа на секоја безбедносна служба. Криминалистичката проверка на податоци доведува не само до познавање на состојбата на „теренот" туку и до подготвеност на овластените службени лица и органи за преземање на соодветни криминалистички оперативно-тактички мерки и дејствија кон предмети, постапување по одредени истражни мерки и дејствија, и соработка и координција со судските органи и органите за внатрешни работи.

Собирањето квалитетни и проверени податоци во делот на задачите од потражната дејност отпочнува со квалитетно извршената обработка на почетните сознанија и плански и организирана активност во делот на определување на потребата за проширувањето на истите. Потражните мерки и дејствија кои органите на воената полиција ги преземаат во текот на собирањето на податоците и нивната криминалистичка проверка се однесуваат на: проширување и потврдување на добиените сознанија преку оперативното криминалистичката дејност на воената полиција или во соработка со секциите Г-2, С-2[14] во командите, единиците и установите; размена на информации, соработка и координација на активности во делот на спроведување на потрагата за сторено КД на припадник на Армијата до надлежните органи за внатрешни работи, кои се однесуваат на собирање на потребни известувања, криминалистичка проверка, потврдување, дополнување или проширување на првичните информации; користењето на податоците собрани од органите за разузнавање и заштита на силите во единиците, непосредните старешини на сторителот на КД и командантите на единиците; вршење проверки на податоците за евентуалниот сторител на КД во криминалистичките евиденции на МВР, односно проширување на веќе постоечките со податоците со кои располагаат органите на воената полиција; постигнување на целесообразност и рационалност во постапувањата и избегнување на непотребното зголемување на напорите[15]; вршењето увид и во други соодветни евиденции, ако од истите можат да се добијат потребните сознанија кои се во врска со КД и неговиот сторител (евиденциски книги, оперативни евиденции, доставни книги, материјални долгувања, разни регистри, матичните книги на родени, венчани, службите за издавање на лични карти и државјанства, пасошките служби, службите за регистрирање на моторни возила, оружје и друго, евиденции кои се водат во казнено-поправните установи), преку соодветните служби при останатите министерства, и во центрите за социјална заштита и работа, соодветните здравствени установи, туристичките објекти и слично; разговор со припадниците на Армијата или граѓаните на РМ, кои би овозможиле успешно реализирање на потраги по сторителите на КД.

Проверката на податоци за сторителите и за предметите на потраги, воената полиција може ги применува во објектите каде што воените лица најчесто се движат: во воените објекти, кај дежурните на касарните, во установите, караулите, стрелиштата, издвоените објекти, во контакти со стражарските и пријавните служби, водичите на ангажираните патроли, како и со старешините, граѓанските лица и војниците. Во особено тешки случаи, кога ќе се процени дека за тоа има потреба, информации за сторители на тешки КД можат да се бараат преку средствата за јавно информирање (весниците, радиото или телевизијата).

---

[14] Г-2, С-2 претставуваат органи и служби во единиците на АРМ надлежни во делот на разузнавање и заштита на сили

[15] Милан Жарковиќ, "Потраги за сторителите на кривични дела", Белград, 1993 година,страна 131.

Во спроведувањето на потражните мерки и активности, без разлика дали се работи за собирање на сознанија за сторители на КД за кои е распишана потерница или наредена потрага, органите на воената полиција треба да ги користат и сите општи криминалистичко-тактички правила и начела, кои важат за собирање на сознанија за сите останати КД.

Собирањето и проверката на податоци со користење на информатори, извори на сознанија или соработници, кога е во прашање откривање на лица или на предмети на кривични дела, органите на воената полиција, во координација со останатите безбедносни служби, можат да ги спроведуваат и на начин на кој во криминалистичката пракса се дозволува, почитувајќи го достоинството, интегритетот и авторитетот на лицата. Иако тајните (оперативните) методи на работа се ограничени за овластените службени лица на воената полиција, информациите и податоците можат да се обезбедат и со: разговори и известувања од страна на припадници на Армијата, преку отворени извори на собирање информации (јавни гласила, телевизии, интернет), во процесот на спроведување на криминалистичката контрола врз припадници на Армијата идентификувани како можни сторители на КД, набљудување на објектите каде што тие лица се собираат, местата или објектите каде најчесто се вршат или се очекува вршење на КД, по пат на пријава или самопријава, и на друг начин.

Категориите на лица со кои може да се соберат информации во врска со сторителот на КД, самото дело или предметите кои се во врска со него, можат да бидат различни: офицери, помлади офицери, граѓански лица на служба во Армијата, војници по договор, војници кои се на отслужување на воениот рок, резервни воени обврзници додека се наоѓаат на воена вежба, лица во вршење на служба. Доколку така се процени, во соработка со органите за внатрешни работи, може да се изврши разговор и со роднини, пријатели и блиски на осомничените лица, лица со кои се одржувани љубовни врски и слично.

### 3. Организирано трагање

Врз основа на проценката за извршување на потрагата, како и расположивите податоци со кои располагаат органите во потрагата, може да се одлучи за спроведување организирано трагање. Организираното трагање претставува ангажирање на потражни органи на воената полиција или органи на воената полиција во содејство со органите за внатрешни работи, со цел планско и организирано трагање за да се дојде до сторителот на КД, предметите од истото или, евентуално, до податоци и лица кои можат да придонесат резултатите во потрагата да напредуваат, до нејзиното целосно завршување.

Ангажирањето на органите на воената полиција во смисла на организирано трагање претставува преземање континуирани, систематски и постојани активности кои се однесуваат на собирање на податоци и известувања за објектот на потрагата, размена на собраните податоци и добиените известувања помеѓу органите кои учествуваат во трагањето и постојано контактирање со органот кој издал наредба за покренување на потрагата. Во организираното трагање можат да бидат вклучени и други органи од формацискиот состав на воената полиција, дури и припадници на други единици и состави, кои во потрагата можат да дадат целосен придонес.

За успешна реализација на организираното трагање се прави план за заедничка акција, особено во посложените ситуации. Во планот се разработуваат варијантите на ангажирање на потражните органи и нивниот состав. Тие во својата работа не се совпаѓаат по јачината на органот, времето на извршување на задачата, вооружувањето, местото, реоните и правците на ангажирање, одржувањето на врски во текот на

задачата, смената на органите, местото на смената, а доколку се планира подолго ангажирање, и водичи на потражните органи.

Кога постои оправдано сомневање дека објектот на потрагата ќе ја напушти државата, за тоа се известуваат оргните на МВР – граничната полиција и царинската служба, по што организираното трагање се реализира и со нивна помош. Покрај преземањето на мерките и дејствијата, во тактичкото постапување при организираното трагање, кога условите тоа го дозволуваат, органите на воената полиција можат да користат или да бидат засилени со службени кучиња трагачи, кои успешно ги откриваат трагите и во значителен обем придонесуваат во извршувањето на задачите, особено кога се работи за отворен простор.

**4. Претрес на теренот и објектите на земјиштето**

Значајно дејствие на органите и единиците на воената полиција е претресот на теренот и објектите на земјиштето. На оваа активност ѝ се посветува посебно внимание, од причина што сите мерки и дејствија кои се преземаат во претресот мора да бидат реализирани крајно професионално, дисциплинирано, одговорно и во согласност со постоечките правила и прописи.

Потражните органи и единици на воената полиција можат да организираат и преземаат мерки и активности во рамки на претресот на теренот и објектите на земјиштето, со цел: фаќање и приведување на лица кои се сторители на КД против вооружените сили; пронаоѓање, фаќање или уништување на вооружени групи или поединци уфрлени на просторот на РМ поради вршење на терористички и други субверзивни активности; фаќање или уништување на уфрлени делови во заднина на нашите сили во услови на војна; пронаоѓање и фаќање на воени заробеници избегани од логори, затвори или при спроведување; претрес на земјиштето од аспект на безбедност, на кое ќе претстои разместување на командно место на здружени тактички и оперативни единици, состави и групации; пронаоѓање на предмети, жртви на КД и изгубени и настрадани воени лица во елементарни непогоди; пронаоѓање на украдени предмети, предмети од големо значење и вредност, сопственост на АРМ; пронаоѓање на пропаганден материјал со непријателска содржина, диверзантски, саботажни и слични предмети.

Врз основа на мерките, активностите и задачите на воената полиција, како и напред изнесените криминалистички теории, под терминот претрес на теренот и објектите на земјиштето треба да се подразбере преземање тактички мерки и дејствија на потражните органи кои опфаќаат систематско и организирано пребарување на одреден земјишен простор, објектите на него, населеното место или дел од населено место (кварт, улица, блокови згради и друго), со цел проверка, пронаоѓање и спроведување соодветна постапка со лица, предмети и трупови. Претресот на земјиштето и објектите е проблематика која според научната пракса се спроведува во два дела, од кои едниот претставува примената на теоријата на криминалистичката тактика, методика и техника, а другиот практичната примена на мерките и активностите, особено на слободен простор.

Пред отпочнување на претресот на теренот и земјиштето, на одредена линија, крај на некое населено место или слично, од органите кои учествуваат во потрагата се поставува блокада. Местото на блокадата е место од каде поаѓаат сите органи во потрагата, кои активно учествуваат во вршењето на претресот на теренот. Доколку целта на претресот на теренот е пронаоѓање на лица или предмети, или на жртви на елементарни непогоди, блокада не се поставува, а во претресот на теренот може да се ангажира и месното население. Зависно од целта на претресот, д-р Водинелиќ инсистира на детално разработен план за претрес, кој започнува со поставување на одреден број

оперативци. Потражните органи на слободен простор се поставуваат зависно од правецот на претресот, објектот на потрага-заканата, големината и конфигурацијата на просторот и вкупната проценка за успешно реализирање на задачата. Се внимава на најкритичните места на теренот, односно објектот, за да се обезбеди групата којашто врши претрес. Трагањето се врши сконцентрирано, така што објектот на потрагата да не може да се оддалечи. Запоседнувањето на просторот мора да биде проследено со факторот "изненадување".

Големината на просторот одреден за претрес зависи од повеќе елементи, како што се карактеристиките на земјиштето, силите со кои се располага во претресот, целта и задачата на претресот. Како проблем најчесто се јавува пресеченото земјиште, густо пошумениот терен, мочуриштата, терен покриен со снег, вода и сл. Ова од причина што претресот во тој случај треба да се одвива многу бавно, што на објектот на потрагата може да му обезбеди време да се извлече, потоа може да придонесе за создавање на меѓупростори, ако не е можно секој дел да се покрие. Според криминалистичките теории, потребно е да се знае дека снегот ги покрива трагите, додека врнењето на дожд и поплавите можат да доведат до целосно изместување на ситуацијата со поместување на предметите, објектите, нанесување други небитни предмети на правецот на претресот и слично.

Идеален терен за претресување не постои, најчесто на него има природни или вештачки објекти или истиот е пошумен. Зависно од карактеристиките на земјиштето и ситуацијата, претресот може да се врши со стрелечки строј, со патроли и со одделенски колони. Во ситуација на спроведување мерки и активности на слободен простор, криминалистичката теорија, во делот на тактиката и методиката на спроведување на дејствијата, обрнува внимание на: почитување на правилото сите објекти во зоната на активности да бидат претресени, недозволување на создавање на меѓупростори, простори или објекти без контрола, провереност на податоците за објектот на потрагата со кои се располага, координација на мерките и активностите на сите органи во потрагата, постапка на потражните органи во различни ситуации.

По поставувањето на потражниот орган на линијата за блокада на теренот или објектите на земјиштето, командирот на потражниот орган определува челна патрола, јадро на потражниот орган и зачелно обезбедување. Во случај потражниот орган со дел од сопствените сили да наиде на вештачки објект или предел на земјиштето за кој треба подолго време за да се изврши претрес, потражниот орган содејствува во вршењето на претресот до негово завршување.Во текот на целото време од вршењето на претресот на теренот и објектите, припадниците од потражниот орган се должни да вршат набљудување и мерки за заштита.

При наидувањето на предмет кој потекнува од активностите на објектот на потрагата (искористени предмети, јадење, воена опрема и сл.), целиот строј мора да застане додека не се изврши преглед од стручни лица (експерти), што значи да се обезбеди, обележи, изврши идентификација, изготви документација, правилно да се спакува и безбедно да се транспортира до службените простории на воената полиција или друг надлежен орган за тоа (МВР, судот и сл.). Доколку нема услови за ангажирање на криминалистички техничар од составот на воената полиција или стручно лице, секој командир на потражниот орган, пред да продолжи со претресот, на местото каде што предметот е пронајден, мора да изврши првичен преглед на истиот и да изработи скица, истиот да го обележи и обезбеди со дел од припадниците, сè до доаѓањето на екипата за расчистување на предмети кои се со сомнителен карактер.

Скицата треба да обезбеди јасен приказ на лице местото каде што предметот е пронајден, да ги има придружните фортификациски објекти (електрични столбови, бандери, потоци, објекти и слично), со сразмерни димензии и основни карактеристики

на земјиштето, аналогно на топографска карта (пошуменост, изохипси, надморска височина, размер во однос на топографската карта по која задачата се извршува, населеното место со скицирање на поважните објекти, впишување имиња на улици, броеви на згради и слично).

Зависно од конфигурацијата на земјиштето, потрагата може да потрае подолго, за што, по секоја линија на рамнење, командирот на потражниот орган, заедно со претпоставениот старешина, врши потребни консултации и нови проценки. Во принцип, претресот на теренот и објектите на земјиштето може да се врши со слично времетраење како и претресот на објекти во населено место, постапно и темелно, земајќи предвид дека при трагањето по сторителите на КД во населените места, градовите, квартовите, куќите, приватните станови, службените простории и слично, како **доминус** во мерките и дејствијата кои се преземаат на теренот се јавуваат ОВР[16].

Предизавик за потражната служба на воената полиција треба да претставуваат истражувањата во правец на можностите од користење и на други тактички мерки и активности како што се заседата и рацијата, а се во функција на откривање и фаќање на сторителите на кривични дела и предметите кои се во каква било врска со армијата и одбраната на Република Македонија.

Сите погоре наведени мерки и активности на потражните органи на воената полиција, потребно е да бидат совршено усогласени со плановите и активностите на потражната служба, поради што и успехот ќе биде загарантиран. Соработката со државните институции мора да се одржува и проширува со доследно почитување на постапките пропишани со правилата, донесување на правилна проценка и правилно тактичко постапување.

## ЗАКЛУЧОК

Развојот на потражната служба на воената полиција во АРМ треба да се спроведува паралелно со напорите за трансформацијата на одбранбениот систем. Воената полиција би требало да го дооформи институционалното и формално-правното функционирање во рамки на сегментите на безбедносниот систем на државата. Мерките и активностите во потражната служба се специфични и тие заслужуваат респект, имајќи предвид дека Армијата е специфична организациона единица во државата, која функционира со сопствени правила врз основа на Закон. Превентивното делување во попречување на кривичните дела во армијата, како и идентификувањето на мерките, активностите и постапките значајни за успешно спроведување на потражната служба треба да обезбедат непречено функционирање на одбранбениот систем, особено воениот ред и дисциплина, било да се работи за воени објекти или надвор од нив.

[16] В.Водинелиќ, “Криминалистика”, IV издание, Белград, 1980, стр.98

## Л И Т Е Р А Т У Р А


1. В. Кривокапић, “Криминалистика”, Полициска академија, Београд, 1996г.
2. В. Водинелић, “Криминалистика”, IV издание, Белград, 1980г.
3. В. Водинелиќ, “Криминалистика”, II том, Факултет за безбедност и општествена самозаштита, Скопје, 1985г.
4. Ж. Алексић и Зоран Миловановић, “Криминалистика”, Белград, 1981г.
5. Ј. Матаковиц, “Основи на криминалистиката”, Загреб, 1986г.
6. Кривичен Закон на РМ
7. Милан Жарковић, “Потраге за учиниоцима кривичних дела”, Правни факултет, Београд, 1993г.
8. М. Ђошић, “Криминалистичка тактика”, Белград, 1975г.
9. општествена самозаштита, Скопје, 1995г.
10. МВР на РМ, “Упатство за превземање на потражни дејствија”, Скопје, 1993г.
11. ПС на ВП, МО на РМ, Скопје, 1997г.
12. Радојица Максимовић и Угљеша Тодорић, “Криминалистичка техника”, Полициска академија, Белград, 1995г.
13. Трпе Стојановски, “Полициска тактика”, ЦОК БОС, Скопје, 1992г.
14. Уставен суд на РМ, “Инструкција врзана за реализација на потрагите во АРМ”, сд бр. 09-26/1 18.11.1993г.


*Metodija Dojčinovski, PhD*

# *CRIMINALISTIC ASPECTS OF CARRYING OUT SEARCH OPERATIONS BY THE MILITARY POLICE*


## *Abstract*

*The paper deals with the criminalistics aspects of the functioning, place, and role of search operations of the military police. The fourth generation of warfare (asymmetric warfare), signalizes activation of the necessary measures and activities for performing search operations in various weather conditions and places. It provides an explicit definition of search activities from scientific, theoretical and practical aspect, with emphasis on the use of operative and operative-tactical measures and activities of the security organs and services, including the Special Tasks Unit. A significant part of the paper is devoted to the exploration of the procedures in the planning, preparation and implementation of search operations, among which collection and examination of information, as well as operations of organized search, particularly terrain and premises search. The success of the implementation of the search operation can be determined through the analysis of the coordination, cooperation, exchange of information and a joint action of the military police with the organs for interior affairs. In the concluding part the author stresses the need for further training and improvement of the forces and other resources engaged in search operations.*


***Key words**: search activities, search operations, criminalistic examination, terrain search, measures and activities, information, military police*

*д-р Драгана Батиќ*
Доцент на Факултет за безбедност – Скопје
e-mail: dbatic@fb.uklo.edu.mk

# ФАКТОРИ НА РИЗИК И ФАКТОРИ НА ЗАШТИТА НА МАЛОЛЕТНИЧКОТО ПРЕСТАПНИШТВО (ИНДИВИДУАЛНИ И СЕМЕЈНИ ФАКТОРИ)

*Резиме*
*Во трудот е прикажан развојниот модел на објаснувањето на малолетничката делинквенција, односно дадени се резултатите од истражувањата од оваа област за последните неколку години, во кои се идентификувани бројни ризични и протективни фактори кои се во релација со малолетничкото престапништво. Посебно се обработени индивидуални и семејни фактори.*

*Клучни зборови: фактори на ризик, фактори на заштита, малолетничко престапништво, индивидуални фактори, семејни фактори*

## Фактори на ризик и фактори на заштита на малолетничкото престапништво (индивидуални и семејни фактори)

Со оглед на тоа што пореметувањата во однесувањата на младите претставуваат еден од најчестите проблеми во детството и младоста, посебно кај машките адолесценти, овој проблем привлекува големо внимание кај истражувачите. Според DSM-III-R, основна карактеристика на овие пореметувања е „упорен образец на однесување при што се кршат основните права на другите и поважни општествени норми или правила кои одговараат за возраста. Оваа група на пореметувања се карактеризира со недруштвено однесување и почесто ги погодува другите лица, отколку лицето кое го има ова пореметување”[1].

Последните 20 години постои напредок во однос на сознанијата за причините на пореметено и криминално однесување, благодарение на развојни, проспективни и лонгитудинални истражувања.

„Веројатно најпотполно согледување на феноменот малолетничката делинквенција дава развоен модел на објаснувањето на оваа појава, кој е поврзан со поимот развојна криминологија што за прв пат се појавил во почетокот на 90-тите”[2] .

Во основа на развојниот пристап е односот помеѓу чинителите на ризик и заштита, односно во која мера овие чинители се исти или различни при појавата и ескалацијата, намалувањето или престанокот на малолетничката делинквенција.

Фактори на ризик се варијабли врз основа на кои може да се предвиди зголемена можност за престапништво во наредниот период.

Протективните фактори се на спротивниот крај на скалата од ризичните фактори. Како што ризичните фактори предвидуваат можност за престапништво, протективните фактори предвидуваат намалена можност за престапништво.

---

[1] Flaherty,J.A.,Channon,R.A.,Davis,J.M.: Psihijatrija,dijagnoza i terapija, Langeov klinički priručnik, Savremena Administracija, 1992, str.497

[2] Ajduković M.: Ekološki multidimenzionalni pristup sagledavanju činitelja rizika i zaštite u razvoju poremećaja u ponašanju djece i mladeži, Poverenstvo vlade Republike Hrvatske za prevenciju poremećaja u ponašanju djece i mladeži i zaštitu djece s poremećajima u ponašanju, Zagreb, 2001, str. 49

Во последните неколку години, истражувачите идентификувале бројни ризични и протективни фактори кои се во релација со малолетничкото престапништво. Овие фактори можеме да ги поделиме на неколку нивоа: индивидуални, семејни, училиште, врсници и фактори на пошироката средина.

Во овој труд ќе се задржиме само на индивидуалните и семејните фактори.

## 1. Индивидуални фактори како фактори на ризик и фактори на заштита

Престапништвото, како и сите други видови на однесување се резултат на интеракција помеѓу индивидуата и средината. Индивидуите се разликуваат меѓусебно по својот потенцијал за извршување на антисоцијални и криминални дејствија. Повеќето современи автори го користат поимот „потенцијал", исто како и „тенденција" , за разлика од „предиспозиција" која може да укажува на биолошки детерминизам.

Важна претпоставка е дека индивидуалните разлики во криминалниот потенцијал се релативно стабилни. Имено, голем број на истражувања покажале континуитет и релативна стабилност во престапништвото низ времето.

„Криминалниот потенцијал може да се разложи на многу различни димензии. Така, термините антисоцијален, агресивен или непријателски, суштински се однесува на луѓе кои се со висок криминален потенцијал. Конструктите како што се отсуство на вина, слаба совест, ниска самоконтрола, висока импулсивност, недостаток на емоционална топлина, ниска емпатија, бестрашност, егоцентризам (насоченост кон себе), намалена способност за одложување на задоволството и намалена способност за манипулирање со апстрактните концепти се чини дека се причинители на висок криминален потенцијал".[3]

Меѓу најважните индивидуални фактори врз основа на кои може да се предвиди престапничкото однесување се: ниска интелигенција и образование, личноста, темпераментот, емпатија и импулсивност.

### 1.1. Ниска интелигенција и образование

Ниската интелигенција е важен предиктор на престапништвото. Со оглед на тоа што интелигенцијата може да се мери во раното детство, проспективните студии покажуваат дека интелигенција измерена на возраст од 3 години е значаен предиктор на престапништвото на возраст од 30 години. „На честите престапници (со четири или повеќе престапи) на возраст од 3 год. просечната интелигенција им била 88 IQ, во однос на непрестапниците чија просечна интелигенција била" 101 IQ [4]

И другите проспективни студии ширум светот покажуваат дека ниската интелигенција измерена во детството е предиктор на малолетничката делинквенција и булингот во период на адолесценцијата, како и на затворските казни поради насилното однесување во возрасна доба. Најдено е дека врската помеѓу ниската интелигенција и насилството е најцврста кај момчињата од пониската класа.

Ниската невербална интелигенција е во корелација со ниската вербална интелигенција и училишниот успех, а сето ова заедно со малолетничкото престапништво. Исто така, малолетните престапници го напуштаат училиштето најбрзо што можат , на пр. на вораст од 15 години.

[3] Farrington,p.D.&Welsh.C.B: Saving children from life of krime, Oxford, University press, 2007, str. 38.

[4] Stattin, Klackenberg-Larsson： Early Language and Inteligence Development and Their Relationship to Future Criminal Behavior, Journal of Abnormal Psychology 102,369-378

Делинквентите најчесто имаат подобри резултати на невербалниот отколку вербалниот дел од тестот на интелигенција, поради што им е полесно да се занимаваат со конкретни објекти отколку со апстрактните концепти.

Во основа на поврзаноста помеѓу ниската интелигенција и делинквенцијата лежи ограничената способност на делинквентите за апстрактно мислење (ниска вербална интелигенција), која се одразува врз нивната способност да ги согледаат последиците од своето однесување и да ги претпоставaт чувствата на жртвата (ниска емпатија). Ниската вербална интелигенција е поврзана и со намалена способност за користење на вештини на решавање на проблеми, како и со недоволно разбирање на туѓите намери, емоции и интерперсоналните релации.

Ниската интелигенција може да биде елемент на когнитивен и неурофизиолошки дефицит. Во една новозеландска проспективна студија е најдено дека делинквенцијата е поврзана со интегративен дефицит на вербално, визуелно-моторно и ниво на помнење, независно од социјалната класа и функционалноста на семејството.

Неурофизиолошките истражувања на мозокот би можеле да доведат до напредок во сознанијата за поврзаноста помеѓу функцијата на мозокот и престапништвото.

Во фронталниот дел од мозочната кора се лоцирани функции како што се вниманието и концентрацијата, апстрактното резонирање и планирање, самоконтролата на однесувањето и инхибицијата на импулсивното однесување.

“Во Монтрелската студуја Seguin покажал дека мерката на овие функции која се базира на когнитивно-неуропсихолошки тест на возраст на 14 год. се покажал како најсилен неуропсихолошкиот дискриминатор помеѓу насилните и ненасилните момчиња”.[5]

Како што ниската интелигенција е ризичен фактор за престапништво, така високата интелигенција може да биде протективен фактор. Ова е тестирано на примерокот од 7500 мажи регрути во Стокхолм, при што, освен интелигенцијата, биле земени и други фактори на ризик како што се: академското постигнување, бегање од дома, злоупотреба на алкохол и дрога, ниски примања, еднородителско семејство, алкохолизам на таткото и психолошки проблеми. Statin и неговите колеги нашле дека помеѓу сите овие фактори, високата интелигенција и емоционалната контрола предвидуваат ниска преваленција на престапништвото.[6]

## 1.2. Личност

Антисоцијално однесување е нешто што е конзистентно кај една индивидуа. Психолозите сметаат дека конзистентноста на однесувањето зависи од присуството на тенденциите кои претставуваат основа да се однесуваме на опредлен начин во определени ситуации. Таквите тенденции како што се импулсивноста, трагање по задоволство, умереност и сл. се нарекуваат црти на личноста. Пошироките димензии на личноста, како што се екстраверност и интровертност, се состојат од повеќе црти на личноста.

До 1990 год., најпознатото истражување за поврзаноста на типот на личноста и криминалното однесување е она на британскиот психолог Ајзенк. Тој на престапништвото гледа како на природно, па дури и рационално однесување, бидејќи луѓето се хедонисти, бараат задоволство и избегнуваат болка. За да објасни зошто сите луѓе не се криминалци, Ајзенк сугерира дека хедонистичките тенденции да се изврши престап се

[5] Farrington,p.D.&Welsh.C.B: Saving children from life of krime, Oxford, University press, 2007, str. 42

[6] Stattin, Romelsjo, Stenbaka: Personal Resources as Modifiers of the Risk for Future Criminality: An Analysis of Protective Factors in Relation to Eighteen –Year-old Boys, British Journal of Criminology 37, 198-223

спротивни на совеста, за која смета дека претставува одговор на  страв кој се јавува за време на детството, а како последица на процесот на условување. Според Ајзенковата теорија, луѓе кои вршат криминал се оние кои не ја развиле совеста,   како резултат на слабото условување.

Бидејќи екстравертните личности имаат слаба ексцитација, а јака кортикална инхибиција, условувањето (социјализирање) и внесувањето (интернализација) на општествените норми е мало. За разлика од нив, интровертните личности имаат јака ексцитација, а слаба кортикална инхибиција, повеќе се склони на условување (социјализација).

Освен овие две димансии на личноста, Ајзенковиот тест има уште две: неуротицизам (N) и психотицизам (P).

Луѓе кои имаат висок ајтем на N димензија, исто така се условуваат тешко, бидејќи нивната анксиозност интерферира со условувањето.  Ајзенк предвидува дека луѓе со висок психотицизам (P димензија) имаат тенденција да бидат престапници, бидејќи оваа димензија на личноста вклучува емоционална ладнотија, ниска емпатија, непријателство, нехуманост).

Од 1990 год., најшироко прифатен концепт на личност станува пет-факторијален модел,  или НЕО-ПИ-Р, развиен од страна на McCrae и Paul Costa. Овој модел сугерира пет  клучни димензии на личноста: невротицизам, екстраверзија, отвореност, сложување и совесност.

Факторот отвореност укажува на креативност и оригиналност, отвореност за нови идеи, сложување се однесува на емпатија, осетливост за другите, а совесност на развиена совест,  потреба од ред и сл.

Бидејќи овој инструмент на личноста е релативно нов, малку е користен за истражување на криминалитетот. Сепак, најдено е дека психопатијата е во негативна корелација со сложување и совесност, односно со емпатија и развиена совест.[7]

### 1.3. Темперамент

Темпераментот е биолошки определен, така што во раното детство темпераментот е идентичен со личност. „Истражувањето на детскиот темперамент во Њујоршката лонгитудинална студија, каде темпераментот е поделен во три категории: лесен, тежок и успорен до топол, покажува дека децата кои од родителите се ставени во категорија "тежок темперамент" на возраст од 3-4 год, ќе имаат слаба адаптација на возраст од 17-24 години" [8]

Тежок темперамент се дефинира како често и интензивно покажување на негативни емоции уште од најрана возраст. И други истражувања покажуваат дека децата кои се оценети со тежок темперамент на 6 месеци, покажуваат проблеми во однесување на возраст од 3-6 години, и имаат тенденција да бидат агресивни на 6-7 години. Исто така, децата кои од мајките се оценети со тежок темперамент, од учителите покасно се оценети како деца со антисоцијално поведрние.

"Caspi (2000),  психолог  од Лондонскиот uниверзитет, смета дека најважната димензија на детскиот темперамент кој е надвор од контрола (немирност, импулсивност, слабо внимание) е она што претставува предиктор за агресија и престапништво на возраст од 18-21 година." [9]

---

[7] Hart,S.D., Hare,R.; Psuchopathy and Big Five: Correlationsbetween Observers' Rattings of Normal and Pathological Personality, Journal of personality disorders 8:32-40

[8] Chess S., Thomas, A,: Origins and Evoluting of Behavior Disorders:From infancy to Early Adult Life, New York, Brunner/Mazel, 1984, str 52

[9] Farrington,p.D.&Welsh.C.B: Saving children from life of krime, Oxford, University press, 2007, str. 47

### 1.4. Емпатија

Постои раширено верување дека ниската емпатија е значајна црта на личноста која е поврзана со престапништвото, а се заснова врз претпоставката дека луѓето кои можат да се соживеат со чувствата на другите се помалку подготвени да ги повредат другите.

Разликуваме когнитивна емпатија (разбирање и проценување на чувствата на другите) и емоционална емпатија (актуелно доживување на чувствата на другите). „Мета анализа на 35 студии на споредување на оние кои вршат кривични дела со нивните резултати на прашалници за емпатија покажала дека ниската когнитивна емпатија е цврсто поврзана со престапништвото, додека ниската афективна емпатија е слабо поврзаана со вршењето на кривични дела”[10]

### 1.5. Импулсивност

Импулсивноста е најважната димензија на личноста врз основа на која може да се предвиди делинквентното однесување. Постои голем број на особини кои се однесуваат на слабата способност на контрола на однесувањето. Тука спаѓаат: импулсивност, хиперактивност, немир, намалена способност за расудување за последиците на делото, намалена способност за планирање, ограниченост, ниска самоконтрола, барање на возбуда, ризично однесување, слаба способност за одложување на задоволството.

Многу студии покажуваат дека хиперактивноста во детството е поврзана со делинквентното однесување. “Така, истражувањето на психолозите Brennan и Mendick&Mendick открива дека хиперактивност (немир и слаба концентација) на возраст од 11-13 год значајно предвидува затворска казна поради насилство на возраст до 22 години, посебно кај момчињата”. [11].

Повеќето теории се обидувале да ја најдат поврзаноста помеѓу импулсивноста и криминалитетот. Една од најпопуларните сугерира дека импулсивноста се јавува како резултат на дефицит на функциите на мозокот, лоцирани во фронталната регија[12]. Личности со таков неуропсихолошки дефицит ќе имаат тенденција да вршат кривични дела поради слабата контрола на своето однесување, слабата способност за разбирањето на можните последици на своето однесување и поради неможноста за одложување на задоволувањето на потребите.

Импулсивноста е поврзана со неспособноста да се предвидат последиците, што пак е поврзано и со интелигенцијата.

Некои автори како клучна ја истакнуваат “ниската самоконтрола” која се однесува на степенот до кој индивидуата може да се контролира во моментот. Луѓе со ниска самоконтрола се импулсивни, влегуваат во ризични ситуации, имаат ниски когнитивни и академски способности, насочени се кон себе, имаат ниска емпатија и способност за предвидување.

---

[10] Ibid

[11] Ibid, str. 49

[12] Moffit ,Terrie: The Neupopsychology of Juvenile Delinquency: A Critical Review, Crime and Justice, vol 12, University of Chikago Press, 1990

### 1.6. Социјално-когнитивни вештини

Повеќето истражувачи се согласуваат дека престапниците имаат слаба способност за решавање на проблеми во интерперсонални ситуации. Ова е поврзано со нивната ниска емпатија, односно со неможноста да се разберат другите и да се предвиди како нивното однесување ќе влијае врз другите луѓе.

Престапниците се склони да имаат надворешен локус на контрола: тие сметаат дека она што им се случува зависи од судбината, од шансите или среќата, а помалку од нивната активност. Оттука, тие за своите неуспеси ги обвинуваат другите, наместо да преземат одговорност за своето однесување.

Ваков дефицит во социјално-когнитивните вештини кај престапниците се поврзани со конкретното, наспроти апстракното мислење и нивната намалена спобност за манипулирање со апстрактните концепти.

Од сите индивидуални фактори, најважните фактори на ризик за престапништвото се: ниската интелигенција, ниската емпатија и импулсивноста.

## 2. Семејството како фактор на ризик и фактор на заштита

Семејните фактори кои се клучни за антисоцијално однесување на малолетните престапници се: занемарување /злоупотреба на деца; ниско ниво на вклученоста на родителите; високо ниво на конфликт, непријателство и агресија во семејството; криминалитетот на родителите; семен конфликт; неадекватно надгледување на родителите; ран губиток на родителите; емоционално лишување.

Од семејните фактори на ризик најголемо предиктивно значење за малолетничката делинквенција имаат семејното насилство, слабото надгледување на родителите и родители со антисоцијално поведение. Во неколку студии, овие три фактори се постојано поврзани со идно антисоцијално однесување на малолетниците [13]
.

Значаен број на истражувања биле посветени на агресивното однесување на младите. Според Pattersen, агресивните деца ги имитираат агресивните родители, а агресивните родители на агресивното однесување на децата одговараат со внимание и одобрување.

Patterson сугерира дека агресијата помеѓу адолесцентите е резултат на слабо родителско надгледување, неконзистентно однесување кон децата, како и силно физичко казнување [14]

Другите автори како Huzinga и соработниците нагласуваат дека делинквентното однесување е мултидетерминирачки феномен. Всушност, тоа е резултат на интеракцијата помеѓу различни фактори на ризик.

Криминалитетот во семејството е значаен фактор на ризик. Да се има мајка, татко, брат, сестра, кои вршат кривични дела, претставува фактор врз кој може да се предвидува и криминалитетот на децата, особено машките. Притоа, членот на семејството кој најмногу влијае врз криминалитетот на децата е таткото. Најдено е дека 63% од момчињата кои имаат татко кој врши кривични дека и самите влегуваат во криминал.

Зошто криминалитетот се пренесува трансгенерациски?

Прво, постои континуирано изложување на фактори на ризик.

---

[13]. Heilburn, K., Goldtein, S. N.: Juvenile Delinquency –Prevention, Assessment, and Intrvention Redding E.R.,Oxford, University Press, 2005, str. 27

[14] Patterson ,Gerald R.: Coercive family Process,Eugene,Ore Kostalia,1982, str. 34

На пр., сиромаштијата, конфликти во семејството, еднородителско семејство, малолетни родители, сиромашно соседство. Родителите кои користат физичка казна прават и нивните деца го чинат истото кога ќе станат родители. Еден од најважните заклучоци на Кембриџската студија е дека констелацијата на семејната ситуација како што е сиромаштија, многучлено семејство, родителска дисхармонија, занемарување на деца, криминалитет на родителите, водат кон констелација на антисоцијални појави кога децата ќе пораснат, при што криминалитетот е само еден елемент[15]. Мажи и жени склони кон криминално однесување имаат тенденција да се бираат едни со други за брачни партнери, а децата на и двајцата криминални родители имаат големи шанси да станат криминалци.

Постои и заемно влијание на членовите на семејството еден на друг. Така, помалите браќа/сестри се склони да ги имитираат постарите браќа /сестри во однос на криминалното поведение. Во Кембриџската студија најдено е дека 20% од малолетниците кои имаат брат на блиска возраст со криминално однесување и самите вршат кривични дела заедно со братот[16].

Повеќечлено семејство (голем број на деца во семејството) е релативно силен предиктор на делинквенција[17] .

Поголемиот број на деца во семејството е поврзан со намалено внимание кое родителите можат да им посветат на децата, како и со сиромаштија и лоши услови на живеење.

Методите на одгледување на децата влијаат врз делинквентно однесување. Тука спаѓаат: родителското надгледување, дисциплинирање на децата, како и вклученоста на родителите во активностите на децата.

Родителското надгледување се однесува на степенот на надгледување на активностите на детето. Така, слабото надгледување е најсилен предиктор на делинквенцијата[18]. Многу студии покажуваат дека родителите кои не знаат каде им се децата кога се надвор од домот како и родителите кои ги пуштаат своите деца на улица без придружба од мала вораст имаат често деца делинквенти.

Родителското дисциплинирање се однесува на тоа како родителите реагираат на однесувањето на децата. Истражувањата покажале дека казнувањето на децата (особено физичко) е предиктор за делинквенција.

Неконзистентната дисциплина е исто така предиктор за делинквенција. Тоа значи дека родителите на лошо однесување некогаш се индиферентни, додека истото поведение друг пат остро го казнуваат. Неконзистентноста се однесува и на различен однос на двајцата родители кон дисциплинирањето: едниот родител е попустлив, другиот е склон кон казнување. Емоционално ладни, отфрлувачки родители често имаат деца делинквенти. Родителската топлина делува како протективен фактор.

Недоволната вклученост во детските активности, сиромашна комуникација помеѓу родителите и децата, како и низок степен на семејната кохезија претставуваат фактори на ризик.

Децата кои се физички злоупотребувани или занемарувани од страна на родителите имаат тенденција да станат престапници во подоцнежниот живот. Во познатата проспективна студија спроведена од страна на Cathy Widom, 1989, опфатени се 900 деца кои биле злоупотребувани или занемарени до 11- та година и биле споредени со контролната група изедначена по возраст, пол, образование и место на живеење. Следењето во текот на период од 20 години покажало дека децата кои биле злоупот-

[15] West,G., Farrington D.: The Delinquent way of life, London: Hainemann, 1977, str. 15
[16] Ibid, str. 18
[17] Ficher,D.G.: Family size and Delinquency, Perceptual and Motor Skills, 58.: 527-534
[18] Farrington,p.D.&Welsh.C.B: Saving children from life of krime, Oxford, University press, 2007, str. 62

ребени и занемарени многу почесто биле осудувани како делинквенти во споредба со контролната група и почесто биле осудувани поради насилство.[19].

Слични резултати се добиени и во другите студии. Така, најдено е дека околу половина од злоупотребени или занемарени деца извршиле сериозен криминал, станале алкохоличари или ментално болни, или починале на возраст под 35 години[20]

Неколку теории ја објаснуваат врската помеѓу злоупотребата/занемарување на децата и криминалитетот. Теоријата на социјално учење сугерира дека децата учат да го прифаќаат однесувањето на возрасните (родителите) преку имитација и моделирање.

Теоријата на врзување (attachment) тргнува од претпоставката дека децата не постигнуваат емоционална врзаност за родителите кои ги злоупотребуваат и имаат ниска самоконтрола.

Теоријата на фрустрација претпоставува дека негативното третирање од другите резултира со негативните емоции и фрустрација, што создава желба за одмазда и ја зголемува агресивноста.

Џон Болби ја популаризирал тезата дека "растурени семејства" се причина за делинквенција. Тој сметал дека она што е најважно за детето е искуство на љубов, топлина и континуиран однос со мајчинската фигура. Доколку детето подолго време за првите пет години на животот е без мајчинска грижа, тоа би можело да има иреверзибилни негативни ефекти, вклучувајќи "ладен" афект и делинквенција.

Најголем број на студии се фокусирани на губиток на таткото, бидејќи тоа почесто се случува отколку губиток на мајката.

Kolvin и соработниците[21] откриле дека машките деца кои доживеале развод на родителите во првите пет години на животот се во двоен ризик за вршење кривични дела до возраст од 32 години (53% наспроти 23%).

„Joan McCord нашла дека преваленцијата на престапништво е поголема кај момчињата од разведени родители кои немаат топла мајка (62%) и кај оние од потполни семејства, но со конфликт помеѓу родителите (52%). Преваленцијата е ниска кај момчињата од потполни семејства без конфликт (26%) и кај оние на разведени родители , но со топла мајка (22%).Ова покажува дека разводот сам по себе не е фактор на криминалитет. Она што најверојатно ја предизвикува деклинквенцијата, всушност, е родителскиот конфликт. Исто така, негувачка и топла мајка може да биде протективен фактор во ситуација на губиток на таткото"[22].

Родителскиот конфликт и насилството меѓу родителите е предиктор за антисоцијално поведение кај децата[23]. Оние кои биле сведоци на насилство помеѓу родителите се повеќе сколни да вршат кривични дела на насилство и против имотот.

Тешко е да се определи кој од семејните фактори е клучен за појавата на делинквенцијата, не само поради интеракцијата помеѓу нив туку и поради интеракцијата со други ризични фактори како што се ниски примања, лоши услови на живеење, импулсивност, ниска интелигенција, ниско образование.

[19] Maxfield,M.G., Widom C.S.: The Cycle of Vviolence Revisited 6 years latter, Archives of Pediatrics and adolescent medicine 150, 390-395

[20] McCord, J.: A Forty-Year Perspective on Effects of Child Abuce and Neglect,Child Abuse and Neglect 7: 265-270.

[21] Kolvin, Israel, FrederikJ.: Social and Parenting Factors Affecting Criminal –Offence Rates: Fandings Newcastle Thousand Family Study (1947-1980),Britich Journal of Psychiatry 152: 80-90

[22] Farrington,p.D.&Welsh.C.B: Saving children from life of krime, Oxford, University press, 2007, str. 63

[23] Buehler, Cheril, Antony.: Interparental Conflict and Yuth Problem Behaviors: Meta –analysis, Jurnal of Child and Family Studies, 1997, 6: 233-247

Сепак, се смета дека најсилен предиктор се криминални и антисоцијални родители, потоа многучлено семејство, слабо родителско надгледување, ридителскиот конфликт. Злоупотербата на деца е релативно слаб предиктор.

Кои се протективни семејни фактори?

Пред сè, се нагласува отсуството на сериозни семејни вознемирувања. Скорешните истражувања покажале дека унапредувањето на топли семејни односи, неагресивни семејни модели, воспоставувањето на цврста врска помеѓу родителите и децата, зголемувањето на родителското надгледување и воспоставувањето на јасни и постојани норми на однесување можат да помогнат во превенирањето на малолетничката делинквенција. Еден од најсилните протективни фактори е блиската релација со барем еден поддржувачки возрасен. Исто така, истражувањата покажуваат дека безусловната љубов е најважниот фактор кој придонесува за отпорноста на детето наспроти мултипли факторите на ризик [24]. Овој протективен фактор е генерално ефективен, без оглед на тоа дали се работи за родител, учител, дури и волонтер.

## 3. Заклучок

Прикажаниот развоен модел на објаснувањето на малолетничката делинквенција подобро од другите теории може да даде објаснување за тоа зошто некои млади кои растат во исклучително тешки животни околности не манифестираат пореметувања во однесувањето.

Интересно е што истите фактори можат да бидат и ризични и протективни и можат да се комбинираат на различни начини. На пр., за дете што потекнува од дисфункционално семејство, а е со висок коефициент на интелигенција, училиштето ќе стане протективен фактор доколку има одличен успех, со што ќе биде прифатено од наставниците и врсниците. Значи, еден протективен фактор може да продуцира други протективни фактори. Од друга страна, дете со подпросечна интелигенција како фактор на ризик, чие семејство е функционално и поддржувачко, веројатно, никогаш нема да стане делинквент, затоа што превладува протективниот фактор - семејството.

Ниту една поединечна неповолна околност сама по себе не доведува до негативен исход, туку процесот на интеракција помеѓу факторите на ризик и факторите на заштита го обликува однесувањето и може да предизвика проблеми или позитивен исход со тек на време. Односот помеѓу факторите на ризик во детскиот развој и проблемите во нивниот развиток е очигледен, но претставува мошне сложен синџир со бројни чинители кои понекогаш е тешко да се идентификуваат. Составен дел на тој синџир не се само чинители на ризик туку и чинители на заштита.

Исходот кај ризичните деца може да се нсочува кон позитивен развој доколку во развојниот период се влјиае врз унапредувањето на заштитните фактори и намалувањето на ризичните. Во таа смисла потребно е развивање на програмите за превенција и третман на пореметеното однесувањето кај децата и младите.

За да тие придонесат кон зајакнување на отпорноста на децата и младите, потребно е да ги опфатат трите вида на превенција: примарна, секундарна и терцијарна-третман, при што би се вклучило и нивното социјално опкружување: семејството, локалната заедница и државата.

---

[24] Werner,E.E.(1994): Overcoming the Odds. Journal of develomental and behavioral pediatrics, 15, 131-136

*Dragana Batic, PhD*
*Faculty of Security – Skopje*

## *RISK AND PROTECTIVE FACTORS OF JUVENILE DELINQUENCY* *(Individual and Family Factors)*

***Abstract***

*This paper presents the development model of the explication of juvenile delinquency and provides data from recently conducted researches on this phenomenon, where numerous risky and protective factors related to juvenile delinquency have been identified. Individual and family factors are particularly elaborated on.*

*Key words: risk factors, protective factors, juvenile delinquency, individual factors, family factors*

*м-р Весна Стојковска*
Асистент на Факултетот за безбедност – Скопје
e-mail: vesne_stojkovska@yahoo.com

# PEACEMAKING (МИРОТВОРНА) КРИМИНОЛОГИЈА: МОЖНОСТ ИЛИ УТОПИЈА

***Резиме***

*Една од причините за почетно проучување на peacemaking (миротворна) криминологија како насока во рамки на радикалната криминологија произлезе од желбата да се даде скромен придонес во македонската криминолошка литература за новите теоретски и практични сознанија за миротворната криминологија. Истовремено, тоа ќе остави простор за понатамошни продлабочени истражувања во Република Македонија заедно со нејзиниот развој во светот. Дополнителен поттик произлезе од поврзаноста на миротворната криминологија со ресторативната правда, како еден од можните одговори на криминалот што може да прерасне во криминолошка теорија односно учење за етиологијата на криминалот и за начините на негово сузбивање.*

*Карактеристика на миротворната криминологија е што таа, на некој начин, е понудена како заменска теорија за конвенционалните криминолошки теории. Според нејзините претставници, криминалот е поврзан со страдање и, за да го намалиме криминалот, ние мора да го намалиме страдањето. Како дел од радикалните криминолози, и криминолозите коишто се залагаат за градење мир сметаат дека државата го поддржува криминалот и насилството, преку репресивни политики на општествена контрола, како што се смртните казни, долгите казни затвор и инкриминацијата на одредени полесни престапи. Оттука, најефикасна и најзначајна промена којашто треба да се направи во казнен-правниот систем е замена на традиционалната кривична правда со ресторативна правда.*

***Клучни зборови:*** *миротворење, криминал, насилство, страдање*

## Вовед

Учењето за миротворната криминологија во рамките на криминологијата како теоретска и емпириска наука се јавува во деведесетите години на минатиот век под влијание на американските криминолози *Harold Pepinsky* и *Richard Quinney*. Имено, проучувањето на етиологијата на криминалот во современата криминолошка мисла предизвика размисли за менување на пристапот во решавање на кривичните конфликти и за пронаоѓање пособдветни решенија за отстранување на факторите коишто влијаат врз појавата на криминалитетот. Станува збор за воведување на ***миротворната (peacemaking)*** криминологија како ново учење кое нуди можни решенија за одговор на криминалот, меѓу кои воведување на ресторативните мерки и програми коишто се дел од казнено-правните системи во речиси сите казнени законодавства во светот. Оттука, и миротворната криминологија треба да најде свое заслужено место во криминолошката научна литература. Таа се залага принципите и вредностите на мирот и на мирното решавање на споровите да се применуваат и да се користат како основа на правдата. За миротворците, решение за криминалот е зголемување на сочуството, хармонијата и општествената правда за луѓето, поради што миротворната криминологија го добива епитетот на **ненасилна криминологија.**

Во понатамошниот дел од трудот ќе ги презентираме основите на миротворната криминологија и учењатата на нејзините основоположници, на американските криминолози *Pepinsky* и *Quinney*. Бидејќи таа добива и одредени критики, во завршниот дел од трудот ќе бидат елаборирани одредени контрааргументи, како и можностите за нејзин понатамошен развој.

## Основите на миротворната (*peacemaking*) криминологија

Миротворната (*peacemaking*) криминологија спаѓа во мноштвото теории и учења коишто се обидуваат да ги утврдат факторите и непосредните причини кои влијаат врз појавата на криминалитетот и нуди решенија за начинот на кој тој може да се намали. Конкретно, тој правец зазема свое посебно место во рамки на **радикалната криминологија**. Проф. *Игњатовиќ*, миротворната криминологија ја бројува во петте посебни правци на критичката криминологија (лев реализм, постмодернизам, миротворна криминологија, аболиционизам/анархизам и радикален феминизам) којашто, од друга страна, е дел од радикалната криминологија.[1]

За полесно да ги сфатиме значењето и целта на миротворната (*peacemaking*) криминологија, ќе дадеме кус преглед на појавата и основните карактеристики на радикалната криминологија. Таа се јавува во седумдесетите години на минатиот век, прво во Англија, а потоа на американскиот континент како критика, револт поради неуспехот на казнено-правните системи да го намалат криминалитетот, од една страна, но и поради неуспехот на постоечките криминолошки теории да ги објаснат неговите причини, од друга страна. Тие години се генерално години на радикален пристап во општествените науки, чија заедничка карактеристика е идеолошка, политичка и научна критика на правниот и на економскиот систем во современите капиталистички земји[2]. Оттука, застапниците на радикалната криминологија го изучуваат криминалитетот како дел од севкупните општествено-економски услови, а посебно неговата условеност од материјалната основа на едно општество и од неговиот правен систем. Според радикалистите, криминалното однесување е конструкција на власта, а кривичното право е инструмент на владеачката класа за да го одржи постоечкиот општествен и економски ред.[3] Значи, радикалните криминолози, зад кои често се сретнува и терминот нова и/или критичка криминологија ја критикуваат старата традиционална криминологија којашто поаѓа од сторителот и психолошкиот детерминизам[4] и предлагаат ново објаснување коешто тргнува не од сторителот и делото (значи, не се интересираат за криминогенезата),[5] туку за тоа како општеството реагира на криминалот. Затоа, се викаат и теории на општествена реакција.

За радикалната теорија и за нејзините учења постои обемна литература. Во овој дел од трудот ќе нагласиме дека радикалните криминолози не се согласуваат со правната дефиниција за криминалот, туку предлагаат нова дефиниција тврдејќи дека тој претставува повреда на дефинираните политички слободи и права.[6] Или како што *Pepinsky* во неговиот труд *„Барањето на криминологот за мир„ (A criminologist's Quest for peace)* заклучува дека криминалот е релативен. Тоа значи дека дефиницијата на

[1]Игњатовиќ, Ѓ., Криминологија, Правни факултет Универзитета у Београду, Београд, 2008, стр. 125
[2] Арнаудовски, Љ., Криминологија, Скопје, 2007, стр. 219
[3] Николиќ-Ристановиќ, В.&Константиновиќ-Вилиќ, С. „Крииноологија„ Правни факултет-Ниш, Ниш, 2003, стр. 265
[4] Психолошки детерминизам значи дека човековата волја не е слободна, туку е условена од психичките процеси на човекот.
[5] Под криминогенеза се подразбира процес во кој дејствуваат криминогените фактори кои влијаат врз криминалното однесување
[6] Арнаудовски, Љ. „Криминологија„ Скопје, 2007, стр, 222

криминалот се менува зависно од времето и просторот. Тоа е во согласност со типологијата на кривични дела што ја предлага *Quinney*.[7] Според него, постојат **кривични дела на доминација и репресија** и **кривични дела на прилагодување и отпор**[8]. Првите ги врши државата односно капиталистичката класа која, за да опстои и функционира, врши експлоатација и репресија врз трудот на работниците и врз оние поединци кои се против нејзините интереси. Нус-последици од таквиот капиталистички систем на доминација се оттуѓување, сиромаштија, невработеност, нееднаквост, отпор и класна борба. Оттука, причините за појава на **кривичните дела на прилагодување и отпор** кои ги врши работничката класа се наоѓаат во противречностите на капиталистичкото општество. Во суштина, кривичното право ги инкриминира оние однесувања кои се во конфликт со интересите на владеачката класа, а кои имаат моќ да ја обликуваат јавната политика Затоа, за да се намали криминалитетот, треба да се смени системот и неговата општествена, политичка и економска структура. Основата на радикалната криминологија е во создавање социјалистички општествени односи.[9]

**Поврзано со миротворната криминологија**, нејзините претставници сметаат дека постоечкиот систем на санкции е насилен и предизвикува страдање. Поточно, репресивната политика на казнените системи изразена преку репресивни мерки на општествена контрола и преку формални и строги судски постапки докажа дека казните не го намалуваат криминалот, постапките се стигматизирачки за сторителот и не прават ништо за жртвата. Во суштина, казнувањето и контролирањето на сторителите, наместо да го обесхрабри, го охрабрува насилството.[10] Како што, *Quinney* во неговата книга *Criminology as peacemaking*, вели:

> *"Колку повеќе реагиравме на криминалот, толку подалеку одевме самите од разбирањето и редукцијата на проблемот. Во последните години, ние очајно се боревме во реформулирање на законот, казнувајќи ги сторителите, зголемувајќи го нашето знаење. Сепак, оваа земја, остана една од најкриминалните нации. Наспроти сето богатство, економски развој, научни предности, оваа земја има една од најголемите стапки на криминал во светот".*[11]

Токму поради неефикасноста на американскиот казнен систем да се справи со криминалот, *Quinney* и неговите следбеници се во постојана потрага по нови, подобри решенија за негово сузбивање. Така, и *Moloney*, во неговиот труд *Peacemaking Criminology* се согласува дека примената на насилни средства за борба против криминалитетот предизвикува војна во општеството којашто создава уште повеќе криминал.[12] Нивното незадоволство од функционирањето на казнено-правниот систем ја засили потребата за примена на други алтернативи на казнувањето коишто миротворната криминологија ги нуди. Во нивната основа може да се препознае филозофскиот пристап кон криминалот и кон насилството заснован на принципите на хуманизам,

---

[7] Pepinsky, H., "A criminologist's Quest for peace"

[8] Николиќ-Ристановиќ, В.&Константиновиќ-Вилиќ, С. „Криминологија„„ Правни факултет-Ниш, Ниш, 2003

[9] Shruti Gola Gulati, "Healing the Circle: Exploring the Conjuncture of Peacemaking Criminology and Native Justice Initiatives", 1996

[10] Barak, G., "A reciprocal approach to peacemaking criminology: between adversarial and mutualism", Theoretical Criminology, Vol. 9(2): 131-152, 2005

[11] Barnes, R., "Peacemaking Criminology: Challenges and Possibilities", University of the Incarnate Word

[12] Moloney, J., "Peacemaking Criminology", The Undergraduate Review, A journal of undergraduate research and creative work, Vol.9, 2009

меѓусебна помош, будизам, социјализам и пацифизам. Само преку взаемно помагање (*mutualism*) конфликтите можат да се решат на конструктивен начин наспроти непријателството *(adversarialim*) кое ги дехуманизира и одалечува човечките односи.[13]

Обидувајќи се да го прикажат делото како страдање и насилство на едно врз друго лице, застапниците на миротворната криминологија сакаат да докажат дека преку мироѕубиви и ненасилни дејствија може да се намали страдањето, а со тоа и криминалитетот. Станува збор за примена на ресторативни практики на помирување коишто подразбираат извинување, опростување, прифаќање на одговорноста, повторно воспоставување мир и хармонија. Токму, говорејќи за миротворната криминологија мораме да се согласиме дека дополнителен поттик и инспирација за поставување на нејзините теоретски основи е воведувањето и развојот на **ресторативната правда** како процес на мирно решавање на споровите во кој активно учествуваат сторителот, жртвата и заедницата за постигнување взаемно прифатливо решение. Таа значи нов, поинаков одговор на криминалот, одговор кој нуди и бара повторно воспоставување на правдата, враќање во претходната состојба. На пример, ако со кривичното дело се одземе или се наруши нечија сопственост, правдата ќе се воспостави со враќање на правото на сопственикот повторно да ја ужива сопственоста, како и со обезбедување таа во иднина да не се наруши. Или, ако одредено лице предизвика некому физичка или психичка болка, само ако таа болка се надомести, ублажи, отстрани со надеж дека истата нема повторно да биде предизвикана, правдата ќе биде задоволена. Истовремено таа значи помирување, повторно воспоставување на нарушениот однос меѓу жртвата и сторителот од една страна, но и меѓу сторителот и заедницата, од друга страна. Затоа, не случајно ресторативните програми се познати како мировни кругови, мировни конференции[14], мировни совети[15] кои, според нивната суштина, се процеси на миротворење. Оттука, се вели дека ресторативната правда е т.н. peacemaking криминолошки предлог за ревидирање на казнено-правниот систем.[16]

Исто така, кога говориме за миротворната криминологија не можеме, а да не ја спомнеме **peacebuilding практиката** како долгорочен процес на градење мир. Всушност, во трудот „*Peacebuilding seen through the lens of peacemaking criminology*„ авторот аргументира дека **концептот на peacebuilding** влијае врз развојот на миротворната криминологија. Дефиниран како процесезбир на активности за градење на капацитети, превенција на насилство и за општествена трансформација, тој во себе ги вклучува и практиките на дијалог и помирување. Оттука, миротворната криминологија своја подлога и основа за понатамошен развој добива и од концептот за градење мир.[17]

[13]Barak, G., “A reciprocal approach to peacemaking criminology: between adversarial and mutualism”, Theoretical Criminology, Vol. 9(2): 131-152, 2005

[14] Миротворните кругови и конференции се дел од ресторативните програми кои се применуваат од страна на домородното население во Канада и САД

[15] Мировните совети биле самоуправи судови во поранешна Југославија основани со Закон за мировни совети на кои граѓаните спогодбено можеле да им доверат решавање на определени спорови за правата со кои слободно располагале. (член 275/2 од Уставот на РМ и член 224/2 од Уставот на СФРЈ).

[16] Barnes, R., “Peacemaking Criminology: Challenges and Possibilities”, University of the Incarnate Word

[17] Дефиниција дадена во Извештајот на Генералниот секратар на Обединетите Нации *An agenda for peace* во 1992 година (на *Boutros-Ghali),* Vlaemynck, M. (2008) Peacebuilding seen through the lens of peacemaking criminology

## Учењето на *Harold Pepinsky* и *Richard Quinney* за миротворната криминологија

*Pepinsky* и *Quinney* се основоположници на миротворната криминологија и издавачи на публикацијата *Criminology as Peacemaking во* 1991 година, со која таа доби теоретска основа и можност да прерасне во криминолошка теорија. Имено, во касните 80-ти години, професорот на Универзитетот во Индијана, *Pepinsky* почнува да ги истражува миротворните техники преку кои може да се неутрализира разликата во перцепцијата којашто се прави одвојувајќи ги престапниците од општеството и обратно. Тој, во неговиот труд, *Peacemaking Primer* од 1995 година, пишува дека има само два можни начини на справување со криминалот: преку *peacemaking (создавање мир)* и преку *war-making (создавање војна).*[18] Според него, сегашниот пристап во одговор на криминалот е *war-making* односно примената на пунитивните санкции во суштина е примена на државно насилство кое создава мир, но **негативен мир**. За разлика од него, **позитивен мир** може да се создаде само доколку тој се практикува преку миротворни акции. Тие се охрабрување, самопомош, ресторативна правда. Создавање мирољубиви односи препознава сеопфатно разбирање на криминалот и правдата, од една страна, и на сторителите и жртвите, од друга страна.

Слично како *Pepinsky*, и *Quinney* објаснува дека основите на миротворната криминологија се сочувство и љубов кои промовираат мирољубови и праведни заедници и општества. Таа не прави разлика меѓу одговорите на криминалот и одговорите на насилството. Истовремено, средствата за постигнување мир се средства за постигнување правда. За *Quinney*, само демократските одговори во рамки на кривичната правда можат да ја остварат посакуваната цел. Тој вели дека кога демократските одговори ќе бидат дел од општествената, економската и политичката структура, тогаш може да се постигне внатрешен мир односно индивудуална трансформација на човекот.[19]

Поставувајќи ја својата теза за миротворна криминологија, *Quinney,* исто така прави разлика меѓу **внатрешен** и **надворешен** мир, односно според него, за да има свет без насилство треба да има поврзаност меѓу внатрешниот мир и индивидуата и надворешниот мир и светот. Тие процеси треба да се одвиват истовремено бидејќи миротворењето како процес има повеќе димензии. Прво, човекот може да постигне внатрешен мир само преку индивидуалната трансформација, којашто може да се развие преку прифаќање и негување на основните вредности, како што се одржување на мирот, хармонијата и човечкото достоинство. Надворешниот мир, од друга страна, може да се постигне преку замена на сегашниот казнено-правен систем со систем базиран на ресторативна правда (медијација, меѓусебна помош и помирување меѓу конфликтните страни). Трето, *Quinney* во неговото разбирање за миротворна криминологија ги вклучува и гледиштата за глобалните општествени движења за **општествена правда**. Така, според него, движењата за мир, за анти-војна, за човекови права, за поголема еманципација на жените, за зголемото здружување на студентите и слично како начини на решавање на општествените проблеми, во суштина, прикажуваат нови гледишта за криминалот. Тие претставуваат револт, глас против насилното општество и репресивните одговори на криминалот, кои сакаат да влијаат врз решавањето на општествените проблеми, а со тоа и врз редуцирањето на страдањето. Во тоа, *Quinney* го препознава нивниот придонес во современата

[18] War-making во криминологијата ја продуцира фразата „Nothing works„ (ништо не работи).

[19] Shruti Gola Gulati, "Healing the Circle: Exploring the Conjuncture of Peacemaking Criminology and Native Justice Initiatives" 1996

криминолошка наука, бидејќи придонесуваат за повторно раѓање на критичките мисли во рамки на криминологијата, кон оживување на марксистичката филозофија, како и кон развој на нови критички правци кои се стремат кон радикални промени во казнената политика на насилните општества.[20]

**Критики на миротворната криминологија**

Како и секое ново учење коешто се спротивставува на државниот пунитивен систем на контрола и казни, и миротворната криминологија наидува на отпор и недоверба. На едната страна се критиките дека тоа учење базирано на мир, правда и ненасилни акции е утопија и неостварливо во едно насилно општество. Критиката е дека пристапот на криминалот и на правдата е премногу идеалистички, нереален и затворен за емпириско тестирање. Миротворците се еднострани во нивните пристапи за криминалот и за правдата, бидејќи погрешна е поделбата на идеални peace-makers и реални war-makers.[21]

Така, *Akers*, во неговата книга *Criminological Theories: Introduction and Evaluation* од 1997 година забележува дека миротворната криминологија не нуди теорија на криминалот или на казнено-правниот систем. Според него, таа е утописка визија за општеството која бара реформирање и реконструирање за да се намали војната, криминалот и насилството, но не нуди објаснување за непосредните причини кои влијаат врз сторителот да го стори делото, како и за начинот на кој казнено-правниот систем функционира. Тој, исто така приговара дека е контрадикторно да се тврди дека марксистичката критична теорија е една од главните основи за peacemaking бидејќи таа теорија се базира на класна борба, односно повикува на класна борба. На тоа, *Fuller* брани дека миротворната криминологија не повикува на класна борба, туку на промена на структурата на капиталистичкиот систем и на создавање бескласно општество преку миротворни акции. Исто така, и на критиката на *Akers* дека миротворната криминологија како учење не може да изврши големо влијание за промена на казнената политика во едно општество и за создавање ненасилно општество, *Fuller* аргументира дека процесот на општествена трансформација иако е долготраен не смее да не обесхрабри бидејќи миротворењето постепено треба да стане филозофија на живеење. Затоа и главната теза е дека **колку повеќе има мир, толку помалку има криминал и неправда.**

Од друга страна, на миротворната криминологија се приговара дека постои недостиг на емпириски евиденции односно дека не постојат емпириски докази за позитивните ефекти на миротворните акции кои миротворната криминологија ги нуди. Точно е тврдењето дека оваа теорија не поставува хипотези, не се занимава со статистика, но е отворена за критички и радикални мисли без кои не може да се разбере правото и криминалот, односно без кои не може да се стави крај на насилството и неправдата. Или како што *Quinney* вели: „барањата за еднаквост и редукција на криминалот водат до прашања за способноста на современата криминолошка теорија да го адресира криминалот„.

Во прилог на развојот на миротворната криминилогија како теорија, *John Fuller* поставува концептуалната рамка со која сака да ги побие критиките кои тврдат дека таа е утопија.[22]

---

[20]Shruti Gola Gulati , "Healing the Circle: Exploring the Conjuncture of Peacemaking Criminology and Native Justice Initiatives", 1996

[21] Barak, G., "A reciprocal approach to peacemaking criminology: between adversarial and mutualism", Theoretical Criminology, Vol. 9(2): 131-152, 2005

[22] Vlaemynck, M., "Peacebuilding seen through the lens of peacemaking criminology", 2008

Според моделот на *Fuller*, предмет на интерес на миротворната криминологија е прашањето за насилство односно **ненасилство**. Затоа, таа е против примената на сите санкции кои вклучуваат насилство, без разлика дали е легално. **Второ**, секое решение на казнената правда бара да вклучи концепт на **општествена правда** која е поширок концепт. Општествената правда дефинирана како остварување на основните вредности во едно општество како еднаквост, заштита на човековите права, забрана на дискриминација, значи дека сите вредности треба да се еднакво заштитени и во казнената правда. **Трето**, миротворната криминологија треба да го вклучи принципот на ресторативна правда кој подразбира вклучување на сите засегнати лица во решавање на конфликтот, бидејќи нуди потрајно и позадоволувачко решение од конвенционалното казнување. **Четврто**, миротворењето секогаш подразбира коректен и фер третман и пристап кон страните засегнати од делото (сторителот и жртвата). Тие, како активни учесници во процесот на мирно решавање на делото треба целосно да ги сфатат значењето и целта на процесот. Последно, *Fuller* во неговиот модел го вклучува и категоричкиот императив на *Immanuel Kant* „*постапувај според онаа максима за која можеш да посакаш да стане универзален закон на природата*„ кој би значел "*ако не сакам кражбата да стане општ закон, тогаш не смеам ни да крадам „*[23].

Иако, идејата и филозофијата на современата миротворна криминологија е сретната со отпор и недоверба кај дел од застапниците за примена на државна репресивна правда, потпирајќи се на учењата на *Quinney и Pepinsky*, како и на моделот на *John Fuller* можеме да се согласиме дека постојат можности за иден развој на миротворната криминологија во рамки на современата критичка криминолошка мисла и практика, и покрај тоа што има кратка историја.

### Можности за иден развој на миротворната криминологија

На прашањето што да се проучува во рамкте на миротворната криминологија, одговорот е следен: бидејќи миротворците поаѓаат од ставот дека криминалот е страдање, предмет на истражување се факторите коишто предизвикуваат страдање. Тие се економската нееднаквост, сиромаштијата, расизмот, предрасудите спрема хомосексуалците и други предрасуди коишто ја поткопуваат општествената правда и хармонијата во едно општество. Затоа, истражувањата, како што тоа убаво го предлага *Barnes* во неговиот труд „*Peacemaking Criminology: Challenges and Possibilities*„, треба да бидат насочени кон оние структури во општеството кои имаат најголемо влијание и моќ за отстранување на тие фактори на микро и на макро ниво. Тука се вбројуваат законодавците, социјалните работници, органите на прогон и другите субјекти коишто се дел од казнено-правниот систем. Притоа, основни принципи врз кои почива миротворната криминологија се заштита на човековите права, постигнување општествена правда и примена на ненасилни методи во одговор на криминалот. Значи вредностите на ресторативната правда се истовремено вредности на миротворната криминологија. Таа треба да биде дел од општествената правда, или инструмент за нејзино постигнување. Перцепцијата за кривичното дело како човечки конфликт меѓу две страни кој може да се разреши преку помирување на нарушениот однос меѓу страните не враќа кон нов, ресторативен пристап во разрешување на проблемот. Силата на ресторативниот пристап не лежи во одбивање и негирање на ретрибутивноста, туку во засилување и охрабрување на сторителот, жртвата и заедницата заедно да ги

---

[23] Act only according to that maxim whereby you can at the same time will that it should become a universal law http://bs.wikipedia.org/wiki/Kategori%C4%8Dki_imperativ

адресираат причините и последиците од неприфатливото однесување. Не може да имаме општествена правда ако применуваме насилни и репресивни средства.

**Да резимираме**. Миротворната криминологија базирана на принципите на ресторативната правда бара одговорност, заштита и помирување на лицата кои се засегнати од делото. Истовремено, навлегувајќи во природата на конфликтот и во корените на општествената неправда, таа сака да ги отстрани постоечките неефикасни решенија и да понуди нови алтернативни начини за создавање поздраво, поправедно и помалку насилно општество.

**Користена литература**


Арнаудовски, Љ. (2007) Криминологија, Скопје

Barnes, R., Peacemaking Criminology: Challenges and Possibilities, University of the Incarnate Word, достапно на интернет: http://www.nssa.us/journals/2007-29-1/2007-29-1-05.htm

Barak, G. (2005) "A reciprocal approach to peacemaking criminology: between adversarial and mutualism" in Theoretical Criminology, Vol. 9(2): 131-152, 2005, достапно на интернет: http://www.greggbarak.com/whats_new_2.html

George S. Yacoubian (2006) "Genocide, Terrorism, and the Conceptualization of

Catastrophic Criminology" in War Crimes, Genocide & Crimes against Humanity, Volume 2 (2006):65-85, Philadelphia Office of the District Attorney ICF International

Игњатовиќ, Ѓ. (2008) Криминологија, Правни факултет Универзитета у Београду, Београд

Moloney, J. (2009) "Peacemaking Criminology", The Undergraduate

Review, A journal of undergraduate research and creative work, Vol.9 достапно на интернет: http://bridgew.us/UndergraduateReview/Undergraduate2009.pdf#page=79

Николиќ Ристановиќ, В&Константиновиќ-Вилиќ, С. (2003) Криминологија, Правни факултет - Ниш, Ниш

O'Connor, T. (2004) Crime theories, the function of theory is to provide puzzles for research, In Crime Theories, Mega Links in Criminal Justice, достапно на интернет: http://faculty.ncwc.edu/toconnor/111/111lect03.htm

Pepinsky, H., "A criminologist's Quest for peace", достапно на интернет: http://critcrim.org/critpapers/pepinsky7.pdf

Прирачник за работа на мировните совети, Републички секретаријат за правосудство на СРМ, Скопје, 1979

Shruti Gola Gulati (1996) Healing the Circle: Exploring the Conjuncture of Peacemaking Criminology and Native Justice Initiatives, достапно на интернет www.collectionscanada.ca/obj/s4/f2/dsk3/ftp05/mq20919.pdf

Vlaemynck, M. (2008) Peacebuilding seen through the lens of peacemaking criminology, достапно на интернет: http://soc.kuleuven.be/iieb/ipraweb/papers

Wakefield, M. "Richard Quinney", достапно на интернет: http://www.criminology.fsu.edu/crimtheory/quinney.htm

*Vesna Stojkovska, MA*
*Faculty of Security- Skopje*

## *PEACEMAKING CRIMINOLOGY: POSSIBILITY OR UTOPIA*

### *Abstract*

*One of the reasons for the initial study of peacemaking criminology as a movement within radical criminology has arisen from the wish to give modest contribution to the Macedonian criminological literature about the latest theorethical and practical findings related to peacemaking criminology. At the same time it will provide an opportunity for additional in depths studies in the Republic of Macedonia along with the devolvement of peacemaking criminology in the world. Additional motive was the correlation between peacemaking criminology and restorative justice, as one of the possible responses to crime that can grow up into criminological theory i.e. learning about etiology of crime and the methods for its control.*

*The characteristic of peacemaking criminology is that it presents substitute for the conventional criminological theories. According to its representatives, crime is connected with suffering and thus, in order to reduce crime, we should first reduce the suffering. As part of the radical criminologists, those who want to build peace think that the state encourages and supports crime and violence through repressive policies of state control such as: capital punishment, long-term prison sentences and incrimination of certain less violent offences. Therefore, the most efficient and the most important change that should be made within the criminal justice system is that of restorative justice as a replacement for the traditional criminal justice.*

**Key words:** *peacemaking, crime, violence, suffering*

***м-р Мирчева Стојанка,***
Асистент Факултет за безбедност – Скопје,
smirceva@fb.uklo.edu.mk
***д-р Чачева Виолета,***
Професор на Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје,
Институт за социолошки и политичко правни истражувања – Скопје,
caceva@isppi.ukim.edu.mk
***Александар Иванов,***
Демонстратор на Факултет за безбедност – Скопје,
ivanov.aleksandar@hotmail.com

# ПОЛОЖБАТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА ВО МАКЕДОНСКИОТ КАЗНЕНОПРАВЕН СИСТЕМ

***Резиме***

*Општествената загриженост за сексуалната злоупотреба на децата се отсликува и во казненоправните решенија за заштита на децата. При тоа, главниот акцент се става на прашањето дали правниот систем е способен ефикасно да се соочи со проблемот. Положбата на децата жртви на сексуална злоупотреба (ДЖСЗ) во македонскиот казненоправен систем е определена од материјалното и процесното казнено право. Секако дека, покрај законската рамка, положбата на ДЖСЗ ја определуваат и политиките и практиката на сите сегменти на казненоправниот систем. Но таквата сеопфатна анализа е надвор од опсегот на овој труд.*

***Клучни зборови:*** *деца, жртви, сексуална злоупотреба, казненоправен систем, Македонија*

## 1.Воведни забелешки

Специфичната поврзаност на сексуалната злоупотреба на деца (СЗД) со зборот „дете“ не се однесува само на лица на одредена возраст, туку повеќе на специфичната состојба на детството, придружена со слабост и ранливост, како и состојба на зависност од грижата и заштитата од возрасните. Секој облик на насилство против децата предизвикува долгорочни штети, но ако видовите насилство против децата ги подредиме според штетноста на последицата, сексуалната злоупотреба се смета за најсериозен облик, не само поради непосредната штета што ја нанесува самиот чин на сексуална злоупотреба (СЗ) туку и ефектот на долгорочна штета што ја има тој чин за детето.

Неспорно е дека сите облици на насилство врз децата претставуваат кршење на едно од основните права на децата, правото на живот, опстанок и развој. Меѓу бројните меѓународни документи кои се засегнати со правата на децата, Конвенцијата за правата на детето[1], која е еквивалент на националното законодавство, содржи посебни одредби за правата на децата на заштита на нивниот интегритет и притоа предвидува мерки за спречување и за заштита на децата од насилство. Во контекст на СЗ, специфична тежина има членот 34 од Конвенцијата, со која се воспоставува обврска за државите членки да ги заштитат децата од сексуално искористување и од сексуална злоупотреба. Истовремено, државите членки имаат позитивна обврска да ги преземат сите соодветни мерки за спречување на СЗ и искористување на децата. Понатаму, Факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија[2] ја истакнува потребата за регулирање на оваа проблематика во националното

[1] Република Македонија пристапи кон Конвенцијата за правата на детето во ноември 1993 година
[2] Република Македонија го ратификуваше Факултативниот протокол на 17 октомври 2003 година

казнено законодавство. Мерките на казненоправната заштита на ДЖСЗ доминираат меѓу правните мерки за заштита на децата од СЗ и нејзино спречување.

Фокусот на овој труд е на законската рамка која ја определува казненоправната заштита на ДЖСЗ во Македонија. Поведенијата кои ги нарушуваат општествените односи и правила од најтежок вид се познати како кривични дела. Казнивото човеково однесување е категорија која не може да се дефинира конечно, од причина што основите на кои се заснова која било дефиниција се различни, во зависност од конкретната перцепција за казнивоста во различни временски, историски и поширок општествен контекст. Оттука и инкриминациите на СЗД се во релација со перцепцијата на општеството за поимот дете, сексуална злоупотреба, казнивост и заштита.

Секако дека не е потребно само постоење на материјалните одредби за одредени однесувања, туку апсолутно е потребно и нормирање на реакцијата на чинителите на казнено правниот систем. Оттука, битен аспект што ја детерминира казненоправната заштита на децата е и процесната положба на ДЖСЗ, но авторите сметаат и дека психолошката, криминолошката, односно социолошката димензија на самата тема е исто толку битна и, секако, поврзана со самото остварување во една казнена постапка.

Трудот е структуриран во три дела. Првиот дел се занимава со инкриминациите со кои се санкционира СЗД. Вториот дел ја елаборира процесната положба на децата жртви. Заклучните согледувања се стремат да одговорат на прашањето колку е ефикасна казненоправната заштита на децата жртви на сексуална злоупотреба од аспект на најдобриот интерес на детето.

## 2. Инкриминации на сексуална злоупотреба на деца

Казненото право традиционално е насочено кон делото и кон сторителот. Кодификацијата на поведенијата кои се забранети и казниви има длабока или суштинска поврзаност со политичките, историските и религиските сфаќања и состојби, а особено со обичајните и моралните сфаќања на јавноста. Ова особено ќе има длабока врска со инкриминацијата на делата кои се предмет на анализа во овој труд, имајќи предвид дека во самата групација на дел од делата имаме категорија на „полова слобода“ и „полов морал“. Околу категоријата „полов морал“ особено можеме да развиеме дискусија имајки предвид дека под морал како една општествена норма се подразбира, пред сè, автономна норма на човекот, а во контекст на половиот морал е високо заштитена со закана од државно – правна реакција во вид на казна. Затоа моралот во контекст на правната заштита ќе се подразбира во овој случај како „морална константа“, односно претстава за доброто и злото која ги надминува државните, политичките, историските, религиските и други разлики, односно самата заштита на моралот кај подолу анализираните дела ќе биде сфатена како општо добро, особено имајќи ја предвид потребата од зајакната заштита на децата.

Актуелните инкриминации на СЗД во Кривичниот законик на Република Македонија нужно мора да се анализираат од аспект на појмовното определување на термините дете жртва и сексуална злоупотреба.

- *Дефиници*

Водечката дефиниција за дете е содржана во Конвенцијата за правата на детето, „дете значи секое човечко суштество на возраст до осумнаесет години“.

Дефиницијата за дете жртва Кривичниот законик се воведува за прв пат во 2008 година[3] . Во член 122 став 20 се дефинираат поимот „жртва“ воопшто и поимот „дете жртва“,

[3] Закон за измени и дополнувања на Кривичниот законик, „*Службен весник на РМ“ бр. 7/08*

***Под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години.***

Во поглед на дефинирањето на поимот сексуална злоупотреба на дете Кривичниот законик не усвојува една дефиниција, туку низ различни инкриминации се опфатени различните облици на сексуално злоставување на децата. Најсеопфатно дефинирање на СЗД е содржано во дефиницијата усвена од Светската здравствена организација.[4]

Во овој контекст се наметнува потребата од определување на тоа што претставува казненоправна заштита на деца. Под овој поим ќе подразбереме дека се работи за, како што истакнува Хирјан, Ф и Сингер, М. за *вкупност на казнено – правни одредби што служат за засилена заштита на деца и малолетници од казниви однесувања и посебностите на судското постапување, во современата правна теорија и во законодавствата се воведува поимот на казнено – правна заштита на децата и малолетниците*[5]. Инаку, посебната положба на малолетниците во правните системи не е придобивка на блиската историја. Кон крајот на XIX век во правната теорија и пракса е препознаена посебната положба на категоријата по основ на критериумот возраст, а возраста во себе подразбира и посебна психолошка, когнитивна и општествена положба.

- *Кривични дела на сексуална злоупотреба на деца*

Кривичните дела кои претставуваат СЗД се инкриминирани како засебни тешки кривични дела или како потежок облик на основните кривични дела. Кога зборуваме за инкриминациите како еден од аспектите на казненоправната заштита на ДЖСЗ може да се разликуваат 1. к.д. кај кои малолетноста на жртвата е единствен основ за постоење на делото, 2. к.д. кај кои состојбата на малолетност на жртвата е квалификаторен елемент на основниот облик на делото, и 3. к.д. кај кои својството на извршителот во однос на детето жртва е основ за постоење на делото (родител, наставник, посвоител или друго својство на сторителот што претставува извршување на значајна обврска)[6] .

Кривичните дела кои претставуваат СЗД во македонскиот КЗ[7] не се систематизирани во една глава, туку се разместени според објектот на заштита во три глави, и тоа: Глава XIX- Кривични дела против половата слобода и половиот морал[8], Глава XX- Кривични дела против

---

[4] Светска здравствена организација „*Водич за медицинска и правна заштита на жртвите од сексуално насилство,* (2003) , "*Сексуално насилство врз дете е вклучување на дете во сексуална активност која тоа не ја разбира во потполност, не е способно да даде согласност врз основа на однапред дадена информација (informed consent) за неа, или за која детето развојно не е подготвено и не може да даде согласност, или со којашто се врши повреда на прописите или социјалните табуа во општеството. Сексуалното насилство врз дете се докажува како активност помеѓу дете и возрасен или друго дете, кој/е по возраст или развој има обврска, доверба или моќ кај жртвата, при што активноста има за цел да ги задоволи потребите на другото лице. Ова вклучува особено: индуцирање или присилување на дете да се вклучи во противзаконска сексуална активност; експлоатирање на дете преку проституција или други противзаконски сексуални активности; експлоатирање на деца во порнографски активности и материјали"*

[5] Оливер Бачановиќ. „Кривичноправна заштита на малолетни лица-жртви на кривични дела" ,*Малолетничка правда – од идеја до практика,* (2008): 266, наведено според Ф. Хирјан и М. Сингер. *Коментар закона о судовима за младеж и казнених дела на штету деце и малољетника (*Загреб: Министарство унутрашњих послова Републике Хрватске, 1998)

[6] Исто така види, Ивана Стевановиќ. „Кривично правна заштита деце жртава злостављања и занемаривања у Србији", *Темида, година 8, бр. 2,* (2005): *22.*

[7] Кривичен законик (Службен весник на Република Македонија" бр.37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008, 114/2009)

[8] Во оваа група на кривични дела спаѓаат следните кривични дела кои нудат казненоправна заштита на децата од сексуална злоупотреба: Силување (член 186), Обљуба врз немоќно лице (член 187), Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години (член 188), Обљуба со злоупотреба на положбата (член 189), Задоволување на полови страсти пред друг (член 190), Посредување во вршење проституција (член 191, сè до Новелата од 2008 година, пасивен субјект на кривичното дело Посредување во вршење проституција беа полнолетни лица и малолетни лица.*)*, Подведување и овозможување полови дејствија

бракот, семејството и младината, Глава XXXIV-Кривични дела против човечноста и меѓународното право[9]. Во овој труд вниманието е посветено на кривичните дела против половата слобода и половиот морал. Очигледно е дека македонското казнено право не го предвидува половиот морал и интегритет на децата како засебен објект на заштита. Македонскиот законодавец оперира со поимите обљуба и други полови дејствија[10] во законското битие на повеќето од горе наведените кривични дела против половата слобода и половиот морал. Со тоа го исклучува полот на детето жртва и на сторителот како конститутивен елемент на делото. Имено, објект на заштита кај оваа група на кривични дела е јасно дефиниран во самиот назив на главата, односно се штити слободата на одлучување за стапување во полови односи. Токму дефинираниот објект на заштита кај сексуалното насилство е суштинскиот елемент кој го карактеризира постапувањето на кривичноправниот систем.

Во оваа смисла, суштински елемент во пристапот на заштита на децата од СЗ е воспоставување возрасни граници внатре во категоријата деца жртви, што повлекува и различна казненоправна заштита. Иако поимот дете жртва ги опфаќа сите лица на возраст до 18 години, македонскиот законодавец, генерално, разликува две возрасни категории. Имено, малолетни лица до навршени 14 години и малолетни лица со навршени 14 години. Притоа, ако ги разгледаме различните инкриминации кои ги штитат овие две категории деца, се воочува различен пристап во заштитата. Ако тргнеме од дејствијата на извршување, субјективниот елемент на делото (односно станува збор за умислени дела), не произлегуваат суштински разлики во заштитата. Но, кога станува збор за пропишаната казна, се забележува градација во висината на казната меѓу двете возрасни категории на деца.

Причината за ваквиот пристап произлегува од општата забрана содржана во чл. 188 од КЗ за каков било сексуален контакт, вклучително и доброволен со малолетник кој не наполнил 14 години. Појдовна претпоставка е дека малолетниците на возраст до 14 г. не можат да формираат волја и слободно да одлучуваат за сексуална активност поради степенот на физички, емоционален и интелектуален развој, односно не можат да го сфатат значењето на сексуалните односи, ниту последицата од нив[11]

Ваквиот пристап на македонското казнено право во дефинирањето на жртвата според возраста дозволува, за потребите на оваaа анализа, кривичните дела да ги класифицираме според критериумот малолетност на жртвата како конститутивен елемент на делото и според критериумот малолетност како квалификаторен елемент на основното дело.

(член 192), Прикажување порнографски материјал на малолетник (член 193), Производство и дистрибуција на детска порнографија (член 193-а)[8], Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години (член 193-б) и Родоскрнавење (член 194).

[9] Во другите две глави е поместено по едно кривично дело кое според дејствието на извршување претставува сексуална злоупотреба на деца, односно, Вонбрачен живот со малолетно лице (член 197) и Трговија со малолетно лице (член 418-а).

[10] Види поопширно, Владо Камбовски. (2003), *Казнено право – Посебен дел*, (Скопје: Просветно дело АД, 2003).

[11] Исто така, Владо Камбовски. *op.cit.,* стр. 211, Оливер Бачановиќ. *op.cit.,* стр. 274

Во првата група на кривични дела можеме да ги поместиме следните:

| Бр. | Кривични дела за кои малолетноста е конститутивен елемент | *Возраст на жртвата* |
|---|---|---|
| 1 | Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години (чл.188) | до 14 години |
| 2. | Подведување и овозможување полови дејствија (чл.192 | над 14 години |
| 3. | Прикажување порнографски материјал на малолетник (чл. 193) | до 18 години |
| 4. | Производство и дистрибуција на детска порнографија (чл.193-а)_ | до 18 години |
| 5. | Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години | од 14 години |
| 6. | Вонбрачен живот со малолетно лице (чл.197) | од 14-16 години |
| 7. | Трговија со малолетно лице (чл.418-а) | до 18 години |

Во втората група на кривични дела можеме да ги групираме следните:

| Бр. | Кривични дела за кои малолетноста е квалификаторен елемент | *Возраст на жртвата* |
|---|---|---|
| 1 | Силување (чл.186) | над 14 г. и возрасни |
| 2. | Обљуба над немоќно лице (чл.187) | над 14 г. и возрасни |
| 3. | Обљуба со злоупотреба на положбата (чл.189) | над 14 г. и возрасни |
| 4. | Задоволување на полови страсти пред друг (чл.190) | до 18 г. и возрасни |
| 5. | Родоскврнавење (чл. 194) | над 14 г. и возрасни |

Во понатамошниот текст ќе се осврнеме само на разликите во пропишаната казна за истите дејствија на извршување кога жртва е малолетно лице до 14 г. и кога жртва е малолетно лице над 14 г.

Најкомплексното кривично дело, Полов напад врз малолетник кој не навршил 14 години (во себе инкорпорира дејствија на извршување на неколку други кривични дела кога делото е сторено против малолетник над 14 г. или полнолетно лице, обљуба над немоќно лице, обљуба со злоупотреба на положбата, подведување и овозможување полови дејствија и родоскврнавење), обезбедува специфична засилена заштита на малолетниците до 14 г. За основниот облик пропишаната санкција е затвор од најмалку осум години, за дејствието што претставува родоскврнавење, обљуба над немоќно лице и обљуба со злоупотреба на положбата пропишана е казна затвор од најмалку 10 години, а за најтешкиот облик кога последица е тешка телесна повреда или смрт, или делото е извршено од повеќе лица, или на особено суров и понижувачки начин пропишана е казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор. Повеќекратното заострување на пропишаната санкција за ова кривично дело јасно го отсликува ставот на законодавецот во поглед на заштитата на малолетниците до 14 г.

Со измените на КЗ од 2009[12] се воведува ново кривично дело, **Намамување на обљуба или други полови дејства на малолетник кој не наполнил 14 години** (чл. **193 – б).** Во чекор со новите опасности од вршење на дела преку компјутерски системи, законодавецот препознал една сериозна опасност и истата ја инкриминирал. Се работи за дело кое за првпат се јавува во македонскиот КЗ, при што дејствието на извршување се состои од намамување на

[12] Закон за измена и дополнување на КЗ, *Службен весник на РМ, бр.114/2009*

обљуба или друго полово дејствие, или производство на детска пронографија преку закажување средба на малолетник, а притоа е потребно и да се оствари непосредна средба со малолетникот. Но, и во овој случај, отсуствува заштита на малолетници кои навршиле 14 години!

Кога станува збор за малолетни лица кои навршиле 14 г. ситуацијата е различна. Во поглед на пропишаната казна за кривичното дело, **Силување,** КЗ не прави разлика меѓу жртва која е малолетно лице над 14 г. и полнолетна жртва. Пропишаната санкција подеднакво се однесува и кога жртвата е полнолетно лице и кога е малолетно лице над 14 г., односно за основниот облик изнесува затвор од три до десет години, а за потешкиот облик (ст.2) пропишаната казна изнесува најмалку четири години. Истовремено, ако силувањето опфати само друго полово дејствие, тоа претставува олеснителна околност и предвидената казна е затвор од шест месеци до пет години. Ниту во овој случај не се прави разлика меѓу полнолетна и малолетна жртва над 14г. Дотолку повеќе кога делото е извршено со сериозна закана од откривање на информации кои ќе ѝ наштетат на честа и угледот на жртвата или нејзино блиско лице, или закана дека сторителот ќе предизвика друго тешко зло (ст.3), пропишана е казна затвор од шест месеци до пет години. Тука секако мора да се земе предвид малолетноста на жртвата во контекст на перцепцијата за сериозноста на заканата!

Понатаму, ситуацијата е непроменета и кај кривичното дело **Обљуба врз немоќно лице**, односно законодавецот не прави разлика меѓу жртва која е полнолетно лице и малолетно лице над 14 г. Пропишаната казна за основниот облик е најмалку 8 години затвор, меѓутоа, кога е извршен полов напад со злоупотреба на душевната состојба на малолетник до 14 г. (чл.188.ст.3), пропишаната казна е најмалку десет години затвор. Но за отежнителните околности, односно кога последица е тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици, делото е извршено од повеќе лица, или на особено суров и понижувачки начин, пропишана е казна од најмалку 10 години или доживотен затвор, што е идентична ситуација со онаа кога делото е извршено врз малолетник до 14 г. (чл. 188, ст.4). Но, битната разлика е во поистоветувањето на казната за дејствието што претставува обљуба, а не кога дејствието на извршување претставува друго полово дејство. Исто како и кај кривичното дело силување, и кај ова кривично дело извршувањето само на друго полово дејствие е олеснителна околност според пропишаната казна. При тоа не се прави разлика меѓу немоќно полнолетно и немоќно малолетно лице над 14г.

Непостоењето разлика меѓу жртва која е полнолетно лице и малолетно лице над 14 г. е забележлива и кај кривичното дело Задоволување полови страсти пред друг. Услов за делото да постои е половото дејствие да е извршено на јавно место. Само децата (а законот во оваа одредба го употребува терминот дете?) се штитат и кога половото дејствие е извршено пред дете во приватен простор, како и наведување на дете да изврши полово дејствие. Дали законодавецот го употребува терминот дете во смисла на чл. 122, т. 20 останува нејасно, со оглед на конзистентната употреба на терминот малолетно лице во другите одредби?

Единствено кај кривичните дела Обљуба со злоупотреба на положбата и Родоскрвнавење законодавецот ја препознава разликата меѓу жртва која е полнолетно лице и малолетно лице над 14 г. Имено, кај Обљуба со злоупотреба на положбата кога е извршена врз малолетно лице над 14 г. пропишаната казна е најмалку десет години затвор, што е идентично со пропишаната казна за истото дејствие кога е извршено врз малолетник кој не наполнил 14 г. Со измените на КЗ од 2009 година истата ситуација се однесува и на кривичното дело Родоскрвнавење[13] .

Заслужува внимание кривичното дело Прикажување на порнографски материјал на малолетник (чл.193) во контекст на измените и дополнувањата на КЗ од 2009. Имено, во ст. 3

[13] До 2009 година, во ставот 2, како отежнувачка околност се инкриминираше Обљуба со малолетник кој **не наполнил 14** години?! Секако дека ваквото решение создаваше забуна бидејќи е веќе инкриминирано со чл.188. Со измените од 2009 година, отежнувачка околност се однесува на малолетни лица кои **наполниле 14** години, а не на малолетници до навршени 14 години

се инкриминира и учеството во порнографска претстава со малолетно лице. Со оглед на фактот дека во ст. 1 изречно е наведено дека се штити малолетник до 14 г., произлегува дека терминот малолетно лице, кога во следните ставови е употребен без ограничување на возраста, се протега на сите деца до 18 годишна возраст. Се воведуваат три нови става со што се инкриминира присилувањето на малолетно лице за изработување и снимање слики или други предмети со порнографска содржина[14] или за порнографска претстава. Пропишаната казна е затвор од најмалку осум години. Изненадува ставот 5 во кој за присилување на малолетник кој не наполнил 14 г. се предвидува двојно помала казна затвор, од најмалку четири години!?

Сериозна измена претрпува и членот 193-а, при што се инкриминира производството, дистрибуцијата, пренесувањето, набавувањето или правењето достапна детска порнографија[15], како и набавувањето и поседувањето. Притоа, нема ограничување на дејствието на извршување само преку компјутерски систем, туку употребата на компјутерски систем е отежнувачка околност и пропишаната санкција е казна затвор од најмалку осум години. Исто така заслужува внимание пристапот на законодавецот да го инкриминира самиот чин на набавување и поседување детска порнографија, при што веќе не е потребен нексус со намера за прикажување на друг или за дистрибуција. Притоа, пропишаните санкции се зголемени.
Општ впечаток е дека низ одредбите на КЗ има неконзистентна употреба на термините дете, малолетник и малолетно лице. Исто така, загрижува фактот дека, освен кај две кривични дела (Родоскврнавење и Обљуба со злоупотреба на положбата), жртвите на СЗ кои се малолетни лица со навршени 14 г. се поистоветени со жртвите кои се полнолетни лица.

### 3.Процесна положба на децата жртви

Од особено значење за заштитата на жртвата на СЗ има положбата на детето жртва во кривичната постапка. Кога станува збор за жртва на СЗ, нивната положба може да се разгледува од два аспекта: кога детето е жртва на СЗ и кога детето жртва се јавува и како сведок во постапката. Првиот аспект е поврзан со загарантираните права на децата жртви, додека вториот аспект се разгледува низ призмата на процесната заштита на децата жртви кои се јавуваат како сведоци.

Положбата на ДЖСЗ е уредена со Законот за кривична постапка[16] и со Законот за малолетничка правда[17]. Усвојувањето на Законот за малолетничка правда (ЗМП) претставува своевидна кодификација на малолетничкото законодавство. Согласно воспоставениот систем на малолетничка правда, се наметнува констатацијата дека казненоправниот систем е сензибилизиран и во голема мера ги заштитува правата на децата кога се јавуваат во улога на сторители на казниви дела[18]. Исто така, за прв пат се дефинира состојба на ризик и

[14] Со оглед на фактот дека КЗ го дефинира само поимот детска порнографија, но не и слики и предмет со порнографска содржина, а и според тоа дека присилувањето на изработување и снимање (што е производство) е сместено во кривичното дело прикажување на порнографски материјал, произлегува дека предметите со порнографска содржина не содржат полови дејствија меѓу малолетник и друго лице. Во спротивно, би станувало збор за присилување за производство на детска порнографија.

[15] Според член 122 став 21 од Законот за измени и дополнувања на Кривичниот законик, „Службен весник на РМ“ бр. 7/08, *под детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со малолетник, или очигледни полови дејствија со лице ко е изгледа како малолетник, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник.*

[16] Закон за кривична постапка, *Службен весник на РМ, бр. 15/1997,18/1999, 27/2004, 74/2004, 75/2006, 83/2008, 53/2009, 67/2009*

[17] Закон за малолетничка правда, *Службен весник на РМ, бр. 87/2007, 103/2008, 161/2008*

[18] Постоење на специјализирани судии за малолетници, правило на исклучување на јавноста од постапката, заштита на приватноста и идентитетот на малолетниот сторител, итност на постапката и бројни други механизми за заштита.

последователните обврски на сите институции на системот на малолетничка правда да интервенираат во состојбата на ризик. Меѓутоа, иако децата жртви на насилство се дефинирани дека се во состојба на ризик, што бара проактивен однос на системот, оваа состојба е лимитирана само за деца жртви до 14 годишна возраст.

Неспорно, ЗМП прави голем исчекор во препознавањето на правата на посебна заштита на децата жртви во кривичната постапка со воведување на засебна глава која ја уредува заштитата на малолетникот како оштетен или сведок во кривичната постапка (Глава XVI). Загарантираните права на децата жртви (малолетници како оштетени) опфаќаат а) задолжителна специјализација за правата на детето и за кривичноправната заштита на малолетниците на сите чинители кои учествуваат во постапката што се води за кривични дела во кои малолетникот се јавува како жртва; б) задолжително застапување на малолетникот жртва од страна на полномошник уште од првото сослушување на обвинетиот;[19] в) итност на постапката секогаш кога малолетник се јавува како жртва; г) обврска на судот и сите други органи кои учествуваат во постапката кога малолетник се јавува како жртва на кривично дело да преземаат мерки на помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се избегнат штетните последици врз личноста и развојот на малолетникот; д) воспоставувањет на Фонд за обештетување на малолетници – жртви или оштетени со кривични дела на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, што е една од најзначајните придобивки на ЗМП. Особено значење има фактот што сите погоре наброени права на малолетникот како жртва на кривично дело се однесуваат на возрасната категорија деца до 18 години. ЗМП под поимот малолетник подразбира секое лице на возраст до 18 години, кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете.

Вториот битен аспект на заштита на децата жртви на СЗ во кривичната постапка, пред сѐ од секундарна виктимизација, е поврзано со сослушувањето. Прашањето на добро-состојба на децата се поставува во релација со основните начела на кривичната постапка, јавност, усност, непосредност и контрадикторност[20] и законски дозволениот исклучок. Примената на исклучок во ниту еден случај не смее да се сфати како компромитирање на правата на обвинетиот на правично судење.

Во прилог на примената на исклучоци од основните начела заради процесна заштита на децата жртви на СЗ, особено значајни се: а) вознемиреноста на децата од давањето исказ пред суд, б) страв од соочување со обвинетиот, в) стресот и срамот да зборуваат во судница за преживеаната сексуална злоупотреба, г) формалниот карактер на судницата, д) неразбирање на судските процедури и правната терминологија, ѓ) потенцијално штетните ефекти од повторување на исказот пред различни институции, е) времетраењето на постапките од откривање на СЗ до судската завршница и штетното влијание врз евентуалниот третман на детето жртва.

Со одредбата на чл. 138, ст. 3 многу генерално се поставува заштитата на ДЖСЗ како сведок. Имено, малолетникот жртва може да биде сослушан како сведок само ако тоа не влијае штетно врз неговиот психофизички развој. Вака поставеното ограничување е на декларативно ниво, а особено имајќи ја предвид следната одредба која сослушувањето на малолетник во својство на сведок го ограничува најмногу на два пати, а по исклучок и трет пат кога тоа го бараат посебните околности на предметот! Понатаму, судот е должен при сослушување на малолетник како сведок да води сметка за личните својства и карактеристики на малолетникот, за заштита на неговите интереси и за неговиот правилен развој. Законските одредби поставуваат обврска за претпазливо постапување при сослушување на малолетното лице како жртва на кривично дело, со цел да не останат штетни последици врз психичката

[19] Задолжителното застапување на правата на малолетникот жртва секако би било поoправдано да започнува од првото сослушување на осомничениот.

[20] Никола Матовски, Гордана Бужаровска – Лажетиќ, Гордан Калајџиев. *Казнено – процесно право,* (Скопје : Правен факултет „Јустинијан први“, 2009)

состојба. А зависно од оценката на Советот, сослушувањето може да се изврши со помош на педагог или на друго стручно лице. Одредбата со која се зголемува процесната заштита на ДЖСЗ е можноста за сослушување надвор од судницата, без присуство на странките, поставување на прашања со посредство на педагог, психолог или друго стручно лице и со примена на аудио и визуелни записи кои подоцна се користат како доказ во постапката.

Но, ограничувањата на основните начела на кривичната постапка, усност, непосредност, јавност и контрадикторност, се поставени како можност но немаат карактер на задолжителни мерки на процесна заштита на малолетниците жртви кои се јавуваат како сведоци. И токму во отсуството на задолжителност на мерките за процесна заштита е најголемата опасност тие да немаат доследна примена, особено кога станува збор за ДЖСЗ. Иако македонското законодавство не забранува земање на исказ од сведок „по слушање“ или читање на записникот од претходно дадениот исказ во истрага, во судската пракса релативно високо е застапено сослушувањето на ДЖСЗ непосредно на главен претерес. Покрај тоа што ДЖСЗ се сослушуваат непосредно на главен претрес, законската можност за исклучување на јавноста од главен претрес не се применува често.

Од аспект на законската обврска за претпазливо постапување при сослушување на малолетно лице жртва на кривично дело, со цел да не останат штетни последици врз психичката состојба а зависно од оценката на Советот, сослушувањето може да се изврши со помош на педагог или на друго стручно лице. Во овој контекст, судската пракса во многу мал број случаи познава повикување на главна расправа на стручни лица од Центрите за социјални работи (ЦСР) како дел од системот за заштита и поддршка на децата жртви на СЗД. Имајќи ги предвид истражувачките резултати за положбата на децата жртви кои се јавуваат како сведоци во кривичната постапка, ограничувањата дадени со ЗМП за сослушување најмногу два пати не се во прилог на засилена процесна заштита на децата сведоци. Бројот на сослушувања на детето жртва мора да се сведе на нужен минимум. Тука спаѓа и земањето исказ во полициска постапка и пред ЦСР. Конструктивно решение би било да се ограничи сослушувањето на ДЖСЗ во судска постапка на најмногу еднаш, и тоа само пред истражен судија и без присуство на обвинетиот. Во оваа смисла, и отсуството на задолжителност за сослушување со употреба на технички средства и во засебна просторија. Задолжителното користење на сослушувањето на технички средства, во засебна просторија, со помош на стручни лица, а притоа записот да има доказна сила мора да стане правило. Особено загрижува можноста која му се дава на судот да цени дали има потреба од соочување на малолетникот и обвинетиот! Напротив, тоа не смее да се допушти.

## 4. Заклучок

Усвојувањето на Законот за малолетничка правда го овозможува остварувањето на идејата за еден нов систем на малолетничка правда во Република Македонија, во кој децата/малолетниците жртви на СЗ нема понатаму да бидат „запоставената страна“ на казненоправниот систем. Дотолку повеќе, за прв пат во македонското законодавство се гарантираат права на малолетниците жртви на кривични дела. Неспорно е значењето на овој закон кој воспоставува нови стандарди во оваа област, иако мерките за процесна заштита на малолетниците жртви кои се јавуваат како сведоци се поставени на декларативно ниво. Многу поголема е потребата за усогласување на казненоправните одредби со кои се инкриминираат делата кои претставуваат СЗД, пред сè од аспект на пружање еднаква казненоправна заштита на сите деца до 18 години. Во оваа смисла, нужно е усогласување во однос на разноликоста на термините дете, малолетно лице, малолетно лице до 14 години и малолетно лице над 14 години.

Секако дека воспоставување систем за малолетничка правда е само првиот чекор во унапредувањето на казненоправната заштита. Воспоставениот систем може да ги даде

очекуваните резултати само низ интегриран пристап на сите чинители на системот во заштитата на правата на децата жртви на СЗ.

## Користена литература:


Бачановиќ, Оливер, „Кривичноправна заштита на малолетни лица-жртви на кривични дела“,*Малолетничка правда – од идеја до практика,* (2008)

Камбовски, Владо (2003), *Казнено право – Посебен дел*, (Скопје: Просветно дело АД, 2003).

Матовски Никола, Бужаровска – Лажетиќ Гордана, Калајџиев Гордан, *Казнено – процесно право,* (Скопје : Правен факултет „Јустинијан први“, 2009)

Стевановиќ, Ивана, „Кривично правна заштита деце жртава злостављања и занемаривања у Србији“, *Темида, година 8, бр. 2,* (2005)*„Водич за медицинска и правна заштита на жртвите од сексуално насилство,* Светска здравствена организација (2003)

Кривичен законик (Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008, 114/2009)

Закон за кривична постапка, *Службен весник на РМ, бр. 15/1997,18/1999, 27/2004, 74/2004, 75/2006, 83/2008, 53/2009, 67/2009*

Закон за малолетничка правда, Службен весник на РМ, бр. 87/2007, 103/2008, 161/2008



*Stojanka Mirceva, MA*
*Faculty of Security- Skopje*

*Violeta Čačeva, PhD*
*Institute for Political, Legal and Sociological Studies- Skopje*

*Aleksandar Ivanov*
*Faculty of Security- Skopje*


## *POSITION OF CHILD VICTIMS OF SEXUAL ABUSE IN MACEDONIAN CRIMINAL JUSTICE SYSTEM*


### *Abstract*

*Concern of the society over the sensitive topic of sexual abuse of children is portrayed in the criminal justice solutions for protection of children, particularly focusing on whether the legal system is able to cope efficiently with the problem. The criminal substantive and proceedings law determine the status of child victims of sexual abuse in Macedonian Criminal Justice System. Undoubtedly, besides the legal framework, the position of child victims of sexual abuse is determined with the current policy and practices of all stakeholders of the criminal justice system. However, such complex analysis is beyond the scope of this paper.*



***Key words:*** *children, victims, sexual abuse, criminal justice system, Macedonia*

***м-р Весна Трајковска***
виш лектор Факултет за безбедност – Скопје
e-mail: trajkovska_vesna@yahoo.com

# ТЕРМИНИ ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЛИЦА И НИВНИТЕ МАКЕДОНСКИ ПРЕВОДНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

*Апстракт*

*Трудот претставува преглед на терминологијата во англискиот јазик поврзана со различните видови на кривични дела против лица и нивно споредување со соодветните преводни еквиваленти во македонскиот јазик преку контрастивна анализа.*

*Со оглед на фактот дека постојат одредени разлики од семантички аспект во поглед на англиските и македонските термини со кои се именуваат кривичните дела против лица, авторот особено се фокусира на начинот на кој англиските термини се преведени на македонски јазик и се обидува да открие дали термините коишто се користат во двата јазика одговараат на исти концепти. Посебно внимание е посветено на откривањето на семантичките разлики помеѓу кривичните дела за кои во англискиот јазик постојат неколку различни термини, а кои во македонскиот јазик имаат еден преводен еквивалент и обратно, што во одредени ситуации може да доведе до недоразбирање кај читателите коишто недоволно познаваат еден од двата јазика.*

*Клучни зборови: јазик, кривични дела против лица, преводни еквиваленти, концепт, значење.*

## Вовед

Правилното и прецизно пренесување на значењето на зборовите од еден на друг јазик претставува основен предизвик со кој се соочуваат преведувачите, лексикографите, како и сите оние чијшто предмет на интерес, меѓу другото, ја опфаќа и оваа тема. Сепак, ваквата цел не секогаш е лесно остварлива, имајќи го предвид фактот дека зборовите во основа претставуваат лексикализирани концепти коишто потекнуваат од одредена култура и непосредно произлегуваат од начинот на кој припадниците на таа култура го восприемаат светот во кој живеат преку нивната секојдневна меѓусебна интеракција. Токму ваквата културолошка основа за создавањето на одредени концепти и нивното понатамошно еволуирање во лексички единици остава простор за нивно независно развивање, обликување и модифицирање во рамки на културната, т.е. говорната заедница во којашто се користат, истовремено прилагодувајќи се на социокултурните промени како нужен природен процес. Како резултат на ваквиот процес, се создаваат услови зборовите кои изворно имале едно значење, и се однесувале на еден концепт, со текот на времето да развијат нови значења и да покриваат пошироки концепти и обратно- зборовите кои во минатото се однесувале на поширок концепт, со текот на времето семантички да се ограничат на само еден сегмент од она на што првично се однесувале.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, станува јасно зошто преводот претставува исклучително тешка и макотрпна задача. Во текот на преведувачкиот процес преведувачот мора длабински да проникне во значењето или значењата на зборот и истите соодветно да ги пренесе во јазикот на кој преведува. Со ваков предизвик се соочуваат и преведувачите кои вршат превод на терминологија од областа на безбедноста и правото, бидејќи, поради системски разлики во правото, многу правни термини од еден јазик немаат соодветни еквиваленти во друг, со што може да се

предизвикаат јазични и правни компликации.[1] Токму една категорија зборови од таа група ќе биде и предмет на обработка во трудот. Имено, станува збор за кривичните дела против лица, коишто со таков назив се сретнуваат во класификациите на кривичните дела во различните кривични закони, а во случајов како основа за анализа ќе бидат земени кривичните закони на Англија од една, и кривичниот законик на Република Македонија, од друга страна. Разликите во значењата, како и во преводите на кривичните дела од оваа категорија се особено важни, пред сè, поради фактот дека се работи за правни системи со сосема различна традиција- едниот базиран на англосаксонското право, а другиот на континенталното право, што, од своја страна, се одразува и врз именувањето на кривичните дела и нивните семантички разлики во англискиот и во македонскиот јазик.[2]

### Кривични дела против лица

Пред да преминеме на конкретна анализа, важно е да нагласиме дека за потребите на трудов како појдовна точка ќе ја користиме англиската терминологија поврзана со кривичните дела против лица, а со оглед на фактот дека во двата правни системи кривичните дела од овој тип се групирани на различен начин, прегледот ќе го организираме според поширoката поделба на истите во две категории[3]: „кривични дела против лица со жртви и без жртви" и „полови кривични дела".

Во англискиот јазик најтешките видови кривични дела против лица се "homicide", "murder" и "manslaughter". Доколку погледнеме во некој од англиско-македонските речници ќе видиме дека во сите без исклучок, трите претходно споменати збора се преведуваат како „убиство", а во нашиот Кривичен законик потпаѓаат под категоријата „кривични дела против животот и телото". Сепак, доколку навлеземе во попродлабочена семантичка анализа, ќе видиме дека англиските "homicide", "murder" и "manslaughter" покриваат три концепти со значителни суштински разлики. Така, на пример, англиското "homicide" како најширок поим од сите три се однесува на секој чин на убивање на едно лице од страна на друго, без разлика на мотивот, начинот и инструментот со кој истото е извршено. Ваквата семантичка широчина овозможува употреба на "homicide" во сите ситуации во кои инаку се користат "murder" и "manslaughter", без притоа да дојде до промена во значењето. За разлика од него, пак, "murder" и "manslaughter" се ограничени на специфични форми на убиство, при што со "murder" се покрива убиство извршено со претходна намера и претставува најтежок облик на убиство, познато и како „убиство со умисла[4]", додека "manslaughter" се

---

[1] Deborah Cao. *Translating Law*, (Clevedon/Buffalo/Toronto: Multilingual Matters LTD,2007, p.53).

[2] Така, на пример, за илустрација може да ги спoредиме англискиот концепт "theft" и македонскиот „кражба". Според англиското право, концептот "theft" се однесува на „нечесно присвојување на сопственост која му припаѓа на некој друг со намера истата да се задржи засекогаш", додека според македонскиот Кривичен законик за „кражба" се обвинува лице кое „ќе одземе туѓ подвижен имот со намера противправно да го присвои", при што многу јасно може да се согледаат суштинските разлики помеѓу двата концепти и да се заклучи дека преводот сепак не соодветствува во потполност со оригиналниот термин. И покрај тоа што посочениот пример не спаѓа во групата зборови коишто се предмет на анализа на овој труд, сепак може да послужи како соодветна поткрепа на тезата за влијанието на различните правни системи од кои потекнуваат зборовите врз начинот на кој се преведуваат. Види поопширно кај: W.E. Weisflog."Problems of Legal Translation, Swiss Reports presented at the
*XIIth International Congress of Comparative Law*, Zürich, Schulthess, (1987): 179–218.

[3] Оваа поделба е направена исклучиво за потребите на овој труд од страна на авторот и истата, како таква, не може да се сретне во ниту еден од двата кривични закони споменати во текстот.

[4] Според нашиот Кривичен законик, кривичното дело е сторено со умисла „кога сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или кога бил свесен дека поради неговото сторување или

однесува на убиство на начин со кој се намалува вината/ одговорноста на сторителот. Од своја страна, пак, “manslaughter” понатаму се расчленува на “voluntary manslaughter” и “involuntary manslaughter”. При “voluntary manslaughter” или неговиот македонски еквивалент „убиство на миг”[5], сторителот го извршува убиството со она што на англиски се нарекува “malice aforethought”, односно намера да убиеш некого или да нанесеш некому штета, но со таа разлика што постојат олеснителни околности коишто ја намалуваат вината[6]. Како пример за “voluntary manslaughter” може да се наведе и “infanticide”, како кривично дело при кое мајката си го убива тукушто роденото дете во состојба на нарушена психичка рамнотежа како резултат на породувањето, што во македонскиот јазик се преведува како „детеубиство”, а истото кривично дело во Кривичниот законик се среќава како „убиство на дете при пораѓање”[7] и го опфаќа истиот концепт како и англискиот еквивалент. Што се однесува, пак, до “involuntary manslaughter”, со него се означува убиство на друго лице без претходно да постои “malice aforethought”, односно намера за истото. До вакво убиство може да дојде, на пример, во сообраќајна несреќа, а во македонскиот јазик “involuntary manslaughter” соодветствува на „убиство од небрежност”[8]- израз кој како таков веќе е востановен во нашиот кривичен законик.[9]

Прегледот од оваа група ќе го продолжиме со кривичното дело кај нас познато како „наведување на самоубиство и помагање во самоубиство”[10] , кој како израз е најблизок до англиските “assisted suicide[11]“, “aid in dying” или “death with dignity”, а коишто се однесуваат на постапка во која на одредено лице кое инаку е неспособно, му се обезбедуваат средства (лекарства или опрема) со кои истото ќе изврши самоубиство.[12]

Како дел од оваа контрастивна анализа ќе споменеме и некои од најважните неполови кривични дела без жртви, како дел од кривичните дела против лица. Семантичката анализа на поимите од оваа група ќе ја започнеме со кривичното дело коешто во англискиот јазик е познато како “assault”. Имено, станува збор за термин кој

---

несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување.“ Види Кривичен законик, Чл. 13

[5] Ibid, Чл.125

[6] Со изразот „олеснителни околности“ се покриваат ситуации од типот на провокација, намалена одговорност, состојба на афект и сл. и со нив може да се востанови понизок степен на вина.

[7] Види Кривичен законик, Чл. 127

[8] Интересно е да се напомене дека, и покрај очигледната разлика во значењето на voluntary manslaughter и involuntary manslaughter, во англиско-македонските речници двата изрази се поистоветуваат еден со друг, па се преведуваат како „убиство од небрежност“, што веројатно се должи на недоволното познавање на оваа проблематика од страна на македонските лексикографи, а што од своја страна доведува до погрешен македонски превод од страна на оние коишто ги користат англиско-македонските речници.

[9] Види Кривичен законик, Чл. 126

[10] Ibid, Чл. 128

[11] Гледано од јазичен аспект, англиската именка "suicide" во македонскиот јазик се преведува како „самоубиство“, додека за изведената придавка „самоубиствен“ во нашиот јазик се користи истиот корен како и во англискиот случај, па така многу често наместо за „самоубиствени“ ќе слушнеме или ќе прочитаме за „суицидни“ мисли. Имено, станува збор за именка којашто етимолошки потекнува од латинскиот корен "suicidium", слично на именката "homicide" којашто исто така потекнува од латинскиот "homicidium", но за разлика од придавката „суицидни“ во македонскиот јазик не се среќаваат примери од типот „хомициден“, што не е случај, да речеме, во српскиот јазик, каде што ваква придавка постои.

[12] Покрај наведените, во категоријата „кривични дела против животот и телото“ нашиот кривичен законик познава и: „убиство од благородни побуди“ (Чл.124), „противправно прекинување на бременост“ (Чл.129), „учество во тепачка“ (Чл.132), „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“ (Чл. 133). „излагање на опасност“ (Чл. 133), „напуштање немоќно лице“ (Чл.135) и „неукажување помош“ (Чл. 136),

во својата најопшта смисла означува „напад", а во контекст на конкретно кривично дело против лице се користи со значење „физички напад", при што за попрецизно лексичко разграничување честопати може да се сретне и изразот „criminal assault" што исто така се однесува на напад на едно лице врз друго. Овде е интересно да се напомене дека нападот не секогаш мора да биде нужно насилен, бидејќи англиското "assault" ги покрива дури и ситуациите кога постои закана за напад или само обид. Во случаите кога намерата да се нападне е проследена со конкретен физички контакт со што на жртвата ѝ се нанесува конкретна повреда зборуваме за "battery"- кривично дело кое во македонскиот јазик се преведува како „телесна повреда"[13] и како такво се сретнува во Кривичниот законик.[14] Исто така, во англискиот јазик се сретнува и сложената конструкција "assault and battery" како посебно кривично дело кое во себе ги обединува и "assault" и "battery", а коешто во англиско-македонските речници се преведува како „(закани и) физички напад"[15]. Доколку сериозноста на телесната повреда којашто е нанесена при одреден физички напад е поголема, тогаш со препозитивно додавање на придавката "aggravated" го добиваме изразот "aggravated battery" за на англиски да го изразиме она што на македонски се нарекува „тешка телесна повреда"- кривично дело коешто под истиот назив го има и во нашиот Кривичен законик.[16] Кога сме веќе тука, би можеле да нагласиме и дека за „тешка телесна повреда" во англискиот јазик се користи и изразот "grievous bodily harm", или скратено "GBH", а само за „телесна повреда", покрај "battery" се користи едноставно "bodily harm".

Втората категорија предмет на интерес на оваа компаративна анализа е категоријата која во англискиот јазик се нарекува „полови кривични дела", а според македонскиот кривичен закон истата е именувана како „кривични дела против половата слобода и половиот морал". Во англискиот јазик, кривичните дела од оваа група обично се опфатени со изразот "sexual assault", што на македонски се преведува како „полов напад", а всушност се однесува на секаков облик на напад од сексуална природа врз друго лице без негова согласност. Многу често "sexual assault" се поистоветува со "rape", што соодветствува на македонскиот термин „силување", односно присилување на обљуба на блиско лице со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот[17]. Покрај "rape", во англискиот јазик постои и изразот "attempted rape", кој на македонски би се превел со „обид за силување", со кој се опишува неуспешен обид за остварување на намерата за силување/ обљуба на друга личност без нејзина согласност, како и други облици на силување, како на пример "marital/spousal rape" што на македонски би се превело со „силување во брак", но кое не постои како посебно кривично дело во нашиот Кривичен законик, а се вбројува како еден од елементите на семејно насилство[18].

Силувањето, односно "rape" исто така може да се подведе и под категоријата "sexual abuse", којашто опфаќа присилување на друго лице на каква било форма на сексуално однесување, што на македонски се преведува со „сексуално злоупотребување". "Sexual abuse" од своја страна може да се расчлени на: "child sexual

---

[13] Кога зборуваме за "battery" како за телесна повреда, тогаш мора да напоменеме дека не секогаш повредата мора нужно да биде придружена со болка, за да се окарактеризира како таква. Во англискиот јазик овој термин се користи дури и во ситуации кога на пример напаѓачот плука во другото лице, или со своите закани или обиди за напад ќе предизвика одредени промени, односно нарушувања на неговото здравје.

[14] Види Кривичен законик, Чл. 130

[15] Зозе Мургоски. *Голем англиско македонски речник*. (Скопје: Автор, 2001) с.67

[16] Види Кривичен законик, Чл. 131

[17] Види Кривичен законик на РМ, Чл. 186

[18] Ibid, Чл. 122, (19), с.

abuse”, односно „сексуално злоупотребување на дете”, или како што стои во нашиот Кривичен законик „полов напад на дете” за да означи кривично дело со кое се врши обљуба или друго полово дејствие врз дете[19]; “spousal sexual abuse”, на македонски преведено како „сексуално злоупотребување во брак/ на брачен другар”, коешто всушност се третира како семејно насилство, а во себе може да вклучува и силување како една од формите на сексуално злоупотребување; “sexual misconduct”, кривично дело коешто се однесува на лица кои имаат одредена позиција на моќ и истата ја користат за сексуална активност со подредено лице, што според нашиот Кривичен закон се именува со „обљуба со злоупотреба на положбата”[20]; “sexual harrassment”, што подразбира закана, заплашување или принуда од сексуална природа или, пак, неприкладни ветувања за награда во замена за сексуални услуги[21], и неговиот македонски преводен еквивалент „сексуално малтретирање” со кој главно се покрива истиот концепт; “incest”, или на македонски преведено како „родоскврнавење”[22] а се однесува на обљуба со крвен сродник;[23] “sexual abuse of people with developmental disabilities”, коешто во буквален македонски превод значи „сексуално злоупотребување на лица со пречки во развојот”, а според концептот што го покрива е најслично на кривичното дело „обљуба врз немоќно лице” и се однесува на обљуба со злоупотреба на душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој и друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор[24] итн.[25]

**Заклучок**

Како што може да се заклучи од претходно наведените примери, не секогаш преку преведувањето на термините за кривичните дела против лица од англиски на македонски јазик, но и обратно, успешно се пренесува и значењето коешто истите го имаат во соодветниот јазик. Во случаите кога постои совпаѓање на лексичката единица со концептот на кој истата се однесува во двата јазика, речиси и не постои проблем за нивни превод од англиски на македонски јазик и обратно. Проблемите настануваат во оние ситуации кога за еден концепт кој на македонски се покрива со еден термин постојат повеќе англиски термини кои, навидум, наликуваат на синоними, но во основа носат одредени семантички разлики, кои, доколку не се доволно обработени и разграничени од страна на преведувачот, може да придонесат за погрешен превод и искривување или, пак, дури и губење на нивното изворно значење. Ова од своја страна,

---

[19] Ibid, Чл. 188

[20] Ibid, Чл. 189

[21] Michele Antoinette Paludi & Barickman. (1991). *Academic and Workplace Sexual Harassment*. (SUNY Press,1991) pp. 2–5.

[22] Види Кривичен закон, Чл. 194

[23] Според македонскиот Кривичен законик, родоскврнавењето се однесува на обљуба со крвен сродник во права линија или со брат, односно сестра, но оваа одредба е различна во различни кривични закони, во зависност од соодветната култура од која произлегуваат. Така на пример, во одредени култури родоскврнавењето е ограничено само на припадниците на едно домаќинство, во други истото се однесува на поширокото семејство и т.н. Што се однесува до македонската терминологија, и кај нас како и во англискиот јазик се користи терминот „инцест“, но во законодавството е востановен и општоприфатен терминот „родоскврнавење“.

[24] Види Кривичен законик, Чл. 187

[25] Според македонскиот Кривичен законик овие дела спаѓаат во групата на т.н. кривични дела против половата слобода и половиот морал, а покрај нив во групата се опфатени и: задоволување на полови страсти пред друг (чл. 190) што во англискиот јазик најблиску одговара на "indecent exposure" кое во себе, меѓу другото, опфаќа и задоволување на полови страсти на јавно место, посредување во вршење проституција (чл. 191) што одговара на англиското "pimping" или "lindering", подведување и овозможување полови дејствија (чл. 192), како и прикажување на порнографски материјал на дете (чл. 193) или "exposing a child to pornography".

наместо до разбирање може да доведе до уште поголемо неразбирање, што пак понатаму може да предизвика проблеми не само од јазичен, туку и од чисто прагматичен тип, доколку, да речеме, поради недоволно познавање на работите, при преводот од англиски на македонски јазик „намерното убиство”, т.е. „убиството со умисла”, „убиството во миг” и „убиството од небрежност” се изедначат и се преведат само со „убиство”, доколку „физичкиот напад” се изедначи со „телесна повреда”, „половиот напад” со „силување” и сл. Ваквите примери на кои, несомнено, наидуваме читајќи стручни преводи од англиски јазик на македонски јазик уште повеќе ја потврдуваат првичната констатација дека само преку сериозен и темелен пристап и продлабочена анализа на суштинските семантички нијанси може да се обезбеди квалитетен превод, со што ќе се намалат можностите за погрешно разбирање или, пак, целосно недоразбирање помеѓу родените говорители на двата јазика.

## Литература

Cao, Deborah. *Translating Law*. Clevedon/Buffalo/Toronto:Multilingual Matters LTD, 2007.
Кривичен законик (пречистен текст), Сл.Весник на Р.Македонија бр.19 од 30.03.2004 година
Мургоски, Зозе. *Голем англиско македонски речни*к. Скопје: Автор, 2001.
Paludi, Michele Antoinette; Barickman. *Academic and Workplace Sexual Harassment*. SUNY Press,1991
Weisflog, W.E., 1987, ‘Problems of Legal Translation’, Swiss Reports presented at the *XIIth International Congress of Comparative Law*, Zürich, Schulthess, 179–218.
http://en.wikipedia.org/wiki/Offence_against_the_person

*Vesna Trajkovska, MA*
*Faculty of Security- Skopje*

## *CRIMES AGAINST PERSONS IN ENGLISH AND THEIR TRANSLATION EQUIVALENTS IN MACEDONIAN*

***Abstract***

*This paper provides an overview of the English terminology related to different types of crimes against persons and their translation equivalents in Macedonian through contrastive analysis.*

*Taking into consideration the differences regarding the English and Macedonian words which refer to crimes against persons, the author focuses on the way in which English terms are translated in Macedonian and attempts to determine whether the terms used in both languages correspond to identical concepts. The paper is particularly aimed at determining the semantic differences between types of crimes for which the English language has several different words with only one translation equivalent in Macedonian and vice versa, which, in certain situations may lead to misunderstanding on the part of the readers with insufficient knowledge of one of these languages.*

*Key words: language, crimes against persons, translation equivalents, concept, meaning.*

*м-р Катерина Крстевска*
асистент на Факултетот за безбедност - Скопје
***e-mail:*** katerina.krstevska@gmail.com

# УЛОГАТА НА БРАНИТЕЛОТ ВО ПРЕДИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА

***Резиме***

*Едно од основните права на осомничениот, дефинирано во чл. 6 од Европската конвенција за заштита на правата на човекот и основните слободи и во чл. 12 од Уставот на Република Македонија, е правото на одбрана претставено преку лична одбрана или одбрана со помош на бранител. Заедно со правото да се информира трета страна за лишувањето од слобода и правото на пристап до лекар, ова право влегува во рамките на „тројството на права” чијашто примена доведува до намалување на ризикот од изигрување, заплашување и малтретирање на лицето кое е лишено од слобода од страна на полицијата.*

*Всушност, лицето против кое се води предистражна постапка многу посигурно би се чувствувало доколку неговиот бранител биде присутен во текот на лишувањето од слобода кој не само што ќе го советува туку и веднаш ќе реагира на секое незаконито полициско постапување. Затоа улогата на бранителот треба да се толкува пошироко - тој има задача да го советува својот клиент, а во исто време и да го заштитува.*

*Во прилог на значењето кое му се придава на бранителот во текот на постапката, говори изјавата на еден популарен филмски режисер: „Оној што сам себеси се има за бранител, има будала клиент”.*

***Клучни зборови***: *бранител, осомничен, предистражната постапка, полиција.*

## 1. Вовед

Тргнувајќи од принципите на кои се темели македонската кривична постапка, а особено од функцијата која ја вршат во текот на постапката, процесните субјекти можат да се класифицираат во три групи: првата - субјекти кои ја вршат функцијата на кривично гонење (овластениот тужител претставен преку јавниот обвинител, оштетениот како супсидијарен тужител или приватниот тужител), втората - субјекти кои ја вршат функцијата на одбрана (обвинетиот и неговиот бранител) и третата група - субјект кој ја врши функцијата на пресудување (судот).

## 2. Право на одбрана, поим и видови одбрана

Втората функција или функцијата на одбрана е меѓународна и уставна категорија. Покрај обезбедување на време и услови неопходни за подготвување на одбраната, според чл. 6 ст. 3 од ЕКЧП, едно од минималните права кои ги ужива обвинетиот е правото на одбрана т.е. да се брани самиот или со помош на бранител по свој избор, а доколку не располага со средства да плати бранител, да добие бесплатен службен адвокат кога тоа го наложуваат интересите на правдата. Понатаму, чл. 12 ст. 3 од УРМ пропишува дека лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознаено со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон, дека од него не може да се бара изјава, како и тоа дека лицето има право на бранител во полициската и судската постапка.[1]

[1] За правото на одбрана како уставна категорија, види во: КЛИМОВСКИ, С.: *Уставен и политички систем*, Скопје 1997, стр. 255-256; ШКАРИЌ, С.: *Уставно право - втора книга,* Скопје 1995, стр. 151-152.

Посочените одредби имаат своја конкретна реализација уште на самиот почеток на ЗКП во Глава I „Основни начела”,[2] додека Глава VI целосно му е посветена на бранителот. Имајќи го предвид дефинирањето на поимот ***одбрана*** како процесна активност на спротивставување на обвинението, наполно или делумно одрекување дека е сторено кривично дело и на одговорноста за него, истакнувањето на аргументи (факти и докази) со кои се побива тезата на обвинението, или збир од оние дејства што во постапката се преземаат со цел да се изнесе сè што е во корист на обвинетиот,[3] а воедно и анализирајќи ги процесните одредби, може да се изврши следнава поделба во зависност од носителот на одбраната: одбрана која ја врши самиот обвинет (лична одбрана), одбрана вршена од државните органи и одбрана вршена од бранителот[4] која понатаму може да се класифицира на:

- задолжителна (облигаторна): кога обвинетиот мора да има бранител што подразбира дека доколку самиот не избере бранител, тогаш ќе му се постави бранител по службена должност;[5]
- факултативна: обвинетиот самиот одлучува дали ќе земе бранител и
- одбрана на сиромашни: кога не постојат услови за задолжителна одбрана, а постапката се води за кривично дело за кое со закон е пропишана казна затвор над една година, на обвинетиот може, по негово барање, да му се постави бранител ако според својата имотна состојба не може да ги поднесува трошоците на одбраната.[6]

### 3. Поставување на бранител

Глава VI од ЗКП ја определува процесната положба на бранителот така што одредбите систематизирани во неа се однесуваат на целиот тек на постапката. Бидејќи секое лице има право на бранител во предистражната постапка, осомничениот мора да се поучи дека има право на бранител по свој избор кој може да присуствува на неговото испитување.[7] Од децидно пропишаните услови кој може, односно кој не може да ја врши бранителската функција, произлегува дека бранител може да биде само

[2] ЗКП во чл. 3 ст. 2 дефинира дека осомничениот/обвинетиот мора најпрвин да се поучи за правото да молчи; правото да се советува со адвокат и да има бранител по негов извор за време на испитувањето, како и правото за приведувањето или лишувањето од слобода да се извести член на неговото семејство или нему блиско лице. Се забележува дека ЗКП како да го „заборавил“ правото на пристап до лекар кое заедно со правото на бранител и правото да се информира трета страна за лишувањето од слобода претставува „тројство на права“ кои мора да ги ужива секое лице лишено од слобода. Повеќе за „тројството на права“ на кое особено инсистира КПТ, види во: CPT/Inf/E (2002) 1 - Rev. 2006: *The CPT standards, “Substantive” sections of the CPT’s General Reports,* стр. 6, 9, 12, 13.

[3] Преземено од: МАТОВСКИ, Н., ЛАЖЕТИЌ-БУЖАРОВСКА, Г., КАЛАЈЦИЕВ, Г.: *Казнено процесно право,* Скопје 2009, стр. 140-141.

[4] Повеќе за видовите одбрана, види во: МАТОВСКИ, Н.: *Улогата на бранителот во кривичната постапка,* Скопје 1981, стр. 10-14.

[5] Кога одбраната е задолжителна, види во: чл. 66 од ЗКП.

[6] Така: чл. 67 од ЗКП. Во 2009 година беше донесен ЗБПП кој во чл. 7 посочува дека бесплатната правна помош не се однесува на случаите на задолжителна одбрана предвидени во ЗКП.

Како е решено прашањето за бесплатната правна помош во Србија, види во: КНЕЖЕВИЌ, С.: Правото на обвинетиот на бесплатна правна помош, *Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 16, бр. 1*, Скопје 2009, стр. 79-91.

[7] Така: чл. 63 од ЗКП. Истото се однесува и на обвинетиот во судската постапка кој треба да се поучи уште пред првото испитување. За минималните права кои ги има секој обвинет, види во: Глава I „Основни начела“ од ЗКП, особено чл. 3 и 4.

адвокат.[8] Бранителот треба да се легитимира кај органот пред кој се води постапката со поднесување на полномошно, со тоа што полномошното може да му се даде и усно на записник. Правата и должностите на бранителот престануваат кога лицето ќе го отповика полномошното.[9]

Покрај тоа што лицето или во конкретниов случај осомничениот самостојно го избира својот бранител,[10] и самиот адвокат слободно одлучува дали ќе прифати на некое лице да му даде правна помош.[11] Според КАЕ, одбивањето да се даде правна помош во кривичните предмети треба да се цени по строги критериуми и се дозволува само при постоење на исклучителни случаи.[12] Во тој правец е и ЗА кој ја определува адвокатурата како независна и самостојна дејност (чл. 2), а адвокатот како слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот, актите на АК и овластувањето самостојно да одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката (чл. 15). Адвокатот при остварувањето на адвокатската дејност мора да се раководи исклучиво од интересите на странката кои ги заштитува на најдобар можен начин со законски средства, правната помош да ја дава совесно и стручно и како тајна да го чува она што му го доверила странката.[13]

Заради заштита на односот помеѓу бранителот и осомничениот, ЗА во чл. 22 пропишува дека во канцеларијата на адвокат поединец и адвокатско друштво како простор за вршење на дејност од јавен интерес не е допуштено лишување од слобода, ниту преземање посебни истражни мерки, ниту истражни дејства. Понатаму, бранителот и адвокатот наоѓаат свое место и во нормите на ЗКП кои се однесуваат на сведоците. Бранителот влегува во категоријата лица кои не можат да се сослушаат како

[8] Н-ЗКП во чл. 71 ст. 5 определува дека за кривичните дела за кои може да се изрече казна затвор во траење од најмалку десет години, бранител може да биде адвокат со искуство од најмалку пет години по положувањето на правосудниот испит. Спореди со: чл. 65 ст. 3 од Х-ЗКП.

Со парична казна или со затвор до една година ќе се санкционира лицето кое без регистрирана дејност дава стручна и правна помош на граѓани или правни лица, а не е адвокат. Види: чл. 381-а од КЗ (кривично дело надриписарство).

Што се однесува до лицата кои не можат да се јават во улога на бранител, ЗКП во чл. 65 ги набројува: оштетениот, брачниот другар, односно вонбрачниот другар на оштетениот или на тужителот, ниту нивни роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четвртиот степен или по сватовство до вториот степен (ст. 1); лице што е повикано како сведок во постапката, освен ако според ЗКП е ослободено од должноста за сведочење и изјавило дека нема да сведочи или ако бранителот го сослушува како сведок во случајот од чл. 238 т. 2 (ст. 2); лице кое во истиот предмет постапувало како судија или како јавен обвинител (ст. 3).

Правна помош, според чл. 17 ст. 3 од ЗА, не може да се даде кога по истата правна работа адвокатот или друг адвокат од неговата канцеларија или адвокатското друштво давал правна помош на спротивната странка, или по истата правна работа постапувал како судија, јавен обвинител, јавен правобранител, односно како државен службеник во друг орган на државната управа или институција.

[9] За отповикувањето на полномошното, види во: чл. 71 од ЗКП.

[10] ЗКП во чл. 63 ст. 3 дава можност на обвинетиот да му обезбедат бранител и неговиот законски застапник, брачниот, односно вонбрачниот другар, роднината по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител.

[11] Поимот „правна помош“, кој во себе вклучува и „одбрана на осомничени и обвинети лица“, е дефиниран во чл. 3 од ЗА. Овој закон во чл. 17 ст. 2 определува дека давањето правна помош може да се одбие или откаже од причини утврдени со закон, КАЕ и другите акти на АК.

[12] КАЕ како исклучителни случаи од објективна и од субјективна природа ги посочува: болест на адвокатот, неплатени обврски од страна на обвинетиот за претходно дадена одбрана по истиот предмет и сл., со тоа што треба да се внимава лицето да не остане без одбрана.

[13] Во овој контекст е и прашањето за одговорноста за повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата (чл. 30-32 од ЗА). Види: чл. 138 (бранителот може да се казни со парична казна од чл. 75 ст. 1 ако неговите постапки се очигледно насочени кон одложување на кривичната постапка, при што за казнувањето се известува АК) од ЗКП; чл. 150 (неовластено откривање тајна), чл. 252 (злоупотреба на довербата), чл. 273 (перење пари и други приноси од казниво дело) од КЗ.

сведоци - за она што му го доверил обвинетиот како на свој бранител, освен ако самиот обвинет го бара тоа (чл. 238 ст. 1 т. 2), а адвокатот влегува во категоријата лица ослободени од должноста да сведочат - за фактите кои ги дознал при вршењето на својата работа во однос на кои се однесува обврската да го сочува како тајна тоа што го дознал при вршењето на својата професија (чл. 239 ст. 1 т. 5). Оттука, воспоставувањето однос на доверба помеѓу осомничениот и бранителот во голема мера ќе влијае за успешност на одбраната.

## 4. Бранителот низ одредбите посветени на предистражната постапка

Иако на прв поглед се добива впечаток дека правото на бранител е врзано со обвинетиот или со лицето против кое се води истрага или против кое е подигнат обвинителен акт, обвинителен предлог или приватна тужба, треба да се потенцира дека ова право го ужива и осомничениот или лицето против кое се води предистражна постапка. Впрочем, тоа го потврдуваат и претходно посочените одредби на УРМ (лицето има право на бранител во полициска постапка) и на ЗКП (осомничениот има право да се советува со адвокат и да има бранител по негов избор за време на испитувањето, чл. 3 ст. 3; секое лице има право на бранител во предистражната постапка, чл. 63 ст. 1).

Од процесните одредби произлегува дека од самиот случај зависи кој од трите органи - полицијата,[14] јавниот обвинител или судот (истражниот судија) ќе биде надлежен да ја води предистражната постапка, што повлекува дека бранителот може да истапува пред нив и да ги презема сите дејства во корист на осомничениот што може да ги преземе и самиот тој.

За потребите на одбраната, бранителот, во согласност со законот, може да истапува и пред други органи и институции, односно да бара податоци и известувања од државни органи, од органите на државната управа, од институциите што вршат јавни овластувања и од органите на единиците на локалната самоуправа, да бара да му се доставаат документи, списи и известувања, да врши консултации и да прибави мислења од стручни лица од соодветната област.[15] Тој се здобива и со право да ги разгледа списите и другите прибавени предмети што служат како доказ, но дури по доставувањето на барањето од овластениот тужител за покренување на кривична постапка, како и кога истражниот судија пред донесувањето на решението за спроведување на истрага, ќе изврши потребни истражни дејства.[16]

### 4.1. Бранителот пред органот кој ја води предистражната постапка

#### 4.1.1. Бранителот пред полицијата

На полицијата, како еден од органите на предистражната постапка, ѝ се доверени низа овластувања. Ако постојат основи за сомневање дека е извршено

---

[14] Овластувањата што ги има МВР во предистражната постапка и во истрагата, со измените на ЗКП во 2004 година ги добија Финансиската полиција и со закон овластените лица на Царинската управа во случаите кога работат на откривање кривични дела и нивни сторители и прибирање на докази заради кривично гонење на сторителите за кривичните дела наброени во чл. 145 од ЗКП.

[15] Субјектите постапуваат по барањето во рок од 30 дена од денот на неговиот прием, а доколку во постапката е определена мерка притвор, тогаш во рок од три дена од денот на приемот, доколку со друг закон поинаку не е пропишано. Така: чл. 72 ст. 2 од ЗКП.

Заради подготвување на одбраната, Х-ЗКП во чл. 67 ст. 2 го овластува бранителот да бара известувања од граѓани, освен од жртвата и од оштетениот.

[16] Според чл. 126 од ЗКП, обвинетиот има право да ги разгледува списите и предметите што служат како доказ откако ќе биде испитан.

кривично дело за кое се гони по службена должност, полицијата е должна да ги преземе потребните мерки да се пронајде сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не се скрие или не побегне, да се откријат или обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, како и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на постапката.[17] За да ги изврши овие задачи, на полицијата на располагање ѝ стојат повеќе овластувања меѓу кои повикување, приведување, лишување од слобода и задржување, кои покрај со ЗКП се дефинирани со ЗП и ПНВПР.

ЗП во чл. 34 содржи општа одредба за примената на полициските овластувања при повикување, приведување и задржување,[18] според која полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира за причините за повикувањето, приведувањето или задржувањето и на јасен начин да го поучи за правото да молчи, правото да се советува со бранител, правото на бранител за време на полициската постапка,[19] правото на лекарска помош ако лицето го побара тоа, како и за правото да се извести член на семејството или нему блиско лице.[20]

***Повикувањето*** на граѓани е полициско овластување кое се презема заради собирање на потребни известувања неопходни за извршување на полициските работи, а се реализира преку доставување на писмена покана во која се наведени причините за повикувањето и поука за правата од чл. 3 од ЗКП.[21] Образецот бр. 4 од ПНВПР, кој ги определува елементите на поканата, се состои од два дела: покана - ја потпишува полицискиот службеник и потврда за прием на поканата - ја потпишуваат полицискиот службеник/поштарот кој ја доставил поканата и лицето кое ја примило. Вториот дел е важен од аспект што лицето го потврдува приемот на поканата, како и да се јави на посочените ден, час и место, поуката за правото да земе бранител и предупредувањето за последиците од чл. 144 ст. 7 од ЗКП и од чл. 43 ст. 3 од ЗП.[22]

Покрај тоа што во самата покана лицето е поучено за правата, меѓу кои и правото на бранител, повиканото или присилно доведеното лице ќе се поучи на

---

[17] Така: чл. 144 ст. 1 од ЗКП.

[18] Како посебно полициско овластување сметам дека треба да се третира и лишувањето од слобода, односно треба да се прави разлика помеѓу: приведување (лишување од слобода со судска наредба), лишување од слобода (лишување од слобода без судска наредба) и задржување (кое следи по лишувањето од слобода во посебно уредени полициски станици). Повеќе за овие овластувања, види во: КРСТЕВСКА, К.: Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка - со посебен осврт на полициските овластувања во работната верзија на новиот Закон за кривична постапка, *Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје за 2009 година*, Скопје 2009, стр. 74-90.

[19] Како треба бранителот да се однесува во полициската станица, како да го советува осомничениот, види во: EDWARDS, A.: *Advising a Suspect in the Police Station - Guidelines for Solicitors (Fourth Edition),* London 1998.

[20] За односот помеѓу полициските овластувања и правата на осомничениот во полициската постапка, види во: КАЛАЈЏИЕВ, Г. (уредил): *Полицијата и човековите права - прирачник за полициска обука,* Скопје 2003, стр. 47-69.

[21] Елементи на поканата се: име и презиме на лицето кое се повикува, назив, место и адреса на седиштето на организационата единица на полицијата каде што се повикува лицето, причини за повикувањето, место и време на повикување, поука за правото на бранител во полициската постапка, како и последиците доколку не се јави на поканата (чл. 43 ст. 2 од ЗП). Покрај овие податоци, поканата има и печат од организационата единица во која се повикува граѓанинот и потпис на полицискиот службеник (чл. 12 ст. 4 од ПНВПР).

[22] Образецот бр. 4 од ПМВР наместо „потврда за прием на покана“ го користеше терминот „доставница“, а наместо „бранител“ го користеше терминот „адвокат“. Покрај оваа покана, составен дел на ПМВР беше и Образецот бр. 5 „Покана поради давање известување во врска со основано сомнение за сторено кривично дело“, што значи дека ПМВР предвидувал два вида покани: првата - за граѓанин кој треба да даде известување во врска со определен настан, и втората - за лице за кое постои основано сомнение дека сторило кривично дело.

правата од чл. 3 од ЗКП т.е. чл. 34 од ЗП,[23] како и за околноста дека не е лишено од слобода и дека откако ќе даде или одбие да даде известување може да си оди.[24]

Полициските службеници го преземаат службеното дејство ***приведување*** врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд заради спроведување на лицето во просториите на полицијата, друг надлежен орган или до местото одредено во наредбата. Покрај приведувањето врз основа на писмена судска наредба, ЗП и ПНВПР разликуваат и приведување без писмена наредба.[25] Без разлика дали приведувањето е извршено врз основа на писмена наредба или без таква наредба, полицискиот службеник е должен пред приведувањето да го запознае лицето со правата од чл. 34 од ЗП, како и да му овозможи услови за нивно остварување (чл. 24 од ПНВПР). Службената белешка која се изготвува за секое приведување содржи сегмент „лицето е - не е известено и поучено за своите права во согласност со чл. 3 од ЗКП и чл. 34 од ЗП", што го пополнува полицискиот службеник.[26]

ЗКП во чл. 204 ст. 4 определува дека „***лицето лишено од слобода*** мора да биде поучено според одредбата на чл. 3 од ЗКП." Всушност, ЗКП во овој член го регулира лишувањето од слобода од страна на секој (или граѓанско лишување од слобода - ст. 1), лишувањето од слобода од страна на полицијата без судска одлука (ст. 2) и задржувањето во посебно уредени полициски станици (ст. 3, 4, 6, 7, 8).

Доколку лицето кое е ***задржано*** врз основа на чл. 204 ст. 3 од ЗКП[27] побара помош од бранител, тогаш полицискиот службеник ќе му овозможи да повика свој бранител, односно ќе му обезбеди бранител и ќе го одложи извршувањето на сите дејства до доаѓањето на бранителот, но најдоцна во рок од два часа од времето кога е известен бранителот.[28] Секое задржување го одобрува службеникот за прифат - сменоводителот кој се грижи за остварувањето на правата на задржаното лице, како и за неговата безбедност во полициската станица каде што е задржано. Воедно, сменоводителот за задржувањето води посебен записник во кој се внесуваат повеќе податоци, меѓу кои и: времето кога лицето е поучено за неговите права; кога е контактирано со семејството, бранителот, лекарот...; податоци кога со него е разговарано...[29] Задржаното лице треба да се потпише на записот во однос на часот и датумот на лишувањето/пуштањето на слобода и поуката за правото на бранител, како

---

[23] Кога лицето може присилно да се доведе, види во: чл. 144 ст. 7 од ЗКП; чл. 43 ст. 3 од ЗП.

[24] Повеќе за полициското овластување повикување, види во: чл. 43-44 од ЗП; чл. 12-14 од ПНВПР.

[25] Види: чл. 47 од ЗП; чл. 20 од ПНВПР; како и коментарот во 19. фуснота.

[26] Види ги: Образец бр. 6 „Службена белешка за приведување врз основа на писмена наредба од суд" и Образец бр. 7 „Службена белешка за приведување на лице без писмена наредба од суд" од ПНВПР.

[27] Полициските службеници по исклучок, лицето од ст. 1 и 2 можат да го задржат ако задржувањето е потребно заради утврдување на идентитетот, проверување на алибито или од други причини е потребно да се соберат нужни податоци за водење на постапката против определеното лице, а постојат и причини за притвор предвидени во чл. 199 ст. 1 т. 1 и 3, а во случај од чл. 199 ст. 1 т. 2 само доколку постои основано стравување дека тоа лице ќе ги уништи трагите на кривичното дело. Така: чл. 204 ст. 3 од ЗКП. Повеќе за полициското овластување задржување, види во: чл. 50 од ЗП; чл. 25-27 од ПНВПР.

[28] ЗКП не укажува што се подразбира под „обезбедување на бранител". Ова прашање го решава чл. 161 ст. 1 од Н-ЗКП - ако задржаното лице бара помош од бранител, сменоводителот ќе му овозможи да повика бранител по свој избор, односно ќе му обезбеди бранител и ќе го одложи испитувањето до доаѓањето на бранителот, но најдоцна во рок од два часа од времето кога е известен бранителот. Лицето може насамо да зборува со адвокат во секое време, било да е дење или ноќе. Ако нема свој адвокат или не може да стапи во контакт со него, лицето може да побара да ја види листата на локалните адвокати. Адвокатот може во секое време да го посети во полициската станица. Во времето од 20 часот навечер до 8 часот наутро лицето има право да добие адвокат од листата на дежурни адвокати која ја составува АК. Трошоците за дежурниот адвокат како бранител за време на ноќното задржување паѓаат на товар на буџетот на Република Македонија.

[29] Кои се останатите податоци што ги содржи записникот, види во: чл. 204 ст. 7 од ЗКП; чл. 26 од ПНВПР.

и на записникот во целина, така што отсуството на потпис на лицето треба да биде образложено од сменоводителот.

### 4.1.2. Бранителот пред јавниот обвинител

Кога јавниот обвинител ја разгледува кривичната пријава поради донесување на адекватна одлука по неа,[30] на располагање му стои можноста да ги ***повика***: подносителот на пријавата, осомничениот во присуство на неговиот бранител[31] и други лица за чии сознанија смета дека ќе придонесат за оцена на веродостојноста на наводите во пријавата. Јавниот обвинител, како што беше претходно укажано за полицијата, го поучува повиканото лице на правата од чл. 3 од ЗКП. Кога јавниот обвинител повикува други лица, а осомничениот е познат, тогаш ќе го повика и него или неговиот бранител.

### 4.1.3. Бранителот пред истражниот судија

Доколку истражниот судија се согласи со барањето на јавниот обвинител за спроведување на истрага, тогаш ќе донесе решение за нејзино спроведување. Но пред да го донесе решението тој треба да го ***испита*** лицето против кое се бара спроведување на истрага, освен ако постои опасност од одлагање.

Покрај ова задолжение, пред да одлучи по барањето на јавниот обвинител, истражниот судија врз основа на чл. 162 ст. 3 од ЗКП може да ги ***повика*** јавниот обвинител и лицето против кое е барано спроведување на истрага да дојдат во определен ден во судот, ако е потребно да се изјаснат за околностите што можат да бидат од важност за одлучување по барањето или ако смета дека од други причини би било целесообразно нивното усно изјаснување. Одржувањето на вакво факултативно рочиште им овозможува на странките да ставаат усно свои предлози, јавниот обвинител може да го измени или дополни своето барање за спроведување на истрага, а може да предложи постапката да се спроведе непосредно врз основа на обвинителниот акт. Треба да се укаже дека истражниот судија не би смеел да го спроведе факултативното рочиште ако претходно не го испитал осомничениот.[32]

И во првата (претходно испитување на осомничениот) и во втората ситуација (факултативно рочиште), според чл. 162 ст. 4 од ЗКП, во поглед на повикувањето и испитувањето на лицето против кое се бара спроведување на истрага ќе се применуваат одредбите на ЗКП за повикување и испитување на обвинетиот. Воедно, истражниот судија ќе го поучи лицето кое е повикано според чл. 162 ст. 3 во смисла на чл. 3 и чл. 230 ст. 2 од ЗКП.[33]

---

[30] Одлуката на јавниот обвинител по кривичната пријава може да биде: позитивна (да поднесе барање за спроведување на истрага или да даде предлог за непосредно обвинување) или негативна (да ја отфрли кривичната пријава).

[31] Осомничениот, кој е повикан од јавниот обвинител, е должен да се јави на поканата, така што ако не се јави на уредно доставената покана во која бил предупреден на можноста за приведување и кога своето недоаѓање нема да го оправда, јавниот обвинител може да побара од судот да издаде наредба за негово приведување. Така: чл. 152 ст. 6 од ЗКП.

[32] За претходното испитување на осомничениот и за факултативното рочиште, види кај: МАТОВСКИ, Н.: *Казнено процесно право: посебен дел*, Скопје 2004, стр. 44-47; МАТОВСКИ, Н., ЛАЖЕТИЌ-БУЖАРОВСКА, Г., КАЛАЏИЕВ, Г.: *Казнено процесно право,* Скопје 2009, стр. 297-298.

[33] Инаку, последниот чл. 159 од Глава XV „Предистражна постапка“ на ЗКП упатува на одредбите за повикување и испитување на обвинетиот, односно во поглед на повикувањето и испитувањето на лицето за кое постојат основи за сомневање дека го извршило кривичното дело се применуваат посочените одредби (ст. 2), а воедно го овластува истражниот судија, и пред донесувањето на решение за спроведување на истрага, да преземе одделни истражни дејства за кои постои опасност од одлагање, но

### 4.2. Бранителот како помошник на осомничениот

Како што беше претходно укажано, секое лице има право на бранител во предистражната и во судската постапка и дека одредбите за повикување и испитување на обвинетиот ќе се применуваат во поглед на повикувањето и испитувањето на лицето за кое постојат основи за сомневање дека го извршило кривичното дело (чл. 159 ст. 2 од ЗКП) и во поглед на повикувањето и испитувањето на лицето против кое се бара спроведување на истрага (чл. 162 ст. 4 од ЗКП).[34]

Основна задача на бранителот во текот на предистражната постапка е да му даде правна помош на осомничениот со тоа што ќе го советува, но во исто време ќе го заштитува и ќе го брани. За да ја исполни оваа задача, бранителот треба да го разгледа предметот и да му објасни на осомничениот за што се товари, да го поучи за неговите права и да го советува како да ги користи, особено да го советува дали да го користи правото на молчење. Ова е значајно бидејќи често пати се работи за неуко лице на кое му е неопходна стручна правна помош. И покрај тоа што УРМ во чл. 12 ст. 3 и ЗКП во чл. 3 ст. 1 се децидни дека од лицето кое е повикано, приведено или лишено од слобода не може да се бара изјава, лицето ќе има несомнена полза доколку пред органот кој ја води предистражната постапка ги истакне наводите во прилог на својата одбрана. Всушност, иако кривичната постапка сѐ уште формално не е започната, на осомничениот му се дава можност да истакне сѐ што е во негова корист и на тој начин да ги отфрли сомневањата дека е сторител на определено кривично дело.

Понатаму, бранителот и осомничениот треба заедно да го разгледаат предметот и да започнат со градење на стратегија за одбрана, што подразбира да ги увидат доказите кои се во корист на осомничениот, но притоа да не ги заборават доказите кои го товарат, како и да избегнат давање докази во прилог на обвинувањето.[35] Во таа насока е и односот на бранителот кон утврдувањето на вистината - за него се вели дека има право и смее да ги премолчи оние факти што се неповолни за осомничениот, но не

---

за сѐ што е преземено мора да го извести надлежниот јавен обвинител (ст. 1). Во чл. 171 од ЗКП се посочени лицата кои можат да присуствуваат на преземањето на истражните дејства.

Види го и: чл. 201 од ЗКП.

Според МАТОВСКИ, Н.: *Казнено процесно право: посебен дел*, Скопје 2004, стр. 16, бидејќи нема својство на обвинет, осомничениот во принцип ги поседува сите уставни права и слободи како и другите граѓани. Само по исклучок, ако е посебно предвидено во ЗКП, тие може да да бидат ограничени со одлука на истражниот судија. Доколку, според ЗКП, можат да се преземат одредени истражни процесни дејства, кои ќе бидат признати во евентуалната идна формална кривична постапка, на осомничениот му припаѓаат истите права како и на обвинетиот во кривичната постапка.

[34] Испитувањето на обвинетиот е регулирано во чл. 230-236 од ЗКП.

Имајќи предвид дека „обвинет“ е општ назив за пасивната странка во кривичната постапка од нејзиниот почеток до крајот, МАТОВСКИ, Н., ЛАЖЕТИЌ-БУЖАРОВСКА, Г., КАЛАЈЏИЕВ, Г.: *Казнено процесно право,* Скопје 2009, стр. 136-137, ја посочуваат потребата од воведување на материјалниот поим „обвинет“, како што го дефинира јуриспруденцијата на ЕСЧП, на лицето на кое полицијата или другите органи на кривичното гонење на кој било начин му соопштиле дека го сметаат за веројатен сторител на кривично дело, би му припаднале веднаш елементарните права на одбрана, без оглед на тоа дали против него е или не е покрената формалната кривична постапка. Со тоа државата на сторителот на кривичното дело (осомничениот) му ја признава начелно изедначената положба во спорот околу главното прашање на неговата вина за кривичното дело наведено во обвинението веќе и пред покренатата постапка.

Така и Н-ЗКП, чиј чл. 21 ст. 1 т. 2 укажува дека изразот „обвинет“ се употребува и како општ назив за осомничен, обвинет и осуден.

[35] За потребата од јасна одбранбена стратегија, види во: ХЕМБАХ, Х.: Упатство за стратегија за одбрана, *Прирачник за адвокатски вештини за одбрана во кривичната постапка,* Скопје 2009, стр. 5-16.

смее да се служи со лага.[36] Доколку осомничениот бара од бранителот да го застапува спротивно од материјалната вистина, според КАЕ, бранителот може да го одбие застапувањето, но притоа не смее да преземе активности со кои би можел да му наштети на осомничениот.

ЗКП го овластува бранителот да предлага преземање на одделни процесни дејства и да присуствува на нив. На овој начин, преку присуство во текот на нивното изведување и преку давање конкретни сугестии како тие да се преземаат, се овозможува непосредно остварување на бранителската функција - заштита на интересите на осомничениот преку расчистување дали воопшто се работи за кривично дело или за кое кривично дело се работи, расчистување на спорните прашања, утврдување на фактите кои одат во прилог на одбраната, односно фактите кои го доведуваат во прашање обвинението.

Во таа смисла, од голема важност е присуството на бранителот при испитувањето на осомничениот бидејќи тоа е гаранција дека органот кој го спроведува испитувањето ќе ги почитува процесните одредби и личноста на осомничениот, а воедно ќе се избегнат и притисоците за давање признание.[37] Бранителот треба да го советува осомничениот како да се однесува и да внимава органот кој го врши испитувањето да ги поставува прашањата јасно, разбирливо и прецизно за да може осомничениот да ги разбере, што значи веднаш да реагира доколку му се постави сугестивно или каприциозно прашање. Исто така, треба да ја спречи можната употреба на измама за да се дојде до изјава на осомничениот или до негово признание.[38]

---

[36] Така: МАТОВСКИ, Н.: *Улогата на бранителот во кривичната постапка,* Скопје 1981, стр. 144, 146, кој забележува дека придонесот на бранителот во утврдувањето на вистината е ограничен со неговата помош на обвинетиот, односно дека бранителот му помага на судот само ако тоа му користи на обвинетиот.

[37] Не е случајно што предвидувањето на правото на бранител во законодавствата, КПТ го смета за најзначајна заштитна мерка од незаконитото полициско постапување. Затоа и е препораката доколку лицето нема средства за да ги плати адвокатските услуги, тогаш треба да му се овозможи бесплатна правна помош т.е. бесплатно да му се додели бранител. Од друга страна, КПТ посочува дека полицијата може да го испита лицето за итни прашања, дури и во отсуство на бранителот (кој можеби веднаш не е достапен), а исто така не ја отфрла можноста за замена на бранителот доколку тој го спречува испитувањето. Кога се исполнети законските услови за определен период на лицето да му се одложи пристапот до бранител по негов избор, тоа не значи дека треба целосно да му се укине ова право. Во ваков случај, треба да му се овозможи на лицето пристап до друг независен бранител на кој може да му се верува дека нема да ги загрози легитимните интереси на полициското постапување. Види повеќе во: CPT/Inf/E (2002) 1 - Rev. 2006: *The CPT standards, “Substantive” sections of the CPT’s General Reports,* стр. 9, 12.

Види ги чл. 260 и 261 од С-ЗКП кои се однесуваат на испитувањето на осомничен од страна на полицијата.

[38] Спореди го чл. 231 ст. 1 од ЗКП со чл. 208 од Н-ЗКП кои се однесуваат на забраната за употреба на измама, сугестивни и каприциозни прашања.

Одредбите од ЗКП посветени на почетокот на главниот претрес и испитувањето на обвинетиот пропишуваат дека обвинетиот во текот на главниот претрес може да се договара со својот бранител, но за тоа како ќе одговори на поставеното прашање не може да се советува ниту со својот бранител, ниту со некој друг (чл. 339).

Доколку се работи за испитување кое го врши полицијата, присуството на бранителот му овозможува веднаш да реагира на секое незаконито полициско постапување и да ги заштити интересите на осомничениот. Истото се однесува и на присуството на бранителот при испитувањето кое го врши јавниот обвинител кога ја разгледува и одлучува по кривичната пријава т.е. истражниот судија кога го разгледува и одлучува по барањето за спроведување на истрага.

## 5. Заклучок

Која е улогата на бранителот во предистражната постапка? Ова прашање се поставува имајќи предвид дека ЗКП, ЗП и ПНВПР во неколку одредби потенцираат дека различни категории лица треба да се поучат за правото на бранител и дека треба да им се овозможи да контактираат и да се советуваат со бранителот. Користењето на правото на бранител во предистражната постапка е од големо значење за осомничениот бидејќи најчесто се работи за лице кое нема правна наобразба. Преку стручната помош која му ја дава бранителот, на осомничениот му се овозможува не само да се спротивстави на наводите на спротивната странка туку и да ги отфрли. На тој начин се воспоставува рамнотежа помеѓу двете спротивставени странки - осомничениот и неговиот бранител (од едната страна) и полицијата или јавниот обвинител (од другата страна).[39]

Правото на бранител ги опфаќа правото на осомничениот да контактира со својот бранител и правото да биде посетуван од негова страна. Иако тоа не е пропишано во регулативата, нивните контакти и разговори треба да бидат доверливи и да се остваруваат насамо.[40] Покрај овие две права, правото на бранител го опфаќа и правото бранителот да биде присутен при преземањето на одделни процесни дејства, а особено при испитувањето на осомничениот од страна на органот пред кој се води предистражната постапка. Без разлика пред кој орган истапува, бранителот секогаш треба да се раководи од интересите на осомничениот, да истапува енергично и без страв, а односот кон спротивната странка треба да му биде коректен.[41]

Доколку бранителот прифатил да му даде правна помош на осомничениот, тогаш е должен да го советува, заштитува и да го брани бидејќи само онаа одбрана која е добро подготвена и темелно аргументирана ќе придонесе за заштита на граѓаните од неосновани гонења уште пред почетокот на формалната кривична постапка.

**Користена литература:**


- EDWARDS, A.: *Advising a Suspect in the Police Station - Guidelines for Solicitors (Fourth Edition),* London 1998.
- КАЛАЈЏИЕВ, Г., ТУМАНОВСКИ, Д., ИЛИЌ, Д.: Правичното судење и еднаквоста на оружјето во новиот Закон за кривична постапка, *Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 16, бр. 1*, Скопје 2009.
- КАЛАЈЏИЕВ, Г. (уредил): *Полицијата и човековите права - прирачник за полициска обука*, Скопје 2003.
- КЛИМОВСКИ, С.: *Уставен и политички систем*, Скопје 1997.
- КНЕЖЕВИЌ, С.: Правото на обвинетиот на бесплатна правна помош, *Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 16, бр. 1*, Скопје 2009.
- КРСТЕВСКА, К.: Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка - со посебен осврт на полициските овластувања во работната верзија на новиот Закон за кривична постапка, *Годишник на Факултетот за безбедност - Скопје за 2009 година*, Скопје 2009.
- МАТОВСКИ, Н., ЛАЖЕТИЌ-БУЖАРОВСКА, Г., КАЛАЈЏИЕВ, Г.: *Казнено процесно право,* Скопје 2009.
- МАТОВСКИ, Н.: *Казнено процесно право: посебен дел*, Скопје 2004.


---

[39] Повеќе за положбата на бранителот во одредбите на Н-ЗКП, види во: КАЛАЈЏИЕВ, Г., ТУМАНОВСКИ, Д., ИЛИЌ, Д.: Правичното судење и еднаквоста на оружјето во новиот Закон за кривична постапка, *Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 16, бр. 1*, Скопје 2009, стр. 213-234.

[40] Правото на лицето (осомничен или обвинет) да контактира насамо со својот бранител е предвидено во неколку одредби на Н-ЗКП (чл. 69 ст. 2, чл. 71, чл. 161 ст. 1, чл. 206 ст. 1 т. 1).

[41] Така: КАЕ.

- МАТОВСКИ, Н.: *Улогата на бранителот во кривичната постапка,* Скопје 1981.
- ХЕМБАХ, Х.: Упатство за стратегија за одбрана, *Прирачник за адвокатски вештини за одбрана во кривичната постапка,* Скопје 2009.
- CPT/Inf/E (2002) 1 - Rev. 2006: *The CPT standards, "Substantive" sections of the CPT's General Reports.*
- ШКАРИЌ, С.: *Уставно право - втора книга,* Скопје 1995.

**Користени кратенки и регулатива:**

- **АК:** Адвокатска комора на Република Македонија.
- **ЕКЧП:** Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и нејзините протоколи (Службен весник на Република Македонија, бр. 11/1997, 30/2004, 30/2005).
- **ЕСЧП:** Европски суд за правата на човекот и основните слободи.
- **ЗА:** Закон за адвокатурата (Службен весник на Република Македонија, бр. 59/2002, 60/2006, 29/2007, 106/2008).
- **ЗБПП:** Закон за бесплатна права помош (Службен весник на Република Македонија, бр. 161/2009).
- **ЗКП:** Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија, бр. 15/2005 - пречистен текст, 83/2008, 67/2009).
- **ЗП:** Закон за полиција (Службен весник на Република Македонија, бр. 114/2006, 6/2009).
- **КАЕ:** Кодекс за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија. (Извор: Адвокатска комора на Република Македонија, http://www.mba.org.mk).
- **КЗ:** Кривичен законик (Службен весник на Република Македонија, бр. 37/1996, 80/1999, 04/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 07/2008, 139/2008, 114/2009).
- **КПТ:** Европски комитет за превенција од тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување.
- **МВР:** Министерство за внатрешни работи на Република Македонија.
- **Н-ЗКП:** нов Закон за кривична постапка (верзија: 15.3.2010). (Извор: Министерство за правда на Република Македонија, http://www.pravda.gov.mk).
- **ПМВР:** Правилник за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи (Службен весник на Република Македонија, бр. 12/1998, 15/2003).
- **ПНВПР:** Правилник за начинот на вршење на полициските работи (Службен весник на Република Македонија, бр. 149/2007).
- **С-ЗКП:** Zakonik o krivičnom postupku (Službeni glasnik Republike Srbije, br. 46/2006, 49/2007).
- **Х-ЗКП:** Zakon o kaznenom postupku (Narodne novine Republike Hrvatske, br. 152/2008, 76/2009).
- **УРМ:** Устав на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија, бр. 52/1991) и неговите амандмани (Службен весник на Република Македонија, бр. 01/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 03/2009, 13/2009).

*Katerina Krstevska, MA*
*Faculty of Security- Skopje*

## *THE ROLE OF THE COUNSEL IN THE PRE-TRIAL PROCEDURE*

### *Abstract*

*One of the suspect's fundamental rights, stipulated in Article 6 of the European Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms and in Article 12 of the Constitution of the Republic of Macedonia, is the right to defence presented by personal defence or defence with an assistance of a counsel. Along with the right to notify a third party for the deprivation of liberty and the right to medical care, this right belongs to the "trinity of rights" whose application leads to the reduction of the risk of trickery, intimidation and ill-treatment of the person deprived of liberty by the Police.*

*Actually, the person against whom a pre-trial procedure is being conducted would feel much safer if his counsel is present at the time of the deprivation of liberty, who shall not only advise him, but also immediately react to any unlawful police conduct. Therefore, the counsel's role should be broadly interpreted - he has a task to advise his client, and at the same time to protect him.*

*In order to emphasize the importance of the counsel during the procedure, a quote by a famous film director can be used: "He who represent himself has a fool for a client".*

***Key words:** counsel, suspect, pre-trial procedure, police.*

*м-р Јонче Ивановски*
**асистент на Факултетот за безбедност – Скопје**

# ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ МОРФОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И БИОМОТОРНИ СПОСОБНОСТИ ВРЗ ЕФИКАСНАТА ПРИМЕНА НА ОГНОСТРЕЛНОТО ОРУЖЈЕ КАЈ СТУДЕНТИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

***Резиме***

*Истражувањето е реализирано со цел да се утврди влијанието на предикторскиот систем на варијабли (антропометриски и биомоторни) врз критериумската варијабла (гаѓање со формациска пушка) кај 68 редовни студенти од машки пол на Факултетот за безбедност. Во истражувањето се мерени вкупно дванаесет варијабли од кои единаесет предикторски и една критериумска варијабла. Податоците од мерењата се обработени со основните дескриптивни показатели и линеарна регресивна анализа. Од анализата на добиените податоци е заклучено дека ефикасната примена на огнострелното оружје зависи од морфолошките карактеристики и од биомоторните способности на студентите кои се опфатени со ова истражување, при што најголемо поединечно влијание врз критериумот покажуваат варијаблите телесна тежина (ТТ) и склекови на разбој до отказ (СКЛРА).*

***Клучни зборови:*** *огнострелно оружје, морфолошки карактеристики, биомоторни способности, студенти на ФБ, регресивна анализа.*

## Вовед

Наставата која се реализира со студентите на Факултетот за безбедност има специфичен карактер што подразбира манифестирање на несекојдневни напрегања од страна на студентите во стекнувањето на многубројните знаења и вештини. Една од специфичните содржини со кои се оспособуваат студентите е и способноста за ефикасна примена на огнострелното оружје. Оваа наставна активност има големо позитивно значење во севкупното стручно усовршување на студентите кои по завршувањето на Факултетот за безбедност, како овластени службени лица, имаат можност да ја применат во оперативното полициско работење како дозволено средство за физичка присила, но исклучиво во рамките на пропишаните законски регулативи на Министерството за внатрешни работи. Огнострелното оружје во однос на останатите средства за физичка присила се употребува најмалку бидејќи претставува најтежок облик на присила кој го користат овластените службени лица (ОСЛ) при спроведувањето на полициските овластувања. Со оглед на фактот дека различните ситуации во кои се применува огнострелното оружје се карактеризираат со многу висок степен на ризик, успешното решавање на овие непредвидени ситуации зависи од многубројни фактори меѓу кои во преден план се истакнуваат морфолошките карактеристики и биомоторните способности на ОСЛ.

Во реализацијата на образовниот процес на Факултетот за безбедност по предметот Специјално физичко образование, студентите имаат можност, меѓу другото, позитивно да ги трансформираат и подобрат своите морфолошки карактеристики и биомоторни способности коишто претставуваат основа за формирање на специфични моторни знаења и навики. Овие специфични моторни способности претставуваат важен елемент за целосно оспособување на студентите, посебно во примена на средствата за физичка присила. Затоа релациите и поврзаноста помеѓу морфолошките

карактеристики и биомоторните способности,  од една страна, и ефикасната примена на огнострелното оружје, од друга страна, се исклучително важни за образовниот процес и за полициската практика.

Целта на ова истражување е насочена кон утврдување на влијанието на некои морфолошки карактеристики и биомоторни способности врз ефикасната примена на огнострелното оружје кај студентите на Факултетот за безбедност.

**Метод на работа**

Примерокот на испитаници опфатен со истражувањето изнесува 68 редовни студенти од машки пол на возраст од 20-22 години кои редовно ја имаат посетувано наставната програма од втората студиска година на Факултетот за безбедност во Скопје. Примерокот на варијабли го сочинуваат две групи на варијабли од кои првата е дефинирана како предикторски систем на варијабли, а втората како критериумска варијабла. Предикторскиот систем на варијабли е составен од единаесет варијабли од кои две се морфолошки а останатите девет се биомоторни варијабли, додека критериумската варијабла е составена од една варијабла која дава информации за ефикасната примена на огнострелното оружје. Од морфолошките варијабли се земени оние антропометриски параметри (карактеристики) со кои се проценуваат лонгитудиналната димензионалност и волуминозност на телото, а од биомоторните варијабли се земени оние варијабли кои служат за проценка на биомоторните способности: репетитивна сила на рацете и раменскиот појас, репетитивна сила на предната страна на трупот, статичка сила на рацете и раменскиот појас, експлозивна и брзинска сила на нозете и флексибилност во раменскиот појас и ’рбетниот столб. Со критериумската варијабла се овозможува да се процени способноста за прецизно гаѓање со формациска пушка (во услови кога  телото е во положба на мирување).

- Систем на предикторски варијабли

1. Телесна височина  **(ТВ)**
2. Телесна тежина  **(ТТ)**
3. Згибови на вратило до отказ (**ЗГВРА)**
4. Склекови на разбој до отказ  **(СКЛРА)**
5. Подигање на тег од 30 кг во лежечка положба за 30 секунди **(БЕНЧ30)**
6. Подигнување на горниот дел на телото за 30 секунди **(СТОМ30)**
7. Висење во згиб до отказ  **(ИЗДВР)**
8. Скок во далечина од место **(СДМ)**
9. Трчање на 20 метри од висок старт **(Т20м)**
10. Искрет со палка   **(ИСКПА)**
11. Претклон во седење со расчекорени нозе  (**ПРЕРАС)**

Варијаблите од морфолошкиот простор се мерени според препораките на Интернационалната биолошка програма (ИБП) во која се дадени условите и техниката на мерењата, а варијаблите од биомоторниот простор  се мерени според упатствата кои се презентирани во истражувањето на D. Metikoš со соработниците (1989).

- Критериумска варијабла

1. Гаѓање со пушка - прецизност **(ГАПУШ)**

Прецизниот опис и постапката на мерење на применетата критериумска варијабла (ГАПУШ) се дадени во истражувањето на  Ј. Јакимов[1] (1990).

---

[1] Јакимов Ј.: Утврдување на структурата на психосоматските димензии на овластените униформирани работници во службата за јавна безбедност на територијата на РМ, Скопје 1990. За потребите на ова истражување е извршена одредена модификација на овој тест (ГАПУШ) кој се состои во тоа што е

Батеријата на морфолошки и биомоторни предикторски варијабли со кои се мерени и тестирани студентите на Факултетот за безбедност се спроведени за време на редовната настава по предметот Специјално физичко образование. Притоа, со еден дел од применетите биомоторни тестови (ЗГВРА, СКЛРА, ИЗДВР, и ИСКПА) е извршена проверка на моменталната истренираност и спремност на студентите, а со преостанатиот дел на биомоторните варијабли (БЕНЧ30, СТОМ30, Т20м, СДМ и ПРЕРАС) е извршено семестрално тестирање и оценување на биомоторниот статус на студентите. За разлика од предикторските варијабли, мерењето на критериумската варијабла (ГАПУШ)[2] е извршено по завршувањето на летниот семестар (месец јули), за време на задолжителната теоретска и практична настава по Логорување што се реализира со редовните студенти.

Добиените резултати од тестирањата се обработени со компјутерскиот статистички пакет Statistica 6, при што за сите применети варијабли во истражувањето се пресметани основните статистички показатели: аритметичка средина - (Mean), стандардна девијација - (Std.Dev.), минимален резултат - (Min.), максимален резултат - (Max.), коефициент на варијабилност - (KV%), симетричност - (Skewness) и заобленост - (Kurtosis). Нормалноста на дистрибуцијата на резултатите е тестирана со постапката на Колмогоров и Смирнов (K-S). Меѓусебната поврзаност на применетиот систем на предикторски варијабли е утврден со Пирсоновиот коефициент на корелација (R).

За утврдување на поврзаноста и влијанието на предикторскиот систем и критериумската варијабла е применета линеарна регресивна анализа во манифестен простор со која се пресметани следните параметри: коефициент на детерминација (Delta), коефициент на мултипла-корелација (RO), коефициент на стандардна грешка (Sigma-D), стандарден коефициент на парцијална регресија (Beta), коефициент на интеркорелација (R), коефициент на парцијална корелација (Part-R) и коефициент на значајност на целиот предикторски систем со критериумот (Q).

**Резултати и дискусија**

Дескриптивните статистички показатели на предикторскиот систем на варијабли и критериумската варијабла се прикажани во табелата 1. Анализирајќи ги податоците добиени од примената на методата на Колмогоров и Смирнов може да се констатира дека дистрибуцијата на резултатите кај сите варијабли се движи во границите на нормалната распределба. Од истата табела може да се констатира дека испитаниците како група покажуваат доста голема внатрешна стабилност во речиси сите тестови (ТВ, ТТ, БЕНЧ30, СТОМ30, Т20м, СДМ, ИСКПА, ПРЕРАС и ГАПУШ) со групирање на постигнатите резултати, главно, околу сопствените аритметички средини. Оваа констатација се потврдува и од меѓусебниот однос на останатите мерки на варијабилност (Min., Max., Std.Dev., KV%, Skewness и Kurtosis) чиишто добиени вредности на емпириска дистрибуција значајно не отстапуваат од теоретската нормална дистрибуција. Извесно отстапување од оваа состојба се забележува кај одреден број на варијабли (ЗГВРА, СКЛРА и ИЗДВР) кои се претставници на репететивната и статичка сила на рацете и раменскиот појас. Заедничка карактеристика за овие варијабли е тоа што нивните просечни вредности се нешто повеќе поместени

намалена далечината од која треба да се изврши гаѓањето, односно наместо далечина од 80 метри гаѓањето е спроведено на далечина од 50 метри.

[2] Заради спецификата и тежината на тестот и можните несакани последици коишто можат да произлезат од невнимателноста при ракување со огнострелно оружје, е извршена претходна детална безбедносна подготовка за гаѓање од страна на инструкторскиот тим кој беше задолжен за спроведување на обуката по Логорување.

кон зоната на пониските резултати, што укажува на тоа дека резултатите на испитаниците се концентрирани кон послабите резултати и дека тестовите биле тешки за изведба. На ова упатуваат и пресметаните мерки на варијабилност (Std.Dev. и KV%) каде што вредностите на стандардните девијации се преголеми во однос на аритметичките средини, а вредностите на коефициентите на варијабилност укажуваат на релативно слабата хомогеност на варијаблите.

**Табела 1.** Основни статистички параметри на предикторскиот систем на варијабли и критериумската варијабла

| варијабли | N | Mean | Min. | Max. | Std. Dev. | KV% | Skewness | Kurtosis | K-S |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. ТВ** | 68 | 78,37 | 62 | 100 | 9,67 | 12,33 | 0,32 | -0,86 | .11 |
| **2. ТТ** | 68 | 179,47 | 165 | 191 | 4,62 | 2,57 | -0,23 | 0,48 | .08 |
| **3. ЗГВРА** | 68 | 10,82 | 3 | 24 | 5,17 | 47,78 | 0,94 | 0,51 | .18 |
| **4. СКЛРА** | 68 | 16,90 | 6 | 41 | 8,17 | 48,34 | 1,53 | 2,10 | .19 |
| **5. БЕНЧ30** | 68 | 36,60 | 17 | 50 | 6,56 | 17,92 | -0,57 | 0,55 | .11 |
| **6. СТОМ30** | 68 | 30,47 | 24 | 36 | 2,86 | 9,38 | -0,02 | -0,04 | .13 |
| **7. ИЗДВР** | 68 | 51,65 | 19 | 100 | 17,70 | 34,26 | 0,15 | -0,24 | .07 |
| **8. СДМ** | 68 | 237,51 | 204 | 300 | 17,44 | 7,34 | 0,67 | 1,25 | .06 |
| **9. Т 20m** | 68 | 288,68 | 256 | 323 | 12,53 | 4,34 | 0,30 | 0,83 | .11 |
| **10. ИСКПА** | 68 | 79,00 | 42 | 118 | 15,31 | 19,37 | 0,24 | 0,19 | .08 |
| **11. ПРЕРАС** | 68 | 45,25 | 27 | 67 | 7,04 | 15,55 | 0,20 | 1,14 | .10 |
| **12. ГАПУШ** | 68 | 35,63 | 14 | 56 | 9,15 | 25,68 | 0,07 | -0,08 | .11 |

Причината за слабите резултати во овие варијабли треба да се бара во моменталната физичка подготвеност на студентите коишто во тој период од наставата многу помалку време посветуваат на индивидуалното и дополнително вежбање. Имајќи ги предвид добиените резултати од истражувањето за сите третирани варијабли во делот на дескриптивната статистика, може да се каже дека во голема мерка се очекувани со оглед на тоа што популацијата од која е извлечен примерокот е подложен на конституционална, биомоторна и психолошка селективност при постапката на прием на Факултетот за безбедност.

Со цел да се утврди степенот на влијание и поврзаноста помеѓу предикторскиот систем на варијабли и критериумската варијабла, најнапред е пристапено кон утврдување на меѓусебните врски и релации на предикторските варијабли. Врз основа на резултатите добиени од матрицата на интеркорелацијата (табела 2), може да се забележи дека висината на коефициентите на корелација покажуваат различни и во голем број статистички значајни вредности кои се движат од ниско до релативно високо ниво, односно од .24[3] до .66. Така, највисока меѓусебна поврзаност се забележува помеѓу варијаблите за проценка на репетитивна сила на рацете и раменскиот појас ЗГВРА и СКЛРА, а најмала поврзаност помеѓу варијаблата за проценка на лонгитудиналната димензионалност ТВ и ЗГВРА. Во рамките на дадениот систем се забележуваат неколку блокови на варијабли кои значајно корелираат помеѓу себе со доста голема внатрешна хомогеност, но и блокови кај кои не постои речиси никаква поврзаност.

[3] За оваа големина на примерок е значајна секоја корелација еднаква или поголема од (.23) на ниво од ($p < 0,05$).

**Табела 2.** Матрица на интеркорелација на предикторскиот систем на варијабли на ниво од (p < 0,05)

| **варијабли** | **ТВ** | **ТТ** | **ЗГВРА** | **СКЛРА** | **БЕНЧ30** | **СТОМ30** | **ИЗДВР** | **СДМ** | **Т 20m** | **ИСКПА** | **ПРЕРАС** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТВ** | 1,00 | | | | | | | | | | |
| **ТТ** | **0,27*** | 1,00 | | | | | | | | | |
| **ЗГВРА** | **-0,24*** | -0,15 | 1,00 | | | | | | | | |
| **СКЛРА** | 0,00 | **-0,33*** | **0,66*** | 1,00 | | | | | | | |
| **БЕНЧ30** | **0,52*** | -0,04 | **0,30*** | **0,52*** | 1,00 | | | | | | |
| **СТОМ30** | -0,00 | -0,05 | 0,03 | -0,02 | -0,09 | 1,00 | | | | | |
| **ИЗДВР** | **-0,53*** | 0,15 | **0,37*** | 0,08 | **-0,26*** | 0,07 | 1,00 | | | | |
| **СДМ** | -0,04 | 0,21 | **0,51*** | **0,37*** | 0,20 | 0,01 | **0,34*** | 1,00 | | | |
| **Т 20m** | -0,03 | -0,05 | -0,11 | -0,09 | -0,05 | **-0,36*** | -0,13 | -0,15 | 1,00 | | |
| **ИСКПА** | 0,17 | -0,02 | 0,16 | 0,21 | 0,18 | 0,00 | -0,07 | 0,01 | 0,10 | 1,00 | |
| **ПРЕРАС** | 0,19 | 0,03 | 0,10 | 0,15 | 0,04 | **0,29*** | 0,04 | 0,07 | -0,10 | 0,12 | 1,00 |

Од оваа претходно искажана состојба може да се констатира дека кај варијаблите кои имаат ист предмет на мерење меѓусебните врски се средни и релативно високи, а што се однесува до корелацијата помеѓу варијаблите коишто имаат различни предмети на мерење, односно што припаѓаат на различни групи тие се ниски и безначајни, што значи дека резултатите на корелациите на предикторските варијабли не се зависни едни од други бидејќи мерат различни фактори.

Во табела 3 се прикажани резултатите од регресивната анализа со која го тестиравме меѓусебното влијание на третираните варијабли во истражувањето. Врз основа на добиените резултати од регресивната анализа се забележува дека антропометриските и биомоторните варијабли како предикторски систем статистички значајно влијаат врз критериумската варијабла гаѓање со пушка- прецизност (ГАПУШ) на ниво од Q = .04 со коефициент на мултипла-корелација RO = .40 и коефициент на детерминација DELTA = .16. Од вредноста на коефициентот на мултипла-корелацијата може да се констатира дека наведениот коефициент, заедничкиот варијабилитет помеѓу предикторските варијабли и критериумската варијабла го објаснува со 16%. Ова значи дека ефикасноста во гаѓање со формациска пушка кај студентите зависи, во овој случај, од нивните морфолошки карактеристики и биомоторни способности. За преостанатите 84% од необјаснетата варијанта на критериумската варијабла (ГАПУШ), може да се припишат некои други фактори, односно карактеристики на испитаниците кои не беа предмет на ова истражување, а кои дејствуваат на ефикасноста на критериумската варијабла, како на пример: други морфолошки карактеристики и биомоторни способности, претходно искуство при употреба на огнено оружје, условите за време на мерењето на варијаблите, грешки при мерењето и слично.

**Табела 3.** Регресивна анализа на критериумската варијабла гаѓање со пушка-прецизност (ГАПУШ)

| **Варијабли** | **R** | **Part-R** | **Beta** | **Std.Err.** | **T-test** | **p-level** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. ТВ** | -0,03 | 0,17 | 0,26 | 0,20 | 1,29 | 0,20 |
| **2. ТТ** | -0,12 | **-0,28** | **-0,35** | 0,16 | **-2,20** | **0,03*** |
| **3. ЗГВРА** | -0,11 | 0,06 | 0,09 | 0,20 | 0,44 | 0,66 |
| **4. СКЛРА** | -0,23 | **-0,25** | **-0,36** | 0,20 | **-1,98** | **0,05*** |
| **5. БЕНЧ30** | -0,17 | -0,07 | -0,10 | 0,19 | -0,52 | 0,60 |
| **6. СТОМ30** | 0,03 | -0,05 | -0,06 | 0,14 | -0,40 | 0,69 |
| **7. ИЗДВР** | 0,07 | 0,17 | 0,22 | 0,17 | 1,26 | 0,21 |
| **8. СДМ** | -0,11 | -0,00 | -0,00 | 0,16 | -0,01 | 0,99 |
| **9. Т 20m** | -0,10 | -0,12 | -0,13 | 0,14 | -0,93 | 0,36 |
| **10. ИСКПА** | -0,12 | -0,06 | -0,06 | 0,13 | -0,44 | 0,66 |
| **11. ПРЕРАС** | -0,03 | -0,02 | -0,02 | 0,14 | -0,12 | 0,90 |

**RO = .40 DELTA = .16 F = 2,65 Q = .04**

Од анализата на поединечното влијание на предикторските варијабли врз критериумската варијабла може да се забележи дека таа значајност ја имаат само две од единаесет предикторски варијабли. Тоа се варијаблите телесна тежина (ТТ) и склекови на разбој до отказ (СКЛРА) кои имаат највисоки регресивни коефициенти (Beta) и парцијални корелации (Part-R) на сигнификантно ниво од 5% (p = 0,03 и p = 0,05). Врз основа на негативниот предзнак и инверзната поставеност на двете варијабли спрема критериумската варијабла, може да се констатира дека подобри резултати во гаѓањето со пушка постигнуваат оние студенти кои имаат помала телесна тежина и подобри резултати во биомоторниот тест склекови на разбој до отказ (СКЛРА)[4].

## Заклучок

Истражувањето е реализирано на примерок од 68 студенти од машки пол на Факултетот за безбедност во Скопје на возраст од 20-22 години. Во истражувањето со примена на линеарна регресивна анализа во манифестен простор беше утврдено влијанието на предикторскиот систем на варијабли (антропометриски и биомоторни) врз критериумската варијабла гаѓање со пушка - прецизност. Врз основа на добиените резултати од истражувањето може да се констатира дека:

1. Предикторскиот систем на антропометриски и биомоторни варијабли има статистички значајно влијание врз успешноста во гаѓање со формациска пушка, при што оваа ефикасна примена на огнострелното оружје зависи од морфолошките карактеристики и биомоторните способности на студентите.
2. Најголемо значајно парцијално влијание врз критериумската варијабла покажуваат варијаблите телесна тежина (ТТ) и склекови на разбој до отказ (СКЛРА).

[4] За позитивното влијание на овој тест врз критериумот единствена реална егзистенција има само доколку се третира во спротивна насока.

3. Подобри резултати во гаѓање со формациска пушка се забележува кај студентите коишто имаат помала телесна тежина и подобри резултати во изведување склекови на разбој.
4. Потребно е да се применат поголем број тестови од поширокиот заеднички антрополошки простор на испитаниците за да се зголеми предикцијата врз критериумската варијабла.

Од добиените резултати во истражувањето, генерално, може да се изведе заклучок дека со применетиот регресивен модел во голема мерка се успеа во намерата да се објасни еден мал сегмент од комплексниот антрополошки простор, меѓутоа потребно е да се реализираат и други понатамошни истражувања со кои ќе се овозможи да се разоткријат и другите можни релации во рамките на тој простор за да се добијат што е можно поголем број информации за тие релации.

## Користена литература


1. Bala G.: Logičke osnove metoda za analizu podataka iz istraživanja u fizičkoj kulturi, Sava Munčan, Novi Sad 1986.
2. Vučkovič G., Dopsaj M.: Efikasnost upotrebe službenog oružja kod studenta kriminalistiko-policijske akademije, Bezbednost, Policiska akademija, Beograd 2007, (2) str. 139-159.
3. Vuckovic G., Dopsaj M.: Predicting efficiency of situational pistol shooting on the basis of motor abilities of the students of Academy of criminalistic and police studies. Serbian Jounal of Sports Sciences, 2007, str. 23-36.
4. Јакимов Ј.: Утврдување на структурата на психосоматските димензии на овластените униформирани работници во службата за јавна безбедност на територијата на РМ, Докторска дисертација, ФФК, Скопје 1990.
5. Јакимов Ј.: Утврдување на некои обележја на релацијата помеѓу конативните карактеристики и способноста за ситуациона примена на формацискoто огнострелно оружје кај овластените униформирани работници во СЈБ, Годишник на Факултетот за безбедност, 1992, стр. 61-74.
6. Miloševič M., Lazendič O.: Relacije generalnog faktora specifične motoričke aktivnosti milicionera i testovi snage, 13 maj, (1), 1986, str. 61-65.
7. Metikoš, D. i sar.: Mjerenje bazičkih motoričkih dimenzija sportaša, Fakultet za fizičku kulturu u Zagrebu, Zagreb 1989, str. 10.
8. Туфекчиевски А., Јакимов Ј., Ангелески Д.: Релации помеѓу морфолошките карактеристики и специфичните моторички карактеристики кај студентите на Факултетот за безбедност во Скопје, Годишник на Факултетот за безбедност, 1993, стр. 245-252.

***Jonce Ivanovski, MA***
***Faculty of Security- Skopje,***

# *THE IMPACT OF CERTAIN MORPHOLOGICAL CHARACTERISTCS AND BIOMOTOR ABILITIES ON THE EFFICIENT USE OF FIREARMS AMONG STUDENTS AT THE FACULTY OF SECURITY*

***Abstract***

*This research was carried out in order to determine the impact of predictive system of variables (anthropometric and biomotor) on the criterion variable (firearm shooting) among 68 full-time male students at the Faculty of Security. A total of twelve variables were measured – eleven predictive variables and one criterion variable. The data from the research were processed with basic descriptive indicators and linear regression analysis. From the analysis of the acquired data it was concluded that the effective use of firearms depends on the morphological characteristics and biomotor abilities of the students who participated in the research, with highest individual impact of the variable weight (w) as well as the variable push ups on parallel bars (PPB)*

*Key words: firearms, morphological characteristics, biomotor abilities, Faculty of Security students, regression analysis.*

*м-р Младен Трајков*
**Виш полициски советник – обучувач**
**Центар за обуки на Министерството за внатрешни работи**
**www.mladen.trajkov@gmail.com**

# НАРУШУВАЊАТА НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР ПОВРЗАНИ СО СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

***РЕЗИМЕ***
*Во трудот **Нарушувањата на јавниот ред и мир поврзани со спортските манифестации,** преку краток осврт врз значењето на овие случувања, претставено е следното: вовед во кој е дадена темата и причините за појавата, следи определување на поимите кои се клучни за темата, и преку три тематски содржини е претставен и обработен проблемот. Во првата тематска единица е претставено општо за нарушувањата на јавниот ред и мир и развојот на законодавството, како и табеларен приказ на поднесоците по специјалните закони. Во втората тематска единица е претставено значењето на овие прекршоци и во третата странските искуства после трагедијата во Хејсел, од кога започнува новата ера на регулирање на оваа материја. На крајот се претставени заклучните согледувања кои произлегле од обработката на темата, како и библиографијата која е користена.*

***Клучни зборови:*** *спортски манифестации, нарушување на јавен ред и мир, хулиганизам, вандализам*

## ВОВЕД

Проблемите со јавниот поредок поврзани со нарушувњата на јавниот ред и мир околу спортските манифестации се еден безбедносен феномен кој има своја историја што започнала многу одамна, со појавата на спортските манифестации.

Според одредени документи споменати од страна на проф. д-р. Ангелески, масовни инциденти започнале да се појавуваат на фудбалски натпревар од првата половина на XIV век, во Лондон, во 1314 година.[1]

За успешна обработка и елобарација на овој безбедносен феномен ќе бидат опфатени повеќе негови аспекти и преку анализа ќе бидат извлечени заклучоци за дадената област.

Елаборацијата на феноменот ќе биде извршена преку компарација на прописите во Република Македонија и соседството кои ја регулираат областа нарушувања на ЈРМ и спортските манифестации, искуствата од различни земји, мерките и активностите за нивно решавање и, секако, најзначајниот карактер на појавата, превенцијата.

## ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ

Заради дефинирање на појавата, на почетокот е неопходно да се определат некои поими кои ќе циркулираат во текстот за да можат подобро да се разберат.

**Спортски натпревар,** според законската дефиниција е секое поединечно натпреварување во организиран систем на спортски натпревари, согласно одредбите на Законот за спорт.[2]

Според Српскиот закон, спортски приредби се спортски натпреварувања и спортски манифестации.[3]

---

[1] Годишник на факултетот за безбедност бр.1 од 1999/2000, стр.59, "Заради фудбал дошло до големи немири", така што привремено било забрането одржување фудбалски средби во овој град.

[2] Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, Службен весник на РМ бр.84/04 и 142/08, чл.2

Според Хрватскиот Закон, спортско натпреварување се смета секое натпреварување во систем на спортско натпреварување кое е воспоставено согласно Законот за спорт, во кое се натпреваруваат домашен и гостински спортски клуб.[4]

Според Црногорскиот закон, спортски приредби се организирани спортски средби и натпреварувања.[5]

Според Босанско-Херцеговскиот закон, спортско натпреварување е секоја организирана спортска средба и собирање.[6]

Споредувајќи ги сите погоре наведени дефиниции, лесно може да се дојде до заклучокот дека, во основа, сите дефиниции имаат заеднички именител спортски натпревар а, во зависност од државата, има и пократка и подолга дефиниција со објаснување.

**Нарушување на јавниот ред и мир**, според Македонскиот закон за прекршоци против ЈРМ, врши секој кој со своето однесување или постапка го нарушува мирот, работата или вообичаениот начин на живеење, ги омаловажува, понижува или навредува граѓаните, на јавно место ја загрозува нивната безбедност или создава несигурност, го оневозможува непреченото движење на граѓаните на јавни места или го нарушува остварувањето на нивните права и обврски, ја попречува работата или извршувањето на надлежностите на државните органи и други институции кои вршат јавни овластувања, или вршење на дејностите на правните лица или на друг начин го нарушува јавниот ред и мир[7].

**Прекршок**, според основниот закон за прекршоци, е противправно дело кое со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција[8].

**Кривично дело,** според македонскиот кривичен законик, е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.[9]

**Насилство,** според македонскиот кривичен законик, е дефинирано тој што друг малтретира, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв.[10]

**Група,** според P.Hofstätter[11], го определува поимот како, најмалку две лица, чие однесување е со заемно влијание. Групата мора да има заедничка цел, да комуницира меѓусебно, во неа улогите се издиференцирани, но таа делува заеднички.

**Толпа,** според H.C.Waren, поимот толпа е агрегација, чии членови дејствуваат насилнички и под невообичаени емоционални околности, обидувајќи се најчесто да ги контролираат акциите на оние кои им се спротивставуваат[12].

---

[3] Закон о спречавању насиља и недоличног понашања на спортским приредбама,Службени гласник Републике Србије, чл.2

[4] Закон о спречавању нереда на шпортским натјецањима, Народне новине, 620-03/03-01/01, 15 српањ 2003, чл.3 ст1

[5] Закон о спречавању насиља и недоличног понашања на спортским приредбама, Службени лист Републике Црне Горе бр. , чл.2 ст.1, т.1

[6] Закон о спречавању насиља на спортским такмичењима у Босни и Херцеговини, Службени гласник Босне и Херцеговине, бр.   Чл.2, ст.1а

[7] Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, Службен весник на РМ. Бр.66/2007, чл.2

[8] Закон за прекршоците, Службен весник бр.62/2006, чл.5

[9] Кривичен Законик , Сл.весник на РМ, бр.19/04, 81/05, 73/06, 7/08, 139/08, 114/2009

[10] Ibid, so br.8

[11] Ревија за криминалистика, криминологија и кривично право Безбедност, Скопје 1993, стр.605

[12] Ibid. str. 606

**Маса** како поим е дефинирана од повеќе автори кои се сложуваат дека тоа е мнозинство во акција, кое повторно се распаѓа кога ќе запре надворешниот предизвик.[13]

За разлика од нив има и автори кои малку поинаку го дефинираат овој поим. F. Dorsch, "Масата е мноштво на луѓе, кое нема никаква изразита структура, но заради заедничките примитивни мотиви манифестираат релативно единство во однесувањето. Мнозинството се претвора во маса (толпа) тогаш кога со него почнуваат да владеат нагонските, емоционалните и ирационалните фактори"[14].

**Вандализам** доаѓа од латинскиот збор **Vandali,** којшто во слободен превод може да се дефинира како диво, очигледно немотивирано уништување или оштетување на имот без полза за кој и да е, или како противзаконско уништување или оштетување на имот со било каков метод вклучувајќи го и палежот. Општо прифатена е дефиницијата дека вандализмот е намерно уништување, оштетување или разорување на општествен или приватен имот.[15]

**Хулиганизам** претставува намерно уништување, оштетување или разорување на општествен или приватен имот и нанесување на лесни, тешки повреди и смрт на физички лица.[16]

Жртви на ваквото однесување може да бидат неколку вида, и тоа:физички лица, приватен имот, движен или недвижен, и општествен имот, движен или недвижен.

## 1. ОПШТО ЗА НАРУШУВАЊАТА НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Проблемот со нарушувањата на јавниот ред и мир (во натамошниот дел од текстот само ЈРМ) ниту е нов ниту пак е необработен. Токму поради последиците што се предизвикуваат со сторувањето на прекршоците и трпењето на некоја штета од страна на граѓаните или општествената заедница, направено е законско регулирање на областа прекршоци. Кога станува збор за прекршоците, може да бидат поделени во повеќе области: ЈРМ, сообраќај, поредок и други, но за нас, при обработката на оваа тема, значајни се прекршоците против ЈРМ и оние кои се предвидени во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Токму од погоре наведената причина, за спореба се земени држави кои потекнуваат од поранешната заедничка држава, а сега соседи на балканскиот простор. После распаѓањето на СФР Југославија, сите новоформирани држави уште извесен период го задржаа важењето на прописите кои важеа во заедничката држава, сè до донесувањето на новите прописи во секоја држава одделно. Овој принцип важеше и за Република Македонија. Од денешна перспектива, претставени се прописите кои важат во моментов во следниве земји: Република Македонија, Република Србија, Република Хрватска и Федерацијата на Босна и Херцеговина.

Според достапноста на прописите, подготвена е следната табела за претставување на прописите кои во моментов се на сила во погоре наведените држави.

---

[13] Ibid, str. 605
[14] Ibid, str. 605
[15] д-р Васко Василевски , *Методика на откривање, докажување, разјаснување и спречување на насилничко однесување (хулиганство)*, Факултет за безбедност, Скопје 1995, стр.13
[16] Ibid, str.16

**Табела бр.1 Прописи кои ја регулираат областа прекршоци во земји кои потекнуваат од поранешната заедничка држава СФРЈугославија.**[17]

| Реден број | држава | Општ закон за прекршоци Година на донесување | Закон за прекршоците против ЈРМ | Закон за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари, и измени и дополненија |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Република Македонија | 2006 | 2007 | 2004 и 2008 |
| **2** | Република Србија | 2004 | / | 2003 и 2005 |
| **3** | Република Хрватска | / | 1990 | 2003, 2006 и 2009 |
| **4** | Република Црна Гора | / | 1994 | / |
| **5** | Федерација Босна и Херцеговина | / | / | 2007 и предлог нов закон 2009 |

Во табелата се останати повеќе полиња празни поради неможноста да се обезбедат соодветните прописи. Следејќи го табеларниот приказ и анализирајќи ги некомплетните податоци претставени во него, може да се извлече следниов заклучок.
Сите претставени земји во однос на основниот закон за нарушувањата против ЈРМ, имаат свој тренд на измени на постојните закони кои биле донесени непосредно по осамостојувањето и е пристапено кон нивно дополнување или донесување на комплетно нови прописи.

Интересна е последната група на податоци кои се однесуваат на регулирање на областа насилство, кое е поврзано со спортот, и тука има апсолутна еволуција на законодавството кое во ниедна од прикажаните држави не останало на почетното ниво. После 2003 година секаде има тренд на постојано дополнување и промени.

Ваквиот тренд во претставените држави е инициран од повеќе причини: зачестените нарушувања на ЈРМ кои се поврзани со спортските и други манифестации, пројавеното насилство, разгорувањето на национализмот во новоформираните држави, елиминирањето на причините и последиците од ваквите појави и на крај, секако, преземените обврски на државите кои имаат аспирации за влез во Европската унија. Овие се главните причи поради кои овие држави мораат да го хармонизираат своето законодавство со законодавството на ЕУ.

Како пример колкава е застапеноста на овој специфичен вид на прекршоци е табелата од достапните податоци, но битно е да се напомене дека овие податоци се чисти поднесоци по законот, иако има прелевање на поднесоци и по други закони а кои се иницирани по овој основ. За Република Македонија не се обезбедени податоци за внесување во овој преглед.

[17] Податоците се симнати од официјалните веб страници на министерствата во наведените држави:
www.mvr.org.mk **(март 2010)**
www.mup.rs **(март 2010)**
www.mup.hr **(март 2010)**
www.mup.ba **(март 2010)**

**Табела 2. Преглед на поднесоци по Закон за спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревари**

| Прекршоци по Закон за спречување на насилството и недолично однесување на спортски натпревар по држави | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | / | / | / | / |
| Република Хрватска | 680 | 878 | 904 | / |
| Федерација Босна и Херцеговина | 204 | 180 | 234 | 308 |

## 2. ЗНАЧЕЊЕТО НА НАРУШУВАЊАТА НА ЈРМ КОИ СЕ ПОВРЗАНИ СО СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

Кога се зборува за нарушувањата на ЈРМ, без разлика дали се со општо значење или пак се поврзани со спортот, неминовно е виктимазацијата на граѓаните да го има најголемото значење.

Сите прекршоци од оваа област, помалку или повеќе, се поврзани со нанесување на одредени штетни последици за некого, и при нивното сторување, вообичаено, има и други граѓани кои се индирекно вмешани гледајќи го проблемот, чувствувајќи ги последиците или санирајќи ги направените штети. Токму од овие повеќезначајни причини не може да стане збор за изолирани случаи, туку за настани кои предизвикуваат и одредени психички и физички последици по граѓаните, пред сè предизвикувајќи страв, револт, загриженост, нанесувајќи им болка од претрпените физички повреди.

Од друга страна, овие прекршоци во земјите кои сè уште ја развиваат демократијата многу лесно може да предизвикаат последици со непроценливи штети по безбедносната состојба, меѓуетничките односи, човековите права, соживотот, меѓуконфесионалните односи и др.

Овде, пред сè, станува збор за држави кои се во развој, кои неодамна излегоа од војни, каде има нестабилен мир, големи количества на нелегално оружје кај населението и сите се со мешовит етнички состав. Ако успешно се менаџира спроведувањето на донесените прописи, се дејствува проактивно на превенирање на штетните појави, само тогаш може да се очекуваат позитивни ефекти, во спротивно, и еден мал изолиран инцидент може да предизвика многу поголем проблем со пошироки размери.

Од друга страна, предизвикувањето на прекршоците од овој тип прават огромни штетни последици и по државата: повредени граѓани, побарана и укажана медицинска помош, исплатени осигурителни штети, отсуства од работа, болничко лекување, непотребно и бројно ангажирање на државниот перснонал, полиција, медицински екипи, пожарникарски екипи и други чинители.

Штетите кои се предизвикуваат со ваквото однесување, пред сè губењето на голем број млади животи кои не можат да се надоместат, прво во европските земји а

подоцна и насекаде во светот, придонесе за донесување на специјални прописи и мерки и активности за превенирање на оваа појава[18].

Иако не е прв ниту последен, најзначаен настан кој комплетно го промени однесувањето на државата кон овој вид прекршоци се настаните од 02.05.1985 кои се случија на стадионот Хејсел, Брисел, Белгија (**Haysel Stadium, Brussels,Belgium)**, кога од вкупната бројка на посетители на стадионот 39 лица го изгубиле животот во предизвиканите нереди.[19]

## 3. СТРАНСКИ ИСКУСТВА ЗА ОВОЈ ПРОБЛЕМ ПО ХЕЈСЕЛ 1985 И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНИРАЊЕ НА ПОЈАВАТА

Со цел превенирање на појавата во европски и светски размери, на предлози од државите кои биле најмногу погодени од ваквите случувања (Англија, Франција, Белгија, Италија и др.), преку светската фудбалска федерација се побарани решенија кои ќе придонесат за елиминирање на причините за настанување на вакви катастрофални последици.

Искуствата на европските земји во борбата со хулиганите и нивното вандалско однесување каде што се предизвикуваат големи материјални штети и се применува физичко насилство придонеле за развивање на соодветни механизми за превенција [20]. Самата појава е поврзана со повеќе чинители кои се, директно или индиректно, меѓусебно поврзани, и токму од оваа причина, во тие насоки и се развива концептот на превенирање на појавата. Повеќе може да се види општо за превенцијата на прекршоците против ЈРМ во Годишникот на факултетот за безбедност за 2009 година[21].

Мерките за одговорност уште во 1993 година проф. Водинелиќ ги поделил во три групи: 1. градежно – технички, 2. организациски и 3. полициски.[22]

Ваквите поделби и насоките кои ги давале криминалистите и другите чинители се прифатени од светската фудбалска федерација и преточени во официјални документи-правилници кои стапиле на сила во 2006 год.[23]

Како чинители во една спортска манифестација се појавуваат:

- Објектот во кој ќе се одвива манифестацијата
- Клубовите учесници во натпреварот
- Комесарот за безбедност
- Редарските служби
- Безбедносните сили
- Медицинската екипа
- Противпожарната екипа
- Екипата за одржување на електричната енергија
- Спикерот и разгласот

---

[18] Донесени се специјалните закони за спречување на насилното однесување во сите европски и поголемиот број неевропски земји, посебно земјите кои се на пат за пристапување во ЕУ.

[19] Иван Анастасовски , и други, *Превенција и репресија на насилството на фудбалските стадиони,* 2009,Фудбалска федерација на Македонија, стр.52

[20] Жељко Петковиќ *, Превенција криминалитета на шпортским стадионима кроз планирање околиша,* Полиција и сигурност бр.3,2009, стр 365

[21] Младен Трајков, Превенција на нарушувањата на ЈРМ, Годишник на факултетот за безбедност 2008/2009, стр.207

[22] Владимир Водинелиќ, *Тактика на откривање и спречување на криминалитетот кравал (особено во случаите на насилнички демонстрации)*, Безбедност 1993,Скопје,стр.603

[23] Правилник за сигурност и безбедност на УЕФА,2006

Правилник на УЕФА за инфраструктура на стадион,2006

- Телевизиските екипи
- Техничките екипи за заштита
- Публиката.[24]

Секако дека освен овие чинители кои се поврзани со самата спортска манифестација и нејзиното одржување, постојат и голем број на други предуслови кои треба да бидат исполнети: приодни патишта до спортскиот објект со соодветен капацитет на проточност, доволен број на паркинг места, соодветна инфраструктура, тоалети, продавници, патеки, видеонадзор и др.

Исто така значајно е прибирање на сознанија за локации на собирање на публиката и правци на движење, локации до каде ќе дојде гостинската публика и нејзино прифаќање, нивното движење до спортскиот објект и безбедно сместување на трибините, соодветен преглед на сите посетители на спортскиот објект а посебно на помладите категории кои внесуваат соодветни реквизити, како и нивното оддалечување после завршување на спортскиот настан.[25]

Овде треба да се споменат сите формирани навивачки групи во Македонија, иако сите не се постојано активни или не функционираат:

Комити запад, Скопје (ФК Вардар)
Чкембари, Битола (ФК Пелистер)
Мајмуни или Маркови внуци, Прилеп (ФК Победа)
Војводи, Тетово (ФК Тетекс)
Лојал Фанс, Скопје (ФК Вардар)
Шверцери, Скопје ( Слога-југомагнат)
Балисти, Тетово
Гемиџии, Велес
Вампири, Гостивар
Фаланга, Штип
Ајдуци, Струмица (ФК Беласица)
Романтичари, Скопје (ФК Работнички)
Лозари, Кавадарци
Кумани, Куманово
Лавови, Скопје (ФК Македонија Ѓорче Петров)
Рибари, Охрид
Паткари, Струга
Абре Убре, Пробиштип
Багери, Саса
Ѓаоли, Кичево, и други понезабележителни.

Бидејќи е најсвеж примерот со настанот од плоштадот во Скопје од 06.03.2010, истиот ќе го коментирам како негативен пример на полициско обезбедување кое не е до крај спроведено, иако настаните од претходниот случај во населбата Нерези од месец август 2009 година сè уште се свежи.[26]

---

[24] Правилник за безбедноста на фудбалските натпревари, 2005,Фудбалска федерација на Македонија, чл.2

[25] Владимир Водинелиќ, *Тактика на откривање и спречување на криминалитетот (особено во случаите на насилнички демонстрации),* Безбедност 1993,Скопје,стр.613

[26] Група навивачи комити со коцки и камења нападнала лизгачи во отвореното лизгалиште на плоштадот во Скопје, објавено во Дневник
http://www.dnevnik.com.mk/?itemID=144CC13E82F9654781179E9BD635F6A8&arc=1

## ЗАКЛУЧОК

Преку обработката на оваа тема се дадени само кратки осврти на оваа многу значајна појава, која во светски рамки зазема сѐ поважно место и предизвикува големо внимание бидејќи се јавува како еден отпор кон општеството. Ниту овие десетина страници се доволни, ниту разработката по обем може да опфати сѐ што е потребно, но доволно е да биде искористена како почетна иницијатива за еден поголем истражувачки проект.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелески Методија, *"Карактеристики на насилничките и агресивните однесувања на спортските натпревари и правци на општествената реакција"*, Годишник на факултетот за безбедност бр.1, Скопје година 1999/2000, стр.56
2. Анастасовски Иван, и други, *"Превенција и репресија на насилство на фудбалските стадиони"*, ФФМ, 2009
3. Василевски Васко, Предавања, *"Методика на откривање, докажување, разјаснување и спречување на насилничко однесување (хулиганство)"*, Факултет за безбедност Скопје,1995,
4. Дујовски Никола, *"Шенген и потоа"*, Уни конзим Кочани, 2009,
5. Кајзер Гинтер, *"Криминологија"*, Александрија, Скопје, 1995,
6. Камбовски Владо, *"Казнено право-четврто дополнето издание"*, Просветно дело Скопје, 2003,
7. Козарев Атанас, *"Насилството и фудбалскиот хулиганизам во Република Македонија"*, Стеда графика, Скопје, 2007.
8. Лазароски Јаков, *"Алтруистичко и агресивно однесување"*, Матица македонска, Скопје-Мелбурн, 1997,
9. Петковиќ Жељко, *"Превенција криминалитета на шпортским стадионима"*, Полиција и сигурност бр.3, Загреб - МУП, 2009, стр.365
10. Подхрашки Фрањо, Тршински Стјепан, *"Поступање полиције према одредбама прекршајног закона"*, Полиција и сигурност бр.2, Загреб - МУП, 2009, стр.247
11. Трајков Младен, "*Превенција на нарушувањата на ЈРМ"*, Годишник на факултетот за безбедност 2008/2009, стр.207


## ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И ДОКУМЕНТИ


1. Закон за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари, Службен весник на РМ, бр.89/04 и 142/08
2. Закон о спречавању насиља и недоличног понашања на спортским приредбама, Службени гласник Републике Србије, бр.67/03 и 101/05
3. Закон о спречавању нереда на шпортским натјецањима, Народне новине бр.01-081-03-2630/2, бр.620-03/03-01/01, бр.620-03/06-01/01
4. Закон о спречавању насиља и недоличног понашања на спортским приредбама, Службени лист Републике Црне горе
5. Закон о спречавању насиља на спортским такмичењима у босни и херцеговини,Службене новине Босне и Херцеговине бр.7/2007
6. Закон за јавни собири,Службен весник на РМ, бр.55/95
7. Статистички показатељи, Стање ЈРМ у 2006, 07, 08 и 09 година у БиХ.
8. Преглед темељних сигурносних показатеља и резултата рада у:2006,07,08 и 09 Загреб, Хрватска
9. Анализи, За состојбата во областа на јавниот ред и мир во првите девет месеци во 2007, МВР на РМ
10. Анализи, Состојбата во областа на јавниот ред и мир во првите девет месеци во 2008, МВР на РМ
11. Правилник за безбедност на фудбалските натпревари, декември 2005

12. Правилник за сигурност и безбедност на УЕФА, 2006
13. Правилник на УЕФА за инфраструктура на стадион, 2006

**ИНТЕРНЕТ СТРАНИ**
**www.mvr.org.mk (mart 2010)**
**www.mup.rs (mart 2010)**
**www.mup.hr (mart 2010)**
**www.mup.ba (mart 2010)**
**www.komiti.org (mart 2010)**

http://www.sitel.com.mk/dnevnik/sport/megjunarodnata-konferencija-za-prevencija-na-nasilstvoto-vo-sportot?quicktabs_1=0 (mart 2010)
http://www.novilist.hr/2009/11/15/fasizam-i-nasilje-ne-nastaju-na-.aspx (mart 2010)
http://www.euro26.hr/teme.php?rb=650&p=5(mart 2010)
http://www.zamirzine.net/spip.php?article6416 (mart 2010)
http://www.vmacedonia.com/archives/11227.htm (mart 2010)
http://dominovic.hr/webkosarica/index.php?p=product&id=4023&parent=57 (mart 2010)
http://www.superknjizara.hr/index.php?page=knjiga&id_knjiga=17402 (mart 2010)
http://vesti.krstarica.com/?rubrika=aktuelno&naslov=Odani+vodjama+po+cenu+visegodisnje+robije&lang=0&sifra=c93ee3f2c26cfa947bda24faea46d2a8&dan=28&mesec=09&godina=2009 (mart 2010)
http://www.blic.rs/Vesti/Tema-Dana/66142/Ostrije-kazne-samo-jedno-od-resenja-za-nasilje-u-sportu (mart 2010)
http://www.nacional.hr/clanak/43886/bijes-i-nasilje (mart 2010)
http://www.sportske.net/vest/fudbal/partizan-osudio-nasilje-nad-navijacima-tuluza-7064.html (mart 2010)
http://www.navidiku.rs/magazin/sport/rigorozne-kazne-za-nasilje-na-sportskim-terenima_8487/ (mart 2010)
http://www.vesti.rs/Sport/Studija-Nasilje-u-sportu-i-mediji.html (mart 2010)
http://www.dw-world.de/dw/article/0"4773305,00.html (mart 2010)
http://www.superknjizara.hr/index.php?page=knjiga&id_knjiga=21168 (mart 2010)
http://infoz.ffzg.hr/afric/MetodeII/Arhiva02_03/FriscicS.htm (mart 2010)
http://www.politika.rs/rubrike/Tema-nedelje/Sport-i-nasilje/index.1.lt.html (mart 2010)
http://www.javno.com/hr-sport/sindikat-njemackih-policajaca-upozorio-na-nasilje_185300 (mart 2010)
http://scindeks.nb.rs/article.aspx?artid=0350-26940502347K (mart 2010)

*Mladen Trajkov*
*Training Center, Ministry of Interior- Skopje*

## *PUBLIC DISORDER AT SPORTING EVENTS*

### *Abstract*

*In this paper the author elaborates on the importance of public disorder at sporting events. It starts with an introduction where he defines this problem and the reasons for its occurrence, continues with determining its key concepts, and finishes with three sections where he provides elaboration on the problem.*

*The first section provides general information on public disorder and the development of legislation and a table overview. The second section deals with the importance of these offences, while the third one focuses on foreign experiences after the Heysel tragedy which marks the beginning of the new era in regulating this issue. The paper finishes with concluding remarks and bibliography.*

*Key words: sporting events, public disorder, hooliganism, vandalism.*

*м-р Гоце Тодоров*
Виш полициски советник – обучувач
Центар за обуки на Министерството за внатрешни работи
**e-mail:** gocetodorov@gmail.com

# ФЕНОМЕНОЛОШКО-ЕТИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИЗМАМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Резиме***

*Авторот во трудот најнапред укажува на историскиот тек на феноменологијата како наука, ја објаснува целта, значењето на феноменологијата и го дефинира поимот феноменологија. Преку емпириско- статистичкиот метод, анализа на податоци и компаративниот метод, во трудот е утврдена: појавата, причините и криминалната политика на „Измамите во Република Македонија во периодот од 2003-2007година".*

*Од податоците се добиени соодносите на извршените кривични дела „Измама" во однос на вкуниот број на извршени кривичнини дела, и соодносот на имотни деликти со останати кривични дела од 2003-2007година.*

*Во првиот дел од трудоот е опфатен историскиот тек на феноменологијата за к.д. „Измама" а потоа, „обемот и динамиката" на к.д. „Измама" во Македонија". Во вториот дел од трудот е опфатен „етиолошкиот" пристап и „криминалната политика" на измамаите во Македонија.*

***Клучни Зборови:*** *измама, феноменологија, етиологија, криминална политика, имотни деликти, останати кривични дела, обем, динамика.*

## Вовед

Измамите не се нова појава, тие постојат уште со појавата на човештвото. За измамите во раниот период не е пишувано, но и во последните години за измамите се пишува малку. Тоа беше и причината и појдовната инспирација да се зафатам со истражување за измамите во Република Македонија.

Во трудот е опфатен периодот од 2003-2007година, при што се анализирани податоци од евиденциите на Министерството за внатрешни работи (МВР) и од Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗС на РМ).

За истражувањето на емпириската граѓа се користени **историско-компаративниот метод, аналитичко-синтетичкиот метод, методот на анализа на документите со користење на квалитативна и квантитативна метода за анализа на податоци.**

Со помош на методите кои се користени во истражувањето направен е краток осврт на феноменологијата, обемот и динамиката на имотните деликти во споредба со вкупната бројка на извршени кривични дела, компарација на останатите к.д. со вкупната бројка на извршени к.д., и компарација на измамите со имотните делити.

За извршителите на овие дела, во прв ред е карактеристична професионализацијата и тесната специјализација за извршување на определен вид измами. Натамошни значај-ни карактеристики се дека измамниците се здружуваат и кривичните дела најчесто ги вршат во серии и на исклучително опасен и перфиден начин. Во вакви случаи се користат бројни слабости како што се наивноста и лековерноста на жртвите. „Измамниците лесно излегуваат на крај со оние лица кај кои можат да поттикнат емоции, како на пример: потребата на лесен начин да дојдат до пари, па во тој момент ги даваат и последните пари за да си го решат станбеното прашање, носталгија за родниот крај, национална свест, религиозни чувства, како и еротски и сексуални

потреби, особено во врска со желбата да се склучи брак и да се формира семејство”.[1] Од расположивите податоци може да се констатира дека жртвите на измамите се лековерни и површни лица, суетни, лакоми и желни да се истакнат, а како единствена утеха на „насамарените” жртви може да им послужи фактот дека речиси секој човек поседува предиспозиции да биде измамен, така што можат да бидат измамени дури и оние кои во себе имаат измамнички склоности.

„Меѓу извршителите - измамници најчесто се јавуваат сторители без определено занимање, со инфериорно образование и лица од женски пол.”[2]

## 1. Краток осврт на историскиот тек на феноменологијата

Определувањето на претставата за историскиот тек на феноменологијата на кривичните дела има посебно криминолошко значење, бидејки од една страна треба да се осветли структурата на криминалитетот, а од друга страна укажува на тенденцијата на неговото движење.

Динамиката на криминалитетот е дел од криминологијата кој има за цел да го утврди движењето на криминалитетот воопшто, како и неговите поединечни облици. Феноменологијата има за цел да утврди дали криминалитетот во целина покажува тенденција на пораст или опаѓање.

Консултирајќи пообемна домашна и странска литература од областа на криминолгијата и методологијата, под поимот феноменологија се подразбираат три различни значења, и тоа: Според **првото значење,** феноменологијата се сфаќа како учење за развојот на човековото сознание и свесност, како увод во филозофијата или дел од филозофијата. **Второто значење** (кое поприлично се користи во секојдневниот говор но и во стручната литература) поимот феноменологија го сфаќа како филозофско движење за опишување на формалната структура на појавите, процесите и предметите со апстрактно објаснување на податоци. „На крајот, според **третото значење**, феноменологијата се определува како типолошка класификација за класирање на феноменот анализа, направена со феноменолошко истражување”. [3]

„Самиот поим феноменологија потекнува од XVIII век, поточно од 1764 година, кога швајцарско-германскиот математичар и филозоф Johann Heinrich Lambert (1728-1777) за првпат го употребил во делот од неговата теорија на знаење, разликувајќи вистина од илузија и грешка. Во XIX век, овој збор претставувал асоцијација за нешто главно. Така во Phänomenology des Geistes (1807 феноменологијата на духот) – G.W.F.Hegel (1770-1831) го трасира развојот на човековата душа од чисто искуствено сознание до „апсолутно знаење”. Во понатамошниот период, главно во XX век, погледот кон спектрумот на феноменологијата се поврзува, директно или индиректно, со работата на австро-германскиот филозоф Edmund Husserl (1859-1938), кој го поставил темелот на феноменологијата како метод за анализа и дескрипција на феноменот (сознанието), со чија помош филозофските обиди добиле карактер на чиста наука. Феноменолошкиот развој според Husserl се одвивал постепено со многу подобрувања”.[4]

---

[1] Зоран Сулејманов, Криминологија, Скопје, 2003, стр. 601

[2] Тодор Кралев, Криминалистика, Лексиконски курс, Селектор, Скопје, 2007. стр. 264

[3] Enciklopedia Britanica. Merriam-Webster Dictionary, термин: phenomenology, GB> Deluxe Edition CD, (2002)

[4] Ѓорги Свирков, Самоубиствата во Република Македонија со посебен осврт на криминалистичките аспекти, Магистерски труд, Скопје, 2002, стр. 16-18.

Според М. Милутиновиќ, феноменологијата претставува „наука за манифестирање на злосторството”.[5] Најприфатлива дефениција, за нас, дава Милутиновиќ, според кој, криминалната феноменологија претставува посебна област на криминологијата која ги изучува појавните облици, структурата, структурните промени и динамиката на криминалитетот. Ова е од посебно значење за креирање на политиката за сузбивање на криминалитетот, бидејќи нејзините резултати можат да укажуваат на ефикасност или неефикасност во криминалната политика.

Криминалната феноменологија, покрај тоа што ги претставува појавните облици за криминалитетот, ги прикажува и надворешните изразувања на криминалното однесување.

Во нашево истражување, во понатамошните излагања, се укажува на обемот, динамиката и феноменологијата на кривичното дело „Измама” во периодот од пет години (2003 до 2007 година). Иако можеби овој период е кус, сепак постојат доволно показатели да се изведе заклучок за овој вид кривично дело.

## 1.1. Обем и динамика на кривичното дело „Измама” во РМ

Истражувањето на криминалната феноменологија на кривичните дела измама, односно динамиката и структурата на овие кривични дела, бара следење на оваа појава во подолг временски период, па затоа се определивме за период од 5 (пет) години. Истражувањето е спроведено низ сите фази: од сторување и откривање на кривичното дело, преку обвинувањето, до пресудувањето. Тоа ни го овозможува споредбеното разгледување на податоците на органите за внатрешни работи, јавните обвинителства и судовите.

Податоците за бројот на поднесени кривични пријави се најсеопфатни, но не се потполни, не само поради високата „темна бројка” на ова кривично дело туку и поради тоа што судбината на поднесените кривични пријави не е дефинитивна, бидејќи по нив одлучуваат јавното обвинителство и судот. Податоците во истражувањето се дополнети од извори од јавното обвинителство за поднесени барања за покренување на истрага и податоци од кривично-судската статистика за спроведените кривични санкции. Меѓусебното компарирање на овие податоци овозможува да се согледа односот на извршените кривични дела на територијата на Република Македонија во однос на кривичните дела од имотни деликти. Определен е бројот и процентот на извршени измами во однос на другите кривични дела од имотни деликти и други елементи сврзани со откривањето, со политиката на кривичниот прогон и пресудувањето, како и други карактеристики на оваа појава. Горе споменатиот период е доволно долг за да се согледаат карактеристиките на појавата. Всушност, овој период е една целина во период на транзиција која сѐ уште трае во Република Македонија.

Податоците се статистичка анализа, преглед на извршени кривични дела „Измама” во периодот 2003-2007 година, споредбено со вкупниот број на кривични дела во Македонија, кривичните дела против имотот и останати кривични дела.

При нашето истражување на обемот на кривичните дела „Измама” ги искористивме статистичките податоци од Секторот за аналитика и истражување при МВР на РМ за период од пет години, и тоа за територијата на Република Македонија од 01.01.2003 до 31.12.2007 година.[6] Тоа може да се види преку табелите кои се претставени табеларно и графички, или номограмски.

[5] M. Milutinović. Kriminologija-četvrto dopunjeno izdanje, Savremena administracija, Beograd, 1981 godina, str. 161.

[6] Изворот на податоците се од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Сектор за аналитика и истражување, Скопје, 2009.

Бројката на извршените кривични дела измама од 2003 до 2007 година има осцилаци во однос на имотните деликти. Во периодот 2003-2007 година, во Република Македонија вкупно се извршени 116.094 кривични дела, од кои 78.739 се имотни деликти или 68,2%, 37.355 останати кривични дела или 31,8% и 3.065 кривични дела се измами или 2,64%. Во однос на групата извршени дела од имотни деликти измамите изнесуваат 3,7%.

Од анализата е констатирано дека имотните деликти се најбројни кривични дела и во однос на вкупната бројка на извршени кривични дела во Македонија.

Измамите како кривично дело процентуално учествуваат малку во вкупниот број кривични дела. Во Република Македонија од 2003 до 2007 има мала осцилација во бројката на извршени кривични дела од групата на имотни деликти.

Анализата го покажува следното: во 2004 година има раст на извршените кривични дела, во 2005 има опаѓање на извршените кривични дела од имотни деликти, во 2006 и во 2007 повторно се забележува раст на кривичните дела од имотни деликти.

**А). Преглед на вкупната бројка на извршени кривични дела во однос на имотните деликти во Република Македонија во периодот 2003-2007 година.**

Од табеларниот приказ (табела бр.1) може да констатираме дека во 2003 година се извршени 22.547 кривични дела од сите видови на кривични дела, од кои 14.729 се кривични дела од имотни деликти или 65,3% од вкупната бројка на кривични дела. Во 2004 година се извршени 22.663 кривични дела од кои 16.057 се имотни деликти или 70,9% од вкупната бројка на кривичните дела. Во 2005 година од 22.634 кривични дела, 15.030 се имотните деликти или 66,4% од вкупната бројка на кривични дела. Во 2006 година од 22.024 кривични дела, 15.223 се имотните деликти или 69,7% од вкупната бројка на кривични дела. Во 2007 година од 26.226 кривични дела, 17.700 се имотните деликти или 67,5% од вкупната бројка на кривични дела (табела бр.1и графикон бр.1.).

**Табела бр.1 Преглед на вкупната бројка на извршени кривични дела во однос на имотните деликти во Р.М. во периодот 2003-2007 година**[7]

| Година | Вкупно извршени кривични дела | Извршени к.д. од имотни деликти | Учество на имотни деликти во вкупната бројка на к.д |
|---|---|---|---|
| 2003 | 22.547 | 14.729 | 65,3 |
| 2004 | 22.663 | 16.057 | 70,9 |
| 2005 | 22.634 | 15.030 | 66,4 |
| 2006 | 22.024 | 15.223 | 69,1 |
| 2007 | 26.226 | 17.700 | 67,5 |
| Вкупно: | 116.094 | 78.739 | 68,2 |

[7] **Тоа може да се види преку табелите кои се претставени табеларно и графички, или номограмски. (Податоците се добиени од Секторот за аналитика и истражување при Министерството за Внатрешни работи за периодот од 2003-2007 г.)**

**Графикон бр. 1. Преглед на имотни деликти во однос на вкупната бројка на извршени кривични дела во РМ во периодот 2003-2007година**




Податоците потврдуваат дека кривичните дела од имотните деликти претставуваат најчесто вршени кривични дела. Од вкупната бројка на извршени кривични дела, за истражуваниот период во Република Македонија, во просек, доаѓа дека секој 20-ти е извршител на некое кривично дело во периодот 2003-2007 (табела бр.1). Истото може да се види и графички (графикон бр.1)

**Б). Преглед на останати кривични дела во однос на вкупната бројка извршени кривични дела во Република Македонија во периодот 2003-2007 година.**

Можеме да констатираме дека бројката на извршени останати кривични дела во однос на вкупната бројка на кривични дела е помала за разлика од имотните деликти.

Во 2003 година од 22.547 извршени кривични дела 7.818 се останати кривични дела или 34,7%, во 2004 година од 22.663 извршени кривични дела 6.606 се останати кривични дела или 29,1%, во 2005 година од 22.634 извршени кривични дела 7.604 се останати кривични дела или 33,6, во 2006 година од 22.024 извршени кривични дела 6.801 се останати кривични дела или 30,9% и во 2007 година од 26.226 извршени кривични дела 8.526 се останати кривични дела или 32,5%.

**Табела бр.2 Преглед на остананати кривични дела во однос на вкупната бројка извршени кривични дела во Република Македонија во периодот 2003-2007 година**[8]

| Година | Вкупно извршени к.д. во Македонија | Извршени „Останати" кривични дела | Учество на останатите к.д. во вкупната бројка на к.д (%) |
|---|---|---|---|
| **2003** | **22.547** | **7.818** | **34,7** |
| **2004** | **22.663** | **6.606** | **29,1** |
| **2005** | **22.634** | **7.604** | **33,6** |
| **2006** | **22.024** | **6.801** | **30,9** |
| **2007** | **26.226** | **8.526** | **32,5** |
| **Вкупно:** | **116.094** | **37,355** | **31,8** |

**Графикон бр.2. Приказ на вкупната бројка на извршени кривични дела во однос останатите деликти во Република Македонија во периодот 2003-2007 г.**



Податоците кажуват дека обемот на извршени останати кривични дела е помал и изнесува 31,8% во однос на имотните деликти. Тоа во просек во Република Македонија би изнесувало дека секој 43-ти бил оштетен од некој вид на кривично дело, или жртва на останати кривични дела (графикон бр.2).

**В). Преглед на вкупната бројка на кривичното дело „Измама" во однос на извршени кривични дела од „имотни деликти" во Република Македонија во периодот 2003-2007година (табела бр.3)**

Во периодот 2003-2007 година се извршени 78.739 кривични дела од областа на имотни деликти од кои 3.065 се кривични дела измами.

Во текот на 2003 година се извршени 14.729 кривични дела од имотни деликти од кои 534 се кривични дела измами или 3,6%; 2004 година се 16.057 кривични дела од имотни деликти од кои 745 се кривични дела „Измами" или 4,6%; 2005 година се 15.030 имотни деликти од кои 646 се измами или 4,3%; во 2006 година 15.223 се од имотни деликти од кои 407 се измами или 2,7% и во 2007 година 17.700 кривични дела се од имотни деликти од кои 733 се измами или 4,1%.

**Табела бр.3 Преглед на вкупната бројка на кривичното дело „Измама" во однос на извршени кривични дела од „имотни деликти" во Р.М. во периодот 2003-2007 година.**[9]

| Година | Вкупно извршени к.д. имотни деликти | Вкупно извршени к.д. измама | Учество на измамите во вкупната бројка на к.д. имотни деликти (%) |
|---|---|---|---|
| **2003** | **14.729** | **534** | **3,6** |
| **2004** | **16.057** | **745** | **4,6** |
| **2005** | **15.030** | **646** | **4,3** |
| **2006** | **15.223** | **407** | **2,7** |
| **2007** | **17.700** | **733** | **4,1** |
| **Вкупно:** | **78.739** | **3.065** | **3,7** |

**Графикон бр.3 Полигонски преглед на вкупната бројка на кривичното дело во однос на „Измама"во Република Македонија во периодот 2003-2007 година**




Може да се констатира дека е многу мал процентот на кривични дела од областа на измамите во однос сите видови на кривични дела, исто и во споредба со имотните деликти. Анализата на статистичките податоци во периодот 2003-2007 година покажува дека 3,7% се кривични дела измама во однос на имотните деликти. Од приказот може да констатираме дека во истражуваниот период од имотните деликти секој 550-ти бил мета на измамниците, односно бил измамен или жртва на измама, за која измама е покрената истрага по службена должност (види графикон 3).

[9] МВР на РМ

**Г). Табеларен приказ на сите видови кривични дела извршени на територијата на Македонија во однос на кривичните дела „Измами”.**

Во 2003 се извршени 22.547 кривични дела од сите видови, 534 се к.д. „измама” или 2,36%, во 2004 22.663 к.д од кои 745 се к.д. измама или 3,28%, во 2005 22.634 од кои 646 се кривични дела „измами” или 2,85%, во 2006 се извршени 22.024 к.д. од кои 407 се „измами” или 1,84% и во 2007 26.226 к.д. од кои 733 се кривични дела „измами” или 2,79%. Истото може и да се види во табелата број 4 и графички во графикон бр. 4.

**Табела бр.4 Преглед на извршени кривични дела „Измама” во однос на вкупно извршени кривични дела во Република Македонија во периодот 2003-2007 година[10]**

| Година | Вкупно извршени к.д. во РМ | Извршени к.д. „Измама” | Учество на „измамите„ во вкупниот број на к.д. во Македонија |
|---|---|---|---|
| 2003 | 22.547 | 534 | 2,36% |
| 2004 | 22.663 | 745 | 3,28% |
| 2005 | 22.634 | 646 | 2,85% |
| 2006 | 22.024 | 407 | 1,84% |
| 2007 | 26.226 | 733 | 2,79 |
| Вкупно: | 116.094 | 3.065 | 2,51% |

**Графикон број 4. Хистограмски приказ за преглед на вкупната бројка на извршени кривични дела во однос на кривичното дело „Измама” во Република Македонија во периодот 2003-2007 година**




## 2. Етиолошки пристап на кривичното дело „Измама” во Република Македонија

Најзначајниот дел на криминологијата претставува етиологија на криминалитетот. Всушност, тоа претставува откривање и проучување на причините за криминалното однесување на поединци или групи. Тоа во науката е најразработен дел на криминологијата, но и дел во кој постојат најголеми спротиставувања во тоа што може да биде причина или услов за вршење на кривични дела. Дилемата за ова прашање настана кога се започна со прашањата дали треба да се разликуваат условите и причините за криминалното однесување, па до разврстување на криминогените фактори на ендогени (внатрешни) и егзогени (надворешни) и определување кој од овие два фактора има примарно значење. Воопшто не е потребно посебно да се укажува дека за борбата против криминалитетот е значајно утврдувањето на причините, бидејќи поради тие сознанија е изградена и реализирана криминалната политика, како во смисла за превенција на криминалитетот така и во смисла на репресијата. Уважувајќи ги сите разлики кои постојат во современата криминологија во поглед на етиологијата на криминалитетот, може да се каже дека денес преовладува сфаќањето дека кривичното дело, како однесување на поединци или групи, претставува резултат од дејствувањето на многу ендогени и егзогени фактори и во конкретниот случај

[10] МВР на РМ

преовладува тоа дека може да има повеќе фактори за појава на причините за етиологијата на криминалитет.[11]

Кога се зборува за причините за вршење на кривичното дело измама, ова прашање мора да се стави во контекст на етиологијата на имотните деликти, бидејќи и измамата е едно од имотните кривични дела. За вршење на овој вид кривични дела голем придонес даваат различни фактори, како што се факторите од егзогена природа. Во случајов, тоа може да биде општата економска ситуација во земјите, така што може да се каже дека претставува „симптом на економска депресија”.[12] За таквата појава едни од причините се: материјалната состојба на семејствата или поединци, стагнацијата во развојот на работата, зголемено отсуство на општествена и државна контрола, неефикасност во креирањето политика за сузбивања на овие кривични дела. Сиромаштијата се смета како еден од главните извори за вршење на к.д. за стекнување на противправна имотна корист.[13] Од анализата за периодот 2003-2007 година, констатирано е дека вкупно пријавени сторители на кривичното дело измама се 3.391, од кои 3.182 се познати сторители на измама или 93,83% од вкупно пријавените извршителите на овој вид кривично дело се познати. Од вкупната бројка на 3.391 пријавени сторители за измама, 1.444 пријави се отфрлени како неосновани или 42,58%. Од 3.391 сторители за измама, за 75 сторители е прекината истрагата по разни основи или 2,25%, од 3.391 сторител за измама, за 210 сторители е запрена истрагата или 6,19%, од 3.391 сторители, за 1.453 е поднесен обвинителен предлог или 42,84% од вкупната бројка на пријавени сторители на овој вид на кривични дела. **(во табела број 5 и графикон бр.5)**

**Табела бр. 5 Пријавени сторители за кривично дело „Измама” според видот на одлуката на обвинителството во периодот 2003-2007 година [14]**

| Година | Вкупно пријавени сторители за измама | Вкупно познати сторит. за измама | Отфрлени пријави за измама | Прекината истрага за измама | Запрена истрага за измама | Обвинител ен предлог за измама | Правос илна пресуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 610 | 559 | 247 | 17 | 30 | 265 | **221** |
| 2004 | 658 | 591 | 249 | 16 | 48 | 278 | **182** |
| 2005 | 742 | 682 | 346 | 13 | 37 | 286 | **264** |
| 2006 | 682 | 661 | 290 | 17 | 50 | 304 | **131** |
| 2007 | 699 | 689 | 312 | 12 | 45 | 320 | **136** |
| Вкупно: | 3.391<br>100% | 3.182<br>93,83% | 1.444<br>42,58% | 75<br>2,21% | 210<br>6,19% | 1.453<br>42,84% | 934<br>27,43% |

[11] Vesna Vučković, “Krivično djelo prevare” Obod, Cetinje, 2003 str. 206

[12] W. Sauer, Kriminologie als reine und angewadte Wissenschaft, Berlin, 1950. str. 553

[13] H. Barnes, N. Teefers, New horizons in Criminology, Prentice Hall. INC. 1961. str. 6

[14] Податоците се земени од списанието Статистички преглед: население и социјални статистики од истражување на ДЗС на РМ „Сторители на кривични дела“ во периодот 2003-2007година

**Графикон бр. 5 Графички преглед од вкупно пријавени сторители за „Измама” колкав е соодносот на поднесен обвинителен предлог за „измама” и колку од нив се отфрлени за познати и непознати сторители во периодот 2003-2007година**




**Заклучок:**

Имајќи го предвид досега изнесеното, измамите како појава која ги погодува граѓаните на РМ неодминливо ја наметнуваат потребата од едно комплексно научно истражување, врз основа на кое понатаму може да се конципира активна превентивна политика, со цел да се изнајдат средства за превенција, спречување или намалување на штетите од овој вид криминал.

Кривичното дело **измама** спаѓа во групата на класични кривични дела против имотот кои се предвидени во кривичното законодавство заради заштита на имотот и сопственоста од одземање, присвојување и задржување, како и имотните права и интереси како едно од елементарните граѓански имотни права. Кривичниот законик предвидува заштита на слободите и правата на човекот и на другите основни вредности и применувањето на кривично-правната принуда[15], согласно уставната позиција на сопственоста, обезбедувајќи подеднаква заштита на сите облици на сопственост.

Извршеното истражување е теориско и емпириско, низ проучување на појавните облици (откриени случаеви) за период од пет години, користејќи ги полициските евиденции и судски извори на податоци. Од вкупно 3.391 пријавени сторители за измама, само 934 се осудени со правосилна пресуда, што во проценти изнесува 27,43% од вкупната бројка на пријавени сторители на овој вид на кривично дело. Од приказот низ табелите може да се види дека процентот на реализизирани пријави и осудени лица е многу мал, што значи дека нешто не функционира во институциите во општеството кои се задолжени за решавање на оваа проблематика. Врз основа на добиените емпириски резултати се обидовме да дадеме јасно одредена дефиниција на овие појави. Целта е укажување на идните тенденции на феноменологијата на овој вид криминалитет. Исто така, ќе се обидеме да утврдиме показатели за директната и индирекната поврзаност на овој вид со друг вид сродни кривични дела кои ги содржат елементите на измама, со цел изградување на специјализирана криминалистичка методика за нивна превенција и сузбивање.

[15] Кривичен Законик на РМ (Сл.Весник на Р.Македонија бр.19 од 30.03. 2004година) , чл.2

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

1. Aleksić Ž.- M. Škulić, “Kriminalistika”, Beograd, 2000.
2. Бачановиќ Оливер, „Полицијата и жртвите”, „2-ри Август “ Штип, 1997.
3. Vodinelić V,” Kriminalistička metodika”, skripta, Beograd, 1964. Str.156.
4. Водинелиќ Владимир, „Криминалистичка Тактика-I, ЦОКОБ-Скопје, 1995,
5. Vučković Vesna, “Krivično djelo prevare”, Obod, Cetinje, 2003.
6. V. Bajer, Okrivljenik kao procesni subjekt i objekt prisilnih procesnih mjera, Zbornik Pravnog fakulteta, Zagreb, 2/1957
7. Ignjatović Đorđe, “Kriminologija”, Dosije Beograd, 2007.
8. J.G. Wihelm “Einfuhrung in die praktische kriminalistk”, Stuttgart, 1974.
9. Камбовски Владо, „Казнено Право”, Општ дел, Култура, Скопје, 2004.
10. Lowe – Rosenberg, Grosskommentar St 90, Berlin, 1985,
11. Manzini, Vincenzo, Trattato di diritto penale italiano, Quarta ed.Vol. IV-IX, Torino, 1961-1963.
12. M.Damaška, Okrivljenikov iskaz kao dokaz u suvremenom krivičnom procesu, Zagreb, 1962,
13. Marković Tomislav, “SUVREMENA TEHNIKA ISTRAŽIVANJA KRIVIČNIH DJELA “ (kriminalistika), Narodne Novine, Zagreb, 1977.
14. Milutinović M. Kriminologija-četvrto dopunjeno izdanje, Savremena administracija, Beograd, 1981.
15. Мојаноски, Цане, „Методологија на научно – истражувачката работа”, Скопје, 1998.
16. Мојаноски, Цане, „Карактеристики на статистичкото проучување на криминалитетот”, Безбедност број 2, Скопје, 1995.
17. Peters K., Strafprocess, Lehbruch, Heidelberg, 1985,
18. Sauer, Wilhelm, “System des Strafrechts,Besonderer Teil, Köln-Berlin, 1954.
19. Sauer, Wilhelm, Kriminologie als reine und angewadte Wissenschaft, Berlin, 1950.
20. Свирков, Ѓорѓи, „Самоубиствата во Република Македонија со посебен осврт на криминалистичките аспекти”, Магистерски труд, Скопје, 2002.
21. Симоновиќ Б., Измамам и нетипичниот начин на измамување на осомничениот и на обвинетиот при испитувањето, Годишник бр.15, Факултет за Безбрдност, Скопје, 1996/97,
22. Simonović B., Pribavljanje i ocena iskaza pred policijom i na sudu, Kragujevac,
23. Сулејманов Зоран, „Македонска криминологија” Скопје, 2000



***Goce Todorov***

***Training Center, Ministry of Interior- Skopje***


## *PHENOMENOLOGICAL AND ETIOLOGICAL CHARACTERISTICS OF FRAUDS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA*


### *Abstract*

*The author of this paper points out the historical flow of phenomenology as a science, explains its goals and importance and defines the concept of phenomenology. Through empirical and statistical method, data analysis and comparative method the paper elaborates on the occurrence, reasons and criminal policy of “Frauds in the Republic of Macedonia for the period 2003-2007”. On the basis of the collected data about frauds the paper presents the figures related to frauds and property crimes for the period 2003-2007.*

*The first part of the paper deals with the historical development of the phenomenology, scope and dynamics of frauds as crime acts in the Republic of Macedonia, while the second part refers to the “etiological” approach and “criminal policy” of frauds.*



*Key words: fraud, phenomenology, etiology, criminal policy, property crimes, other crimes, scope, dynamics.*

*м-р Ивица Симоновски*
**Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам - Скопје**
**Е-маил: ivica.simonovski@usppft.gov.mk, ive_barca@yahoo.com**

# СИСТЕМОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Резиме***

*Организирањето и спроведувањето на терористичките акти најчесто е софистициран и сложен процес. Тероризмот како феномен не претставува само процесот на изведување на терористички акт, тука за да го осознаеме и дадеме на некој начин една сеопфатна дефиниција за тоа што всушност претставува тероризмот како појава, и врз таа основа да воспоставиме ефикасен систем за спречување на такви дејствија, мора да се навратиме неколку фази station наназад. Најпрвин треба да се сфати идеологијата односно причините и мотивите за појавата на тероризмот, па потоа да следи процес на планирање за реализација на идеологијата, потоа следи процес на финанисрање, за да на крај, сублимат од сето тоа биде изведувањето на терористичкиот чин. Во натамошниот текст ќе се задржиме на спречувањето на финансирањето на тероризмот како клучен елемент за неговото рано сузбивање.*

*Од особено значење е воспоставувањето на ефикасен систем за спречување на финансирање тероризам. Република Македонија ги увиде последиците кои што настанаа со самото изведување на терористичките напади од 11 септември 2001 година врз Светскиот трговски центар, па оттаму како држава-кандидат за членство во ЕУ и НАТО, придружувајќи се кон заедничките позиции на ЕУ, го конструира и го гради системот за спречување на финансирање на тероризам. Придржувајќи се кон Третата ЕУ директива, 40-те препораки, 9-те специјални препораки на FATF и последниот извештај на експертската група на MONEYVAL, Република Македонија воспостави ефикасен систем за контрола на финансискиот систем внатре во државата, како и ефикасен систем за контрола на готовина на граничната линија при Царинската контрола за границите. Од особено значење е спроведувањето на меѓународните рестриктивните мерки со кои за одредени ентитети, терористи или терористички организации кои се утврдени од релевантни меѓународни институции, се воведуваат забрани за отварање на сметки, купување на имот, тргување со хартии од вредност и сл.*

***Клучни зборови**: тероризам, фази, финансирање на тероризам, терористи, терористички организации, методи на финансирање, контрола на финансискиот систем, законодавство, соработка.*

## 1. Извори за финансирање на тероризмот

Организирањето и спроведувањето на терористичките акти најчесто е софистициран и сложен процес. Самиот чин започнува со стекнување на приходи, кои ќе бидат употребени за терористички напади, јакнење на режимите во одредени држави како и за финансирање на терористите кои делуваат во домашни рамки.

Кога велиме дека се финансира терористичка организација или терористички акт, мора да констатираме дека финансирањето не го опфаќа само процесот на изведување на терористичкиот акт, тука мора да се навратиме неколку фази наназад. Финансирањето започнува од самото обезбедување на логистичката поддршка која опфаќа опрема, храна, стручна литература, видео касети, облека, телефон, експлозивни направи, како и изградба на објекти за учење на идеологијата. Кога овие фази ќе поминат, веќе се создадени поволни услови за изведување на терористичкиот акт.

*2.1 Легални извори на финансирање на терористички активности*

Собирањето на финансиските средства кој ќе бидат употребени за терористички цели, може да биде од легални или од нелегални извори.




**Слика 1. Финансирање на тероризам преку легални активности**

Ваквиот начин на стекнување на парични средства претставува опасност да биде детектиран од страна на финансиско разузнавачките единици. Тргнувајќи од тој аспект,терористите,одлично познавајќи ја домашната и странската регулатива, често бараат консултации од експерти како најсигурно и најнезабележително да ги трансферираат легално стекнатите средства кон терористичките организации. Користејќи го финансискиот систем, процесот на трансфер на парични средства по основ на донации, плаќања на фиктивни фактури, членарини од граѓани, фирми, и фондови кон најчесто употребуваните невладини органзации, здруженија и фондации, кои всушност претставуваат линк помеѓу терористичките организации и легалниот сектор, завршува со извлекување на паричните средства во готовина. Од тој момент, се губи секаков траг на паричните средства. Се поставува прашањето “Каде завршуваат тие средства”. Истите, на т.н. “црн пазар”, се употребуваат за купување на добра за логистичка поддршка, експлозивни материјали, изградба на кампови, објекти, оружје и сл. Ваквиот начин на следење на паричните средства создава огромна тешкотија од едноставна причина што циркулацијата на паричните средства во готовина не може да биде детектирана и откриена ни со најсофистицираните системи за ефикасна борба против финансирањето на тероризмот.

Во таа насока потребна е меѓуинституционалната соработка. Истражено и докажано е дека ни една институција самостојно не успеала ефективно да се спротивстави на тероризмот. Соработката помеѓу финансиско разузнавачките единици и органите на прогон треба да го даде посакуваниот резултат.

Од тој аспект, примената на специјалните истражни мерки од страна на полициските служби кон физичките или правните лица треба да го даде одговорот на горенаведеното прашање. Во таа насока, лицата за кои постои основано сомнение дека се сторители на кривични дела за финансирање на тероризам, ќе бидат ставени под постојан мониторинг кој вклучува физичко следење, следење на телефонските разговори, следење на електронските разговори, па доколку е потребно и инфилтрирање на полициски службеници во терористичките ограноци.

Со таква вкрстена анализа и континуирано следење на ситуацијата, можеме да очекуваме пресек на каналот за финансирањето на тероризмот.

*1.2. Нелегални извори на финансирање на терористички активности*

Прагматичниот однос на организираниот криминал и членовите на дијаспората создаваат финансиски средства и ресурси потребни за спроведување на терористичките активности. Се почеста е употребата на нетрадиционалните методи на финансрање на тероризмот (незаконска трговија, фалсификувањето, трговијата со дрога и благородните метали) како резултат на се подобрата и поефикасната меѓународна контрола на финансиските текови и превенции од перење пари.[1]

[1] Арнаудовски Љупчо, *Меѓусловност и меѓузависност на тероризмот и организираниот криминалитет*-Годошник на Факултетот за безбедност-Универзитет “Свети Кирил и Методиј”,Скопје, Центар за образование на кадри за областа на безбедноста-Скопје, Скопје, 2002, стр. 92;




**Слика 2. Финансирање на тероризам преку нелегално стекнати парични средства**

Како што можеме да забележиме, горeприкажаното дејствие се одвива во сивата (нелегална) зона каде организираниот криминал царува. Целта е да се прикријат средствата стекнати со кримнални активности и да се избегне финансискиот сектор.

Овој начин на финансирање на терористичките организации условно речено е со “послаб” ризик, бидејќи средствата не се внесуваат во финансискиот систем каде од страна на финансиските институции и органите за прогон веднаш ќе бидат лоцирани, замрзнати и конфискувани, актерите откриени и изведени пред лицето на правдата, а процесот на финансирање стопиран.

Таа појава е основа за “Гудхартовиот закон” според кој се признаваат можностите за замана на методите на финансирање од оние кои се строго регулирани, со оние кои не се. Во случајот со Ал Каеда, тоа значи и воведување различни методи во терористичката мрежа која покрај останатото, опфаќа и дијаманти и други благородни камење и фалсификати. Интернационалниот карактер, изразената подвижност и флексибилноста во пронаоѓањето на нови методи на делување, остануваат непознати за органите на прогонот, со што и реално се јавува проблемот со изнаоѓање на релевантни методи за рано сузбивање на финансирањето на тероризмот.[2]

### *1.3 Финансирање на тероризам преку процес на перење пари*

Постапка според која парите стекнати од криминални активности се пласираат во легалниот и легитимниот финансиски и економски оптек, на најпрофитабилно можниот и докажано инфлационен начин претставува процес на “перење” пари.[3] За оваа цел се користат сите финансиски и комерцијални можности заради пренесување на овие приходи, нивно трансформирање, конвертирање или нивно мешање со легалните трансакции.[4] Сето ова е осмислено поради прикривањето на вистинското потекло, природата, достапноста или поседувањето на вакви приходи.[5]

Перењето пари стана реална закана за современите демократски држави, притоа загрозувајќи ги основните вредности на демократијата, човековите права и владеењето на правниот систем. Користејќи ги придобивките од глобализацијата и технолошките иновации, перењето пари ги прошири своите димензии на делување.

---

[2] Сулејманов Зоран, *Македонска криминологија*, Графохартија-Скопје, Скопје, 2000, стр.498;

[3] Етиологијата на перењето пари започнала некаде во дваесеттите година на XX век кога чикашките криминалци на Ал Капоне “нечистите” пари ги прикажувале како дневен промет во новоотворените перални за облека. Во 1945 година мафијашите Мајер Ленски и Багзи Зигел нелегално стекнатите пари од проституција и комарот ги искористиле за купување на еден хотел во Лас Вегас, а од шеесетите години на XX век парите кои треба да се “исперат” најчесто резултираат од бизнисот со дрога, нелегална трговија со оружје, уметнички дела, благородни метали, органи од човековото тело и сл. Во поново време испраните пари потекнуваат од даночно затајување, фиктивно работење и сл..

[4] Груроф Е., *Перењето пари (германс ка правна регулатива) и избрани случаи на инвестирање во недвижности, сомнителни финансиски трансакции и друго во врска со перењето пари*, Безбедност бр.3,1996, МВР на РМ-Скопје, Скопје, 1996, стр.415-426;

[5] Рајдер, А., *Одземањето на профитот од корупцијата,* Безбедност бр.1, 1995, МВР на РМ-Скопје, Скопје, 1995, стр. 28;

Експанзјата на криминалните активности се одвива правопропорционално со потребата од заштита на економските и финансиските системи.[6] Загрижувачки факт е ширење на криминалот вон национални рамки, со што самиот процес на перење пари добива и меѓународен карактер, односно станува глобален проблем пред се за финансискиот и економскиот систем на државите.

Проблемот на финансирањето на тероризмот преку перење на пари доби на интензите по нападите од 11 септември врз Светскиот трговски центар во Њу Јорк, кога органите на прогон откриле дека финансирањето на целиот процес на изведување на терористичките напади се одвивал преку банкарскиот систем, започнувајќи од Саудиска Арабија, преку Балканот, во Америка.

Процесот на транзиција во Република Македонија овозможи стекнуање на криминални профити преку злоупореба на платежните средства, осигурителни измами, нелегални приватизации, користење на фантомски фирми, нелегална трговија, нелегален увоз и извоз, измами при подигање на кредити, и сл. Во ситуација на неефикасна финансиска евиденција, сива економија, нерегулиран платен промет, криминалните пари ја напуштаат црвената линија која го разграничува легалниот од нелегалниот бизнис и така стекнатите нелегални средства се инвестираат во легални бизниси или пак се вклучуваат во платниот промет.




**Слика 3. Финансирање на тероризам преку процес на перење пари**

## 2. Системот за спречување на финансирање на тероризам во Република Македонија

Република Македонија поставена пред предизвикот за спротивставување на активностите на терористичките организации и спречување на нивните штетни ефекти врз националната безбедност, по настаните од 11 септември 2001 година, активно е вклучена во борбата против тероризмот, приспособувајќи го домашното со европското и меѓународното законодавство како и со учество во мисиите на широката коалиција за борба против тероризмот.

Меѓутоа, погоре веќе наведовме дека тероризмот не може да се уништи само со воени средства. Ефикасноста на домашното законодавство и воспоставувањето на ефикасен систем за спречување на финансирање на тероризам, во голема мера ќе ги поткопа темелите на кој се заснова процесот на тероризмот.

Република Македонија препознавајќи го проблемот со тероризмот го поставила и континуирано го надградува системот за превенција, контрола и сузбивање на финансирањето на тероризмот.Со одлука на Владата на РМ, во 2001 година, се формира Дирекција за спречување на перење пари, која започна со работа на ден 01.03.2002 година. Со последните измени во Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од 2008 година, Дирекцијата го трансформира својот статус и назив во Управа, како орган во составот на Министерството за финансии со својство на правно лице.

[6] Тасева С. *Перење пари*, Дата Понс-Скопје, Скопје, 2003, стр.13.

Управата е администеративен тип на единица за финансиско разузнавање која има основна задача да прибира, обработува, анализира, чува и доставува податоци за перење пари и финансирање на тероризам добиени од субјектите.

Во таа насока, Управата има задача благовремено да ги препознае обидите за перење пари и финансирање на тероризам, истите да ги осуети и да го спречи влезот на валканите пари во легалната економија или да го спречи финансирањето на тероризмот.[7]

Системот за спречување на финансирање на тероризам е поставен врз три столба.

*3.1 Столб 1 - Субјекти*

Првиот столб, или условно речено првиот бедем кој директно се поставува пред финансиерите на тероризмот го сочинуваат субјектите согласно член 5 од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам(во натамошен текст Закон за СППФТ). Тие имаат задача да превземаат мерки и дејствија за откривање и спречување на финансирање на тероризам, кои се состојат од:

- Анализа на своите клиенти;
- Следење на одредени трансакции
- Собирање, чување и доставување на податоци за трансакциите и клиентите кои ги вршат и
- Воведување на внатрешни програми за имплементација на мерките и дејствијата за спречување на финансирање на тероризам.

Субјектите се должни да спроведуваат процедура на анализа на своите клиенти во случаи кога се воспоставува деловен однос, кога се извршуваат една или неколку поврзани трансакции во износ над 15.000,00 евра во денарска противвредност или повеќе, кога постои сомнение за финансирање на тероризам без оглед на износот на паричните средства и кога постои сомневање за вистинитоста или адекватноста на претходно добиените податоци за идентитетот на клиентот. Меѓутоа, најчесто финансиерите на терористичките организации делуваат преку посредници со цел да не бидат идентификувани од страна на финансиските институции. Воочувајќи го тој проблем, финансиските институции треба да извршат идентификација на клиентот и верификација на неговиот идентитет, од особена важност е да го идентификуваат крајниот сопственик и ополномоштувачот и верификување на неговиот идентитет, сопственичката и управувачката структура, да обезбедат информации за целта и намерата на деловниот однос или трансакцијата и да вршат постојан мониторинг на деловниот однос, кој вклучува детален преглед на трансакциите кои се преземаат во рамките на тој однос со цел да се потврди дека трансакциите се вршат согласно намерата, деловниот и ризичниот профил и финансиската состојба на клиентот и ажурирање на податоците на клиентот.

Доколку при спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на финансирање на тероризам, субјектите утврдат основи за сомнение за финансирање на тероризам, доставуваат Извештај за сомнителна трансакција до Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во тој извештај се содржани податоци за трансакцијата, клиентот и крајниот корисник како и основот на сомнението. Утврдувањето на сомнението за финансирање на тероризам, субјектите го утврдуваат врз основа на претходно изготвени индикатори од страна на Управата која ги изготвила во текот на своето работење или од меѓународното искуство и ги доставува до субјектите.

[7] Стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Цетис Принт-Скопје, Скопје, 2008, стр.5-8.

Согласно законот, субјектот доколку основите на сомение за финансирање на тероризам ги сознал пред да се реализира трансакцијата, веднаш ја известува Управата, а трансакцијата ја задржува до 2 часа од известувањето на Управата.

Кога субјектот основите за соменение за финансирање на тероризам го сознал за време на извршувањето на трансакцијата, веднаш ја известува Упавата и ја задржува трансакцијата најдолго до 4 часа од известувањето на Управата.[8]

*3.2 Столб 2 – Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам*

Управата согласно своите законски надлежности, по добивањето на извештајот за сомнителна трансакција, отвара предмет и врши прибирање на дополнителни податоци од своите субјекти на домашен план, а кога има потреба и од меѓународните институции и единиците за финансиско разузнавање на други држави со кои има потпишано меморандуми за соработка. Врши анализа и доколку утврди основано сомнение за финансирање на тероризам, изготвува Извештај за сомнителна трансакција и истиот го доставува до органите на прогон, односно институциите од третиот столб – Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и Управата за финансиска полиција. Од овој аспект гледаме дека Управата има задача да детектира финансирање на тероризам и сите разузнавачки податоци да ги достави до органите на прогон за нивно понатамошно постапување.

Праксата во регионот и пошироко покажува дека анализите на единиците за финснсиско разузнавање, истрагите и судските процеси за финансирање на тероризам траат долго, а бројот на пресудите е многу мал. Овој период е сосема доволен за структурите незаконски стекнатиот приход да го сокријат и да го направат недостапен за судските органи. За да се оневозможи сокривањето воведени се стандарди и мерки кои значат привремено обезбедување на парите или имотот за целите на конфискација.

Во таа насока, во случаи на постоење на финансирање на тероризам, Управата има овластување привремено да ја запре трансакцијата и тоа најдолго за период од 72 часа. Во оваа прецизна и кратка процедура, Управата издава налог на банката со кој привремено ја блокира трансакцијата, а од друга страна подготвува барање за поднесување предлог за определување на привремени мерки што се состојат во запирање на трансакцијата и привремена заплена на парите или имотот. Во барањето се содржани податоците за кривичното дело за кое се бара привремената мерка, фактите и околностите што ја оправдуваат потребата дека со привремената мерка ќе се постигнат целите за спречување или откривање на тешки кривични дела, податоци за инволвираните лица кои ги вршат трансакциите, субјектите каде се изведуваат овие активности како и парите кои се предмет на истрага. Јавниот обвинител го разгледува барањето и доколку е основано најдоцна во рок од 24 часа од добивањето на барањето од Управата, поднесува предлог за определување на привремени мерки до истражниот судија на надлежниот основен суд. Истражниот судија е должен во рок од 24 часа од приемот на предлогот да донесе решение за примена на привремена мерка на запирање на трансакцијата и привемена заплена на парите и имотот.

По донесувањето на привремените мерки на сцена стапува меѓуинституционалната соработка. Односно Јавниот обвинител е должен да го собира податоците кои ќе го докажат финансирањето на тероризмот како кривично дело, притоа координирајќи ги институциите. Доколку се работи за активности кои се случувале надвор од државата, Јавниот обвинител може да побара податоци по пат на меѓународна правна помош и истите да ги употреби во доказната постапка.

[8] Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, Сл. Весник бр.04/08.

Што се однесува до превентивната политика која ја води Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, истата, има развиено апликативна програма преку која листите на терористи и терористички организации утврдени од релевантните меѓународни институции – ООН, ЕУ и амбасадата на САД, ги импортира во својата база и при водење на конкретни случаи врши пребарување по истите со цел идентификација на одредени лица. Во насока на подобрување на системот, овие листи се доставени и до субјектите од членот 5 од Законот за СППФТ, како и до органите на прогон, и тие се должни при анализата на своите клиенти да вршат пребарување и идентификација на лицата по истите тие листи и доколку некое лице биде идентификувано, веднаш да ја известат Управта.

Согласно Законот за меѓународни рестриктивни мерки (Сл. Весник на Р. Македонија бр.36 од 23.03.2007 година) со кој се уредува начинот на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки воведени со правно обврзувачки резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации, усвоени според глава VII од Повелбата на Обединетите нации, Заедничките позици донесени од ЕУ и одлуките на други меѓународни организации во кои членува РМ во согласност со меѓународното право, Управта за спречување на перење пари и финансирање на тероризам ги спроведува финансиските мерки кои опфаќаат забрана за располагање на имот и со финансиски средства на правни и физички лица, како и забрана за давање на имот и на финансиски средства на располагање на лицата на кои се однесува рестриктивната мерка (замрзнување на финансиските средства и имот).

Потребата од евиденција и следење на физичкиот пренос на паричните средства, хартиите од вредност при влез и излез од граничната линија како еден од можните начини за финансирање на тероризмот, согласно Препораката 9 од Деветте специјални препораки од FATF, Царинската управа согласно член 19 од Законот за СППФТ задолжително го евидентира секое внесување и изнесување на готови пари или хартии од вредност преку царинската линија на Република Македонија, ако износот на парите или хартиите од вредност на доносител го надминува со закон или друг пропис дозволениот максимум од 10.000,00 евра.

При евидентирањето, Царинската управа спроведува мерки и дејствија за спречување на финансирање на тероризм, притоа преземајќи конкретни активности во делот со идентификувањето на лицето, идентифукивањето на сопственикот на паричните средства или хартии од вредност, идентитетот на крајниот сопственик, износот и валутата на готовите пари или хартии од вредност, изјава за потеклото на паричните средства или хартиите од вредност, намерата за внесувањето на истите и местото и времето на преминување на царинската линија.

Во тој случај Царинската управа задолжително по електронски пат или преку телекомуникациски средства, а во случај кога тоа не е можно, со други пишани средства го пријавува до Управата внесувањето или изнесувањето на готови пари или хартии од вредност над 10.000,00 евра во денарска противвредност, најдоцна во рок од три работни дена од евидентирањето.

Царинската управа задолжително писмено го пријавува до Управата внесувањето или изнесувањето на готови пари или хартии од вредност на доносител без оглед на износот, секогаш кога постои основано сомнение за финансирање на тероризам, најдоцна во рок од 24 часа од сознанието за сомнителноста на внесувањето или изнесувањето на готови пари или хартии од вредност.

*3.3 Столб 3 – Органите на прогон (Јавното обвинителство, МВР и Управа за финансиска полиција)*

Исntитуциите од третиот столб треба да го зададат завршниот удар врз финансиерите на тероризмот. Имено по добиените извештаи од Управата во кој веќе се наведени разузнавачки податоци за лица кои се обиделе или сториле кривични дела по член 394-в “финансирање на тероризам” од Кривичниот законик на РМ, истите треба да преземат активности согласно нивните законски надлежности и доколку податоците од извештајот се основани, поднесуваат кривични пријави за инволвираните лица до надлежниот судија. Во судстака постапка, судијата ги собира сите податоци кои ќе го докажат кривичното дело “финансирање на тероризам” и по таа постапка изготвува пресуда со кое лицата се осудуваат, или пак доколку нема основ, лицата се ослободуваат.

**Наместо заклучок**

Замрзнувањето и запленувањето на приходи стекнати од криминал е ефикасен пристап во борбата против тешкиот и организиран криминал (во понатамошна фаза и спречување на финансирање на тероризам) при што главниот мотив е да се стекне некаква корист.

Според концептот на интегрирани финансиски истраги (од сомнежот за постоење на кривично дело до самиот имот), финансиските истраги се спроведуваат паралелно со кривичната истрага со цел да се идентификува и трасира материјалната корист стекната преку (конкретно) кривично дело, да се идентификува имотот на осомничените лица или на трети лица од кои е возможна конфискација и да се обезбеди крајната конфискација преку имплементација на привремените мерки (обезбедување, запленување).

Во глава VII од Кривичниот законик е предвидена конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети. Во Законот стриктно се утврдени постапката во која може да биде изречена конфискацијата на имотот, од кого се може да се конфискува имотната корист. Овие одредби за конфискација на имотот и имотната корист особено се битни кога се во прашање кривичните дела од областа на финансискиот криминал. Доколку не би постоеле овие одредби, тогаш обвинетите би можеле да ја задржат имотната корист која ја прибавиле со кривичното дело и би се поставило прашањето за смислата на водење на овие постапки. Тука не треба да се свати дека не е од битно значење самото казнување на сторителите на кривични дела, туку самото казнување не може да предизвика никаков ефект ниту пак да делува превентивно доколку обвинетите, односно осудените лица би можеле да ја задржат противправно стекнатата имотна корист. Од одредбите на Кривичниот законик и тоа чл.97, чл.98, произлегува дека одлуката за конфискација може да донесе само суд и тоа со судска одлука со која е утврдено извршувањето на кривичното дело. Конфискацијата во постапката определена со закон е можна дури и кога од фактички или правни пречк не е можно водење на кривичната постапка спрема сторителот на кривичното дело. Под услови определени со ратификуван меѓународен договор, конфискуваниот имот може да биде вратен на друга држава.

За успешно водење на финансиските истраги во најголем број на случаи мора да се изврши и одземање на предмети, како и запленување, односно замрзнување на приходи за кои постои основано сомнение дека потекнуваат од сторено кривично дело.

Од тој контекст, од особена важност е да се напомене потребата за решавање на проблемот што потекнува од Законот за меѓународни рестриктивни мерки. Имено, во случај да се одредени рестриктивни мерки кон одредене целна група која се наоѓа на листите на терористи, и за кои според одлуката се предвидува замрзнување на целиот

имот, банкарски сметки, депозити, акции итн., не е предвидено нивна конфискација. И според вака донесениот закон тие средства ќе бидат замерзнати се до оној момент до кога одлуката за спроведување на рестриктивните мерки ќе биде тргната, при што целокупниот имот на лицата им се враќа назад, и истиот може да биде употребен за финансирање на тероризам.

Носител на овој закон е Министерството за надворешни работи на РМ, преку Директоратот за Европска унија. При тоа Законот предвидува преземање на други мерки од страна на институциите во РМ. Потребата од меѓусебната координација на терен е од особена важност. Во тој случај, меѓуресорско тело кое ќе ги координира активностите при спроведувањето на рестриктивните мерки не постои.

Согледувајќи ги овие проблеми, се наметнува потребата од итни измени во Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

**Користена литература:**


1. Арнаудовски Љупчо, *Меѓуусловност и меѓузависност на тероризмот и организираниот криминалитет,* Скопје, 2002;
2. Сулејманов Зоран, *Македонска криминологија*, Графохартија-Скопје, Скопје, 2000;
3. Груроф Е., *Перењето пари,* Безбедност бр.3,1996, МВР на РМ-Скопје, Скопје, 1996;
4. Рајдер, А., *Одземањето на профитот од корупцијата,* Безбедност бр.1, 1995, МВР на РМ-Скопје, Скопје, 1995;
5. Тасева С. *Перење пари*, Дата Понс-Скопје, Скопје, 2003;
6. Стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Цетис Принт-Скопје, Скопје, 2008, стр.5-8;
7. Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, Сл. Весник бр.04/08.


*Ivica Simonovski,* MA

System for prevention of financing terrorism in the Republic of Macedonia


*Abstract*

*Organized and conduct the terrorist attacks is often complex process. Terrorism is like phenomenon, and doesn't describe process of consume terrorist attacks, but if we want to giving reachable definition for terrorism, and establish effective system for prevention of terrorism, we must to return several phase ago. First of all, we must know the ideology, concerning reason and motive for terrorism, second is the process to planning and realization ideology, them is the process for financing terrorism, and, on the end, is the conduct of terrorist attacks. In furthermore text, we would hold up to prevention of financing terrorism like the key for early suppression.*

*From particularly meaning is establishment effective system for prevention of financing terrorism. Macedonia is recognized consequence of terrorist attacks from 11 September 2001 on WTC in New York, and like a country – candidate to membership in EU and NATO, and keep to common position on EU, construct and build the system for prevention of financing terrorism. Keep to Directive 2005/60/EC of the European Parliament and of the Council of 26 October 2005 on the prevention of the use of the financial system for purpose of money laundering and the terrorist financing, 40 recommendation of FATF, 9 recommendation of FATF, and third round evaluation report of MONEYVAL Committee, Macedonia establish effective system for control financing system inside the country, and effective system for control the cash on the border line near the Customs control. It is more important introduction Law on International Restrictive Measures, which, entities, terrorist and terrorist organization established from relevant international organization, impose a blockade for open account, buy real estate, trading stock exchange e. t. c.*


***Key words:*** *terrorism, phase, financing terrorism, terrorist, terrorist organization, methods of financing, control of financing system, Law, cooperation.*

*Јованова Наташа*
Помлад асистент на Факултет за безбедност – Скопје

# СТАВОВИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ ЗА КАЗНУВАЊЕТО

*Целта на трудот е да се презентираат еден дел од резултатите од истражувањето за ставовите на студентите за криминалитетот кое е спроведено во 2009 година на примерок од 357 студенти од Факултетот за безбедност, Правниот факултет, Педагошкиот факултет и Филозофскиот факултет. Посебно се разгледуваат резултатите кои се однесуваат на ставовите на студентите за казнувањето на одредени криминални и асоцијални поведенија. Врз основа на податоците може да се донесе заклучок за високата ретрибутивна и репресивна настроеност на студентите од сите факултети што се опфатени во примерокот, дури и за определни поведенија коишто не се предвидени како кривични дела. При анализата на резултатите посебно се разгледуваат разликите што постојат помеѓу испитаниците од различен пол, факултетот на кој студираат, годината на студии и претходната виктимизиција на испитаниците во нивните ставови за казнувањето.*

***Клучни зборови:*** *студенти, казнување, репресивност.*

## 1. Вовед

Помеѓу многуте актуелни теми, прашањата поврзани за криминалот секогаш се предмет на истражувања од различни аспекти. Во последните неколку декади, криминолозите сѐ повеќе ги проучуваат перцепциите или ставовите на јавноста во поглед на виктимизацијата, стравот од криминал, како и ставовите поврзани со казнувањето.

Мислењето на јавноста игра витална, а понекогаш и одлучувачка улога во еволуцијата на кривичното право и практика.[1] Payne наведува четири причини зошто е значајно проучувањето на ставовите за казнувањето. Првата причина се однесува на тоа што истражувањата на јавното мислење за криминалот и за казнувањето се битна алка и водич за креаторите на криминалните политики во процесот на донесување на одлуките. Втората причина се однесува на тоа што ваквите истражувања им нудат на истражувачите објаснувања за културата, односно вредностите и верувањата кои постојат во тоа општество. Третата причина за ваков вид истражувања се однесува на тоа што ставовите коишто доминираат и се широко присутни во јавноста можат да влијаат на начинот на кој правниот систем се справува со криминалците. И како четврта причина, Payne наведува дека ставовите на јавноста може да се поврзани со однесувањето на индивидуата. Како на пример, ваквите истражувања можат да индицираат дека кај оние индивидуи кои имаат порепресивни ставови поголема е веројатноста да употребуваат телесни казни кога ги дисциплинираат своите деца.[2]

Ставовите на јавноста во поглед на казнувањето се детерминирани од мноштво испреплетени фактори во едно општество. Културата, традицијата, политичките и економските односи, медиумите, системот на вредности кој доминира во едно општество во одреден временски период имаат доминантно влијание на ставовите на јавноста за казнената политика.[3] Со оглед на тоа што причините за одредени ставови на

---

[1] Hand Book of crime and punishment, Julian V. Roberts& Loretta J. Stalans" Crime, Criminal Justice and Public Opinion" Oxford University Press, New York 1998, p. 31.

[2] Dozier, A. A. „*Factors Influencing the Attitudes of College Students Toward Rehabilitation or Punishment of Criminal Offenders*", http://ecommons.txstate.edu/cgi/, пристапено на 9.4.2010 година.

[3] Resisting punitiveness Sonja Snacken, SCCJR, Edinburgh, 1 June 2009.

јавноста се доста комплексни може да се каже дека индивидуалните мислења за казнувањето во голема мера се детерминирани и од конкретно определените социјални услови во одредена земја,[4] но може да се поврзани и со одредени демографски карактеристики.

Кога станува збор за вакви истражувања, се наметнуваат неколку дилеми во поглед на тоа како може да се мери јавното мислење. Дали на ставовите на испитаниците коишто не се информирани во поглед на криминалот и казнувањето да им се даде иста тежина како на ставовите на оние кои се информирани во поглед на казнувањето.[5] Во теоријата и емпириските истражувања особено се интересни и важни ставовите на студентите од факултетите од криминолошката област и од казненоправната област, со оглед на очекувањето дека овие студенти во иднина се очекува да бидат професионалците коишто треба да го спроведуваат казненото право и да влијаат на криминалната политика.[6]

Во последната деценија медиумите на светско ниво се опседнати со криминалот и со девијантноста.[7] Секојдневното сензационално прикажување на криминал и насилство со концентрација на определен вид криминал во определен временски период во трка по својата популарност, влијае на ставовите на јавноста за криминалитетот. Позитивната улога на медиумите како двигател во креирањето на криминалната политика пополека се менува во креатор на страв од криминал, недоверба во институциите на прогонот и во барања за повисоки казни затвор за сторителите со цел да бидат неутрализирани како ризик за општеството.[8] Ваквата состојба не ја одминува ниту нашата држава. Доминацијата на негативни вести, прилози поврзани со криминал и насилство, спектакуларни апсења пред медиумите со цел постигнување на впечаток за ефикасноста на полицијата, придонесува за притисок на јавноста врз институциите за изрекување на повисоки казни, па дури и смртни казни за сторителите. Покрај тенденциите во казненото право кои постојат во европските земји, за сè поголемата присутност на алтернативните мерки за одредени кривични дела,[9] еден добар дел од нашата стручна јавност, веројатно под влијание на многу фактори, сè уште е застапник за порепресивните и ретрибутивните мерки.

Во литературата се сретнуваат доста фактори коишто се поврзуваат со ставовите за казнувањето, како што се: полот, возраста, образованието, година на студии, материјалниот статус, политичката идеологија, претходната виктимизација, стравот од криминал, големината на градот и колку често јавноста гледа криминал на телевизија.

---

[4] International studies in social science “International comparison of crime and victimization”, Helmut Kury, Joachim Obergfell Fuchs, Ursula Smartt and Machael Wurger Attitudes to pusnishment: how reliable are international crime victim surveys ,-de Sitter Publications, Canada,”, p. 133.

[5] Atwell, Mary W. "Review." Edited by Edited by Julian V. Roberts and Mike Hough. *Changing attitudes to punishment: public opinion, crime and justice* (Willan Publishing) Vol. 13 No. 5 (May 2003), p. 1.

[6] Kuhn André, “Attitudes towards Punishment“, in *Understanding Crime: Experiences of Crime and Crime Control*, edited by A. Alvazzi del Frate, U. Zvekic and J. J. M. van Dijk, UNICRI Publ. No. 49, 1993, p. 277.

[7] Crime, media and fear of crime, “On media, crime and policing in Serbia-recent develepments” Zelimir Kesetovic, Biljana Simeunovic-Patic and Gorazd Mesko,Crimprev, Ljubljana 2009, str. 121.

[8] Kury, Helmut, ed. *International Comparison of crime and Victimization.* Vol. 2. Willowdale: de Sitter Publications, 2001, p. 134.

[9] International studies in social science “International comparison of crime and victimization”, Helmut Kury, Joachim Obergfell Fuchs, Ursula Smartt and Mchael Wurger Attitudes to pusnishment: how reliable are international crime victim surveys ,-de Sitter Publications, Canada,” p. 133.

## 2. Истражување „Ставовите на студентите за криминалитетот"

Истражувањето за ставовите на студентите за криминалитетот е дел од едно меѓународно истражување коешто се спроведе уште во неколку држави во поранешна Југославија (Словенија, БиХ, Србија, Хрватска и Македонија). Податоците во истражувањето се собираа по пат на анкетирање кое се спроведе во периодот април-мај 2009 година. Во Прашалникот којшто се користеше при истражувањето можат да се издвојат неколку групи прашања кои се однесуваат на чувството на сигурност и страв од криминалитет, прашања кои се однесуваат на претходната виктимизација на испитаниците и на нивното мислење во поглед на улогата на жртвата во кривичното дело, прашања кои се однесуваат на ставовите за казнувањето на одредени криминални поведенија и асоцијални поведенија и прашања кои се однесуваат на ставовите за смртната казна.

2.1. *Опис на примерокот*

| Број на испитаници | | 357 |
|---|---|---|
| пол | N | % |
| машки | 124 | 34,7 |
| женски | 233 | 65,3 |
| факултет | | |
| Факултет за безбедност | 98 | 27,6 |
| Правен факултет | 113 | 31,7 |
| Педагошки факултет | 45 | 12,6 |
| Филозофски факултет<br>- ИСРП<br>- ИМС | 99 | 27,7 |
| година на студии | | |
| втора | 84 | 23,5 |
| трета | 123 | 34,5 |
| четврта | 91 | 25, 5 |
| мастер | 56 | 15,7 |
| возраст | | |
| 20-23 години | 326 | 91,3 |
| 24-39 години | 31 | 8,7 |
| националност | | |
| Македонци | 318 | 89,1 |
| Албанци | 15 | 4,2 |
| Власи | 5 | 1,4 |
| Бошњаци | 4 | 1,1 |
| Турци | 3 | 0,8 |
| Срби | 3 | 0,8 |
| Роми | 3 | 0,8 |
| други | 3 | 1,8 |
| вероисповед | | |
| православни | 324 | 90,8 |
| муслимани | 27 | 7,6 |
| католици | 2 | 0,6 |
| атеисти | 3 | 0,8 |
| друго | 1 | 0,2 |

***Ставови во поглед на казнувањето на одредени криминални и асоцијални поведенија***

1. *Разлики помеѓу половите во поглед на казнувањето на одредени криминални и асоцијални поведенија*

Бројни истражувања за јавното мислење во поглед на казнувањето, генерално, покажуваат одредени разлики помеѓу половите во поглед на ставовите за казнувањето. Но податоците од истражувањата кои ги проучуваат разликите помеѓу половите во однос на ставовите за казнувањето не покажуваат исти резултати. За

релевантно утврдување на разликите секогаш се инсистира на природата на кривичното дело или асоцијалното поведение.[10] Најчесто се претпоставува дека мажите се порепресивни отколку жените, но различни истражувања спроведени во различен временски период даваат различни резултати. Според Falco, разликите во ставовите помеѓу студентите од машки и од женски пол не се цврсто докажани.[11]

Во рамките на истражувањето кое беше спроведно во 2009 година, во Прашалникот е содржана батерија на прашања кои се однесуваат на ставовите на студентите во поглед на казнувањето на одредени криминални и асоцијални поведенија.

| |
|---|
| 1. возење автомобил под силно влијание на алкохол, |
| 2. возење со јавно сообраќајно средство без билет, |
| 3. да се украде нешто во вредност до 250 евра, |
| 4. давање отпор на полицијата, |
| 5. земање хашиш (лесни дроги), |
| 6. провала во стан со намера за крадење, |
| 7. да се удри возрасен човек така што да е потребна лекарска помош, |
| 8. во продавница да се украде до 45 евра, |
| 9. земање хероин (тврди дроги), |
| 10. да се запоседне празен стан, |
| 11. да се стори силување, |
| 12. да се присилува лице на полово дејство (не се работи за силување), |
| 13. на лице со сила да му се грабне рачна чанта (разбојништво), |
| 14. да се украде автомобил, |
| 15. да се повреди лице со нож или со огнено оружје, |
| 16. да се тепа дете во семејството така што да има потреба од лекарска помош, |
| 17. повторно да се провали и да се украде ТВ-апарат, |
| 18. својата жена да се присилува на полов однос, |
| 19. да се прекине несакана бременост. |

При користење на t-test за утврдување на разликите помеѓу ставовите на студентите од машки и од женски пол, резултатите покажаа дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу нивните ставови. **Разлики постојат само за неколку кривични дела,** како што се: ***кражба на автомобил, повторно да се провали и да се украде ТВ-апарат, силување во брак, како и прекинување на несакана бременост***.

- **При анализа на аритметичките средини за овие поведенија, може да се забележи дека студентите од машки пол се порепресивни во казнувањето на *кражба на автомобил и за повторно да се провали и да се украде ТВ-апарат, како и за прекинување на несакана бременост***, а за разлика од нив, **студентите од женски пол се порепресивни во поглед на казнувањето на *силување во брак***.

[10] Tufts, Jennifer. *Public attitudes toward the criminal justice system.* Canada: Juristat, 2000, p. 11.
[11] Falco, Diana L. *Assessing students' views towards punishment:a comparison of punitiveness among criminology.* Indiana University of Pennsylvania, 2008, http:/hdl.handle.net/2069/120, пристапено на 10.4.2010 година.

**Табела 1. t-test, пол, и ставови за казнувањето на одредени криминални и асоцијални појави.**

| | F | Sig. | t | df | Sig. (2-tailed) | Mean Difference | Std. Error Difference | Lower | Upper |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| да се украде автомобил | 11,365 | ,001 | 2,768 | 353 | ,006 | ,388 | ,140 | ,112 | ,663 |
| | | | 3,113 | 334,101 | ,002 | ,388 | ,125 | ,143 | ,633 |
| повторно да се провали и да се украде ТВ-апарат? | 8,973 | ,003 | 3,724 | 353 | ,000 | ,807 | ,217 | ,381 | 1,234 |
| | | | 3,921 | 287,082 | ,000 | ,807 | ,206 | ,402 | 1,212 |
| својата жена да се присилува на полов однос (силување во семејството) | 17,787 | ,000 | -3,176) | 350 | ,002 | -,751) | ,236 | -1,216) | -,286) |
| | | | -2,955) | 202,186 | ,003 | -,751) | ,254 | -1,252) | -,250) |
| да се прекине несакана бременост | 1,674 | ,197 | 2,260 | 353 | ,024 | ,761 | ,337 | ,099 | 1,423 |
| | | | 2,240 | 239,911 | ,026 | ,761 | ,340 | ,092 | 1,430 |

Разликите во ставовите помеѓу испитаниците од машки и од женски пол за казнувањето во поглед на силувањето во брак се и очекувани. Тоа може да е резултат на одредени стереотипи и предрасуди кои до определен временски период постоеја во нашата држава, пред сè кај машкиот пол, во поглед на семејното насилство, а особено за силувањето во брак. Постоеја, а можеби сè уште постојат, одредени сфаќања дека тоа не постои или пак дека тоа е приватна работа на семејството. Со многубројните кампањи на невладините организации за подигнување на свеста на жртвите на семејно насилство, се подигна свеста на граѓаните за постоењето на оваа појава. Но предрасудите не можат да се искоренат така лесно така што веројатно сè уште кај дел од лицата од машки пол се присутни што, секако, може да има влијание и врз нивните ставови за поблаго казнување на сторителите на силувањето во брак.

Полибералните ставови на испитаниците од женски пол кои се однесуваат на ставовите за казнувањето на прекинување несакана бременост можеби и се очекувани пред сè поради фактот што ова прашање се однесува токму на нив и на нивното право на абортус. На релевантноста на резултатите во поглед на ова прашање може да се стави знак прашалник бидејќи одговорите на испитаниците, кои се поделени или да се казни со казна затвор (23% од испитаниците од машки пол и 20,6% од испитаниците од женски пол) или дека државата не треба да реагира (42,6% од испитаниците од машки пол и 51,1% од женски пол), можат да бидат резултат на непрецизност и како студентите го разбрале прашањето, дали станува збор за легален или за нелегален абортус, што секако може да влијае на нивните ставови.

*Генерално, може да се заклучи дека помеѓу ставовите за казнувањето на испитаниците од различен пол не можат да се забележат значајни разлики. Може само да се констатира дека испитаниците од машки пол имаат порепресивни ставови за имотните кривични дела, додека испитаниците од женски пол во поглед на кривичните дела со елементи на насилство. Сепак и покрај одредени разлики,* студентите и од машки и од женски пол се одлучуваат за доста репресивни мерки, дури и за некои асоцијални поведенија, како што се користење хашиш и земање хероин.

2. *Разликите помеѓу студентите од различни факултети и нивните ставови за казнувањето на одредени криминални и асоцијални поведенија*

Во литературата особено се интересни разликите во ставовите на студентите од факултетите од криминолошката област и казненоправната област, од една страна, и студентите од други факултети. Бидејќи се очекува студентите кои студираат на факултетите од криминолошката и кривичноправната област во иднина да го спроведуваат казненото право и да влијаат во креирањето на криминалната политика,

се наметнува дилемата дали доколку ставовите на овие студенти се порепресивни и ретрибутивни за време на самите студии постои можност ваквите ставови да се трансферираат и при вршењето на нивната професија.[12]

Во истражувањето кое е спроведено во 2009 година, во примерокот се вклучени студенти од четири факултети: Факулетет за безбедност, Правен факултет, Педагошки факултет и Филозофски факултет (Институт за социјална работа и социјална политика и Институт за мировни студии).

При разгледувањето на аритметичките средини, интересни се резултатите во поглед на земањето хашиш и земањето хероин. ***Студентите од Педагошкиот факултет отстапуваат, односно имаат порепресивни ставови во поглед на казнувањето на асоцијалните поведенија***. *Едно од можните објаснувања за порепресивните ставови на студентите од Педагошкиот факултет во поглед на земањето хашиш и хероин е нивната неинформираност за неказнивоста на ваквите поведенија*. Друго објаснување, кое се однесува генерално и за студентите од другите факултети кои се одлучуваат пред сè за репресивни мерки, е традиционалното воспитување коешто сè уште постои во нашето општество. И покрај неказнивоста на ваквите асоцијални појави, традиционалното воспитување на некој начин ги стигматизира лицата кои консумираат дрога како општествено некорисни членови. Во согласност со тоа е можно испитаниците да сметаат дека кон ваквите лица треба да се реагира порепресивно, односно да се изрече или казна затвор или условна казна затвор.

*Правниот факултет,* според аритметичките средини, се појавува со *најрепресивни ставови* во поглед на казнувањето на *силување во брак, кај повторна провала и земање ТВ-апарат и кај удирање на дете.* Врз основа на ова може да се констатира дека испитаниците од Правниот факултет *најмногу ги осудуваат кривичните дела каде што постои насилство и при рецидивизам*.

Според карактеристиките на резултатите, ставовите во поглед на казнувањето на одредени криминални и асоцијални појави на студентите на *Факулетот за безбедност битно не се разликуваат од ставовите на студентите од Правниот факултет. Исто како и испитаниците од Правниот факултет, и тие се порепресивни од другите факултети за кривичните дела каде што постои насилство* (присилување на полови дејства и удирање на дете), а имаат ***најрепресивен став во однос на другите факултети во поглед на казнувањето на прекинување несакана бременост***. Сепак, и тука треба да нагласиме дека на отстапувањето на ставовите кај прекинувањето на несаканата бременост треба да му пристапиме со резерва поради непрецизноста дали станува збор за легално или за нелегално прекинување на бременоста.

*При направен t-test најмногу статистички разлики постојат помеѓу Правниот и Педагошкиот факултет*. Студентите од Педагошкиот факултет имаат порепресивни ставови за одредени асоцијални поведенија (земање хашиш и хероин), додека студентите од Правниот факултет за оние кривични дела каде што е присутно насилството (силување во брак, насилство врз дете, напад на возрасно лице) и кај имотните кривични дела (провалите и кражбите).

Покрај определени разлики во ставовите на студентите од различни факултети, во поглед на казнувањето сепак може да се донесе една ***општа констатација дека најголем број од испитаниците од сите факултети опфатени со примерокот се одлучувале за некоја репресивна мерка***. Ако направиме анализа за процентуалната застапеност, односно односот помеѓу репресивните мерки (казна затвор, условна казна затвор и парична казна) и ресторативните мерки (предупредување со казна затвор,

[12] Atwell, Mary W. "Review." Edited by Edited by Julian V. Roberts and Mike Hough. *Changing attitudes to punishment: public opinion, crime and justice* (Willan Publishing) Vol. 13 No. 5 (May 2003), p. 1.

надомест на штета, договор со жртвата, вршење на општокорисна работа), може да се заклучи дека во најголем процент студентите од сите факултети се наклонети на репресивниот и ретрибутивен начин на реагирање спрема сторителите на дадените криминални и асоцијални поведенија.

Во Графиконите 1, 2 и 3 се дадени приказите на вкупниот пропорционален однос на репресивните и ресторативните мерки за реагирање на одредени поведенија по Факултети.

**Графикон бр. 1**




**Графикон бр. 2**







**Графикон бр. 3**

3. *Разлики помеѓу ставовите на студентите од различни години на студии во поглед на казнувањето на одредени криминални и асоцијални поведенија*

Истражувањата поврзани со ставовите на студентите за казнувањето постојано ги мерат разликите кои постојат помеѓу ставовите на студентите од различна година на студии. Во истражувањето коешто го имаат спроведено Farnworth, Longmire и West, било утврдено дека студентите од четврта година имаат помалку репресивни ставови отколку студентите од прва година.[13] Авторите укажуваат дека тоа е резулатат на „ефектот на либерализација". Оваа теорија го застапува мислењето дека со зголемување на годината на студии, се стекнува определено искуство што може да влијае на стекнувањето на полиберални ставови.

Врз основа на резултатите од истражувањето „Ставовите на студентите за криминалитетот" од 2009 година и извршената анализа на ставовите помеѓу студентите од различна година на студии, врз основа на нивните аритметички средини и t-test, *може да се констатира дека кај определени криминални поведенија коишто се поврзани со насилство, репресивноста расте со годините на студии*. На пример, ***студентите од мастер студиите покажале најголема репресивност за криминалните поведенија (својата жена да се присилува на полов однос (силување во брак), дете во семејство така да се тепа за да има потреба од лекарска помош),***

[13] Dozier, A. A. „*Factors Influencing the Attitudes of College Students Toward Rehabilitation or Punishment of Criminal Offenders*", http://ecommons.txstate.edu/cgi/, пристапено на 9.4.2010 година, p. 28.

***но интересно е дека се доста полиберални во поглед на земањето хашиш и хероин и прекинувањето на несакана бременост. За разлика од нив, <u>студентите од втора и трета година</u> се порепресивни во поглед на ваквите асоцијални поведенија.***

Теоријата за „ефектот на либерализација" според Farnworth, Longmire и West, која се зголемува со секоја повиска година на факултет, во нашето истражување може да се потврди само во делот на реагирањето на одредени асоцијални појави како земање на хашиш и хероин, меѓутоа не и за сериозните и насилничките кривични дела.

4. *Разликите помеѓу виктимизирани и невиктимизирани студенти во поглед на ставовите за казнувањето на одредени криминални и асоцијални поведенија*

При истражувањата за ставовите во врска со криминалот и казнувањето, особено е значајно дали искуството со виктимизација може да влијае врз ставовите за казнувањето. Постојат определени теоретски размислувања кои го застапуваат ставот дека претходната виктимизација кај испитаниците предизвикува порепресивни ставови.

Спротивно на очекувањата, во истражувањето „Ставовите на студентите за казнувањето" резултатите од t-test–от не покажаа значајни разлики во поглед на ставовите за казнувањето помеѓу испитаниците кои не биле жртви и оние кои биле жртви еднаш или повеќе пати. Врз основа на аритметичките средини, во поглед на казнувањето може да се забележи дека постои незначителна, но сепак поголема репресивност на жртвите во поглед на имотните криминални поведенија и кај удирање на дете така што да е потребна лекарска помош. **Со оглед дека во примерокот 20% од испитаниците биле жртва на кражба и провала во стан, тоа може да е една од причините за поголемата репресивност во поглед на ваквите кривични дела. Во теоријата се наведува дека испитаникот кој бил жртва на вакви видови кривични дела пред спроведувањето на истражувањето, тој не е во можност да ја раздвои својата виктимизација од фиктивниот случај што му е презентиран во анкетата.**[14]

**Заклучоци**

**Врз основа на резултатите од истражувањето „Ставовите на студентите за криминалитетот" можат да се донесат неколку заклучоци:**

- **Не постојат значајни разлики во поглед на ставовите на испитаниците за казнувањето од машки и од женски пол. Испитаниците од машки пол имаат порепресивен став во поглед на имотните кривични дела, додека испитаниците од женски пол во поглед на кривичните дела со елементи на насилство.**

- **Ставовите помеѓу студентите на Факултетот за безбедност се слични како ставовите на студентите од Правниот факултет.** За *силувањето во брак, повторната провала и земањето ТВ-апарат и кај удирањето на дете така што е потребна лекарска помош, испитаниците од Правниот факултет имаа порепресивен став од останатите испитаници, додека студентите од Факултетот за безбедност порепресивен став имаат за присилување лице на полово дејство.* Може да се заклучи дека испитаниците од Факултетот за безбедност и Правниот факултет *најмногу ги осудуваат кривичните дела каде што постои насилство. Студентите-испитаници од Педагошкиот факултет, за разлика од другите факултети, се значајно порепресивни во казнувањето на земањето хашиш и хероин.*

[14] Kuhn André, "Attitudes towards Punishment", in *Understanding Crime: Experiences of Crime and Crime Control*, edited by A. Alvazzi del Frate, U. Zvekic and J. J. M. van Dijk, UNICRI Publ. No. 49, 1993, pp. 277.

- **Студентите од мастер студиите покажуваат порепресивни ставови во поглед на реагирањето на кривичните дела со елементи на насилство (***својата жена да се присилува на полов однос (силување во брак), да се удира дете така што да има потреба од лекарска помош***), но имаат полиберален став во поглед на асоцијалните поведенија - земањето хашиш и хероин. За разлика од нив, студентите од втора и трета година имаат став за порепресивно казнување на лицата коишто земаат лесни и тешки дроги.**

- **Генерално, може да се донесе еден општ заклучок. Покрај разликите коишто постојат помеѓу сите наведени групи, студентите имаат доста репресивни и ретрибутивни ставови во поглед на казнувањето. Многу мал процент од испитаниците се одлучувале за алтернативните, односно ресторативните мерки за некои кривични дела коишто и не се толку сериозни. Големата репресивност во поглед на одредени асоцијални поведенија укажува на сѐ уште постоечките традиционални односи и воспитување коишто колку што цврсто ги задржуваат одредените позитивни вредности толку се круто за внесување на промени во ставовите на индивидуите за начинот на реагирање на одредени поведенија, односно за заменување на репресивноста со ресторативноста, се разбира, само кај оние кривични дела каде што и со мерките на ресторативна правда можеме да ги задоволиме сите заинтересирани страни инволвирани во конфликтот што настанал со кривичното дело.**

Користена литература


1. Roberts, V. , J. & J. Stalans, Crime, Criminal Justice and Public Opinion “Hand Book of crime and punishment, New York, Oxford University Press, (1998).
2. Dozier, A. A. „*Factors Influencing the Attitudes of College Students Toward Rehabilitation or Punishment of Criminal Offenders*”, http://ecommons.txstate.edu/cgi/, пристапено на 9.4.2010 година.
3. Snacken, S. „Resisting punitiveness”, SCCJR, Edinburgh, 1 June, 2009.
4. Atwell, Mary W. “Review.” Edited by Julian V. Roberts and Mike Hough. *Changing attitudes to punishment: public opinion, crime and justice* (Willan Publishing) Vol. 13 No. 5 (May 2003).
5. Kuhn André, “Attitudes towards Punishment”, in *Understanding Crime: Experiences of Crime and Crime Control,* edited by A. Alvazzi del Frate, U. Zvekic and J. J. M. van Dijk, UNICRI Publ. No. 49, 1993.
6. Zelimir Kesetovic, Biljana Simeunovic-Patic and Gorazd Mesko -Crime, media and fear of crime, “On media, crime and policing in Serbia-recent develepments”,Crimprev, Ljubljana 2009.
7. Kury, Helmut, ed. *International Comparison of crime and Victimization.* Vol. 2. Willowdale: de Sitter Publications, 2001.
8. Tufts, Jennifer „*Public attitudes toward the criminal justice system”,* Canada: Juristat, 2000.
9. Falco, Diana L. *Assessing students' views towards punishment:a comparison of punitiveness among criminology.* Indiana University of Pennsylvania, 2008. http:/hdl.handle.net/2069/120, пристапено на 10.4.2010 година.
10. Joachim Obergfell Fuchs, Ursula Smartt and Muchael Wurger “*Attitudes to pusnishment: how reliable are international crime victim surveys”* ed. Helmut Kury,

International studies in social science “International comparison of crime and victimization”, Canada, -de Sitter Publications.
11. Kesetovic, Z. Simeunovic-Patic, B. and Mesko, G. “*On media, crime and policing in Serbia-recent develepments*”, ed. Mesko, G., Crime, media and fear of crime, Ljubljana, Grimprev, 2009.
12. Snacken, S. “*Resisting punitiveness”,* Edinburgh, SCCJR, 2009.

*Natasa Jovanova*
*Faculty of Security- Skopje*

## *STUDENTS' ATTITUDES TOWARDS PUNISHMENT*

### *Abstract*

*The aim of this paper is to present a part from the research results about students' attitudes towards crime that was carried out in 2009 on a sample of 357 students from the Faculty of Security, the Faculty of Law, the Faculty of Pedagogy and the Faculty of Philosophy. Particular emphasis is put on the results about students' attitudes towards punishment of certain criminal and asocial behaviors. Based on the data it can be concluded that the students from all faculties have high repressive and retribution attitudes even towards some behaviors which are not considered criminal acts. In the analysis of the results the author particularly considers the differences in the attitudes towards punishment among the respondents based on their gender, faculty, year of study and their previous victimization.*

*Key words: students, punishment, repressiveness*

***Душко Иванов***
Министерство за внатрешни работи на РМ
e-mail dusko.ivanov@yahoo.com

# ИЗБОРНОТО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА КАЗНЕНОПРАВНАТА ЗАШТИТА

*Резиме*

*Предмет на проучување на овој труд е изборното насилство во Република Македонија, со посебен осврт на казненоправната заштита.*

*Казненоправната заштита на избирачкото право во Република Македонија се однесува на активното и на пасивното избирачко право. Со пропишаните инкриминации се заштитува слободата на граѓанинот да избира или да биде избран, да избира или да гласа или воопшто да не гласа, без никаква присилба или какво било влијание што ја прави неговата одлука изнудена, наметната или купена. Избирачкото право се заштитува од дејства што претставуваат насилство, измама или поткупување со што овие дела се појавуваат како специјални облици на општите дела на присилба, измама или поткуп.*

*Изборното насилство се манифестира во најразлични облици и варијанти од семејно гласање и гласање во име на друг, преку насилно полнење на гласачките кутии; давање поткуп при изборите и гласањето; заканување со употреба на сила, а во одредени случаи и употреба на сила за реализирање на намерата за уништување на гласачкиот материјал, а со тоа и нарушување на изборниот процес и тајноста на гласањето.*

***Клучни зборови**: изборно насилство; казненоправна заштита; избирачко право; изборен процес; гласачки материјал.*

## Вовед

Избирачкото прво спаѓа меѓу најстарите граѓански и политички права. Тоа датира уште од античко време кога се создаваат претставничките тела и органите на државите-градови. Во поново време, избирачкото право се врзува со појавата на модерната држава и нејзиниот претставничко-политички механизам. Подоцна, процесот на неговото обликување интензивно продолжува со појавата на граѓанскиот парламентаризам и политичките партии во почетокот на XIX век. Од средината на XX век, поточно по Втората светска војна настанува историски пресврт во меѓународно правната заштита на човековите права во кои значајно место зазема и ова право. Во овој период се елиминираат многубројните цензуси (имотната состојба, половата и расната припадност, возраста, престојувалиштето и др.) врз основа на кои долго време се елиминираше ова право на граѓаните.

Фундаменталните принципи на европските изборни системи единствено можат да бидат гарантирани доколку се исполнат одредени општи услови и тоа: првиот општ услов е почитување на фундаменталните човекови права, а особено слободата на изразување и на здружување без кои не постои вистинска демократија; второ, изборниот закон мора да ужива извесна стабилност, заштитувајќи се од партиска и од политичка манипулација и трето, мора да бидат определени бројни процедурални гаранции, особено во однос на организацијата на гласањето. Како аргумент повеќе е и фактот дека изборите не се одржуваат во вакуум, туку во контекст на специфичен изборен систем и даден политички систем.

Република Македонија како земја која претендира да стане дел од европското семејство на демократски држави во својот Устав, во членот 22,[1] го има регулирано избирачкото право како уставно загарантирано право на секој граѓанин на Република

[1] Устав на РМ (Службен весник на РМ, бр. 52/91; Амандмани 1/92; 31/98; 91/2001; 84/2003; 107/2005 и 3/2009.

Македонија, а во Кривичниот законик[2] постои посебна глава XVI „Кривични дела против изборите и гласањето", во која се законски нормирани кривичните дела против изборите и гласањето и се предвидени кривични санкции за сторителите на кривичните дела.

Изборите во сите парламентарни демократии, па и во Република Македонија, претставуваат основниот извор на легитимитетот на власта. Тие се универзално прифатено средство за конституирање на власта во секоја современа држава, но само слободни и чесни избори засновани на општо, еднакво и тајно гласање претставуваат темел на демократијата. Една од основните претпоставки за владеење на правото во секоја држава е доаѓање на власт по пат на легитимно спроведени избори. Заради исполнување на овие основни цели на современата правна држава, изборите мора да се одвиваат според однапред утврдени „правила на игра". Овие правила на игра се предмет на регулирање на посебен систем од норми кој во политичката и уставноправната практика се нарекува **изборен систем**. **Изборниот систем** претставува единство од права, принципи, механизми и гаранции врз основа на кои се одвива учеството на граѓаните на изборите. Централно место во структурата на изборниот систем зазема **избирачкото право** и принципите на кои тоа се заснова. Неговата содржина ја сочинуваат две негови димензии: активно избирачко право (право на граѓаните да избираат свои претставници во претставничките тела) и пасивно избирачко право (право на граѓаните да бидат избрани за членови во тие тела). Составен дел на изборниот систем се и нормите со кои се гарантираат правата на изборниот субјект и законитоста во одвивањето на самиот изборен процес. Сите овие гаранции би останале гола декларација ако не се создадат реални претпоставки за нивно оживотворување во изборната практика. Од овие причини се изградени ефикасни механизми за заштита на изборниот систем затоа што секое сомневање во регуларноста на изборите фрла сенка на легитимноста на власта, а со тоа и врз приципот на владеење на правото.[3]

## 1. Заштита на избирачкото право

Правниот систем во Република Македонија предвидува неколку видови на правна заштита на избирачкото право и тоа: заштита која се остварува преку дејствување на органите што се грижат за правилно и законито одвивање на изборите (избирачките одбори и изборните комисии од сите нивоа) во чии рамки влегува и заштитата што се остварува преку Државната изборна комисија и Управниот суд на Република Македонија кои се грижат за целосна и доследна примена на Изборниот законик[4] - **административна заштита**; потоа заштита што се остварува при т.н. верификација на мандатите на избраните претставници (од страна на Собранието на Република Македонија и собранијата на општините) – **парламентарна заштита** и заштита што се остварува преку редовните судови (основните, апелациските судови и Врховниот суд на Република Македонија) во чии рамки влегуваат и прекршочните и кривичните судови - **судска заштита.**

Казненоправната заштита се спроведува од страна на редовните судови во Република Македонија, а се состои во санкционирање на сите појавни форми и облици на изборно насилство или насилство за време на изборите, како и други кривични дела што имаат за цел повреда или загрозување на избирачкото право и на постапката во согласност со која се спроведуваат изборите, а се предвидени во Кривичниот законик

---

[2] Кривичен законик на РМ, Службен весник на РМ, бр. 37/96, 80/99. 04/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005; 60/2006, 73/2006 ; 7/2008; 139/2008 и 114/2009.

[3] Витларов Т, Анализа на кривичноправната заштита на изборите и гласањето, 2008.

[4] Изборен законик –пречистен текст (Службен весник на РМ, бр. 40/06; 136/08; 148/08).

на Република Македонија. Објект на заштита кај овие казниви дела е изборниот систем како комплекс на избирачко право, принципи и постапка за остварување на избирачкото право и гаранции за слободни и фер избори. Казненоправната заштита на избирачкото право во Република Македонија се однесува на активното и на пасивното избирачко право. Со пропишаните инкриминации се заштитува слободата на граѓанинот да избира или да биде избран, да избира или да гласа или воопшто да не гласа, без никаква присилба или какво било влијание што ја прави неговата одлука изнудена, наметната или купена. Избирачкото право се заштитува од дејства што претставуваат насислство, измама или поткупување со што овие дела се појавуваат како специјални облици на општите дела на присилба, измама или поткуп.

## 2. Поим за изборното насилство

Изборното насилство како феномен е сложена појава која сè уште не е дефинирана во научната и стручна литература. Постојат одделни законски дефиниции во инкриминациите на кривичните дела во казненото законодавство од кои би се обиделе да извлечеме една службена дефиниција, опфаќајќи ги повеќето инкриминирани насилни однесувања за време на избори. "Употребата на сила, сериозна закана или на друг начин оневозможување или спречување на одржување избори или гласање, оневозможување или спречување утврдување и објавување на резултатите од гласање, употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин присилување на граѓаните да не го искористат своето избирачко право, да ги присилат да гласаат спротивно на нивната волја и убедување, гласање во име на друго лице, повеќекратно гласање, повреда на тајноста при гласањето, уништување, ако при тоа употреби и оружје, експлозивни или опасни направи. Изборното насилство се манифестира во најразлични облици и варијанти од семејно гласање и гласање во име на друг, преку насилно полнење на гласачките кутии; давање поткуп при изборите и гласањето; заканување со употреба на сила, а во одредени случаи и употреба на сила за реализирање на намерата за уништување на гласачкиот материјал, а со тоа и нарушување на изборниот процес и тајноста на гласањето. Имено, под изборно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, психичко или физичко насилство сторени од страна на физичко лице или службено лице при вршење на службата во врска со изборите или гласањето кое предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, насочени кон лица кои имаат право и должност да го реализираат своето гласачко право, а со цел да се изврши оневозможување или спречување на одржување на изборите или објавување на изборните резултати од гласањето или се врши повреда на тајноста на гласањето.

Во вака конципираната дефиниција на поимот изборно насилство се опфатени сите елементи на казнено дело. Имено, дејство на извршување е поведението на човекот кое се состои во "малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, психичко или физичко насилство кое предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв". Противправноста, вината и казнивоста се изразени во "оневозможување или спречување на одржување на изборите или објавување на изборните резултати од гласањето или се врши повреда на тајноста на гласањето," елементи кои се изрично предивидени во Глава XVI од КЗ на РМ како казниви дела. Објект на заштита се „лица кои имаат право и должност да го реализираат своето гласачко право". Субјект на кривичното дело е „физичко лице или службено лице при вршење на службата во врска со изборите или гласањето". Обемот на казненоправната репресија е предодреден од облиците на неправото; оптфатот на одделни инкриминации; строгоста на казните - сето тоа зависи од волјата за нивно

доследно применување. Во политичката битка за власт која често пати не избира средства, ефикасноста на казненоправните забрани и не зависи од тоа кои и какви решенија постојат во Кривичниот законик.

## 3. Еволуција на кривичноправната заштита на изборниот систем во Македонија

Еволуцијата на кривичноправната заштита на изборниот систем во Македонија, во зависност од тоа како таа се остварувала во рамките на постоечкото законодавство, може да се подели на неколку фази: прва фаза, периодот од 1945 до 1951 година; втора фаза, периодот од 1951 до 1977 година; трета фаза, периодот од 1977 до 1993 година и четврта фаза периодот од 1996 до денес.

Во првата фаза, односно периодот од 1945 до 1951 година кривичноправната заштита на изборниот систем во Македонија се остваруваше преку изборните закони кои го сочинуваа изборното законодавство. Имено, во тогашниот Закон за избирачките списоци[5] беа предвидени кривичноправни одредби кои ги санкционираа повредите и злоупотребите на избирачкото право при составувањето и водењето на избирачките списоци, со што можеше да се доведе во прашање остварувањето на избирачкото право на граѓаните. Во Глава 7 од Кривичните одредби, член 25, е предвидено дека како кривично дело ќе се смета она дело во кое дејството на извршување ги опфаќа следните начини на кои делото може да се изврши: внесување во избирачкиот список лице што нема избирачко право или внесување на едно лице повеќе пати во избирачкиот список; бришење на некое лице што е веќе запишано во избирачкиот список или пропуштање да се избрише некое лице од избирачкиот список иако постоела оправдана причина за тоа. Како сторители на ова кривично дело се јавуваат службените лица кои се овластени за составување, водење и ажурирање на избирачките списоци, а за постоење на делото се барала посебна намера, односно делото може да се изврши само со директна умисла. Како потежок облик на инкриминација на ова кривично дело е ако со него се оштетени повеќе од десет луѓе, за што е предвидена и потешка санкција. Законот за избор на народни пратеници за Уставотворното собрание[6], во одделот XIII (кој, исто така, имал наслов „Кривични одредби”) во членовите 83; 84 и 85 содржи низа кривични дела против изборниот систем. Во овој закон не се бара посебна намера, така што делото може да биде извршено како со директна умисла така и со евентуална умисла. Сторители на ова кривично дело можат да бидат не само службени лица кои се вклучени во избирачкиот процес туку и секој граѓанин со право на глас кој прави злоупотреби во изборниот процес. Она што е карактеристично за овој закон е дека законодавецот се обидел да ги опфати речиси сите можни дејства насочени кон повреда или загрозување на избирачкото право на граѓаните, основните принципи на изборниот систем и процедурата врз која тој се остварува, така што опфатил и дејстива кои тешко можат да бидат инкриминирани како кривични дела (точки 6 и 14 од член 83 и точки 1 и 3 од член 84).

Пред изборите во 1950 година беа донесени два нови изборни закони: Закон за избор на народни пратеници за Народната скупштина на ФНРЈ[7] и Закон за отповикување на народни пратеници во Народната скупштина на ФНРЈ[8], но Законот за избирачките списоци и понатаму беше во сила, а со тоа и кривичноправните одредби со кои се санкционираа повредите на избирачкото право што се вршеа при

[5] (Службен лист на ДФЈ, бр. 59/45)
[6] (Службен лист на ДФЈ, бр. 63/45)
[7] (Службен лист на ФНРЈ, бр. 6/50)
[8] (Службен лист на ФНРЈ, бр. 43/50)

составувањето и водењето на избирачките списоци. Во Законот за избор на народните пратеници за Народната скупштина на ФНРЈ беа предвидени повеќе алтернативно определени казни за изборните деликти: лишување од слобода (со определен законски максимум), поправна работа (не може да биде пократка од три дена ниту подолга од две години) и парична казна до 20000 динари. Овој закон исто така за потешките облици на основните дела ја предвидуваше казната загуба на граѓанските права. Со овој закон се напушти пренормираноста во сферата на кривичноправната заштита на изборниот систем така што изостанаа кривичните дела од членот 83 точки 4 и 11, а кривичните дела од членот 84 (освен кривичното дело од точка 2) се претставуваа како прекршоци.

Кривичноправната заштита на изборниот систем во Македонија во периодот од 1945 до 1951 година се оствaрувaше не само преку изборното законодавство, туку паралелно, одредени кривични дела против изборите и изборниот систем беа предвидени и во кривичното законодавство. Кривичниот законик од 1951 година[9] во својот посебен дел во Главата „Кривични дела против слободите и правата на граѓаните" предвидуваше две кривични дела против изборниот систем. Имено, како кривични дела беа инкриминирани повредата на избирачкото право и повредата на слободата на определување на избирачите. Во оваа втора фаза на развој на кривичноправната заштита во Македонија, повеќето кривични дела против изборниот систем беа предвидени не само во Кривичниот законик туку и во повеќе изборни закони (сојузни и републички).

Казнените одредби за заштита на изборниот систем што ги содржеа сите изборни закони до 1977 година се речиси идентични со казнените одредби што ги предвидуваше Изборниот закон од 1953 година. Единствено во Законот за избор на сојузни пратеници од 1963 година[10] беше предвидено едно кривично дело. Мали измени беа извршени во казнените одредби на Законот за избор на сојузните пратеници од 1969 година.[11] Според овој закон, полесните кривични дела, кои дотогашните изборни закони ги систематизираа во посебен член и за нив пропишуваа значително поблаги казни, сега се третираат како прекршоци. Исклучок беше само делото повреда на тајноста на гласањето кое и натаму остана како кривично дело, само што сега беше издвоено во посебен член. За него беше предвидена полесна казна од казната за другите изборни кривични дела (парична казна до 1000 динари или казна затвор до три месеци). Кривичниот законик од 1951 година ја предвидуваше казната ограничување на граѓанските права, со тоа што таа можеше да се изрече само како споредна казна. Интересно е да се спомене дека за кривичните дела против изборниот систем, предвидени во изборното законодавство, според овој закон не можеше да се изрече оваа споредна казна бидејќи за овие дела беше пропишана само казна затвор или парична казна, а не беше предвидено ограничувањето на граѓанските права да се изрекува кон овие казни.

Со Новелата на КЗ од 1959 година казнениот систем беше сведен само на пет казни меѓу кои веќе не беше казната „ограничување на граѓанските права". Оваа казна оттогаш па сè до распаѓањето на СФРЈ не беше предвидена во нејзиното кривично законодавство.

Третата фаза од развојот на кривичноправната заштита на изборниот систем во Македонија го опфаќа периодот од 1977 до 1993 година кога сите кривични дела против изборниот систем беа кодифицирани во рамките на кривичното законодавство. Со Уставот на СФРЈ од 1974 година се направи радикален пресврт во распределбата на

9 (Службен лист на ФНРЈ, бр. 13/51)
10 (Службен лист на СФРЈ, бр. 14/63)
11 (Службен лист на СФРЈ, бр. 3/69)

законодавните надлежности во кривичноправната материја помеѓу федерацијата, од една страна, и републиките и автономните покраини, од друга страна. Имено, со новото кривично законодавство од 1977 година секоја република, односно автономна покраина, доби свои кривични закони. На тој начин кривичноправната заштита на изборниот систем сега беше во надлежност на републиките, односно автономните покраини кои овие кривични дела ги кодифицираа во рамките на главата за кривични дела против самоуправувањето. Причина за ова беше фактот дека избирачкото право во тој период се третираше како составен и неразделен дел на самоуправувањето, а одлучувањето на работните луѓе и граѓаните преку референдум како облик на самоуправно одлучување.

Кривичниот закон на СР Македонија[12] во Глава VIII која носеше наслов „Кривични дела против самоуправувањето" ги предвидуваше следниве кривични дела против изборниот систем: повреда на избирачкото право (член 70); повреда на слободата за определување на избирачите (член 71); уништување на изборните исправи (член 72); повикување на одговорност поради гласање (член 73); злоупотреба на правото на глас (член 74); загрозување и попречување на изборите (член 75); повреда на тајноста на гласањето (член 76); фалсификување на резултатите од гласањето (член 77).

На ниво на СФРЈ, тогаш не беше извршена целосна кодификација на изборните кривични дела во кривичното законодавство. Имено, Кривичниот закон на СФРЈ не предвидуваше кривични дела со кои треба да се обезбеди заштита на избирачкото право (и на другите елементи на изборниот систем) при изборите и отповикувањето на делегатите во Сојузното собрание. Вакви кривични дела и понатаму содржеа сојузните изборни закони, како на пример, Законот за избор и отповикување на делегати во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.[13]

Кривичниот закон на СР Македонија од 1977 година беше менуван и дополнуван повеќе пати: 1984; 1987; 1989; 1990; 1992 (кога беше преименуван во „Кривичен закон на Република Македонија") и 1993 година, но главата VIII во која беа систематизирани кривичните дела против изборите и изборниот систем остана неизменета.

Четвртата фаза од еволуцијата на кривичноправната заштита на изборниот систем во Македонија го опфаќа периодот на осамостојувањето на Република Македонија и нејзиниот развој во сите сегменти на општествениот живот како самостојна држава. Имено, овој период е поврзан со донесувањето на Кривичниот законик[14] како прв кодификуван текст на целокупната кривичноправна материја во Република Македонија.

Од неговото донесување, како резултат на промените што настанаа во државата во процесот на нејзино европеизирање и борбата за почитување на човековите права и демократските вредности на општеството, беа направени повеќе измени и дополнувања на основниот текст на Кривичниот законик.[15] Во овој контекст, како негова позначајна измена би го навеле пречистениот текст на Кривичниот законик.[16] Но кога зборуваме за делот од Кривичниот законик кој ја регулира материјата за изборите, не може а да не спомeнеме дека и покрај сите овие измени главата која ја регулираше кривичноправната заштита на изборниот систем остана неизменета.

[12] (Службен весник на СРМ, бр. 25/78)
[13] (Службен лист на СФРЈ, бр .5/78)
[14] (Службен весник на Република Македонија, бр. 37/96);
[15] (Службен весник на Република Македонија, бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005; 60/2006, 73/2006, 7/2008 ; 139/2008 и 114/2009);
[16] (Службен весник на Република Македонија, бр. 19/2004);

Исклучок, во тој поглед, се измените и дополнувањата на Кривичниот законик од 2006 година[17] кога настанаа измени во делот на пропишаните казни, во насока на нивно драстично изострување, но истовремено беа направени и измени кои се однесуваа на некои казнени дела. Имено, измени претрпеа и самите описи на законските битија на делата, во смисла на нивно допрецизирање или дообјаснување кога како сторител се јавува службено лице кое врши служба во врска со изборите. Таква е и измената во членот 165-а со што се воведе нова инкриминација: „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања."

## 4. Кривичноправниот аспект на заштита на избирачкото право

Според современите мерила и стандарди на демократијата и правната држава, важен услов за постоењето на демократското општество засновано на човековите права и слободи, е несомнено правото на граѓанинот слободно да го избира моделот на политичкиот систем и претставниците кои во негово име ќе управуваат со државните и општествените работи. Во таа смисла, се инкриминираат казнените дела против изборите и гласањето, со што казненоправно се заштитуваат елементарните прашања кои се од значење за законито спроведување на изборите и остварување на уставно загарантираното избирачко право на граѓаните да избираат и да бидат избрани.

Во Глава шеснаесетта од Казнениот законик на Република Македонија[18] се инкриминираат девет казнени дела против изборите и гласањето.[19] Со цел да се обезбеди казненоправната заштита на изборите како државно правен акт и облик на остварување на правото на глас на граѓаните, во член 158 е инкриминирано казнено дело „спречување на избори и гласање" кое го врши тој што умислено со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин ќе го оневозможи или ќе го спречи одржувањето избори или гласање, или пак ќе го оневозможи или спречи утврдувањето или објавувањето на резултатите од гласањето. Доколку изборите или гласањето се спречени со употреба на оружје, експлозивни или други опасни направи, со примена на насилство спрема две или повеќе лица или во организирана група, или на одржувањето на две или повеќе избирачки места, тогаш станува збор за потежок облик на казнено дело спречување на избори и гласање. Заради заштита од дејства на оневозможување на вршење на избирачкото право, во членот 159 од КЗ на РМ е инкриминирано казненото дело „повреда на избирачкото право" кое го врши членот на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго слжбено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето кое "со намера да му оневозможи на друг вршење на избирачкото право, противзаконито нема да го запише во избирачкиот список или во листата на кандидати, противзаконито ќе го избрише од избирачкиот список или од листата на кандидати или на друг начин[20] ќе го лиши избирачот од правото да избира, да биде избран или да гласа, или на противзаконит начин ќе му овозможи на друг да користи избирачко право иако знае дека тоа лице

[17] (Службен весник на Република Македонија, бр. 73 /2006)

[18] Slu៵ben vesnik na RM br. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005; 60/2006, 73/2006, 7/2008 , 139/2008 и 114/2009.

[19] Vo glava VIII od Krivi~niot zakon na SRM od 1977g. menuvan i dopolnuvan vo 1984, 1987, 1989, 1990, 1992(koga e preimenuvan vo Krivi~en zakon na RM) i 1993g., pod naslov „Krivi~ni dela protiv samoupravuvaweto" se sistematizirani osum krivi~ni dela protiv izborniot sistem: povreda na izbira~ko pravo, povreda na slobodata za opredeluvawe na izbira~ite, uni{tuvawe na izborni ispravi, povikuvawe na odgovornost poradi glasawe, zloupotreba na pravoto na glas, zagrozuvawe i popre~uvawe na izborite, povreda na tajnosta na glasaweto i falsifikuvawe na rezultatite od izborite i glasaweto.

[20] Pod drug na~in se podrazbira onevozmo`uvawe na drug da go ostvari izbira~koto pravo so sekoe drugo protiv pravno dejstvie.

нема такво право.” Тргнувајќи од фактот дека слободата на определување на изборите е облик на остварување на демократските слободи и права на човекот и граѓанинот и неопходен услов за остварување на избирачкото право, во член 160 од КЗ на РМ е инкриминирано казнено дело „повреда на слободата на определување на избирачите”. Слободата на определување на избирачите е повредена тогаш кога некој со употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе присили или спречи избирач да го врши, да не го врши или да го врши избирачкото право во определена смисла. Додека пак, доколку член на избирачки одбор, изборна комисија или одбор за спроведување на референдум или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето, ја повреди слободата на определување на избирачите, тогаш станува збор за потежок облик на ова казнено дело.

Избирачкото право е општо (избирачко право има секое лице кое има наполнето 18 години и има деловна способност) и непосредно (избирачот гласа лично, односно не може своето избирачко право да му го пренесе на друг и не може да гласа наместо друг, други).[21] Бидејќи врз легалноста и легитимноста на изборите и гласањето може да влијае и учеството на лица што немаат избирачко право, гласањето наместо друг и гласањето повеќе пати од страна на едно лице претставуваат дејства на извршување казнено дело од член 161 од КЗ на РМ „злоупотреба на избирачкото право”. Избирачкото право го злоупотребува лицето кое „ќе гласа наместо друг лажно претставувајќи се дека е некое друго лице, ќе гласа во негово име, односно наместо него, при што без значење е дали сторителот веќе гласал во свое име, ниту пак за кого гласал, туку важно е дека гласал наместо друг, узурпирајќи го неговото право на глас или „ќе гласа повеќе од еднаш”, а притоа ирелевантно е дали сторителот гласал повеќе пати во свое име или пак во името на некое друго лице или „ќе земе учество на изборите или гласањето иако знае дека нема избирачко право”.

Во рамките на казнената интервенција, многу често како проблем се наметнува повлекувањето линија помеѓу дозволеното влијание врз избирачите што е составен дел на изборната пропаганда и нивното поединечно придобивање за определена листа, кандидат или исход на гласањето на референдум. Поединечното убедување, ветување на некакава општа корист (изградба на пат, улица, водовод, отворање работни места и сл.) и други облици на лично влијание, сепак остануваат во границите на дозволеното влијание врз избирачите. Со цел да се обезбеди заштита на јавно-правниот карактер на избирачкото право, вршењето на тоа право во функција на избор на државни органи или донесување на важни одлуки, слободата на изборите треба да се заштити од личното поткупување, односно од поединечното „купување” гласови. Доколку избирачот своето избирачко право не го користи заради избор на државни органи или донесување важни одлуки, туку заради стекнување на слободата на некаква лична корист, тогаш доаѓа до нарушување на самата функција на изборите и гласањето и наместо инструмент за демократско конституирање на власта и донесување на одлуки, тие стануваат приватна трговска зделка на граѓаните и кандидатите. Поради овие причини, а сè со цел да се обезбеди заштита на изборите од незаконитости и неправилности, во членот 162 од КЗ на РМ е инкриминирано казненото дело „поткуп при избори и гласање”.

Со цел избирачите да се заштитат од евентуални притисоци и од негативните консеквенци за дадениот глас, што е една од основните претпоставки за слободни, фер и демократски избори, во членот 163 од КЗ на РМ е предвидено казненото дело „повреда на тајноста на гласањето”, со што се обезбедува казненоправна заштита на

[21] Согласно чл. 22 од Уставот на РМ

слободата на определувањето на избирачите при одлучувањето за тоа како ќе го искористат своето избирачко право (за кој кандидат, односно листа на кандидати ќе го дадат својот глас). Тајноста на гласањето ја повредува оној што со какво било дејство ќе ја повреди тајноста на изборите или гласањето со оневозможување на избирачот тајно да гласа, со отворање и увид во гласачкото ливче по гласањето и сознавање за кого гласал избирачот, со обележување на гласачкото ливче и слично. Како извршител на ова казнено дело може да биде член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување на референдум или друго службено лице при вршење на службата во врска со изборите или гласањето, а дејството на извршување може да биде со употреба на сила, сериозна закана, со искористување на службена, работна или економска зависност.

Неоштетените и нефалсификуваните исправи се документи со кои се потврдува валидноста на изборите. Во насока на обезбедување исправна документација за потврдување на валидноста на изборите, во член 164 од КЗ на РМ е инкриминирано казненото дело „уништување на изборни исправи" кое може да биде извршено со уништување, прикривање, оштетување, преправање или со некое друго дејство со кое ќе биде направена неупотреблива исправа, книга или спис што служи за изборите или гласањето. Потежок облик на ова дело постои доколку изборните исправи се уништени од страна на член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување на референдум или друго службено лице во вршење на службата во врска со изборите или гласањето и ако делото е сторено од група, со употреба на оржје или насилство за што е предвидена казна затвор од најмалку 5 години.

Законитоста и објективноста во спроведувањето на изборите и гласањето, односно во утврдувањето и објавувањето на резултатите од гласањето не смее да биде ставена под сомневање во ниту еден момент затоа што тоа би довело до губење на довербата на избирачите во регуларноста на спроведените избори. Резултатите од спроведените избори мора да бидат одраз на вистинската волја на електоратот зашто во спротивно ќе се доведе во прашање легалитетот и легитимитетот на избраните претставници. Во таа насока, заради обезбедување на законитоста на изборите, гласањето, утврдувањето и објавувањето на резултатите од гласањето, во членот 165 од КЗ на РМ е инкриминирано казненото дело „изборна измама". Ова дело го врши член на избирачки одбор, изборна комисија, одбор за спроведување на референдум или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите и гласањето кое умислено (свесен за измамата во спроведувањето на изборите и гласањето) ќе го измени бројот на дадените гласови со додавање или одземање на едно или повеќе глсачки ливчиња, ќе го измени бројот на гласовите при пребројувањето или пак ќе го измени бројот на гласовите при објавувањето на резултатите од изборите или гласањето со додавање или одземање на еден или повеќе гласови.

Законските битија на сите кривични дела со измените и дополнувањата на Кривичниот законик[22] претрпеа измени во делот на пропишаните казни во насока на нивно драстично изострување, а некои кривични дела претрпеа измени и во самите описи на законските битија на кривичните дела, додека со членот 165-а се воведе нова инкриминација: "Злоупотреба на средствата за финансирање на изборна кампања". Со поледната измена на Кривичниот законик[23] беа извршени извесни допрецизирања на одредбата од членот 165-а, но воедно беше воведен нов член 165-б со поднаслов „Задолжително изрекување на казната забрана за вршење на професија, дејност или должност".

[22] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (Службен весник на РМ, бр. 73/2006).

[23] Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (Службен весник на РМ, бр. 114/09 од 14.9.2009 година).

**Користена литература:**


- Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и Протоколите бр. 1, 4, 6, 7 и 11 (Службен весник на РМ, бр. 11/97).
- Камбовски В., Казнено право - општ дел, Скопје 2004.
- Камбовски В., Казнено право - посебен дел, Скопје 2003, четврто дополнето издание.
- Каневчев М., Кривичноправна заштита на изборниот систем, докторска дисертација, Скопје 1994.
- Витларов Т., Анализа на кривичноправната заштита на изборите и гласањето, 2008.
- Каневчев М., Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје 2001.
- Арнаудовски Љ**.,** Криминологија**,** Штип 2007**.**



*Dusko Ivanov*
*Ministry of Interior- Skopje*


## *ANALYSIS OF THE ELECTORAL SYSTEM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND ITS CRIMINAL AND LEGAL PROTECTION*

### *Abstract*


*The subject matter of this paper is the electoral violence in the Republic of Macedonia with particular focus on criminal and legal protection.*

*The Criminal and legal protection of the voting right in the Republic of Macedonia refers both to the active and passive voting right. The prescribed incrimination protects the citizens' freedom to elect or to be elected, to elect or to vote or not to vote at all, without coercion or influence of any kind that makes their decision forced or bought. The electoral right is protected from the acts of violence, fraud or bribery and these acts appear as special forms of general acts of coercion, fraud or bribery.*

*Electoral violence is manifested in various forms and varieties ranging from family voting and voting on behalf of another through violent ballot stuffing, bribery during the election and vote, threatening to use force, and in some cases the use of force to realize the intention to destroy the electoral material and thus violate the election process and the secrecy of voting.*



*Key words: electoral violence; criminal and legal protection, electoral right, electoral process, voting material.*

*Ангелина Станојоска*
студент на последипломски студии на
Факултетот за безбедност – Скопје
e-mail: angelinastanojoska@yahoo.com

# КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА КРИВИЧНО – ПРАВНИТЕ РЕШЕНИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕТО МИГРАНТИ ВО ПОРАНЕШНИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ РЕПУБЛИКИ

**Резиме**

*По распаѓањето на федеративна Југославија, секоја од шесте републики тргна по својот пат. Денес, дваесетина години подоцна, иако сите братски земји потекнуваат од иста федерација, секоја од нив, на свој, посебен начин е различна од останатите. Таа разлика е очигледна во секоја област на современиот живот, па така и во правото. Иако сите федеративни единици долги години се раководеа од правните решенија на органите на федерацијата, а по разделувањето своите правни акти ги изградија врз заедничките, сепак, различниот развој, на секој план, доведе и до појава на, повеќе или помалку, добро имплементирани решенија за исти глобални проблеми, во нашиов случај трговијата со луѓе и крумчарењето мигранти.*

*Целта на трудов е да укаже на разликата во кривично – правните решенија на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти во поранешните југословенски републики, тргнувајќи од фактот на заедничките правни корени на тие земји.*

**Клучни зборови:** *компаративен преглед, кривично – правни решенија, трговија со луѓе, криумчарење мигранти, поранешни југословенски републики.*

## 1. Вовед

Од самиот почеток на човековата цивилизација па сè до денес, криминалот во чекор ги следи луѓето. Современиот развој, наместо да го уништува постоењето на криминалот, го прави токму спротивното, т.е. тој само создава погодното тло за негов развој. А развојот со себе носи нови современи облици и форми, кои со своите карактеристики делуваат навистина застрашувачки, бидејќи отворено покажуваат дека човековата суровост нема крај.

Организираниот криминал, кој може да се каже дека е творба на современиот развој на целокупниот општествен живот, како и борбата против него го одбележаа крајот на минатиот и почетокот на овој век. Државите од целиот свет, преку многуте средби, состаноци и конференции, чиј резултат беа голем број на меѓународни документи, отворено му објавија војна и покажаа дека “рамо до рамо” ќе се борат против него и неговите следбеници.

Меѓу поголемиот број на меѓународни документи не може и не смее да се изостави Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал со нејзините два протоколи (Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, пред сè жени и деца; и Протоколот против криумчарење мигранти по копнен, воден или воздушен пат)[1]. Со потпишувањето на Конвенцијата и нејзините протоколи, поранешните југословенски републики, како и

[1] Во понатамошниот дел од текстот – Ковенција и Протоколи

сите останати држави, си зедоа за обврска прифаќање на реалноста за постоењето на организираниот криминал, а со тоа и на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти.

Трудов, тргнувајќи од заедничките правни корени на сите шест поранешни југословенски републики, претставува обид да го прикаже различниот приод и, помалку или повеќе, успешното новелирање на нивните кривични законодавства, притоа не заборавајќи дека сите тие се и потписнички на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и нејзините два протоколи.

**2. Република Македонија**

По распадот на заедничката Југославија, самостојната, суверена и независна Република Македонија во 1996 година го донесе првиот Кривичен законик. Во него, во врска со создавањето "сопственост" врз одредено лице, беше опфатено само едно дело во кое воопшто не стануваше збор ниту за трговија со луѓе ниту за криумчарење мигранти, туку само за класичното дело на ропство, односно создавањето ропски однос. Тоа дело беше и сè уште е опфатено со групата на Кривични дела против човечноста и меѓународното право, и тоа во член 418[2].

Делото, така инкриминирано, има два облици: [3]

- ставање на друг во ропски однос, вршење трговија со лица кои се во ропски однос или поттикнување друг да ја продаде својата слобода или слободата на лицата кои ги издржува, како и потешкиот облик на претходно споменатите дејствија кога се извршени врз малолетно лице;
- превоз на лица кои се во ропски однос од една во друга земја.

Разгледувајќи ја оваа инкриминација и инкриминациите на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, можеме да заклучиме дека денешните современи форми не би можеле да бидат и не беа опфатени со една ваква инкриминација. Иако, мора да признаеме дека членот содржи дел од елементите на претходно споменатите две дела, кои се малубројни бидејќи трговијата со луѓе може да се идентификува како современа форма на ропство, но е многу повеќе од засновање на ропски однос, всушност, само дел од нејзиното битие, додека, за разлика од неа, криумчарењето мигранти не би можело да се етикетира како ропство, пред сè поради прекинувањето на врската меѓу сторителот на делото и лицето кое сака да премине на територијата на друга држава, т.е. непостоењето на фазата на експлоатација.

Резултат на неподобноста на членот 418 да ги опфати сите екцесни дејствија поврзани со современите форми на ропство, како и обврските од потпишаните и ратификуваните меѓународни документи доведоа до инкриминирање на трговијата со луѓе и крумчарењето мигранти во Главата на кривични дела против човечноста и меѓународното право, и тоа со измени на КЗ на РМ во 2002[4], 2004[5] и 2008[6] година.

Така, со измените на Кривичниот законик на Република Македонија од 2002 година, после членот 418 додаден е членот **418-а** кој ја инкриминира **трговијата со луѓе**.

Пред измените во 2008 година, во тој член беше опфатена и **трговијата со малолетно лице** како потежок облик на основното дело, а по тие измени е инкриминирана како посебно кривично дело во членот **418-г**.

---

[2] Кривичен законик на Република Македонија, Службен весник на РМ, бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08.

[3] Владо Камбовски, *Казнено право, посебен дел,* (Скопје: Просветно дело, 2003), стр. 613

[4] Со измените во 2002 година како кривично дело во КЗ е внесена трговијата со луѓе (член 418-а).

[5] Со измените во 2004 година како кривично дело во КЗ е внесено крумчарењето мигранти (член 418-б).

[6] Со измените во 2008 година како кривично дело во КЗ е внесена трговијата со малолетно лице (член 418-в).

Во 2004 година, со измени на Кривичниот законик, беше инкриминирано **криумчарењето мигранти** во членот **418-б** и беа извршени измени на инкриминацијата на трговијата со луѓе.

Од кривично – правните решенија очигледно е дека трговијата со луѓе опфаќа врбување, превезување, пренесување, купување, продавање, засолнување или прифаќање лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување на делови од човековото тело. Дејствието на извршување се врши преку употреба на сила, сериозна закана, злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола врз друго лице. Кај криумчарењето мигранти, пак, делото опфаќа илегално пренесување на мигранти преку државната граница. И кај ова кривично дело, врбувањето, превезувањето, пренесувањето, купувањето, продавањето, засолнувањето или прифаќањето на мигранти се присутни како и кај трговијата со луѓе, но со разлика што кај второво се надвор од основниот облик на делото. Делото се извршува со помош на употреба на сила или сериозна закана, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг.

Малолетните лица, како што веќе споменавме, сè до измените во 2008 година, беа заштитени со квалификуван облик на основното дело, трговија со луѓе. По 2008 година, таа стана посебно кривично дело. Криумчарењето на малолетни мигранти, пак, е инкриминирано како квалификуван облик на основното дело, криумчарење мигранти.

Кај трговијата со луѓе која се врши заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, принудни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, инкриминирано како негов облик, е и користењето или овозможувањето на друго лице да користи сексуални услуги од лица за кои лицето знае дека се жртви на трговија со луѓе. Се разбира, согласноста на жртвата е ирелевантна за постоење на кривичното дело.

Кога станува збор за објектот на заштита, како дела кои се дел од делата против човечноста, постојат неколку становишта за тоа што е она што се заштитува. Првото вели дека овие дела се напад врз основите на суштествувањето и прогресивниот развиток на народите. Второто се задржува на мислењето дека со овие екцеси се напаѓаат основните човекови права и слободи, дека тие се насочени против поединецот како човечко битие, против неговото физичко и психичко постоење. Третото, пак, се задржува на мислењето дека овие дела не треба да се сметаат за напад врз човечноста, затоа што тоа не е правно добро што би било надредено над други правни добра како што се животот, честа, слободата и сл. Карактеристично за овие дела не е посебниот објект, туку средството, начинот на напад, што ги карактеризира овие дела како посебно нехумани, па според тоа човечноста не е објект на заштита, туку мерило и израз на правната идеја, вредносен критериум, а објект на напад се други, општи правни добра.[7]

И кај двете дела предметите и превозните средства користени за извршување на делото се одземаат.

Санкционирањето на основните облици на делото е со казна затвор која и кај двете е со ист законски минимум, најмалку четири години.

[7] Владо Камбовски, Казнено право, посебен дел, Скопје, 2003г., стр.600

Кај трговијата со луѓе постои и став за кривична одговорност на правното лице, доколку тоа е сторител на кривичното дело, како и за казнивоста на обидот на извршување на трговијата со луѓе.

И на крајот, не смее да се заборави **членот 418-б,** кој се однесува на **Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти**. Оваа инкриминација го опфаќа инкриминирањето и казнувањето на организирањето на група, банда или друго здружение (став 1), станувањето припадник на такво групирање (став 2), ослободувањето од казна, доколку припадникот на групата соработува со органите на прогонот (став 3), како и казнувањето на повикувањето, поттикнувањето или поддржувањето на извршувањето на овие кривични дела.

### 3. Република Србија

Република Србија Протоколите ги потпиша на 12-ти декември 2000 година, а ги ратификува на 6-ти септември 2001 година.

Во нејзиниот Кривичен законик, **трговијата со луѓе** е опфатена во 34-тата Глава - Кривични дела против човечноста и другите добра заштитени со меѓународното право. **Членот 388**[8] во став 1 го опфаќа основниот облик на делото *кој со сила или закана, доведување во заблуда или одржување во заблуда, со злоупотреба на овластувањата, довербата, односот на зависност, тешките услови на живот на друго лице, задржување на личните исправи или со давање или со примање пари или друга корист врбува, превезува, пренесува, предава, продава, купува, посредува во продажбата, крие или држи друго лице, а сè со цел негова експлоатација, принудна работа, вршење на кривични дела, проституција или друг вид сексуална експлоатација, питачење, употреба во порнографски цели, воспоставување на ропски или нему сличен однос, заради одземање на органи или делови од телото или заради користење на вооружени судири, ќе се казни со затвор од три до дванаесет години.*

Следните два става од членот се однесуваат на малолетните лица, како жртви на трговијата со луѓе. Имено, ставот 2 *за дело од ставот 1 кое е сторено спрема малолетно лице, сторителот ќе се казни со казната пропишана за тоа дело и во случаите кога не употребил сила, закана или некој од другите наведени начини.* Ставот 3, пак, се однесува на казната за трговијата со малолетно лице, *ако делото од ставот 1 на овој член е сторено спрема малолетно лице, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку три години.*

Квалификуваните облици на основниот облик на делото, како и на трговијата со малолетници, се содржани во ставовите 4 и 5. Така, *(4), Ако делото од ставовите 1 и 3 на овој член предизвикало тешка телесна повреда на некое лице, сторителот ќе се казни со казна затвор од три до петнаесет години.* Но, *(5), Ако како резултат на делото од ставовите 1 и 3 на овој член настапила смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години.*

Лицата кои се бават со трговијата со луѓе, било поединечно било во група, се казнуваат со казна затвор од најмалку пет години, додека кога станува збор за организирана криминална група, тогаш законскиот минимум започнува од десет години.

Исто така, се казнуваат и лицата кои знаеле или можеле да знаат дека некое лице е жртва на трговија со луѓе, а сепак ја искористиле неговата положба или му овозможиле на друго лице да ја искористи неговата положба, и тоа со казна затвор од

[8] Krivicni zakonik Republike Srbije, Sluzbeni list Srbije, br.85/05, 85/05 – ispravka, 107/05 - ispravka

пет до шест години кога лицете е полнолетно, односно од една до осум години кога лицето е малолетно.

На крајот, исто како и во дефиницијата за трговија со луѓе, во Проколот од Палермо се нагласува дека согласноста на жртвите на трговијата со луѓе е ирелевантна за постоењето на делото.

Очигледно е дека меѓу српската и македонската инкриминација на трговијата со луѓе постојат разлики, пред сè во висината на казната, како и во однос на трговијата со малолетно лице која е опфатена во истиот член како квалификуван облик на основното дело.

Трговија со малолетно лице како посебен облик постои, меѓутоа станува збор за трговијата со малолетно лице заради посвојување и опфатени се само лицата до 14 годишна возраст.

Исто така, во српската инкриминација не постои став кој се однесува на кривичната одговорност на правно лице како сторител на делото, ниту пак за казнивоста на обидот. Казнувањето на одземањето и уништувањето на личните документи, како и за одземањето на сите предмети и превозни средства употребени при извршувањето на ова кривично дело, не се содржани во рамките на српското кривично – правно решение.

Слично на нашиот КЗ, и тука е инкриминирано Воспостувањето ропски однос и превоз на лица во ропски однос (член 390 од КЗ на РС).

Криумчарењето мигранти како кривично дело е инкриминирано во Главата на кривични дела против јавниот ред и мир (**член 350**[9]) како **Недозволено преминување на државната граница и криумчарење мигранти**. Ставот 2 го опфаќа **крумчарењето мигранти** како *со намера за себе или за друг да се прибави каква било корист му овозможува на друго лице премин на границата на Република Србија или недозволен престој или транзит низ Република Србија, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до 5 години.*

*(3) Ако делото од став 2 на овој член е сторено од страна на организирана група, со злоупотреба на службената положба, или на начин со кој се загрозува животот или здравјето на луѓето чиј недозволен премин на границата на Република Србија, престој или транзит се овозможува, или пак е криумчарен поголем број на лица, сторителот ќе се казни со казна затвор од една до десет години.*

*(4) Средствата наменети и употребени за извршување на делата од ставовите 1 и 3 на овој член, се одземаат.*

За разлика од оваа, македонската инкриминација е содржана во Главата на кривични дела против човечноста и меѓународното право, и притоа постои чиста инкриминација на криумчарењето мигранти, за разлика од српското решение во кое криумчарењето мигранти претставува облик на друго дело.

Понатаму, во Р.Македонија се зборува и за казнувањето на правењето, набавувањето или поседувањето на лажна патна исправа, а тоа не постои во кривичното законодавство на нашиот северен сосед.

### 4. Република Црна Гора

Република Црна Гора Протоколите ги потпиша на 12-ти декември 2000 година, тогаш како дел од Федерацијата Србија и Црна Гора, а ги ратификува на 23-ти октомври 2006 година, како самостојна земја.

[9] Krivični zakonik Republike Srbije, Službeni list Srbije, br.85/05, 85/05 – ispravka, 107/05 - ispravka

**Трговијата со луѓе** е опфатена со членот **444**[10] од Главата на кривични дела против човечноста и другите добра заштитени со меѓународното право. Основниот облик на делото е ист како и оној во КЗ на РС, со единствена разлика во казната која е малку пониска и се движи од две до десет години. Останатиот дел од овој член се однесува на извршеното дело спрема малолетници (казна затвор најмалку три години), на последиците на делото - тешка телесна повреда и смрт (од една до дванаесет години, односно најмалку десет години), како и на организираното извршување на делото (најмалку пет години).

Исто како и во Србија, и во Црна Гора постои инкриминација на Трговијата со малолетно лице заради посвојување и Засновување на ропски однос и превоз на лица во ропски однос.

**Криумчарењето мигранти** во КЗ на Република Црна Гора, слично како кај Република Србија, е инкриминирано во Главата на кривични дела против јавниот ред и мир (член **405**)[11].

Разликите со решението во нашата земја се исти како и тие кај кривично – правните решенија на Република Србија.

## 5. Република Хрватска

Република Хрватска ги потпиша Протоколите на 12-ти декември 2000 година, а ги ратификува на 24-ти јануари 2003 година.

Тринаесеттата глава во Кривичниот Законик на Република Хрватска[12], односно Главата на кривични дела против вредностите заштитени со меѓународното право, ги содржи Трговијата со луѓе и ропство (член 175), Противзаконското префрлување на лица преку државната граница (член 177) и Меѓународната проституција (член 178).

**Трговијата со луѓе**, како што и претходно споменавме, е опфатена со членот **175**. Во неговиот прв став е основниот облик на делото *тој кој кршејќи ги правилата на меѓународното право, со употреба на сила или закана за употреба на сила, измама, киднапирање, злоупотреба на положбата или овластувањата, или на друг начин врбува, купува, продава, предава, превезува, прифаќа, поттикнува или посредува во купување, продавање или предавање, крие или прима лице заради воспоставување на ропство или на него сличен однос, присилна работа или служење, сексуално искористување, проституција, или недозволено пресадување на делови од човековото тело, или кој лицето го држи во ропство или на него сличен однос, ќе се казни со казна затвор од една до десет години.*

Трговијата со деца или малолетни лица е опфатена со ставот 2: *Тој кој, кршејќи ги правилата на меѓународното право, врбува, купува, продава, предава, превезува, поттикнува или посредува во купувањето, продавањето или предавањето, крие или прима дете или малолетно лице заради воспоставување на ропство или на нему сличен однос, присилна работа или служење, незаконско посвојување на дете, сексуално искористување, проституција, или недозволено пресадување на делови од човековото тело, или тој кој детето или малолетното лице ги држи во ропство или на него сличен однос, ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.*

Организираното извршување на делото, извршувањето од страна на службено лице, извршувањето на делото кон повеќе лица, како и дело чија последица е смртта, се

---

[10] Krivični zakonik Republike Crne Gore, Službeni list SCG, br.70/03, 13/04, 47/06, i Službeni list RCG, br.40/08

[11] Инкриминацијата е идентична на онаа од Кривичниот законик на Република Србија, со разлика во казната. Имено, казната затвор се движи од 3 месеци до 5 години. (во РС таа е до 6 години)

[12] Kazneni zakon Republike Hrvatske, Narodne novine Republike Hrvatske, br.110/97, 27/98, 129/00, 51/01, 111/03, 105/04, 84/05, 71/06, 110/07, 152/08

казнуваат со затвор од најмалку пет години до доживотен затвор. Всушност, овој член содржи квалификувани облици на основниот облик на делото. *(3) Ако кривичното дело од ставовите 1 и 2 на овој член е сторено од страна на група или злосторничка организација, или сторителот е службено лице, ако е сторено во однос на повеќе лица, или е предизвикана смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години или со казна доживотен затвор.*

Исто така, казниво е и знаењето дека едно лице е жртва на трговија со луѓе, а негово искористување или овозможување на искористување се казниви (казна затвор од три месеци до три години), а согласноста на жртвата на трговија со луѓе и во Хрватска е ирелевантна за постоење на делото. *(4) Тој кој знае дека некое лице е жртва на трговија со луѓе заради присилна работа или слугување, сексуално искористување, ропство или на него сличен однос, проституција, или недозволено пресадување на делови од човековото тело ја искористи нејзината положба или на друг му овозможи искористување на нејзината положба, ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години. (5) Без влијание на постоењето на кривичното дело од ставовите 1 и 2 е околноста дека жртвата се согласила на присилна работа или слугување, сексуално искористување, ропство или однос сличен на него или недозволено пресадување на делови од своето тело.*

Хрватската инкриминација, за разлика од нашата, не содржи решенија за случаите кога сторителот на кривичното дело е правно лице, ниту за казнивоста на обидот, како ни за одземањето на предметите и превозните средства кои биле користени при извршувањето на кривичното дело. Идентично како и кај нас, Хрватска го казнува користењето на услугите од тргувани лица, како и организираното вршење на делото, кое кај нас е самостојно, односно посебно кривично дело. Исто како и нашата инкриминација, и оваа зборува за ирелевантноста на согласноста на жртвата за постоењето на кривичното дело.

**Противзаконското префрлување на лица преку државната граница** (член **177**)[13] ни дава можност, во споредба со нашите решенија на овој екцес, со гордост да кажеме дека нашата инкриминација е поширока и посеопфатна кога станува збор за криумчарењето мигранти, и тоа во смисла на опфаќањето на доста поширока палета на дејствија на извршување и modus operandi (начини на извршување). Исто така, во македонскиот КЗ постои и криумчарење на малолетни лица како квалификуван облик на основниот облик на делото, што тука го нема, како што не постои ни став за одземање на предметите и превозните средства користени при извршувањето на делото. За разлика од кај нас, во Хрватска, за ова дело казнив е и обидот.

Интересно е инкриминирањето на **Меѓународната проституција** (член 178), која може да се рече дека е доста блиска до трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација, иако трговијата со луѓе заради сексуална експлоатација и проституција се разликуваат (пред сè во елементот волја на жртвата да се занимава со давање на сексуални услуги).

---

[13] *(1) Тој кој од користољубие недозволено пренесува преку државната граница едно или повеќе лица ќе се казни со парична казна или казна затвор до една година.*

*(2) Ако при извршувањето на делото од ставот 1 биде доведен во опасност животот или сигурноста на лицата кои се пренесуваат преку граница, или со нив се постапува на нечовечки или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

*(3) Тој кој организира извршување на делото од ставот 1 од овој член ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

*(4) За обид за извршување на делото од ставот 1 сторителот ќе биде казнет.*

**6. Босна и Херцеговина**

Босна и Херцеговина на 12-ти декември 2000 година ги потпиша Протоколите, а ги ратификува на 24-ти април 2002 година.

Досега спменуваните дела, во Кривичниот Законик[14] на Босна и Херцеговина се опфатени во Главата 17: Кривични дела против човечноста и останатите вредности заштитени со меѓународното право (трговија со луѓе – член 186 и крумчарење мигранти – член 189).

**Трговијата со луѓе** (член **186**) во ставот 1 го опфаќа основниот облик на делото *тој кој со употреба на сила или закана за употреба на сила или други облици на принуда, киднапирање, измама, злоупотреба на власта или влијанието или положбата на беспомошност, или давањето или примањето исплата или друга корист за да се постигне добивка за лицето кое има контрола врз друго лице, врбува, превезува, предава, сокрива или прима лице, со цел искористување во проституција или други облици на сексуално искористување, присилна работа или услуги, ропство или нему слични односи, слугување, отстранување делови од човековото тело или друг начин на користење, ќе се казни со затвор од една до десет години.*

Малолетните лица се заштитени со ставот 2, а лицето кое со нив тргува или ги експлоатира е во опасност да се соочи со казна затвор од најмалку пет години. *(2) Тој кој врбува, превезува, предава, сокрива или прима дете или малолетник, заради кскористување од ставот 1 на овој член, ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.*

Организираното вршење на делото се казнува со казна затвор од најмалку десет години или казна доживотен затвор *(3) Тој кој организира или било како раководи група луѓе составена заради вршење на кривичното дело од ставовите 1 и 2 на овој член ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или казна доживотен затвор.*

Согласноста и во БиХ е ирелевантна за постоење на делото. *(4) Без влијание врз постоењето на кривичното дело е и фактот дали лицето се согласило на искористувањето.*

За разлика од нашата инкриминација на трговијата со луѓе, босанското решение трговијата со малолетно лице ја инкриминира како квалификуван облик на основното дело, казната за основниот облик на делото ја става во одредени граници, за разлика од нашите најмалку 4 години. Исто така, тука организирањето на група за извршување на делото постои како квалификуван облик на делото и е доста строго казнета со можноста од доживотен затвор, додека кај нас решението е опфатено во посебен член (418-в) – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и крумчарење мигранти, и не се казнува толку строго. Во босанската инкриминација не се содржани казнивоста на обидот, кривичната одговорност на правните лица, одземањето на предметите и превозните средства користени при извршувањето на кривичното дело, како и казнувањето на клиентите.

**Криумчарењето мигранти**[15](член **189**) во својот основен облик (став 1) го содржи пренесувањето, од користољубие, *преку државната граница едно или повеќе лица кои не ги исполнуваат условите за законски влез преку државните граници, или кој на друго лице му овозможува недозволено преминување преку граница, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.*

---

[14] Krivični zakon Bosne i Hercegovine, Službeni list Bosne i Hercegovine, br.03/03, 32/03, 61/04, 30/05, 53/06, 55/06, 32/07

[15] Ова не значи дека останатите поранешни југословенски републики го немаат инкриминирано овој екцес, туку дека нивните инкриминации не го носат името Криумчарење мигранти.

Додека пак овозможувањето на лице *кое не е државјанин на државата примател, ниту во неа има постојан престој да остане на територијата на таа држава без исполнување на условите за законски престој, ќе се казни со парична казна или казна затвор до три години,* е опфатено во ставот 2.

Ставот 3 "се грижи" за казнување во случај кога е доведен во опасност животот или безбедноста на лицата кои се пренесуваат, и за сторителот на кривичното дело пропишува казна затвор од една до осум години. *(3) Ако при извршувањето на кривичното дело од ставот 1 бил доведен или можел да биде доведен во опасност животот или безбедноста на лицата коишто се превезуваат преку граница, или спрема нив е постапувано за искористување или на друг нечовечен или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со казна затвор од една до осум години.*

За разлика од него, доведувањето во опасност на животот или безбедноста на лицето, но овој пат при овозможувањето престој на државата примател, се казнува малку полесно (казна затвор од шест месеци до пет години). *(4) Ако при извршувањето на кривичното дело од ставот 1 бил доведен или можел да биде доведен во опасност животот или безбедноста на лицата на кои им е законит престојот на територијата на државата – примател, или спрема нив е постапувано за искористување или на друг нечовечен или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.*

Очигледно најлошо би требало да поминат лицата кои организираат или раководат група на луѓе за извршување на ова кривично дело (најмалку десет години казна затвор или казна доживотен затвор). *(5) Тој кој организира група луѓе или раководи со група луѓе со цел извршување на кривичното дело од ставовите 1 или 2 на овој член, ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или казна доживотен затвор.*

Босна и Херцеговина е единствената, заедно со Република Македонија, од поранешните југословенски републики која како наслов на една инкриминација го има Криумчарењето мигранти (член 189). Сепак, очигледно е дека казнената политика во Република Македонија е пооостра во однос на основното дело. Но затоа БиХ доста остро го казнува организираното извршување на ова дело, чија казна може да достигне дури и доживотен затвор.

Исто како и Република Хрватска (Меѓународна проституција), така и Босна и Херцеговина го има инкриминирано Меѓународното врбување заради проституција (член 187).

**7. Република Словенија**

Република Словенија како членка Европската унија, своето законодавство го има приспособено на европските барања, па заради тоа е оставена за на крај. Протоколите ги потпиша на 15-ти ноември 2001 година, а ги ратификува на 21-ви мај 2004 година.

**Трговија со луѓе** (член **113**)[16] е инкриминирана како дел од Главата на кривични дела против човечноста. Нејзиниот основен облик гласи: *тој кој заради искористување за проституција или други облици на сексуално искористување, присилна работа, служење, ропство, или трговија со органи, човечки ткива или крв, купува, презема, врбува, прифаќа, продава, испорачува на друг или посредува при таквите дејствија, ќе се казни со казна затвор од една до десет години.*

Исто како и кај сите останати поранешни југословенски републики, освен РМ, ставот 2 се однесува на казнувањето на трговијата со малолетни лица, која во случајот

[16] Kazenski zakonik Republike Slovenije, Uradni list Republike Slovenije, st.55/08

на Словенија се казнува со затвор од три до петнаесет години. *(2) Ако дејствието од претходниот став е сторено спрема малолетник, или со сила, закана, измама, грабнување, или со злоупотреба на службената положба или со искористување на положбата, или со присила на работа, или оплодување, ќе се казни со казна затвор од три до петнаесет години.*

Организираното извршување на делото се казнува со затвор од три до петнаесет години, како квалификуван облик на основното дело. *(3) Со казната од претходниот став ќе се казни тој кој ќе стори дејствие од ставот 1 или 2 на овој член, како член на злосторничко здружение за извршување на такви дела или заради стекнување на материјална добивка.*

Споредено со македонскиот член 418-а, словенечкиот е доста потесен, притоа не опфаќајќи ги сите видови на експлоатација, но и сите начини на извршување на делото, односно дејствија на извршување. Важно да се спомене е тоа дека квалификуваните облици на основното дело во РМ постојат како посебни кривични дела, како и фактот дека Словенците не ја споменуваат кривичната одговорност на правните лица, казнивоста на обидот, ниту одземањето на предметите и превозните средства употребени за извршување на делото.

Главата на кривични дела против јавниот ред и мир ја содржи инкриминацијата на **Противправното преминување на границите или влегување на територијата на државата** (член **308**), а тоа што нас нѐ интересира е опфатено со ставот 3: *тој кој им помага на странци кои немаат дозвола за престој во Република Словенија, незаконито ги пренесува на нејзината територија, ги пренесува низ неа или им помага при криењето, или кому странците му платиле за незаконито префрлување преку границите или на територијата на државата, ќе се казни со затвор од пет години и парична казна.*

Во ставот 4, со истата казна се казнува службеното лице кое со злоупотреба на положбата или должноста го овозможува незаконскиот влез на територијата на Словенија. *(4) Со казната од претходниот став ќе се казни лицето кое злоупотребувајќи ја службената положба ќе му овозможи на друг незаконит влез во Република Словенија или незаконски престој во неа.*

Ставот 5 го содржи квалификуваниот облик и како резултат на тоа има повисока казна (од една до осум години затвор и парична казна), а со ставот 6 е опфатено казнувањето на лицата кои придобиваат и врбуваат луѓе за незаконско преселување, им фалсификуваат документи, ги превезуваат преку граници (казна затвор до пет години и парична казна).

Важно е да се напомене дека инкриминацијата важи и за кривични дела извршени на територијата на другите земји кои се дел од Шенген зоната (став 7).

Споредено со македонските кривично – правни решенија, овде криумчарењето мигранти како чиста инкриминација не постои, туку постои како облик на основниот облик на друго кривично дело. Како резултат на нејзиното членство во Европската унија, како своја територија и граници, Република Словенија за свои граници ги смета границите на Шенген зоната. Токму поради тоа како странци не се сметаа државјаните на државите кои се дел од таа зона. Словенечката инкриминација злоупотребата на службената положба ја казнува како квалификуван облик на основното дело. Кај нас злоупотребата на службената положба е дел од основното дело. Во поглед на казнената политика, интересно е да се спомене дополнувањето на казната затвор, во сите ставови, со паричната казна како дополнителна казна.

## 8. Заклучок

Разликите во кривичните законодавства на сите шест поранешни југословенски републики се однесуваат првенствено на опфаќањето на криумчарењето мигранти во различни глави на кривични дела. Кај едни тоа е Главата на кривични дела против човечноста и меѓународното право, додека кај други тоа е Главата на кривични дела против јавниот ред и мир.

Исто така, во некои од нив криумчарењето мигранти не постои како посебно кривично дело, туку како облик на противправно преминување преку државната граница. Понатаму, разликите се однесуваат и на различната казнена политика, бидејќи станува збор за драстични разлики во висината на санкциите за овие дела.

Исто така, многу од нив ја немаат кривичната одговорност на правните лица, кај некои не постои став за казнивоста на обидот, ниту за одземањето на предметите и превозните средства кои биле користени при извршувањето на кривичното дело.

Понатаму, нашето кривично законодавство има посебно кривично решение за организирањето при извршувањето на овие кривични дела, додека сите други земји тоа го имаат како посебен став во инкриминациите на овие дела.

На крајот, по сите извршни споредби, би заклучиле дека, што се однесува на нашиот Кривичен законик, инкриминациите трговијата со луѓе и крумчарењето мигранти многу добро покажуваат дека станува збор за две доста различни појави, односно кривични дела. Додека во однос на инкриминациите на тие две дела во кривичните законодавства на поранешните југословенски републики би заклучиле дека македонските кривично - правни решенија се подобри и посеопфатни, што пред сѐ се должи на посеопфатното и подоброто новелирање на македонското кривично законодавство, а не на фактот дека Р.Македонија е најразвиената земја од сите поранешни републики.

## Литература

1. Камбовски, Владо. *Казнено право, посебен дел*, Скопје: Просветно дело, 2003;
2. Кривичен законик на Р.Македонија, Службен весник на РМ, 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08.
3. Krivični zakonik Republike Srbije, Službeni list Srbije, br.85/05, 85/05 – ispravka, 107/05 - ispravka;
4. Krivični zakonik Republike Crne Gore, Službeni list SCG, br.70/03, 13/04, 47/06, i Sluzbeni list RCG, br.40/08;
5. Kazneni zakon Republike Hrvatske, Narodne novine Republike Hrvatske, br. 110/97, 27/98, 129/00, 51/01, 111/03, 105/04, 84/05, 71/06, 110/07, 152/08;
6. Krivicni zakon Bosne i Hercegovine, Sluzbeni list Bosne i Hercegovine, br.03/03, 32/03, 61/04, 30/05, 53/06, 55/06, 32/07;
7. Kazenski zakonik Republike Slovenije, Uradni list Republike Slovenije, st.55/08;

*Angelina Stanojoska,*
*Faculty of Security- Skopje*

# *COMPARATIVE REVIEW OF THE CRIMINAL AND LEGAL SOLUTIONS TO TRAFFICKING IN HUMAN BEINGS AND SMUGGLING MIGRANTS IN THE FORMER YUGOSLAV REPUBLICS*

***Abstract***

*After the disintegration of federal Yugoslavia, each of its six republics headed its own course. Today, about twenty years later, although all the states originate from the same federation, each of them is one way or another different from the other five. That difference is evident in every area of modern life, including the area of law. Although for many years all federal units were run by the legal solutions of the organs of the federation and after the separation their legal acts were built on the common ones, their different development in each aspect led to the emergence of more or less well-implemented solutions to the same global problems- in our case trafficking in human beings and smuggling migrants.*

*The aim of this paper is to point out the differences in the criminal and legal solutions to trafficking in human beings and smuggling migrants in the former Yugoslav republics, bearing in mind the common legal roots of those countries.*

**Key words:** *comparative review, criminal and legal solutions, trafficking in human beings, smuggling migrants, former Yugoslav republics.*

**Снежана Талевска**
**демонстратор на Факултетот за безбедност – Скопје**

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ЕУ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ – КРИТИЧКИ ОСВРТ НА ОСТА 2009

***Резиме***
*Организираниот криминал како глобален, особено деструктивен феномен претставува агенс број еден кога станува збор за реакција и делување во меѓународен контекст. Оттука, трудот е посветен на еден минорен сегмент од генерално познатата синтагма - меѓународна соработка во борбата против организираниот криминал, попрецизно последниот извештај на Европол од 2009-та година за заканите од организиран криминал.*

*OCTA (Organized crime threat assessment), или во буквален превод Проценка на заканите од организиран криминал е годишен документ од стратешко значење примарно за ЕУ, но и за нејзините добронамерни соседи, пријатели, партнери од аспект на спречување и сузбивање на овој вид криминал. Преку адекватна елаборација, анализа и компаративен преглед со претходниците на истиот, се обидуваме да ги претставиме аспирациите и целите на неговите креатори.*

***Клучни зборови:*** *Европол, Европска унија, организиран криминал, ОСТА - Проценка на заканите од организиран криминал, организирани криминални групи, криминални пазари, криминални средишта.*

## 1. Вовед

Несомнено е дека мегаломанските амбиции на организираниот криминал избија на површина, сместувајќи го организираниот криминал на централното и најпрофитабилно место на светската криминална сцена. Следствено, реперкусиите од економски, политички и општествен аспект неминовно настапуваат, и тоа со катаклизмичко дејство. Овие елементи се повеќе од доволни за иницирање на активности насочени кон превенција и сузбивање на организираниот криминал, почнувајќи локално, па регионално и, секако, меѓународно. Непостоењето на унифицирана дефиниција за организиран криминал[1] претставува отежителна околност во областа на меѓународната соработка, но волјата и подготвеноста на државите за ефикасност на овој план успева донекаде да ги надополни тие празнини и недостатоци и да резултира со успех. Во тој контекст, еден од најпроминентните и најефикасните ентитети во светски рамки е Европол, односно Агенцијата на ЕУ за спроведување на законот[2].

[1] ЕУ предвидува 11 карактеристики за идентификување на организираниот криминал: 1.соработка на повеќе од 2 лица, 2.секој член да има конкретни задачи и улоги, 3.групата да дејствува подолг или недефиниран временски период, 4.постоење на внатрешна дисциплина и контрола, 5.осомниченост за вршење на сериозни кривични дела, 6.делување на меѓународно ниво, 7.употреба на насилство или други средства за интимидација, 8.употреба на комерцијални или други бизнис структури, 9.инволвираност во перење пари, 10.влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството или економијата, 11.во потрага по моќ. За да една криминална група или криминал бидат класификувани како организиран криминал, треба да бидат присутни најмалку шест од овие карактеристики, кумулативно карактеристиките со реден број 1, 5 и 11. (Toon van der Heijden. "Measuring organized crime in Western Europe", Policing in Central and Eastern Europe: Comparing Firsthand Knowledge with Experience from the West, © 1996 College of Police and Security Studies, Slovenia, http://www.ncjrs.gov/policing/mea313.htm)

[2] Со одлуката на Советот на ЕУ од април 2009 год. беше предвидена трансформација на Европол како Европска меѓувладина, мултилатерална организација основана со Конвенцијата за Европол од 1995 год. во Агенција на ЕУ, сукцесор на претходниот Европол. Одлуката стапи на сила 1 јануари 2010 год. како супститут на Конвенцијата за Европол, притоа инкорпорирајќи ги амандманите воведени со трите протоколи од 2000, 2002 и 2003 кои стапија на сила 2007 год.

Европол е срцето на европската безбедносна архитектура, поконкретно центар за поддршка на операциите за спроведување на законот, средиште за информации поврзани со криминал и центар за експертизи.[3] Оперативните активности главно се изоставени, но затоа аналитичката димензија која доминира е софистицирана до перфектност, произведувајќи темелни, исцрпни и прецизни одговори во вид на информации од круцијално значење за борбата против организираниот криминал на државите членки на ЕУ, но и на пошироката околина. Според тоа, основната задача на Европол е собирање, процесирање, анализирање и размена на информации и разузнавачки податоци добиени од државите членки, но и од други држави, организации и приватни тела со кои има склучено договори за соработка. Доказ за долгогодишната макотрпна работа на Европол се бројните публикации кои се јавно достапни, но и оние чиј пристап е лимитиран а се во форма на периодични или циклични извештаи, проценки, билтени, каталози, прирачници за оперативна или техничка поддршка, адресари, речници и сл. Меѓу нив, пред сѐ поради исклучителната важност за базбедносната иднина на ЕУ, се издвојуваат двата стратешки извештаи – OCTA[4] опфаќајќи ги заканите од организиран криминал и TE-SAT[5] заканите од тероризам. Во понатамошниот текст ќе се задржиме исклучиво на првиот вид документ.

## 2. OCTA

Еден од 10-те приоритети предвидени со петгодишната стратегија за развој во Областа на слободата, безбедноста и правдата од 2004 год., т.н. Хашка програма, е и борбата против организираниот криминал (превенција, истрага и соработка) изразена во OCTA.

OCTA претставува јавен годишен извештај на Европол кој за првпат беше презентиран 2006 год., како супститут на Извештајот на ЕУ за организиран криминал (OCR). Овој чекор е сосема оправдан со оглед на лимитираната содржина на OCR посветена исклучиво на дескрипција на состојбата со организираниот криминал во ЕУ. За разлика од него, OCTA е потемелен и попрагматичен, базирајќи се на мултиизворност (користи информации и од европските агенции и од приватниот сектор) и проактивност. Станува збор за посериозен пристап фокусиран на идентификација и квалитативна анализа на тековните и идните, очекувани закани од организиран криминал, што е апсолутно нужно кога станува збор за ваква опасност со глобални тенденции. OCTA е повеќенаменски проект кој истовремено им служи и на донесувачите на одлуки и на оперативците, олеснувајќи го компромисот во вечната борба на теоријата или политиката и практиката. Тоа се должи на неговата суштинска и иницијална улога во рамките на Европскиот криминалистичко-разузнавачки модел чија имплементација започнува од 1998 год.

Методологијата што се користи во процесот на изработување на OCTA е специфична, но целесообразна и еволуира од година во година. Појдовна точка се податоците за структуралните и функционалните особини на организираните криминални групи[6] и за средината каде што тие делуваат или каде што има можности за нивно идно делување. Од географски аспект, OCTA примарно се концентрира на ЕУ, но ЕУ не е изолирана зона, па оттаму со причина се опфатени и околните региони кои имаат големо влијание и инволвираност во организираниот криминал во рамките на ЕУ.

---

[3] http://www.europol.europa.eu/index.asp?page=facts

[4] Organised crime threat assessment (Проценка на заканите од организиран криминал)

[5] Terrorism Situation and Trend Report (Извештај за ситуацијата и трендовите на тероризмот)

[6] Во натамошниот текст ќе се користи скратеницата ОКГ

## 2.1.OCTA 2009

Набљудувајќи хронолошки од 2006 год. наваму, можеме да констатираме дека извештаите наликуваат еден на друг, но истовремено и се диференцираат со оглед на динамиката и промените кои настануваат и моменталната констелација на односи. Конкретно, OCTA 2009 во својата содржина ги вклучува: криминалните пазари во ЕУ, криминалните средишта или јазли, ОКГ, перењето пари и супсидијарните проблеми како Западна Африка и можните сценарија на ОКГ предизвикани со економската криза.

### 2.1.1.Типологија и генерална проценка на ОКГ

Претходните извештаи идентификуваат неколку категории на ОКГ кои генерално можат да се поделат[7] на:

- традиционално месни ОКГ или ЕУ-групи[8] (најчесто т.н. криминално ориентирани локални групи кои ретко користат насилство во споредба со не-месните ОКГ, но затоа пак се служат со корупција);
- традиционално не-месни ОКГ или групи со потекло надвор од ЕУ (лидерството, капиталот и стратешките цели се лоцирани вон границите на ЕУ што е пресудно за, условно кажано, нивната невидливост за безбедносните служби во ЕУ);
- интермедијарни ситуации (комбинации од особините на претходните 2 вида, односно етнички групи со делумна автономија кои се обидуваат да извршат асимилација на неинтегрираните етнички заедници со престојувалиште во ЕУ).

За разлика од минатите извештаи кај кои географската лоцираност на стратешките цели, лидерите и капиталот на ОКГ беше детерминирачки квалификатор, OCTA 2009 предвидува нова дополнителна типологија на ОКГ главно базирана на нивните цели, интереси, како и начинот и средствата кои ги користат за нивно реализирање, и тоа:

1. ОКГ со т.н. **VI-SO** стратегија која подразбира примена на систематско насилство или заплашување на локалните општества заради стекнување моќ, престиж, авторитет и бренд во криминалната средина и влијание врз поединци или одредени социјални групи, а воедно и контрола на одредена територија, односно криминален пазар. Вакви ОКГ се идентификувани во Северна Европа (скандинавските земји, Обединетото Кралство, Ирска).
2. ОКГ со т.н. **IN-LE** стратегија што означува интерпенетрирање и манипулирање со полициските и правосудните процеси по пат на корупција или насилство (спрема сведоци, жртви, полициски и правосуден персонал) заради евазија, забавување или отежнување на истраги и осуди - т.н. **VI-LE** стратегија. Најчесто се среќаваат во комбинација со IN-SO, претежно на источно-европската криминална сцена (Латвија, Литванија, Чешка, Словачка).
3. ОКГ со т.н. **IN-SO** стратегија, односно влијание врз локалното население преку корумпирање на повисоки функционери од националните и јавните институции или инфилтрирање во економските текови на државата. Доминираат во Романија и Албанија, а забележано е значително присуство и во Југозападна Европа. Особено опасни се оние ОКГ кои ја употребуваат оваа стратегија за придобивање на нивните етнички заедници кои илегално престојуваат или се општествено неинтегрирани во земјите членки на ЕУ (еквивалент на категоријата интермедијарни ситуации), како на пример случајот со кинеските имигранти во Италија, Обединетото Кралство и Франција, злоупотребени од страна на кинеските

---

7 http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2008.pdf

8 групи кои потекнуваат од ЕУ

ОКГ во тие подрачја, потоа релацијата - пакистански имигранти и пакистански ОКГ во Грција, Шпанија, Германија и Обединетото Кралство, украинските работници во Чешка, романските мигранти во Италија и Шпанија.

4. ОКГ со т.н. **EL-LE** профил (главно групи со потекло надвор од ЕУ) окарактеризиран со непривлекување, непредизвикување, поточно избегнување на вниманието и интервенцијата на органите задолжени за спроведување на законите. Оттаму, како резултат на отсуството на јасно видливи компоненти, раководство и членови, таргетирањето и расформирањето на овие ОКГ е прилично отежнато. Затоа овој вид на специфична стратегија претставува примарна алтернатива за најголемиот број ОКГ, но најголемиот број вакви групи се нотирани во Источна (Естонија, Чешка, Унгарија, Полска, Бугарија) и Западна Европа (Португалија, Шпанија).

### 2.1.2. Криминалните пазари во корелација со криминалните средишта на територијата на ЕУ

ЕУ претставува рај за ОКГ кои се профилираат во областа на трговијата со дроги; кривичните дела против личноста со фокус на трговијата со луѓе, илегалната имиграција и детската порнографија на Интернет; измамите како генератор на средства за финансирање на други видови криминал, како и фалсификувањето стоки, документи и евра; трговијата со украдени моторни возила; трговијата со оружје и сл.

***Трговијата со дрога*** како најпрофитабилна организирана криминална активност е секако најголемиот илегален пазар во ЕУ, па со причина доминира низ содржината на сите досегашни проценки за организиран криминал на Европол. Од тој аспект, неспорна е експанзијата на кокаинот во Европа за разлика од САД каде употребата на кокаин, согласно извештајот на Канцеларијата за дрога и криминал на ОН за 2009 год., бележи пад од 50% во споредба со 80-тите години од минатиот век.

*Кокаинот* на европскиот пазар потекнува од регионот на Андите во Јужна Америка, главно од Колумбија, но и од Боливија и Перу[9]. Во неговата дистрибуција до крајните европски дестинации вклучени се повеќе ОКГ од различни географски региони и криминални средишта[10]. Преку Венецуела и Бразил или преку Карибите, кокаинот, главно по поморски пат, стигнува во *Југозападното криминално средиште* (регионот на Иберискиот полуостров – Шпанија, Португалија и мал дел од Франција), што претставува премин за негова понатамошна дисеминација низ ЕУ. Предусловите за оваа релација се деални, со оглед на географската, историската и културната блискост на двата региони. Оттаму, разбирлива е положбата на Шпанија како примарен дистрибутивен центар за кокаин во ЕУ. Исто така, стратешката позиција помеѓу земјите-производители и земјите-корисници, како и нестабилноста, големата сиромаштија, неефикасноста и екстремната корумпираност на владините функционери, широката распространетост на локалните криминални банди и паралелно нефункционалните безбедносни сили, земјите од *Западна*

---

[9] Земји со нелегитимен режим, слаба власт и неуспешен правосуден систем.

[10] Концептуални ентитети воведени со OCTA 2007, создадени со комбинација на факторите: блискост со големите пазари, географска положба, инфраструктура, типови на ОКГ и миграциони процеси кои ги засегаат односните ОКГ. Не егзистираат од и заради самите нив, така што се снабдени од страна на т.н. хранители лоцирани надвор или внатре во ЕУ. Хранителите или снабдувачите може да имаат улога на релативно пасивни транзитни зони кон ЕУ или активни центри кои се инволвирани во целиот процес (од преговарање и склучување договор, логистичко дефинирање, складирање и препакување на стоката, сè до утврдување на стратегија за нејзино натамошно дистрибуирање). Сепак, нивната суштинска цел е снабдување и приближување на стоката од земјата на потекло, до ЕУ.

(European Police Office OCTA 2009 - EU Organised Crime Threat Assessment, 2009, http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2009.pdf) Во натамошниот текст ќе се користи скратеницата КС

*Африка* имаат забележително зголемено влијание во последниве години и добиваат статус на клучна транзитна зона во однос на трговијата со кокаин. Главно, станува збор за нигериските КГ кои тесно соработуваат со колумбиските ОКГ, обезбедувајќи им логистичка поддршка во процесот на увезување на кокаинот во Европа.

Како секундарен дистрибутивен центар за кокаинот, но и за хероинот наменети за ЕУ се јавува *Северозападното КС*, конкретно Холандија - центрипеталната сила на овој т.н. атлантски регион во кој уште спаѓаат: Белгија, Луксембург, Обединетото Кралство, Ирска, северозападниот дел на Германија и Северна Франција. Ова, пред сѐ, се должи на просперитетната економија, одличната транспортна инфраструктура, добро етаблираните етнички заедници, и географската и историската поврзаност со земјите од Латинска Америка.

Сепак, зборувајќи за пазарот со кокаин, не смееме да го изоставиме и *Јужното КС* , чиј репрезент се италијанските ОКГ, кои се карактеризираат со строга хиерархија и способност за воспоставување директни контакти со ОКГ од земјите-извори на дрога и други стоки. Во тој поглед, посебно се издвојува италијанската ОКГ Н'дрангета која манифестира особена блискост и кооперација со колумбиските кокаински картели, како и со француските ОКГ погодни за увоз на кокаин во цела Европа.

Не помала е и побарувачката на *хероин* во Европа. Најголемиот дел хероин потекнува од Авганистан, па оттаму како најадекватен географски регион за негово пенетрирање на територијата на ЕУ е *Југоисточното КС,* идентификувано како територија на можности од страна на ОКГ, со оглед на турбулентната политичка состојба и границите со земји кои не се членки на ЕУ. Приматот во трговијата со хероин во овој регион им припаѓа на турските ОКГ кои преку Црното Море или Балканот, со помош на бугарските ОКГ, на големо го внесуваат хероинот на европските пазари. Специфична е нивната посредувачка улога меѓу различните пазари, главно при размената на хероинот за кокаин. Што се однесува до регионалната дистрибуција на хероин во Југоисточна Европа, пак, истата сѐ уште е во рацете на етничко-албанските ОКГ, со Албанија како првично складиште и транспортен центар[11], иако постои и тенденција за нивно интензивирано влијание и врз другите криминални средишта во Централна и Северна Европа.

Историски гледано, најголемиот недозволен пазар на дрога досега е пазарот на *канабис*. Северозападната африканска држава Мароко е есенцијален извор, т.н. земја хранител или снабдувач на канабис за земјите од Европа. Гледано од географски аспект, логична е инволвираноста на јужноевропските региони во трговијата со канабис кој, преку постоечките рути за шверц на кокаин во Шпанија и Италија, се насочува кон крајните дестинации во ЕУ. Меѓутоа, во последните два извештаи се констатира дека домашното производство на канабис прераснува во реален проблем за безбедносните служби на земјите членки на ЕУ. Индикаторите укажуваат на важноста на Холандија, а од неодамна и на Чешка во зголеменото домашно производство на канабис заради оптимално задоволување на барањата и потребите на европскиот пазар на канабис со најмал ризик и најмали трошоци. Не ретко овој пазар се поставува во корелација со трговијата со луѓе за присилна работа или илегалната имиграција, поради големиот број "градинари" или одгледувачи на канабис во многуте фабрики за канабис во земјите членки на ЕУ, експлоатирани пред сѐ од виетнамските и кинеските ОКГ, главно Виетнамци и Кинези, жртви на трговија со луѓе за присилна работа, или илегални имигранти кои ги исплаќаат долговите за нивното патување.

Кога станува збор за *синтетичките дроги*, пресудна е улогата на *Северозападното КС*, попрецизно Холандија и Белгија, кои претставуваат најголеми производители на

[11] European Police Office OCTA 2009 - EU Organised Crime Threat Assessment, 2009, http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2009.pdf

екстази и амфетамини во светски рамки. Со прекурсори за нивно производство се “хранат”од Кина и Русија, а со крајниот продукт се “храни” цела Европа, Северна Америка, Израел, Австралија, како и Средниот Исток кој, согласно индикаторите, прераснува во реална конкуренција во доменот на производството, со оглед на поповолните транспортни можности (Црното Море и пан-европските коридори). Но, никако не смее да се заборави придонесот на *Североисточното КС* кое го опфаќа регионот на Балтичкото Море како мост помеѓу земјите производители и земјите дестинации, меѓу другото, и на синтетички дроги. Најголема закана во оваа област се локалните групи, пред сѐ литванските ОКГ кои тесно соработуваат со естонските ОКГ со цел дистрибуција на синтетичките дроги до нивните фински партнери (моторџиски банди и мрежи), и со полските ОКГ во шверцот на прекурсори, а одржуваат и контакти со руските ОКГ како набавувачи на прекурсори.

Во трговијата со синтетички дроги инволвирано е и *Југоисточното КС* како транзит зона на патот на дрогата до крајните корисници. Тука посебно се издвојуваат бугарските и српските ОКГ, кои преку Турција се пробиваат на азискиот пазар.

Енормен безбедносен предизвик за ЕУ се и **кривичните дела против личноста**, односно трговијата со луѓе и кримчарењето мигранти како асистенција на процесот на илегална имиграција. Не постои ниту едно криминално средиште во ЕУ каде што не се детектирани овие криминални активности.

Проценето е дека секоја година илјадници Африканци се обидуваат да влезат на територијата на ЕУ илегално.[12] Покрај Африка, како вруток на илегални имигранти, OCTA 2009 уште ги идентификува и Азија (Кина, Индија и Виетнам), Источна Европа (поранешните земји на СССР), Латинска Америка, Средниот Исток и Западен Балкан. Како особено атрактивни дестинации за илегалните имигранти се јавуваат Обединетото Кралство и Ирска, кои ја апострофираат важноста на *Северозападниот регион* (Холандија како главен транзитен центар) и ОКГ кои дејствуваат во него во однос на **илегалната имиграција**. *Југозападниот регион* е исто така прилично опасна и невралгична зона, и како дестинација и како транзитен реон, со оглед на географската достапност за миграционите струи од Африка и Азија кои се акумулираат во Мароко, Западна Сахара, Мавританија и Алжир како најексплоатирани точки за илегален премин во Шпанија и Португалија.

Сепак, најсериозниот и најнепосредниот ризик доаѓа од регионот на Црното Море (големите пристаништа: Одеса, Истанбул, Констанца и Варна), портата за илегалните имигранти од Југозападна Азија и Средниот Исток, и неодминливата “источна” маршрута за трговијата со луѓе. Во областа на **трговијата со луѓе**, земјите од Источна Европа, од почетокот на 1990-те години, ги замениле земјите од Третиот свет како голем извор на тргувани жени и деца за западноевропската секс-индустрија.[13] Со причина ОКГ од *Југоисточното КС* се детерминирани како најактивни и најуспешни на ова поле. Извештајот посебен акцент става на романските ОКГ и нивната доминантност во однос на трговијата со деца; етничките албански ОКГ и нивната специјализираност за последната фаза во трговијата со луѓе – сексуална експлоатација на жените; и бугарските ОКГ, иако е регистрирана и инволвираност и на кинески, руски, полски, турски и виетнамски ОКГ, како и ОКГ од други земји од Балканот.

Со оглед на тоа што производството и преносот на фалсификувани стоки предизвикува големи финансиски штети и дисбаланси, пред сѐ во индустрискиот сектор на ЕУ, интерполирањето на **фалсификувањето артикли** и **трговијата со**

---

[12] http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2008.pdf

[13] Клаус Вон Ламп. Прирачник за транснационален криминал и правда: Организиран криминал во Европа (Скопје, Датапонс, 2009), стр.456

**фалсификувани артикли** како посебна организирана криминална активност која во последните неколку години бележи пораст, во овие извештаи е апсолутно логичен чекор. Во рамките на најфалсификуваните стоки спаѓаат: музичките, софтверските, фармацевтските и хемиските продукти, како и цигарите, авто деловите и облеката. Фармацевтските производи, главно оние од Кина, Хонг Конг, Индија, Тајланд и Турција, претставуваат најалармантни димензии на овој феномен.[14] Најзастапени се фалсификуваните цигари кои осцилираат, главно, во три криминални средишта: *Југозападното, Јужното и Северозападното*. Констатирана е доминантноста на азиските, поточно кинеските фалсификати, со оглед на тоа што 90% од запленетите цигари во Холандија и 50% од оние во Италија потекнуваат од Кина. Не помалку погодени од овој вид криминал се и големите пристаништа во Шпанија и во Португалија кои, ресорбирајќи ги интензивните комерцијални текови од Азија, го овозможуваат транзитот на цигарите наменети за европскиот пазар, вклучувајќи ја и пенетрацијата до британскиот пазар.

Друга многу честа негативна категорија окарактеризирана со особено разорно дејство за финансискиот систем на ЕУ е **фалсификувањето на евро валутите** (банкноти, поретко метални пари). Како основен и главен производител на фалсификуваните евра е таргетирано *Јужното КС*, конкретно Италија од каде банкнотите под контрола на италијанската мафија и ОКГ од Литванија, Бугарија и Полска се трансферираат во Франција, Белгија, Шпанија, Германија, Италија и во други европски земји, а забележана е дистрибуција и во Мароко, секако од страна на мароканските ОКГ.

OCTA 2009, како и неговите претходници, не го изоставува **фалсификувањето документи** (лични карти, пасоши, дозволи за престој, царински декларации и сертификати за квалитет и сл.) што е големо олеснување при трговијата со дрога, луѓе, украдени моторни возила; криумчарењето мигранти; шверцувањето со стоки, како цигари и алкохол; измами и многу други криминални активности. Станува збор за супсидијарна активност, поддршка на примарната криминална активност чија цел е прикривање на вистинскиот идентитет на сторителите и привидно легитимно преминување на неколку граници. Детектирањето на ваквите софистицирани фалсификати, како и на фалсификуваните банкноти станува сè потешко паралелно со “незаузданиот” развој на технологијата.

Покрај овие криминални дејствија, извештајот уште ја споменува и **измамата** како посебен криминален модалитет кој финансиски го овозможува и олеснува извршувањето на многу заканувачки форми на организиран криминал на територијата на ЕУ. Притоа, таа може да биде насочена кон стекнување на директни финансиски бенефити или перфидно освојување на општеството и на економијата. Во рамките на измамите застапени во рамките на ЕУ се интерполираат: инвестициските измами, измамите во фондовите на ЕУ, VAT измамите или измамите со ДДВ (руските ОКГ во Североисточното КС, кинеските ОКГ во Југоисточното КС), измамите со платежни картички (доминираат руските, бугарските и романските ОКГ) и измамите со јавните тендери. Земајќи го предвид фактот дека шверцот со цигари, алкохол и гориво имплицира кражба или евазија на даночните приходи, предизвикувајќи директни и индиректни финансиски и даночни реперкусии, јасно е дека истиот ќе се интегрира во категоријата измами. Епицентарот на овие дејствија е регионот на балтичките земји, т.е. Североисточното КС, за што се погрижија полските, секако балтичките, а посебно руските ОКГ. Шверцот на овие оданочени добра, поконкретно цигарите, забележителен пораст доживеа по 1990-те години. Постои посебна шема за набавка и извоз на големи количини цигари од ЕУ за Источна Европа. Цигарите,

[14] European Police Office OCTA 2009 - EU Organised Crime Threat Assessment, 2009, http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2009.pdf

кои не се оданочени и немаат ДДВ во ЕУ, се претовараат и се шверцуваат назад во ЕУ. Главните трговски рути се протегаат од државите на Балтикот и Полска до Германија и Велика Британија, и од Балканот до Италија.[15]

Една од областите на интерес на овие годишни проценки за заканите од организиран криминал е секако и неговата хоризонтална димензија, рефлектирана преку **перењето пари** како нелегална активност која не може да се изостави кога се оперира со мегаломански профити. Техниките на перењето пари имаат за цел да го прикријат вистинското потекло на парите, а како најадекватна алтернатива за тоа се покажало конституирањето и водењето на легални бизнис структури од страна на самите ОКГ. Во тој поглед, епитетот најуспешни им припаѓа на активностите поврзани со недвижности.

Перењето пари е детерминирано, главно, како секундарна и дополнителна криминална активност на ОКГ, но постојат и групи кои се диференцирале определувајќи се за перењето пари како нивна примарна и единствена дејност. Групите кои користат EL-LE стратегија се највешти при вршењето на перење пари иако такви афинитети, во последно време, манифестираат и ОКГ со IN-SO или IN-VI-SO профил.

Меѓу факторите потребни за перзистирање на организираниот криминал е и специјализацијата која, во принцип, се надоврзува на перењето пари. Тоа подразбира ангажирање на експерти од страна на ОКГ заради обезбедување професионална помош во одредени сфери од интерес за криминалното подземје. Најчесто станува збор за адвокати, финансиски и даночни консултанти, книговодители, агенти за недвижности нужни при перењето пари, како и IT експерти, фалсификатори, специјалисти за насилство и сл.

## 3.Заклучок

Несомнено, поволните економски, стопански и социјални услови во ЕУ се причината за нејзиното идентификување како централна мета за кулминацијата на организираниот криминал во кој, покрај домашни ОКГ, инволвирани се и групи од соседството, но и од подалечните земји.

Со оглед на тоа дека извештаите на Европол за заканите од организиран криминал се изработуваат и објавуваат од 2006 год., односно имаат кратка историја, а овој феномен има долгорочна стратегија така што не може да пермутира толку рапидно, не делува изненадувачки нивната аналогна содржина за актуелниот и очекуваниот, иден криминален пејзаж. Имено, утврдена е една унифицирана поделба на криминалните јазли и национално идентификуваните ОКГ кои делуваат во нив, како и криминалните пазари кои циркулираат на територијата на ЕУ. Притоа, како главни пазарни дестинации се детектирани Обединетото Кралство, Ирска, како и нордиските земји и Франција кои донекаде се и транзит зони, иако особината "транзит" примарно се однесува на поцентралните земји - Германија, Австрија, Полска, и земјите од Балканот. Позабележителна конкуренција меѓу КС е востановена при интеракцијата помеѓу Североисточното и Југоисточното КС, како и меѓу Југозападното КС во комбинација со Југоисточното КС или Западна Африка, како области кои еволуираат и сè уште го немаат доживеано својот врв во овие криминални води, така што нивниот меѓусебен ривалитет допрва ќе следи.

Како годишно резиме за заканите од организиран криминал заедничко за сите земји членки на ЕУ е дека функција на извештаите за информирање, предупредување и насочување во борбата против организираниот криминал е апсолутно оправдана и резултира со позитивни исходи, за што сведочат бројни заеднички истраги и операции

[15] Клаус Вон Ламп. Прирачник за транснационален криминал и правда: Организиран криминал во Европа (Скопје, Датапонс, 2009), стр.456

предводени и координарани од Европол (пр. Операцијата PIPAS[16] од јули 2007-февруари 2008 спроведена од страна на шпанските правосудни органи и Европол со која беа разоткриени и пресечени меѓународните мрежи за измами со кредитни картички, при што беа уапсени 99 лица и пронајдени 6 милиони евра).

Сепак, сублимирајќи ги сите пласирани информации, можеме да констатираме дека, покрај евидентните позитивни страни на овој проект, постојат и одредени негативности, попрецизно кажано недостатоци. Тие се согледуваат во определувањето на приоритетните облици на организиран криминал како што се трговијата со дрога, кривичните дела против личноста, измамите и фалсификувањето, каде се изоставени не помалку опасните и штетни видови криминал како трговијата со оружје, отпад, украдени моторни возила и артефакти. Нивната распространетост на територијата на ЕУ изгледа како да е занемарена од надлежните органи. Таа невнимателност и незаинтересираност во никој случај не им оди во прилог на фактите кои индицираат драстично зголемување на овие видови нелегална трговија во Централна и Источна Европа.

Сумирано, OCTA претставува инструмент чија функционалност се базира и е во директна зависност од свесноста, меѓусебното разбирање и соработката на државите членки за размена на информации, а со тоа воедно и олеснување на нивните заеднички истраги и операции. Оваа компилација на информации на ЕУ поставува високи стандарди во светски рамки за она што популарно се нарекува "проактивност" во борбата против организираниот криминал. Респектирањето и имплементирањето на овие стандарди е посакуван и нужен чекор за глобалната безбедност чиј темел е токму таа - проактивноста.

**Литература**


1.Вон Ламп, Клаус. *Организиран криминал во Европа, Прирачник за транснационален криминал и правда*. Скопје: Датапонс, 2009;

2.Лајман, Мајкл Д. и Гари В. Потер. *Организиран криминал*. Скопје: Магор, 2009;

3.Van der Heijden, Toon. “Measuring organized crime in Western Europe”, Policing in Central and Eastern Europe: Comparing Firsthand Knowledge with Experience from the West, © 1996 College of Police and Security Studies. Slovenia, http://www.ncjrs.gov/policing/mea313.htm

4.http://www.europol.europa.eu/publications/Annual_Reports/Annual%20Report%202008.pdf;

5.http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2009.pdf;

6.http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2008.pdf;

7.http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2007.pdf;

8.http://www.europol.europa.eu/publications/European_Organised_Crime_Threat_Assessment_(OCTA)/OCTA2006.pdf;

9.http://www.europol.europa.eu/publications/Anniversary_Publication/Anniversary_publication.pdf;

10.http://ec.europa.eu/justice_home/news/information_dossiers/the_hague_priorities/.


[16] http://www.europol.europa.eu/publications/Annual_Reports/Annual%20Report%202008.pdf

*Snezana Talevska*

*Faculty of Security- Skopje*

## *EU CHALLENGES IN DEALING WITH ORGANIZED CRIME- A CRITICAL REVIEW ON OCTA 2009*

***Abstract***

*Organized crime as a global destructive phenomenon is considered a primary agentive when it comes to the reaction and acting in international context. Therefore, this article is devoted to a minor segment of a generally known phrase – international cooperation in combating organized crime, more precisely the last Europol's report on the threats of organized crime in 2009.*

*OCTA (Organised Crime Threat Assessment) is an annual document with strategic significance first of all for the EU, but also for its well-intentioned neighbors, friends, partners in terms of preventing and repressing this kind of crime. Through adequate elaboration, analysis and comparative review including previous reports of this kind the author attempts to present the aspirations and goals of its creators.*

**Key words:** *Europol, European Union, organized crime, OCTA (Organised crime threat assessment), organized crime groups, criminal markets, criminal hubs.*

.

*Мите Ќесакоски*
**демонстратор на Факултетот за безбедност – Скопје**

# ДОГОВОРИ ЗА РАЗМЕНА НА РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ НА МЕЃУНАРОДНО НИВО

***Резиме***

*Евидентна е нужноста од препознавање, располагање и работење со релевантна информација во секоја сфера од општественото живеење, особено во рамките на службите чија основна задача е борбата против криминалот кој ги надминува националните граници.*

*Во таа смисла, трудот ја обработува размената на разузнавачки информации, главно помеѓу најеминентните меѓународни организации и ентитети чија основна преокупација е токму тоа, собирање, споредување, проценка, анализа и дистрибуција на информации. На тој начин се придонесува во остварувањето на нејзината примарна и главна цел, односно олеснување на меѓународната соработка и координација, и зголемување на ефикасноста во превенцијата на современите форми на организираниот транснационален криминал.*

*Станува збор за протокот на информации на светско ниво во Интерпол, на европско ниво во Европол и Европравда, на регионално ниво во СЕКИ центарот, опфаќајќи ја соработката во нив и помеѓу нив.*

***Клучни зборови:*** *разузнавачки информации, размена, договор, Интерпол, Европол, Европравда, СЕКИ центарот.*

## 1. Воведни напомени

Секојдневното напредување на криминалот ја наметнува и потребата за перманентно трагање по нови адекватни начини за откривање и сузбивање на тие криминални активности.

На ова поле големо значење има разузнавањето како еден фрагмент од полициското работење, денес повеќе ориентирано кон проактивно демократско работење согласно важечките меѓународни стандарди. Во тој поглед, од првостепено значење се разузнавачките информации како краен продукт на разузнавачкиот циклус, односно обработените податоци кои се употребуваат заради спроведување на акции и, секако, за долгорочно планирање, т.е. креирање соодветна стратегија за спротивставување на криминалот. Овие информации своето место го наоѓаат и во кривичната истрага и во рамките на судскиот процес, како неспорни докази од кои понекогаш зависи и конечната пресуда за конкретниот случај.

Со појавата на транснационалниот организиран криминал се постави и прашањето за потребата од размена на разузнавачки информации. Долго време имаше дилеми во врска со тоа прашање. Меѓутоа, како што се зголемуваше бројот на терористички напади така еволуираше и мислењето кај надлежните органи за неопходноста од размена на информации. Конечно, по 2001 година се јавуваат и првите обиди за размена на разузнавачки информации и на меѓународно ниво.

Голем број на современи служби со авторитет на меѓународната сцена пристапија кон склучување на билатерални и на мултилатерални договори за размена на разузнавачки информации, што пак отвори дополнителни проблеми и бариери кои го попречуваа тој процес и кои неодложно мораше да бидат елиминирани.

Сепак, најбитно е тоа што започна една традиција на вистинска соработка и координација на службите од различни земји, со цел борба против сите видови на криминал.

Во контекст на ова, во овој труд ќе ги разработиме принципите на размена на информации во Интерпол, Европол и СЕКИ центарот.

## 2. Размена на разузнавачки информации на меѓународно ниво

Суровиот и необработен материјал, или информација добиена директно од изворот (човек или техника), преку процесот на анализа преминува во т.н. разузнавачка информација. Таа информација, пак, имајќи ја предвид застапеноста и развиеноста на прекуграничниот организиран криминал, понатаму својата примена ја наоѓа во борбата против тој, а и против секој друг вид криминал. Значи, ваквите информации претставуваат ефикасно орудие со кое се служат криминалистичките служби во градењето стратегии за спречување и сузбивање на меѓународниот криминал.

Според тоа, покрај размената на ваков вид информации на национално ниво, денес постои и е од исклучителна важност и размената на разузнавачките информации и соработка на наднационално ниво. Станува збор за соработка која може да биде билатерална, регионална и меѓународна, и од друг аспект, формална и неформална. Од наш интерес е секако, формалната соработка. На кој начин таа функционира?

**Меѓународната соработка** обично се одвива на ниво на органи за спроведување на законот (полиција, царина) и судска власт. [1]

Во рамките на транснационалниот организиран криминал логична и следствена е соработката и координацијата овие органи, односно извршната и судската власт. Значи, покрај нивната законска должност за координација на државно ниво, сега се јавува и координацијата на меѓународно ниво.

Меѓународната соработка се остварува преку **меѓународни договори** кои во зависност од бројот на договорните страни можат да бидат билатерални или двострани (во нив членуваат само две страни и најчесто се од затворен тип во поглед на можноста за пристап на трета страна) и мултилатерални или повеќестрани (има повеќе од две страни договорнички, а во однос на можноста за пристап се од отворен тип).

Притоа, за склучување на билатералните договори треба да постои целосна согласност по сите основи од страна на субјектите во договорот и сите елементи од него се обврзувачки за двете страни. Кај мултилатералните договори, пак, главна карактеристика е што се допуштени можности страните да искажуваат резерви спрема некои делови од договорот, што после тоа ги прави необврзувачки за нив.[2]

Покрај класичниот термин „договор", во меѓународниот правен сообраќај се користат и други називи, како: повелба, устав, статут, конкордат, пакт, акт, конвенција, декларација, протокол, компромис, картел итн., кои не влијаат на суштината ниту пак на правното дејство на договорот како меѓународно-правен институт.

Според тоа, без разлика на називот, како што споменавме и претходно, ние ќе зборуваме за договорите за размена на разузнавачки информации во рамките на најголемите и најпознатите полициски организации во Европа (Интерпол, Европол и СЕКИ центарот), како и помеѓу нив самите.

### 2.1. Интерпол

Зборувајќи за меѓународната полициска соработка, би започнале секако со Интерпол како „најстара" и најискусна меѓународна организација од претходно наведените.

Интерпол е првата организација која јасно ја согледала и проценила потребата од откривање, документирање и комуницирање, односно информирање за податоците за криминалот, потребата од помош во истрагите, потребата од помош во судскиот прогон итн. Беше основана 1923 година на меѓународниот полициски конгрес во Виена

---

[1] З.Димовски, Прирачник Криминалистичко разузнавање, Скопје, 2007, стр.135
[2] З.Димовски, Прирачник Криминалистичко разузнавање, Скопје, 2007, стр.136

под името **Меѓународна комисија за криминалистичка полиција (МККП)**, како независна иницијатива на полициски службеници од различни европски држави.

На 25-то Генерално собрание на МККП, одржано во Виена во 1956 год., донесен е сегашниот Статут со што името на организацијата е променето во **Меѓународна организација на криминалистичка полиција** – **МОКП** (ICPO-International Criminal Police Organization – Interpol)[3] , чиешто седиште денес се наоѓа во Лион, Франција.

И покрај бројните политизирања на полициската работа во минатото и постоечките културни разлики, Интерпол успеа да опстане, зголемувајќи го секојдневно своето членство кое денес ја надминува бројката од 180 земји, односно полициски институции.

Како **основни цели** Интерпол ги предвидува следниве:

- да го обезбеди и унапреди заемното помагање на сите органи на криминалистичката полиција во границите на важечките закони во различни земји и во духот на Општата декларација за правата на човекот;
- да воспостави и да ги развива сите институции кои можат ефикасно да придонесуваат во превенцијата и репресијата на општите казниви дела.[4]

Како еден од основните принципи врз кои почива работата на Интерпол, а е од наш интерес, е соработката со други органи или организации кои се заинтересирани за сузбивање на кривичните дела на општиот и организираниот криминалитет. Оваа соработка се одвива со посредство на **Националните централни бироа (НЦБ)** кои претставуваат национални канцеларии на Интерпол преку кои се обезбедува врска со другите НЦБ, со Генералниот секретаријат на организацијата и со различните служби во сопствената земја. Всушност, НЦБ се движечката сила на организацијата кои ги спроведуваат одлуките на Интерпол, водат централна криминалистичка евиденција за меѓународни делинквенти и меѓународни кривични дела, пренесуваат странски барања за меѓународната полициска соработка до домашните полициски служби, иницираат разгледување на актуелни практични криминалистички проблеми во својата земја, помагаат во остварување на други облици на соработка (екстрадиција, казнено-правна помош) и сл.

Како во рамките на Интерпол тече процесот на размена на подматоци? – Може да се каже дека тој процес се одвива прилично брзо и безбедно, преку т.н. **глобален полициски комуникациски систем I-24/7** со кој се формира мрежа за размена на полициски информации помеѓу Генералниот секретаријат со седиште во Лион и НЦБ во земјите членки. На тој начин сите овластени корисници на овие информации имаат брз пристап до нив и до другите сервиси. Значи, лицата кои имаат дозвола за пристап до овие информации преку директен пристап во базата на податоци се во можност да бараат и да проверуваат одредени потенцијално важни податоци и за проактивните и за реактивните истраги.

I-24/7 е сместен во НЦБ, па според тоа НЦБ се тие коишто се одговорни за контролата на степенот на пристап на други овластени корисници на сервисите на Интерпол.

Интерпол располага со голем број бази на податоци, кои преку тој глобален комуникациски систем I-24/7 им се достапни на бироата на Интерпол во сите земји членки.

Покрај големиот број на тимови и групи, односно сервиси за оперативна поддршка на полицијата, би ја издвоиле **единицата за криминалистичка анализа** која ја сочинуваат офицери од Генералниот секретаријат и која врши истражувања и

[3] www.interpol.int

[4] Статут на Интерпол чл.2

анализи за трендовите во полето на криминалот. Ваквите единици и тимови кои имаат најразлични улоги подлежат на континуирани обуки и тренинзи, секако организирани од страна на Интерпол, сè со цел создавање на постручен и поискусен кадар, неопходен за борбата против денешниот криминал.

### 2.2. Европол

Предвесник на Европол е **групата ТРЕВИ** – меѓувладина мрежа, односно форум од службеници од министерствата за правда и внатрешни работи во Европската Заедница создаден 1975 год. на Самитот во Рим за борба против меѓународниот тероризам, радикализам и екстремизам. Групата активно функционираше сè до 1992 год. кога со Договорот од Мастрихт за создавање на Европската унија беше основана и **Европска полициска канцеларија - Европол** со седиште во Хаг, Холандија.

**Целта на Европол** е да ја подобри ефикасноста и соработката помеѓу компетентните служби на државите членки во превенирање и борбата против тешкиот меѓународен организиран криминал и тероризам.[5]

Меѓу бројните **задачи** кои се предвидени во работата на Европол се и оние кои се однесуваат на размената на информации меѓу земјите членки, односно помагањето на таа размена, набавувањето, средувањето и анализирањето на разузнавачките податоци и другите видови податоци, обезбедување стратешки разузнавачки податоци итн.

Како и кај Интерпол така и во Европол постојат тела кои претставуваат единствена врска помеѓу Европол и другите национални полициски структури , а тоа се т.н. **Национални единици**. Тие имаат поширок дијапазон на обврски за разлика од НЦБ, така што ја координираат соработката и размената на информации меѓу надлежните органи на државата и Европол, вршат ажурирање, процена и анализа на информациите и на разузнавачките информации и, доколку утврдат каква било опасност која им се заканува на националните безбедносни интереси на државата, тие имаат право и должност да го стопираат доставувањето на тие информации.

Во 1995 година, со стапувањето во сила на Шенгенските аранжмани, се именувани полициски службеници за врска во секоја држава-членка заради координација на размената на информации во однос на тероризмот, наркотиците, организираниот криминал и илегалната имиграција. Со овие аранжмани се овозможува и правото на полициските служби за прекугранично следење на осомничени лица на територија на друга држава, и е создадена правна основа за формирање на мешовити истражни екипи кои постапуваат на целата територија на ЕУ.[6]

Во извршувањето на нивните задачи на националните единици им помагаат **офицерите за врски**. Секоја национална единица може да назначи најмалку еден офицер за врска, односно специјалист во областа на превенцијата и репресијата на облиците на криминал со кои е засегнат Европол. Значи, нивната улога е давање помош во размената на информации меѓу националните единици и Европол, односно обезбедување информации, нивно проследување, консултирање за разни досијеа, односно претставување на интересите на нивните национални тела.

Овие тела во рамките на Европол не би биле во можност да ги извршуваат сите овие функции доколку не постоеше **компјутерскиот систем на Европол** во кој се собираат, чуваат и обработуваат податоците што ги доставуваат државите членки и Европол.

---

[5] www.europol.eu.int

[6] В. Камбовски, Правда и внатрешни работи на Европската унија, Скопје 2005, стр.284

Системот содржи: база на податоци, работни досијеа за поединечни случаи и индекс-показатели со лични податоци, а планирано е и востановување на европска база на ДНК-податоци.[7]

Овој компјутерски систем, согласно Конвенцијата на Европол, не смее под какви било околности да биде поврзан со други системи за автоматска обработка на податоци во националните единици.

Основна компонента на компјутерскиот систем е **информативниот систем** за чие користење во секоја држава членка е одговорна националната единица и истиот се употребува за чување, модифицирање и користење на одредени податоци неопходни за извршување на задачите на Европол. Во однос на правото на пристап во овој информативен систем ќе ги споменеме националните единици, офицерите за врски и директорот, замениците на директорот и другите овластени службеници кои имаат право и да внесуваат и да изнесуваат, поточно да користат податоци директно од информативниот систем, согласно законските одредби од Конвенцијата на Европол.

Токму компјутерскиот систем на Европол претставува проблем кој го попречува нормалното функционирање на Европол, во смисла на неговото постојано одложување и практично нереализирање, поради што целокупната комуникација на ниво на Европол останува во надлежност на офицерите за врски.

Што се однесува на размената на податоци со трети држави и организации, истата е возможна само кога тоа е неопходно, и тоа во поединечни случаи заради превенција или борба против криминални прекршоци, запазувајќи ги притоа стандардите за адекватна заштита на податоците во другата земја или организација. Ако станува збор за податоци што во Европол ги интегрирала земја членка, тогаш тие податоци можат да бидат дадени на користење на трета држава или организација единствено со одобрување со таа земја членка.

За законитоста на размената на податоци одговара Европол, водејќи евиденција за секој вид на комуникација на податоци и основаноста на таа комуникација. Размената е возможна само доколку податоците се користат за целите за кои се наменети во размената. Доколку се работи за информации со одреден степен на доверливост, за да настане размената, потребно е претходно да постои некаков договор за доверливост помеѓу Европол и другата страна примател.

### 2.3. СЕКИ центар

На 26 мај 1999 год. беше потпишан **Договор за соработка во превенцијата и борбата против прекуграничниот криминал,** поточно т.н. **СЕКИ договор**. Конечно, напорите на земјите од Југоисточна Европа вродија со плод, односно СЕКИ центарот чие седиште се наоѓа во Букурешт, Романија. СЕКИ брои 13 земји членки, и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Унгарија, ПЈ Р.Македонија, Молдавија, Романија, Словенија, Србија, Црна Гора и Турција.

**Примарна цел на СЕКИ** е да ја подобри регионалната соработка во борбата против прекуграничниот организиран криминал. Исто така центарот помага и во зајакнување на напорите за координација меѓу органите на законот во секоја земја учесник.[8]

Значи, во основа се зголемува соработката, главно, помеѓу полицијата и царината и воедно се подобрува ефикасноста во откривањето, спречувањето, истражувањето и гонењето на прекуграничните кривични дела. Методите со кои се

[7] www.europol.eu.int
[8] З.Димовски, Прирачник Криминалистичко разузнавање, Скопје, 2007, стр.151

служи СЕКИ во својата оперативна работа се: размената на информации и работните групи.

Државите членки на СЕКИ, истовремено и членки на Интерпол и Светската царинска организација, согласно Договорот за СЕКИ, се должни да разменуваат информации за криминалот со своите надлежни криминалистички служби, Генералниот секретаријат на Интерпол и Светската царинска организација.

**Размената на информации** е во надлежност на **офицерите за врска** назначени од земјите членки на СЕКИ, исто како и кај Европол, со единствена разлика што од секоја земја членка доаѓаат по двајца офицери за врска, еден од полицијата и еден од царината. Тие се сместени во Центарот и одржуваат постојан контакт со нивните национални власти преку нивните Национални фокусни канцеларии.

Размената на информации се одвива на тој начин што договорните страни, на барање или по сопствена иницијатива, си доставуваат меѓусебно информации во врска со активности кои можат да бидат причина за прекуграничен криминал. Во случаи кога може да се предизвика значителна штета за економијата, здравството, јавната безбедност или слични витални интереси на другата договорна страна, секоја договорна страна ќе доставува, кога е во можност, таков вид информации без да тоа биде побарано од неа.[9]

Посебно внимание при размената на информации се посветува и на степенот на нивната доверливост и, секако, мерките за заштита на истите. Така, согласно СЕКИ договорот, информациите коишто ги прима надлежната служба-барател ќе се сметаат за онолку доверливи колку што се и другите слични информации кои се во нејзина надлежност. Притоа, информациите можат да се користат само за целите наведени во СЕКИ договорот, а доколку постои барање за нивна употреба и во други цели, во тој случај неопходна е согласност и одобрение од надлежната служба којашто ги дава тие информации. Значи, истите можат да се користат и во започнати судски или административни постапки за извршени прекугранични кривични дела како доказен материјал.

**Работните групи** претставуваат специјализирани тимови кои се составени од агенции за извршување на законот (од полицијата или царината) на државите членки на СЕКИ, коишто ги координираат своите напори во борбата против одделни видови на организиран криминал.[10]

Проект менаџери на работните групи, пак, се офицерите за врски кои ја контролираат и координираат размената на информации помеѓу СЕКИ центарот и одделните работни групи. Сепак, **крајна цел** на сите нив е: прво, детектирање и идентификување на организираниот криминал во регионот, а потоа и негово намалување.

### 2.4. Договори за соработка

### 2.4.1. Договор помеѓу Интерпол и Европол

Станува збор за договор потпишан на 5 ноември 2001 година во Брисел, со кој се воспоставува и одржува соработка помеѓу овие две организации во борбата против сериозните форми на организиран интернационален криминал. Истата, согласно договорот, ќе се остварува преку размена на оперативни, стратегиски и технички информации, координација на активностите, акциони планови, организирање обуки, научни истражувања, развој на заедничките стандарди итн.

---

[9] Договор за соработка на полето на спречување и борба против прекуграничниот криминал – СЕКИ договор чл.3 ст.7

[10] www.seci.org

Она што е од наш интерес е процесуирањето на разузнавачките информации помеѓу овие два гиганти во областа на меѓународната полициска работа. Притоа, трансмисијата на информации може да биде спонтана или на барање. Доколку е спонтана, односно една од овие организации по сопствена иницијатива и пренесе одредена информација на другата организација, тогаш таа ја утврдува и целта поради која го врши тоа. Ако, пак, трансмисијата е на барање на една од овие договорни страни, тогаш страната е должна да ја специфицира целта и причините за тоа барање. Веднаш по проследувањето на информацијата, организацијата-трансмитер индицира рестрикција во однос на употребата на таа информација, пристапот до неа и воедно ги утврдува условите за бришење или уништување на истата.

Што се однесува на пренесувањето на информации на трети организации, договорот јасно кажува дека тоа е возможно само доколку постои дозвола и согласност од страна на онаа договорна страна којашто ја пренесува таа информација. Правото на субјектите на пристап до овие податоци се утврдува согласно овој договор. Откако информациите ќе бидат примени од страна на другата организација, организацијата примач е должна да ги среди, систематизира и класифицира информациите во соодветни папки, односно да ги внесе во базата на податоци и да ги направи во достапна форма за другите овластени корисници. Постои можност информациите веднаш по трансмисијата да бидат избришани, уништени или вратени, ако не се вклопуваат во задачите на другата организација. И тука се користат добро познатите 4*4 матрици, кои се однесуваат на веродостојноста на изворот и на информацијата. Многу е важно при размената на информации да постои согласност помеѓу двете организации за веродостојноста на информацијата, односно истата да ја проценат и класифицираат на ист начин.

При работата со разузнавачките информации неопходно е секогаш да се води сметка за човековите права и слободи. Така, и при овој вид на размена, посебна заштита уживаат личните податоци поврзани со политичката, религиската, сексуалната определба и расното потекло. Во контекст на сето ова не смее да се изостави и безбедноста и доверливоста на информациите кои се предмет на размената. За таа цел секоја организација се обврзува да организира адекватно ниво на заштита на тие информации. Во тој поглед, согласно договорот, безбедносните стандарди треба да бидат унифицирани кај двете организации. Сепак, како што споменавме и претходно, првичниот товар за обезбедување на доверливоста на информациите паѓа врз организацијата-трансмитер. Притоа, таа во секое време има право да поднесе барање за отстранување од одреден степен на доверливост на информацијата што ја пренела, односно да побара нејзино префрлување на друго ниво на доверливост. Значи, секогаш треба да се има во вид степенот на доверливост на информацијата, со цел истата правилно да се употреби и да не дојде до нејзина злоупотреба.

Денес, со развојот на технологијата, не претставува проблем брзата размена на информации. Тоа се должи на софистицираните компјутерски системи во кои се слеваат сите информации до кои уште во истиот момент право на директен пристап стекнуваат одредени овластени лица.

Системот треба да има можност за евидентирање на активностите на корисниците (кога е пристапено до некој податок, кој корисник пристапил, внел или изменил некоја информација, каква операција е извршена врз некој податок). Системот треба да нуди можност за добивање на историјат на процесирањето за секој ентитет.[11]

[11] Б.Гогов, Криминалистичко разузнавање и анализа, Билтен број 2: Борба против организираниот криминал во Р.Македонија, стр. 36

Во секој случај, доколку навистина сакаат да придонесат во намалувањето на организираниот криминал, и двете договорни страни треба да ги почитуваат принципите утврдени со договорот.

### 2.4.2. Договор помеѓу Интерпол и СЕКИ центарот

На 25 февруари 2002 година, во Букурешт, директорот на СЕКИ центарот, генералниот секретар на Интерпол и министерот за внатрешни работи на Романија потпишаа договор за соработка, поточно договор за размена на информации помеѓу Интерпол и СЕКИ.

Владата на Романија се јавува како трета договорна страна, чијашто улога е асистирање и овозможување на соработката помеѓу двете организации сè додека не биде донесено и законски имплементирано ново решение. Значи, се работи за привремен договор, бидејќи моментално размената на информации помеѓу Интерпол и СЕКИ се одвива со посредништво на Владата на Романија, односно за договор кој треба да резултира со нов договор за директна размена на информации помеѓу истите. Поедноставно кажано, овој договор претставува основа за идната непосредна соработка и координација на овие две организации на полето на превенцијата и сузбивањето на организираниот криминал и неговите идни трендови.

**Целта** на овој договор е да им се дозволи на СЕКИ офицерите за врски поединечно овластени од нивните НЦБ на Интерпол да вршат размена на информации со Интерпол преку техничката опрема на НЦБ на Интерпол во Романија.[12]

Размената на информации, односно комуникацијата помеѓу СЕКИ офицерите за врски и Генералниот секретаријат на Интерпол, и помеѓу секој СЕКИ офицер за врски и НЦБ од неговата земја, ќе се спроведува преку претходно спомeнатиот глобален комуникациски систем на Интерпол I-24/7. Пред да биде создаден овој комуникациски систем  размената на информации се одвиваше преку техничката опрема на НЦБ во Романија.

Со договорот се предвидуваат и обуки за употреба на адекватната опрема (хардвер и софтвер) на СЕКИ офицерите за врски, при што организатор на сето тоа би бил Интерпол кој, секако, би ги презел сите трошоци во врска со тоа. Останатите трошоци поврзани со размената на информации ќе бидат пропорционално распределени помеѓу сите договорнички страни.

Со оглед на тоа дека на офицерите за врски им е доделена значајна улога во соработката помеѓу Интерпол и СЕКИ, секој од нив е должен да потпише документ со кој се обврзува дека ќе ги почитува правилата на Интерпол поврзани со интернационалната полициска соработка и процесуирањето на информациите.

И во овој случај е неопходна посебната заштита на информациите кои се предмет на размената. НЦБ на Романија, иако претставуваат посредници во комуникацијата помеѓу СЕКИ офицерите за врски и Интерпол, немаат право на пристап до содржината на разменетите информации. Нивниот пристап е ограничен, сè со цел да им се обезбеди пристап до операторите само на овластените корисници. Договорот исто така предвидува олеснување во процесот на размена и обезбедување максимум координација, така што сите пораки што се испраќаат од СЕКИ офицерите за врски до Генералниот секретаријат на Интерпол да бидат копирани и во НЦБ во нивната земја. На тој начин би се избегнало дуплирање на работата. Истиот принцип на работа важи и при обратната размена на информации, т.е. од Генералниот секретаријат на Интерпол до СЕКИ офицерите за врски. Доколку ваквиот процес биде

[12] Co-operation agreement on communication connectivity for the exchange of information between Interpol, SECI center and the Government of Romania, article2

оневозможен од какви било причини, Интерпол, без претходно предупредување, може да го забрани пристапот на засегнатите СЕКИ офицери за врски до I-24/7 мрежата.

Согласно договорот, СЕКИ центарот не смее да се меша и да интервенира во процесуирањето на информации од страна на СЕКИ офицерите за врски и воедно не смее да ги процесуира разменетите информации направени согласно овој договор за сопствени потреби.

Со цел гарантирање на максимална безбедност на информациите и информатичките системи, Генералниот секретар на Интерпол го задржува правото на користење на сите средства за набљудување и мониторинг на работата на офицерите за врски. Притоа, доколку бидат забележани одредени незаконитости во работата на офицерите за врски, организацијата којашто тоа ќе го утврди е должна за истото да ја информира и другата организација.

### 2.4.3. Договор помеѓу UNODC и Европол

UNODC претставува канцеларија која се занимава со проблемите поврзани со контролата на дрога и транснационалниот криминал.

Европол и UNODC, согледувајќи ги заедничките интереси во борбата против сериозните форми на интернационалниот криминал, по добиената дозвола од Советот на ЕУ, на 6 декември 2001 година ги започнува преговорите за договор за соработка. Така, на 16 март 2004 година во Виена беше склучен договорот за соработка помеѓу овие две организации.

**Целта** на договорот е да ја олесни соработката помеѓу UNODC и Европол во областа што е од нивни заеднички интерес, а тоа е борбата против сериозните облици на криминал. За да се овозможи оваа соработка и Европол и UNODC си назначуваат лица за контакт преку кои се врши размената на информации предвидена во овој договор.

Согласно договорот, кога потребите тоа го бараат, се врши и размена на информации за развојот на планот на активностите и проектите што ги засегаат и двете страни.

Размената на информации ќе се одвива согласно договорот, односно правилата и процедурите адекватни на целта на размената. Трансферот на информации од страна на Европол нема да ги вклучува личните податоци, како и податоците кои Европол ги класифицирал на одредено ниво. Во моментот на трансфер на информации или претходно, двете организации се должни една со друга да се информираат за целта поради која информацијата е предмет на трансфер, рестрикциите, доколку постојат, за нејзината употреба, условите за нејзино бришење и уништување, како и правото на пристап до истата.

### 2.4.4. Договор помеѓу Европравда и Европол

Со одлука на Советот на ЕУ во 2002 година е основан Европравда (Европско тело за судска соработка) – орган на ЕУ во подрачјето на третиот столб на судска и на полициска соработка.[13]

**Европравда** е составен од претставници на сите држави членки на ЕУ од редот на судиите, јавните обвинители или полициски службеници кои имаат соодветни овластувања. Негова основна функција е да ја помогне соработката во гонењето на тешките облици на криминал. Во остварувањето на своите активности Европравда соработува и со други органи во сферата на судската и полициската соработка, како што е Европол, со кој на 9 јуни 2004 година склучи договор за соработка.

[13] www.eurojust.eu.int

**Целта** на договорот е да се воспостави и одржува поблиска соработка помеѓу двете договорни страни заради зголемување на ефикасноста во борбата против потешките облици на организиран криминал коишто влегуваат во нивна компетенција.

Европравда, согласно овој договор, има право да побара од Европол да преземе иницијатива за отворање на анализираните работни досиеа (фајлови) заради полесно остварување на своите задачи. Европол внимателно ги разгледува ваквите барања и потоа дава одговор на истите. Доколку барањата се прифатени, Европол во погоден момент ги испраќа работните податоци и резултати, како и други побарани информации до Европол.

Трансмисијата на информации помеѓу двете договорни страни, генерално, се одвива на ист начин како и кај договорот помеѓу Европол и Интерпол во однос на правото на пристап, начинот на трансмисија, 4*4 матрици, корекцијата и бришењето на информации и утврдувањето на степенот на нивната доверливост.

### 3. Заклучок

Разгледувајќи и анализирајќи ги сите претходно наведени договори за соработка, можеме да констатираме дека скоро сите организации на ист начин ја регулираат размената на разузнавачки информации, што и беше предмет на интерес во овој труд.

Конкретно, станува збор за, на некој начин, унифицирани правила на постапување со разменетите информации во поглед на: лимитираниот пристап до нив, дозволен само за овластените корисници; заштитата на базите на податоци и компјутерските системи во кои истите се чуваат; адекватната заштита на личните податоци; утврдувањето на степенот на доверливост на информациите, евалуација на нивната веродостојност, поточно користење на добропознатите 4*4 матрици; условите за бришење, уништување или враќање на трансферираните податоци и сл.

Сето ова беше запазено во сите договори за соработка, чија главна цел е олеснување на меѓусебната соработка и координација и зголемување на ефикасноста во борбата против сериозните облици на организираниот транснационален криминалитет.

Факт е дека организираниот криминал постои, и тоа тука и денес, меѓутоа факт е и тоа дека меѓународната заедница го увиде овој глобален проблем и започна активно да работи на сузбивање на истиот. Во контекст на ова би било добро да се запрашаме каде е РМ на овој план. Како членка и на Интерпол и на СЕКИ центарот РМ има обврска да работи на ова поле и допрва треба да очекуваме нејзино истакнување и докажување во рамките на истото.

Бројот на договори за ваков вид меѓународна соработка е голем, што зборува дека постои свест за деструктивното влијание и последиците на криминалот, кој претставува реална закана и директно го напаѓа сето она што го сметаме за човечка вредност. Колку ваквите писмени документи и договори се реализираат останува да видеме во наредните години и да се надеваме дека набргу ќе ги видиме резултатите, т.е. намалување на стапката на организираниот криминал, а со тоа и на секој друг криминал, воопшто, без разлика дали се работи за локален, национален или интернационален.

**Користена литература:**

1. Гогов Богданчо, Криминалистичко разузнавање и анализа, Билтен број 2: Борба против организираниот криминал во Р.Македонија;

2. Димовски Злате, Прирачник Криминалистичко разузнавање, Скопје, 2007;

3. Договор за соработка за размена на информации помеѓу Интерпол, СЕКИ центарот и Владата на Романија;

4. Договор за соработка на полето на спречување и борба против прекуграничниот криминал – СЕКИ договор;
5. Договор за соработка помеѓу Европравда и Европол;
6. Договор за соработка помеѓу Интерпол и Европол;
7. Договор за соработка помеѓу UNODC и Европол;
8. Камбовски Владо, Правда и внатрешни работи на Европската унија, Скопје, 2005;
9. Интернет:www.interpol.int; www.europol.eu.int; www.seci.org; www.eurojust.eu.int.
10. Статут на Интерпол;
11. Фрчкоски Љ., Тупурковски В., Ортаковски В., Меѓународно јавно право, Скопје, 1995;

*Mite Kjesakoski*
*Faculty of Security- Skopje*

## *AGREEMENTS FOR INTELLIGENCE INFORMATION EXCHANGE AT INTERNATIONAL LEVEL*

**_Abstract_**

*The necessity to recognize and deal with relevant information is evident in every sphere of public life, especially in the services whose fundamental task is the fight against transnational crime.*

*In that sense, the paper elaborates on the exchange of intelligence information mainly among the most eminent international organizations and entities which primarily deal with collection, comparison, evaluation, analysis and distribution of information. This is how the basic and main goal is accomplished- the facilitation of international cooperation and coordination, and the increase of the efficiency in preventing contemporary forms of organised transnational crime.*

*The paper focuses on the flow of information in the Interpol at world level, in Europol and Eurojust at European level and in the Seci center at regional level, and also includes their intra-institutional and inter-institutional cooperation.*

***Key words:*** *intelligence information, exchange, agreement, Interpol, Europol, Eurojust, The Seci center.*

*Пепи Андонов*
студент на последипломски студии
Факултет за безбедност
e-mail: pepiandonov@yahoo.com

# МЕРКИ И ДЕЈСТВА КОИ ГИ ПРЕЗЕМААТ БАНКИТЕ КАКО СУБЈЕКТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

***Резиме***

*Перењето пари претставува глобален проблем кој е распространет насекаде низ светот, со кој се соочува секоја држава и презема конкретни мерки и дејства за негово спречување. Специфичноста на перењето пари произлегува од сложената серија на финансиски активности (електронски трансфери на пари, повлекување на депозити, претворање на готовина во парични картички, чекови, меници итн.) кои умешно се искористени од криминалните структури, со тоа што валканите пари од криминалот ги претвораат во чисти, за подоцна да најдат пласман во некои легитимни деловни активности.*

*Познавајќи го криминалниот процес преку кој се спроведува перењето на пари, може да се забележи како успешно се користат можностите кои ги нудат финансиските институции насекаде во светот за непречен пласман, прикривање и интеграција на криминалните приноси. Државите соочени со сериозноста на негативните ефекти од распространувањето на испраните пари по целата економија, преземаат и им наметнуваат на финансиските институции, меѓу кои се и банките, да втемелат во своите секојдневни активности и низа од мерки и дејства за навремено препознавање, откривање и спречување на процесот перење пари.*

***Клучни зборови****: перење пари, финансиски активности, финансиски институции, банки, мерки и дејства за спречување на перење пари.*

## 1. Вовед

Големо количество на пари се движат во економијата на секоја држава. Всушност, изреката дека парите го движат светот, има свое значење за вредноста и значењето кои им се придаваат на парите. Овде логични би биле прашањата: Како парите да се внесат во економијата? Како секој граѓанин на државата да може да оствари пристап до нив? Со одговорот на прашањата се доаѓа до концептот на банкарското работење. Но сега, пак: Како парите стигнуваат во банка? И како можеме да заклучиме дека банките контролираат толку голем дел од нашите животи, нашата економија и самата наша цивилизација? Со куса историја на тоа како функционира банкарството ќе се даде одговор на некои од горепоставените прашања.

Темелното разбирање на домашниот финансиски систем и улогата што ја имаат банките и другите финансиски институции се од суштинско значење за финансискиот истражувач. Знаењето како работат банките, штедилниците, кредитните унии и други институции ќе му помогне на истражувачот да најде информации што се складирани во евиденцијата на овие компании.[1] Потребата од овие информации кои ги изготвуваат и чуваат финансиските институции е од непроценлива вредност при пронаоѓањето на докази и траги за отпочнување и успешно завршување на кривичните случаи поврзани со перење пари или некој друг вид на економско-финансиски измами. Оправдано е вниманието кое се посветува на работењето на финансиските институции каде што на банките им е ставен посебен акцент, од причина што тие се најчесто искористени од

[1] Џон Медингер, Перење пари, Data Pons, Скопје 2009 год., стр. 175.

криминалните структури во нивните нелегални активности за прикажување на нелегалниот приход како легален, со цел за понатамошна легална употреба.

Банките во Р. Македонија претставуваат еден сегмент од финансиските институции кои, врз основа на Законот за перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам,[2] се директно надлежен субјект во борбата за перење пари и финансирање на тероризмот. Како субјект со законски доделени овластувања, банките во своето секојдневно работење можат да преземат определени мерки и дејства така што преку навремено доставување на извештаи, информации и податоци за сомнителни трансакции и клиенти до Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот, придонесуваат за успешно и навремено превентивно дејствување во правец на откривање и спречување на сложениот процес на перење пари.

## 2. Финансиските институции како субјекти за спречување на перење пари

Доколку погледнеме во Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам,[3] член 5, ќе забележиме дека едни од субјектите надлежни за преземање мерки и дејства за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот се финансиските институции, службените и одговорните лица во нив. Останати субјекти на кои им е доделено законско овластување за преземање на мерки и дејства се: правните и физичките лица кои вршат активности како дејност на промет со недвижности, ревизија и сметководство, нотари, адвокати и други, друштва за приредување игри на среќа во казино, даватели на услуги на правни лица, како и здруженија на граѓани.

Но „врз основа на дадените препораки од третата евалуација на MONEYVAL-комитетот, како и врз основа на празнините утврдени во практичната примена"[4] на досегашната законска регулатива, се јавува потреба за изменување и дополнување на Законот за СППФТ. Па така, за целите на оваа потреба е изготвен и нов предлог-закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам[5], кој во моментот е ставен на комисиско читање пред законодавно-правната и комисијата за финансирање и буџет.

Во новиот предлог-закон за СППФТ,[6] на местото каде што се предвидени субјектите кои се надлежни за преземање мерки и дејства за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, е извршено проширување на листата на досегашните субјекти. Како нововнесени субјекти се наведени: невладини и хуманитарни организации (странски и домашни), куќи за финансиско советување, Македонската берза АД Скопје, Централниот депозитар за хартии од вредност, како и кредитните бироа.

Внимание привлекуваат и новитетите на член 2, во кој прецизно и децидно се наброени сите институции кои се опфатени со поимот финансиска институција, каде што на прво место се наведени банките. Веднаш по нив следуваат и менувачниците, штедилниците, брокерските куќи, давателите на услуги за брз трансфер на пари, осигурителните друштва, инвестиционите и пензиските фондови, како и други правни

---

[2] Службен весник на РМ, бр. 04/08.
[3] Во понатамошниот текст – Законот за СППФТ.
[4] Национална стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Цетис принт, Скопје, декември 2008 год., стр. 32.
[5] Во понатамошниот текст – предлог-законот за СППФТ.
[6] http://www.usppft.gov.mk/?q=izmeninazakon-(24. 2. 2010; 23:08h), предлог-измени на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

и физички лица кои во согласност со законот извршуваат активности во врска со одобрување на кредити, издавање на електронски пари, издавање на кредитни картички и други активности, односно институции кои не беа предвидени со сегашниот Закон за СППФТ.

Проширувањето на листата на субјекти надлежни за преземање мерки и дејства за заштита од перење пари, пред сè е предизвикано од потребата за заштита на економијата од штетните негативни последици кои произлегуваат од пласманот и интеграцијата на нечистите приходи како легални (чисти). „Меѓународниот монетарен фонд проценува дека перењето пари што шверцерите на дрога го користат за воведување на своите финансиски средства на легитимниот финансиски пазар изнесува меѓу 2 и 5 проценти од светскиот бруто-домашен производ, односно околу 600 милијарди долари годишно."[7] Меѓународните субјекти кои за свој предмет на интерес го имаат проблемот на перење пари, исто така, постојано апелираат и укажуваат на потребата од воспоставување, но и надоградување на системите за спречување на перење пари, имајќи ги предвид овде досегашните искуства во искористувањето на финансиските институции од страна на криминалците.

Успехот од предвидената шема за перење пари зависи токму од заобиколувањето на законската обврска за пријавување на големи трансфери каде што законот ги обврзува банките како финансиски институции, но и другите субјекти, да преземат определени мерки и дејства во насока истата таа трансакција да биде навремено и успешно детектирана и доставена до надлежниот орган за пријавување на сомнителни трансакции. „Со оглед на тоа што светското искуство покажува дека најподложни на ризиците од злоупотреба за целите на перење пари и финансирање на тероризмот се финансиските институции, потребно е да се преземаат активности од страна на секоја финансиска институција со цел формирање на посебен оддел за следење на примената на прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот. Ќе биде потребно да се преземат посебни активности во насока на обезбедување целосна имплементација на препораките на FATF од страна на банките, како и од другите институции, изготвување на посебни процедури при случаите на примена на новите или технологиите во развој (на пример, електронското банкарство, кога клиентот не е присутен за целите на идентификацијата, кога се врши пренос на средствата со услугата брз трансфер на пари и слично), при плаќањата преку алтернативните системи за дознаки задолжително треба да се идентификува испраќачот на парите, да се спроведува потребната анализа и да се следат сомнителните трансфери на средствата кои не ги содржат сите потребни информации за испраќачот и слично."[8]

Конкретно, оваа примена на нови технологии кои ги нуди денешното современо банкарско работење, но и местото кое го заземаат другите нефинансиски институции со нивните активности во финансиската сфера, ја наметнуваат јасната и логична потреба за воведување и примена на потребните мерки, дејства и други активности од страна на надлежните субјекти.

## 3. Мерки и дејства кои ги преземаат банките за откривање и спречување на перењето пари

Како мерки и дејства кои се ставени на располагање на надлежните субјекти за спречување на перењето пари во Р. Македонија, меѓу кои се наоѓаат финансиските

[7] Мајкл Д. Лајман и Гари В. Портер, Организиран криминал, Магор, Скопје 2009, стр. 211.
[8] Прирачник за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Пронто принт, Скопје, ноември 2006 год., стр. 13.

институции, а бидејќи во нив спаѓаат банките, врз основа на Законот за СППФТ можат да ги преземат следниве мерки и дејства:

- Анализа на своите клиенти;
- Следење на одредени трансакции;
- Собирање, чување и доставување на податоци за трансакциите и клиентите кои ги вршат; и
- Воведување на внатрешни програми за имплементација на мерките и дејствата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Пред да се започне со разгледување на мерките и дејствата кои можат да ги преземат банките, првин треба да се изврши определување на поимот банка. Во член 2, став 6 од Законот за СППФТ, под банка се подразбира правно лице со седиште во Р. Македонија кое од гувернерот на Народната банка на РМ добило дозвола за основање и работење. Но законот, исто така, наведува дека под банка се подразбира и секое друго правно лице кое врз основа на дозвола издадена од гувернерот на Народната банка на РМ може да прибира депозити, вклучувајќи и филијала на банка од земја-членка на Европската Унија и филијала на странска банка, кои во согласност со прописите вршат дејност во Р. Македонија.

Во новиот предлог-закон за СППФТ има определена измена за тоа што претставува банка и се изјаснува дека го прифаќа определувањето на банките според Законот за банки.[9] Па така, под банка се подразбира правно лице кое со дозвола од гувернерот на Народната банка на РМ е основано во согласност со одредбите од Законот за банки и чија основна дејност е прибирање депозити и други повратни извори на средства од јавноста и одобрување на кредити во свое име и за своја сметка.

### 3. 1. Анализа на клиентите

При секојдневното работење, вработените во банките се сретнуваат со своите, но и со туѓи клиенти на кои им е потребна некоја банкарска услуга. Секоја потреба на клиентите е различна така што некои клиенти не можат да ја замислат својата деловна работа (бизнис) без посредство на банкарските услуги, додека други клиенти се насочени кон тоа како истите банкарски услуги што ги нуди банкарското работење да ги употребат во своите криминални активности за внесување, трансферирање и подигање на приходите кои ги заработиле на нелегален начин. Затоа пред да им се укаже на потребите на клиентите, банките преземаат определени чекори за заштита од можни ризици по банкарското работење, но и за заштита од злоупотреба на нивната институција за перење пари и финансирање на тероризам.

Како прва мерка која им стои на располагање на банкарските службеници е анализата на клиентот која можат да ја преземат во определени случаи како што се:

- кога се воспоставува деловен однос;
- кога се извршуваат една или неколку поврзани трансакции во износ од 15000 евра во денарска противвредност или повеќе;
- кога постои сомневање за перење пари или финансирање на тероризам, без оглед на каков било исклучок или износ на средства; и
- кога постои сомневање за вистинитоста или адекватноста на претходно добиените податоци за идентитетот на клиентот.

За да може да се отпочне со процедурата за анализа на клиентот, потребно е да се преземат следниве активности:

- идентификација на клиентот и верификување на неговиот идентитет;

[9] Службен весник на РМ, бр. 67/07.

- идентификација на крајниот сопственик и ополномоштувачот, а според новиот предлог-закон за СППФТ се додава и верификација врз основа на процедурата за анализа на ризикот;
- обезбедување на информации за целта и намерата на деловниот однос или трансакцијата; и
- постојано следење на деловниот однос (според новиот предлог-закон за СППФТ).

Банките при примената на која било од гореизнесените активности го определува својот обем кој зависи од проценката на ризикот на клиентот, деловниот однос или трансакцијата, а анализата се извршува врз основа на процедурата за анализа на ризикот. Банките, другите надлежни субјекти и органите за надзор во соработка со Управата за финансиско разузнавање[10] подготвуваат листа на индикатори за анализа на ризикот, а банките и др. субјекти ги прават достапни документите за проценка на ризикот на УФР и на органите за надзор за да потврдат дека обемот на преземените мерки е во согласност со утврдениот ризик од перење пари и финансирање на тероризмот.

### 3. 1. 1. Идентификација на клиентот и верификување на неговиот идентитет

Кога станува збор за идентификацијата на клиентот, постои разлика во однос на документите кои се потребни за докажување на идентитетот, имајќи ги предвид различните категории на клиенти. Законот за СППФТ ги предвидува како клиенти домашните и странските физички лица, како и домашните и странските правни лица. За идентификување на домашните физички лица е потребно поднесување на оригинален и важечки документ (лична карта и пасош или нивен заверен препис кај нотар). Кога клиентот е странско физичко лице, неговиот идентитет се идентификува и се верификува врз основа на податоците наведени во неговиот важечки документ (лична карта и пасош или заверен препис кај нотар или овластена институција). Од овие документи и кај домашните и кај странските физички лица се утврдува име, презиме, датум и место на раѓање, место и адреса на живеалиште, ЕМБГ, број на лична карта или пасош и органот кој ги издал. Утврдувањето на идентитетот на домашното правно лице се постигнува со поднесување на оригинал или заверен препис кај нотар на регистрацијата од централниот регистар, а за странското правно лице се бара документот за регистрација од кој се утврдува и се верификува идентитетот, а тој не смее да биде постар од шест месеци. Од овој документ се утврдува, како за странското така и за домашното правно лице, називот, седиштето, даночниот број, основачот и законскиот застапник. Новиот предлог-закон предвидува кога клиентот е правно лице задолжително да се идентификува и крајниот негов сопственик, а ако тоа не е можно, со заверена изјава од клиентот, врз основа на проценката за ризик, се верификува неговиот идентитет врз основа на податоци од јавните извори.

Во случаите кога се работи за идентификација на клиентот, ополномоштувачот или на крајниот сопственик и верификување на неговиот идентитет, банките, а и другите надлежни субјекти, се должни да ја извршат идентификацијата пред да биде воспоставен деловниот однос или пред да ја извршат трансакцијата, но постои и исклучок од ова кога може да се пристапи кон верификација на идентитетот во текот на воспоставувањето на деловниот однос, ако тоа е потребно, за да не се прекине нормалното водење на деловниот однос, односно кога постои помал ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

---

[10] Со денот на влегување во сила на предлог-законот за СППФТ е предвидено дека Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам ќе продолжи да работи како Управа за финансиско разузнавање, во понатамошниот текст-УФР.

### 3. 1. 2. Идентификација на ополномоштувачот

Во член 12 од Законот за СППФТ е предвидено доколку трансакцијата се врши во име и за сметка на трето лице, банките се должни да го утврдат и верификуваат идентитетот на лицето коешто ја врши трансакцијата или ополномоштеникот, носителот на правата или ополномоштувачот и полномошното.

### 3. 1. 3. Постојано следење на деловниот однос

Со новиот предлог-закон е извршено дополнување на член 12, во кој се внесени четири нови потчленови. Членот 12-а е посветен на верификацијата на идентитетот на постоечките клиенти каде што банките се обврзуваат да го верификуваат идентитетот на постоечките членови врз основа на процедурата за анализа на ризикот.

Нововнесената активност при спроведувањето на процедурата за анализа на клиентот, постојано следење на деловниот однос или член 12-б, се однесува на должностите на банките и на другите надлежни субјекти да вршат детален преглед на трансакциите кои се преземаат во рамките на деловниот однос со цел да се потврди дека трансакцијата се врши во согласност со намерата, деловниот однос, ризичниот профил и финансиската состојба на клиентот. Исто така, од банките се бара да посветат посебно внимание на сложените, невообичаено големи трансакции или трансакции кои се извршени на невообичаен начин, односно немаат очигледна економска оправданост или видлива правна цел, како и за трансакциите помеѓу физички и правни лица и финансиски институции кои припаѓаат на држави кои не ги имплементирале или недоволно ги имплементирале мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот.

Посебно во новиот член 12-г, законот ги наведува и обврзува финансиските институции во кои спаѓаат и банките, при вршењето на уплати и исплати за домашни и странски електронски трансфери во износ над 1000 евра во денарска противвредност, да го идентификуваат и верификуваат идентитетот на испраќачот, односно да обезбедат податоци за името и презимето на испраќачот, адресата или датумот и местото на раѓање, идентификациониот број и бројот на сметката.

### 3. 1. 4. Поедноставена анализа на клиентите

Поедноставената анализа е таква постапка при која банките, а и другите надлежни субјекти, се ослободени од обврската за преземање на некои од барањата кои ги предвидува Законот за СППФТ само во случај кога како клиент се јавува банка која има дозвола за основање и работење издадена од гувернерот на Народна банка и има воспоставено адекватни мерки за спречување на перење пари и финансирање на тероризам; банка од земја-членка на Европската Унија која е основана и работи во согласност со правните прописи на ЕУ; банка од трети земји во кои прописите предвидуваат најмалку исти барања како барањата утврдени со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот.

### 3. 1. 5. Засилена анализа на клиентот

За разлика од поедноставената анализа, овде станува збор за анализа која банките, а и другите надлежни субјекти, мора да ја применат кога постои повисок ризик од перење пари или финансирање на тероризам, утврден врз основа на анализата на ризикот. Оваа анализа се применува во случаите кога клиентот не е физички присутен за целите на идентификацијата, па банките се должни да преземат една или повеќе од следниве мерки: идентитетот на клиентот да го утврдат со дополнителни документи, податоци или информации; дополнителни мерки со кои ќе ги верификуваат

веќе обезбедените документи или да бараат друга финансиска институција од РМ, од ЕУ или од трета земја која има предвидено во својата регулатива најмалку исти барања како барањата за спречување на перење пари кои се предвидени во регулативата во РМ за да ги потврди истите документи; или пак првото плаќање да биде извршено преку сметка на клиентот во банка во РМ.

Наредна ситуација е кога банките воспоставуваат кореспондентски банкарски односи со други банки за кои не е дозволено да се преземе поедноставена анализа, при што се должни: да приберат доволно податоци за кореспондентската банка со цел во потполност да ја утврдат нејзината дејност и да ја определат нејзината репутација и квалитетот на супервизијата; да ѝ побараат информации и врз основа на нив да го оценат системот за заштита од перење пари на кореспондентската банка; да обезбедат одобрение од управниот одбор за воспоставување на нов кореспондентски однос; прецизно да ги пропишат меѓусебните права и обврски, како и да утврдат дали кореспондентската банка го утврдува идентитетот и спроведува анализа на клиентите.

Последната ситуација кога банките спроведуваат засилена анализа е во случај кога банките, а и другите надлежни субјекти, вршат трансакции или стапуваат во деловен однос со политички експонирани личности, при што од банките се бара: врз основа на претходно утврдена процедура за проценка на ризикот да утврдат дали клиентот е политички експонирана личност, или ако не можат да утврдат да обезбедат негова изјава; да обезбедат воспоставување на деловен однос; да преземат соодветни мерки за да го утврдат изворот на средствата кои се вклучени во трансакцијата или во деловниот однос; како и да спроведуваат постојана засилена контрола на деловниот однос.

### 3. 2. Следење на одредени трансакции

Следењето на одредени трансакции на клиентите е наредна мерка која може да биде преземена од страна на банките. Самото следење се однесува на оние трансакции кои според својата содржина можат да се препознаат како сомнителни од листата на индикатори, листа која ја поседуваат сите банки и другите финансиски институции во Р. Македонија. На банкарскиот службеник му е доверена обврската за пријавување на определена трансакција која треба да биде следена и доставена до надлежниот орган кој одлучува што понатаму со неа, односно трансакција која била препознаена при работата со клиентите во исполнувањето на нивните банкарски потреби.

#### 3. 2. 1. Одбивање да се изврши или задржување на трансакцијата

Доколку при работењето со клиентот, крајниот сопственик и ополномоштувачот банката при случаите на задолжителна идентификација не успеала да го утврди нивниот идентитет, таа е должна да го одбие извршувањето на трансакцијата или деловниот или друг однос и правната работа. Доколку трансакцијата е во тек, да ја задржи и веднаш да ја извести УФР и да ѝ достави податоци за видот на трансакцијата, деловниот однос или правната работа, за задржувањето, односно одбивањето да се изврши трансакцијата. Задржувањето може да трае сѐ додека не биде идентификуван клиентот, односно трансакцијата или не бидат одредени мерките предвидени за сомнителна трансакција.

Во случај да постојат основи на сомневање дека трансакцијата, клиентот или крајниот сопственик се поврзани со перење пари, покрај утврдувањето на идентитетот на клиентот, банката треба доколку е можно да побара информации за текот на трансакцијата, нејзината цел, крајната дестинација на парите и за сите учесници во трансакцијата. Новиот предлог-закон за СППФТ предвидува повеќе временски

периоди во кои банките треба да ја известат УФР, а впрочем во тој временски период треба и да ја задржат трансакцијата, но и да поднесат писмен извештај со информации за трансакцијата и за идентитетот на клиентот. Овие периоди зависат од тоа дали основите за сомневање банката ги дознала пред, во текот или непосредно по извршувањето на трансакцијата, а тие се движат од 2 часа за пред, 4 часа во текот, до 24 часа по извршувањето на трансакцијата, со тоа што доколку УФР не ја извести банката за натамошните активности, банката пристапува кон извршување на трансакцијата.

## 3. 3. Собирање, чување и доставување податоци за трансакциите и за клиентите

Банките од своето секојдневно работење изготвуваат низа различни документи поврзани со услугите кои им ги пружаат на своите клиенти. Не сите од овие документи се од интерес за темата за која зборуваме, туку само оние документи кои ги изготвуваат банките низ своето работење во случаите кога го потврдуваат идентитетот на клиентот или на крајниот сопственик, документите за спроведените процедури за анализа на клиентот или на крајниот сопственик, како и за реализираните трансакции или оние кои се во обид. Овие документи се наоѓаат во клиентското досие и во деловната кореспонденција каде што банките се обврзуваат да ги чуваат најмалку десет години, сметано од последната трансакција кога се работи за повеќе трансакции кои сочинуваат една целина. Исто така, банките се должни документите кои ги доставиле до УФР да ги чуваат најмалку десет години од денот на доставувањето.

Во однос на собраните податоци, информации и документи од банкарското работење и нивното доставување до УФР, предлог-законот за СППФТ истакнува повеќе ситуации кога банките пристапуваат кон оваа активност. Како прв случај е предвидено сомневањето дека било или е извршено перење пари или е направен обид или се прави обид за перење пари. Втор случај, доколку се работи за готовинска трансакција во износ од 15000 евра во денарска противвредност или повеќе, и трет, во случај на неколку поврзани трансакции во износ од 15000 евра во денарска противвредност или повеќе. Исто така се предвидени и повеќе временски рокови во кои банките можат да извршат известување и доставување на податоците, информациите и документите. За првиот случај, законот предвидува банките веднаш да ја известат УФР, а податоците, информациите и документите да ги достават најдоцна во рок од 24 часа од известувањето. Додека за вторитот и третиот случај, банките се должни податоците да ги достават најдоцна до 3 дена од извршената трансакција во форма на извештај. Но доколку УФР оцени дека доставените податоци се недоволни, таа може да побара дополнителни информации од банките кои во рок од 4 часа повторно се обврзани да ги достават бараните податоци.

Собраните податоци за одобрени кредити во вредност од 15000 евра во денарска противвредност или повеќе, банките се задолжени да ги достават на УФР до крајот на денот во електронска форма.

## 3. 4. Воведување на внатрешни програми за имплементација на мерките и дејствата за спречување на перење пари

Предлог-законот за СППФТ ги обврзува банките, но и другите надлежни субјекти, да развијат сопствен систем за заштита од злоупотребите на перење пари и финансирање на тероризмот. Врз основа на последново, банките се должни да изготват програми кои содржат и обезбедуваат:

- процедури за прифаќање на клиенти;
- процедура за анализа на клиентот;
- процедури за анализа на ризикот и индикатори за анализа на ризикот;
- процедури за проценка на ризикот на политички експонирана личност;
- процедури за препознавање на невообичаени трансакции и сомневање на перење пари и финансирање на тероризам;
- процедури за чување на податоците и документите и за доставување на извештаи до Управата за финансико разузнавање;
- план за постојана обука на вработените во банките од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризмот кој обезбедува реализација на најмалку 3 обуки во текот на една година;
- именување на овластено лице;
- начин на соработка со Управата за финансиско разузнавање;
- процедура и план за вршење на внатрешна контрола и ревизија на спроведувањето на мерките и дејствата.

Банките и другите надлежни субјекти се обврзуваат, најмалку еднаш годишно, да ги ажурираат програмите и најдоцна во рок од еден месец од ажурирањето или ревидирањето да ги достават на увид и мислење до УФР. А како посебно е упатено барањето до банките да го стават во употреба или да го надградат софтверот за автоматска обработка на податоците.

**4. Користена литература**


1. Џон Медингер, Перење пари, Data Pons, Скопје 2009.
2. Мајкл Д. Лајман и Гари В. Портер, Организиран криминал, Магор, Скопје 2009.
3. Прирачник за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Пронто принт, Скопје 2006.
4. Национална стратегија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Цетис принт, Скопје, декември 2008 година.
5. Службен весник на РМ, бр. 04/08; 67/07.
6. http://www.usppft.gov.mk

*Pepi Andonov*

## *MEASURES TAKEN BY BANKS FOR PREVENTING MONEY LAUNDERING IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA*


### *Abstract*

*Money laundering is a global problem. It affects all the states which take concrete measures and actions for its prevention. The specificity of money laundering arises from a series of complex financial activities (electronic money transfers, deposit withdrawals, conversion of cash into credit cards, checks, bills, etc..) which are skilfully used by criminal structures that transform dirty money from crime into clean money, so as to place it in legitimate business activities later on.*

*Being familiar with the criminal process through which money laundering is done, it can be seen how successfully the opportunities offered by financial institutions around the world can be used for free circulation, concealing and integration of criminal proceeds. Countries faced with the seriousness of the negative effects of the spread of laundered money in the economy are taking measures and imposing on the financial institutions, including banks, a series of measures and actions in their daily activities for early recognition, detection and prevention of the money laundering process.*


**Key words**: *money laundering, finacial activities, financial institutions, banks, measures and actions for money laundering prevention.*

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

34(082)

ГОДИШНИК на Факултет за безбедност Скопје / [главен и одговорен уредник Цане Мојаноски] = Yearbook Faculty of security Skopje / [editor in chief Cane Mojanoski], - Скопје : Факултет за безбедност = Скопје : Fakulty of security, 2010 – 414 стр, : табели; 30 cm

Фусноти кон текстот, - Текст напоредно на мак. и анг. јазик, -
Библиографија кон трудовите

ISBN 987-608-4532-10-1

1. Насп. ств. Насл.

а) Право – Зборници

COBISS. MK-ID 84506634